**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА
## - **РЕВИЗИЈА** 2010 –

Скопје
29 Декември 2009

**ВОВЕД** 6
I **ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ** 8
1.1 ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО 8
1.2 ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА 16
1.3 РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ 23
II **ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ** 27
I. ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА 27
II. СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ 37
III **СПОСОБНОСТ ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ** 49
3.1 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ 49
*3.1.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ 49*
*3.1.2 ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ 50*
*3.1.3 СТАР ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ 56*
*3.1.4 НОВ И ГЛОБАЛЕН ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ 60*
*3.1.5 ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ 62*
3.2 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ 67
*3.2.1 ПРИСТАП ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД 67*
*3.2.2 ЕУРЕС 67*
*3.2.3 КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ 68*
*3.2.4 ЕВРОПСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ 69*
3.3 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ 71
*3.3.1 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ 71*
*3.3.2 СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ 71*
*3.3.3 ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ 72*
*3.3.4 МЕЃУСЕБНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ КВАЛИФИКАЦИИ 74*
3.4 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ 76
*3.4.1 ДВИЖЕЊА НА КАПИТАЛ И ИСПЛАТИ 76*
*3.4.2 ПЛАТЕН СИСТЕМ 76*
*3.4.3 СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ НА ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ 77*
3.5 ЈАВНИ НАБАВКИ 79
*3.5.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ 79*
*3.5.2 ДОДЕЛУВАЊЕ ЈАВНИ ДОГОВОРИ 81*
*3.5.3 ПРАВНИ ЛЕКОВИ 82*
3.6 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА 84
*3.6.1 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА 84*
*3.6.2 СМЕТКОВОДСТВО 85*
3.7 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ 88
*3.7.1 АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА 88*
*3.7.2 ПРАВА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ 89*
*3.7.3 СПРОВЕДУВАЊЕ 92*
3.8 КОНКУРЕНЦИЈА 97
*3.8.1 АНТИТРУСТОВИ И СПОЈУВАЊА 97*
*3.8.2 ДРЖАВНА ПОМОШ 98*
*3.8.3 ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА 99*
3.9 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ 101
*3.9.1 БАНКИ И ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТИ 101*
*3.9.2 ОСИГУРУВАЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ 103*
*3.9.3 ИНФРАСТРУКТУРА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ 105*
*3.9.4 ПАЗАРИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ИНВЕСТИЦИСКИ УСЛУГИ 105*
3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ 108
*3.10.1 ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ 108*
*3.10.2 УСЛУГИ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО 110*
*3.10.3 АУДИО ВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА 112*

3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ..... 116
*3.11.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА ..... 116*
*3.11.2 ЗАЕДНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ ..... 119*
*3.11.3 РУРАЛЕН РАЗВОЈ ..... 121*
*3.11.4 ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО ..... 125*
*3.11.5 ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ ..... 126*
3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ..... 128
*3.12.1 ОПШТО ..... 128*
*3.12.2 ВЕТЕРИНАРНА ПОЛИТКА ..... 129*
*3.12.3 СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНА И ДОБИТОЧНА ХРАНА ..... 134*
*3.12.4 ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА ..... 138*
*3.12.5 ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ДОБИТОЧНА ХРАНА ..... 140*
*3.12.6 ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ..... 141*
3.13 РИБАРСТВО ..... 146
3.14 СООБРАЌАЈНА ПОЛИТИКА ..... 148
*3.14.1 ПАТЕН СООБРАЌАЈ ..... 148*
*3.14.2 ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ ..... 151*
*3.14.3 ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ ..... 155*
*3.14.4 КОМБИНИРАН СООБРАЌАЈ ..... 156*
*3.14.5 ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ ..... 157*
*3.14.6 ПОМОРСКИ СООБРАЌАЈ ..... 161*
*3.14.7 ДРЖАВНА ПОМОШ ..... 161*
*3.14.8 САТЕЛИТСКА НАВИГАЦИЈА ..... 161*
3.15 ЕНЕРГИЈА ..... 163
*3.15.1 БЕЗБЕДНОСТ ПРИ СНАБДУВАЊЕ ..... 163*
*3.15.2 ВНАТРЕШЕН ПАЗАР НА ЕНЕРГИЈА ..... 165*
*3.15.3 ДРЖАВНА ПОМОШ ..... 172*
*3.15.4 ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА ..... 173*
*3.15.5 ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ..... 178*
*3.15.6 НУКЛЕРНА ЕНЕРГИЈА ..... 184*
*3.15.7 НУКЛЕАРНА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА ОД РАДИЈАЦИЈА ..... 186*
3.16 ДАНОЦИ ..... 192
*3.16.1 ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ ..... 192*
*3.16.2 ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ ..... 194*
*3.16.3 АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ ..... 196*
*3.16.4 ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ И КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА ..... 197*
3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА ..... 200
*3.17.1 МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА ..... 200*
*3.17.2 ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА ..... 202*
3.18 СТАТИСТИКА ..... 206
*3.18.1 СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА ..... 206*
*3.18.2 КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ ..... 210*
*3.18.3 СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ ..... 211*
3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ ..... 220
*3.19.1 ТРУДОВО ПРАВО ..... 220*
*3.19.2 ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА ..... 223*
*3.19.3 СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ ..... 225*
*3.19.4 ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ И ЕВРОПСКИ СОЦИЈАЛЕН ФОНД ..... 227*
*3.19.5 СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ ..... 231*
*3.19.6 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ..... 237*
*3.19.7 АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ..... 239*
3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ..... 242
*3.20.1 ПРИНЦИПИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ..... 242*
*3.20.2 ИНСТРУМЕНТИ НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ..... 243*
*3.20.3 ПОЛИТИКИ ПО СЕКТОРИ ..... 244*
3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ ..... 246
*3.21.1 ТРАНСПОРТНИ МРЕЖИ ..... 246*
*3.21.2 ТРАНС-ЕВРОПСКИ ЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ ..... 249*

3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ ........ 254
*3.22.1 ЗАКОНОДАВНА РАМКА ........ 254*
*3.22.2 ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ........ 255*
*3.22.3 АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ ........ 256*
*3.22.4 ПРОГРАМИРАЊЕ ........ 257*
*3.22.5 СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ ........ 259*
*3.22.6 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА ........ 260*
3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА ........ 262
*3.23.1 СУДСТВО ........ 262*
*3.23.2 АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА ........ 273*
*3.23.3 ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА ........ 277*
*3.23.4 ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ НА ЕУ ........ 279*
3.24 ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ ........ 279
*3.24.1 МИГРАЦИЈА ........ 279*
*3.24.2 АЗИЛ ........ 282*
*3.24.3 ВИЗНА ПОЛИТИКА ........ 285*
*3.24.4 НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ И ГРАНИЦИ НА ШЕНГЕН – ЗОНАТА ........ 287*
*3.24.5 СУДСКА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНИ И ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ ........ 292*
*3.24.6 ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ........ 293*
*3.24.7 БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ ........ 299*
*3.24.8 БОРБА ПРОТИВ ДРОГА ........ 301*
*3.24.9 ЦАРИНСКА СОРАБОТКА ........ 304*
*3.24.10 ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ЕВРОТО ........ 305*
3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ ........ 307
*3.25.1 ПОЛИТИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ ........ 307*
*3.25.2 РАМКОВНИ ПРОГРАМИ ........ 309*
*3.25.3 ЕВРОПСКИ ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОСТОР ........ 311*
3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА ........ 315
*3.26.1 ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА И МЛАДИ ........ 315*
*3.26.2 КУЛТУРА ........ 326*
3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА ........ 331
*3.27.1 ХОРИЗОНТАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО ........ 331*
*3.27.2 КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХОТ ........ 339*
*3.27.3 УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ........ 343*
*3.27.4 КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА ........ 349*
*3.27.5 ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА ........ 353*
*3.27.6 КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ........ 359*
*3.27.7 ХЕМИКАЛИИ ........ 363*
*3.27.8 ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИ ОРГАНИЗМИ ........ 365*
*3.27.9 БУЧАВА ........ 368*
*3.27.10 ШУМАРСТВО ........ 370*
3.28 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЗДРАВЈЕТО ........ 372
*3.28.1 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ........ 372*
*3.28.2 ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ........ 376*
3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА ........ 385
*3.29.1 ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА ЦАРИНА ........ 385*
*3.29.2 АДМИНИСТРАТИВЕН И ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ ........ 393*
3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ ........ 398
*3.30.1 ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА ........ 398*
*3.30.2 БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИ ........ 399*
*3.30.3 РАЗВОЈНА И ХУМАНИТАРНА ПОМОШ ........ 400*
3.31 НАДВОРЕШНА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА ........ 401
*3.31.1 ЕБОП ........ 401*
*3.31.2 ЗНБП ........ 402*
3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА ........ 405
*3.32.1 ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА ........ 405*
*3.32.2 ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ ........ 410*
3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ ........ 415

IV **АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ** ........ 419
4.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА - РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА........ 419
4.2 ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ........ 422
V **ПОДГОТОВКА НА МАКЕДОНСКАТА ВЕРЗИЈА НА A**CQUIS........ 423
VI **ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА** ........ 425

**ВОВЕД**
Владата на Република Македонија во 2007 година ја донесе *Националната програма за усвојување на правото на ЕУ* (НПАА 2007). НПАА претставува клучен документ за процесот на интеграција во ЕУ кој што ја одразува динамиката на усогласување на националното законодавство со европското, како и прилагодувањето на националните институции кон европските административни структури.

*Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (ревизија 2010)* претставува трета ревизија на НПАА. Слично како и претходните ревизии на НПАА за 2008 и 2009 година, ревизијата на НПАА за 2010 година го задржува истиот методолошки концепт за подготовка на овој документ, содржински ги опфаќа плановите за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, потребната динамика за јакнење на институциите за спроведување на законодавството, како и неопходните ресурси за реализација. Клучни елементи при ревизијата на НПАА кои воедно претставуваа основа за проектирање на краткорочни и среднорочни приоритетни цели и активности беа:

- Наодите во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во процесот на пристапување во ЕУ и Скицата за реализацијата на препораките содржани во Извештајот од 2009;
- Обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација односно препораките од Европска Комисија искажани на Комитетот за стабилизација и асоцијација и целиот циклус на поткомитети во 2009;
- Приоритетите наведени во Одлуката на Советот за принципите, приоритетите и условите содржани во Партнерството за пристапување на ЕУ со Република Македонија;
- Коментарите добиени од Европската комисија во однос на Националната програма за усвојување на правото (ревизија 2009);
- Стратешките планови на министерствата;
- Буџетот на РМ за 2010 година;
- Тековни и планирани проекти за странска помош.

Фокус на ревизијата на НПАА беше натамошна длабинска анализа на *acquis communautaire* и поврзување со националното законодавство, користејќи ги искуствата на државите кои минале низ скрининг процесот со ЕК. Се направи натамошен напор за посилно врзување и конзистентност на планирањето на активностите на НПАА со процесите на стратешко планирање, буџетско планирање и планирање на странската поддршка во државната администрација. Од технички аспект, ревизијата беше поддржана со посебно дизајнирана веб апликација, со што се овозможи натамошна надградба на базите на податоци поврзани со процесот на пристапување.

Во ревизијата на документот се вклучи целиот институционален механизам преточен во работни групи составени од претставници на министерствата и другите органи и институции на државната управа, за секое поглавје од *acquis communautaire*, вклучувајќи ги политичките и економските критериуми.

Програмата ја следи структурата на Копенхагенските и Мадридските критериуми, односно ги опфаќа следните делови:

- Политички критериуми,
- Економски критериуми,
- Способност да се преземат обврските кои произлегуваат од членството,
- Административен капацитет,
- Подготовка на Национална верзија на *acquis communautaire*,
- Информирање и комуникација со јавноста

Програмата структурално е поделена на наративен дел со матрица на цели и активности и табеларен дел (прилози).

Наративниот дел ја претставува тековната состојба во сите поглавја (при што фокусот е на променетите околности во однос на НПАА 2009), како и клучните приоритети и задачи на легислативно и институционално ниво на краток рок (2010 година) и среден рок (2011-2012 година). Со цел адресирање на приоритетите содржани во наративниот дел и нивно соодветно следење изготвена е посебна матрица на цели и активности.

Табеларниот дел е поделен во четири прилози:

**Прилог** 1: Преглед на националните правни акти кои се предмет на усогласување со законодавството на ЕУ (со ЕУ мерките кои во нив ќе се транспонираат), со рокови за усвојување, надлежни институции и статус на постапката на нивното усвојување
**Прилог** 2: Проекција на зајакнување по институции и поглавја од *acquis* за периодот 2010-2012
**Прилог** 3: Проектирани буџетски средства за периодот 2010-2012
**Прилог** 4: Преглед на тековна и планирана странска помош за периодот 2010-2012

Програмата го зема 1 јануари 2010 година како почетен датум за реализација на активностите.

Спроведувањето на НПАА редовно ќе се следи преку веќе востановените механизми, кои се дополнително унапредени. Секретаријатот за европски прашања на редовна основа ќе ја информира Владата на Република Македонија за спроведувањето на *Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, ревизија 2010.*

## I ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ

### 1.1 ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

**ИЗБОРИ**

Како што беше нотирано во Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР за спроведените претседателски и локални избори 2009 година, претседателските и локалните избори 2009 година беа спроведени во согласност со најголем дел од заложбите на ОБСЕ и другите меѓународни стандарди за демократски избори. Генерално, овие избори беа спроведени на професионален и транспарентен начин со забележан и значителен напредок во однос на одговорното однесување на политичките партии и препознатливите напори за користење на одмерена реторика.

Во насока на успешна администрација на изборите, капацитетите на Државната изборна комисија (ДИК) беа зајакнати со 11 нови државни службеници. Генерално, подготовките за изборите поминаа без тешкотии и беа спроведени во рамките на законски утврдените рокови.

По завршувањето на изборниот процес, Министерството за правда подготви Анализа на Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија за спроведените претседателски и локални избори 2009 година. Владата на Република Македонија на 99-та седница одржана во септември 2009 година на иницијатива на Секретаријатот за европски прашања[1] донесе одлука за формирање на четири работни групи[2] кои беа задолжени да ги земат предвид наводите од Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР. Работните групи во текот на својата работа, за предложените мерки и активности ќе ги консултираат и политичките партии, како главни чинители во изборниот процес. Активностите на работните групи ќе продолжат и во текот на 2010 година.

Од 1 септември 2009 година Избирачкиот список премина во надлежност на Државната изборна комисија за што дополнително ќе бидат зајакнати капацитетите на Државната изборна комисија. Покрај тоа Министерството за правда, Државната изборна комисија и другите надлежни институции ќе продолжат со активностите за ажурирање на Избирачкиот список. Во насока на ажурирање на податоците во Избирачкиот список, Министерството за правда во соработка со Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за статистика и другите надлежни институции започнаа пилот проект за проверка на запишани гласачи во Избирачкиот список за две општини Гостивар и Виница.

Согласно измените и дополнувањата на Изборниот законик (Службен весник на РМ, бр. 136 од 30.10. 2008 година), државјаните на Република Македонија кои се привремена работа или престој во странство од 1 септември 2009 година имаат право да гласаат за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија и за избор на претседател на Република Македонија. Државната изборна комисија, Министерството за надворешни работи и Министерството за правда во 2010 година ќе ги преземат сите законски надлежности за евиденција на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство.

И во наредниот период, правосудните институции ќе ги преземат сите неопходни мерки за донесување судски одлуки против сторителите на изборните нерегуларности во изборите 2009 година.

**СОБРАНИЕ**

Собранието на Република Македонија во 2009 година заврши со реализација на Акцискиот план за подобрување на функционирањето на Собранието на Република Македонија и ќе продолжи со активностите за подобрување на статусот на Собранието и поефикасни законодавни и контролни механизми. Во тек е подготовката на Стратегијата за работа на Собранието на Република Македонија за 2010-2012.

Приоритет во 2009 година беше ефикасно спроведување на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија. Собранието на Република Македонија ја усогласуваше работната агенда при координациите помеѓу пратеничките групи, согласно Правилникот за координација на Собранието на Република Македонија кој произлегува од

---

[1] За следења на работата на работните групи формиран е Управувачки комитет во кој што членуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, министерот за правда, претседателот на Државната изборна комисија, претставник на Министерството за надворешни работи, претседателот на Граѓанската асоцијација МОСТ, амбасадорот на ОБСЕ во Македонија, претставник на Делегацијата на Европската комисија во Скопје како и претставник на Амбасадата на САД во Република Македонија.

[2] Четирите работни групи кои ги разгледуваат наводите од Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР се следниве: Работна група за подобрување на изборното законодавство; Работна група за подготовка на активни мерки за надминување на проблемот со наводните случаи на заплашување во текот на изборите; Работна група за зајакнување на капацитетите на изборната администрација; и Работна група за ажурирање на Избирачкиот список. Работните групи се координирани од Секретаријатот за европски прашања, а во нив членуваат претставници од сите надлежни државни институции, невладиниот сектор и меѓународната заедница.

новиот Деловник за работа на Собранието. Во 2009 година, политичките партии во рамките на Собранието на Република Македонија постигнаа висок степен на политички дијалог и оваа пракса ќе продолжи и понатаму по клучните прашања за развојот и просперитетот на Република Македонија.

Собранието на Република Македонија во август 2009 година го донесе Законот за Собрание на Република Македонија ("Службен веник на РМ бр. 104 од 20.08.2009)" со кој се зајакнува позицијата на Собранието во рамките на процесите на демократското одлучување во земјата. При донесувањето на законот, Собранието на Република Македонија донесе заклучок за измени и дополнувања на Деловникот за работа на Собранието согласно препораките на Венецијанската комисија. Мандатно-имунитетната комисија на Собранието во декември 2009 година ќе го предложи конечниот модел на измени на Деловникот за работа на Собранието.

Во 2010 година, во рамки на редовните координативни средби со претседателот на Собранието на Република Македонија, ќе се продолжи сп обезбедување на консензус околу прашањата за имплементација на Рамковниот договор и функционирање на Бадинтеровиот принцип. Функционалноста на Комитетот ќе се одвива согласно важечките законски решенија, посебно Законот за Комитет за односи помеѓу заедниците на Република Македонија. Во 2009 година, Комитетот беше зајакнат со 4 дополнителни вработувања. Во 2010 година, Комитетот за односи помеѓу заедниците ќе се вклучи во активно промовирање на начелата утврдени во Охридскиот рамковен договор и на локално ниво.

Со цел обезбедување на висок степен на координација во Собранието на Република Македонија и програмирање на работата на Собранието, што се покажа како ефективен механизам во 2009 година во обезбедувањето на политичкиот дијалог, претседателот на Собранието на Република Македонија и во 2010 година ќе продолжи со одржување на редовни средби со координаторите на пратеничките групи, на кои ќе учествуваат определените претставници на Владата на Република Македонија во врска со предлозите од Владата согласно Правилникот за координација на Собранието на Република Македонија.

Ќе се продолжи со дополнително јакнење на капацитетите на собраниските служби преку обезбедување на соодветен персонал и буџет. Во текот на 2009 година се постигна функционалност на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија. Во 2010 година ќе се продолжат активностите за зајакнување на капацитетите на Собранието за планирање и извршување на буџетот.

За обезбедување општ политички и општествен консензус по однос на реализацијата на европската агенда, Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ) и Комисијата за европски прашања (КЕП) на Собранието во континуитет обезбедуваа расправа по клучните приоритети од Европската агенда на Република Македонија. Двете тела беа соодветно кадрово зајакнати во текот на 2009 година согласно НПАА динамика на вработување. НСЕИ во 2009 година организирање јавни расправи за клучните законски решенија согласно НПАА 2009. Во 2010 година, НСЕИ и КЕП ќе продолжат со своите активности во промовирањето на консензуален пристап и сеопфатна расправа за реализацијата на приоритетите од процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.

Со цел имплементација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2010, Собранието на Република Македонија ќе даде приоритет на донесувањето на законите со кои се врши усогласување со европското законодавство.

**ВЛАДА**

Членството во ЕУ е помеѓу 5-те приоритети во платформата за работа на Владата на Република Македонија 2008-2012. Заради обезбедување на посветеност за континуирано следење на обврските кои произлегуваат од процесот на европска интеграција Владата и понатаму ќе ги започнува своите седници со претточка за статусот на процесот на ЕУ интеграција и преку редовни тематски седници за прашања на Европска агенда и исполнување на обврските што Република Македонија ги презема во насока на исполнување на критериумите од Копенхаген.

**Децентрализација**

Спроведувањето на процесот на децентрализација ќе продолжи согласно Програмата за спроведување на децентрализацијата 2008-2010 година и годишниот Акционен план за имплементација на Програмата, за 2010 година.

Координацијата на мерките и активностите за имплементација на децентрализацијата, ќе продолжи да се спроведува преку меѓуресорската Работна група за децентрализација, координирана од страна на Министерството за локална самоуправа.

Следењето на напредокот на децентрализацијата ќе продолжи да се прави врз основа на релевантни индикатори, кои што ќе бидат изведени во рамките на Работната група за децентрализација.

Комуникацијата и консултацијата со ЗЕЛС и со единиците на локалната самоуправа ќе продолжи да се спроведува преку учеството на ЗЕЛС во работата на Работната група за децентрализација и во другите ресорни работни тела, како и преку директни состаноци со ЕЛС.

Законската регулатива е заокружена со Законот за меѓуопштинска соработка, со што нормативно е прецизирана постапката за воспоставување на меѓуопштинска соработка, во функција на поефикасно и поекономично вршење на работите од локална надлежност. Врз основа на Законот за меѓуопштинска соработка, во 2010 година ќе бидат донесени два подзаконски акти:Одлука за утврдување критериуми за финансиско поттикнување и поддржување на меѓуопштинска соработка и Одлука за определување на дејности од пошироко значење и интерес за кои може да се издвојуваат финансиски средства за поттикнување на меѓуопштинска соработка.

Владата ќе формира Комисија за меѓуопштинска соработка во која што ќе членуваат претставници од надлежни министерства, од ЗЕЛС и од ЕЛС. Меѓуопштинската соработка ќе се следи преку годишни Извештаи за статусот на меѓуопштинската соработка во тековната година.

Во 2010 година ќе се пристапи кон подготовка на нова Програма за спроведување на децентрализацијата и унапредување на локалната самоуправа 2011 -2013.

Во функција на подготовка на Програмата, ќе биде направена анализа на спроведувањето на Законот за локална самоуправа, Законот за градот Скопје и на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Врз основа на резултатите од анализата ќе се предвидат мерки кои што ќе бидат вградени во Програмата за следниот програмски период(2011-2013).

Втората фаза од фискалната децентрализација ќе биде заокружена со создавањето на услови за влез на преостанатите 17 општини, од кои, за една, од страна на Комисијата за евалуација веќе е даден предлог до Владата, да помине на финансирање преку блок дотации. За другите се создадени законски услови за надминување на проблемите со ликвидноста или пак со ограничените кадровски ресурси, преку можноста за бескаматно кредитирање со средства од централниот буџет или пак преку воспоставување на меѓуопштинска соработка.

Ќе се продолжи со спроведување на мерки и активности за создавање на конзистентна база на податоци за долговите акумулирани од страна на општините и надминување на проблемите поврзани со заостанатите обврски односно долгови на општините.

Заради поефективно прибирање на приходите на општините, ќе биде ажурирана базата на податоци за различните даночни обврзници.

Во функција на зголемување на приходите на општините и обезбедување на услови за унапредување на локалниот развој, ќе се пристапи кон создавање на услови за трансфер на управувањето со неизграденото државно градежно земјиште според начелото на „категоризација на градбите“ кои се предвидени да се градат на државното градежно земјиште, и тоа за градби од трета, четврта и петта категорија, согласно со Законот за градење.

Ќе продолжат активностите за зголемување на одговорноста и транспарентноста во финансиското работење на ЕЛС.

**РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА**

Со Одлука, Владата го формираше Комитетот за реформи во државната администрација („Службен весник на РМ “, бр. 89/09) кој е составен од претседателот на Владата како претседател на Комитетот; заменикот на претседателот на Владата за европски прашања, заменикот на претседателот на Владата за спроведување на Рамковниот договор, заменикот на претседателот на Владата и министер за финансии како тројца заменици потпретседатели; и министерот за правда, генералниот секретар на Владата и директорот на Царинската управа како членови. Во работата на Комитетот учествува и директорот на Агенцијата за државната службеници. Комитетот, по правило се состанува еднаш месечно и го раководи со процесот на реформата на јавната администрација и го следи спроведување на истиот.

Генералниот секретаријат (Одделението за реформа на јавната администрација) продолжи со координација и реализација на процесот на реформа на јавната администрација насочен кон трансформација на законите, системите и процесите во насока на обезбедување поддршка на Владата за развивање и спроведување на нејзините програми,

особено со јакнење на принципите на транспарентност и отчетност во работата на органите на државната управа преку координација на порталот www.uslugi.gov.mk и иницијативата Граѓански дневник.

Агенцијата за државни службеници редовно, на неделно ниво, известуваше за објавените огласи за прием на државни службеници; за бројот на спроведените стручни испити и пријавените кандидати на истите и за бројот на поведени дисциплински постапки. На квартално ниво, во соработка со МФ и врз основа на редовното ажурирање на податоците за државните службеници од страна на органите на државната управа (ОДУ), АДС информираше за бројот на незаконски унапредувања и уназадувањана централно (и локално) ниво.

АДС усвои Анализа на оценувањето на работата на државните службеници во 2009 година, која содржеше преглед на спроведените оценувања за 2004, 2005, 2006, 2007 и 2008 година и препораки за подобрување на процесот, имајќи ја предвид импликацијата на оценувањето врз системот на плати и наградувањето на државните службеници.

Во септември 2009 година беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 114/2009). Измените се однесуваа на следните сегменти: опфатот на државните службеници; воведување на стандарди во однос на потребното работно искуство за звањата од ЗДС и усогласување на степенот на образование со ЕКТС; скратување на роковите за постапката за вработување; мобилноста на државните службеници со воведување интерен оглас и заштита на статусот на државни службеници во случај на структурни промени.
Од Законот произлезе донесување на подзаконска регулатива поврзана со некои елементи на политиката за управувањето со човечките ресурси во државната служба, и тоа: *Уредбата за изменување на Уредбата за описот на звањата на државните службеници*[3]*; Правилник за начинот на селектирање и вработување на државните службеници и за формата и содржината на пријавата за интерен оглас за вработување на државен службеник; Правилник за содржината и формата на Годишниот извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност; Правилник за содржината и формата на полугодишен извештај за спроведени специјализирани обуки за државните службеници; Правилник за содржината и.формата на Годишниот извештај за спроведен надзор; Правилник за содржината и начинот на подготвување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места;Правилник за начинот на вршење надзор; Правилник за формата и содржината на обрасците за евидентирање на податоците за државните службеници*[4] *и Упатство за исплата на додатокот на плата за државните службеници*[5].
До крајот на 2009 година Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ќе го достави за објавување во „Службен весник на РМ“ пречистениот текст на Законот за државните службеници.

До крајот на 2009 година ќе се донесе и Законот за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија. Предложеното решение е во функција на усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници и уредување на посебен дел, кој се однесува на државните секретари.

Со Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија од 2008 година се воспостави механизмот на Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) со кој се постигнува поголема предвидливост и транспарентност при донесувањето на регулативата, активно вклучување на засегнатите страни преку консултации во сите фази на подготовка на регулативата и проценка на ефектите и трошоците од новата регулатива врз деловното окружување и граѓаните. Со овие измени исто така се предвидува задолжително објавување на работните верзии на предлог регулативата на веб страните на министерствата, како и нивно задолжително објавување на Единствениот национален електронски регистар на прописи – ЕНЕР.

Се реализираа активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011).

Во 2009 година се подготви Нацрт на Закон за вршење инспекциски надзор, со кој за прв пат во правниот систем на РМ се регулира постапката при вршење инспекциски надзор од страна на државните инспекторати и другите облици на инспекциски служби на централно и локално ниво.

Отпочна креирање на правна рамка за регулирањето на единствени основи и начела за јавните службеници. Изготвена е првата работна верзија на Законот за јавните службеници.

До крајот на 2009 година, Генералниот секретаријат ќе достави Информација за бројот на тековните времени вработувања преку агенциите за времени вработувања, со конкретен опис за работните задачи кои ги извршуваат.

---

[3] Објавена во „Службен весник на РМ“ бр.146/2009
[4] Објавени во „Службен весник на РМ“бр.142/2009
[5] Објавен на веб страницата на АДС ads.gov.mk

Комитетот за реформа на државната администрација ќе продолжи да се состанува еднаш месечно и да го раководи и мониторира спроведувањето на мерките и активности преземени реформата на јавната администрација и го следи спроведување на истиот.

Генералниот секретаријат на Владата во текот на 2010 ќе изврши анализа на имплементацијата на Стратегијата за реформа на јавната администрација од 1999 година и ќе предложи нова Стратегијата со идентификувани приоритети за модернизација на јавната администрација и ќе организира јавни дебати за новата Стратегија за реформа на јавната администрација.

Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и во понатамошниот период континуирано ќе продолжи со низа мерки и активности кои ќе придонесат за непречено одвивање и подобрување на процесот на транспарентноста и одговорноста на администрацијата.

Имено, во текот на наредниот период континуирано ќе се продолжи со Мониторинг на спроведување на механизмот Граѓански дневник. Притоа, до средината на 2010 година преку Имплементација на Акционен план ќе се направи негова поблиска дисперзија до граѓаните.

До крајот на првиот квартал на 2010 година ќе се донесе Законот за јавни службеници, со кој ќе бидат регулирани основните начела и стандарди на постапките за селекција, вработување, одговорност, оценување, заштита на правата, престанок и евидентирање на податоците за јавните службеници. Со овој закон ќе бидат опфатени вработените во дејностите: образование,здравство, труд и социјална политика, култура, во институциите што вршат доверени јавни овластувања и вршат работи од јавен интерес, како и во јавните претпријатија.
Усвојување на Етичкиот кодекс за јавни службеници се очекува до крајот на вториот квартал 2010.

До крајот на вториот квартал ќе се подготви Анализа на досегашното остварување на функцијата на управната инспекција во Република Македонија, а до крајот на третиот квартал 2009 година ќе се донесе Законот за инспекциски надзор, со кој ќе се уреди надзорната функција на државата, унапредувањето на капацитетите на инспекциските служби и нивно координирано дејствување.

Во однос на сегментот државна служба, главен приоритет во 2010 година ќе биде целосна и доследна примена на Законот за државните службеници. Оттаму, Агенцијата за државни службенци редовно, на месечно ниво, ќе известува за: објавените јавни и интерни огласи за државни службеници; бројот на дисциплинските постапки, нивниот основ и изречените мерки на државните службеници; бројот на второстепените постапки по жалби на државните службеници и основот на жалбите. На квартално ниво, во соработка со МФ и врз основа на редовното ажурирање на податоците за државните службеници од страна на ОДУ, АДС ќе информира и за бројот на незаконски унапредувања и уназадувања на државни службеници на централно (и локално) ниво.

Со цел подобрување на квалитетот и ефектите од оценувањето на државните службеници АДС ќе продолжи со активности за што подетално информирање, советување и оспособување на оценувачите и оценуваните за спроведувањето на процесот на оценување за 2009 година. АДС во јуни 2010 година ќе подготви Анализа на оценувањето на работата на државните службеници во 2009 година.
Од април 2010 година АДС, врз основа на квартални опреративни планови, ќе отпочне и со практикување на новата надлежност - вршење на надзор над примената на ЗДС и прописите донесени врз основа на овој закон. АДС ќе подготвува Годишен извештај за спроведен надзор, кој ќе биде составен дел на Извештајот за работа на АДС.
Примената на законот и на споменатите подзаконски акти ќе отпочне од 22 март 2010, што е краен рок за органите на државната служба да ги усогласат своите акти за внатрешна организација и систематизација на работните места.
До крајот на 2010 година АДС ќе усвои и ревидирана Програма за полагање на испит за државен службеник.
До крајот на февруари 2010 година, АДС заедно со Извештајот за работа за 2009 година, кој го доставува до Собранието на РМ, ќе подготви и Извештај за податоците за државните службеници од Регистарот на државните службеници за 2009, кој ќе биде објавен на веб страницата на АДС (http://www.ads.gov.mk).
Законот за здруженија и фондации ќе се донесе до крајот на третиот квартал на 2010.

Ќе продолжи доследното спроведување и надзорот над примената на Законот за државните службеници и другите подзаконски акти, како и доследното спроведување на Законот за јавните службеници и Етичкиот кодекс за јавни службеници.

До крајот на 2011 година, ќе се продолжи со Имплементацијата на Акциониот План за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011).

Ревизијата на имплементацијата на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор со препораки за унапредување на соработката се планира да заврши до средината на 2011 година се планира да заврши до средината на 2011 година.

**Реформа на полиција**

Собранието на РМ го усвои **Законот за внатрешни работи**, кој стапи во сила на 01.08.2009 година. Со наведениот закон во МВР за прв пат се воведува **системот на градење на кариера преку унапредување на работниците во Министерството**. Во текот на 2009 година, беа донесени и **подзаконските акти** врз основа на Законот за внатрешни работи[6]. Во септември 2009 година донесено е **Упатство за разрешување на командирите на Полициските станици од општа надлежност** со кое е утврдена постапката за разрешување на командирите на полициските станици од општа надлежност. Во наредниот период, ќе се преземат неопходните активности за соодветна примена на законот.

Од 1 јануари 2010 година,ќе започне со примена одредбата за пензионирање на овластените службени лица со навршени 40 години пензиски стаж на овластено службено лице (без оглед на неговите години на возраст) што ќе овозможи постигнување на две исклучително значајни цели:

- **достигнување на стандардот** 1:300 (еден полицаец на триста жители) содржан во заедничките стандарди и принципи на Европската унија, како и европските препораки во однос на димензионирањето на човечките ресурси, односно – 6000 униформирани (без бројот на гранична полиција) и 1200 цивили, или вкупно 7.200 полициски службеници.
- **ќе се постигне соодветен етнички баланс во Министерството за внатрешни работи и полицијата**. Најголемиот број од оние лица кои ги исполнуваат или во следните пет години ќе ги исполнат критериумите за пензионирање, се македонци, со што ќе се постигне и поголема соодветната правична застапеност на сите етнички заедници во Министерството полицијата. Во моментов процентуалната застапеност во Министерството за внатрешни работи е следна: Македонци – 79,80%, Албанци – 15,78, Срби – 1,73%, Турци – 0,60%, Роми – 0,64%, Власи – 0,10% и останати 1,15%.

Министерството за внатрешни работи направи анализа на бројот на работниците кои согласно наведената одредба ќе заминат во пензија и тоа: во текот на 2010 година-1035 работници; 2011 година- 277 работници; 2012 година- 278 работници; 2013 година-266 работници и 2014 година-251 работник. Истовремено, изготвена е проценка на финансиските средства потребни за спроведување на законот во наредните 5 години, односно за периодот 2010-2014 година, во кои се вклучени финансиските средства наменети за зголемување на платата за 30%, наместо досегашните 20 % на овластените службени лица во Управата за безбедност и контраразузнавање во МВР, како и средства за испратнини на работниците кои ќе се пензионираат. Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на РМ.

Во текот на 2010 година, се предвидува пораст на застапеноста на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во МВР за 1,5 %. (по основ на пензионирање на процентот ќе порасне за 1%, а 0,5% по основ на нови примања). За 2011 е предвидено зголемување од 1,5 % и 1,5 за 2012 година. Со тоа, правичната застапеност до 2012 година ќе достигне до 20 %.

Во Законот за внатрешни работи е определен **начинот на вршење на контролата на работите на Министерството**. Контролата се остварува како внатрешна и надворешна контрола. Надворешната контрола ја вршат Собранието и Народниот правобранител. Собранието на РМ врши контрола врз работата на Управата за безбедност и контраразузнавање преку соодветна комисија на Собранието. За таа цел Управата за безбедност и контраразузнавање е обврзана до Комисијата на Собранието да доставува програма и извештај за работата. На барање на Комисијата, Управата е должна да обезбеди увид и да ги даде на Комисијата сите потребни известувања, податоци. Комисијата на Собранието доставува извештај за извршената работа најмалку еднаш годишно.

Министерството за внатрешни работи изготви **Акционен план на обврски што произлегуваат од Законот за внатрешни работи** чија реализација е неопходна за имплементација на законот. Во Акциониот план се утврдени обврските, рокот за нивна реализација како и надлежните организациони единици во МВР за нивно спроведување.

Извршено е **дополнување на Стратегијата за управување со човечки ресурси**, кое се однесува на развојот на вештините за управување, а во наредниот период, акцентот ќе биде ставен на имплементација на стратегијата и акцискиот план.

---

[6] Правилник за формата и изгледот на службената легитимација и значка на овластено службено лице за вршење на стручни работи и овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање; Правилник за обуката во МИнистерството за внатрешни работи; Решение за цените на обрасците што ги издава Министерството за внатрешни работи; Правилник за постапката и начинот на работа на комисијата за избор на кандидат за полицаец; Правилник за начинот на постапката за селекција и избор на лица кои засноваат работен однос во Министерството за внатрешни работи; Правилник за начинот и постапката за остварување на системот на кариера на овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи; Правилник за формата и содржината на персоналните досиеја на работниците во МВР и начинот на нивното менаџирање и чување; Правилник за начинот и постапката на оценување на овластеното службено лице, содржината на извештајот за извршеното оценување, образецот за оценување и начинот на водење на евиденција; Правилник за здравствените и психофизичките способности што треба да ги исполнува лицето кое заснова работен однос во МВР, начинот на контрола на здравствените и психофизичките способности на овластените службени лица за вршење стучни или граѓански работи и на овластените службени лица за безбедност и контраразузнавање, како и начинот на работа на здравствената комисија.

Во текот на 2010 година, предвидено е спроведување на кампања за запознавање на вработените во Министерството со одредбите од Законот за внатрешни работи.

Во април 2010 година **ќе започне примената на одредбите од Глава** VI **од Законот за внатрешни работи**, **Работни односи точка** 9. **Оценување на овластени службени лица на Министерството за внатрешни работи** (примената започнува осум месеци од денот на влегувањето на законот). Истовремено ќе започне и примената на одредбите на Правилникот за начинот и постапката за оценување на овластеното службено лице, содржината на извештајот за извршеното оценување, образецот за оценување и начинот на водење на евиденција.

Во насока на успешна подготовка за примена на одредбите за оценување на овластените службени во почетокот на 2010 година ќе се спроведе обука на раководителите на организационите единици кои треба да го извршат оценувањето.

До 2012 година, ќе се спроведе и финансискиот модел на системот за кариера, односно на одредбите од Законот за внатрешни работи за унапредување во повисок платен ранг. Согласно одредбите од Законот за внатрешни работи, овластеното службено лице може да биде унапредено во повисок платен ранг на работното место на кое работи ако во текот на три години има добиено три позитивни оценки "задоволува" или "се истакнува".
Управување со персоналните досиеја е среднорочен приоритет и истото ќе опфати:

- Дефинирање на содржината на песоналните досиеја
- Донесување и имплементација на подзаконски акт - Правилник за управување и менаџирање на персоналните досиеја
- Средување и актуелизирање на тековните персонални фајлови и податоци во однос на наведените потреби
- Создавање и примена на ИТ- софтвер за подршка на личните податоци

Во изминатиот период особено внимание се посвети на унапредување на методологијата на работа на полицијата и **имплементирањето на принципите на** community policing. Во таа насока е реализиран еден пилот проект во Полициските станици во Карпош, Прилеп, Кавадарци, Радовиш, Штип, Кочани, Крива Паланка и Струга, кој имаше за цел да се подобри квалитетот на прием на странки во полициските станици, да се подобри квалитетот на укажана помош на жртвите на кривичните дела, да се подобри квалитетот на писмените поднесоци во врска со безбедносните настани, како и да се подигне нивото на превенирање на безбедносно ризичните случувања. Проектот се покажа како исклучително успешен, по што ќе следи дефинирање на нова методологија и поставеност на Полициските станици кон локалната заедница и граѓаните. Досега, формирани се вкупно 77 локални совети за превенција, а преостанатите 7 предвидено е да се етаблираат во 2010 година.

Во текот на 2009 година, продолжија обуките во **Центарот за обука** на Министерството за внатрешни работи. Центарот за обука изготви Наставна програма за обука на раководни полициски службеници и други полициски службеници во МВР на РМ за начинот на однесување и меѓусебните односи. Центарот за обука изготвува **Стратегија и Визија на Центарот за обука** во која ќе се утврдат целите кои Центарот за обука има за тенденција да ги постигне во наредните 10 години. Предвидено е и донесување на **Стратегија за обука на работниците во Министерството за внатрешни работи со Акционен план**. Во Стратегијата ќе се дефинираат целите и начелата за спроведување на обуката, системот на обука и целните групи што се опфатени со обуката, начинот на финансирање и ризиците што произлегуваат со воспоставувањето на системот на обука во Министерството.

Во текот на 2010 година ќе се спроведе кампања за родовата застапеност, во соработка со Канцеларијата на ОБСЕ во Скопје.
Во мај 2010 година ќе заврши проектот „Советодавна поддршка за имплементација на Стратегијата за полициска реформа„.

**Судски систем** *(види и Поглавје 23 –Правосудство и фундаментални права)*
Во насока на реализацијата на реформите во правосудниот систем, како клучен приоритет од Партнерството за пристапување, се продолжи со имплементација на донесените реформски закони, во правец на јакнење на независноста и зголемување на ефикасноста на судството, што придонесе кон ефикасно остварување на уставно загарантираните права на граѓаните.

Законот за Судски совет според кој Судскиот совет врши избор и разрешување на судиите како гаранција за судската независност и самостојност, конитинуирано се имплементира. Согласно Правилникот за критериуми за оценување на работата на судиите како и Образецот за негова примена, со кој се врши квантитативно и квалитативно оценување на работата на судијата, членовите на Судскиот совет во мај 2009 година, започнаа со годишно оценување на судиите, кое

заврши на седницата која се одржа во јули 2009 година (подетално види Поглавје 23.1 – Правосудство). Во насока на натамошно спроведување на реформите во судството за зајакнување на востановените принципи за независно и професионално правосудство Судскиот совет ќе продолжи со континуирано следење и оценување на работата на судиите.

Управниот суд и Апелациониот суд во Гостивар се целосно функционални од аспект на нивна целосна екипираност преку реализација на предвидените вработувања согласно НПАА 2009 година. Во 2010 година ќе се продолжи со јакнење на капацитетите на судските институции.

Академијата за обука на судии и јавни обвинители е потполно функционална, спроведувајќи го Законот за Академија, Во целост се остваруваат и програмите за постојано и континуирано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители како и програмите за обука на другите целни групи, согласно Рамковната програма 2009-2010. Во насока на унапредување на функционирањето на Академијата за обука на судии и јавни обвинители при Министерството за правда на РМ формирана е работна група, за подготовка на Законот за Академија на судии и јавни обвинители, со кој се предвидува воведување на законски гаранции за статусот на дипломираните кандидатите (подетално види Поглавје 23.1 – Правосудство).

За зајакнување на буџетската рамка во судството, со Буџетот за 2009 година, планираните средства за судската власт се зголемени за 11%, во споредба со 2008 година, со што се обезбедува поголема финансиска стабилност на судскиот систем. Министерството за финансии и Министерството за правда при подготовката на буџетот за 2010 година буџетските средства за судството да се зголемат и да бидат соодветни на процентот кој што е утврден како процент од бруто домашниот производ.

Во смисла на подобрување на процесот на управување со човечките ресурси во рамки на судството, од 01.01.2009 година, започна да се применува Законот за судска служба. За имплементација на Законот на 22.09.2008 година, конституиран е Совет за судска служба, со седиште во Врховниот суд на РМ кој го сочинуваат 9 членови, Во јуни 2009 година е формирано Здружението на судската администрација, што претставува чекор напред во правец на зајакнување на статусот и улогата на судската администрација во судскиот систем.

Советот на јавни обвинители, е комплетиран и функционира во полн состав од 11 членови. Советот на Јавни обвинители континуирано ги одржува своите седници. Воедно, во март 2009 год. Советот го донесе својот прв Годишен извештај за работа. Советот конитнуирано ја врши својата функција на избор и разрешување на јавни обвинители, во моментов јавно обвинителска функција, вршат вкупно 186 јавни обвинители..

Вишото јавно обвинителство Гостивар и Основното јавно обвинителство за организиран криминал во Гостивар се комплетирани и функционираат во полн состав. Во поглед на натамошното спроведување на реформите на јавното обвинителство ќе се продолжи со имплементација на Законот за јавно обвинителство и Законот за совет на јавни обвинители.

Усвоен е Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување (Сл. весник на РМ бр.83/09) со кој е воспоставен системот за трансфер на старите извршни предмети од судовите кај извршителите, кој ќе започне со имплементација на 01.07.2010 заклучно со 31.12.2010 год.

Во рамки на Стратегијата за реформа на казненото право, донесен е Законот за измени и дополнување на Кривичниот законик. Измените на законот се однесуваат на зајакнување и подобрување на казнено-правната рамка што е една од главните претпоставки за ефикасност во работата на институциите надлежни за заштита на слободите и правата, а во таа смисла интервенциите специфично се однесуваат на делот за Конфискација на имот и имотна корист, Казнената одговорност на правните лица, Економските казнени дела, дела на компјутерски криминал (подетално види Поглавје 23.1 – Правосудство). Во 2010 година приоритет ќе биде спроведувањето на Законот.

Согласно Стратегијата, изготвен е нов Предлог - Закон за кривична постапка, согласно кој се предлага нов модел и поактивна улога на јавниот обвинител во преткривичната постапка и истрагата, се воведува правосудна полиција, функционално подредена на јавното обвинителство и ставена на располагање во откривањето и гонењето на кривичните дела и водењето на истражната постапка (подетално види Поглавје 23.1 – Правосудство).

За унапредување на информатичката технологија во судството од 1.1.2010 година ќе се заврши со воведување ACCMIS во сите судови во РМ. Приоритет во 2010 година ќе биде имплементација на новиот информатички систем.

**Антикорупциска политика** ***(види и, Поглавје 23 – Правосудство и фундаментални права)***
Владата ќе остане доследна на бескомпромисната борба против корупцијата и ќе продолжи да ги спроведува мерките од Акциски план за борба против корупцијата.

Советот за спроведувањето на Акцискиот план за борба против корупција и Меѓуресорско тело за координирање на активностите за борба против корупција ќе продолжи да одржува редовни состаноци, заради координација на активностите на надлежните органи за борба против корупцијата, јакнење на меѓусебната соработка, размената на информации и податоци.

Во континуитет ќе се остварува соработката меѓу органите со посебни овластувања и редовно ќе се известува за конкретните резултати од соработката во случаи поврзани со корупција и примената на специјалните истражни мерки.

Ќе продолжи спроведувањето на Законот за судир на интереси и Законот за финансирање на политичките партии

Во текот на 2010 год. ќе бидат направени измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата, со кои ќе се предвиди професионализација на членовите на ДКСК, со цел зајакнување на нејзината независност и подобрување на транспарентноста на нејзината работа.

Во насока на забрзување на кривичната постапка што меѓу другото, би овозможило зголемување на ефикасноста на судовите во однос на судењето на предмети од областа на корупцијата и организираниот криминал, во текот на 2010 година ќе се усвои нов Закон за кривична постапка.

Во насока на спроведување на преостанатата препорака на ГРЕКО од вториот круг на евалуација, ќе се спроведат следните активности: Усвојување на Закон за статусот и условите за вработување на јавни службеници и Усвојување на Етичкиот кодекс за јавни службеници.

Согласно Стратешкиот план за унапредување на односите со јавноста 2009 -2012, ДКСК во 2010 година ќе спроведе истражување на јавното мислење за корупцијата во Република Македонија ,и спроведување на јавни дебати, со претставници од политичките и владините институции, приватниот и невладиниот сектор.

## 1.2 ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА

Согласно обврските од ратификуваните меѓународните конвенции за човекови права, изработени се: Трет Извештај на Република Македонија по Рамковната Конвенција за заштита на национални малцинства, Извештај за спроведување на препораките добиени од презентација на Универзалниот периодичен извештај на Република Македонија Советот за човекови права на ОН и Извештај за спроведување на препораките од Комитетот на ОН против тортура. Во насока на подигање на нивото на заштита и почитување на фундаменталните права **Меѓуресорското тело за човекови права**, континуирано одржува состаноци, на кои преку размена на информации, се зајакнува координацијата на активностите, помеѓу претставниците на ресорните министерства. Воведен е и електронски начин на комуникација, преку кој ќе се врши размена на информации и податоци. Во април 2009 година Собранието на РМ го донесе Законот за ратификација на **Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе**. Согласно обврските од **Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура** и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, Народниот правобранител во РМ ја врши функцијата на национален превентивен механизам. Во соработка и врз основа на претходна согласност од Народниот правобранител, невладини организации регистрирани во Република Македонија и организации кои имаат статус на хуманитарни органзации во Република Македонија можат да преземат некои од надлежностите на националниот превентиван механизам.
Република Македонија во идниот период ќе пристапи кон ратификација на ревидираната Европска социјална повелба потпишана на 27.05.2009 година.
Заклучно со 30.10.2009 пред Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) поднесени се над 2030 апликации. Согласно критериумите за допуштеност, утврдени во член 35 на Конвенцијата, заклучно со 30.10.2009 година, од ЕСЧП до Владата на Република Македонија доставени се вкупно 209 предмети за одговор. Од вкупниот број само во текот на 2009 година доставени се 52 предмети до Владата на одговор. ЕСЧП досега по однос на РМ има донесено 58 пресуди, од кои 16 во 2009 година. Во 55 пресуди констатирани се повреди на човековите права загарантирани со Европската конвенција. Притоа 39 пресуди се однесуваат на повреда на правото на судење во разумен рок предвидено во членот 6 став 1 од Конвенцијата, четири (4) во членот 3 - немање на ефикасна истрага, шест (6) за нефер судење, две (2) за немање на ефективно домашно правно средство, четири (4) за правото на сопственост, една (1) повреда на правото на слобода на здружување и, две (2) за повреда на правото на слобода на движење. Темите поврзани со Европската Конвенција за човекови права, продолжуваат да бидат опфатени од Академијата за обука на судиии и јавни обвинители, во реализирањето на програмите за континуирана обука на судиите и обвинителите. Одлуките на ЕСЧП во предмети против

Република Македонија редовно се преведуваат на македонски јазик и се објавуваат на веб страната на Министерството за правда. Едновремено, пресудите со сублимирани факти и повреди се доставуваат до сите судови во РМ како и други институции инволвирани во конкретен предмет за кој одлучувал ЕСЧП.
Во мај 2009 Собранието на РМ го донесе **Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП**,.
За извршување на пресудите на ЕСЧП против Република Македонија по однос на судењето во разумен рок, согласно измените на Законот за судовите,во **Врховниот суд** конституиран е **оддел за постапување по предмети за судење во разумен рок**. Заклучно со 30.10.2009 година, од поднесените 335 предмети, во 20 е констатирана повреда на судењето во разумен рок, досудени се надомести за обесштетување и определен е рок за завршување на постапките кои сеуште се активни пред домашните судови. Извршувањето на одлуките се следи од страна на самиот суд и Судскиот буџетски совет, кој се грижи за навремено префрлање на досудените средства до барателите. За примената на правното средство и праксата на Врховниот суд тековно се известува ЕСЧП. Во правец на намалување на бројот на пресудите со констатирани повреди на правото за фер судење во разумен рок од ЕСЧП, во 2009 година беше направена анализа на законските решенија во процесните закони со кои се уредува динамиката на постапувањата на судовите и управните органи со цел оценување на ефектите од предвидените реформи со Стратегијата за реформа на правосудниот систем. Работните групи кои ги изработуваат процесните закони во правец на зголемување на ефикасноста на постапките ќе предложат законски решенија со кои истите ќе се надминат.
Во мај 2009 година Собранието ги усвои **Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права и Законот за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права** каде се дефинира Бирото за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП, како орган во состав на Министерството за правда со кое ќе раководи Владиниот Агент.

**Граѓански и политички права**

Во согласност со ставовите и препораките на ЕСЧП по однос на ефикасни истраги и постапки по тортурата, пресудите беа посебно разгледувани од страна на работните групи кои работат на измени на Законот за кривична постапка и на Законот за Јавно обвинителство.Споменатите пресуди иницираа процес за дефинирање на системот на надворешна контрола со цел реализирање на ефикасна истрага и гонење во случаите на индиции за тортура сторена од страна на службени лица. Согласно Законот за внатрешни работи,надворешната контрола ќе ја вршат Собранието и Народниот правобранител. Со измените предвидени за Законот за Народен Правобранител се зголемува неговата улога и ќе може да врши комплетна контрола врз работата на полицијата.
Законот за бесплатна правна помош е во собраниска процедура.
Во 11те казнено-поправни и 2те воспитно-поправни установи во државата редовно вработени се вкупно 726 лица, а на издржување на казната затвор, мерката притвор и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом во август 2009 година се наоѓаат вкупно 2481 лице.
За целосна имплементација на **Законот за извршување на санкциите** донесени се подзаконските акти за подобрување на материјалните, безбедносните услови, како и контролните механизми во казнено – поправните установи. Со цел за подобрување на хигиенските услови како и општата здравствена состојба, донесен е **Правилник за нормативи за подготвување на храна** (Сл.весник бр. 46/2009), согласно европските стандарди.

Во насока на унапредување на процесот на извршување на санкциите, од страна на експерти од Советот на Европа и Европската Агенција за развој, беше спроведена експертиза за утврдување на недостатоците на законот во насока на усогласување со меѓународните прописи и стандарди од областа на човековите права.Согласно експертизата изготвен е **Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите**, Со истиот ќе биде зајакната и улогата на стручно-инструкторскиот надзор
Согласно Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено-поправните установи, извршено е комплетно реновирање и опремување на целиот **Затвор Прилеп** со капацитет од 120 лица; извршена е надградба на затворено одделение, доградба и санирање на објекти во **Казнено-поправниот дом Штип**, со капацитет од 200 лица; заврши изградбата и опремувањето на новото крило во **Затворот Скопје** за притвор за 170 лица; завршено е опремувањето и реновирањето на **затворот Тетово**; реновирањето на Затворот Охрид, Затворот Гевгелија, Затворот Струмица, Казнено-поправниот дом од отворен вид Струга, како и Затворот Битола. Во завршна фаза е изградбата на нов затвор во Куманово, кој ќе содржи одделение за притвор, затворено и полуотворено одделение, со предвиден капацитет од 250 лица, од кои 50 притворени и 200 осудени лица. Во октомври 2008 година завршена е изградбата на затворската зграда.

Завршени се градежни работи во **Казнено-поправниот дом Идризово**, во чии рамки се изградени пекара, перална, котлара и кујна, извршено е целосно реновирање и опремување на т.н. старечкото одделение како и реновирањето на објект т.н. „Школо“, со капацитет од 200 осудени лица. Во тек се подготвителни активности за реновирање на Полуотвореното одделение. Реконструкцијата ќе се реализира во почетокот на 2010 година со средства обезбедени од

Буџетот За растоварување на притворскиот капацитет, предвидено е формирање на притворско одделение во **Затворот Куманово** кое се очекува да бидат ставено во функција на крај на 2012 година.

Заради натамошно **подобрување на условите во казнено-поправните установи и обезбедување на поефикасно извршување на санкциите** во согласност со меѓународните стандарди, подготвен е Предлог – проект "Реконструкција на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија" за одобрување на заем од страна на Банката за развој при СЕ. Целта на Проектот е зголемување на капацитетите и подобрување на условите за престој на затворениците, но и на вработените во КПД Идризово, ВПД Тетово, затворот Скопје и затворот Куманово.

Управата за извршување на санкциите во соработка со мисијата на ОБСЕ во Скопје и Надворешната Комонвелт канцеларија на Обединетото Кралство од септември 2009 година започна со имплементација на проектот "Пилотирање на затворските реформи во согласност со бараните ЕУ стандарди".Предвидено е проектот да заврши до април 2011 година. Целта на проектот е подобрувањето на системот за рехабилитација и ресоцијализација на осудените лица кои издржуваат казна затвор. Предвидените проектни активности треба да придонесат за развој и усвојување на Стратегија за рехабилитација и ресоцијализација на затворениците, потоа да се обезбеди помош за завршување на правната рамка која произлегува од Законот за извршување на санкции, да се започне и развива одржлива програма за обука на затворскиот персонал и за вработените во Центрите за социјална работа во согласност со меѓународните стандарди.Проектот ќе биде насочен кон подобрување на меѓу-институционалната координација на затворите и Центрите за социјална работа како и воспоставување на нов систем за третман на зависниците од дрога и алкохол во КПД Идризово.

Од ноември 2009 година започна да се имплементира МАТРА проект -"Зацврстување на националниот пенитенцијарен систем во согласност со меѓународните и европските стандарди".

Во насока на подигање и јакнење на кадровските капацитети во казнено-поправните и воспитно-поправните установи,во текот на 2009 година вработени се 214 лица, а во тек се постапки за вработување на уште 88 лица. Воедно, превземени се активности за здравствена заштита на затворската популација во казнено-поправните установи. Изготвена е **Програма за обука и едукација на вработените во казнено – поправните и воспитно поправните установи** која ќе биде основа за иницијална и континуирана обука на вработените од сите целни групи (за обезбедување, здравствена заштита и ресоцијализација). Согласно програмата изработен е Оперативен план за спроведување на обуките на вработените во овие сектори. Обуките на припадниците на секторот за обезбедување се започнати. Во текот на 2009 година се одржаа две обуки за постапување со специфични групи на осудени лица и работилница на тема проценка на личноста за новопримени осудени лица.

Во насока на обезбедување на почитување на човековите права од страна на надлежните органи и истражни инситуции, како и зајакнување на ефикасноста на истрагите за наводите од тортура или лошо постапување во согласност со Европските стандарди, со ИПА 2009 предвиден е **проект „Градење на капацитетите на надлежните органи за соодветен третман на притворени и осудени лица**". .

Преку ИПА 2007 објавен беше тендер за реновирање на ПС Тетово,а започнати се активности за реновирање на просториите за задржување во ПС Штип, ПС Гевгелија, ПС Прилеп, ПС Гостивар, ПС Центар, ПС Бит Пазар, ПС Карпош и ПС Гази Баба.

*Во однос на мерките кои се планираат да бидат преземени за реконструкција на просториите за задржување во полициските станици види поглавје 24 Правда, слобода и безбедност*

Министерствата и комисиите на Владата за решавање во управна постапка во втор степен, продолжија да одговараат на наодите на народниот правобранител. Од вкупно доставените 245 претставки, одговрено е во 203 случаи, по 29 преставки, постапка е сеуште во тек, додека по 13 сеуште не е постапено.

Имплементацијата на Законот за правна положба на цркви, верски заедници и религиозни групи се одвива тековно. Регистарот за правниот субјективитет се води во Основниот Суд Скопје 2 Скопје.Нема нерешени предмети и заостанати апликации

**Економски и социјални права**

Приоритет во текот на 2010 година ќе биде усвојувањето и имплементацијата на **Закон за превенција и заштита од дискриминација**, во согласност со коментарите од ОДИХР и Венецијанската комисија.Секторот за еднакви можности во соработка со Британскиот совет во Скопје, ќе изработи програма наменета за обука на обучувачи од областа на антидискриминацијата на централно и локално ниво. Во рамки на Програмата на заедницата за вработување и социјална солидарност ПРОГРЕС, во текот на 2009 година граѓанскиот сектор (две невладини организации), со финансиска поддршка на Министерството за труд и социјална политика го реализира проектот „Македонија без дискриминација" заради натамошно зајакнување на јавната свест на полето на недискриминацијата по сите основи, а особено свеста кај младите за еднаквоста и постоењето на различноста помеѓу граѓаните. Проектот има за цел и подобрување на правната рамка и на капацитетите на релевантните чинители, како и промовирање на партнерството помеѓу националните и

локалните власти, граѓанското општество и експертската јавност за воспоставување на механизми за следење на прашањето на недискриминацијата по сите основи.
Врз основа на утврдените приоритети од **Националниот план за акција за родова рамноправност** 2007-2012, изработена е Оперативната програма за имплементација на планот за 2009 година, во соработка со назначените координатори во ресорните министерства. Секторот еднакви можности во соработка со мисијата на ОБСЕ во Скопје изработија програма за реализирање на обуки за зајакнување на капацитетите на националната машинерија за родова рамноправност со координаторите за еднакви можности. Беа реализирани 3 обуки.

Во делот на имплементацијата на Законот за еднакви можности на жените и мажите и воспоставувањето на механизмите за родова рамноправност на национално и локално ниво досега се именувани координатори во сите министерства. Формирани се Комисии за еднакви можности на жените и мажите во 75 Совети во единиците на локалната самоуправа , додека од вкупно 84 именувани се 75 координатори. Во соработка со УНДП, Секторот за еднакви можности ја имплементира едногодишната програма за ,,Подршка на комисиите за еднакви можности на мажите и жените во единиците на локалната самоуправа,,.Заради зајакнување на координативната улога за родови на Секторот за еднакви можности, во 2009 година вработени се две лица.
Во декември 2009 година, назначен е советник за правна заштита за дискриминација по основ на род- правен застапник кој ќе постапува по жалбите за нееднаков третман.
Во текот на 2010 година, ќе продолжат активностите за имплементација на **Законот за еднакви можности на жените и мажите** на локално и централно ниво, преку јакнење на капацитети на комисиите и координаторите за еднакви можности во единиците на локална самоуправа и во рамки на министерствата,. Воедно, ќе бидат реализирани и серија на обуки за овие координатори.

Како една од редовните активности, во текот на 2010 година планирано е да се изработи Оперативниот план за 2010 година за имплементација на Националниот план за акција за родова рамноправност 2007-2012.
Направена е родова анализа на статистичките податоци од статистичката публикација "Жените и мажите во Република Мекедонија, 2008 година" на Државниот завод за статистика, во однос на состојбата со половата застапеност во основното, средното образование, наставниот кадар и вкупниот број на запишани и дипломирани студенти во државните и приватните високообразовни установи во Република Македонија.
Во соработка со УНИФЕМ канцеларија во Скопје во 2009 година се реализира едногодишна програма за внесување на родовиот концепт во буџетските политики . Изработен и **Прирачник за родово буџетирање наменет за државните службеници**. Предвидено е родовиот концепт да биде земен во предвид при подготовката на буџетот за 2011.

Министерството за труд и социјална политика, Секторот еднакви можности во партнерство со Академијата за обука на судии и јавни обвинители,во 2009 година реализира 4 обуки наменети за судиите, јавните обвинители и претставници на Народниот правобранител заради нивно запознавање со институционалните механизми и релевантни стратешки документи од областа на еднаквите можности и родовата рамноправност,
Во насока на имплементација на Резолуцијата на ООН 1325, за учеството на жените во превенцијата и мирно решавање на конфликтни ситуации, изработени се програми за обука на припадниците на вооружените сили, мировните мисии од Армијата на РМ, од перспектива на родовата рамноправност и правата на жените. Инкорпорирањето на родовиот концепт во областа на безбедноста и одбраната ќе се реализира во соработка со Министерството за одбрана.

Направена е анализа на релевантна законска регулатива и граѓански дневници за надминување на нееднаквиот третман и пристап на жените Ромки до услугите на државните институции, согласно активностите од Националниот акционен план за унапредување на статусот на жената Ромка, Спроведена е обука за обучувачи за остварување на правата на жената, како дел од човековите права и реализираи се работни средби на локално ниво со жени Ромки од заедницата.
Во текот на 2010 година ќе биде спроведено истражување за положбата на жените од руралните средини, како и обука за родово сензибилизирање за жените од руралните средини на околу 350 лица.
Во текот на 2010 година, во делот на превенција и заштита на жртвите на трговија со луѓе ке се изработат подзаконски акти за имплементација на Законот за социјална заштита во однос на заштитата на жртвите на трговија - домашни државјани. Ке бидат реализирани обуки за имплементација на Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе.

Во тек е имплементација на **Националната стратегија за заштита од семејно насилство** 2008 – 2011 **година**, во чии рамки идентификувани се приоритетните области за подобрување на системот за социјална заштита во однос на семејното насилство, утврдени се понатамошните чекори и усогласени се координирани мерки и активности на надлежните институции во соработка со граѓанскиот сектор. Формирано е и работи **Национално координативно тело** кое ја следи и оценува имплементацијата на Стратегијата.

За изградба на капацитетите за борба против семејното насилство и работа со жртви на семејно насилство, одржани се обуки за справување со семејно насилство за претставниците на центрите за социјална работа, здравствените институции, полицијата, единиците за локална самоуправа, претставници на невладини организации кои работат во оваа област, како и обука за судиите и јавните обвинители.
Во веќе формираното Советувалиште за работа со жртви на семејно насилство во Скопје 20 жртви на семејно насилство се стекнаа со животни вештини за полесно надминување на состојбата.Превземени се соодветни активности за сензибилизација на 30 универзитетски професори за воведување на семејното насилство како дел од наставните програми и содржини. Во фаза на подготовка е Програма за реинтеграција на жртвите на семејно насилство, која ќе овозможи економско јакнење на 150 жени преку подршка во креирање на сопствени мали бизниси ,обука и прекфалификација.
Во текот на 2009 година изработен е **Правилник за нормативи и стандарди за здруженија на граѓани кои даваат правна помош на жртви на семејно насилство** заради подобрување на системот на заштита на оваа ранлива категорија. Во тек е спроведување на Национална кампања за борба против семејното насилство која има за цел подигнување на свеста на населението.
Во функција на успешна имплементација на **Акционен план за превенција и справување со сексуална злоуптреба на деца и педофилија** 2009-2012 формирано е Национално координативно тело. Изработена е нацрт верзија на Протокол за постапување во случаи на пријава на сексуална злоупотреба и педофилија, како и Кодекс на однесување на новинарите за конструктивно дејствување насочено кон превенција од насилство на децата.

Во текот на 2009 сензибилизирани се 30 стручни работници за препознавање на проблемот на деца жртви и превземање на соодветни мерки на заштита кои работат на Националната СОС линија во рамки на Првата детска амбасада во светот ,,Меѓаши,,.
Република Македонија ја потпиша Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба на 26.10.2009 година. Во текот на 2010 ќе се пристапи кон нејзина ратификација.

Во 2010 година ќе биде изготвена анализа за усогласеноста на националното законодавство со Конвенцијата за правата на детето на ОН од ноември 1989 година на основа на која ќе се идентификуваат идните законодавните активности за нејзина имплементација. Националната Комисија за правата на децата продолжи со активностите за унапредување и заштита на правата на децата.Во текот на 2009 година од страна на Комисијата публикувани беа брошури наменети за три возрасни групи на деца (за предучилишна возраст, за основно и средно образование), на јазиците на кои се одвива наставата во Република Македонија (македонски, албански, српски и турски) Во периодот 2010-2011 година активностите на Комисијата ќе бидат фокусирани на воспоставување систем за собирање на податоци во однос на пакет индикатори кои се однесуваат на децата и зајакнување на капацитетите за мониторирање на спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето и Националниот Акциски план за правата на децата во Република Македонија 2006-2015
Завршени се покренатите дисциплински постапки против вработените во Демир Капија поради наодите за лош третман на пациентите.
*Во однос на активностите за мерки за деца со посебни потреби и за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација види поглавје 19 Социјална политика и вработување*
Во јуни 2009 година започна да се применува **Законот за малолетничка правда**. Сите активности од Акцискиот план 2008-2009 година се реализирани со техничка и финансиска поддршка на Канцеларијата на **УНИЦЕФ** во Скопје Во насока на ефективна имплементација на Законот, направено е **усогласување на националната правна рамка** со следните законските измени: Законот за дополнувања за Законот за Кривична постапка (Сл.весник на РМ бр. 67/09) и Законот за изменување и дополнување на Законот за медијација (Сл.весник на РМ бр.52/09).

Воспоставени се регистри за евидентирање на примените известувања за деца и малолетници во ризик и применети мерки на помош и заштита на деца и малолетници во ризик. Исто така, изготвени се Стандарди за воспоставување на простории за работа со деца во Центрите за социјална работа и Водич со стандарди за постапување со деца во ризик и малолетни сторители на кривични дела.За промоција на системот за малолетничка правда изработени се: **публикации**, **анализи**, **прирачници**, **наставни планови и учебни помагала**.

Во подготовка е ревизија на Акцискиот план за спроведување на Законот за малолетничка правда од 2010-2011. Во текот на 2010 ќе продолжи **спроведувањето на Законот за малолетничка правда врз основа на Акцискиот план** (2010-2011) со цел подигање на капацитетот на институциите за спроведување на Законот и превенција на малолетничката деликвениција. За таа цел ќе се реализираат следните активности согласно ревидираниот Акционен план :

1. **Градење**, **унапредување и спроведување на нормативната рамка за малолетничка правда**;
   -Усвојување на измени и дополнувања на Законот за малолетничка правда;
2. **Јакнење на институционалните и човечки капацитети за спроведување на Законот за малолетничка правда (обуки**, **просторни капацитети**, **опрема**) **и**

3. **Превенција од малолетничко престапништво на локално и национално ниво** (**изработка на Стратегија и акциони планови за имплементација на локално ниво**, **кампањи за подигање на јавна свест**).

Во однос на **градењето на институционалните и човечките ресурси**, изработени се програми за обуки на: судиите и јавните обвинители, полициските службеници, стручните лица во центрите за социјална работа и адвокатите. Реализирани се повеќе обуки со околу 500 учесници.. Обуките за адвокатите и програмата за обука за казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови се реализирани и со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.
За воспоставување на Дисциплинскиот центар, идентификуван е соодветен објект и изведени се градежните работи за адаптација на просторот. Спроведени се почетни обуки на стручниот кадар и во тек е изработка за програма за работа на Центарот. За **превенцијата од малолетничко престапништво**, конституиран е **Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво**.
Одржани се **обуки** на 7 **стручни тимови за работа во едукативните центри** (групна работа со родителите на децата во ризик и малолетни сторители на кривични дела).
Во рамки на **ИПА** 2008, од 2010-2012 година ќе се реализира грант за реформа на системот за малолетничка правда во износ 800.000 евра (од кои 700.000 евра се средства од ИПА, а 100.000 евра се средства од УНИЦЕФ). Главните цели на проектот се градење и спроведување на нормативната рамка и стандардите за системот на малолетничка правда, јакнење на националните капацитети за спровдување на реформата и превенција од малолетничка деликвенција на локално и национално ниво.
Во наредниот период, ќе се настојува да се развие сеопфатен социјален дијалог со социјалните партнери, во однос на трудовите права и синдикатите.

**Малцински права**, **заштита на малцинствата и културни права**
Во 2009 година беше одредена посебна буџетска ставка за операционализација на Агенцијата за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија. Истата е технички опремена. Во септември 2009 година беа вработени 2 лица, а во тек е постапка на вработување на уште 4 лица. Изработен е Стратешки план 2009-2011 во кој се утврдени приоритетите за работа.

Согласно Програмата за вработување на припадниците на заедниците, во текот на 2009 година реализирани се вработувања на вкупно 1303 државни службеници од кои 59 се спогодбено превземени од министерствата. Во наредниот период, ќе продолжи распределбата на веќе вработените државни службеници.Донесена е програмата за вработување на припадниците на етничките заедници заради зголемување на правичната застапеност. Согласно Стратегијата за правична застапеност за подобрување на правичната и адекватна застапеност предвидени се 1600 вработувања на државни службеници во текот на 2010 година, за кое се предвидени средства од К5 програмата (380.933,00). Акцент ќе биде ставен на вработување на немнозинските заедници, посебно ромската и турската заедница како особено непретставени.
Во соработка со Министерството за информатичко општество и Агенцијата за државни службеници подготвен е план за воспоставување на единствен систем за собирање на податоци за целиот јавен сектор во однос на правичната застапеност. Формирањето на овој систем е предвидено за текот на 2010 година. Во секоја институција ќе има одговорно лице кое ќе биде задолжено да внесува податоци за вработувањата по основ на правична застапеност.

Законот за јазиците зборуван од најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија се применува во Собранието на Република Македонија и во дел од единиците на локална самоуправа каде тоа го овозможуваат техничките услови. Во наредниот период ќе се преземат активности за негова примена и во други државни институции каде тоа досега не беше случај.
Беше подготвена Програмата за обука за 2009 година за Секретаријатот за спроведување на рамковен договор во склоп на програмите од Генералниот Секретаријат како и под- програма за вработување во државна администрација на најуспешни дипломирани студенти кои имаат просек на оценка над 8.5 од сите универзитети во државата кои се припадници на етничките заедници. Потпишани се меморандуми за соработка со два државни универзитети и Универзитетот на Југо-источна Европа за вработување на овие студенти.
Од јануари 2010 година ќе започне да се спроведува проектот (ИПА 2007) за јакнење на капацитетите и поддршка на Секретаријатот за спроведување на рамковен договор во процесот на спроведување на стратегијата за Правична Застапеност.
Вработени од секретаријатот присуствуваа на Висока Административна Обука (во соработка со Франција), како и на обука за ИПА – структурални фондови обука од Матра програмата во Холандија .
Именуван е Државен Секретар на Секретаријатот за спроведување на Охридскиот Рамковен Договор
Согласно стратешкиот план на Секретаријатот за Спроведување на Охридскиот Рамковен договор предвидено е изработка на Акционен план за обука за преведувачи кои ќе бидат вработени и распределени по министерства.

Донесена е Стратегијата за комуникација и информирање за процесот на спроведувањето на Рамковниот договор за 2009-2011 заедно со Акционен план, а во наредниот период фокусот ќе биде ставен на нејзината имплементација, особено во однос на  градењето свест за процесот на спроведувањето на рамковниот договор во РМ, подобро разбирање на принципите кои произлегуваат од рамковниот договор, промените во ставовите на јавноста, како и  поширока употреба на логото "Имплементираме за подобра иднина". Ќе се врши редовното испитување на јавното мислење, следење на покриеноста во медиумите итн.

Секретатријатот за спроведување на Рамковниот договор во соработка со УНДП, УНИЦЕФ и УНЕСКО, во наредните 3 години ќе го имплементира проектот "Подобрување на меѓу- етничкиот дијалог и соработка на заедниците".Проектот ќе се спроведува во Кичево, Куманово и Струга , каде националната структура  е во ист сооднос. Фокусот ќе биде ставен на изработка и имплементација на Стратегијата за интеграција на деца кои доаѓаат од различни етникуми.

Политиките и активностите за **инклузија на Ромите** во Република Македонија се предвидени во рамки на Националните Акциони и Оперативни Планови од Стратегијата за Ромите во Република Македонија и Декадата за вклучување на Ромите. Во 2009 година се имплементираше проектот  *вклучување на Ромските деца во предучилишно образование* (детските градинки)- заеднички проект на МТСП, РЕФ и 15 единици на локална самоуправа.  Се реализираше во 15 детски градинки низ државата во кои во текот на учебната 2008/2009 година беа  опфатени 243 деца Роми на возраст од 4.5 до 5.5 години,а ангажирани се 16 негувателки од Ромската етничка заедница, кои ќе работаат во детските градинки.
Продолжија активностите на 8те  *Ромски информативни центри*. Во текот на 2009 година  Министерството за труд и социјална политика и вработените во Ромските Информативни Центри изготвија Акционен План  за 2010 година за нивно поуспешно функционирање.
МТСП во соработка со ИОМ, АВРМ и две Невладини Организации од Скопје и Тетово, имплементираа проект за градење на капацитети и директни активности за превенција на илегална миграција и трговијата со луѓе кај ромската заедница преку зајакнување на трудовите вештини.  Проектот ќе обезбеди стручни курсеви и тренинзи на работно место за вкупно 75 Роми на возраст од 18 до 30 години и Тренингот на работното место за 40 Роми (20 од Скопје и 20 од Тетово). Тренингот на работното место ќе се спроведе во идентификувани компании и ќе трае во период од четири месеци.
Во рамки на проектот вработување на Роми преку обука, во 2009 година вработени се 22 лица Роми, регистрирани во АВРМ.
Подготвен е **Акциониот План за вработување на општина Шуто Оризари и истиот е усвоен од страна на Своетот**.

Во текот на 2010 година ќе се подготви Национален Акционен и Оперативен План за приоритетната област ,,Социјално вклучување на Ромите,,од Националната Стратегија  за Ромите во Република Македонија
Заради надминување на проблемот за вклучување на здрави ромски деца во специјални училиште , предвидено е формирање на четири регионални центри за издавање на наоди и мислење за вклучувањето на децата во специјални училишта и ќе се формира второ-степена комисија која ќе врши увид на издадените наоди и мислења.

Министерството за внатрешни работи во координација со Министерството за труд и социјална политика е вклучено во имплементација на проектот "Социјално вклучување и пристап до човекови права на Роми, Ашкали и Еѓипќани во западен Балкан". Целна група на проектот се маргинализирани групи на кои им се дава бесплатна правна и финансиска помош при обезбедување на лична документација, регистрација на живеалиште, престојувалиште, регулирање на законски престој во и аплицирање за државјанство на Република Македонија.Правната мрежа дејствува во Скопје, Тетово, Гостивар, Прилеп, Битола, Кичево и Куманово. Од утврдените 2834 лица за кои треба да се покренат 4945 процедури, до август 2009 година дадена е бесплатна правна и финансиска помош  при обезбедување на 2639 различни документи за 1630 лица.

Истовремено се имплементираат и неколку проекти насочени кон зајакнување на вклученоста на Ромите во *образованието* и тоа проекти за подобрување на успехот и стапката на задржување на Ромите во основното образование, проекти за зголемување на бројот на Роми со завршено средно образование, обезбедување на стипендии и менторска помош за учениците Роми итн. За доделување на стипендии на средношколци за учебната 2008/2009 година, беа издвоени 6,000,000 денари..
Беа реализирани и активности во насока на *подобрување на инфраструктурата* во населбите во кои живее претежно ромско население. Со финансиски средства обезбедени од Буџетот на РМ (5 000 000 ден), од локалната самоуправа, како и од странски донации се реализираат проекти за изградба и подобрување на водоснабдителните и канализационите системи, за изработка на урбанистички планови, реконструкција на улици.

Особено внимание се посветува на програмите за вклучување и поголема опфатеност на ромското население во системот на *здравствена заштита* и подобрување на пристапот кон здравствените услуги. Се спроведуваат активности за редовна вакцинација на децата Роми, едукации за превенција од ХИВ/СИДА во ромската заедница, контрола и едукација за туберкулоза, спроведување на бесплатни гинеколошки прегледи на жени Ромки итн.

Во текот на 2009 година 3 лица се вработени во Одделението за имплементација на Стратегијата и Декадата за Ромите, а за 2010 година се планира негово дополнително зајакнување. Исто така, планирано е имплементирање на програма за нивна обука и градење на нивните капацитети за поуспешно координирање и реализирање на мулти-ресорските активности за инклузија на Ромите. Овие активности ке се спроведат и со одобрениот проект од Компонентата 1 од ИПА во износ од 600.000,00 евра кои ке можат да се користат во текот на 2010 год.

Во делот на активностите за **социјално вклучување на Ромите**, ќе се продолжи со имплементација на Акционите Планови од Стратегијата за Ромите во РМ и Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015. За нивна имплементација во буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2010 година алоцирани се 9,340,000 денари за следниве проекти:

Планирано е изготвување на акциони планови за спроведување на политиките за вклучување на Ромите во областите како што се човекови права и политичка партиципација, култура на Ромите.

Во текот на 2010 година ќе продолжи функционирањето на 8 **Ромски Информативни Центри** како партнерски проект со Ромски НВО, а предвидено е и одржување на дополнителни обуки на вработените за посредување при обезбедување на потребни документи за идентификација. Во текот на 2010 година ќе бидат отворени и дополнителни 4 Ромски информативни центри.

Предвидено е во рамките на Оперативниот План за вработување да се имплементира посебна Програма за вработување на Роми преку самовработување.

Проектот „**Инклузија на децата Роми во предучилишното образование**" ќе продолжи да се имплементира во учебната 2009/2010 година во 19 општини со вклучување на 367 деца од Ромската етничка заедница, вработување на 19 негователки Ромки и вклучување на 19 партнерски Ромски НВО.

Во текот на 2010 година ќе се започне имплементирање на на Проектот "Условни Парични Трансфери" за корисниците на социјална помош кои ке добиваат дополнителна финансиска поддршка доколку нивните деца редовно ја посетуваат наставата во Средните училишта.

На учениците Роми од средните училишта со просек 3.0 за учебната 2009/2010 година од прва, втора и трета година ќе им бидат доделени стипендии и обезбедени ментори или тутори.

На среднорочен план, приоритет ќе претставува континуираната и доследна реализација на целите кои се зацртани во усвоените стартешки документи - Националната стратегија за Ромите во Република Македонија и Декадата за вклучување на Ромите. Ќе се ревидираат Националните Акциони и Оперативни Планови од Стратегијата и Декадата за Ромите.

Од 1 Јули 2011 година Македонија ке преседава со Управниот Комитет на Декадата во чии рамки ќе бидат организирани работилници и Конференции за приоритетните области од Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015

Проектите за: ,,Вклучување на децата Роми во предучилишното образование,, ,,Ромските Информативни Центри,, и од Оперативниот План за вработување наменети за Ромската популација ке продолжат да се имплементираат и во 2011 година

## 1.3 РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

Република Македонија, во рамките на својата проактивна политика за развој на добрососедските односи и регионалната соработка, остварува активно учество во ***регионалните иницијативи*** - Процесот за соработка во ЈИЕ (ПСЈИЕ), Советот за регионална соработка (СРС), Централно-европската иницијатива (ЦЕИ), Регионалниот SECI Центар во Букурешт и придонесува во постигнувањето на целите дефинирани со нивните планови за активности. Учествуваше на Самитите на ПСЈИЕ (Кишињев, јуни 2009) и на ЦЕИ (Букурешт, ноември 2009), на кои беа усвоени нивните Планови за активности во наредниот период, како и на состаноците на Одборот на СРС и на Националните координатори на СРС, давајќи го својот придонес во исполнувањето на Стратегиска работна програма на СРС за перидот 2008–2009, како и во дефинирањето на перспективите на регионалната соработка за периодот 2011-2013 година. Оствари активно учество и на средбите на националните координатори и на министерските средби на Алијансата на цивилизациите.

Во јануари 2009, Македонија го презеде претседавањето со Регионалната иницијатива за превенција и подготвеност за катастрофи (DPPI) и со Форумот за информатички технологии, а во текот на 2009 претседаваше (до мај) со Регионалниот форум MARRI (Миграции, азил и враќање на бегалците). Експерти од Македонија се именувани на извршни функции во други програми во рамки на СРС, како на пример Реформа на образованието, Центарот за безбедност (RACVIAC), Регионалниот центар на MARRI и Транспортната опсерваторија. Исто така, покрај MARRI Центарот, на наша иницијатива седиште во Скопје добија и Здравствената мрежа на ЈИЕ, Постојаната работна група за одржлив рурален развој (SWG) и Мрежата на асоцијации на локалните власти во ЈИЕ (NALAS), последните две непосредно вклучени во работата на СРС.

Македонија беше активен учесник и во други облици на соработка во регионот, особено во контекст на евроинтеграцијата. Беше домаќин на Втората регионална министерска конференција за европска интеграција на државите од Процесот за стабилизација и асоцијација, на Третиот координативен состанок за ИПА повеќе-корисничката програма (Скопје, ноември 2009), на конференцијата "*Partnership and Dialogue - Preconditions for Good Governance for Implementation of the EU*

*Environmental Acquis* “ (мај 2009, Национален парк Маврово), *XIV Биенале на млади уметници од Европа и Медитеранот* (на кое учествуваше и комесарот Ј.Фигел, септември 2009, Скопје), Третата регионална конференција “*Trade Facilitation, the Single Window and Data Harmonization*“ (декември 2009, Скопје), итн.

Македонија и во наредниот период ќе продолжи активно да придонесува во регионалната соработка, при што акцент ќе се стави на:

- Унапредување на политичката соработка на сите нивоа, вклучително и на експертско ниво, во функција на процесите на европските интеграции, а особено на прашањата од поширок регионален интерес, како што се: прекуграничната соработка, транспортот и енергетиката, заштитата и унапредување на животната средина, борбата против организираниот криминал, нелегалната трговија со луѓе, илегалната миграција, и реадмисијата, управувањето со границите, здравствената заштита;
- Промоција на соработката во рамките на Процесот за стабилизација и асоцијација, преку потпишување соодветни билатерални спогодби со земјите кои склучиле Спогодба за стабилизација и асоцијација со Европската унија;
- Имплементација на приоритетите во рамките на Процесот за соработка во Југоисточна Европа, Советот за регионална соработка, Централно-европската иницијатива, и SECI – центарот во Букурешт.
- Унапредување на економската и трговската соработка, особено преку имплементација на Договорот за слободна трговија CEFTA 2006, Енергетската заедница за Југоисточна Европа, Договорот за единствена европска воздухопловна област (ECAA), како и учество во преговорите за Транспортна заедница.
- Зајакнување на соработката во рамките на трилатералните (погранични) проекти.

Македонија останува посветена на развојот на ***билатералните односи со соседите и со земјите од регионот***.

Македонија остана определена да продолжи со проактивниот приод за градење добри односи и развивање сестрана соработка со **Република Грција**. Потврда за тоа се серијата иницијативи покренати или обновени во 2009: за склучување Декларација за пријателство, добрососедство и соработка, формирање Заеднички комитет за образование и историја, Рамковниот предлог за градење мерки на доверба и унапредување на билатералните односи, за формирање заеднички комитет кој би ги разгледувал сите евентуални инциденти што би се случиле од двете страни на границата (поттикнат од немилите настани со македонските и грчките туристи во март 2009), инфраструктурни проекти во функција на граѓаните на двете земји во пограничниот појас: отворање на граничниот премин Маркова Нога-Герман, отворање нов граничен премин Николиќ–Дојрани, кој би имал исклучително економско значење за грчкиот бизнис кој е концентриран во овој регион, договорно регулирање на економската соработка, поконкретно, склучување договор за одбегнување на двојното оданочување. Исто така, беше предложено подигнување на нивото на дипломатското претставување во двете земји од Канцеларии за врски во Амбасади. За жал овие иницијативи останаа без одговор или беа одбиени.

Во врска со билатералната разлика со Грција околу нашето уставно име, Македонија остана активно и конструктивно ангажирана во процесот на разговори за надминување на разликата што се одвива под медијаторство на ОН, кој сепак беше на извесен начин „замрзнат“ заради двата изборни циклуси во Грција. По вонредните парламентарни избори и смената на власта во Грција, се очекуваше дека ќе има извесно нормализирање на односите на билатерален план, и поповолна клима и унапредување на процесот на разговори во рамките на ОН. Кон крајот на 2009, дојде до две средби на Премиерите (Брисел и Преспа), како и средба на Министрите за надворешни работи на маргините на Министерскиот состанок на ОБСЕ (Атина). И покрај изменетата реторика, новата грчка влада остана на позициите за име со географска одредница за сите употреби, дополнета со уште цела низа барања. Наспроти декларативниот став дека би сакала што поскоро да ги види сите земји од Балканот во Унијата, Грција се спротивстави Министерскиот совет на ЕУ на 7 декември 2009 да донесе одлука и определи датум за почеток на преговори за членство во ЕУ со Македонија.

Во врска со поднесената Апликација пред Меѓународниот суд на правдата во Хаг против Грција за кршење на членот 11 од Времената спогодба меѓу Македонија и Грција, во јули 2009 Македонија поднесе Меморандум во поткрепа на Апликацијата, а Судот го утврди 20 јануари 2010 како краен рок во кој Грција може да поднесе Контра-Меморандум, по што ќе бидат утврдени натамошниот тек на постапката и процесните дејства. Битно е да се подвлече дека Апликацијата има за цел да ја заштити билатералната Времена спогодба од понатамошни повреди, како меѓународен договор од суштинска важност за нормализацијата на односите со Грција и интегрирањето на Македонија во меѓународните организации, како и тоа дека предмет на Апликацијата не е прашањето за разликата околу името.

Во наредниот период, Македонија ќе продолжи со проактивниот и конструктивен приод на барање решение за надминување на билатералната разлика со Грција во однос на нашето уставно име согласно резолуциите на ОН и во рамките на процесот што се одвива под покровителство на ОН. Паралелно со тоа, сметаме дека нема и не треба да има

пречки во унапредувањето на билатералната соработка во многу области од заемен интерес, а пред се економијата, заштитата на животната средина, одбраната, итн.

Односите со **Република Бугарија** ги карактеризира интензивен политички дијалог и соработка во голем број области од заемен интерес што придонесува за конструктивна политичка соработка на билатерален и на регионален план. Во текот на 2009 година, во посета на Бугарија беа Претседателот на Република Македонија (10-11.02.2009г.), Претседателот на Собранието (04-06.03.2009), Вице-премиерот за европски прашања (22.04.2009г.), Претседателот на Владата (16.11.2009г.) и Претседателот на Република Македонија (19.12.2009). Редовно се одржуваат билатерални експертски консултации за ЕУ интеграцијата, врз основа на Меморандумот за соработка во европската и евроатлантската интеграција. Меѓу двете земји се` повеќе преовладува констатацијата дека е потребно да се надминат стереотипите од минатото и односите да се насочат кон европската иднина. Покрај унаредувањето на политичкиот дијалог на високо и највиско ниво и на економската соработка, фокусот во наредниот период ќе биде на приоритетните проекти за енергетско и инфраструктурно поврзување (железничката пруга Скопје-Софија, автопатот Куманово-Деве Баир-Софија, отворање на граничниот премин Берово-Сандански (целосно завршен од македонска страна), на културната соработка, соработката во рамките на Евро-регионите, итн. Освен тоа, постои иницијатива за организирање на заедничка конференција на медиумите и НВО и др. асоцијации за одбегнување на тнр. „говор на омразата“.

Односите со **Република Албанија** ги карактеризира континуиран политички дијалог, со висок степен на соработка и контакти во контекст на европските и евро-атланските интеграции. Во 2009 се одржаа политички консултации меѓу Министерствата за надворешни работи (Скопје, 10.03.2009), билатерална средба на Претседателите на двете земји (Драч, 02.06.2009), четирилатерална средба со претседателите на Албанија, Црна Гора и Косово (Валона, 23-24.06.2009), Претседателот на Албанија присуствуваше на инаугурацијата на новиот Претседател на Македонија (12.05.2009) и на отварањето на манифестацијата "Охридско лето" (12.07.2009) Посебна важност се посветува на економската соработка, која иако од година во година се повеќе се интензивира, е под реалните можности и интереси. Договорно-правната рамка меѓу двете земји е богата со потпишани четириесет и шест билатерални договори и други документи. Соработката во размената на искуства во процесот на евроинтеграцијата се одвива врз основа на потпишаниот билатерален Меморандум за разбирање од 17 јуни 2004. Со цел ефикасно спроведување на одредбите на Спогодбите за стабилизација и асоцијација на двете земји со ЕУ кои се однесуваат на регионалната соработка, во 2010 е предвидено склучување на билатерална Спогодба за соработка во контекст на процесот на пристапување во ЕУ. Се планира и реализирање на низа посети и средби на високо и највисоко ниво, поинтензивно промовирање на трговската размена, билатерално уредување на прашањата од социјално осигурување, завршување на граничниот премин Требиште-Џепиште. Од голема важност е и железничкото поврзување, со интензивирање на конкретни проекти, со посебен акцент на Коридорот 8.

Во односите со **Република Србија**, реализираните посети на високо и највисоко ниво (Претседателот на Собранието на Македонија на Белград на 16-18.03.09, Министерот за надворешни работи на Србија на Скопје, 07.05.2009, учеството на Претседателот на Србија на инаугурацијата на новиот Претседател на Македонија, 12.05.2009 и посетата на Премиерот на Македонија на Белград, 22.06.2009, кога се потпиша Спогодба за економска соработка меѓу двете земји.), потврдија дека двете земји имаат витален интерес за динамизирање на билатералните односи на сите полиња и покрај разликите во ставовите по одредени прашања (признавањето на Косово). Договорната состојба за меѓусебна соработка е релативно добра (22 договори, 5 протоколи и 10 поведени постапки за склучување на договори), а претстои потпишување на Договор за заштита и користење на културно-историските споменици и обележја на териториите на двете држави, како и Спогодба за основање на културно - информативни центри во Скопје и Белград. Во интерес на граѓаните на двете држави, е во текот на 2010 да биде отворен барем еден од проектираните нови гранични премини: Лојане–Миратовац, Огут–Трговиште и Голема Црцорија-Голеш, при што за последниот постои силен интерес од локалното население.

По признавањето на независноста на **Косово** на 09.10.2008 година, Владата на Република Македонија пристапи кон интензивирање на активностите за физичка демаркација на државната граница, по чие финализирање, на 16.10.2009 беше потпишан Договор за физичка демаркација на државната граница, а на 17.10.2009 беа воспоставени целосни дипломатски односи. Со тоа, Македонија даде уште еден конкретен практичен придонес во унапредување на добрососедските односи, безбедноста, стабилноста и соработката во регионот и пошироко, и стана прва држава во регионот со физички обележани граници со сите свои соседи. Министерот за надворешни работи на Косово беше во официјална посета на Македонија (6.11.2009). Амбасадата на Македонија во Приштина почна да функционира (од 10.12.2009), а се очекува отворање на Амбасада на Косово во Скопје во првото тромесечје од 2010. Веќе се отпочнати активности за склучување цела низа спогодби, меморандуми и протоколи (за економска и трговска соработка, одбегнување на двојно оданочување и поттикнување на инвестиции, од областа на правдата и правосудството, внатрешните работи и полициска соработка, во областа на одбраната, итн.). Приоритет во меѓусебните односи ќе биде економската соработка. Во функција на олеснување на комуникацијата, неопходно е да се разгледа можноста во текот на

2010 да се отвори уште еден граничен премин кон Косово, паралелно со активностите за проширување на постојниот (Блаце).

Билатералните односи со **Црна Гора** се во подем на сите нивоа, со постојани активности за унапредување на соработката и контактите. Во 2009 во посета на Црна Гора беа Претседателот на Македонија, во рамките на Самитот на Претседатели на земјите од ЈИЕ на тема „Разновидноста на културното наследство“ (3-4.06.2009); Министерот за одбрана (13-14.04.2009); Министерот за образование и наука во рамките на Конференција за финансирање на високото образование во услови на економска криза (27-29.10.2009); консултации меѓу Министерствата за надворешни работи (22.10.2009). Во однос на договорната состојба, покрај билатерални спогодби за соработка во областа на културата, здравството и медицинските науки, туризмот, заштита од природни и други катастрофи, за воспоставување воздушен сообраќај, беше склучен и Договор за двојно државјанство. Во 2010, покрај реализацијата на официјални посети на високо и највисоко ниво, предвидено е и склучување на Спогодба за соработка во контекст на процесот на пристапување во ЕУ.

Односите со **Босна и Херцеговина** во 2009 ги карактеризираше динамичен политички дијалог, со остварени посети на Босна и Херцеговина на Претседателот на Македонија (3-4.03.2009); Претседателот на Собранието (22-23.11.2009); Министерот за одбрана (9.03.2009); Заменик министерот за надворешни работи на средба со хомолозите од Босна, Хрватска, Црна Гора и Србија (14.03.2009); консултации меѓу Министерствата за надворешни работи, итн. Босна и Херцеговина е значаен трговски партнер на Македонија и се наоѓа во групата од 20 земји со кои се остварува најголем обем на трговска размена. Во наредниот период, ќе се работи на дополнување на правната рамка меѓу двете земји за одбегнување на двојното оданочување; соработка и заемна помош по царински прашања; соработка во образованието; ветеринарната; соработка во здравството и медицинските науки. Исто така, Македонија е подготвена да соработува во пренесувањето на искуства во контекст на процесот за визната либерализација со ЕУ.

Односите и соработката со **Република Хрватска** се во континуиран подем во сите области од заемен интерес, особено поради заедничките стремежи на двете земји кон европските и евроатлантските интегративни процеси. Посета на Македонија, во ноември 2009, оствари Претседателот на Владата на Хрватска. Во наредниот период, посебно внимание ќе биде посветено на средби и контакти во функција на операционализација на Спогодба за соработка во контекст на приближувањето и пристапувањето во ЕУ, а во контекст на подготовките на Македонија за процесот на пристапни преговори.

Односите со **Република Турција**, согласно Стратегијата за зајакнување на билатералните односи меѓу двете земји (Strategy for Reinforcement of Bilateral Relations Between the Republic of Macedonia and the Republic of Turkey) од 11.11.2008, го задржаа исклучително високото ниво на пријателство и непостоење на отворени или спорни прашања. Политичкото раководство на Турција и натаму цврсто го поддржува зачленувањето на Македонија во НАТО и во регионалните интеграции (Црноморска економска иницијатива) и во континуитет има принципиелни ставови за уставното име на нашата земја. Во 2009, посета на Турција оствари Претседателот на Македонија и Претседателот на Владата. Во наредниот период, покрај политичкиот дијалог, фокусот ќе биде на економската и трговската соработка, итн.

**МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ**

Република Македонија целосно соработуваше со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија. Согласно Законот за соработка помеѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд, а во соработка со ОБСЕ и меѓународната заедница, ќе продолжи следењето на сите постапки поврзани со предметите отстапени од Хашкиот трибунал.

Република Македонија ќе продолжи со исполнувањето на меѓународните обврски, пред сé на планот на обезбедувањето целосна соработка со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија по однос на предметите кои веќе се вратени од страна на МКТЈ.

Република Македонија ќе продолжи со напорите за изнаоѓање решение во врска со укажувањата на ЕУ за потребата од усогласување на билатералниот договор со Сад за условите за предавање лица на Меѓународниот кривичен суд со водечките принципи на ЕУ.

## II **ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ**

### I. **ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА**

#### 1) **Макроекономска стабилност**

Одржувањето на ценовната стабилност како крајна монетарна цел ќе продолжи и во 2010 година. Во тој контекст, сите мерки и инструменти на монетарната политика ќе бидат насочени кон остварување на ниска инфлација и стабилни инфлациски очекувања преку одржување на стабилен девизен курс, како посредна цел. И покрај оптимистичките очекувања, сеуште е висока неизвесноста околу динамиката на опоравувањето на светската економија од глобалната финансиска и економска криза, која во поблага форма ја зафати и нашата економија. Поради тоа, случувањата во екстерниот сектор на македонската економија и нивниот одраз врз движењата на девизниот пазар ќе претставуваат најголем предизвик за носителите на монетарната политика и во 2010 година.

**<u>Инфлација</u>**

Просечната стапка на инфлација во 2010 година се очекува да биде ниска и стабилна. Се предвидува истата да изнесува околу 2%, при што ваквата проценка се заснова на обновувањето на економскиот раст во земјата и светот, постепениот пораст на светските цени на нафтата и на цените на прехранбените производи. Постепената експанзија на домашната побарувачка која се очекува во текот на годината ќе има влијание во насока на умерен пораст на стапката на инфлација. Во 2010 година, главните нагорни ризици во поглед на инфлацијата произлегуваат од отстранувањето на диспаритетите кај административно контролираните цени на енергијата во Република Македонија, како и од евентуалниот побрз раст на цените на суровините на светскиот пазар од очекуваниот, додека задржувањето на платите во јавниот сектор на исто ниво и добро всидрените инфлациски очекувања ќе влијаат инфлацијата да се движи во рамки на проектираната стапка.

**<u>Економска активност</u>**

Проекциите за растот на домашната економија во 2010 година, се темелат на очекувањата за надминување на светската економска криза во земјите најголеми трговски партнери на Република Македонија, како и постепениот пораст на побарувачката за македонските извозни производи и зајакнувањето на домашната побарувачка. Дополнително, светското закрепнување ќе значи и реализација на бројните најавени инвестициски проекти во Република Македонија што ќе придонесе за интензивирање на економската активност.

Како резултат на преземените стимулативни мерки од страна на Владата, како и поради знаците на опоравување кај некои европски економии, се очекува закрепнувањето на македонската економија да започне во четвртиот квартал од 2009 година и да продолжи во текот на 2010 година. Анализирано од аспект на производствената страна на БДП, во 2010 година се очекува постепено опоравување на индустриското производство. Поради очекуваниот пораст на цените и побарувачката на најзначајните извозни производи на Република Македонија се очекува гранките кои се директно погодени од глобалната економска криза (металната и металопреработувачката индустрија, рударството, текстилната индустрија) постепено да го обновуваат трендот на бележење позитивен раст. Секторот градежништво ќе има позитивно влијание врз растот на БДП како резултат на спроведувањето на владината програма за инфраструктурен развој на земјата, изградбата на аеродромите и регионалните и локалните патишта. Секторот транспорт се очекува да се развива во согласност со случувањата во индустријата (со оглед на тоа што индустријата е најголемиот корисник на транспортните услуги). Во рамки на услужниот сектор, се очекува одредено интензивирање на стапките на раст кај финансиското посредување. Опоравување се очекува и кај трговијата, како резултат на постепеното обновување на потрошувачкиот ентузијазам. Највисок раст се предвидува дека ќе оствари телекомуникацискиот сектор, имајќи во предвид дека Република Македонија сериозно напредува во користењето на информатичката технологија и во процесот на дигитализација.

Анализирано од аспект на расходните компоненти на БДП, во 2010 година може да се очекува закрепнување кај инвестициите во основни средства како резултат на зголемената инвестициска активност на јавниот и на приватниот сектор. Поради очигледното надминување на кризата во светски рамки, се очекува враќање на инвестицискиот оптимизам и обновување на потрагата по дестинации со ниски трошоци во рамките на кои Македонија котира прилично високо. Личната потрошувачка се очекува да биде двигател на растот, имајќи ги во предвид очекувањата за номинален раст на платите и вработеноста и за раст на кредитите кон приватниот сектор. Извозот и увозот се очекува повторно да регистрираат позитивни стапки на раст, што при побрза динамика на увозот ќе значи негативен придонес кон растот на БДП од страна на размената со странство. Имајќи го предвид влијанието на сите овие фактори, се предвидува дека растот на БДП во 2010 година ќе биде умерен и ќе изнесува 2%, проекција која ја застапуваат повеќе меѓународни институции, меѓу кои и Меѓународниот монетарен фонд.

**<u>Надворешен сектор</u>**

Изгледите за екстерниот сектор на домашната економија за 2010 година се оценуваат како поповолни, споредено со претходната година и базираат на очекувањата за умерено опоравување на странската побарувачка и стабилизирање на пазарот на метали. Сепак, дефицитот во тековната сметка, и натаму се оценува да биде позициониран на релативно високо ниво од 9,4% од БДП (8% од БДП во 2009 година), под влијание на одредена група на фактори кои во 2010 година се очекува да делуваат во обратна насока. Ова главно се однесува на влошувањето во условите на размена согласно со очекувањата за раст на цените на нафтата, и натаму високиот увоз на стоки за широка потрошувачка и очекувањата за благо опоравување на домашните и странските инвестиции, кои на краток рок ќе предизвикаат дополнително интензивирање на увозот. Неизвесноста за ваквото сценарио е поврзана со глобалната економија и опасноста од "double dip" феноменот, што доколку се случи, секако би имало негативни импликации врз позицијата на билансот на плаќања. Сепак, клучен извор на потенцијални ризици се капиталните текови и доколку истите не се ефектуираат со очекуваниот интензитет, значаен дел од товарот за финансирање би паднал на девизните резерви, креирајќи неповолен амбиент за монетарната политика.

Од аспект на одделните компоненти на тековната сметка, во 2010 година се очекува умерено влошување на трговскиот дефицит (25% од БДП, наспроти 23,2% од БДП во 2009 година), при поинтензивен раст на учеството на увозот во однос на растот на извозот. Извозот на стоки се очекува да оствари номинален пораст од 9,8% на годишна основа, под доминантно влијание на извозот на метали, согласно прогнозите за порастот на побарувачката и цените, како и поради извозот на нафтени деривати. Од друга страна, високата енергетска зависност надополнета со континуираниот пораст на светските цени на нафтата, опоравувањето на извозниот сектор и очекуваниот благ пораст на инвестициската активност се очекува да резултираат со зголемување на увозот на годишна основа од 9,9% (на ФОБ основа). Високиот трговски дефицит, како и досега, во голема мерка се очекува да биде ублажен преку нето - приливите од тековни трансфери, кои во текот на 2008 и 2009 година беа исклучително нестабилна и тешко предвидлива компонента. Во 2010 година не се очекува поголема волатилност на тековите, а очекувањата на домашните економски субјекти се оценуваат како стабилни. Притоа, нето-приливите од приватни трансфери се очекува да забележат умерен пораст од 4,7% на годишна основа, при што во 2010 година би изнесувале 16,2% од БДП.

Првичните изгледи за среднорочниот профил на тековната сметка, укажуваат на одржување на голем трговски дефицит на среден рок и релативно голем јаз на тековната сметка, како резултат на зголемените приливи од СДИ и зголемувањето на домашната побарувачка (при поинтензивен процес на реална конвергенција). Потоа се очекува да преовладуваат позитивните ефекти од СДИ во однос на извозот, коишто би го стесниле дефицитот на тековната сметка. Сепак, глобалната рецесија и несигурноста во врска со траењето и јачината на кризата, го нарушува претпоставениот среднорочен профил. Сигурно е дека главниот удар ќе се почувствува во 2009 година, кога, и покрај надолното прилагодување на увозот, претпоставеното влошување на извозните остварувања, како и претпоставената натамошна надолна траекторија на приватните трансфери ќе оневозможат позитивни промени во тековната сметка. На среден рок, трендовите на тековната сметка во голема мера се условени од закрепнувањето на глобалната економија. Сепак, штом глобалната економија почне да закрепнува, треба да се очекува враќање на домашната економија во првичната состојба пред кризата, следејќи го претходно предвидениот модел.

**Јавни финансии**

Фискалната рамка за наредниот среднорочен период е конципирана на начин кој ќе овозможи натамошно јакнење на фискалната консолидација која се наметнува како потреба во посткризниот период. Буџетскиот дефицит ќе биде контролиран и во рамките на Мастришките критериуми, на тој начин овозможувајќи предвидлива фискална средина за економските субјекти. Ваквата фискална позиција ќе биде насочена кон поддршка на приватниот сектор и на севкупниот економски развој, истовремено обезбедувајќи фискална одржливост на среден рок. Реализацијата на фискалната политика на среден рок се базира на неколку основни постулати:

- одржување на макроекономската стабилност и обезбедување на постепено обновување на растот на БДП и негово враќање на нивоата од преткризниот период на експанзија;
- успешно спроведување на фискална консолидација која ќе резултира со одржување на контролирано ниво на буџетски дефицит и јавен долг;
- проектирање на приходи во кои се вклучени и ефектите од досегашните реформи во даночната сфера, а особено ефектите од ослободувањето од обврската за плаќање на данок на добивка и политиката на намалени социјални придонеси;
- проектирање на расходи кои ќе обезбедат рационално и наменско користење на средствата и зголемени инвестициски вложувања во патната и железничката инфраструктура, како фискално стимулирање на економскиот развој.

Согласно проекциите на приходите и расходите на Буџетот на Република Македонија, во наредниот среднорочен период планирано е одржливо ниво на фискален дефицит од 2,0-2,5% од планираниот БДП, кој во себе го вклучува дефицитот на

Централниот буџет и Буџетот на Агенцијата за државни патишта. Дефицитот на Централниот буџет во периодот 2010-2012 година е планиран на ниво од околу 1,6% -2% од планираниот БДП (вклучувајќи ги и повлекувањата на кредитите на буџетските корисници на сопствените сметки кои предизвикуваат дефицит од околу 0,3% од БДП), додека Агенцијата за државни патишта е предвидено да оствари дефицит од 0,4%. Финансирањето на дефицитот на Буџетот на РМ на среден рок главно ќе се обезбедува од странски извори, согласно политиката на помало домашно эадолжување. Екстерните иэвори вклучуваат кредити од меѓународни финансиски институции (меѓу кои и Раэвоен кредит эа буџетска поддршка од Светска банка во иэнос од 60 милиони долари), кредитни линии за финансирање на одделни проекти, како и эадолжување на паэарот на капитал. Определбата е постепено да се намалува домашното эадолжување преку државни хартии од вредност. Странското задолжување како извор на финансирање ќе го користат буџетските корисници за конкретни проекти и Агенцијата за државни патишта согласно склучените договори за изградба на одделни делници од магистралните патишта.

2) **<u>Слободно взаемно дејство на пазарните сили (приватизација)</u>**
Економските активности во Република Македонија се засновани на доминантна приватна сопственост со целосно функционирање на пазарната економија врз принципите на слободно взаемно дејство на понудата и побарувачката.

Натамошниот процес на приватизација ги опфаќа приватизациите на несуштински делови од јавните претпријатија и продажбата на претходно непродадените акции на државата или на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во постапката на трансформација на ЈП Македонски железници од двете друштва издвоени како несуштински дејности, едното е продадено (Ремонт на пруги и нискоградба ДООЕЛ – Скопје) а за другото друштво, Фабрика за шински возила ДООЕЛ - Велес, постапката за продажба на државниот капитал продолжува.

Преструктуирањето на ЈП Македонски железници е спроведено и со поделба на две нови претпријатија и тоа: Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Македонски Железници – Скопје и Акционерско друштво за транспорт Македонски железници Транспорт АД – Скопје (во државна сопственост).

Во рамките на активностите за приватизацијата на четирите големи компании: ЕМО АД Охрид, ОХИС АД Скопје, Тутунски комбинат АД Прилеп и Еурокомпозит АД Прилеп, завршена е постапка за претворање на побарувањата кон државата во траен влог во овие друштва (согласно посебен Закон), а во тек е изработка на длабински анализи од страна на консултанти, кои исто така активно ќе учествуваат во фазата на продажба на капиталот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и на државниот капитал, во овие компании.

3) **Непостоење на бариери за влез и излез од пазарот**
Еден од основните стратешки приоритети на Владата на Република Македонија е подобрувањето на бизнис климата на континуирана основа во Република Македонија. За таа цел преку систематско и континуирано ревидирање на постојната регулатива во Република Македонија ќе се поедностават и елиминираат несуштинските формалности и административни пречки кои го оптоваруваат секојдневното работење и делување на бизнисите и граѓаните со што ќе се овозможи подобрување на законската регулатива, зголемување на капацитетот на регулаторните тела кои го надгледуваат пазарот и ќе се воспостави редовен дијалог со бизнис заедницата.

Република Македонија е меѓу првите земјите во светот по брзина на регистрација на трговски друштва (4 часа) и има целосна електронска поврзаност на сите вклучени институции во постапката за регистрација на бизнис. Капацитетот на Република Македонија за електронско администрирање на податоци кои се предмет на обелоденување од страна на бизнис секторот согласно важечките прописи е развиен. Во таа насока подготвени се повеќе клучни проекти согласно програмата за развој на Централен регистар на Република Македонија коишто треба да реализираат во текот на 2009-2010 година. Сите овие проекти се опфатени со заедничкиот назив „Развој на едношалтерски систем – фаза 2“ и нивната имплементација ќе се одвива во 2010 година. Едношалтерскиот систем – фаза 2 опфаќа проекти за понатамошно унапредување на влезот и излезот од пазарот и тоа:

1. Е- регистрација - електронски систем за регистрација на трговски друштва и други правни лица;
2. E-bankruptcy/E-liquidation/Blacklisted directors - електронски систем за регистрирање на сите фази на стечајот и ликвидацијата и за црна листа на директори;
3. E-integration - Интеграција на Агенцијата за вработување, ПИОМ и Фондот за здравство во едношалтерскиот систем;
4. Disaster recovery system (Скопје/Штип) - Систем за спас на базите на податоци на Централниот Регистар на Република Македонија;
5. “XBRL” Стратегија -Стратегија за стандардизирање на електронската размена на финансиски и бизнис

информации и податоци во Република Македонија;

6 E-leasing/E-pledge - електронски систем за поднесување документи во регистарот за лизинг и заложниот регистар;

Со имплементирање на овие активности се очекува целосна електронска услуга при регистрација на трговски друштва, а со тоа и дополнително забрзување како и олеснување на процедурата.

До крајот на 2009 година ќе се заврши процесот на воспоставување на електронски регистар во Централен регистар за лица на кои им е забрането да се занимаваат бизнис поради изречени прекршочни санкции.

**Регулаторна гилотина**

Во насока на подобрување на деловното окружување и поедноставување на процедурите за вршење бизнис, Владата на Република Македонија на 28.11.2006 година со Одлука за воведување Гилотина на прописи, започна еден од најкрупните и најзначајни проекти за подобрување на вкупната економска активност – Регулаторна гилотина.

Во рамки на активностите за реализација на проектот „Регулаторна гилотина", до Владата на Република Македонија беа поднесени три сета на препораки и истите беа усвоени. Трите сета на препораки опфаќаат измена или дополнување на вкупно 545 прописи од кои 64 се закони а 481 подзаконски акти. Воедно со Проценка на влијанието на регулативата се постигнува поголема предвидливост и транспарентност при донесувањето на регулативата, активно вклучување на засегнатите страни преку консултации во сите фази на подготовка на регулативата и проценка на ефектите и трошоците од новата регулатива врз деловното окружување и граѓаните. За таа цел согласно Деловникот за работа на Владата на Република Македонија објавувањето на предлог на регулативата е задолжително на веб страната на министерствата и на Единствениот национален електронски регистар на прописи – ЕНЕР.

Како резултат на успешно спроведената Регулаторна гилотина во 2007 и 2008 година и како резултат на залагањата на Владата на Република Македонија на континуирана основа да се вршат анализи и реализираат препораки за подобрување на бизнис климата, се започна со втората фаза од проектот Регулаторна гилотина каде што институциите ќе бидат опфатени поединечно.

Акционен план како дел од антикризните мерки на Владата на Република Македонија беше усвоен во април 2009 година и истиот се состои од сет на 54 препораки согласно утврдена динамика чија имплементација ќе овозможи дополнително олеснување на царинското работење.

Мерките опфаќаат континуирано присуство на инспекциите на сите гранични премини, зголемување на административните капацитети на Царинската управа, намалување на документацијата, намалување на надоместоците, елиминирање на непотребните процедури, електронско поврзување со другите надлежни институции, соодветни законски измени и други мерки кои овозможуваат полесен проток и царинење на стоките.

Согласно досегашниот степен на реализација, од 54 мерки содржани во акциониот план, вкупно се реализирани 28 мерки, додека останатите мерки се делумно реализирани или пак нивната реализација е во тек.

**Проценка на влијанието на регулативата**

Правната рамка за Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) се донесе преку Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, Методологија за проценка на влијанието на регулативата и Одлука за формата и содржината на обрасците за проценка на влијанието на регулативата.

Законската обврска за сите министерства за спроведување на ПВР стапи на сила на 01.01.2009 година. Проценката на влијанието на регулативата (ПВР) во оваа фаза ги опфаќа сите Закони освен Законите кои се носат по итна постапка.

**Излез од пазарот**

Во рамки на активностите на Министерството за економија, во 2010 година значително ќе се зајакне институционалниот капацитет и транспарентноста во одвивањето на стечајните постапки во Република Македонија, преку подобрување на програмите за обуки и полагање испит за стечаен управник, проширување на дијалогот на сите вклучени актери во стечајните постапки, кадровско зајакнување на Комората на стечајни управници и техничка помош на обука на обучувачи по стечајно право и стечајни постапки.

4) **Соодветен правен систем** (**регулирање на имотни права**, **спроведување на законите и договорите**, **и ефективност на судскиот систем во врска со економски прашања**)

**Регулирање на имотни права**

Процесот на воспоставување на Катастар на недвижности на целата територија на Република Македонија продолжи и во 2009 година согласно акцискиот план на Агенцијата за катастар на недвижности. Заклучно со 2009 година процентот на востановен КН е 96 % (објавени во Службен весник на РМ), а преостанатите   проценти се планира да се завршат до крајот на вториот квартал 2010  година.

Во насока на понатамошно зајакнување на капацитетите на Агенцијата за катастар на недвижности како и со цел подобрување на работењето и услугите за граѓаните до крајот на месец септември 2009 година, Агенцијата за катастар на недвижности (во понатамошниот текст АКН) ги воведе следниве интернет услуги:

- Сервис за увид во катастарски податоци;
- Сервис за приказ на топографски карти;
- Сервис за увид во катастарски податоци со графички приказ за  катастарски општини каде има дигитален катастарски план;
- Сервис за пребарување на имотен лист по адреса;
- Сервис за приказ на геореферентни точки;
- XML сервис за нотари со приказ на товари.

Во рамките на Проектот „Електронски катастар“ АКН ги презеде следните активности:

- Имплементација на нов софтвер за е-катастар. Финалната верзија на системот ќе се имплементира до крајот на прв квартал на 2010 година;
- Во Центарот за КН - Скопје во тест фаза е софтвер за едитирање на Дигитални катастарски планови – МакЕдит (Софтвер за едитирање на дигитални катастарски планови) вторaта фаза за надградба на системот со функционалности  и отпочнување на тест период  се планира кон крајот  на 2010 година ;
- АКН изготви физибилити студија за дигитализација на катастарските планови на Република Македонија во јуни 2009 година;
- Преземен е регистарот за просторни единици од Државниот завод за статистика и започнат е процесот со векторизација на пописни статистички кругови;
- Изработена е физибилити студија за развој и имплементација за софтвер кој ќе треба да ги интегрира секундарните бизнис процеси;

Заклучно со крајот на септември  2009 година, воспоставена е активна  GNSS ( Global Navigation  Satellite System) мрежа на целата територија на Република Македонија преку поставени четиринаесет GNSS станици.

Системот на активни GNSS станици ќе биде во тест период на  работење до  крајот на 2010 година.
Исто така изготвена е студија за воспоставување на нова  нивелманска и гравиметриска мрежа во Република Македонија.

**Краткорочни планирани активности**

Во текот на 2010 година АКН продолжува со имплементацијата на голем број на проекти. Така во 2010 година се планира:

- Дигитализација на катастарски планови на територија на Република Македонија – пилот проект на 100 Катастарски Општини;
- Roll- out на е-катастар  на 5 подрачни одделенија низ РМ;
- Операционализација на ГПС референтни станици кои ја покриваат целата територија на Република Македонија;
- Развој на модел на податоци и стандарди за НИПП во АКН како  дел од Стратегијата за Националната Инфраструктура на Просторни Податоци (крај 2010 година);
- Развој  и интегрирање на ERP (Entreprice resource planning) систем со почеток во вториот квартал од 2010 година и завршување на имплементација на истиот на 31.12.2012 година;
- Е- комерц
- прва фаза на поставување на посттерминали,(рок на завршување 31.01.2010 година);
- втора фаза Плаќање на услуги преку платежните портали на банките, (рок на завршување 31.12.2010 година).

**Среднорочни планирани активности**

Во рамките на активностите на АКН за унапредување на работењето на Агенцијата во наредниот среднорочен период планирани се повеќе активности.

- Изработка на Стратегија за НИПП (Национална Инфраструктура на Просторни Податоци) - крај на 2011 година;
- Воспоставување на НИПП (Национална Инфраструктура на Просторни Податоци) крај на втор квартал 2012 година;
- активност - Владин Геопортал – завршување на имплементација крај на втор квартал 2012 година ( оваа активност е поврзана со претходната - Изработка на Стратегија за НИПП (Национална Инфраструктура на Просторни Податоци);
- активностWEBGIS(Веб Географски Информативен Систем) завршување на имплементација крај на втор квартал на 2012 година ( оваа активност е поврзана со Развој на модел на податоци и стандарди за НИПП);
- Е-комерц (Internet) почеток 01.01.2010 до крајот на 2012 година –
- Плаќање на услуги преку виртуелни портали (рок на завршување 31.12.2012) година, проект поддржан од Министерство за информатичко општество.

**Спроведување на законите и договорите**
Со цел да се обезбеди континуитет на судската реформа, во насока на зголемување на ефикасноста и јакнење на независноста на судството, ќе се продолжи со имплементација на Законот за судови и Законот за судски совет, примена на Правилникот за постапката и критериумите за следење и оценување на работата на судиите со кои се врши квантитативно и квалитативно оценување на работата на судиите, Законот за плати на членовите на Судскиот совет како и примената на Законот за судска служба.

Со цел уредување на платите на судиите, јавните обвинители и членовите на Судскиот совет на РМ и Советите на јавните обвинители на единствен начин, на 16.11.2009 година од страна на Собранието на РМ усвоени се Законот за плати на членови на Судскиот совет на Република Македонија и Законот за плати на членовите на Советот на јавните обвинители, воедно изготвени се Закон за Измени и дополнување на Законот за плати на судии и Закон за плати на јавните обвинители, кои се во собраниска процедура на донесување.

Со цел за обезбедување на подобар пристап на граѓаните до правдата и подобрувањето на бизнис климата во државата, во 2009 година донесен е Закон за судски такси, со кој се овозможува забрзување на судската постапка, од аспект на роковите за плаќање на судските такси, како и забрзување и поедноставување на постапката за присилна наплата на неплатени судски такси. Воедно, со законот е намалена вредноста на судските такси за 20%.

Согласно Одлуката на Уставниот суд У.бр. 231/08 од 16.09.2009 год. (Сл. весник на РМ бр.117/2009), изготвен е Предлог **Закон за изменување и дополнување на Законот за управни спорови**, со цел за запазување на правото на жалба во управниот спор и на принципот на двостепеност, на начин што се предвидува Врховниот суд на Република Македонија да постапува по жалбите на пресудите на Управниот суд, воедно со предлог законот се уредува и повторувањето на постапката, како и барањето за заштита на законитоста, кое може да го поднесе Јавниот обвинител.

Во текот на 2010 год. активностите на работната група ќе бидат насочени кон унапредување на управното законодавство, како во однос на Законот за управни спорови, така и во однос на **Законот за општа управна постапка**.

Во рамки на ИПА 2007 проектот за Поддршка за подобро, поефективно и помодерно функционирање на Управниот Суд ќе се спроведат активности кои ќе придонесат за поефикасно решавање на управните спорови, подобрување на имплементацијата на управното законодавство, јакнење на човечките ресурси, унапредување на организацијата и функционирањето на Управниот суд како и понатамошно подобрување на информатичкиот систем.

Ќе продолжат активностите за **унапредување на планирањето и менаџирањето со судскиот буџет**, врз основа на натамошна реализација на Програмата за инвестирање во судството. Согласно Програмата при подготовката на националниот Буџет за 2010 година, буџетските средства за судството треба да се зголемат и да бидат соодветни на процентот кој што е утврден како фиксен процент од БДП, со што би се постигнало напредок во планирањето на судските средства и воедно ќе се обезбеди стабилен извор на средства, одразувајќи ги реалните потреби на судството. За таа цел Судскиот буџетски совет до крајот на месец март 2010, ќе изготви **анализа за утврдување на фиксен процент од БДП за финансирање на судството**.
Во рамки на ИПА за 2010 година се планира поддршка за јакнење на капацитетите на Судскиот буџетски совет.

Во насока на зголемување на јавноста и транспарентноста во работењето на ССРМ се планираат активности за воспоставување на канцеларија за односи со јавност и објавување на одлуките на Советот. Исто така, со цел континуирано да се следи довербата на јавноста во судството, на интернет страната на ССРМ ќе биде прикачен банер за мерење на довербата на граѓаните во судството. Во рамки на ИПА за 2010 година се планира проект за јакнење на институционалните капацитети на Судскиот совет како гарант на независно и непристрасно судство.

Во 2010 година, ќе се имплементира ИПА проект за Понатамошно јакнење на судството кој ќе опфати активности за понатамошно спроведување на мерките за независно и ефикасно судство преку јакнење на институционалните капацитети на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за анализа на потребите за обуки на судиите и јавните обвинители, унапредување на системот за планирање и спроведување на обука, воспоставување на обука преку интернет (e-learning систем), развивање на децентрализирани центри за обука, модернизирање на библиотеката и веб страната на Академијата.

Во рамките на исполнување на стандардите за независно судство согласно Законот за судовите, во рамките на основните судови со проширена надлежност (вкупно 11) основани се специјализирани судски оддели, кои постапуваат по стопански спорови со што се обезбедува поефикасно решавање на постапките од таа област.

Со цел  за натамошно унапредување на судскиот систем и другите активности кои се во врска со приоритетот правна сигурност, брзи постапки и решавање на комерцијални спорови, навремено извршување на судските предмети ќе се преземат активности за имплементација на Измените и дополнувањето на Законот за извршување и префрлање на сите извршни предмети од судовите кај извршителите започнувајќи од 01.07.2010, а заклучно со 01.01.2011 година.. Во измените се предвидува нотарите по барање на доверителите да донесуваат решенија со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојни исправи, со кои што ќе дојде до растеретување на судовите од поднесените тужби со предлози за издавање на платни налози врз основа на веродостојни исправи. На овој начин се прави реформа во судството, со што ќе се растеретат судовите од огромниот број на тужби со предлози за издавање на платни налози врз основа на  веродостојна исправа, а судовите ќе одлучуваат само по спорните предмети.

Исто така, ќе биде изготвен Предлог - Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување во делот кој се однесува на надзорот над работата на извршителите, дисциплинска одговорност и именување на извршител во случај на престанок на работа на веќе именуван извршител.

Во рамките на исполнување на стандардите за независно судство согласно Законот за судовите, во рамките на основните судови со проширена надлежност (вкупно 11) основани се специјализирани судски оддели, кои постапуваат по стопански спорови со што се обезбедува поефикасно решавање на постапките од таа област.

Во правец на поефикасно решавање на споровите со решенијата од Законот за медијација, се уредува алтернативното, вонсудско решавање на споровите, со што судовите се растоваруваат од значителен број предмети и се обезбедува побрз и поекономичен пристап на граѓаните до правдата и ефикасно алтернативно решавање на споровите. Со цел да се согледаат ефектите од досегашната примена на Законот за медијација, а во насока на поголема применливост на законот и негова успешна имплементација во пракса, изготвена е Анализа за примената на Законот за медијација, како резултат на која се усвои Закон за изменување и дополнување на Законот за медијација во Септември 2009 година. Согласно измените, се дополнува полето на примена на медијацијата и во семејни и кривични спорови, се прецизираат надлежностите за организирање на обуки за медијатори и издавање на сертификати, се прецизираат надлежностите на органите на Комората на медијатори, се намалува времетраењето на постапката за медијација, се пропишуваат критериуми за награда и надоместок на трошоци за медијација, се менува одредбата за упатување на медијација од страна на суд, така што судот во текот на првостепена постапка може да ги упати странките спорот да го решат по пат на медијација, се  дополнува одредбата  во однос на постигнатата спогодба за медијација при прекин на судска постапка и номотехнички се подобрува Законот. Министерството за правда во соработка со Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ), изготви Прирачник за препознавање на спорови кои може да се решат по пат на медијација примарно наменет за судии и јавни обвинители. Во изминатиот период избрани се 98 медијатори. Статистичките податоци упатуваат на заклучок дека постепено се зголемува примената на медијацијата, како алтернативен начин за решавање на споровите, кој придонесува во намалување на предметите во севкупните резултати на работењето на судовите во Република Македонија. Во текот на 2009 и 2010 година ќе се зајакне организацијата на Комората на медијатори и функционирањето на медијацијата преку активности за подобрување на нејзината имплементација во пракса, информирање на граѓаните од страна на судот или други овластени правосудни органи во текот на првостепената постапка пред суд, за можноста за решавање на спорот по пат на медијација, зајакнување на капацитетите на медијаторите за постапување по предметите за медијација, преку развивање на програма за континуирана едукација, како и организирање на обуки, семинари и студиски посети, како и примена на Прирачникот за препознавање на спорови кои може да се решат по пат на медијација.

5) **Доволно развиен финансиски сектор**

Политиката на Владата на Република Македонија во сферата на финансискиот систем во основа е насочена кон создавање на поефикасен и конкурентен финансиски систем кој ќе го поддржува економскиот развој на земјата.

Финансискиот сектор во Република Македонија се карактеризира со релативно едноставна структура и низок степен на финансиско посредување со доминација на банкарскиот сектор. Учеството на небанкарскиот сектор во финансиско посредување е незначително.

Зголемувањето на финансиското посредување е дел од приоритетите на економската политика на Владата кој ќе се реализира преку заокружување на регулаторната рамка за небанкарските институции.

Во насока на јакнење на финансиската индермедијација во 2009 година се формираше Приватно кредитно биро кое овозможува пристап до податоци и на небанкарските финансиски институции.

**Банкарски сектор**

Тековна состојба

Банкарскиот систем во Република Македонија го сочинуваат 18 банки (од кои една во целосно државна сопственост) и 10 штедилници. Улогата на штедилниците за вкупниот банкарски систем сеуште е маргинална.

На крајот на јуни 2009 година, показателите за финансиското посредување, мерени преку соодносот на вкупната актива и вкупните депозити со БДП, достигнаа 62,3% и 44,3%, соодветно и во споредба со крајот на 2008 година забележаа намалување за 0,6 и 1,1 процентен поен, соодветно. Единствено степенот на финансиското посредување набљудувано преку кредитната активност продолжи да расте. Соодносот помеѓу вкупните кредити и БДП изнесуваше 42,8% и во споредба со 31.12.2008 година, забележа раст од 0,7 процентни поени.

На 30.09.2009 година, вкупната актива на банкарскиот систем изнесува 256,979 милиони денари. Депозитите на нефинансиските субјекти, со учество поголемо од две третини, останаа доминантен извор на финансирање, и на 30.09.2009 година тие изнесуваат 184,220 милиони денари. Присутна е валутната трансформација на депозитите (која започна во втората половина на 2008 година), во полза на депозитите со валутна компонента, со изразен надолен тренд кај денарските депозити.

Доминантниот ризик на кој се изложени банките во своето работење е кредитниот ризик. На 30.09.2009 година, учеството на изложеноста класифицирана во категориите на ризик В, Г и Д, во вкупната кредитна изложеност на ниво на банкарскиот систем, изнесуваше 8,2%, што е за 1,8 процентни поени повеќе споредено со крајот на 2008 година. Од друга страна, издвоените резервации за кредитен ризик (исправка на вредност) покриваат високи 81,5% од изложеноста класифицирана во категориите на ризик В, Г и Д (91,2% на 31.12.2008 година).

Банките одржуваат задоволителна ликвидност.

Во првите девет месеци од 2009 година, вкупната добивка на банките во Република Македонија изнесуваше 1,348 милиони денари. Стапките на поврат на активата и на капиталот изнесуваат 0,7% и 6%, соодветно.

Банките располагаат со доволно капитал за покривање на ризиците од работењето. На 30.09.2009 година, стапката на адекватност на капиталот изнесува 16,5%.

**Предизвици пред банкарскиот сектор**

Обезбедување континуиран развоен тренд на банкарскиот сектор во Република Македонија и одржување на неговата стабилност се основните предизвици со кои се соочува банкарскиот сектор.

На банкарскиот сектор во Република Македонија му припаѓаат повеќе од 90% од вкупните средства на финансискиот систем, поради што за зачувување на финансиската стабилност во земјата што претставува цел на целокупната економска политика, основен предуслов е зачувувањето на стабилноста на банкарскиот сектор.

Одржувањето на стабилноста ќе се реализира преку спроведување на пруденттната супервизија од страна на НБРМ што подразбира имплементирање на новата супервизорска рамка по меѓународни стандарди, регулирање на напредните пристапи за утврдување на потребен капитал за оперативниот и за кредитниот ризик согласно Базелските стандарди и следење на изложеноста на ризици и начинот на нивното управување од страна на банките.

Согласно потпишаниот Меморандум за соработка меѓу Министерството за финансии и Народна банка на Република Македонија ќе се формира Комитетот за финансиска стабилност. Комитетот ќе ги следи состојбите во финансискиот систем и ќе ги идентификува и оценува опасностите и ризиците за финансиската стабилност со што ќе се воспостави систем за рано предупредување (Early Warning System) и навремено преземање мерки од страна на надлежните органи.

Заради одржување на стабилноста и обезбедување на поголема доверба во системот, во следниот период ќе се даде правен основ за вклучување на депозитите на правните субјекти во Фондот за осигурување депозити. Со ова ќе се обезбеди еднаков механизам на заштита на депозитите во Република Македонија со Европските стандарди.

Со цел обезбедување на континуиран развоен тренд на банкарскиот систем и создавање на предуслови за негова интеграција во единствениот внатрешен пазар на Европската Унија, во следниот период ќе се продолжи со усогласување на стандардите за работа на домашниот пазар со оние во Европската Унија.

**Пазар на капитал**

Тековна состојба

На пазарот на капитал во Република Македонија се регистрирани вкупно 26 овластени учесници кои вршат работи со хартии од вредност, од кои 19 брокерски куќи и 7 банки. Заклучно со 30.09.2009 година на Македонската берза котираа 36 компании. На Македонската берзата се тргува со акции на котирани акционерски друштва, обврзници издадени од страна на Република Македонија (обврзниците за денационализација од осум емисии и обврзниците за старо девизно штедење) и корпоративни обврзници.

Во делот на континуирани државни обврзници, Република Македонија до сега има издадено десет двегодишни, пет тригодишни и една петгодишна државна обврзница.

Заклучно со 30.09.2009 година, вкупниот промет остварен на Македонската Берза, изнесуваше околу 4,01 милијарди денари или 65,87 милиони евра, што споредено со истиот период во 2008 година претставува намалување од 29,2%. Прометот со акции забележа намалување од 68,3% споредено со истиот период во 2008 година, додека тргувањето со обврзници издадени од страна на Република Македонија забележа зголемување од 72,4%. Ваквото зголемување на тргувањето со обврзници посочува всушност на пренасочување на побарувачката од акции кон обврзници, како посигурен финансиски инструмент.

На пазарот преку шалтер, заклучно до 31.09.2009 година беа реализирани вкупно 28 трансакции со државни хартии од вредност, од кои 26 трансакции со државни записи (државни хартии од вредност со рок на доспевање до 1 година) во номинален износ од 309,8 милиони денари и 2 трансакции со државни обврзници (државни хартии од вредност со рок на доспевање над 1 година) во номинален износ од 2,1 милиони денари.

Последните движења на Македонската берза укажуваат на стабилизирање на состојбите, како резултат на стабилизирањето на состојбата на светските финансиски пазари. Така, по силниот пад на Македонскиот берзански индекс (МБИ-10) во 2008 година, веќе во првата половина на 2009 година е забележана негова стабилизација. Имено, МБИ-10 во периодот јануари-јуни 2009 година изнесуваше 2.532,43 индексни поени и спореден со истиот период во 2008 година бележи намалување од 48,2%. Учеството на странски инвеститори во прометот остварен при купување на Македонската Берза во септември 2009 година изнесуваше 6,93%, а нивното учество во прометот остварен при продавање на Македонската Берза изнесуваше 12,04%. Поволните состојби на пазарот на капитал може да се очекуваат со постепено враќање на довербата кај инвеститорите (особено странските) и со подобрување на глобалната ликвидност, што ќе зависи од периодот во кој развиените економии ќе излезат од кризата.

Во моментот на пазарот на капитал во Република Македонија функционираат пет друштва за управување со инвестициски фондови, кои управуваат со осум отворени инвестициски фондови. Исто така, Комисијата за хартии од вредност има регистрирано 14 приватни инвестициски фондови управувани од страна на девет друштва за управување со приватни инвестициски фондови. Основањето на инвестициските фондови во Република Македонија е од големо значење за натамошно раздвижување и динамичен развој на пазарот на капитал во Република Македонија а со тоа и на домашната економија во целина.

**Предизвици пред пазарот на капитал**

Главен предизвик во областа на пазарот на капитал е натамошно следење на глобалните светски трендови во оваа област, како и континуиран процес на хармонизација на досегашната законска регулативата со регулативата на европското законодавство и принципите на IOSCO.

**Пазар на осигурувањето**

Тековна состојба

Позначајни промени на пазарот на осигурување во Република Македонија во третиот квартал од 2009 година е основањето на Агенцијата за супервизија на осигурување, како независен и самостоен регулаторен и супервизорски орган

на пазарот. Агенцијата треба да придонесе кон зајакнување на довербата на осигурениците во финансиската стабилност и одржливост на пазарните учесници.

Во однос на сопственичката структура во друштвата за осигурување, и понатаму доминира странската сопственост со над 80% од вкупниот акционерски капитал. Сопственици се претежно странски финансиски институции (друштва за осигурување и осигурителни групи). Сопственичкото преструктуирање во друштвата за осигурување треба да придонесе кон зголемување на конкуренцијата но и на квалитетот на понудените осигурителни услуги. Во поглед на работите на осигурување кои ги вршат, на крајот на третиот квартал од 2009 година, единаесет (11) друштва за осигурување вршат работи на неживотно осигурување а две (2) осигурување на живот. Само едно друштво за осигурување има дозвола да врши и работи на реосигурување, иако ризиците што ги превзема во реосигурување се незначителни.

Во текот на првите три квартали од 2009 година полисирана е бруто премија во износ од 4.399.555 илјади денари, што е под 2% од БДП на земјата. И понатаму најзастапено е неживотното осигурување со 95,8% од вкупната премија, додека останатите 4,2% од премијата е од осигурување на живот. Во споредба со истиот период од претходната година забележан е пад на премијата од 5,42%, што најмногу се должи на остварениот пад во полисираната премија од осигурување од автомобилска одговорност, во која класа е намалена премијата. Кај осигурувањето на живот, премијата во првите три квартали оваа година бележи раст во споредба со истиот период од претходната година од 7%. Во анализираниот период, исто како и досега, најзастапено е осигурувањето на моторни возила (каско и автомобилска одговорност) со 61,6%, по што следува осигурувањето на имот (од пожар, природни непогоди, кражби и други ризици) со 16,5%, и осигурувањето од последици на несреќен случај (незгода) со учество од околу 10,5% во премијата. Кај последното е забележан најзначаен пораст во споредба со третиот квартал од 2008 година од 12,3%.

Вкупниот капитал на друштвата за осигурување на 30.9.2009 година изнесува 4.084 милиони денари, од нив на друштвата кои вршат работи на осигурување на живот отпаѓа 474,7 милиони денари. Во акционерската структура и понатаму доминантно е учеството на странските правни лица ( финансиски институции) со 80,6% од обичните акции, домашните физички и правни лица поседуваат 15,5%, странските физички лица 0,2%, додека државата преку Фондот за ПИОМ учествува со 3,6% од вкупниот акционерски капитал.

Доколку се набљудува пазарната концентрација мерена според учеството на петте водечки друштва за неживотно осигурување во бруто полисираната премија на пазарот во периодот 1.1.2009-30.9.2009 година истите учествуваат со 70%, и бележи намалување во споредба со истиот период од претходната година, кога било 73,85%.

Друштвата за неживотно осигурување пресметале вкупен износ на технички резерви од 4.780.049 илјади денари, со состојба на 30.9.2009 година. Состојбата на математичката резерва на 30.9.2009 година изнесува 359.594 илјади денари..
Според структурата на вложувањата на средствата кои ги покриваат техничките резерви на друштвата за неживотно осигурување, и во овој период најзастапени се најликвидните форми на вложувања, односно банкарските депозити, со околу 47,2% учество од вкупно издвоените технички резерви, по што следуваат државните хартии од вредност (државни заеми и обврзници) со 10,8% и акциите, со 6,1% од издвоените технички резерви.
Кај друштвата за осигурување на живот вложувањето на средствата кои ги покриваат математичката резерва и другите технички резерви е уште поизразено учеството на најликвидните форми на вложувања, во смисла што дури 56,5% од вложувањата се во форма на банкарски сметки и депозити во банки, 41,5% во државни хартии од вредност и незначително мало учество на вложувања во акции и корпоративни обврзници.
Друштвата за осигурување во Република Македонија се солвентни. Согласно со одредбите од Законот за супервизија на осигурување, капиталот на друштво за осигурување треба во секое време да биде најмалку во висина на потребното ниво на маргина на солвентност, која се пресметува со користење на методот на премија и методот на штети.

**Предизвици пред пазарот на осигурување**
Во месец август 2009 година, Собранието на РМ именуваше претседател и членови на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст Агенцијата)..Последователно на фазата на организационо, техничко и кадровско воспоставување Агенцијата на 1 ноември 2009 година започна со работа.

Агенцијата ги презеде надлежностите од Министерството за финансии во однос на спроведувањето на супервизија на осигурувањето и во рок од 1 година од денот на започнување со работа на Агенцијата ќе ги донесе сите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување. со кои поблиску се регулира управувањето со ризици, финансиското известување и сметководствените системи во друштвата за осигурување, системот на лиценцирање и согласности.

На среден рок Агенцијата предвидува понатамошно усогласување на домашната законската рамка со онаа на ЕУ а особено на актите кои се однесуваат на осигурителните групи, финансиските конгломерати, известување на консолидирана основа, поголема заштита на потрошувачите (осигурениците) и целосна имплементација на меѓународните осигурителни супервизорски стандарди на кои се темели концептот на Солвентност 2 за супервизија базирана на ризици. На среден рок Агенцијата планира да врши редовни обуки на вработените кои ќе бидат реализирани од сопствени средства но и од добиена помош во форма на консултантски услуги.

## II. **СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ**

### 1) **Доволно количество на човечки капитал**

Клучна цел на сите реформи во образованието во Република Македонија е обезбедување на квалитетно образование по сите степени и видови согласно потребите на пазарот на трудот.
Реформите во основното образование ќе продолжат и во текот на 2010 година, во насока на понатамошен развој на образовните стандарди, подобрување на училишната инфраструктура, засилување на креативноста и иновациите, негување на мултиетничките специфичности, создавање на услови за социјално и образовна интеграција како и употреба на информациска и комуникациска технологија.

Со донесување на Закон за Академија за обука на наставници, стручни соработници и воспитувачи во основното и средното образование ќе се обезбеди комплетно, професионално, независно, непристрасно и ефикасно вршење на воспитно - образовната работа. Академијата ќе врши селекција, организирање и спроведување на почетна обука на кандидатите за наставници, стручните соработници и воспитувачи во основните и средните училишта како и нивно постојано стручно усовршување.

**ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**.
Со цел подобрување на квалитетот на основното и средното образованието ќе се продолжи со развивање на стандардите за екстерното оценување и создавање на меѓународни споредбени индикатори за достигнувањата на учениците. Реализацијата на реформите се очекува да резултира со целосна опфатеност и намалување на осипувањето на учениците, воспоставување на еднакви национални стандарди, квалитетно спроведување на екстерното оценување, обучен наставен кадар од областа на информатичката технологија, зголемување на бројот на запишани ученици од ранливите групи, посебно од ромската заедница, како и подобрување на образовните стандарди со посебен акцент во руралните средини. Понатаму во насока на зголемување на процентот на запишани ученици, намалување на осипувањето, спроведување на образовни стандарди и усовршување на постапките, начините и инструментите за оценување на учениците преку екстерно оценување, самоевалуација и евалуација и кариерен развој на наставниците.

Тоа ќе се постигне преку подготовка на Концепција за гимназиско образование. Исто така ќе се изработат нови наставни програми од страна на Бирото за развој на образованието: за предметите во гимназиско образование, уметничко образование и општообразовните предмети во средното стручно образование (вкупно 100 нови наставни програми), нови наставни програми за децата со посебни образовни потреби за основното и средното образование, нови наставни програми за основното музичко и балетско образование.

Во стручното образование во 2010 година ќе се продолжи со подобрување на квалитетот на наставните програми преку евалуација согласно потребите на пазарот на трудот, евалуација на програмите за четитригодишно стручно образование, изготвување на концепција за двегодишно и тригодишно стручно образование и обука на наставниот кадар кој ќе ги применува современите методи за настава согласно ЕУ практиките.

Активности во таа насока за 2010 година се следните:

- Изработка на Концепција за стручно образование
- Подготовка на стандарди за занимања (14 модели на стандарди на занимања за 14 струки од СОО
- Изготвување на наставни планови и програми и други програмски документи согласно потребите на пазарот на трудот
- Изготвување на модуларни пакети за преквалификација, доквалификација, како и стекнување на квалификација во формалното образование
- Изготвување на стандарди за опремата, просторните услови, стручен и друг кадар за спроведување на практична обука кај работодавачите
- Посредување во кариерен развој и професионална ориентација на ученици

Во делот на на образованието на возрасни најпрво ќе се усвои Стратегијата за образование на возрасните со оперативниот план до крајот на април 2010. Исто така како дел од поврзувањето на образованието се прави и анализа на пазарот на трудот согласно побарувачката за профили на пазарот на трудот.

Со цел регулирање на установите кои вршат образование на возрасни и подигнување на квалитетот ќе се издаде каталог на лиценцирани установи за образование на возрасни до крајот на декември 2010

**ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ**

Имајќи го предвид значењето на високото образование како најсилна движечка сила за економскиот развој на земјата, реформите во оваа дејност се насочени кон брза трансформација на системот на високото образование преку подигање на квалитетот и негова меѓународна конкурентност.

Со цел зголемена ефикасност на студиите, мобилност на академскиот кадар, подобар квалитет и конкурентност и во 2010 година во оваа област ќе се продолжи со планираните реформи за имплементација и структурна адаптација на принципите и препораките кои произлегуваат од Болоњскиот процес во високото образование и целосна примена на ЕКТ системот.

Се поголемиот опфат на студентите во високото образование како еден од реформските зафати во оваа област ќе се реализира преку понатамошен развој на дисперзираните студии во повеќе градови во земјата. Во текот на 2010 година се предвидува реконструкција на факултетски згради и подобрување на научно-истражувачка инфраструктура преку опремување на лабораториите на Државните универзитети. Во 2010 година се предвидува зајакнување на капацитетот на Универзитетот за информатички технологии во Охрид со цел
обезбедување квалитетно образование од обласа на информатичките технологии на студенти и возрасни лица.

Исто така, се предвидува зајакнување на инфраструктурата и потенцијалот за истражување на материјали на Технолошко-металуршкиот факултет.
Во рамки на Факултетот за електроника и информациски технологии – Скопје во 2010 година се предвидува изградба на Центар за наука, иновации и технологија. Проектот е дизајниран со цел изградба на прв центар од таков вид во Република Македонија, за јакнење на истражувањето и развојот помеѓу студентите, како и за трансфер на знаење на приватниот сектор од полето на електрично инженерство и информатичката технологија.
Со цел подобрување на студентскиот стандард во 2010 година се предвидува реконструкција на студентските домови.

КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО
За 2010 година предвидени се следните инвестиции во делот на образованието

1. Отворање на три средни училишта -гимназии
2. Реконструкција и санација на 35 основни и средни училишта
3. Продолжување со изградба на 4 основни и едно средно училиште
4. Отпочнување со изградба на 4 основни и 3 средни училишта

Вкупната вредност на средствата предвидени за реконструкција и изградба на училиштата за 2010 година изнесува 455..900.000,00 денари од кои од буџетска алокација 360.000.000,00 денари, а од странска помош_95.900.000,00 денари

Како континуирана поддршка на основните училишта за реконструкција и обука на наставниот кадар, втората рунда на грантови кои ќе им бидат достапни на 246 училишта преку Проектот за модернизација на образованието. По завршувањето на процесот на учење (прва рунда на грантови- 6 мил евра) во кое сите училишта добија грант, сега доделувањето на грантовите беше на конкурентно ниво. При ова за обука на наставници ќе се инвестираат дополнителни 550 000 евра. Наставниците сами ќе избираат обука од каталог на акредитирани обучувачи. За таа цел се продолжува со имплементацијата на проектот за Модернизација на образованието со втор круг на грантови со што се планира да се инвестира во основните училишта сума од 2,6 милиони евра за остварување на образовни цели. При ова училиштата ќе имаат на располагање за изберат дадени обуки, да набават добра и помали градежни работи.

2) **Доволно количество на физички капитал**

**Инвестиции во физички капитал**

Развојната политика на Владата на Република Македонија за инвестирање во јавната инфраструктура на земјата на среден рок и подолгорочно се базира на динамична инвестициона активност. Активноста се очекува, да резултира со оптимизација на користењето на постојните капацитети, реконструкција и модернизација на јавната инфраструктура во функција на обезбедување економичност и повисока ефикасност, како и поскоро доврршување на започнатите економски оправдани проекти, имајќи ги предвид опциите на помали трошоци.

Во Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија 2009-2011 одредени се приоритетните потреби имајќи предвид секторските развојни политики и приоритетните инфраструктурни проекти содржани во Програмата за работа на Владата на Р. Македонија за периодот 2008-2012 година, расположивата проектна документација и реалните можности за обезбедување на средства за капитални инвестиции од: (1) Буџетот на државата; (2) фондовите; (3) сопствени средства на инвеститорите; (4) донации; (5) странски кредити во согласност со среднорочната стратегија за управување со јавен долг.

Учеството на реалните инвестиции во БДП како и стапките на промена на БДП, трошоците на живот и реалните инвестиции се прикажани на следната табела.

| | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реална стапка на БДП | 0,9 | 2,8 | 4,1 | 4,1 | 4,0 | 5,9 | 4,8 | -0,6 | 2,0 |
| Трошоци на животот – просечен пораст (стапка на промени) | 1,8 | 1,2 | -0,4 | 0,5 | 3,2 | 2,3 | 8,3 | 0,1 | 2,0 |
| Реална стапка на инвестиции | 13,1 | -2,4 | 13,4 | -5 | 9,6 | 13,3 | 18,3 | -7,0 | 8,0 |
| Учество на инвестиции во БДП (%) | 20,6 | 20,0 | 21,9 | 20,8 | 21,9 | 24,2 | 28,5 | 25,0 | 26,0 |

(**Податоците за** 2009 **и** 2010 **се проекција**).
**Извор**: **ДЗС и Пресметка на Министерство за финансии**.

Програмата за јавни инвестиции содржи 90 тековни инвестициони проекти. Вкупните трошоци за овие проекти се ценат на 2492,04 милиони евра. Дел од средствата, во износ од 533,29 милиони евра, се реализирани до крајот на 2008 година. Реализацијата на одреден обем на инвестициски активности, со вредност од 478,22 милиони евра, се планира по 2011 година. Со тоа, во периодот 2009- 2011 година се предвидува дека ќе се реализираат 1480,52 милиони евра, односно само во 2009 година 530,78 милиони EUR. Од вкупно предвидените средства со Програмата за периодот 2009-2011 година, за развој на стопанската инфраструктура ќе бидат насочени 791,71 милиони евра или 53,5%, а за развој на нестопанската инфраструктура 688,81 милиони евра, или 46,5% од вкупните средства.

Од вкупните јавни инвестиции на стопанскиот сектор отпаѓаат 53,5 % или претставено по сектори: Енергетика 8,9%, Сообраќај 32,66%, Водостопанство 4,7%, Комунални услуги 4,4%, Животна средина 2,1% и Останато стопанство 0,8%.

**Инвестиции во енергетиката**
Инвестициите кој се планирани во енергетиката потпаѓаат на следните четири вида:
1. Производство на електрична енергија
2. Интерконективно поврзување
3. Обновливи извори на енергија
4. Развој на гасификациониот систем

Инвестициите кој се планирани во енергетиката пред сè се однесуваат на реконструкција на постојаната електро-енергетска инфраструктура и изградба на нова електро-енергетска инфраструктура, нови капацитети, се со цел обезбедување на поголема безбедност во снабдувањето со енергија, поврзување со регионалните енергетски мрежи, како и поголемо процентуално вклучување на обновливите извори на енергија во потрошувачката на енергија.

Во месец декември 2008 година се објави меѓународен јавен повик за пројавување на интерес за учество во постапка на претквалификација за изградба на ХЕЦ "Чебрен" и ХЕЦ "Галиште". Изградбата на двете хидроелектрични централи се предвидува дека ќе трае 8 години. Во првата фаза на претквалификација се пријавија три компании, и тоа: Enel од Италија, Verbund од Австрија, RWE од Германија. Трите компании ги исполнија условите од претквалификацијата и беа поканети да откупат тендерска документација и да доставaт понуди. Рокот за доставување на понуди е 31 март 2010.

Во текот на 2010 година се очекува избор на најдобар понудувач за изградба на хидроцентралите ХЕЦ Чебрен и ХЕЦ Галиште, како и објавување на два меѓународни огласи за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од 40 – 60 мали хидроелектрични централи.

Владата на Република Македонија одобри државна гаранција во висина од 11 милиони Евра за изградба на далекуводот Штип (Република Македонија) – Ниш (Република Србија), при што 3 милиони евра ќе бидат сопствени средства на АД МЕПСО. За таа цел АД МЕПСО, до сите меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори ги достави

условите за предвидениот кредит. Како најдобар понудувач избрана е Светска Банка. Должината на овој далекувод на македонскиот дел изнесува 70 км.

Со цел за натамошен развој на гасоводниот систем во Република Македонија на 3 септември 2008 година објавен е оглас за изработка на Физибилити студија за гасоводен систем во Република Македонија со идеен проект. Во студијата ќе се дадат технички и економски анализи за: постојната состојба на изграденоста на гасоводниот систем, регионалните, меѓуграничните и други услови за развој, предлози и начин на доизградба на системот согласно условите во Југоисточна Европа и пошироко и испитување на можности за користење на гас во тек на наредниот период од 20-30 години. Со изготвувањето на Физибилити студијата ќе се дефинираат стратешки услови и фазите за временската реализација на гасоводниот систем, како и соодветните приоритетни правци за најбрза реализација. На почетокот на 2010 година ќе се изработи Студија за гасификација на Република Македонија и ќе се донесе одлука за правците на проширување на гасоводниот систем.

Во текот на 2011 и 2012 година се планира отпочнување на повеќе конкретни проекти во делот на електроенергетиката и делот на гасоводниот сектор со што би се зголемила безбедноста во снабдувањето со енергија во Републиката, како што следува:

- 400 кV интерконекција Битола (Р. Македонија) – Елбасан (Р. Албанија) –Италија и
- надградба на постојната 200 кV интерконекција Македонија –Косово на 400 kV напонско ниво.

Во 2010 и 2011 година се предвидува да се објават меѓународни јавни огласи за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи.

Во делот на гасоводниот систем се предвидува отпочнување со реализација на изградбата на конкретни магистрални гасоводи.

Во Република Македонија во моментов надлежна институција за менаџирање на резервите на нафта и нафтени деривати е **Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати**.

Дирекцијата е формирана со Закон за формирање на Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, со цел порационално и поефикасно управување со стоковните резерви на нафта и нафтени деривати, како и усогласување со Европското законодавство. Дирекцијата започна со работа од 01.06.2009 година, кога беше именуван директор на Дирекцијата, Средствата за нејзиното функционирање во првите 6 месеци се обезбедени од Буџетот на РМ, а во наредниот период ќе се финансира од сопствени приходи.
За таа цел изготвена е Уредба за начинот за утврдување, пресметување и уплатување на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќа при увоз и / или производство на нафтени деривати, која Владата на РМ ја усвои и донесе на седницата од 10.11.2009 година.

**Воздушен сообраќај**
Владата на Република Македонија ја почна постапката за доделување на концесија за изградба, реконструкција и користење на двата аеродрома во Република Македонија („Александар Велики“ – Скопје и „Св.Павле Апостол“ – Охрид), како и за изградба на нов карго аеродром во Штип со донесување на Одлука („Службен весник на РМ“ бр.39/08).

Во овој контекст, превземени се активности во рамки на фаза I „Тендерска постапка за концесионирање на аеродромите во Република Македонија“ и фаза II „Барање за понуда“, од постапката за доделување на концесија за градба, реконструкција и користење на аеродромот „Александар Велики“ – Скопје, аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид и изградба на нов карго-аеродром во Штип.

На 29.08.2008 година Владата на Република Македонија донесе Одлука за избор на концесионер во постапката за давање на концесија за аеродромите „Александар Велики“ – Скопје и „Св.Павле Апостол“ – Охрид, и за изградба на нов карго аеродром во Штип („Службен весник на РМ“ бр.108/08).
На 24.09.2008 година беше потпишан Договор за концесија помеѓу Владата на Република Македонија, како концедент и „ТАВ Македонија“ ДООЕЛ Скопје, како концесионер, за период од 20 години.

Предмет на концесијата е изградба, реконструкција и користење на аеродромот „Александар Велики“ – Скопје, аеродромот „Св.Апостол Павле“ - Охрид и изградба на нов карго-аеродром во Штип.

Согласно Анексот бр.2 од 31.08.2009 година за продолжување на рокот за влегување во сила на Договорот за концесија за развој, финансирање, користење и одржување на аеродромите „Александар Велики“ – Скопје, „Св.Апостол Павле“ –

Охрид и новиот карго – аеродром во Штип, истиот ќе влезе во сила на 01.03.2010 година. Потпишаниот договор се однесува на концесија во период од 20 години.

На **аеродромот „Александар Велики“ во Скопје** во рок од 20 месеци концесионерот „ТАВ“ се очекува да изгради нова терминална зграда, да се продолжи полетно-слетната патека, да се изгради паркинг за автомобили, пристапен пат, заедно со нова клучка, да се изврши инсталирање на системите за земска навигација, да се изгради потребната комунална инфраструктура, да се изврши доградба на административната зграда, нов карго терминал, нова противпожарна станица и нов паркинг за воздухоплови.

На **аеродромот „Св**. **Апостол Павле“ во Охрид** во рок од 12 месеци се предвидува реконструирање на постоечкиот паркинг, реновирање на објектите во карго центарот, изградба на ВИП објект, пречистителна станица, реконструкција на постоечката административна зграда, набавка на нови патролни и противпожарни возила, како и набавка на нова потребна опрема за аеродромот да функционира согласно меѓународните стандарди.

Интенцијата за **изградба на новиот карго-аеродром во Штип** во рок од 36 месеци е да функционира како алтернативен аеродром за потребите на цивилната авијација со можност во иднина да прерасне во главен аеродром во Република Македонија. На карго-аеродромот се предвидува изградба на полетно-слетна патека, нова терминална зграда, два хангари за увоз и извоз, два хангари за гаражирање на воздухоплови, изградба на административни објекти, паркинг за возила, изградба на потребната комунална инфраструктура, набавка на патролни и противпожарни возила со цел оптимално функционирање, како и набавка на целокупната потребна опрема за работа според меѓународните стандарди.

**Изградба на патишта**

Заради унапредување на патната инфраструктура во Република Македонија, преземени се активности за завршување на двете останати делници од Коридор 10 кои треба да се издигнат на ниво на автопат, Табановце - Куманово и Демир Капија-Смоквица. Во однос на изградбата на делницата Табановце - Куманово со должина од 7,62 км, потпишан е Договор со Светска Банка за заем во износ од 561.262.143,00 денари, а од буџетот на РМ се обезбедени 158.304.706,00 денари, а изградбата започна на 20.10.2008 и се очекува да заврши до крајот на 2010 година. Со проектот се предвидува делницата Табановце-Куманово да биде автопат со изградба на нова еднонасочна коловозна лента со широчина од 11 метри, паралелно со постоечкиот пат, разделена со зелен појас одвоен од него со ограда во широчина од 4 метри. Проектот , предвидува и нов пристап за управување со сообраќајот во пристапувањето кон граничниот премин Табановце.

На автопатот Куманово – Табановце, предвидено е изградба на две клучки и тоа клучка: Останатиот дел од коридорот т.е. патната делница Демир Капија Смоквица треба да се финансира преку ИПА Инструментот за претпристапна помош согласно Оперативната програма за регионален развој (2007-2009). Во текот на втората половина на 2009 година се работи на ревидирање т.е проширување на Оперативната програма за регионален развој со цел да го опфати периодот 2010 и 2011 година, а воедно и алокација на дополнителни средства. Финансиската конструкција за овој проект е следна: ИПА финансирање 27,4 мил EUR, заем од Европската Инвестициона Банка (ЕИБ) 111,62 мил евра, средства од буџетот на Република Македонија, дополнителни алокации во износ од околу 18 милиони евра се планирани со ревидирањето на Оперативната програма за регионален развој за периодот 2010 – 2011 и други извори 35,14 милиони евра . ИПА Апликацијата за овој проект, подготвена од страна на Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и Агенцијата за државни патишта, беше официјално доставена до Европската Комисија - Директорат за регионален развој на 6ти октомври 2008 година. Согласно забелешките и коментарите од страна на Европската комисија - директоратот за регионален развој и директоратот за животна средина изнесени во февруари 2009 година, се изврши ревидирање на ИПА Апликацијата и истата беше доставена повторно до Европската комисија на 2 Ноември 2009 година.

Обиколницата околу Скопје како дел од Коридор 8 беше целосно завршена и пуштена во употреба на 22.06.2009 година. Направен е комплетно нов автопат со конструкција на две ленти, со неколку надвозници, раскрсници, мостови со заштитна ограда од бучава со најнови стандарди за заштита на животната средина.

Освен на Коридорите, Владата на Република Македонија посвети целосно внимание на обнова и на изградба на регионалните и на локалните патишта, бидејќи тие претставуваат голем дел од транспортната инфраструктура во земјата. Проектот за рехабилитација на локални и регионални патишта во вкупна должина од 330 км и 420 км, соодветно, кој е заем од Светска Банка во износ од 70 милиони Евра и 50 милиони Евра од ЕБРД, ќе се имплентира во 2009 година па се до 2013 година. Тој ќе придонесе за рехабилитација на мрежата на локални и регионални патишта во Република Македонија и подигнување на нивото на транспортот во целата земја.

Рехабилитацијата на регионалните патишта е во тек додека рехабилитацијата на локалните патишта ќе се одвива во фази.

Владата на Република Македонија одбра модел за давање под концесија на патиштата. Се очекува прет-квалификациската фаза да заврши до 18ти февруари 2010.

Во 2009 година објавена е покана за изразување на интерес до компании и конзорциуми доделување концесии за модернизација и управување со нов систем за наплата на патарина на пет постојни наплатни станици во Република Македонија.

**Железници**
*Решавање на статусот со долговите на ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје:* Владата на Република Македонија, донесе "Одлука за решавање на статусот на долговите на ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје и МЖ Транспорт АД-Скопје" со која вкупните доспеани обврски на ЈП МЖ Инфраструктура - Скопје по основ на користени кредити од ЕУРОФИМА, Светска Банка, ЕИБ и денарски кредити во износ од 2.559.898.733,00 денари (до 31.12.2006 година) се конвертираат во влог на Владата на Република Македонија во ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје.

*Финансирање на железничкиот превозник:* Согледувајќи ја тешката финансиска состојба на МЖ Транспорт АД - Скопје и висок износ на неизмирени обврски како последица на намалувањето на обемот на превоз предизвикан од светската криза Владата на Република Македонија ги донесе следните одлуки број 19-1954/1 од 25.04.2009 г, 19-2576/1 од 29.05.2009 г, 19-3236/1 од 23.06.2009г, 19-5191/1 од 10.10.2009 г. во вкупен износ од. 421.000.000,00 денари од кои 50% или 210.500.000,00 директно се уплаќаа на ЈП МЖ Инфраструктура- Скопје.

*Решавање на статусот со долговите на МЖ ТРАНСПОРТ АД- СКОПЈЕ:* Владата на Република Македонија донесе "Одлука за решавање на статусот на долговите на ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје и МЖ Транспорт АД-Скопје" со која вкупните доспеани обврски на МЖ Транспорт АД- Скопје по основ на користени кредити од ЕУРОФИМА, Париски клуб на доверители и обврски кон странските железнички управи во износ од 3.928.317.330,00 денари (заклучно со 31.12.2006 година) се конвертираат во влог на Владата на Република Македонија во МЖ Транспорт АД-Скопје. На 07.07.2009 година Владата на Република Македонија донесе Одлука за измена на Статутот на МЖ Транспорт АД-Скопје и се зголеми главнината на Друштвото од 3.928.317.330,00 денари како влог на Владата на Република Македонија во МЖ Транспорт АД- Скопје. (за да се спроведе оваа одлука потребни се некои законски измени).

Буџетски средства за инвестиции во железнцата
Буџетските средства наменети за инвестиции во железничката инфраструктура за 2010 година изнесуваат 320 милиони денари. Од кои 200 милиони денари за инвестициско оддржување на постоечката железничка инфраструктура, 30 милиони наменети за на инестициско техничка документација за коридорот 8 и 90 милиони денари предвидени за надомест на трошоци за услуги од јавен интерес во железничкиот превоз на патници.

**Инвестиции со странска помош во железницата**
**Проект за реформа на железницата**, од Светска Банка е во фаза на имлементација. Светската Банка од една страна и Министерство за финансии и двете ново формирани компании ЈП МЖ Инфраструктура- Скопје и МЖ Транспорт А.Д.- Скопје од друга страна ги потпишаа двата Договори за заем и Договор за гаранција, по поделбата на компаниите.
Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем, наменет за Проектот за реформа во железницата, кој се склучи меѓу ЈП МЖ Инфраструктура – Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од истиот во износ од 5.970.000 евра. Компоненти на проектот се:

- ***Компонента** 1:* Опфаќа студии, финансов ревизор и обуки
- ***Компонента** 2:* Социјално ублажување (0,125 мил.евра)
- ***Компонента** 4:* Набавки на машини, алати, материјали за одржување на инфраструктурата, компјутери и др.

Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем, наменет за Проектот за реформа во железницата, кој се склучи меѓу МЖ Транспорт АД – Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од истиот во износ од 9.030.000 евра. Компоненти на проектот се:

- ***Компонента** 1:* Опфаќа студии, финансов ревизор и обуки
- ***Компонента** 2:* Социјално ублажување (0,125 мил.евра)
- ***Компонента** 3:* Набавки на дел од возен парк, компјутери

Проектот се планира да заврши до октомври 2010 година.
Во 2010 година исто така се планира и поставување на нови телекоманди на железничкиот сообраќај на пругата Табановце-Гевгелија. Проектот е во вредност од 1.730.000 евра.

Исто така, ќе се изврши рехабилитација на Железничка станица Скопје согласно ЕУ стандардите за пристапност, безбедност и информирање во вредност од 913.680 евра.

3) **МСП и учеството на малите претпријатија**

Малите и средни претпријатија се доминантен тип на претпријатија во македонската економија. Во 2007 година, 99,8% од сите претпријатија се мали или средни претпријатија со просечно годишно зголемување на бројот на МСП за повеќе од 2.300. Како резултат на оваа динамика, вработувањето во МСП се зголеми за 51% од 110.000 (во 2002 година) на 214.471 вработени (во 2007 година).

Во табелата подолу е дадено учеството на МСП во националната економија во однос на бројот на вработените, претпријатијата и бруто додадената вредност.

- С т р у к т у р а   в о   % -

| | **Број на вработени** | | | **Број на активни претпријатија** | | | **Бруто додадена вредност** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2005 | 2006 | 2007 | 2005 | 2006 | 2007 | 2004 | 2005 | 2006 |
| Мали | 54,4 | 58,8 | 64,2 | 98,8 | 98,9 | 99,0 | 51,6 | 52,3 | 53,3 |
| Средни | 21,3 | 18,9 | 12,0 | 1,0 | 0,9 | 0,8 | 20,3 | 11,5 | 12,0 |
| **Вкупно МСП** | 75,7 | 79,6 | 77,8 | 99,8 | 99,8 | 99,8 | 72,9 | 63,8 | 65,3 |
| Големи | 24,3 | 20,4 | 22,2 | 0,2 | 0,2 | 0,2 | 28,1 | 36,2 | 34,7 |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |

Извор: Централен регистар

Постигнатиот прогрес е резултат на активностите предвидени во Национална стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013 како и ,Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија 2007-2010, како и во годишните програми.

Согласно овие документи во изминатиот период реализирано е следното:

1. Кофинансирано е формирањето на 12 нови бизнис центри во општините во кои нема институцииии за поддршка на МСП, програмските активности на бизнис инкубаторите, проекти од нефинансиска природа на регионалните центри, активностите на ЕИИЦМ и ХРДФ и Форумот за МСП,
2. Продолжи со реализација ваучерскиот систем на советување и инфо пултот како проекти на АППРМ, а исто така беа реализирани повеќе настани за промоција на претприемништвото и претприемничкото учење.
3. Формирана е Работна група за утврдување на годишните потреби за обуки на МСП чиј координатор е Министерството за економија која изготви Прашалник и Методологија за врз основа на кој ќе се анкетираат 500 претпријатија со цел изготвување на извештај за потребите од обуки на МСП.
4. Министрите за образование и наука и за економија потпишаа Декларација за промоција на претприемачкото учење за заедничко промовирање и јакнење на претприемачкото учење во Република Македонија.
5. Во фаза на реализација се Проектите “Претприемништвото во високото образование“ ( ETF-European Training Foundation) и “Градење на капацитетите за создавање економија базирана на знаење” ( Австриската развојна фондација).
6. Во фаза на изработка е интернет порталот за МСП кој ќе биде активиран кон крајот на годината на домејнот www.smeportal.mk .

Во 2010 ќе се изработи нова 4-годишна Програма која ќе ги дефинира мерките и активностите за поддршка на МСП и развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста за периодот 2011-2014 како и Стратегија за занаетчиството во РМ. Исто така ќе отпочне со реализација проектот “Меѓународна техничка помош за имплементација на Европската иновативна таблица во Република Македонија“. Во 2010 година ќе продолжат активностите утврдени со годишната програма.

Во периодот 2011-2012 година генерално активностите ќе бидат насочени кон зајакнување на институционалната инфраструктура, подобрување на деловното опкружување и подобрување на конкурентноста и иновативноста. Конкретните мерки за реализирање на овие цели ќе бидат дефинирани во новата 4-годишна програма која треба да се базира на принципите на Актот за мали бизниси (Small Business Act).

4) **Влијание на државата врз конкурентноста** (**преку трговската политика**, **политиката на конкуренција**, **државната помош**, **СДИ**, **поддршка за мали и средни претпријатија**, **итн**)

Зголемувањето на конкурентноста на македонското стопанство се повеќе станува центар на различни и комплексни активности промовирани со владините политики и регулаторни реформи. Деловната конкурентност зависи од основните микроекономски услови што го дефинираат тековното одржливо ниво на продуктивност во земјата и дека релевантните државни политики може да поттикнат продуктивно однесување на претпријатијата.

Политиката на заштита на конкуренцијата се спроведува во функција на обезбедување на зголемен степен на слободна конкуренција на домашниот пазар. Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна да изрекува прекршочни санкции за сторителите на повреди на одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, а донесените насоки за примена на Законот и уредбите се објавени, а потоа и дистрибуирани на правната и бизнис заедницата, како и на пошироката јавност.

Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) ги издаде неопходните прирачници за спроведување на правото за конкуренција. КЗК почна да прави записи за спроведувањето, особено во областа на концентрациите и злоупотребата на доминантната положба.

Зајакната е меѓуинституционалната соработка помеѓу Комисијата за заштита на конкуренцијата и органите надлежни за регулација на одделни сектори. Комисијата има потпишано меморандуми за соработка со Агенцијата за електронски комуникации, Регулаторната комисија за енергетика, Советот за радиодифузија и Бирото за јавни набавки и Агенцијата за пошта.

Оценка на Комисијата е дека во 2009 година во областа на енергетиката не постојат нарушувања на конкуренцијата, особено, имајќи ја во предвид либерализација на цените електричната енергија. Не е утврдено влијанието на конкуренцијата од страна на државните институции со евентуални повластени цени за електрична енергија. Контролата на државната помош се спроведува од страна на КЗК. Од страна на давателите се почитува правилото на пријавување на државната помош до КЗК пред нејзиното доделување. Во 2009 година зголемен е бројот на ex ante одлуки за доделена државна помош.

**Промоција на странските директни инвестиции**

Според податоците од Народна банка на Република Македонија, во периодот од 1997-2009 (I-VIII) година кумулативниот прилив на Странските Директни Инвестиции (СДИ) 3,051 милијарди евра. Оваа година, заклучно со август кумулативниот износ на странски капитал изнесува 106,6 мил. Најголемо учество на СДИ со 8,8 % во БДП има во 2007 година, додека во 2008 година изнесува 6,2%. Приливот на СДИ по глава на жител е најголем во 2007 и изнесува 247,5 евра,

Прилив на СДИ во Р. Македонија и нивното структурно учество во БДП

милиони ЕВРА

| **Година** | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 (I-IX) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен износ** | 100,4 | 260,7 | 77,2 | 344,8 | 506,0 | 399,9 | 103,4 |
| **Учество на СДИ во БДП** | 2,4 | 6,0 | 1,7 | 6,8 | 8,8 | 6,2 | 2,1 |
| **СДИ** per capita | 49,5 | 128,3 | 37,9 | 169,0 | 247,5 | 199,7 | - |

Извор: Народна банка на Република Македонија

Анализирано по сектори (1997-2009 I-VI) најголем влез на СДИ има во услугите и се очекува тој да го задржи приматот (55,02), потоа во производството (32,31), потоа следат електрификацијата, гасификација и водостопанство, градежништво, рударството, земјоделство итн. Во сите сектори влезот на СДИ има позитивно влијание.

Во Република Македонија се утврдени следниве стратешки сектори за инвестирање: енергетскиот сектор, индустријата за производство на автомобилски компоненти, информатичка - комуникациска технологија, земјоделството и преработката на храна, фармацевтската индустрија текстилот, градежништвото и сите видови на туризмот. Посебни поволности за инвестирање се дадени во технолошко индустриските развојни зони (ТИРЗ) согласно Законот за ТИРЗ. Новиот Закон за ТИРЗ овозможува поголеми подобности за инвеститорите и развој на високо пропулзивни и современи технологии и нови вработувања.

Исто така, Агенцијата за странски инвестиции испраќа економски промотори во земјите кои се одредени како потенцијални инвеститори во Република Македонија. До сега се ангажирани 23 економски промотори, лоцирани во 21 земја во светот

(Австрија, Бугарија, Велика Британија, 2 во Германија, Данска, Дубаи, Израел, Индија, Италија, Канада, Катар, Кина, Романија, Русија, 2 промотери во САД, Словенија, Турција, Чешка Република, Холандија, Франција, Шведска). Во моментов се врши избор уште на 9 промотери: Полска, Белгија, Јужна Кореја, Австралија, САД, Јапонија, Шпанија, Турција (двајца извршители) со што ќе се заокружи тимот и Агенцијата за странски инвестиции ќе биде прва во светот по бројот на претставници со седиште надвор од државата кои се концентрирани на привлекување странски инвестиции.
Овие промотори поддржани од досегашната структура на Агенција за странски инвестиции се очекува да дадат резултати во напорите за привлекување на странски инвестиции. Секако во истата насока работи и Дирекцијата за развој на Технолошко-индустриските развојни зони, со ефикасно оперирање на зоните и обезбедување на потребната инфраструктура.

Министерството за економија во текот на 2010 ќе ја подготви Програмата за поттикнување инвестиции на Република Македонија, 2011-2014 со цел да се зголеми приливот на инвестициите во земјата и поттикне економскиот раст.

**<u>Политика на конкуренција, конкурентност и поддршка на мали и средни претпријатија</u>**

Стратешкиот документ „Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020", е усвоен од Владата во 2009 година.

Како интегративна проактивна политика, документот „Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020" јасно ги дефинира приоритетите, целите, мерките и инструментите во создавање на конкурентна економија на долг рок. Во документот се дефинирани неколку области на интервенција преку програми и мерки од разни министерства:

- Зголемување на меѓународната соработка на клучните засегнати страни во процесот на економски развој (претпријатијата, универзитетите, развојните и државните институции) и поттикнување на СДИ, со цел креирање на нови бизниси, учење и развој на ново знаење, зајакнување на меѓународните врски, размена на знаење и искуство, учење од најдобрите пракси за подобрување на менаџмент капацитетите и зголемување на продуктивноста (меѓународен менаџмент тренинг), привлекување на странски инвестиции ;
- Зголемување на применети истражувања, развој и иновациите со пораст на инвестициите во истражување и развој и развој на взаемна меѓусекторска соработка помеѓу индустријата, научните, истражувачките и институциите на Владата;
- Промоција на оддржливиот развој преку искористување на природните можности за производство на обновлива и алтернативна енергијата и природните еколошки можности кои постојат во земјата, во насока на производство на производи и услуги со високо - додадена вредност (претворање на еколошките услови во можности за поволен економски развој);
- Зголемување на конкурентноста на македонската индустрија со стимулирање на соработка преку регионално и меѓународно вмрежување на кластерите и други мини - асоцијации на мали претпријатија (користење на бенефитите како: поделба на трошоците, поефикасно истражување на пазарот, поефикасен проток на трудот, капиталот, технологијата, иновациите и информациите);
- Унапредување на развојот на МСП и претприемништвото со зголемен годишен број на нови претпријатија и промоција на брзо растечки иновативни МСП преку подобро финансирање.

Во документот се интегрирани принципите на индустриската политика во ЕУ, која ги промовира истражувањата, креирањето знаење и дифузијата на технологии.
Индустриската политика на Република Македонија има главно хоризонтален пристап и упатува на соработка со другите политики за забрзување на конкурентноста и се фокусира на концептот за економски развој за производрство на производи и услуги со повисока додадена вредност, базирани на знаење, иновации и меѓусебна соработка. Сите мерки и инструменти ќе бидат усогласени со државна помош.

Среднорочните цели што се однесуваат за поддршка на развојот на МСП секторот кои треба да придонесат за уште поефикасно работење на претпријатијата и создавање на конкурентност се дефинирани во ревидираната Национална стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013, кои ќе бидат конкретизирани во новата 4-годишна Програма, која ќе содржи мерки и активности за поддршка на МСП и развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста за периодот 2011-2014, како и во Стратегијата за занаетчиството во РМ. Овие документи ќе се изготват во 2010 година.

Еден од предложените проекти во насока на подобрување на конкурентноста и извозот е и прифаќање на идејата и поддршка на компаниите за активно делување во кластери, согледувајќи јја корista од здружување и создавање мрежа на кластери. Активностите поврзани со иницирање и поддршка на кластери се интензивирани и се координираат од Министерството за економија, кое и понатаму продолжува со поддржување на иницијативите за кластерско организирање,

како и со поддшка на работата на веќе етаблираните кластери. Денес има 10 регистрирани кластери и неколку нови кластерски иницијативи. Од 2009 година отпочна со реализација на четиригодишната програма за поддршка и развој на кластерското здружување преку соодветни мерки.
Владината поддршка, која треба да се реализира преку јавно-приватниот дијалог, ќе придонесе за создавање на нови кластерски иницијативи, како и само одржливост на кластерите, базирани на иновации.

Освен проектот на кластери, во рамки на вертикалниот аспект на индустриската политика, подготвени се неколку стратегии за развој на одделни сектори (како текстил, челик, туризам) и се реализира соодветна поддршка преку Програмата за развој на туризмот, а од 2009 година отпочна реализацијата на четиригодишната Програма за ревитализација на текстилната индустрија. Во тек е ревидирање на Стратегијата за туризам.

Во насока на реализирање на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за
зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, на годишно ниво се реализира и: Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги; Програмата за технолошки развој и Програмата за техничка култура; Програмата за рамномерен оддржлив регионален развој; Програмата за атрактивни плански региони; Програмите за реализација на политиката за вработување.

Во фаза на изготвување е закон за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија. Со овој закон се предлага постојната Агенцијата за странски инвестиции да ги зголеми компетенциите вклучувајќи ја и извозната промоција, со цел активно и ефикасно имплементирање на политиката за унапредување на конкурентноста и извозот. На овој начин се создава и соодветна имплементациска структура за промоција на извозот. Се предвидува законот да биде усвоен во текот на 2010 година.

Имплементацијата на Националната Стратегијата за развој на информатичкото оптштество со Акционен план, особено преку областите на делување e-bussiness, e-education, e-infrastruktura исто така се значаен фактор за зголемување на конкурентноста на македонската економија.

Како дел од поддршката за МСП, проектот “Топ менаџмент“ на Владата на Република Македонија започна да се спроведува во првата половина од 2009 година. „Топ менаџмент“ претставува програма за обука на најмалку 200 менаџери во странски компании која ќе се реализира во соработка со приватниот сектор во периодот 2009-2011 година. Со овој Проект ќе се овозможи менаџерите, пред се од извозно ориентираните компании, да ги унапредат своите менаџерските способности и да стекнат практични искуства во соодветни компании во странство. Менаџерите ќе имаат можност одблиску да го надгледуваат процесот на креирање политики, преговарање, одлучување, маркетинг, како и да црпат искуства од компании во поразвиените земји како Словенија и Германија. Една од придобивките е и воспоставување контакти со многу успешни компании кои се од големо значење за соработка со македонските компании, за подигнување на конкурентноста, зголемување на извозот и за македонската економија во целина.

Проектот се спроведува во две фази: локална теоретска обука за најновите концепти на менаџмент која трае 30 денови и практична обука во успешни компании која трае по 60 денови во Словенија и во Германија.

Првата група на менаџери ја заврши локалната теоретска обука во август 2009 година и на практично усовршување во Словенија замина на 01 октомври 2009 година.

Во текот на месец ноември 2009 година започна теоретската обука на втората група на менаџери која се планира на практична обука да замине во март 2010 година.

Во 2010 година се очекува 6 групи на менаџери да ја завршат локалната теоретска обука и 4 групи на менаџери да отидат на практично усовршување во Словенија и Германија.

5) **Трговска интеграција со ЕУ**
Земјите од ЕУ 27 имаат најголемо учество во вкупната надворешно - трговска размена на Република Македонија, кое во периодот јануари - септември 2009 година изнесува 53,6%. Показателите на трговска соработка меѓу Република Македонија и ЕУ во периодот јануари- септември 2009 година укажуваат дека истата е намалена во однос на истиот период од претходната година за 33,4%. Намалувањето на увозот од ЕУ е за 26,3%, а намалувањето на извозот е за 42,8%. Притоа, трговскиот дефицит за истиот период се зголеми за 24,2%, а покриеноста на увозот се намали за 22,4 процентни поени, и за деветте месеци од 2009 година изнесува 58,5%. Неповолните движења на цените на металите во услови на светска економска криза и намалување на глобалната побарувачка на пазарите, како и негативна динамика на

раст кај земјите од ЕУ, при висока концентрираност на македонскиот извоз во ЕУ, условија значително намалување на извозот, што ја отсликува сензитивноста на македонскиот извоз на екстерните промени.

Република Македонија како земја со мал внатрешен пазарен потенцијал, од својата независност, се определи кон спроведување на активна надворешна трговска политика со цел интензивирање на трговската соработка со земјите од регионот и пошироко, преку либерализација и олеснување на условите за непречено одвивање на извозот и увозот на стоки.

Република Македонија продолжи да го имплементира Договорот за изменување и пристапување кон Централно Европскиот Договор за слободна трговија - ЦЕФТА 2006. Во 2009 година беа одржани преговори за либерализација во трговијата со земјоделско прехранбени производи. До сега Република Македонија договори целосна либерализација во трговијата со овие производи со Република Албанија, со Република Молдова целосна либерализација освен за виното каде е договорена билатерална квота, а со Република Хрватска продолжуваат преговорите за натамошна lлиберализација. Имплементацијата на оваа либерализација се предвидува да започне во втората половина од 2010 година, откако измените ќе бидат потпишани и ратификувани од сите членки на ЦЕФТА 2006. Исто така во рамките на Поткомитетите на ЦЕФТА активно се работеше на отстранување на нетарифните бариери во трговијата.

Со определбата на Република Македонија за либерализација на трговијата со земјите од регионот и склучувањето на договорите за слободна трговија се обезбеди пристап на стоките со повластен третман на голем пазар, се зголеми конкуренцијата на пазарот во земјата со што македонските стопанственици беа принудени да тежнеат и станат конкурентни, како на домашниот така и на странскиот пазар.

Во 2009 година се одржа Мешовита Комисија по Договорот за слободна трговија со Украина на кои се договори да се либерализира трговијата со земјоделско прехранбените производи, кои сега се на квота. Исто така со ЕФТА државите се одржа Мешовит Комитет на кои се договори натамошна либерализација на меѓусебната трговија. Имплементацијата на договорената либерализација ќе се оствари во 2010 година.

Со имплементација на Протоколот 2 - дефиниција на поимот „производи со потекло“ и методите на управна соработка од Договорот за слободна трговија помеѓу Р. Македонија и Р. Турција,од 7 јули 2009 година, започна да се применува дијагонална кумулација на потеклото на стоките со ЕУ .

Република Македонија во 2010 година ќе продолжи да ја спроведува трговската политика во согласност со превземените меѓународни обврски кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, од членството во Светската трговска организација (СТО), ЦЕФТА, и другите договори за слободна трговија со кои се преземени обврски за повластен трговски режим.

Основен закон во областа на трговската политика, со кои се уредуваат условите за вршење на трговија во земјата и странство е Законот за трговија (Сл. весник на РМ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08 и 20/09 ) До крајот на 2010 година ќе се изврши изменување и дополнување на Законот за трговија. Ваквата обврска произлегува од Акцискиот план за сообразност со членовите 28-30 од Договорот за основање на ЕЗ, кој е донесен од Владата на РМ во август 2009 година. Измените и дополнувањата на Законот за трговија се со цел да се отстранат одредбите кои содржат мерки со еквивалентен ефект на квантитативни ограничувања во трговијата, и овозможи слободно движење на стоките меѓу РМ и ЕУ и да се поедностави постапката за издавање на дозволи.

Во 2010 година ќе се изврши измена на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба (Сл. весник на РМ бр. 82/05 и 84/07) со цел да се усогласи со новата ЕУ легислатива за контрола на извозот, трансферот, брокерингот и транзитот на стоки со двојна употреба, Регулатива на Советот (ЕЗ) 428/2009 која стапи на сила на 27.08.2009 година.
Со цел за имплементирање на обврските од СТО и соодветните прописи на ЕУ, ќе се изврши усогласување на царинската тарифа за 2010 година.

6) **Реформи насочени кон зголемување на продуктивноста и конкурентноста** (**земјоделство и рурален развој**, **сектор производство**, **вклучувајќи диверзификација на индустриската база** )

Процесот на глобализација особено членството во СТО отвори големи предизвици за македонското земјоделство како и потреба од структурни реформи за соочување на домашниот пазар со увозна конкуренција и одржување на надворешно трговските текови за извозно ориентираниот земјоделски сектор. Овие предизвици се зголемуваат со примената на Договорите за слободна трговија со соседните земји и ЕУ-27. Падот во земјоделството, шумарството и рибарството и

сродните индустрии во изминатиот период имаа значителни негативни последици во руралните области и севкупната економска и социјална стабилност на земјата. Зајакнувањето на конкурентноста на македонскиот агробизнис поддржано со реформа на јавните институции и имплементација на целни политики на поддршка и мерки за рурален развој е од суштинско значење и се третира како приоритетно прашање во последниов период (2007-2009).

Земјоделската политика на Република Македонија содржи палета на мерки и инструменти за подобрување и поттикнување на конкурентската способност на македонскиот земјоделско - прехранбен сектор. Преку зголемена финансиска поддршка од 70 милиони евра во 2009 и 100 милиони евра во 2010 година голем дел од поддршката е наменета за стабилизација на приходот од земјоделска дејност (т.н. директна поддршка по ха и по грло) и обезбедување на ликвидност на секторот за зголемување на инвестициите во модернизација на производните практики за подобрување на ефикасноста на производството. Мерките за поттикнување на инвестициониот циклус во земјоделството се спроведуваат преку Програма за финансиска поддршка на руралниот развој и ИПАРД Програмата 2007-2013 со поддршка од ИПА фондовите на ЕУ наменети за рурален развој.

Политиката за рурален развој содржи мерки за зголемување на конкурентноста и модернизација преку следниве приоритетни сектори за интервенција:

Образование и стручно усовршување за вршење на активности поврзани со земјоделско производство, производство на храна и шумски сектор и други активности значајни за развој на руралните средини преку воспоставување на систем за континуирано образование на земјоделските производители и редовен трансфер на знаење и иновативни практики навремено информирање на земјоделските производители и нивно обука за полесно управување со промените во нивното економско и правно окружување особено во процесот на ЕУ интеграција;

Модернизација на објектите и опремување на земјоделските стопанства преку поддршка на реализирани инвестиции по пат на доделување на грантови за капитално инвестирање;

Модернизација на преработувачките капацитети за унапредување на технолошката основа за додадена вредност на земјоделскиот производ и воведување на стандарди за безбедност на храна и заштита на животната средина;

Инвестиции во инфраструктура поврзана со развој на земјоделството од аспект на водоснабдување за наводнување, пристап до електрична енергија и комунална инфраструктура;

Поддршка за организирање и заедничко извршување на производна дејност на земјоделски стопанства заради економско организирање на малите земјоделски стопанства со цел зголемување на ефикасноста на производството и организирање на заеднички пласман;

Развој на руралната економија преку поттикнување на претприемништво и искористување на потенцијалот на руралните средини преку развој на рурален туризам, Унапредување на традиционалното производство и директна продажба, Промоција на користење на обновливи енергетски ресурси, Подобрување на руралната патна мрежа (рурална инфраструктура);

## III **СПОСОБНОСТ ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ**

### 3.1 **СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ**

#### 3.1.1 **ОПШТИ ПРИНЦИПИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Владата на Република Македонија на Дваесет и втората седница одржана на 24 август 2009 година го донесе Акцискиот план за сообразност со членовите 28-30 од Договорот за основање на ЕЗ со што Република Македонија треба да обезбеди усогласување на националното законодавство во областа на слободното движење на стоки со членовите 28-30 од Договорот за основање на ЕЗ и судската пракса на Европскиот суд на правдата. Ваквата обврска е во согласност и со Одлуката на Советот на ЕУ за начелата, приоритетите и условите содржани во Партнерството за пристапување на Република Македонија за подготовка на овој Акциски план, со одредници за внатрешен скрининг на националното законодавство и административните практики за воведување клаузула за заемно признавање и за потребните последователни измени. Акцискиот план е доставен во Европската комисија во септември 2009 година.

Стратегијата за спроведување на законодавството за соодветните хоризонтални организации (стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот) во областа на слободно движење на стоки е усвоена од Владата на Република Македонија на 01.12.2009 година. Во оваа Стратегија е утврдена рамката за понатамошните планирани активности во областа на слободно движење на стоките, како во поглед на мерките за да се постигне целосна усогласеност со acquis communitaire, вклучувајќи јасни рокови, така и во поглед на мерките потребни за да се обезбеди целосна и соодветна примена на хоризонталното законодавство.

Продолжија преговорите за склучување на Договорот за оцена на сообразност и признавање на индустриски производи (АКА) за седум индустриски сектори (опрема под притисок, ЛВД, ЕМС, пренослива опрема под притисок, едноставни садови под притисок, машини и дел од градежни производи) во текот на 2009 година. На 29-30 април 2009 година, во рамки на Петтиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување, се одржа четвртата рунда на преговори за склучување на АКА Договорот. На Шестиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација што се одржа на 18-19 јуни 2009 година, во Брисел, Европската комисија истакна дека се водат интензивни преговори за набрзо склучување на именуваниот договор.

Во рамки на новиот Закон за техничка инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2008 година) Државниот инспекторат за техничка инспекција доби нови надлежности за следење на работата на овластени правни лица што вршат технички преглед и периодични испитувања на технички производи (лифтови, АТЕХ, опрема под притисок, жичани постројки и др.) при нивно ставање во употреба. Министерството за економија во 2009 година ги донесе подзаконските акти за наведените области.

Согласно препораките од експерти при реализација на Проектот за надзор на пазарот (мај 2007-октомври 2008) во рамки на CARDS 2006, во Државниот пазарен инспекторат во октомври 2008 година се формира Одделение за безбедност на производи. Во ноември 2009 година, во Одделението за безбдност на производи се вработени 5 нови пазарни инспектори со технички профил и активно познавање на англиски јазик. Вкупниот број на пазарни инспектори во ова одделение е 10.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Акцискиот план за сообразност со членовите 28 - 30 од Договорот за основање на ЕЗ со одредница за внатрешен screening на националното законодавство и административните практики за воведување на клаузули за взаемно признавање и за потребните последователни измени заради остварување на компатибилност со овие членови од ДЕЗ, во 2010 година ќе се донесат соодветни прописи кои ќе ги заменат прописите што се спротивни на именуваните членови, како и ќе се изготви листа на конфликтни стандарди. Листата на конфликтни стандарди ќе биде подготвена до март 2010 година. Истата започна да се подготвува со техничка поддршка на ГТЗ во рамки на Проектот што се потпиша на 20 октомври 2009 година.

Ќе се усвои Предлог - законот за надзор на пазарот, во кој се транспонирани дел од Глава I, Глава III и Глава IV од Регулативата 32008R0765. Во овој предлог-закон се дефинирани надлежностите на инспекциските органи од повеќе државни институции и Царинската управа на Република Македонија кои вршат надзор на пазарот над индустриските производи со CE знакот.[7]

[7] Министерството за економија на 17 ноември 2009 година, електронски достави англиска верзија на Предлог-законот за надзор на пазарот со кореспондентна табела до Европската Комисија.

Во текот на 2010 година ќе продолжат преговорите по предлог-текстот на АКА договорот со цел склучување на АКА Договорот меѓу Република Македонија и Европската унија за седумте индустриски сектори (опрема под притисок, пренослива опрема под притисок, опрема под низок напон, електромагнетна компатибилност, едноставни садови под притисок, машини и дел од градежни производи) кои се предмет на преговори од мај 2008 година кога и официјално започнаа преговорите. Европската комисија се обврза до крајот на 2009 година да го достави предлог-текстот на АКА Договорот. Се планира на наредната рунда да се преговара по предлог-текстот на АКА договорот доставен од страна на Европската комисија.

Ќе се поднесе апликација до Европската комисија за примена на RAPEX системот од Државниот пазарен инспекторат.

Соодветно ќе се применува Законот за безбедност на производите од страна на новите инспектори при вршење надзор на пазарот на производите кои се пуштени на пазарот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се зајакнат административните капацитети во Министерството за економија и други надлежни институции кои учествуваат во процесот на подготовка и примена на правните прописи од Партнерството за пристапување на Република Македонија, новите прописи од глобалниот, новиот и стариот приод.

Предвидени се нови вработувања во 2010 и 2011 година, согласно НПАА 2009 и Стратегијата за спроведување на законодавството за соодветните хоризонтални организации (стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот) во областа на слободно движење на стоки.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Ќе се изврши целосно усогласување на конфликтните прописи кои се идентификувани во Акцискиот план за сообразност со членовите 28 - 30 од Договорот на ЕЗ со донесување на нови прописи, или укинување на одредби од постојни закони кои претставуваат бариера во непречено одвивање на слободното движење на стоки.

Предвидена е имплементација на Стратегијата за спроведување на acquis за соддветните хоризонтални организации (стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот) заедно со целните датуми и јасни одговорности за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети во различните сектори.

Предвидена е примена на RAPEX системот од страна на Државниот пазарен инспекторат и комуникацијата со други инспекциски органи во Република Македонија надлежни за безбеден производ на внатрешниот пазар во Република Македонија.

### 3.1.2 **ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ**

Правната рамка за регулирање на областите на акредитација, стандардизација, метрологија, надзор на пазарот и оцена на сообразност е заокружена во Република Македонија. Во текот на 2009 година донесени се бројни закони и подзаконски акти во кои се транспонирани новите директиви на Европската унија.

#### 3.1.2.1 **СТАНДАРДИЗАЦИЈА**

Институтот за стандардизација на Република Македонија (ИСРМ) интензивно работи на исполнување на 9-те услови за полноправно членство во Европскиот комитет за стандардизација (CEN) и во Европскиот комитет за електротехничка стандардизација (CENELEC). Условот 2 (воспоставување на законска рамка за доброволна стандардизација, технички прописи, спроведување на Директивата 98/34/EC за постапките за нотификација на стандарди и стандардизациски документи) и условот 3 (доказ за постоење на признато национално тело за стандардизација) се исполнети. Условот 7 (усвојување на најмалку 80% од европските стандарди како МКС и повлекување на конфликтните национални стандарди) ќе се исполни во април 2010 година. Досега ИСРМ има усвоени 64% од европските стандарди. Условот 8 (изведување на нотификационите процедури за сите усвоени европски стандарди и процедурите за мирување на стандардизациските проекти кои се планираат на национално ниво) и условот 9 (заштита на правата на интелектуална сопственост на изданијата на CEN/CENELEC) се реализираат во континуитет.

Институтот за стандардизација на Република Македонија е полноправен член на Меѓународната организација за стандардизација – ISO (International Organization for Standardisation), асоцијативен член на Меѓународната електротехничка комисија – IEC (International Electrotechnical Commission), придружен член во Европскиот комитет за стандардизација –

CEN (European Committee for Standardization) и во Европскиот комитет за електротехничка стандардизација – CENELEC (European Committee for Electrotechnical Standardization).

Во 2009 година, ИСРМ вработи нови лица со што вкупниот број на вработени во ИСРМ е 19.

До ноември 2009 година, ИСРМ има усвоено 10500 европски и меѓународни стандарди и други стандардизациски документи како македонски стандарди од кои 3416 се поврзани со директивите од новиот приод. Во периодот од јануари 2006 до 20 ноември 2009 година усвоени со превод односно достапни на македонски јазик се 61 стандард и стандардизациски документи. Бројот на повлечени конфликтни и неприменливи национални стандарди изнесува 432.
Формирани се 35 Технички „ мирор“ комитети (ИСРМ ТК) на CEN/CENELEC и ISO/IEC техничките комитети.

ИСРМ континуирано издава Месечни огласници каде се објавува јавната расправа и усвојувањето на стандардите, а отворена е и нова динамична веб-страна за ажурирање на актуелни информации од областа на македонската, меѓународната и европската стандардизација.

Потпишани се договори за соработка со:

- Албанскиот Институт за стандардизација,
- Босанскиот Институт за стандардизација;
- Црногорскиот Институт за стандардизација;
- Бугарскиот Институт за стандардизација;
- Турскиот Институт за стандардизација; и
- Германскиот Институт за стандардизација (DIN), потпишан е договор за продажба на DIN стандарди, со што е збогатена базата на податоци на ИСРМ со германски стандарди.

3.1.2.2 **АКРЕДИТАЦИЈА**
На 29 септември 2009 година, Собранието на Република Македонија го донесе новиот Закон за акредитација („Службен весник на Република Македонија„ бр.120/09). Законот е усогласен со Глава I и Глава II од Регулативата (ЕЗ) бр. 765/2008 и Законот за установите.

Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ), од ноември 2007 година, е полноправен член на Европската организација за акредитација - EA (European co-operation for Accreditation)и асоцијативен член на Меѓународната организација за акредитација на лаборатории ILAC (International Laboratory Accreditation Cooperation) од декември 2008 година. ИАРМ соработува со националните тела за акредитација на други држави пред се од регионот и има потпишано билатерални договори со националните тела на Србија, Црна Гора, Албанија, Хрватска, Бугарија, Турција и Косово. Правилата за акредитација во Република Македонија се усогласени со европските и меѓународните стандарди (серија EN 45000 и серија ISO 17000), регулативата и упатствата на EA, IAF (International Accreditation Forum) и ILAC, и европската добра пракса во таа област. ИАРМ во февруари 2009 година поднесе апликација до EA за потпишување на договор за взаемно признавање на резултатите (MLA).

Вкупниот број на вработени во ИАРМ е 13. Во 2009 година спроведена е обука на оценувачи на ново вработените и други експерти и зголемен е бројот на оценувачи. Формирани се: 1. секторски комитети за различни области (електрика, електроника и електрични машини; опрема под притисок, преносива опрема под притисок и челични градежни производи; лифтови и опрема за подигнување; градежни производи; моторни возила и услови во кои се користи техничката опрема) и 2. технички комитети за акредитација на лаборатории за тестирање, лаборатории за калибрација и акредитација на инспекциски и сертификациони тела.

На листата на оценувачи и експерти евидентирани се 52 експерти за различни области, 60 оценувачи од кои 16 се водечки оценувачи.

Заклучно со ноември 2009 година, ИАРМ има акредитирано 45 тела за оцена на сообразност. На 6 од нив акредитацијата е одземена.

Во 2009 година, ИАРМ организираше свеченост по повод доделување на Сертификати за акредитација на акредитираните тела во 2008 година и почетокот на 2009 година. ИАРМ во соработка со Германскиот Институт за Метрологија (PTB) организира Тркалезна маса на телата за акредитација од југо-источна Европа, која имаше меѓународен карактер и учествуваа претставници од земјите членки на ЕУ.

Во 2009 година, ИАРМ издаде 3 брошури и годишен извештај за своето работење, кои имаат за цел промоција на акредитацијата и запознавање на јавноста со работата на ИАРМ.

3.1.2.3 **МЕТРОЛОГИЈА**

Бирото за метрологија (БМ) е специјализиран стручен орган во состав на Министерството за економија кој има водечка улога во рамките на националниот систем за метрологијата и ги врши задачите и обврските во областа на научната, индустриската и законската метрологија. Бирото за метрологија е институција надлежна за спроведување на Законот за метрологија ("Службен весник на Република Македонија " бр.55/02, 84/07 и 120/09), Законот за контрола на предмети од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија“, број 23/95 и 22/07) и орган за одобрување според Законот за возила (“Службен весник на Република Македонија “ бр. 140/08). Бирото за метрологија соработува со специјализирани меѓународни и регионални организации (OIML, CGPM, EURAMET, WELMEC) во кои Бирото ја претставува Република Македонија. Од 2007 година БМ е потписник на MRA – Меѓународниот аранжман за признавање на сертификатите за калибрација издадени од националните метролошки институти, потписнички на MRA. Од 2009 година БМ стана член на Меѓународната организација на овластени тела за испитување и сертифицирање на предмети од скапоцени метали – IAAO.

Во текот на 2009 година склучени се Меморандуми за разбирање со институти за метрологија на:

- Република Албанија,
- Република Бугарија и
- Република Словенија.

Меморандуми за соработка, БМ потпиша и со ИАРМ и ИСРМ, како клучни елементи од инфраструктурата за квалитет. Како стручно советодавно тело на Бирото за метрологија работи Метролошкиот совет.

Во областа на метрологијата усвоени се 13 подзаконски акти и 9 подзаконски акти за имплементација на Законот за контрола на предмети од скапоцени метали. Во 2009 година усвоени се:

- Правилникот за начинот и постапката за вршење на метролошки надзор и барањата кои пакуваните производи треба да ги исполнуваат во однос на количините и дозволените отстапувања од означената количина и листата на номиналните количини на пакуваните производи (“Службен весник на Република Македонија”, број 83/2009) и
- Правилник за условите за остварување, чување и одржување на националните еталони и условите за признавање на референтните еталони за национални еталони (“Службен весник на Република Македонија”, бр. 28/2009).

Во крајна фаза е транспонирањето на Директивата за мерни инструменти (2004/22/EEC) во Правилник за мерила, со која се опфаќаат над 50% од законските мерни инструменти. Некои елементи од МИД се веќе транспонирани во Законот за измени и дополнување на Законот за метрологијата (“Службен весник на РепуБлика Македонија“ бр. 120/09). Заклучно со ноември 2009, бројот на вработени во Бирото за метрологија изнесува 34 државни службеници, од кои 16 се инженери – лаборанти во лабораторискиот центар за калибрација, 15 вработени во одделенијата за верификација на мерила и 3 вработени во одделението за хомологација на возила. Во рамките на Бирото за метрологија има девет лаборатории за калибрација на мерни инструменти (лабораторија за маса, притисок, должина и агол, зафатнина и проток, густина, фреквенција и време, температура, електрични големини и референтни материјали) од кои 7 се оперативни. До 15.11.2009 година, издадени се вкупно 316 сертификати за калибрации на мерила, што е за 40 % повеќе во споредба со истиот период минатата година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во областа на **стандардизацијата** предвидени се следните активности:

- Целосно исполнување на условите 1, 4, 5 и 6 од 9-те услови и аплицирање на ИСРМ кон крајот на 2010 година за полноправно членство во CEN/CENELEC;
- Активна соработка со европските тела за стандардизација и националните тела за стандардизација на земјите-членки на ЕУ за подршка на ИСРМ за полноправно членство во CEN/CENELEC;
- Зајакнување на кадровскиот капацитет со нови извршители согласно Правилникот за систематизација на работите и задачите во ИСРМ;
- Забрзување на процесот за превод на европските стандарди на македонски јазик;
- Реализација на обуки за:
  - -правилата и праксата на европската и меѓународната стандардизација,
  - -постапките за подготовка, усвојување на европските и меѓународните стандарди во европските и меѓународните технички работни тела,
  - -нотификациони процедури за сите стандардизациски проекти кои се планираат на национално ниво и процедури за мирување (standstill), и

-користење на софтвер за управување со документи и бази на податоци.

- Воспоставување информатички систем преку набавка на систем за управување со документи и бази на податоци;
- Одржување на постоечката ИТ опрема и набавка на нова, набавка на лиценцирани оперативни системи и програми;
- Промотивни кампањи, организирање на тематски работилници и издавање на тематски публикации, плакати, летоци и нивна дистрибуција се со цел активно вклучување на бизнис заедницата и останатите заинтересирани страни во процесот на стандардизација; и
- Издавање на Гласило на ИСРМ и Огласникот за усвоени македонски стандарди и нивна дистрибуција;

Од областа на **акредитација** предвидени се следните активности :

- акредитација на тела за оцена на сообразноста (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела);
- нов Статус усогласен со новиот Закон за акредитација;
- реализација на обуки:
  - за оценувачи,
  - за водечки оценувачи,
  - потенцијални клиенти,
  - нови шеми на акредитација
- Зајакнување на соработката со министерствата во делот на овластување/ нотификација на телата за оцена на сообразност, односно јасно дефинирање на задачите помеѓу нив во однос на постапките за оцена на сообразност;
- Зајакнување на техничката инфраструктура на ИАРМ преку континуирана работа на технички комитети и секторските комитети;
- Набавка/изработка на софтвер за управување со податоци;
- Потпишување на меморандуми за соработка со останатите тела за акредитација од регионот;
- Набавка/изработка на Data management software во рамки на БЕРИС проектот;
- Зајакнување на соработката со телата за акредитација од регионот; и
- Промотивни кампањи, организирање на работилници и издавање на публикации.

Од областа на **метрологијата** се планира:

- Изготвување на среднорочна програма за развој на метролошка инфраструктура 2010 -2012;
- Донесување на повеќе правилници во кои ќе се транспонираат директивите 32004L0022, 31971L0317, 31986L0217, 31971L0347, 31976L00765, 31976L00766, 31982L0624, 31971L0316 и 31977L0107;
- Нови вработувања;
- Реализација на набавката на метролошка опрема за лабораториите според БЕРИС проектот;
- Отпочнување со реализацијата на програмата за развој - ИПА за техничка и материјална помош и поддршка за имплементација на хармонизираната легислатива во областа на слободно движење на стоки и инфраструктура за квалитет;
- Имплементација на систем за квалитет според ISO 17025 со поддршка на BERIS и IPA проектите;
- Подготовка за акредитација на лаборатории;
- Акредитација на лабораториите на БМ;
- Активно учество во работата на техничките комитети на EURAMET и WELMEC;
- Учество во проекти на интеркомпарации организирани на регионално ниво и проекти на интеркомпарации во рамки на EURAMET;
- Калибрација на еталоните и специјализирани обуки на стручниот кадар од БМ во област на научна /индустриска (калибрации на мерила и десенинација на мерни единици) и законска метрологија ( верификација на мерила) со поддршка на BERIS, IPA и GTZ;
- Организирање на семинари и работилници со цел зајакнување на метролошката инфраструктура; и
- Склучување нови билатерални договори за соработка со метролошки институции во Република Србија, Република Хрватска и Република Црна Гора.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во областа на **стандардизација** предвидени се следните активности:

- Спроведување на националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет (стандардизација, акредитација, метрологија, оцена на сообразност, надзор на пазарот);
- Имплементација на европските интерни правила и процедури за работа на ИСРМ;
- Воспоставување на ефикасен систем за работа на ИСРМ компатибилен со оној на CEN/CENELEC кога ИСРМ ќе постане полноправна членка во европските тела за стандардизација;
- Обезбедување на соодветна IT и телекомуникациска опрема, нејзино инсталирање и ставање во целосна употреба;

- Воспоставување на нотификациони процедури за сите стандардизациски проекти кои се планираат на национално ниво и процедури за мирување (standstill);
- Имплементирање на систем за квалитет во ИСРМ; и
- Создавање нови приходи преку сертификација и обуки.

Во областа на **акредитација** предвидени се следните активности:
- Ефикасна примена на воспоставениот систем за акредитација;
- Намалување на периодот од поднесување на апликација до доделување на акредитација што ќе резултира со зголемување на бројот на акредитирани тела за оцена на сообразност (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела);
- Зајакнување на кадровските капацитети со кои ќе се овозможи непречено спроведување на оценки за областите за кои се бара акредитација;
- Обезбедување на соодветна софтверска опрема, нејзино инсталирање и ставање во целосна употреба;
- Спроведување на националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет;
- Зајакнување на техничката инфраструктура преку континуирана работа на техничките/секторските комитети, која ќе одговори на специфичните барања за акредитација во различни сектори; и
- Потпишување на Договор за взаемно признавање (MLA) со Европската организација за акредитација (EA).

Во областа на **метрологија** се планира:
- Усогласување на националните подзаконски акти со меѓународни нормативни документи;
- Активно учество во работата на техничките комитети на ЕУРАМЕТ, во кои Бирото има назначено контакт лица за маса и сродни величини, за зафатнина и проток, за температура, за електрични величини и за должина; Активно учество во техничките комитети на WELMEC;
- Акредитација на лабораториите според системот за квалитет ISO 17025 во лабораториите на Бирото за метрологија;
- Оцена на системот за квалитет според ISO 17025 во Лабораторискиот центар;
- Презентација на системот за квалитет според ISO 17025 пред EURAMET TK – Q и стекнување полноправно членство во EURAMET;
- Учество во проекти на интеркомпарации преку технички комитети на EURAMET;
- Прогласување на национални еталони на мерните единици (притисок, температура, густина, должина, низок напон, отпор) во зависност од резултатите од проектите на интеркомпарации
- Имплементација на меѓународниот стандард ISO 17020 во секторот за верификација;
- Развивање на акционен план за подготовка и назначување на БМ за тело за оцена на сообразност во област на MID и NAWI;
- Специјализирани обуки на стручниот кадар од БМ во област на примена на методите за контрола на нето содржина во пакувани производи и мерни садови, како и спроведување постапка за оцена на сообразност и верификација од областа на NAWI и MID;
- Искористување на домашните ресурси пред се на научно образовните институции за наменска едукација и формирање на национални еталони во области каде што БМ нема можности; и
- Упис на мерните и калибрационите можности на лабораториите на БМ во базата на BIPM ;

3.1.2.4 **ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ** (**ПРОВЕРКА/СЕРТИФИЦИРАЊЕ/КОНТРОЛА**)

Оцената на сообразност е регулирана со Законот за безбедност на производи, при што министерот надлежен за донесување на техничките прописи ги овластува заинтересираните правни лица да вршат оцена на сообразност. Спроведената акредитација се смета за претпоставка за исполнетост на условите за овластување на правните лица. Овластувањето се врши согласно Уредбата за постапката за донесување на Решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на Решението за овластување и формата и содржината на регистерот на телата за оцена на сообразност (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.157/07).
Министерството за економија е надлежна институција за спроведување на постапката за нотификација на тела за оцена на сообразност.

Во 2009 година, Министерството за економија донесе Решение за овластување на четири правни лица:

1. ,,Гезуп,, Скопје; 2. ,,Алекс Стуард,, Скопје и 3. ,,ЦИРКО,, Скопје за инспекциско тело за верификација на единица (Модул ,,G,,) на лифтови согласно постапките за овластување во законот за безбедност на производи и Правилникот за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови (,,Службен весник на Република Македонија,,бр.23/07) во кој е транспонирана директивата 95/16/EC.

Во постапка на овластување е правно лице за опрема под притисок согласно Правилникот за опрема под притисок („Службен весник на Република Македонија„ бр.17/07) во кој е транспонирана Директивата 97/23/ЕС.

Именуваните овлатени правни лица се евидентирани во регистерот на овластени тела за оцена на сообразност што го води Министерството за економија и нивните Решенија се објавени на веб страницата на Министерството за економија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во 2010 година, ќе следат нови овластувања на телата за оцена на сообразноста по поднесено барање од од правни лица согласност утврдена постапка за овластување.

Со цел реализација на предвидените активности за акредитација и овластување на заинтересирани правни лица, во рамки на ГТЗ проектот 2007-2010, се спроведуваат интензивни обуки на телата за оцена на сообразност и дисеминација на информации.

Во рамки на Институтот за акредитација на Република Македонија во тек е формирањето на Тренинг Центар кој ќе врши соодветни обуки на заинтересирани правни лица. Обуките се планира да бидат за постапките за акредитација врзано со стандардите 17020 за инспекциски тела, 17024 за сертификациони тела и 17025 за лаборатории.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во областа на оцена на сообразност се планира да се зајакне бројот на македонски тела кои ќе бидат присутни на пазарот во Република Македонија при вршење на оцена на сообразност за македонски производи.

Нотификација на тела за оцена на сообразност во Европската комисија ќе следи при склучување на АКА Договорот или со пристапување на Република Македонија во ЕУ.

### 3.1.3 **НАДЗОР НА ПАЗАРОТ**

Министерството за економија во координација со државните органи во чија надлежност е надзор на пазарот за разни области од директивите на новиот и стариот приод пристапи кон подготовка на Предлог-текст на закон за надзор на пазарот. Во Предлог-текстот на законот се транспонира дел од Глава I-дефиниции, целосно Глава III-рамка за надзор на пазарот и контрола на производи и Глава IV-CE ознаката од Регулативата бр. 32008R0765 на Европскиот Парламент за акредитација и надзор на пазарот.

Целта на регулирање на надзор на пазарот во еден закон е воспоставување на рамка и координативен систем на државните органи за надзор на пазарот за производи кои се опфатени во Поглавјето 01-слободно движење на стоки и нивните надлежности регулирани со посебни закони.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

За воспоставување на координативен систем се планира во 2010 година да се формира Координативно тело за надзор на пазарот кој ќе го следи исполнувањето на барањата за обезбедување на висок степен на заштита на јавните интереси, заштита на здравјето и безбедноста на работното место, заштита на потрошувачите и заштита на животната средина. Одредбите на овој закон ќе се применуваат во случај кога во други прописи не постојат специфични одредби кои имаат иста цел, се од иста природа или имаат ист ефект, при што надзорот ќе се врши врз производи опфатени во правните прописи за безбедност на производите, прекурзори, медицински помагала, лекови за употреба кај луѓето и во ветерината, рекреативни пловила, радио и телекомуникациска опрема и др.

Координативното тело ќе го сочинуваат државни органи за надзор на пазарот (инспекциски органи) и тоа: Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот трудов инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за животна средина, Агенцијата за електронски комуникации, инспекциските органи од областа на транспортот и врски и други инспекциски органи кои се надлежни за надзор на пазарот регулирани во други прописи за слободно движење на стоки.

Координацијата на координативното тело ќе ја врши Државниот пазарен инспекторат.

За ефикасно вршење на координативната функција на Координативното тело ќе се подготви Национална програма за надзор на пазарот за период од две години и истата треба во втората половина на 2010 година да се усвои од Владата на Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Имплементација на националната програма за надзор на пазарот од надлежните државни органи за надзор на пазарот.
- Примена на RAPEX системот од Државниот пазарен инспекторат во соработка со останатите државни органи надлежни за надзор на пазарот во рамки на Националата програма за надзор на пазарот и нивните посебни годишни програми кога сомнителен производ ќе биде пријавен во системот дека претставува сериозна опасност на пазарот.

3.1.3 **СТАР ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ**

**КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во примена е Законот за безбедност на козметичките производи (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.55/07), во кој е транспонирана Директивата 76/768/ЕЕС, Правилникот за добрата производствена пракса (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 156/07) и Листата на производи што се сметаат за козметички производи (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 156/07).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во фаза на подготовка се следните подзаконски акти согласно Законот за безбедност на козметичките производи:

- Листите на производи кои не смеат да се користат во козметичките производи
- Листите на супстанци чија употреба во козметичките производи е дозволена
- Листите на бои, УВ филтри и конзерванси
- Начелата на добрата лабораториска пракса
- Методите за анализа на козметичките производи
- Содржината и начинот на означување на готови козметички производи

Со донесувањето на овие подзаконски акти во целост ќе се усогласи европското право за козметичките производи според европските мерки: 19776L0768, 31980L1335, 31982L0434, 31983L0514, 31985L0490, 31993L0073, 31995L0032, 31996L0045, 31996D0335 и 32006D0257.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за здравство е надлежна институција за примена на одредбите од законот за безбедност на козметичките производи, донесените подзаконски акти и подготовка на новите подзаконски акти.

Државниот здравствен и санитарен инспекторат е надлежен за здравствената безбедност на козметичките производи, контролата на процесот на производство на козметичките производи, како и нивниот промет во внатрешниот пазар во Република Македонија.

Институтот за јавно здравство е надлежен за испитување и контрола на квалитетот на козметичките препарати, која е овластена државна институција од министерот за здравство.

Согласно НПАА 2009, се планира зајакнување на капацитетите на инспекторатот со нови инспектори во 2010 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Државниот санитарен и здравствен инспекторат планира зајакнување на капацитетите на инсекторатот со нови инспектори во 2011 година.

**ЛЕКОВИ ЗА УПОТРЕБА ВО ХУМАНАТА МЕДИЦИНА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во 2009 година, согласно Законот за лековите и медицинските помагала (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.106/07), донесени се следните подзаконски акти:

1. Правилник за изработка на галенски лекови (,,Службен всник на Република Македонија,, бр.19/09);
2. Правилник за регистрација на хомеопатски лекови (,,Службен всник на Република Македонија,, бр.19/09);
3. Правилник за аналитичко испитување и контрола на квалитет на лековите (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.24/09);
4. Упатство за Добра производна пракса/ Добра клиничка лабараториска пракса (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.26/09);
5. Правилник за клиничко испитување на лековите (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.29/09);
6. Правилник за означување на надворешното и контактното пакување на лековите (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.29/09);
7. Правилник за упатството за употреба на лек (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.29/09);
8. Упатство за добрата фармацевтска пракса (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.44/09);
9. Упатство за добрата лабораториска пракса (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.62/09);
10. Упатство за добрата клиничка пракса (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.62/09);
11. Правилник за фармаколошко-токсиколошко испитување на лековите (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.73/09);
12. Листа на есенцијални лекови (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.73/09).

Во 2008 и 2009 година, вкупно се донесени 26 подзаконски акти и во нив се транспонирани следните европски директиви: 2001/83/ЕС, 2004/27/ЕС, 2001/20/Ес, 2001/82/ЕС, 2003/63/ЕС, 2003/94/ЕС, 2004/24/ЕС, 2005/28/ЕС и 2004/82/ЕС.

Бирото за лекови е орган во состав на Министерството за здравство и е надлежно за управните и стручните работи за лековите за хуманата медицина во Република Македонија, чија пак надлежност е регулирана во Законот за лековите и медицинските помагала.

Обука на вработените во Бирото залекови во однос на имплементацијата на законот за лековите и медицинските помагала се спроведува во рамки на ИПА проект со Европската Агенција за лекови.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Бирото за лекови во последниот квартал од 2009 година активно работи во спроведување на проектот за трансформација на Бирото за лекови во Агенција за лекови. Овие активности се во согласност со барањата на националното законодавство и европската регулатива.

Агенцијата за лекови ќе отпочне со работа од 1 јануари 2010 година, како самостоен орган на државната управа.

Обуки на вработените ќе продолжат во 2010 година согласно договорот меѓу Европската Комисија и Европската Агенција за лекови (ЕМЕА).

Се планира Твининг проект за совладување на вештините во областа на добрата регулаторна пракса со земјите членки на ЕУ, заради унифицирање на постапките што се водат согласно законот и нивно препознавање.

Според НПАА 2009, се планира 4 нови вработувања во 2010 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Потребна е континуирана обука на вработените во Агенцијата за лекови за новите постапки врзано со имплементацијата на подзаконските акти.

**ХЕМИСКИ ПРОИЗВОДИ – Хемикалии**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Законот за хемикалии („Службен весник на Република Македонија„ бр.113/07) и Законот за превоз на опасните материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија„ бр.92/07) се основните правни прописи во кои се регулираат условите и начинот на ставање во промет и производство на хемикалии.

Во 2009 година, во рамки на законот за хемикалии донесени се следните подзаконски акти:

1. Правилник за содржината на барањето и начинот на издавање на одобрение за ставање на биоциди во промет („Службен весник на Република Македонија„ бр. 63/09);
2. Правилник за типот на биоцидни производи и нивниот опис, како и листата на активни супстанци за вклучување во биоцидни производи, листата на вклучување во ниско ризични биоцидни производи и листата на базични супстанци („Службен весник на Република Македонија„ бр.74/09);
3. Правилник за начинот на ставање на биоциди во промет преку постапка на одобрување или регистрација („Службен весник на Република Македонија„ бр.77/09);
4. Правилник за начинот на класификација и означување на опасните хемикалии („Службен весник на Република Македонија„ бр.85/09);
5. Правилник за начинот на означување и начинот на пакување на опасните хемикалии („Службен весник на Република Македонија„ бр.87/09);
6. Правилник за начинот на класификација, пакување и означување на биоцидните производи („Службен весник на Република Македонија„ бр.117/09) во кој е транспонирана дел од директивата 98/8/ЕС.
7. Националната листа на нови и веќе класифицирани супстанци во промет на територија на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр.19/09).

Бирото за лекови во овие подзаконски акти ги транспонира ЕУ мерките: 31998L0008 и 32008R1272.

Постапката за издавање на дозволи за увоз и извоз на хемикалиите, како и одобрението за вршење на дејност промет со опасни хемикалии ја врши Бирото за лекови. Процената на ризикот за опасност и класификацијата на хемикалиите ги врши Министерството за здравство, на предлог на Комисија за хемикалии. Министерот за здравство ја овласти Клиниката за токсикологија како јавна здравствена установа, која ќе ги врши работите на Центарот за информирање за труење од хемикалии. Центарот собира и обработува податоци за акутни труења и други несакани ефекти, врши документирање, информативни и консултативни активности, води регистар на несреќни случаи на труење, учествува во формулирање и контрола на централната берза на антидоти во Република Македонија и врши и други работи согласно со закон. Производителите, нотификаторите, односно предлагачите се должни да доставaт податоци на барање на Центарот. Министерството за здравство води регистар за хемикалиите.

Инспекцискиот надзор на спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат преку инспекторите за хемикалии. Инспекцискиот надзор над прометот на хемикалиите наменети за заштита на растенијата го врши надлежниот орган на управата од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Инспекцискиот надзор над исполнувањето на условите за производство и промет со хемикалии во поглед на заштита на животната средина од можни несакани дејства на хемикалиите го врши Државниот инспекторат за животна средина. Инспекцискиот надзор над исполнувањето на условите за заштита при работа го врши Државниот инспекторат за труд.

Во Бирото за лекови е формиран Сектор за хемикалии кој е задолжен за примената на законските одредби во врска со издавањето на одобренија за ставање во промет на хемикалии и нивната класификација, обележување и пакување согласно новата законска регулатива која се однесува на биоцидите.

Увозот и извозот на хемикалиите електронски се следи преку ЕХИМ системот. Секторот за хемикалии има обврска да ја следи состојбата со производство и промет со хемикалиите/препаратите и да предлага мерки за надминување на одделни проблеми.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во рамки на регионалниот Проект за управување со ризикот од хемикалии кој се спроведува со Шведската агенција за хемикалии обезбедена е експертска помош за натамошно усогласување на законодавството во областа на хемикалиите.

Во 2010 година, ќе се продожи со подготовка на подзаконски акти кои произлегуваат од законот за хемикалии во делот на биоцидите:

- Правилник за начинот на евалуација на досиејата заради евалуација на ризикот за биоцидните производи;
- Правилник за пропишување на постапката за вклучување на активните супстанци во листите на активни и базични супстанци за вклучување во биоцидни производи и ниско-ризични биоцидни производи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Интерсекторската соработка за спроведување на законот за хемикалии ја врши интерсекторско тело за хемикалии, кое го формира Владата на Република Македонија. Интер-секторското тело за хемикалии е составено од преставници на Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за финансии-Царинска управа и преставник на Здружението за хемиска индустрија. Задачата на Интерсекторското тело е да го следи спроведувањето на законот, предлага измени и дополнувања на Законот врз основа на европските и светските препораки за управувањето со хемикалиите, дава препораки и насоки за потребите за зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво и на индустријата согласно со европските и меѓународните препораки и соработува со релевантните тела.

Се планира зајакнување на Секторот за хемикалии во Бирото за лекови со нови лица.

Се планира и формирање на база на податоци за сите правни и физички субјекти вклучени во производството и прометот со хемикалии, како и на сите супстанции и препарати за кои е завршена постапката за регистрација и се наоѓаат во промет во Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Министерството за здравство е надлежна институција за разгледување на барањата за дерогација, а контролата ја врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат. Републичкиот завод за здравствена заштита-Сектор за контрола на

лекови врши контрола на квалитетот на производството и промет со хемикалии, како и на сите супстанции и препарати за кои е завршена постапката за регистрација и се наоѓаат во промет во Република Македонија.

Во 2011 година, се планира да се донесат следните подзаконски акти согласно законот за хемикалии:

- Правилник за утврдување на методите на биоразградивост на ПАС (површински активните супстанции) во детергентите, како и референтните методи за испитување и анализа на детергентите;
- Правилник што ја пропишува содржината на дополнителната проценка на ризикот од детергентите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Се планира кадровско екипирање на лабораториите кои вршат контрола на квалитетот.

Зајакнување на интерсекторската соработка за спроведување на Законот за хемикалии усогласен со REACH регулативата и зајакнување на капацитетите на сите инволвирани страни.

За ефикасна примена на националното законодавство за хемикалии се планира нови обуки во делот на биоцидите и детергентите.

**ДЕТЕРГЕНТИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во Законот за хемикалии (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 113/07) во посебна глава се обработени општите услови за ставање во промет на детергентите, како и информациите кои треба да стојат на нивното пакување и начинот на означување согласно Регулативата 648/2004.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за здравство е надлежна институција за разгледување на барањата за дерогација, а одлуката за одобрување на исклучокот по разгледување на техничкото досие со информации неопходни за евалуација на безбедносните аспекти поврзани со специфичната употреба на површински активна супстанца (ПАС) во детергентите кои не ги исполнуваат условите од тестовите за конечна биоразградивост ја носи Бирото за лекови согласно мислење на Комисијата за хемикалии врз основа на утврдени критериуми.

Контролата и надзорот ја врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат преку инспекторите за хемикалии. Републичкиот завод за здравствена заштита – Секторот за контрола на лекови врши контрола на квалитетот на детергентите.

**МОТОРНИ ВОЗИЛА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во рамки на законот за возила (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.140/08), во 2009 година од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за економија донесени се следните подзаконски акти:

Министерство за внатрешни работи

1. Правилник за начинот и постапката на регистрација на возилата (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.81/09);
2. Правилник за начинот и постапката на полагање на стручниот испит за оспособеност за извршување на работи на технички преглед, формата и содржината на образецот на извршување на работи на технички преглед, формата и содржината на образецот на потврдата за положен испит, начинот на работа на комисијата за спроведување на стручниот испит и програмата за полагање на стручниот испит, како и начинот на водење на евиденција за спроведување стручни испити од страна на комисијата (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.81/09);
3. Правилник за начинот и постапката за донесување и одземање на решението за овластување на правното лице за технички преглед на возила и за групи на категории на возила за кои се издава овластувања за технички преглед на возила (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.82/09);
4. Правилник за формата и содржината на налепницата за извршен технички преглед (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.85/09);
5. Правилник за формата и содржината на печатот со кој се врши заверка на извршена регистрација на возило во сообраќајна дозвола (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.88/09);
6. Правилник за висината на трошоците за полагање на стручниот испит за оспособеност за извршување на работи на технички преглед (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.88/09);
7. Правилник за начинот и постапката на одјавување на возилата (,,Службен весник на Република Македонија,,бр.88/09);
8. Правилник за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.89/09);

9. Правилник за просторните, материјално-техничките и безбедносните услови, како и условите во однос на кадарот за правните и физичките лица кои вградуваат уреди за погон на течен нафтен гас, на компромиран земен гас или друг гас („Службен весник на Република Македонија„ бр.94/09);
10. Правилник за поблиските услови во однос на просторните, опремата и кадрите за правните лица за регистрација на возила и правните лица кои пуштаат на пазар возила доколку издаваат пробни таблици („Службен весник на Република Македонија„ бр. 94/09).
11. Правилник за начинот и постапката на полагање на стручниот испит за оспособеност за извршување на работите на регистрација на возила во правните лица за регистрација на возила, формата и содржината на образецот на потврдата за положен испит, начинот на работа на комисијата за спроведување на стручниот испит и програмата за полагање на стручниот испит, како и начинот на водење на евиденција за спроведување стручни испити од страна на комисијата („Службен весник на Република Македонија„ бр.142/09);

Министерство за економија
1. Правилник за висината на трошоците на правните лица за идентификација и/или оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија„ бр.70/09);
2. Правилник за одобрување на тип на моторни возила со две и со три тркала („Службен весник на Република Македонија„ бр.131/09);
3. Правилник за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија„ бр.131/09);
4. Правилник за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила („Службен весник на Република Македонија„ бр.132/09);
5. Правилник за одобрување на земјоделски и шумски трактори („Службен весник на Република Македонија„ бр.134/09).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во 2010 година ќе се донесат следните подзаконски акти:
1. Правилник за одобрување на преправани и поправани возила;
2. Правилник за единечно одобрување на возило;
3. Правилник за системите, составните делови, самостојните единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;
4. Правилник за возила со музејска вредност

Со донесувањето на овие подзаконски акти ќе се комплетира правната рамка во која се транспонираат 180 директиви.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во 2011 година ќе следи имплеметација на законот за возила и подзаконските акти со воведување на регистер за возила во Министерството за внатрешни работи и регистер за спроведена постапка за хомологација во Бирото за метрологија кој се именува за Орган за одобрување.

**ТЕКСТИЛ И ОБУВКИ**
**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во 2010 година, согласно законот за безбедност на производите следи измена и дополнување на Правилникот за методи за квантитативна анализа на дво-компонентна суровина за текстилни влакна („Службен весник на Република Македонија„ бр,64/06), во кој ќе се транспонира директивата 2006/2/ЕС.

### 3.1.4 НОВ И ГЛОБАЛЕН ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Координација на активностите во правец на усогласување на националното законодавство и усвојување на европските технички норми и стандарди продолжува успешно да функционира преку работата на Работната група за Слободно движење на стоки и Работните подгрупи кои работат под координација на оваа работна група. Транспониран е значаен дел од директивите од новиот приод и во периодот 2006-2008 година донесени се 20 подзаконски акти и 4 Листи на хармонизирани европски стандарди во македонски стандарди.

Во 2009 година, Министерството за економија согласно Законот за безбедност на производи ги донесе следните подзаконски акти во кои се транспонирани новите директиви на ЕУ.

1. Правилник за електромагнетна компатибилност на електротехничка опрема („Службен весник на Република Македонија„ бр.39/09), во кој е транспонирана директивата 2004/108/ЕС. Со донесувањето на овој правилник

престана да важи правилникот за електромагнетна компатибилност (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.129/06) во кој беше транспонирана директивата 89/336/ЕС, измена 92/31/ЕЕС и 93/68/ЕЕС;
2. Правилник за електротехничка опрема наменета за работа во определено напонско подрачје (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.80/09), во кој е транспонирана директивата 2006/95/ЕС. Со донесувањето на овој правилник престана да важи правилникот за електрична опрема наменета за определен напонски опсег (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.127/06) во кој беше транспонирана директивата 73/23/ЕЕС;
3. Правилник за безбедност на машини (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.123/09), во кој е транспонирана директивата 2006/42/ЕС. Со донесувањето на овој правилник престана да важи правилникот за безбедност на машини (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.64/06) во кој беше транспонирана директивата 98/37/ЕС;
4. Петто издание на Листа на стандарди со чија употреба се смета дека производот е безбеден (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.66/09).

Во рамки на Законот за градежни производи (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.39/06 и 86/08), кој е целосно усогласен со Директивата за градежни производи 89/106/ЕЕЗ, изменета со директивата 93/68/ЕЕЗ за СЕ означувањето. Министерството за економија во 2009 година го донесе Правилникот за суштински барања за заштита од пожар на градежните производи (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 94/09), во кој е транспониран Анекс I од Директивата 89/106/ЕЕС.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Согласно законот за безбедност на производи, се планира да се донесат следните подзаконски акти во текот на 2010 година:

Во надлежност на Министерството за економија
1. Правилник за играчки, во кој ќе се транспонира директивата 2009/48/ЕС од 18 јуни 2009 година
2. Шестто и Седмо издание на Листа на стандарди со чија употреба се смета дека производот е безбеден;

Во надлежност на Министерството за транспорт и врски-Агенцијата за електронски комуникации
1. Рекреативни пловила, во кој ќе се транспонира директивата 94/25/ЕС
2. Радио и телекомуникациска опрема за терминал, во кој ќе се транспонира директивата 1999/5/ЕЗ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се зајакне секторот за внатрешен пазар во Министерството за економија, кој е надлежен за слободно движење на стоки со две нови вработувања.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Заокружување на правната рамка од транспозиција на директивите од новиот и глобалниот приод и нивна целосна имплементација, како и воведување на клаузули во националното законодавството за взаемно признавање на резултатите.

**МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во рамки на Законот за лековите и медицинските помагала (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 106/07), Бирото за лекови во 2009 година ги донесе следните подзаконски акти:

1. Правилник за поблиските услови по однос на просторот, опремата и кадарот што треба да ги исполнат производителите на медицински помагала, како и надоместоците што треба да се платат (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.19/09);
2. Правилник за содржината и начинот на означување на надворешното и контактното пакување, како и упатството за употреба на медицинското помагало (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.24/09);
3. Правилник за начинот за известување на несакани ефекти за време на користењето на медицинското помагало, видовите на реакциите што ги предизвикуваат, постапувањето на здравствените работници и добавувачите, како и начинот на организирање на системот за следење на несакани ефекти и реакции од медицинските помагала (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.79/09);
4. Правилник за формата и содржината на образецот на барањето и формата на документацијата која треба да се достави за запишување во регистерот на производители на медицински помагала, како и надоместоците што треба да се платат (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.92/09); и

5. Упатство за формата и содржината на регистерот на медицински помагала достапни на пазарот во Република Македонија, начинот на неговото водење и давање на податоци од регистерот, (објавено на веб страната: www.reglek.com.mk) од 24.07.2009 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Секторот за медицински помагала во Бирото за лекови, кој е орган во состав на Министерството за здравство е надлежен за подготовка и спроведување на правните прописи од областа на медицинските помагала.

Во секторот за медицински помагала се 4 вработени-дипломирани фармацевти.

Во рамки на Бирото за лекови функционира одделението за инспекциски надзор кој го контролира пазарот во Република Македонија со медицинските помагала.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Бирото за лекови во 2010 говина планира да ги донесе следните подзаконски акти согласно законот за лековите и медицинските помагала:

1. Правилник за потребната документација и начинот на пријавување на клинички испитувања и настанати промени, известување на несакани реакции и настани односно инциденти, условите кои треба да ги исполнат правните лица кои вршат клинички испитувања на медицинските помагала, како и трошоците што треба да се платат
2. Правилник за условите што треба да ги исполнат институциите што вршат оцена на сообразност на одредени видови на медицински помагала
3. Листа на стандарди за медицински помагала.

Ќе отпочне постапка за овластување на национални тела за оцена на сообразност на медицински помагала.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Зајакнување на капацитетите во секторот за медицински помагала за имплементација на законот и подзаконските акти за медицински помагала.

На среден рок ќе се спроведат обуки на вработените во секторот за медицински помагала и одделението за инспекциски надзор за новите постапки врзано со имплементација на правилниците.

3.1.5 **ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ**

**ПОСТАПКИ ЗА НОТИФИКАЦИЈА**

Процедурите за нотификација се регулирани во Уредбата за постапката за известување на Европската комисија за донесување на техничките и нехармонизираните прописи, техничките спецификации и стандарди (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.107/07) во кој е транспонирана директивата 98/34/ЕС, согласно членот 32 став 1 од законот за безбедност на производите.

Постапката за спроведување на процедурите за нотификација ќе ги врши Министерството за економија за техничките прописи и Институтот за стандардизација на Република Македонија за донесување на стандарди и технички спецификации.

Во однос на процедурите за нотификација во СТО, Република Македонија има формирано нотификационен систем со нејзиното членство во Светската Трговска Организација во април 2003 година.

Нотификациониот систем на Република Македонија е уреден во Законот за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија во СТО (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.7/03). Институтот за стандардизација е именувано за информтивно тело за доставување на информации за техничките прописи, стандарди и постапки за оцена на сообразност.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Првите постапки за нотификација, Министерството за економија и Институтот за стандардизација планираат да ги отпочнат со склучување на АКА Договорот за признавање на индустриските сектори кои се предмет на преговори или со пристапување на Република Македонија во ЕУ.

Министерството за економија и Институтот за стандардизација планираат по склучувањето на АКА Договорот да пристапат во работата на Комитетот за нотификација на технички прописи во ЕК.

**СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КУЛТУРНИ ДОБРА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Со измените на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр.115/07) постигната е делумна усогласенот со ЕУ регулативата. Целосно усогласување со регулативата се изврши со донесување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на дозволите и уверенијата за изнесување и извоз на културни добра во странство и начинот на издавање на дозволите и уверенијата (,,Службен весник на

Република Македонија,, бр.105/08). Почнувајќи од 1 септември 2008 година, Управата за заштита на културното наследство дозволите и уверенијата за изнесување на културни добра во странство ги издава на стандардизирани и унифицирани образци.
Во рамките на процесот на движење на културни добра, а во врска со проектот за вовоедување на едношалтерски систем за увоз и извоз (single window) и контрола при единственото застанување (One stop shop) во Република Македонија од страна на Управата за заштита на културното наследство од почетокот на 2009 година успешно се спроведува практичната примена на едношалтерскиот систем во доменот на издавање на уверенија и дозволи за изнесување и извоз на културни добра во странство. Во Управата се назначени двајца оператори кои учествуваат во користење на Exim системот во подготовка на дозволите и уверенијата за изнесување и извоз на културни добра во странство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во Министерството за култура функционира Секторот за заштита на културното наследство со нови вработени и Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице со вкупно 40 вработени. Во Секторот за превенција и инспекциски надзор –Одделение за превенција на културното наследство се следи состојбата околу недозволениот увоз/извоз и изнесување во странство на културното наследство и се преземаат превентивни мерки за намалување на можностите за појава на ризик од такви дејствија. Во таа смисла се остварува соработка со надлежните министерства за внатрешни и надворешни работи, како и со специјализирани институции во земјата и странство.
Преку Управата во 2009 година се поднесени пет кривични пријави за присвојување и нелегално изнесување на предмети кои имаат својство на културно наследство и за истите се водат кривични постапки во основните судови во Куманово, Неготино, Гостивар и Гевгелија.
Привремено се одземени вкупно 115 археолошки предмети, 845 монети и две икони кои што до завршувањето на судската постапка се наоѓаат во Управата за заштита на културното наследство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Зајакнување на соработката со надлежните министерства за внатрешни и надворешни работи, како и со специјализирани институции во земјата и странство.

**ОРУЖЈЕ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во рамки на Законот за оружјето (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 47/06 и 42/07), Министерството за економија во 2009 година ги донесе следните подзаконски акти:

- Правилник за обрасците за оружјето и муницијата и за начинот на водење на евиденции на оружје и муниција („Службен весник на РМ“ бр.94/2009 и бр. 104/2009).
- Правилник за обрасците на барањата и одобренијата за превоз на оружје и муниција при увоз, за превоз на оружје и муниција при извоз, за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при увоз, за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при извоз, за пренесување (трансфер) на оружје и муниција и транзит и за превоз на оружје и муниција при транзит што се издава по електронски пат („Службен весник на РМ“ бр.94/2009).
- Правилник за составот на комисиите на министерството за внатрешни работи за пробно испукување, начинот на вршење на пробно испукување и за чувањето на чаурите од оружјето од кое е извршено пробно испукување („Службен весник на РМ“ бр.94/2009).

Со донесувањето на овие подзаконски акти е заокружена правната рамка во која е транспонирана Директивата 91/477/ЕЕС за контрола на набавување и поседување на оружје.

Министерството за внатрешни работи во 2009 година издаде Одобренија за превоз при увоз, извоз и транзит на оружје и муниција

| | |
|---|---|
| 1. ОДОБРЕНИЈА ЗА УВОЗ | 104 – 21 (МО и МВР) = 83 |
| 2. ОДОБРЕНИЈА ЗА ИЗВОЗ | 4 |
| 3. ОДОБРЕНИЈА ЗА ТРАНЗИТ | 17 |
| 4. ОДОБРЕНИЈА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ (ТРАНСФЕР) | 87 |

Одобренијата за превоз при увоз и извоз, како и одобренијата за пренесување (трансфер), на правните субјекти од Република Македонија кои имаат одобренија за промет со оружје и муниција се издавани само за оружје од категориите Б, Ц и Д.

Во одобренијата за увоз, 21 одобрение е издадено за безбедносните структури на Република Македонија, а се однесуваат за оружје од категорија А, Б, Ц и Д.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во однос на подготовката и имплементација на законските и подзаконски акти надлежно е Министерството за внатрешни работи. Одреден број на одредби од наведениот закон предвидуваат обврски и за други субјекти и тоа за:
Судовите; Центри за социјална работа (член 10 став 1); јавни здравствени установи (Член 11 став 5); овластени правни лица за практично оспособување за ракување со оружје (член 14)

Министерство за одбрана (член 46 став 3 и член 55 став 1); Министерство за економија (член 46 став 3); Министерство за надворешни работи (член 55 став 1), се наделжни за давање на мислење за издавање на Одобрение за увоз, транзит и извоз на оружје и муниција, како и производство на оружје и муниција.

Надлежни институции за имплементација на правилниците донесени врз основа на Законот за оружјето се: Министерството за внатрешни работи, овластени правни лица за практично оспособување за ракување со оружје, установи од примарна здравствена заштита кои вршат дејност медицина на трудот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во постапка на донесување е Закон за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата.
Согласно овој закон, Министерството за економија во соработка со Министерството за внатрешни работи во 2010 година ќе ги донесе следните подзаконски акти:

1. Постапката за испитување и жигосување односно обележување на огнено оружје и муниција;
2. Жиговите и знаците за жигосување односно обележување како и за формата и содржината на потврдите и етикетите (бандеролите);
3. Условите во поглед на материјално-техничките капацитети и стручниот кадар за вршење на определени работи, што мораат да ги исполнуваат овластените правни лица;
4. Висината на трошоците во постапката за утврдување на надоместок.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

Национална стратегија за контрола на мало и лесно оружје (МЛО донесена на 16.06.2006) и Акционен план.

Целта на Стратегијата е да се дефинира достапноста до нелегалното мало и лесно оружје кое го нарушува владеењето на правото, стабилност на земјата и елиминирање на бариерите во општествениот и економскиот развој. Согласно на тоа, значајно е да се врши превенција, контрола и искоренување на пролиферацијата на нелегалното оружје во согласност со регионалните и меѓународните иницијативи, стандарди и документи за контрола на оружјето, муницијата и експлозивните материи. Формирана е Националната комисија за мало и лесно оружје за координација на примарните задачи за контрола на мало и лесно оружје во општеството за да се унапредат условите за подобрување на општата безбедност во земјата, да ги утврди приоритетите за интервенцијата за контрола на МЛО, развива оперативните мерки[8] на интервенцијата за контрола на МЛО, го подготвува "националниот акционен план за МЛО"[9]; известува за мерките на националните интервенциите за МЛО до Одделот за Разоружување на ОН во согласност со Планот за Акција за МЛО на ОН [10]; известува за мерките на националните интервенциите за МЛО до ОБСЕ во согласност со Документот на ОБСЕ за МЛО [11]; работи на спроведување на Програмата за Акција на ОН за превенција, борба и искоренување на недозволената трговија со МЛО од сите негови аспекти; на Документот на ОБСЕ за МЛО; на Документот на ОБСЕ за складирање на конвенционална муниција и било која санкција на ОН која се однесува на извозот на МЛО.

**Состав на Националната Комисија за МЛО**[12]

---

[8] Предложени оперативни цели можат да се најдат во RMDS 01.10.
[9] Ова треба да биде во согласност со Регионалниот План за Имплементација на Пактот за Стабилност за Борба против пролиферацијата на МЛО, 28 Ноември 2001.
[10] Програмата за Акција на ОН за Превенција, Борба и Искоренување на недозволената трговија со МЛО во сите аспекти, Јули 2001.
[11] Документ на ОБСЕ за МЛО, 24 Ноември 2000.
[12] Со Решение на Владата објавено во Сл. Весник бр. 87 од 12 јули 2007 и Решение на Владата објавено во Сл. Весник бр. 31 од 02 март 2009 именувани се претседател, национално контакт лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје.

Релевантни претставници кои учествуваат во националната комисија за МЛО се:
Министерство за внатрешни работи;
Министерство за надворешни работи;
Министерство за одбрана;
Министерство за финансии - Царинска управа на РМ;
Министерство за правда;
Министерство за образование и наука;
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Министерство за економија
Министерство за локална самоуправа

Други меѓународни организации кои директно го имплементираат проектот за МЛО интервенција.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Правилник за образецот на одобрението за внесување оружје и европскиот документ за оружје (произлегува од Глава X од Законот, која ќе се применува по приемот на РМ во ЕУ). Овој правилник ќе биде донесен со започнување на примена на Глава X од Законот за оружјето.

Се планира потпишување на Протоколот на ОН против недозволено производство и трговија со оружје, делови од оружје, компоненти и муниција, како надополнување на Конвенцијата на ОН против транснационален организиран криминал.

**ПРОВЕРКА НА НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ**

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Република Македонија до крајот на 2009 година планира да го донесе законот за надзор на пазарот во кој се регулира контролата на производи што се пуштаат на пазар и слободен промет на производи во увозот во Република Македонија.

Воспоставувањето на системот на интегрирано гранично управување, Царинската управа на Република Македонија овозможи олеснување на протокот на лица и стоки преку државната граница согласно европските стандарди и најдобрата пракса.

Примена на мерките и активностите во системот на интегрираното гранично управување врз основа на Стратегијата за интегрирано гранично управување и Националниот акционен план за интегрирано гранично управување, како и Шенген прирачникот овозможи да се изгради систем кој ќе развие база на податоци за управување со границата и нивна поврзаност во рамките на Информатичкиот систем на интегрирано гранично управување, со цел пристап и размена на информации помеѓу државните органи кои имаат надлежност во граничното управување.

Со завршување на првата фаза од Проектот ,,едношалтерски систем за увоз и извоз (single window) и контрола при единствено застанување (one stop shop) се овозможи олеснување и намалување на времето за премин на границата за стокови пратки, а со тоа и процедурите и режимот на контрола.

Царинската управа работи согласно надлежностите што се утврдени во Законот за Царинска управа, царнскиот закон, Законот за царинска тарифа и други закони со кои се уредува увозот, извозот и транзитот на стока .

Царинската управа е одговорна за заштита на општеството и граѓаните, како и за олеснување на мешународната трговија преку обезбедување на непречен проток на стоката преку границите и спроведување на ефективна контрола на меѓународниот синџир на снабдување.

За остварување на безбедност и сигурност на граѓаните, заштита на општеството од нелегална трговија, заштита на пазарот од нелојална конкуренција и поддршката на легалните деловни активности, зголемување на конкурентноста на домашната економија, креирање на електронско опкружување, особено значајна е соработката на релевантните институции кои делуваат на ова поле на национално и меѓународно ниво.

Со користење на информациска и комуникациска технологија се вложуваат напори да се унапреди соработката и да се овозможи сигурна размена на информации помеѓу царинските служби, потоа царината и државните институции и царината и економските оператори односно учесници во царинската постапка.

Во извршувањето на задачите поврзани со контролата на границите и обезбедување на сигурност во синџирот на снабдување, царинската управа е надлежна за примена на Рамката на стандарди за олеснување и обезбедување на меѓународната трговија на Светската царинска организација.

Воведувањето на Проектот ,,едношалтерски систем за увоз и извоз (single window) и контрола при единствено застанување (one stop shop), за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти-ЕХИМ, во Република Македонија официјално започна со Одлука на Владата на Република Македонија од март 2007 година. Водечка институција и координатор на проектот е Царинска управа. Владата на Република Македонија формира работна група составен од претставници од Царинска управа, Вационалната комисија за интегрирано гранично управување,

Министерството за информатичко општество, Агенцијата за меѓународен развој-УСАИД и претставници на 15 владини институции кои учествуваат во спроведување на различни постапки за прекуграничен проток на стоки.
Официјалното име на воспоставениот систем е ЕХИМ и истиот е достапен на интернет страницата www.exim.gov.mk
Системот е оперативен од ноември 2008 година, а во тек се активности за дополнителен развој и проширување на системот.

Основната цел на воведување на едношалтерскиот систем е да се олесни и забрза пристапот и размената на податоци и документи помеѓу надлежните институции, како и помеѓу институциите и бизнис заедницата воопшто. Конкретно, проектот обезбеди услови за електронско поднесување на сите увозни и извозни податоци само еднаш и на едно место, при што се гарантира ефикасна координација и спроведување прекуграничните контроли и инспекциските процедури.
Во втората фаза на дополниотелниот развој на ЕХИМ се планира негово интегрирање новиот софтвер за обработка на царински декларации- CDPS. Се планира изработка и вклучување на други лиценци и сертификати и дозволи кои не се опфатени во првата фаза, а за кои аплицира бизнис заедницата до надлежните институции.

Во тек е воведување на стандардот ИСО 17025, основа за добрата лабораториска пракса, што е предуслов за акредитација на царинската лабораторија, која се наоѓа во Институтот за хемија на Природно-математички факултет. Акредитацијата на царинската лабораторија ќе овозможи резултатите од анализите во царинската лабораторија да се меѓународно признати.
Соработката и коодинацијата на одговорностите на различните тела стратешки се определени во новата Стратегија за развој и унапредување на воспоставениот систем за интегрирано гранично управување, која како основен документ ќе се одобри од Владата на Република Македонија.

## 3.2 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ

### 3.2.1 ПРИСТАП ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Основен акт кој ја уредува постоечката правна рамка од областа на пристапот до пазарот на труд за странците е Законот за вработување и работа на странци ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/2007, 05/2009). Измените на Законот за вработување и работа на странци во јануари 2009 година (Службен весник на РМ бр.5/09) овозможија забрзување на постапката за издавање на соодветни типови на работни дозволи и зголемување на периодот на важност на одредени работни дозволи. Во насока на овозможување на семејно обединување при прво вработување на странец во Република Македонија се пристапи кон измени и дополнување на Законот за вработување и работа на странци при што во одредени случаи, по исклучок, дозволата за прво вработување ќе се издава за период од една година. Исто така, при првично самовработување на странец во процесот на добивање на лична работна дозвола нема да му се бара да достави деловен бизнис план, туку овој документ ќе се бара само при продолжување на личната работна дозвола.

Во месец јануари 2009 година Собранието на РМ донесе Резолуција за миграција ("Службен весник на Република Македонија" бр.06/2009), со која се укажува на состојбите, проблемите и мерките што треба да се превземат во областа на миграциите. Во согласност со предвидените активности во Резулуцијата во декември 2009 беше усвоен акционен план по однос на Резолуцијата за миграција во кој ќе бидат попрецизно дефинирани активностите и мерките кои пооделните министерства треба да ги превземат во рамки на нивните надлежности.

Во текот на 2009 година беше издадена повеќејазична брошура за постапките за издавање на дозвола за привремен престој заради вработување, работа и самостојно вршење на дејност од страна на странци. Исто така, во соработка со Агенцијата за странски инвестиции во текот на 2009 година отпечатен е Прирачник за визи и работни дозволи за влез на странците во Република Македонија.

Согледувајки ја потребата од меѓусебна размена на податоци за странците кои престојуваат во Република Македонија по различни основи, Владата на Република Македонија во месец март 2008 година започна со имплементација на проектот за воспоставување на централна база за странци каде што носител на активностите е Министерството за внатрешни работи а партнери на проектот се Министерството за надворешни работи и Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Р.Македонија кој сеуште е во тек.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Централната база за странци ќе биде оперативна во втората половина на 2010 година. Исто така во текот на 2010 година ќе се изврши меѓусебно електронско поврзување на институциите кои се инволвирани во процесот на издавање на работни дозволи. Со цел да им се овозможи пристап во јавниот сектор на државјаните на Европската унија во периодот по влезот на Република Македонија во Европската унија во втората половина на 2010 ќе се изврши анализа на пазарот на трудот во јавниот сектор (правен и економски аспект).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Ќе се утврди индикативна временска рамка во однос на овозможување на пристап на државјаните на Европската унија до слободни работни места во јавниот сектор во периодот по влезот на Република Македонија во Европската унија по што ќе се пристапи кон измени на постоечкото законодавство во Република Македонија.

### 3.2.2 ЕУРЕС

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во врска со подготовките на Република Македонија за учество во ЕУРЕС, Агенцијата за вработување на Република Македонија е во континуиран процес на модернизација и институционален развој. Во 2009 Агенцијата за вработување на Република Македонија започна постапка за вработување на две контакт лица за ЕУРЕС. За зајакнување на административниот капацитет за ефективна имплементација и примена на ЕУРЕС (Европска мрежа на служби за вработување) Агенцијата за вработување на Република Македонија учествуваше во изработка на проект кој треба да биде одобрен во рамките на ИПА 2010 компонента I. Се очекува проектот да биде усвоен во јуни 2010 а неговата имплементација да започне во првиот квартал на 2012 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Агенцијата за вработување на Република Македонија подготви Акциски план на мерки и активности за учество на Република Македонија во ЕУРЕС кој по извршената меѓуресорска консултација во првата половина на 2010 година ќе биде усвоен од Владата на Република Македонија.

Во 2010 година ќе се обезбеди и опреми канцеларија за ЕУРЕС а со крајна цел да се овозможи давање на информации за слободните работни места во земјите членки на Европската Унија на оние кои бараат работа, дополнителни информации за условите под кои можат да добијат вработување како и давање на информации на работодавачите.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во првиот квартал на 2012 година ќе започне имплементацијата на пректот за зајакнување на капацитетите на Агенцијата за вработување на Република Македонија за учество во Европска мрежа на служби за вработување кој треба да биде одобрен во рамките на ИПА 2010 Компонента I.

### 3.2.3 КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во Република Македонија активно се работи на склучување на билатерални договори за социјално осигурување. Од 01 април 2009 година стапи на сила Договорот за социјално осигурување со Луксембург а од 01 јуни 2009 година стапи на сила Договорот за социјално осигурување со Белгија.

Во март 2009 година завршени се преговорите и парафиран е договорот за социјално осигурување со Црна Гора и Административната спогодба за спроведување на Договорот за социјално осигурување.

Во август 2009 година се потпиша Договорот меѓу Република Македонија и Канада за социјално осигурување. Во јули 2009 година завршија преговорите и се усогласи текстот на Договорот меѓу Република Македонија и Австралија за социјално осигурување. Потпишувањето на Договорот се изврши на 26 –ти октомври 2009 година.

Во овој период органите за врска одржаа разговори со претставници на Големото Војводство Луксембург, Федералниот Завод за пензиско и инвалидско осигурување на Босна и Херцеговина, Јавниот Федерален Сервис за социјална сигурност и Националната служба за семејни надоместоци на платените работници на Кралството Белгија како и со претставници на органите за врска на Црна Гора.

Започнати се активности за соработка во областа на социјалното осигурување меѓу Република Македонија и Република Косово.

Со цел да се воспостави регистрација на фирма и пријавување на работници согласно планот DOING BUSINESS Министерството за труд и социјална политика донесе Правилник за дополнување на Правилникот за формата, содржината и начинот на поднесување на обрасците на пријави за матична евиденција со кој детално се уредува формата и електронското поднесување на сите пријави од задолжително социјално осигурување (“Службен Весник на РМ бр.46/09).

За подготовка на Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување во кој ќе биде транспонирана Регулативата 32004R0883 од декември 2009 година се користи експертска помош од меѓународен консултатнт преку СПИЛ проектот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во областа на билатералното регулирање на социјалното осигурување со други земји во текот на 2010 година ќе се иницира постапка за преговори за склучување на билатерални договори за социјално осигурување со Словачка и Албанија.

Во текот на 2010 година ќе се завршат постапките за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Канада за социјално осигурување и Договорот меѓу Република Македонија и Австралија за социјално осигурување.

Во текот на 2010 ќе се реализираат разговори во Р.Хрватска со хрватскиот надлежен орган за врска околу примена на Договорот за социјално осигурување и со органот за врска на Р.Србија за примена на Договорот за социјално осигурување со оваа држава.

Во 2010 година Секторот за пензиско и инвалидско осигурување во Министарството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за вработување на Република Македонија ќе продолжат со кадровско екипирање со цел развивање на административен капацитет за целосна примена на Регулативите 31971R1408 и 31972R0574 за гранките на социјална сигурност.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во првата половина на 2011 година ќе се усвои Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување во кој ќе биде транспонирана Регулативата 32004R0883. Со овој закон ќе се регулираат видовите на исплати на пензии од капиталното финансирано пензиско осигурување (ануитети, програмирани повлекувања, еднократни повлекувања), институциите за исплата на пензиите, начинот на пресметка на пензија од капиталното финансирано пензиско осигурување, и други прашања.

На почетокот на 2011 година ќе започне имплементацијата на Договорот меѓу Република Македонија и Канада за социјално осигурување и Договорот меѓу Република Македонија и Австралија за социјално осигурување.

Во првиот квартал на 2012 година се очекува почеток на проектот “Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на правото на ЕУ во областа на слободното движење на работниците“ кој треба да биде усвоен во јуни 2010 во рамките на ИПА 2010 компонента I.

### 3.2.4 ЕВРОПСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во април 2009 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Националната здравствена осигурителна каса на Бугарија го потпишаа Договорот за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија за бугарските осигурени лица.
Во август 2009 година се одржаа разговори со претставници на органите за врска за здравствено осигурување на Белгија на кои се прифати иницијативата за потпишување на Договор за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија.
Во ноември 2009 година се одржаа разговори со претставници на органите за врска за здравствено осигурување на Луксембург на кои се прифати иницијативата за потпишување на Договор за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија.
Врз основа на позитивното досегашно искуство во примената на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија достави иницијатива за потпишување на вакви Договори и со другите земји членки на ЕУ.

**Електронска картичка за здравствено осигурување**

Министерството за здравство донесе Стратегија за развој на Македонски интегриран здравствен информатички систем со посебен осврт на примената на електронската здравствена картичка. Во овој документ утврдена е динамиката на активности за воведување на електронската здравствена картичка во Република Македонија. Со одлука на Министерот за здравство формирана е проектна организација за проектите за информатизација на здравството во кои влегува и проектот Систем за електронска здравствена картичка. Проектот за Системот за електронска здравствена картичка оперативно го спроведува Фондот за здравствено осигурување на Р. Македонија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2010 година ќе се потпишат Договори за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија со Луксембург, Белгија и Унгарија.

За воведување на **електронската картичка за здравствено осигурување** која би ја заменила здравствената легитимација ќе се донесат Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување со кој ќе се создаде правен основ за имплементирање на електронската национална картичка за здравствено осигурување и Правилник за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзино издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжителното здравствено осигурување.
Во врска со имплементацијата на електронската национална картичка за здравствено осигурување во текот на 2010 година ќе се донесат Одлука за дизајн на електронската здравствена картичка, Одлука за содржината на картичката и Одлука за профил на дигиталиот сертификат.
За да може да се донесе Одлуката за содржината на картичката со која ќе бидат покриени сите сегменти почнувајќи од начинот на доставување на барање за издавање, верификација на барањето, доделување на единствен здравствен број, печатење на електронската здравствена картичка, дистрибуција на картичката до осигурениците, и следење на животниот тек на картичките, потребно е да се реализраат повеќе студиски посети во земјите од ЕУ во кои е имплементирана електронска здравствевна картичка. Во исто време треба да се прилагоди содржината на електронската здравствена картичка со соодветните стандарди на европската електронска здравствена картичка. Поради тоа во текот на 2010 година е планирано организирање на студиски посети во земјите од ЕУ кои имаат искуство со имплеменатција на електронска здравствена картичка и ангажирање на консултант за прилагодување на содржината на електронската здравствена картичка според минималниот сет на стандарди на ЕУ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2011 година ќе се потпише Договор за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија со Холандија.
Се планира целосна имплементација на националната картичка за здравствено осигурување, како и заживување на доброволното дополнително здравствено осигурување во праксата согласно Законот за здравствено осигурување и Законот за осигурување, заради покривање на трошоците за здравствени услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување.

Воведувањето на електронската здравствена картичка и интегрираниот здравствен информационен систем наметна потреба од редизајнирање на постоечкиот информационионен систем на Фондот за здравствено осигурување. Редизајнот на системот ќе опфати дефинирање на нови бази на податоци, полнење на базите со прочистени податоци за осигурениците и обврзниците за плаќање на придонес за здравствено осигурување и централизација на апликациите, бидејќи тековниот систем работи со 30 дистрибуирани бази на податоци.

## 3.3 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ

### 3.3.1 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Со Законот за трговски друштва се уредуваат условите за основање на трговски друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр.84/08) Во Законот не се прави разлика помеѓу странски и домашни правни и физички лица, во однос на потребните услови и барања за основање на трговски друштва.

Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 150/07) содржи одредби наменети за спроведување на утврдените потреби за поедноставување на започнување на дејност, подобрување на едношалтерскиот систем и отстранување на непотребните формалности.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Предлог на Законот за изменување на Законот за трговски друштва ( „Службен Весник на Република Македонија„ 87/08) кој е во собраниска процедура содржи одредби со кои се овозможува онлајн регистрација преку едношалтерскиот систем.

Во рамки на Централниот регистер на Република Македонија ќе се реализира посебен проект Едношалтерски систем – фаза 2 заради целосно воспоставување на електронски решенија за сите постапки при регистрација на компанија во рамки на едношалтерскиот систем и завршување на постапката за регистрација во трговскиот регистар по електронски пат.

Ќе се продолжува анализата на постојната регулатива со цел обезбедување на правото на основање на физички и правни лица од земјите-членки на ЕУ на територијата на Република Македонија согласно барањата на Директивата за услуги. Во таа насока се анализираат постапките за издавање на одобренија од аспект на нивната транспарентност, објективност и навременост.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Ќе се спроведуваат законодавните активности предвидени со Акцискиот план за усогласување со Директивата за услуги за елиминирање на утврдените бариери и поедноставување на постапките за издавање на одобренија.

### 3.3.2 СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во септември 2009 година Владата на Република Македонија го усвои Акцискиот план за усогласување со Директивата 32006L0123. Акцискиот план се подготви врз основа на извештаите од извршената анализа на усогласеност од страна на сите органи на управа во чија надлежност се законите и подзаконските акти со кои се регулира пристапот на пазарот на странски даватели на услуги. Со Акцискиот план се утврдија надлежните институции и динамиката на подготовка и предлагање на измени и дополнувања на законите и подзаконски акти со цел елиминирање или поедноставување на идентификуваните бариери соогласно Директивата за услуги. Министерството за економија е задолжено за координација на активностите на органите на управа во врска со спроведување на Акцискиот план.

Во моментов во Република Македонија функционира веб портал www.uslugi.gov.mk кој е во надлежност на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и кој обезбедува информации за граѓаните и деловните субјекти од страна на државната администрација. Веб порталот содржи опис на услугите, правната основа за истите, надлежната институција, податоци за одговорното лице во институцијата, обрасци за аплицирање и опис на постапката за аплицирање.

Исто така во рамки на Централниот регистар на Република Македонија функционира едношалтерскиот систем за регистрација на компании по електронски пат.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Донесениот Акциски план за усогласување со Директивата 32006L0123 претставува „жив документ" кој ќе се менува и ажурира врз основа на спроведените активности на надлежните органи на управа. За таа ќе продолжат активностите за анализа на усогласеност на законодавството во услужниот сектор на Република Македонија со Директивата 32006L0123.

Согласно динамиката утврдена во Акцискиот план ќе се реализараат предвидените законодавни активности.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок продолжуваат законодавните активности утврдени во Акцискиот план за елиминирање или поедноставување на одредбите од законите и подзаконските акти во услужниот сектор кои се идентификувани како бариери согласно барањата на Директивата за услуги.

Ќе се подготови Закон за слободно движење на услуги кој заедно со предвидените измени и дополнувања на постојните закони[13] и подзаконски акти согласно со Акцискиот план, ќе овозможи целосна имплементација на барањата од Директивата за услуги.

Во среден рок ќе се усвои Закон за слободно движење на услуги кој ќе ја опфати и обврската од директивата за воспоставување на „единствена точка за контакт". Се планира да се спроведе анализа за утврдување на начинот на кој ќе се воспостави „единствената точка за контакт" имајќи ги предвид постојните можности и капацитети и барањата кои произлегуваат од директивата.

За реализација на обврската за воспоставување „единствената точка за контакт" ќе се стекнат сознанија за искуствата на земјите членки на ЕУ. Едношалтерскиот систем и веб порталот www.uslugi.gov.mk се основа за исполнување на барањата од Директивата за услуги за креирање на единствена точка за контакт преку нивно надградување во среднорочниот период.

### 3.3.3 **ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Стратегијата за развој на поштенските услуги 2007 -2010 година во која се дефинирани јасни и мерливи цели и задачи кои треба да следат во процесот на развојот на поштенските услуги. Стратегијата за развој на поштенските услуги, преку новата регулативна рамка ќе обезбеди прогресивна либерализација на поштенскиот пазар, зголемена конкуренција, а истовремено ќе обезбеди законска основа за прифатливо ниво на обезбедување на универзалната поштенска услуга.

Во Законот за поштенски услуги ("Службен весник на Република Македонија"бр. 4/08) е имплементирана Директивата 32002Л0039 на Европскиот парламент и на Советот од 10 јуни 2002 година во врска со понатамошното отварање и воведување на конкуренција на пазарот на поштенските услуги

Во текот на 2009 година од страна на Агенцијата за пошти беа донесени предвидените подзаконски акти кои произлегуваа од Законот за поштенски услуги, а со кои се изврши целосно усогласување со Директивата 32002L0039 на Европскиот парламент и на Советот од 10 јуни 2002 година.
Согласно решението од член 31 од Законотот за поштенски услуги од 01.01.2009 година се намали тежината на резервираните поштенски услуги од 100 грама на 50 грама за Давателот на УПУ (АД Македонска пошта).

Во текот на 2009 година издадени се 19 стандардни дозволи на правни и физички лица за обезбедување на дел од универзалната поштенска услуга, надвор од резервираната поштенска услуга, како и за обезбедување на поштенски услуги на слободниот пазар и две Одобренија за обезбедување на услуги на слободниот поштенски пазар, односно за услуги надвор од универзалната поштптенска услуга.

Агенцијата за пошти согласно своите надлежности утврдени во Законот постојано врши мониторинг над обезбедувањето на универзалната поштенска услуга, односно врши мониторинг над поштенскиот пазар во Република Македонија се со цел создавање услови за целосно отварање на пазарот во 2012 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за транспорт и врски е надлежен орган за реализација на политиката на Владата на Република Македонија во областа на поштенската дејност, како и за изготвување на законската регулатива од областа на поштенската дејност.

Во рамките на Министерството за транспорт и врски, во Секторот за комуникации формирано е Одделение за поштенски сообраќај кое ги врши работите од оваа област. Во одделенито во редовен работен однос вработени се 2 стручни лица.

Агенцијата за пошти е независно регулаторно тело кое има функција да го регулира поштенскиот пазар и да вовоедува постепена и контролирана либерализација на пазарот.
Агенцијата за пошти ги извршува работите од својата надлежност преку 6 организациони единици во кои работат вкупно 11 стручни лица. Секоја организациона единица ги извршува работите од својата надлежност.

[13] Законските одредби коиј треба да се изменат се наведени во акцискиот план за усогласување со Директивата за услуги кој е доставен до Европската комисија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2010 година ќе се изменува и дополнува Законот за поштенски услуги заради усогласување со новата Директива 2008/6/ЕЗ со која се изменува Директивата 97/67/ЕУ во врска со понатамошното отворање на поштенските услуги на Заедницата кон конкуренцијата, поради допрецизирање на одредени решенија во постојниот закон и усогласување со новите закони кои во меѓувреме беа донесени, а имаат допирни точки со регулативата на поштенските услуги.

Од страна на Агенцијата за пошти во 2010 година се предвидуваат следните активности кои се поврзани со донесување на акти кои произлегуваат од примарната легислатива:

- Имплементација на Стратегијата за развој на поштенските услуги во Република Македонија 2008 -2010 година;
- Имплементацијата на Законот за поштенските услуги и сите подзаконски акти кои се веќе донесени;
- Измена на постоечките прописи кои ги регулираат поштенските услуги. Врз основа на утврдени показатели на пазарот претстои измена на одредени општи акти кои се во насока на обезбедување на динамичен и конкурентен пазар кој овозможува пристап за сите корисници до конкурентни и квалитетни производи и услуги;
- Утврдување на начинот и условите за пристап до јавната поштенска мрежа, цената на пристапот и другите прашања поврзани со пристапот;
- Правилник за утврдување на висината на средствата за надоместување на реалните трошоци за обезбедување на универзална поштенска услуга;
- Анализа на пазар на поштенски услуги за 2010 година;
- Изготвување на извештај за развој на пазарот во поштенските услуги;
- Изготвување упатство за обезбедување на информации и финансиски податоци;
- Правилник за видот и содржината на податоците кои давателите на универзалната поштенска услуга се должни да ги објават во врска со општите услови за пристап и користење, цените и параметрите за квалитет на поштенските услуги;
- Донесување прописи кои се однесуваат на заштита на интересите на корисниците на поштенските услуги преку утврдување на постапки за решавање на рекламациони постапки;
- Изготвување годишен извештај за рекламациони постапки за бројот на рекламациите и нивното решавање; и
- Донесување на прописи во делот на инспекцискиот надзор.

Од страна на Агенцијата за пошти за имплементација на секундардната легислатива се предвидуваат следните активности:

- Издавање на дозволи и одобренија за обезбедување на поштенски услуги на нови правни и физички лица;
- Утврдување на систем на компензација на трошоци кои ги има Давателот на универзалната поштенска услуга;
- Мониторинг при воведување посебно сметководство кај Давателот на универзалната поштенска услуга обврска која произлегува од Правилникот за воведување посебно сметководство заради алоцирање на трошоци помеѓу универзалната поштенска услуга и другите поштенските услуги и одредување на реалните трошоците за обезбедување на универзалната поштенска услуга;
- Регулирање на цените на универзалната поштенска услуга заради утврдување на цени на универзална поштенска услуга засновани на трошоци, транспарентност и недискриминација;
- Мониторинг над обезбедувањето пристап до јавната поштенска мрежа;
- Следење на параметрите за квалитет на обезбедувањето на универзалната поштенска услуга доставени од даватели на поштенски услуги;
- Контрола на содржина на договорите што ги склучуваат давателите со своите корисници, а особено од аспект на ниво на испорачана услуга;
- Обезбедување пристап на корисниците до основните поштенски услуги, вклучувајќи го и пристапот до информациите за условите и начинот за обезбедување на поштенските услуги; и
- Оганизирање јавни состаноци најмалку еднаш на три месеци со сите заинтересирани страни, со цел да им овозможи да бидат запознаени со работата на Агенцијата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерство за транспорт и врски

- Обука за вработените во Одделението за поштенски сообраќај;
- Соработка со домашни и странски институции;
- Зголемена соработка со невладиниот, приватниот и академскиот сектор;
- Користење на експерти од TAIEX програмата во подготовка на измената и дополнувањето на Законот за поштенски услуги заради усогласување со новата Директива 2008/6/ЕЗ.

Агенцијата за пошти

- Обука на постоечкиот кадар во делот на поштенската регулатива. Со оглед дека Агенцијата за пошти е ново регулаторно тело, за извршување на своите законски надлежности потребна е обука на вработените од областа на поштенската регулатива.
- Соработката со домашни и надворешни регулаторни тела
- Учество во проектни тимови организирани од CERP – Европски комитет за поштенска регулација.
- Учество при изготовка на легислативата од областа на поштенските услуги

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Од страна на Агенцијата за пошти за имплементација на секундардната легислатива која произлегува од примарната легислатива се предвидуваат следните активности:

1. Усогласување на Законот за поштенски услуги и подзаконските акти со законодавството на Европската Унија со Директивите од областа на поштенските услуги.
2. Постојано обезбедување на универзална поштенска услуга по пристапни цени за сите корисници на целата територија на Република Македонија.
3. Создавање на услови за воведување на целосна либерализација на пазарот на поштенските услуги во Република Македонија.
4. Анализа на пазарот на поштенските услуги
5. Обезбедување услови за квалитетни поштенски услуги по пристапни цени
6. Промовирање ефикасност и конкуренција помеѓу давателите на поштенските услуги
7. Заштита на интересите на корисниците на поштенските услуги преку утврдување на постапки

### 3.3.4 **МЕЃУСЕБНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ КВАЛИФИКАЦИИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Областа за признавањето на професионалните квалификации е регулирана со повеќе законски и подзаконски атки кои се делумно усогласени со Директивата 36/2005 на ЕС. Со цел да се обезбеди усогласеност со Директивата 36/2005 на ЕС и да се постават основните принципи за процесот на признавање на професионални квалификации во тек се активности со кои ќе се изготвување закон кој ќе преставува правна рамка за понатамошно усогласување на останатите законски прописи со оваа директива.

Во текот на месец јуни 2009 година, преку TAIEX програмата беше организирана работилница за усогласување со Директивата 36/2005 на ЕС за признавање на професионални квалификации, на која беше презентирано искуството на неколку земји во процесот на прифаќање и усогласување со истата. Со оглед на спецификата на материјата која ја регулира оваа материја, беше побара странска помош за изготвување на овој закон. Во месец октомври од страна на СПФРЕ проектот за градење на административни капацитети за ЕУ интеграција во Секретаријатот за европски прашања беше прифатено барањето за обезбедување експертска помош, при што на 6ти Ноември 2009 година, беше објавен меѓународен јавен повик за избор на експерти за хармонизација на националното законодавство со Директивата 36/2005 на ЕС. Повикот е во тек и се очекува изборот на експерти да биде завршен до крајот на месец декември 2009 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Согласно динамиката за реализација на активностите од Проектот за Хармонизација на националното законодавство со Директивата 36/2005 на ЕС, како краткорочни приоритети се предвидени следните активности:

1. Изготвување анализа на националното законодавство за да се утврдат начините и стратегиите преку кој најефикасно ќе се транспонира Директивата 2005/36/ЕЗ. Анализата треба да се изготви врз основа на расположивите документи, прашалниците од Европската комисија и одговорите на нив, извештаите за напредокот, увидот во постојното законодавство и консултациите со релевантните национални партнери. Анализата треба да даде јасни насоки, предлози и акти кој треба да се подготват за имплементација на Дирактивата 2005/36/ЕЗ;

2.Резултатите од анализата за степенот на усогласеност на националното законодавство со Директивата 2005/36/ЕЗ, меѓу останатото, треба јасно да ја отсликаат и поврзаноста со Националната рамка за професионални квалификации и да дадат препораки за нејзина имплементација во форма на акциски план;

3.Работилница за презентација на наодите и заклучоците од процесот на анализа усогласување на националното законодавство во областа на професионалните квалификации Првичната анализа со нацрт препораки ќе биде споделена со работната група, претставници на засегнатите субјекти (комори, итн.). Од анализата и работилницата треба да

произлезат јасни насоки за натамошните чекори во процесот на транпозиција, подигање на нивото на свесност кај членовите на работната група, клучните институции и засегнати субјекти;
4. Подготовка на Проценка на влијанието на регулативата (РИА) на Законот за признавање на професионалните квалфикации. Со воведувањето на Методологија и обрасци за РИА од јануари 2009 година, сите закони во владина процедура (освен оние по итна постапка) мораат да бидат проследени со обрасци во кој се објаснети економските, социјалните влијанија и влијанијата од областа на животната средина, вклучувајќи ги и финансиските импликации од носењто на Законот. Оваа анализа треба да даде предлог на неколку возможни решенија за начините на кој ќе биде регулирана материјата. Пред подготовката на Законот за признавање на професионалните квалификации, потребно е да биде подготвена Проценката на влијанието на регулативата и врз основа на предложените решенија да се подготви Законот;
5. Изработката на Предлог на Закон за признавање на професионалните квалификации и подготовка на кореспондентна табела за транспонирање на Директивата;
6 Поддршка на работната група за имплементација на Директивата 2005/36/ЕЗ во областа на Взаемното признавање на професионалните квалификации.

После подготовката на нацрт Законот за признавање на професионални квалификации, ќе се направат понатамошни измени и дополнување на постојните законски и подзакоски акти и изготвување на нови, преку кои ќе треба да изврши целосна имплементација на Законот. Поради овие причини потребна е подршка преку советување, обука и/или консултација на членовите на работната група, и засегнатите субјекти.

Предлогот на Закон за признавање на професионални квалификации ќе се усвои од страна на Собранието  на Република Македонија до крајот на првата половина од 2010 година, по што ќе следи погдотовка на подзаконски акти кои ќе произлезат од овој закон.

**СРЕДОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Усогласувањето со Директивата 36/2005 на ЕС не подразбира само донесување на нов законски акт, туку и соодветна измена на постојните законски акти кои се во допирна точка со одредбите од истата. Преку проектот на СПФРЕ, при изготвувањето на анализа на степенот на усогласеност на националното законодавство со Директивата 36/2005 на ЕС, а согласно акцискиот план за усогласување, ќе бидат таргетирани  нормативните акти кои што ќе подлежат на измени и дополнувања  согласно одредбите на директивата. Бидејќи се очекува оваа директива да опфати повеќе нормативни акти од повеќе минситерства и институции, начинот и динамиката на усогласување со директивата ќе биде утврден по завршувањето на проектот на СПФРЕ.

За обезбедување на хармонизација на националното законодавство со Директивата 36/2005 на ЕС, обезбедена е странска помош преку СПФРЕ проектот за градење на административни капацитети на Секретаријатот за европски прашања, финансиран преку Британската Влада, преку Стратешкиот програмски фонд .

## 3.4 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ

### 3.4.1 ДВИЖЕЊА НА КАПИТАЛ И ИСПЛАТИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Појдовна основа за регулирање на движењето на капиталот и тековните плаќања во Република Македонија претставува Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија потпишана во 2001 година. Согласно обврските преземени со оваа Спогодба, Законот за девизно работење (Службен весник на Република Македонија бр. 34/2001; 49/2001; 103/2001; 54/2002, 32/2003, 51/2003 и 81/2008) предвидува постепена либерализација на движењето на капиталот во зависност од неговата рочност и вид.

Имено, со Законот за девизно работење е остварена целосна либерализација на директните инвестиции, комерцијалните кредити и финансиските заеми, како и кредити со рок на доспевање над 1 година. Со одредбите од Законот се либерализирани и финансиските кредити со рок на доспевање помал од 1 година обврска предвидена да се имплементира во втората етапа од спроведување на ССА.

Во Јануари 2009 година беше донесен новиот Закон за инвестициски фондови. Во Законот се транспонирани следните директиви: 32001L0108, 32001L0107, 31985L0611 и 32007L0044.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Законот за девизно работење го подготвува Министерството за финансии. Подзаконските прописи со кои се обезбедува поефикасна имплементација на Законот ги донесуваат Министерството за финансии, Народна банка и Комисија за хартии од вредност. Спроведувањето на Законот за девизно работење, во рамките на своите надлежности, го вршат: Министерството за финансии, Државниот девизен инспекторат, Народната банка на Република Македонија, Централен Регистар и Комисијата за хартии од вредност.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

По истекот на првата етапа од ССА , со Законот за девизно работење се предвидува целосна либерализација на работењето со хартии од вредност и вложување во недвижности од страна на резиденти во странство.

Со влегување во втората етапа од Спогодбата за стабилизација и асоцијација и престанување на важноста на членовите наведени во преодните одредби од Законот за девизно работење кои се однесуваат на овој повисок степен на либерализација, Народната банка на Република Македонија ќе изврши анализа и соодветно усогласување на подзаконските акти во нејзина надлежност.

Во текот на 2010 се очекува да се донесат измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност со кои се планира усогласување со директивата: 31997L0009.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

По истекот на втората етапа од ССА , со преодните одредби на Законот за девизно работење се предвидува либерализација на депозитните работи од страна на резидентите во странство.

### 3.4.2 ПЛАТЕН СИСТЕМ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Платниот промет во земјата е уреден со Законот за платниот промет (Службен весник на Република Македонија бр. 113/07, 22/08, 159/08 и 133/09) и подзаконската регулатива која произлегува од одредбите на овој Закон.

Во текот на 2009 година продолжија со работа работните групи при Националниот Совет за платни системи за имплементација на поедини стратешки насоки од Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија (2009-2011) година со што се идентификувани областите кои треба да претрпат измени со цел приближување кон СЕПА стандардите. Исто така, во соработка со Централната банка на Холандија беше организирана втората конференција за платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност со цел обука на членовите на работните групи за прашања поврзани со платните системи на европско ниво.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии е надлежна институција за подготвување на Законот за платен промет. Донесувањето на подзаконските акти кои произлегуваат од овој Закон е во надлежност на Министерството за финансии и Народната банка

на Република Македонија. Надзорот над работењето на платните системи го врши Народната банка на Република Македонија. Народната банка ги донесува и подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за девизно работење, а се однесуваат на платниот промет со странство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2010 година предвидено е следење на функционирањето на платниот промет во земјата, согласно Законот за платен промет и учество во реализацијата на Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 година

Со цел успешна имплементација на Директивата 2007/64 за системи на плаќања во внатрешниот пазар предвидено е проучување и анализа на искуството на централните банки на земјите членки на ЕУ и земјите кандидати за членство во ЕУ. Исто така, се планира организација на Трета конференција за платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност во соработка со Централната банка на Холандија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Од 2012 год се очекува користење на техничка помош обезбедена преку IPA 2010 Component 1 TAIB Programing за имплементација на Директивата 2007/64 за ситеми на плаќања во внатрешниот пазар и дефинирање на одредбите од Директивата кои треба да се транспонираат во домашното законодавство.

Се планира активно учество на НБРМ за целосно транспонирање на Директивата 2007/64 за платежни услуги на внатрешниот пазар на ЕУ од 2012 година.

### 3.4.3 СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ НА ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во септември 2009 година, донесени се измени и дополнувања на Кривичниот законик на РМ (Службен весник на Република Македонија бр.114/09), со што меѓу другото се направени дополнувања на кривичните дела перење пари и други приноси од казниво дело (член 273) и финансирање на терроризам (член 394-в).

Во март 2009 година донесен е Закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа против перење пари, за претрага, заплена и конфискација на приходи од кривични дела и финансирање на тероризмот со бр.CETS 198 (Варшавска Конвенција од 2005 година).

Народната банка на Република Македонија во јули 2009 година донесе Одлука за начинот и постапката за воспоставување и примена на програмата на банка за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (Службен весник на Република Македонија бр. 83/2009). Во овој подзаконски акт соодветно се вклучени и препораките на специјалниот Комитет на Советот на Европа содржани во Извештајот за усогласеноста со препораките на FATF, донесени во јули 2008 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За ефикасна имплементација на правната рамка за борба против перењето пари и финансирање на тероризам, воспоставена е институционална рамка, која генерално ја сочинуваат следните органи и тела:

- Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, која претставува носител на сите активности во овој сегмент;
- Министерство за внатрешни работи;
- Управа за финансиска полиција;
- Јавно обвинителство;
- Управа за јавни приходи,
- Царинска Управа,
- Судство и
- супервизорските органи во Народната Банка, Агенцијата за супервизија на осигурување, Комисија за хартии од вредност и МАПАС

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на првиот квартал на 2010 година, се очекува усвојување на Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам. Измените на овој закон предвидуваат усогласување со Директивата 32005L0060 за заштита на употреба на системот за спречување на перење

пари и финансирање тероризам и имплементација на гореспоменатата Конвенција на Советот на Европа од 2005 (бр. CETS 198) и Директивата 2006/70/ЕЦ на европскиот парламент и Советот во врска со дефинирањето на поимот „политички експонирани личности„ и дефинирање на техничките критериуми за поедноставена анализа на клиентите .

По стапување на сила на Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, во рок од 12 месеци е предвидено да се донесат повеќе подзаконски акти кои произлегуваат од овој Законот, како и со продолжување на акивности за зајакнување на спроведување на мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

**АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ**

Планирани се континуирани обуки и едукација на лицата во Управата и другите државни органи кои спроведуваат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, како и финансиските институции за контролните механизми во системите за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Предвидено е да се запази зацртаната рамка на вработувања согласно НПАА, односно вработување на повеќе лица со што целосно ќе се спроведе актот за Систематизацијата за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работни места на Управата. Исто така, планирана е континуирана надградба на системот за електронско доставување на податоци за готовински трансакции над 15.000 евра (поединечни и поврзани).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок, во периодот од 2010 година до 2012 година, во согласност со Стратегијата за спречување перење на пари и финансирање на тероризам 2009-2011 и Стратешкиот План на Владата на Република Македонија, планирани се:

1. Усогласување на законската регулатива за превенција од перење пари и финансирање на тероризам
2.Институционална надградба и одржување и унапредување на техничките капацитети на Управата
3.Ефикасен систем на меѓуинституционална соработка
4.Зајакнување на меѓународната соработка, регуларно исполнување на обврските кои произлегуваат од членството во меѓународните организации и организирање и спроведување на четвртиот круг на евалуација на Манивал Комитетот
5.Подигање на јавната свест и изготвување на акт за проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам.

## 3.5 ЈАВНИ НАБАВКИ

### 3.5.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка на системот за јавните набавки на Република Македонија се состои од: Законот за јавните набавки („Службен Весник на Република Македонија„ бр. 136/07) кој стапи на сила на 1 јануари 2008 година, и во кој се транспонирани следниве директиви на Европската унија за јавни набавки: 32004L0018, 32004L0017, 31989L0665 и 31992L0013 и 32007L0066; и Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен Весник на Република Македонија„ бр. 130/08), донесен во октомври 2008 година, како и подзаконските акти во функција на имплементацијата на актуелниот закон.

Во текот на 2009 година, беа направени измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на индикативен список на договорни органи („Службен Весник на Република Македонија„ бр. 74/09).

Со цел да се обезбеди унифицирана примена на регулативата за јавни набавки, Бирото изготви стандардна тендерска документација за ограничената постапка за набавка на стоки и работи која се спроведува во хартиена форма, како и стандардна тендерска документација за отворена постапка која се спроведува со примена на електронски средства и постапката со преговарање со претходно објавување на оглас.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Бирото за јавни набавки кое претставува орган на државната управа кој се грижи за развојот на системот за јавни набавки од почетокот на септември 2009 година се стекна со статус на правно лице. Поради наведеново, а со цел да се обезбеди соодветна внатрешна организациона поставеност, се изготви Правилник за организација и систематизација на работни места во Бирото за јавни набавки. Со истиот планирано е зајакнување на административните капацитети на Бирото. Имено, со Правилник се промени и организационата поставеност на Бирото , така што во овој момент има два сектора и тоа: Сектор за нормативна дејност, обуки и меѓународни односи и Сектор за следење на системот на јавните набавки и управување со ЕСЈН. Секој од секторите има по три одделенија. Воедно, формирано е и одделение за управување со човечки ресурси како самостојно одделение.

Кадровската пополнетост на Бирото изнесува 12 извршители од кои 4 дипломирани правници, 3 дипломирани економисти, 1 дипломиран градежен инженер, 2 дипломирани електро инженери, 1 преведувач од албански и 1 административен работник.

Се формираше мрежа на сертифицирани обучувачи за јавни набавки кои ја поминаа обуката за обучувачи за јавни набавки организирана од Бирото за јавни набавки со поддршка на USAID и Правниот факултет во Скопје.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Поради усогласување со измените во Кривичниот законик, ќе се подготват измени во документацијата за докажување на личната способност во постапките за јавни набавки и ќе се усвои Законот за изменување и дополнување на законот за јавните набавки во 2010 год.

Како резултат на интеграција на двата електронски системи за јавни набавки ќе се изготват два нови правилника за објавување на огласите и известувањата од спроведените постапки. Исто така, како последица на преземените активности за интеграција на овие два системи ќе се извршат и соодветни измени и дополнувања на Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки.

И во текот на 2010 година, со цел да се обезбеди унифицирана примена на регулативата за јавни набавки ќе се продолжи со континуирано подобрување на стандардните тендерски документации.

Во текот на 2009 година се започна со изработка на Стратегија за развој на системот за јавни набавки за периодот 2010-2015 година, која ќе се донесе во текот на 2010 година. Со истата ќе се разработи акциски план со предвидени мерки и активности со кои ќе се реализираат предвидените цели во поглед на развојот на правната рамка, институционалниот и административен капацитет и мерките за превенција и репресија на корупцијата во јавните набавки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел практично спроведување на Програмата за едукација за јавните набавки која ќе ја реализира Бирото, ќе се изврши опремување на просторија за вршење обука наменета за потребите на договорните органи и економските оператори. Просторијата во која ќе се врши обуката ќе биде опремена со современа информатичка опрема за капацитет од 20 до 30 слушатели.

Во 2010 ќе се финализира постапката за интеграција на двата електронски системи на Бирото, и тоа Информацискиот систем за јавни набавки на кој се објавуваат огласите и известувањата од постапките и Електронскиот систем за јавни набавки преку кој се спроведуваат постапките во електронска форма. Со тоа се очекува поедноставување и забрзување на процесот на спроведување на постапките по електронски пат.

Со оглед на тоа дека Бирото претставува самостоен правен субјект ќе се зајакне капацитетот на одделението задолжено за водење на материјалното, персонално и финансиско работење на Бирото преку примена на современи софтверски алатки за водење на материјалното, персонално и финансиско работење на Бирото. За оваа намена ќе се набави софтверска апликација која ги исполнува сите параметри на современото сметководство.

Во функција на забрзување и поедноставување на процесот на работа во Бирото ќе се изработи современ документ-менаџмент систем. Поволностите од примената на еден ваков систем се очекува да бидат намалување на ризиците во постапувањето по предметите кои пристигаат во Бирото и поголема комуникација меѓу вработените во Бирото.

Ќе се спроведат соодветни постапки преку кои ќе се набави хардверска и софтверска опрема за зајакнување на информатичките капацитети на Бирото во управувањето со интегрираниот електронски систем за јавни набавки.

Кадровското зајакнување на Бирото за јавни набавки ќе продолжи и во текот на 2010 година, со персонал со соодветни квалификации со цел да се обезбеди извршување на работите на ниво на европски стандарди.

Обуката на кадарот вработен во Бирото за јавни набавки претставува континуирана активност , и притоа обуката ќе го опфати како постоечкиот, така и новопримениот кадар. Оваа обука ќе се одвива преку учества на семинари, работилници и размена на искуства со странски експерти со кои Бирото има воспоставено соработка.

Бирото за јавни набавки во текот на 2010 година, ќе настојува да ја продлабочи воспоставената соработка со институциите кои се надлежни за следење на системите за јавни набавки во земјите од југозападен Балкан, со цел да оствари размена на искуства кои се однесуваат на процесот на интегрирање во ЕУ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Согласно планираните измени и дополнувања на Законот за јавните набавки, особено во поглед на постојаното усогласување на домашното со европското законодавство за јавни набавки, Бирото континуирано ќе врши следење на правната рамка со цел нејзино подобрување и соодветно на тоа вршење на конкретни измени и дополнувања на подзаконските акти или нивно заменување со нови.

**КОНЦЕСИИ И ДРУГИ ВИДОВИ НА ЈАВНО – ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Со Законот за концесии и други видови на јавно – приватно партнерство („Службен Весник на Република Македонија„ број 7/08) се уредуваат условите, начинот и постапката за доделување на концесија, содржината на договорот за концесија, правата и обврските на концедентот и концесионерите, правната заштита во постапката за доделување на концесијата, начинот и постапката за доделување на договори за други видови на јавно приватно партнерство, содржината на договорот за јавно приватно партнерство, правата и обврските на јавниот и приватниот партнер и правната заштита во постапката за доделување на договори за јавно приватно партнерство.

Во текот на 2009 год. во соработка со СИГМА се изврши анализа на Законот за Концесии и други видови на јавно приватно партнерство. Врз основа на ревизијата се заклучи да се донесе нов Закон за јавно приватно партнерство. Изготвен е нацрт текст на нов закон и во моментов е во постапка на усогласување со министерствата и претставниците на СИГМА.

Во Министерството за економија согласно систематизацијата од 2008 год. предвидено е ново Одделение за концесии и јавно приватно партнерство .

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2010 година, ќе се донесува нов Закон за јавно приватно партнерство усогласен со препораките од СИГМА. Исто така се ќе се екипира Одделението за концесии и јавно приватно партнерство со вработување на потребниот кадар и техничко опремување.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во среднорочниот период се планираат обуки, едукација и размена на искуства на вработените во Одделението за концесии и ЈПП. Како приоритети се организацијата на повеќе семинари, работилници и обуки на членовите на комисиите за спроведување на постапките за доделување на концесии во органите на државната управа, единиците на локална самоуправа, градот Скопје, јавните претпријатија, како и други економски оператори во однос на договорите за концесии и правните лекови.

Одделението за концесии и јавно приватно партнерство ќе се доекипира со нов кадар, согласно своите потреби за редовно извршување на законските надлежности.

### 3.5.2 ДОДЕЛУВАЊЕ ЈАВНИ ДОГОВОРИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Капацитетите на договорните органи и економските оператори со цел правилно да се применува регулативата за јавни набавки се зајакнати преку обуки за лицата кои учествуваат во процесот на планирање и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Во изминатиов период Бирото за договорните органи и економските оператори одржа околу 30 обуки за имплементација на новиот закон, за е-набавки за договорните органи и економските оператори, за системот за правна заштита при спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки; за користење на ЕСЈН за договорните органи и економски оператори, и др.

За првпат беше изготвен и објавен електронски билтен за јавни набавки преку кој пошироката јавност беше информирана за активностите кои се преземаат во системот за јавни набавки во насока на негово подобрување и усогласување со европското законодавство, како и современите текови во јавните набавки во земјите на ЕУ.

Во соработка со СИГМА, Бирото организираше семинар на тема „Добрите европски практики при спроведувањето на рамковните спогодби" на кој учество земаа договорните органи, со предавачи од земјите членки на ЕУ.

И во изминатиот период од страна на субјектите на кои се однесува обврската за примена на Законот за јавните набавки како и од страна на економските оператори, до Бирото за јавни набавки редовно се доставуваат барања на мислења за негова и примена на подзаконската регулатива. Договорните органи и економските оператори правото да побараат мислење и совет од Бирото, покрај преку официјални дописи го користат и преку контакт формата на Бирото достапна без надомест на веб страната на Бирото.

Со цел олеснување на примената на Законот за јавни набавки, како и на употребата на ЕСЈН, беа изработени и издадени прирачникот за утврдување на способност на економските оператори во постапките за доделување на договори за јавна набавка и прирачникот за рамковни спогодби.

Во текот на 2009 година, продолжи воспоставената соработката со Државниот завод за ревизија, како и со Комисијата за жалби по јавни набавки. Имено, во изминатиот период до Државниот завод за ревизија беа доставени сите мислења изготвени од Бирото за примена на Законот за јавните набавки. Исто така, Бирото ги објавуваше и доставените решенија на Државната комисја за жалби по јавни набавки. Беше остварена соработка и со Комисија за заштита на конкуренцијата, преку размена на информации и изработка и доставување на стручни мислења.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Бирото во насока на олеснување на имплементацијата на законот и спроведувањето на постапките ќе изготви прирачник за договорните органи и прирачник за економските оператори за правилна примена на законот за јавни набавки.

Исто така, ќе се изготват и 2 водичи за договорните органи и економските оператори за користењето на ЕСЈН и 2 брошури-упатства за функционирањето на ЕСЈН. Со цел комплетирање на процесот на обучување на обучувачите за јавни набавки, Бирото ќе изготви прирачник наменет за обучувачите, кој ќе го користат за време на реализирање на обуките за договорните органи и економските оператори.

И во текот на 2010 година, ќе се работи на зајакнување на капацитетот на договорните органи преку спроведување на обуки и тоа на најмалку 12 обуки, 5 обуки за „Едукација за ситемот за јавни набавки за договорни органи и економски оператори“ со кои се предвидува да се опфатат околку 125 лица и 7 обуки за „Користење на интегрираниот ЕСЈН“ со кои се предвидува да се опфатат околу 150 лица.

Соработката со државните органи како: Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција, Комисија за заштита на конкуренцијата и Државната комисија за жалби по јавни набавки, продолжува во континуитет и во периодот што следи .

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
На среден рок ќе се реализираат 5 обуки за имплементација на Законот за јавните набавки на кои се очекува учество да земат околу 150 заинтересирани субјекти.

### 3.5.3 ПРАВНИ ЛЕКОВИ
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во Законот за јавните набавки на Република Македонија, во однос на правната заштита транспонирани се директиви на Европската унија кои се однесуваат на правната заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки, и тоа: 31989L0665, 31992L0013 и 32007L066.

Имено, со Законот се формира Државна комисија за жалби по јавни набавки, како државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице. Државната комисија е составена од претседател и четири члена именувани од Собранието на Република Македонија. Истите, функцијата ја извршуваат професионално. За утврдување на начинот на работа и постапување по жалбените постапки во постапките за доделување на договори за јавна набавка согласно законот, изготвен е Деловникот за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Исто така, за зајакнување на административниот капацитет на стручната служба на Државната комисија за жалби по јавни набавки за процесуирање на жалбените предмети, во текот на 2009 се вработи нов административен кадар од 5 државни службеници. Со новиот административен кадар се формира и екипира стручната служба на Државната комисија за жалби по јавни набавки.
Заради воведување антикорупциски мерки и механизми како и интегритет во работењето на Државната комисија, како и доближување на системот на правна заштита до заинтересираните економски оператори, кои сметаат дека се повредени нивните права во одредени постапки за доделување на договори за јавни набавки, но и запознавање на широката јавност со работата на Државната комисија, сметано од 7 октомври 2009 година функционира Веб - страната на Државната комисија за жалби по јавни набавки (www.dkzjn.mk). Веб - страницата на Државната комисија се администрира со сопствени финансиски средства и од страна на вработените во Државната комисија. веб - страна на Државната комисија се базира на информации за секојдневната работа на Државната комисија и нејзината правна пракса на полето на јавните набавки, преку објавување на сите пристигнати жалби на дневна основа и објавување на некои од донесените одлуки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со новите законски решенија се направи квалитативен чекор напред во уредувањето на правната заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки. Имено, со формирањето на Државната комисија за жалби по јавни набавки законски се обезбеди основа за брза и ефикасна правна заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки. Надлежностите на Државната комисија вклучуваат одлучување за законитоста на дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија, како и за законитоста на одлуките донесени во постапките за доделување на договор за јавна набавка.

Со цел да се зајакнува администравниот капацитет, новите вработувања во стручната служба на Државната комисија се планираат и во 2010 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се реализираат обуки за договорните органи и економските оператори за новиот систем на правната заштита кој е пропишан со Законот за јавните набавки. Ќе се одржат најмалку 2 обуки за договорните органи и економските оператори во 2010 година на тема „Правните лекови во постапките за јавни набавки“.

Веќе воспоставената соработката на Државната комисија за жалби по јавни набавки со Бирото за јавни набавки ќе продолжи да се продлабочува и во наредниот период, особено на полето на одржување на заеднички обуки за

економските оператори и приватниот сектор. Соработката ќе продолжи и на полето на заедничка работа на измените и дополнувањата на правната рамка која го регулира системот на правна заштита.

Поради потребата за обезбедување на работни услови согласно основните стандарди, за Државната комисија за жалби по јавни набавки и нејзината административна стручна служба се обезбедија соодветни работни простории и истата просторно е сместена, сметано од 20 мај 2009 година. Со расположивите средства во својот буџет, Државната комисија набави канцелариски мебел и обезбеди комјутерска опрема на времено користење за извршување на основните работни процеси.

Во насока на зајакнување на вкупните капацитети на Државната комисија за жалби по јавни набавки за имплементација на домашната правна рамка за јавни набавки, како и соодветните директиви и практики во ЕУ, ќе продолжат обуките за членовите и стручните советници на Државната комисија за жалби по јавни набавки и во 2010 година.

Државната комисија ќе започне со медиумско јавно претставување на својата работа и функционирање, со цел доближување до широката јавност и правилно разбирање на улогата на Државната комисија во системот на јавните набавки. Ова ќе се реализира со учество во јавни медиумски дебати и објавување новински написи на теми кои се однесуваат на правната заштита во јавните набавки, како и изработка на периодична збирка на донесени одлуки со коментари.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Ќе се следат новините кои се однесуваат на правната заштита во ЕУ и ќе се имплементираат во домашната регулатива. Натамошно унапредување на правната заштита, ќе биде приоритет на среден рок. Ќе се продолжи со обуките во оваа област во соработка со Државната комисија за жалби по јавни набавки. Натамошното јакнење на административните капацитети на Државната комисија ќе се остварува преку нови вработувања на административен персонал во Стручната служба, развој и одржување на човечките ресурси, како и зголемување на Буџетските средства воопшто, а особено во насока на опремување на Државната комисија со соодветна информатичко – комуникациска технологија и софтвер.

Во таа насока Државната комисија планира како почетна фаза имплементација на DMS – Document Management System, Систем за управување со документи - електронска седница, која опфаќа архивско работење – прием, заведување на предмети во деловодната евиденција, нивна дистрибуција до извршителите, обработка на предметите, нивно одлучување на седница, изработка на одлуката и експедиција на одлуката.

## 3.6 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

### 3.6.1 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Основен акт кој ја уредува постоечката правна рамка од областа на правото на трговски друштва е Законот за трговски друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/04), кој со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр.87/08) е усогласен со Директивата 31977L0091 во однос на правото на првенство на акционерите за купување акции од секоја нова емисија на акции и е создаден законски основ за поднесување на годишни сметки во електронска форма.

Во јануари 2009 година донесен е Акциски план за целосно прилагодување на правото на трговски друштва со ЕУ acquis.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежна институција за подрачјето право на трговски друштва е Министерството за економија. Секторот за европска интеграција во рамки на Министерството за економија во соработка со Секторот за правни работи од истото министерство ја следи имплементацијата и унапредувањето на правната рамка за трговските друштва. Исто така, се остварува соработка со Централниот регистар за координација и следење на функционирањето на едношалтерскиот систем како и другите институции и органи вклучени во имплементацијата на законодавството (Управата за јавни приходи, банките, Централниот депозитар за хартии од вредност, Македонската берза за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност и други надлежни инспекциски органи).

Постапката за мрежно поврзување на Централниот регистар на Република Македонија со Европскиот бизнис регистар заради размена на податоци е завршена и истиот е активен член на Европскиот бизнис регистар. Од јануари 2009 година во Централниот регистар на Република Македонија се поднесуваат годишни сметки и во електронска форма. Од септември 2009 година воспоставени се:

Регистарот на утврдените побарувања од доверителите во стечајна постапка, јавна книга која претставува единствена електронска база на податоци во која се опфатени податоците кои се содржани во решенијата донесени од стечајните судии за утврдените и оспорените побарувања на доверителите во постапката на стечај пропишана со Законот за стечај.

Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност, јавна книга која претставува единствена електронска база на податоци којашто содржи податоци од евиденцијата на прекршочните санкции на првостепените судови на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност пропишана со Законот за прекршоците.

Регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица, јавна книга која претставува единствена електронска база којашто содржи податоци од казнената евиденција на првостепениот суд за споредните казни за сторени кривични дела на правни лица пропишани со Кривичниот законик на Република Македонија.

Во насока на спроведување на препораките на DOING BUSINESS за забрзување на регистрацијата и пријавување на работници во април 2009 година беа преземени чекори за имплентација на времено решение за електронска интеграција помеѓу Централниот регистар и Агенцијата за вработување, Фондот за здравствено осигурување и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Имено, еден извршител, вработен од Агенцијата за вработување работи во просториите на Централниот регистар во Скопје и врши пријавување на првото вработување на овластениот законски застапник на субјектот на упис (управителот), кој сака веднаш да заснова работен однос во субјектот кој го регистрира. Истовремено, овој извршител од Агенцијата за вработување обучува вработени во Централниот регистар кои подоцна самите ќе го вршат ваквото пријавување во задолжително социјално осигурување.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

До 31.01.2010 година ќе се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва со кој се врши усогласување со Директивата 32007L0036 за остварување на правата на акционерите во друштвата кои котираат на берза.

Ќе се изврши изменување и дополнување на Законот за трговските друштва заради потполно усогласување со Директивата 32005L0056 за прекугранично спојување на трговски друштва, при што во исто време ќе се изврши и ревидирање на постојните одредби од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на сметководството и финансиското известување и усогласување на рамката за финансиско известување со Директивата 31978L0660 за

годишните сметки, 31983L0349 за консолидираните сметки и Директивата 32006L0043 за законски ревизии на годишните сметки.
Во текот на 2010 година ќе се донесе Закон за Европско друштво заради усогласување со Регулативата 32001R2157 за Статут за Европско трговско друштво и Директивата 32001L0086 која го дополнува Статутот за Европско друштво во однос на учеството на вработените.
Во 2010 ќе се спроведе РИА оценка на законодавството за трговските друштва (regulatory impact assessment) со цел да се утврдат административните трошоци врз бизнисот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Трговски друштва**
Во текот на 2010 година ќе се обучуваат членовите на работната група за поглавјето Право на трговски друштва, заради оценување на влијанието на регулативата врз работењето на трговските друштва (regulatory impact assessment) со учество на семинари и конференции за регулаторна реформа.

**Едношалтерски систем**
Во 2010 година ќе се имплементираат повеке проекти за реализација на втората фаза од развојот на едношалтерскиот систем (детален преглед е даден во Економски критериуми) меѓу кои развој на систем за електронска регистрација на трговски друштва и други правни лица, систем за електронско регистрирање на сите фази на стечајот и ликвидацијата и за преглед на лица на кои им е забрането да управуваат со трговски друштва (дисквалификувани директори).
Исто така ќе се воспостави целосна електронска интеграција на базите на податоци на Агенцијата за вработување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравствено осугурување во едношалтерскиот систем, инсталирање на систем за спас на базите на податоци на Централниот регистар на Република Македонија и подготовка на Стратегија за стандардизирање на електронската размена на финансиски и бизнис информации и податоци во Република Македонија.
Со овие проекти ќе се овозможи целосна институционална имплементација на Директивата 2003L0058 за прием и дистрибуција на податоци од и во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица во електронска форма преку едношалтерскиот систем.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2011 година ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва кој ќе се усогласи со Регулативата 31985R2137 за Европската групација за економски интерес, Препораката 32005H0162 за одговорноста на неизвршните членови односно членовите на надзорниот одбор на котираните друштва и Препораката 32004H0913 за соодветен режим за наградата на директорите во котираните трговски друштва заради подобрување на корпоративното управување.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Централниот Регистар на Република Македонија континуирано ќе учествува во иницијативи, регионални проекти и други форми на соработка со останатите членки во рамките на Европскиот бизнис регистар.

### 3.6.2 СМЕТКОВОДСТВО
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во делот на ***сметководството*** преку Проектот РЕПАРИС обезбедена е техничка помош и изготвени се кореспондентни табели за усогласеност на националното законодавство со Четвртата Директива за годишните сметки 31978L0660 и со Седмата Директива за консолидираните сметки 31983L0349, и истите преку Секретаријатот за европски прашања се доставени до Европската Комисија. До крајот на 2009 година во Службен весник на Република Македонија ќе се објават меѓународните стандарди за финансиско известување (IFRSs), и истите ќе се применуваат од 01.01.2010 година. Исто така, до 31.12.2009 година во Службен весник на Република Македонија ќе се објави Правилникот за формата и содржината на годишната сметка за банки и други финансиски институции, изготвен со помош на TAIEX инструментот на Генералниот Директорат за проширување.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерството за финансии на Република Македонија, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија во рамките на Секторот за финансиски систем со пет вработени лица е надлежно за правната рамка и клучните правни акти за системот на сметководството и за хармонизација на македонското законодавство со законодавството за Европската Унија.

Институционалната рамка ги опфаќа (согласно Законот за трговските друштва): сите трговски друштва, Централниот регистар, Управата за јавни приходи, Комисијата за хартии од вредност и компаниите за економско правен и финансиски консалтинг. Согласно другите закони кои ја регулираат оваа материја, во институционалната мрежа за оваа активност вклучени се и следните институции: Народната Банка на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето и Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување.
**Комисијата за хартии од вредност** усвои нов Правилник за внатрешна организациона поставеност и систематизација на работни места, во кој е предвидена и нова организациона шема која вклучува посебен Сектор за корпоративни финансии, кој ќе врши анализа и надзор над финансиските извештаи на акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност. Комисијата за хартии од вредност активно учествува во процесот на унапредување и надзор на ревизорските и сметководствените стандарди преку свој претставник во Советот за унапредување и надзор на ревизијата.
***Комисијата за сметководствени стандарди* на ИОРРМ**, е надлежна за следење, усогласување и примена на меѓународните сметководствени стандарди и меѓународни стандарди за финансиско известување (МСС/МСФИ).
***Управниот Комитет за реформи во сметководството и институционалното зајакнување (РЕПАРИС)*** ги имплементира и следи сите активности за спроведување на реформите во сметководството и ревизијата содржани во Националната стратегија и акциониот план за реформи во сметководството и институционалното зајакнување во Република Македонија. Во моментов, преку Проектот РЕПАРИС - Пат кон Европа - Проект за реформи во сметководството и институционално зајакнување се одвива реализација на дел од активностите содржани Национална стратегија и акционен план за реформи во сметководството и институционалното известување.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во делот на *сметководството* со цел усогласување на рамката за финансиско известување со Четвртата Директива за годишните сметки 31978L0660, Седмата Директива за консолидираните сметки 31983L0349, Осмата Директива 32006L0043 за законски ревизии на годишните сметки и консолидираните сметки и Регулативата 32002R1606 за примената на меѓународните сметководствени стандарди ќе се изврши ревидирање на постојните одредби од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на сметководството и финансиското известување и на одредбите од подзаконските акти кои ја сочинуваат правната рамка за финансиско известување. Исто така, во текот на 2010 година ќе се измени Законот за трговските друштва со цел воведување на обврска за малите и средни трговци за примена на МСФИ за мали и средни претпријатија (IFRS for SMEs) при изготвувањето и поднесувањето на годишните сметки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерството за финансии, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет е надлежно за правната рамка од областа на сметководството и заради поголема ефикасност во извршувањето на задачите предвидено е јакнење на административниот капацитет на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија. (за вработувањата повеке во Поглавје 9. Финансиски усуги)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во делот на ***сметководството*** согласно потребите ќе се врши натамошно усогласување на националната правна рамка за финансиското известување со законодавството на Европската Унија.

**<u>РЕВИЗИЈА</u>**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во однос на ***ревизијата*** во текот на 2009 год, **Институтот на овластени ревизори** на Република Македонија (ИОРРМ) донесе Програма за полагање на испит за стекнување на звањето овластен ревизор и Правилник за начинот и постапката на полагање на испит за стекнување на звање овластен ревизор. Во првата половина на 2009 година се донесе Програма за континуирано професионално образование за 2009 година и се спроведе обука за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори. Во март 2009 година донесен е Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите на членовите на Институтот и Правилникот за начинот и постапката за контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци, согласно кој Комисијата за контрола на квалитетот спроведува проверка на контрола на квалитетот на работењето на своите членови. Во периодот мај – јули 2009 година, се спроведе првото ниво на испитот од Програмата за полагање ,а до крајот на 2009 година ќе се спроведат двете нивоа на испитот. Исто така во текот на 2009 година на предлог на ИОРРМ министерот за финансии издаде едно решение за вршење на работи на ревизија на овластен ревизор – трговец поединец. Во текот на 2009 година ИОРРМ започна со спроведување на активности поврзани со воспоставување на јавен регистар, дисциплинска програма, контрола на квалитетот, превод на МСС/МСФИ, МСР и Кодексот за етика на професионалните сметководители. До крајот на 2009

година треба да се реализира и проектот за признавање на квалификации стекнати во друга држава. Во моментот ИОРРМ врши подготвителни работи за доставување на барање за членство во IFAC.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерството за финансии на Република Македонија, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија во рамките на Секторот за финансиски систем со пет вработени лица е надлежно за правната рамка и клучните правни акти за системот на ревизијата и за хармонизација на македонското законодавство со законодавството за Европската Унија.

***Советот за унапредување и надзор на ревизијата*** ("Службен весник на РМ"бр.109/05) е надлежен за унапредување на ревизијата, поттикнува придржување кон високите професионални стандарди, примената на законот, ја следи постапката за стекнување на звањето овластен ревизор, работата на членовите на ИОРРМ, дава мислења и ја следи примената на општите акти на ИОРРМ. Во текот на 2009 година Советот оствари средба со преставници од Одборот за надзор на ревизијата на САД.

***Комисија за стандарди за ревизија во рамки на ИОР***, е надлежна да ги подготвува процедурите за да се овозможи ажурно преведување на Меѓународните стандарди за ревизија и другите објави од Меѓународниот одбор за ревизорски стандарди.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во однос на ***ревизијата*** во 2010 година ќе се измени и дополни Законот за ревизија, заради целосно усогласување со Директивата 32006L0043. За таа цел преку Проектот РЕПАРИС обезбедена е техничка помош за изготвување на соодветните измени и дополнувања на Законот за ревизија и поголема независност на Советот за унапредување и надзор на ревизијата согласно Директивата. Исто така, во 2010 година во "Службен весник на Република Македонија" ќе се објават Меѓународните стандарди за ревизија (ISAs), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет (ISQCs) и Кодексот на етика за професионални сметководители (The Code of Ethics for Professional Accountants).
Се планира и во првата половина на 2010 година Инсититутот за овластени ревизори да донесе Правилник за начинот и постапката на добивање на уверение за овластен ревизор за лица кои поседуваат уверение за овластен ревизор издадено од друга држава.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Предвидено е јакнење на административниот капаците на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија во рамки на Министерството за финанси. (за вработувањата повеке во Поглавје 9. Финансиски усуги)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во делот на ***ревизијата*** ,ќе се зголеми независноста на Советот за унапредување и надзор на ревизијата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во делот на ***ревизијата***, Министерството за финансии на Република Македонија, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија во рамки на Секторот за финансиски систем ќе остане надлежно за правната рамка за системот на ревизијата како и за натамошната хармонизација на националното законодавство со законодавството за Европската Унија.

Ќе се гради капацитетот на Институтот за овластени ревизори со нови вработувања во 2010година, но исто така и на најголемите регулаторни институции (Комисија за хартии од вредност, Народната Банка на РМ, Агенцијата за супервизијата на осигурување (АСО), МАПАС, Централен Регистар итн.) кои ја следат примената на МСС (МСФИ) и другите стандарди на сметководство, односно се грижат за целосно и навремено обелоденување на финансиските податоци изготвени согласно МСС/МСФИ.
Ќе продолжи постапката на Институтот на овластени ревизори за добивање на статус придружен член и за зачленување во регионалните и глобални професионални организации SEEPAD и IFAC.

## 3.7 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

### 3.7.1 АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Работниот текст на Законот за авторското право и сродните права (ЗАПСП) во мај 2009 година беше доставен на широка јавна расправа,а англиската верзија беше доставена на мислење до Европската комисија (ЕК). Како резултат од јавната расправа (во писмена форма и работни состаноци: со корисници-претежно радиодифузни организации и носители на правата -од потенцијалните организации за колективно управување) беше изготвен Предлог – Законот за авторското право и сродните права (ЗАПСП). Предлог законот повторно беше доставен на мислење до повеќе субјети (државни органи и други лица), а во септември во англиската верзија беше повторно доставена на мислење до Европската комисија, за што е добиено мислење во ноември. Во меѓувреме, се одржаа и други состаноци, како со носители на правата и корисниците, така и со други субјекти на најразлични нивоа. Во ноември беше одржана и трибина за Предлог-ЗАПСП, со учество на повеќе субјекти, меѓу кои и претставници на Делегацијата на ЕК во Република Македонија. Беше реализиран и студиски престој на словенечки експерт преку ТАИЕКС Програмата во периодот 7-9 12. 2009 год.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во **Секторот за авторско право и сродни права** во текот на 2009 година ангажиран е уште еден државен службеник од Министерство за култура. Моментално во Секторот има само три државна службеника.

По одлуката на Уставниот суд на Република Македонија постапувано е во следните случаи:

- По поништени одредби за начинот на определување надоместок на соодветниот правилник за користење со Тарифа Здружение за заштита на авторски музички права „ЗАМП“-Скопје изврши усогласување со ЗАПСП – со постапка за мислење од Комисијата за посредување во авторското право и сродните права (Одлуката на Уставниот суд беше и предмет на Резолуција на европската секција на здруженија за колективно управување на малите музички права-ГЕСАЦ);
- По поништени одредби за категоризација на делата од Правилникот за распределба на авторските надоместоци на ЗАМП извршено е соодветно изменување и дополнување и определена е распределба според времетраењето на користење на делата.

Управниот суд во управен спор ги уважи тужбите на организациите за колективно управување: на правата на фонограмски продуценти и на правата на музичките изведувачи за снимени изведби и соодветно ја задолжи соодветната Второстепена комисија на Владата на Република Македонија.

**Веб страната** на Министерството за култура за авторското право и сродните права (www.copyright.gov.mk) после упадот на хакери во третиот квартал на 2009 год. беше рестартирана како дел на web страната на Министерство за култура.

Во третиот квартал на 2009 год. започна да се емитува филм за авторското право и сродните права како подигање на свеста на јавноста.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ** 2010

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се донесе нов Закон за авторското право и сродните права, подготвен од Министерството за култура.

Владата на Република Македонија ќе донесе Одлука за именување нова Комисија за посредување во авторското право и сродните права врз основа на новиот Закон за авторското право и сродните права.

Министерството за култура ќе партиципира во изработката за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност (ЗРД) во текот на 2010 година, заради бришење на одредбата во ЗРД за определување формалности од АПСП - издавање потврди за регулирање на АПСП на кабелските оператори од Министерството за култура, кое е спротивно на системот на авторско-правната заштита.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во согласност со надлежностите, ќе се продолжи поддршката на постојните колективни здруженија, а ќе се остваруваат можности за основање нови здруженија за колективно управување. Подготовка на маркетиншки програми за информирање и образование на јавноста за авторското право и сродните права (преку видео и печатени материјали).

Соодветната комисија на Владата на Република Македонија на почетокот на ноември ги поништи првостепените решенија за издавање дозвола за колективно управување на Министерство за култура и го задолжи Министерството повторно да одлучи по јавниот конкурс од 2006 година. Министерството за култура, поради исцрпеност на законските услови, со заклучок ја запре постапката и донесе решение за поништување на конкурсот.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се следат меѓународните трендови на АПСП и прописи на ниво на ЕУ и други меѓународни асоцијации и анализа на можностите за нивно транспонирање во домашното законодавство.

Ќе се иницираат натамошни измени на Кривичниот законик во сферата на повредите на АПСП заради потребата од поведување на постапки за повреда на моралните права како исклучиви од страна на нивните носители, како и засилување на кривичната одговорност на одговорните лица во правните лица.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во Секторот за АПСП до 2012 година ќе се вработат обучени и квалификувани државни службеници.

Ќе продолжи поддршката на постојните колективни здруженија согласно надлежностите и можностите на Министерството за култура.

Исто така, ќе се продолжи со подготовка на маркетиншки програми за информирање и образување на јавноста за авторското право и сродните права (преку видео и печатени материјали).

Ќе се организираат континуирани обуки, семинари и работилници на кадрите од Секторот за АПСП во Министерството за култура во функција на специјализирано и практично обучување за АПСП, како и ќе се преземаат и активности и за нивно стручно оспособување и усовршување.

### 3.7.2 ПРАВА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Постигнато е усогласување на законодавството во областа право на индустриска сопственост со acquis на Европската унија. Донесен е Законот за индустриската сопственост („Службен весник на Република Македонија бр.21/09) и 5 подзаконски акти[14] кои произлегуваат од Законот. Во Законот, имплементирани се Директивата 32004L0048 за спроведување на правото на интелектуална сопственост, со што се постигнува зајакнување на судската заштита во случаите на повреда на правата од индустриска сопственост и Регулативата 32006R0816 на Европскиот парламент и на Советот на Европскатат Унија од 17 мај 2006 година за присилното лиценцирање кај патентите кои се однесуваат на производството на фармацевтските производи кои се користат за извоз во земји со проблеми во јавното здравство. Со Законот се врши и усогласување со меѓународните договори на Светската организација за интелектуална сопственост (СОИС) и тоа Договорот за правото на патент и Договорот за правото на трговска марка, со што се врши поедноставување на постапката на заштита на правата од индустриската сопственост и воведување поволности за корисниците. Во Законот е создадена основа за појаснување на основните концепти на Европското патентно право и прецизирање на правата кои произлегуваат од нив како и основа за повикување на примена на Европската патентна конвенција. Законот за индустриска сопственост е целосно усогласен со релевантните директиви и регулативи од областа на индустриската сопственост.

Од 1-ви јануари 2009 година Република Македонија стана полноправна членка на Европската патентна организација.

Усвоен е Законот за селекционерски права ("Службен весник на Република Македонија" број 52/09). Собранието на Република Македонија на 28 јули 2009 година го усвои Законот за ратификација на меѓународната конвенција за заштита на нови сорти на растенија – УПОВ Конвенција ("Службен весник на Република Македонија" бр. 98/09).

На 15 јули 2009 година, Државниот завод за индустриска сопственост (ДЗИС) потпиша План за соработка за давање услуги во пребарувања за состојбата на техниката со Државниот Завод за иновации и трговски марки на Романија со

[14] Правилник за патенти, Правилник за индустриски дизајн, Правилник за трговска марка, Правилник за испитот за застапници и за заштита на индустриска сопственост и за Регистарот на застапници ("Службен весник на Република Македонија" број 92/09) и Правилник за ознака на потекло и географска ознака ("Службен весник на Република Македонија" број 102/09).

корисниците од Република Македонија ќе добијат услуги во пребарувања за состојбата на техниката и за потполно испитување на патентите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Државниот завод за индустриска сопственост (ДЗИС) е надлежен за спроведување на Законот за индустриската сопственост и Законот за заштита на топографијата на интегрални кола како самостоен орган на државната управа кој се финансира од сопствени приходи. Во ДЗИС вработени се вкупно 32 државни службеници и двајца вработени преку Агенција за привремени вработувања, во четири сектори и 11 одделенија.

Претставници од ДЗИС активно учествуваа во работата на СОИС и Европската патентна организација (ЕПО). Вработените од Заводот учествуваа на вкупно 21 обуки, семинари и конференции.

Државниот завод за индустриска сопственост во соработка со Економската комисија за Европа на Обединетите нации (УНЕЦЕ) организираше еден семинар за „Комерцијализација и спроведување на правата од интелектуална сопственост"; а во соработка со Светската организација за интелектуална сопственост беа организирани еден Интер-регионален симпозиум за "Спроведување на заштитата на правата од интелектуална сопственост" и еден семинар за „Договорот за соработка во областа на патентите".

Во рамки на соработката со СОИС, вкупно пет вработени од ДЗИС учествуваа на еден студиски престој, еден симпозиум и два семинара.

Преку соработката со ЕПО и Европската патентна академија, вкупно 6 учесници (3 вработени во ДЗИС, 2 судии и 1 асистент од Правниот факултет „Јустинијан Први"), учествуваа на обуки организирани од страна на Европската патентна академија.

Претставници од ДЗИС учествуваа и имаа **презентации на четири семинари за судии и јавни обвинители**, организирани во рамки на Програмата за постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Делегација на Заводот за патенти и трговски марки на Данска, на 13 и 14 јули 2009 година престојуваше во дводневна посета на Државниот завод за индустриска сопственост. Покрај работни средби со претставници на Заводот, делегацијата од Данска оствари работна средба и со сите институции вклучени спроведувањето на заштитата на правата од интелектуална сопственост.

Делегација од Заводот за индустриска сопственост на Косово од 17 до 19 ноември 2009 година оствари студиски престој за испитување на пријавите за патенти во ДЗИС.

Имајќи го во предвид значењето на **подигнувањето на јавната свест** за заштита на правата од индустриска сопственост, ДЗИС презеде редовни активности поврзани со јакнењето на јавната свест: шест предавања за 80 студенти на Правниот факултет "Јустинијан Први", поддршка и учество на еден домашен саем, на две меѓународни изложби и организација на две манифестации во насока на стимулирање и афирмирање на пронаоѓаштвото. По повод денот на интелектуална сопственост се одржаа повеќе активности: на 21 април 2009 година се одржа изложба на патенти од македонски пронајдувачи на тема: „Креативноста и пронајдоците во секојдневниот живот", во организација на Делегацијата на Европската Комисија и ДЗИС; претставник на ДЗИС учествуваше во радио емисија; на 23 април 2009 година ДЗИС организраше манифестација за одбележување на денот на интелектуална сопственост, а на 24 април 2009 година Координативното тело за интелектуална сопственост (КТИС) спроведе акција за јавно уништувањеа на запленетите производи. Студенти од Правниот факултет „Јустинијан Први" имаа дводневна обука во Заводот.

Со Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги во 2009 година на Министерството за економија, поддржани се деловните субјекти со надоместување на дел од трошоците и тоа: за изработено идејно решение за индустриски дизајн на производ, пуштен во промет во 2008 година и во текот на 2009 година и за поднесување на меѓународна пријава на патент, односно барање за потполно испитување на пријавата. Доставени се две барања од кои едно се однесува на надоместување на дел од трошоците на деловниот субјект за изработено идејно решение за индустриски дизајн на производ и едно за надоместување на дел од трошоците на деловниот субјект за меѓународна пријава на патент.

Во рамките на Програмата за соработка со ЕПО, **започна реализацијата на Регионалниот ИПА Проект**. Државниот Завод за индустриска сопственост е координатор на ИПА Проектот во Република Македонија. Проектот е поддржан од

Европската комисија, ЕПО, Завод за хармонизација на внатрешниот пазар. (ОХИМ) и СОИС. Во рамки на ИПА Проектот, поднесени се вкупно 21 предлог проект за реализација на определени активности. Проектите се реализираат со однапред предвидената динамика.

Заводот учествуваше и во координирање на активностите на сите институции вклучени во спроведувањето на заштитата на правата од интелектуалната сопственост.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

ПРАВНА РАМКА

Во 2010 година ќе се усвојат: Законот за ратификација на Договорот за правото на патент, Законот за ратификација на Договорот за правото на трговска марка, Законот за ратификација на Договорот од Виена за меѓународна класификација на фигуративните елементи на марките и Законот за ратификација на Лисабонскиот Договор за заштита на ознаки на потекло на производите и нивната меѓународна заштита.

Управата за семе и саден материјал ќе ги донесе соодветните правилниците согласно Законот за селекционерски права. (Повеќе во Поглавје 12, Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика).

Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За зајакнување на капацитетот на ДЗИС во 2010 година ќе се вработат нови лица и ќе продолжи континуираното стручно надградување на вработените.

Обуката на вработените во ДЗИС и на останатите субјекти од системот на заштита, ќе се остварува преку национални и регионални семинари, студиски престои и други активности преку соработката со СОИС, ЕПО, Европската патентна академија, ИПА, ТАИЕКС и друга билатерална соработка.

Ќе се обезбеди пристап до базите на ДЗИС преку web страната на ДЗИС, со што истите ќе станат достапни до сите заинтересирани корисници.

Заводот ќе продолжи со спроведување на редовни активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост (предавања, средби со претставници од стопанството на општинско ниво, организирање на манифестации, учество на саеми, изложби и слично).

Со Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги во 2010 година повторно ќе се продолжи со подржувањето на деловните субјекти со надоместување на дел од трошоците за изработено идејно решение за индустриски дизајн на производ, пуштен во промет и за поднесување на меѓународна пријава на патент, односно барање за потполно испитување на пријавата.

Ќе продолжи со реализација ИПА Регионалниот проект.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се усвои Законот за ратификација на Договорот за примена на членот 65 од Европската патентна конвенција – Лондонски договор .

Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во Заводот за индустриска сопственост ќе се вработат нови лица во 2011 година и во 2012 година. Истовремено ќе се одржува нивото на техничката опременост, ќе се продолжи со обука на вработените во Заводот и другите субјекти вклучени во системот на заштита на правата од интелектуалната сопственост.

Заводот ќе продолжи со спроведување на редовни активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост (предавања, средби со претставници од стопанството на општинско ниво, организирање на манифестации, учество на саеми, изложби и слично).

### 3.7.3 **СПРОВЕДУВАЊЕ**

ПРАВНА РАМКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во септември 2009 година, Владата ја усвои Стратегијата за интелектуалната сопственост на Репулика Македонија 2009-2012 и Акцискиот план за нејзина имплементација[15]. Стратегијата е краткорочен приоритет од Партнерството за пристапување за дефинирање на јасните цели, рокови и надлежности на институциите за соодветно постапување во заштитата на правата од интелектуална сопственост. Појдовните принципи во Стратегијата се ефикасно делување на столбовите во институциите заради ефикасна примена на acquis кое е транспонирано во национално законодавство за заштита на правата од индустриската сопственост, авторското право и сродните права. Значајно е да се потенцира дека во Стратегијата се наведени четири области за кои институциите во предвидениот рок искажаа интерес да ги спроведат: зајакнување на правната рамка за заштита на правото на интелектуална сопственост; зајакнување на институционалните и административни капацитети за ефективно и ефикасно спроведување на заштитата на правата на интелектуалната сопственост; дефинирање на мерките за унапредување на капацитетите на индивидуалните носители на правата и бизнис заедницата; и дефинирање на мерките за јакнење на јавната свест и придобивките од интелектуалната сопственост.

Усвоен е **Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик** (,,Службен весник на Република Македонија бр.114), заради усогласување со Законот за индустриска сопственост и прецизирање на кривичните дела од областа на индустриската сопственост. Изменети и дополнети се членот 285,,Повреда на права од индустриска сопственост и неовластена употреба на туѓа фирма,, и членот 286 ,,Повреда на правото од пријавен или заштитен пронајдок и топографија на интегрални кола,, со што е зголемен опфатот на заштитата на правата од индустриска сопственост и се зголемени глобите за сторителите на кривичните дела. Истовремено се зајакнати предвидените казни кои изнесуваат и до 5 години затвор.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Државниот завод за индустриска сопственост** учествуваше и во координирање на активностите на сите институции вклучени во спроведувањето на заштитата на правата од интелектуалната сопственост.

Со актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на **Министерството за правда**, оваа правна материја е во надлежност, на Секторот за правосудство, Секторот за европска унија и други сектори. Во моментов, двајца извршители континуирано работат на областа од интелектуална сопственост.

Во однос на судската заштита на правата од интелектуална и индустриска сопственост е предвидено постапување на сите судови со проширена надлежност на целата територија на Република Македонија. Врз основа на Стратегијата за информатичко комуникациска технологија за правосудство за 2007-2010 година, донесен е Правилник за начинот и постапката за управување со судските предмети со користење на информатичка технологија во која се опфатени сите правосудни органи и Министерството за правда. (Повеќе во Поглавје 23, Правосудство и фундаментални права).

Во **Министерството за внатрешни работи** заштитата на интелектуалната сопственост е во надлежност на Единицата за борба против перење пари и економски организиран криминал на централно ниво со 11 инспектори. Надлежни се и осум сектори за внатрешни работи, со 26 инспектори кои покрај другите работни задачи се надлежни и за областа на интелектуалната сопственост.

Надлежностите на **Државниот пазарен инспекторат** за вршење на инспекциски надзор во поглед на заштитата на правата од индустриска сопственост на пазарот и заштитата на авторското право и другите сродни права на пазарот се регулирани со Законот за Државен пазарен инспекторат, Законот за индустриска сопственост и Законот за авторското право и сродните права.

**Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија** е јавна установа надлежна за вршење на почетна обука на кандидати за судии и јавни обвинители и постојано стручно усовршување на судиите, јавните обвинители и на судските и обвинителските службеници.

**Бирото за лекови**, во рамките на своите надлежности кои произлегуваат од Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/2007) е одговорно за издавање на одобенија и контрола на производството, прометот на големо и мало со лекови и медицински помагала. Увозот на лекови во Република Македонија се врши врз основа на издадено одобрение за увоз од Бирото за лекови, при што задолжително е да се достави и

---

[15] Англиската верзија на Стратегијата за интелектуалната сопственост на Репулика Македонија 2009-2012 и Акцискиот план за нејзина имплементација[15] се доставени до Европската комисија.

сертификат за квалитет на лековите. Заради спречување на нелегалниот увоз на лекови, односно шверцот Бирото за лекови остварува континуирана соработка со Царинскита управа.

Фармацевтските инспектори на Бирото за лекови се регионално организирани, а се вршат постојани контроли на веледрогериите и аптеките со цел да се спречи пуштање на пазарот на нерегистрирани или фалсификувани лекови.

**Претставниците на институциите вклучени во спроведувањето** учествуваа на повеќе специјализирани семинари и тоа: еден семинар за „Комерцијализација и спроведување на правата од интелектуална сопственост", во соработка со Обединетите Нации – Економска Комисија за Европа (УНЕЦЕ); еден Интер-регионален симпозиум за "Спроведување на заштитата на правата од интелектуална сопственост" во соработка со Светската организација за интелектуална сопственост; еден ТАИЕКС(TAIEX) семинар за спроведување; еден семинар за идентификација на трговски марки организиран од СНБ РЕАКТ; обука за инспекторите од МВР организрана од Микрософт-Скопје, трибина за трговски марки во соработка со ИНТА и друго.

Како резултат на постигнатите резултати на полето на заштита на правата од интелектуална сопственост **Царинската управа** на Република Македонија ја доби првата награда на Светската царинска организација "Yolanda Benitez WCO Trophy 2009 Combating Counterfeiting and Piracy" за достигнување во борбата против фалсификување и пиратерија, во конкуренција на 30 светски царински служби од 174 администрации членки на Светската царинска организација.

Во рамки на **соработката на ДЗИС и Европската патентна организација** (**ЕПО**), преку Европската патентна Академија двајца судии учествуваа на обуки од областа на правото на патенти.

Во текот на 2009 година, **Академијата за обука на судии и јавни обвинители** успешно реализираше 7 семинари од областа на заштита на правата од интелектуална сопственост со 66 наставни часови обука и учество на вкупно 193 учесници од кои 169 судии, 7 обвинители и 17 стручни соработници од судовите и обвинителствата. Четири од наведените семинари се однесуваа на заштита на авторското право и сродните права со 34 наставни часови обука и 100 учесници од кои 82 судии, 7 обвинители и 11 стручни соработници, 1 семинар се однесуваше на заштита на правата од индустриска сопственост со 8 наставни часови обука и учество на 27 судии и 2 стручни соработници, додека на двете обуки на тема "Заштита на правата од интелектуална сопственост" со 24 наставни часа, учествуваа 60 судии и 3 стручни соработници.

Центарот за обука за интелектуална сопственост (ЦИПЕ) како член на Глобалната мрежа на Академии за интелектуална сопственост, започнаа активности за реализација на TEMPUS **Програмата** „Заеднички регионални пост-дипломски студии за интелектуална сопственост, кои ќе се реализираат како специфични, специјализирани студии од 2009 до 2012 год".

Активностите од Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2009 – 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/09) на **Министерството за економија**, за јакнење на јавната свест на потрошувачите преку организирање на медиумска кампања во повеќе градови во Република Македонија врз основа Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на РМ" бр.38/04;77/07 и 103/08), се реализирани. Организацијата на потрошувачите на Македонија (ОПМ), ја реализраше медиумската кампања за подигнување на јавната свест на потрошувачите за нивните права кои произлегуваат од Законот за индустриска сопственост.

Главен носител на активностите во борбата против фалсификатите и пиратеријата и превземените координирани активности беше Координативното тело за интелектуална сопственост(КТИС). **КТИС** редовно доставува информации до Владата на Република Македонија, а спроведени се вкупно дваесет и пет поедничени акции. За активностите, КТИС редовно ја информира јавноста преку електронските и пишаните медиуми. Во присуство на највисоки претставници на Владата на Република Македонија, спроведени се две јавни акции за уништување на одземените производи со кои се повредуваат правата од интелектуална сопственост, по завршени судски постапки.

Покрај активностите на КТИС, континуирано се спроведуваат и одделни акции на Државниот пазарен инспекторат, Министерството за внатрешни работи и Царинската управа, во рамките на нивните законски утврдени надлежности.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се реализираат активностите од Стратегијата за интелектуална сопственост 2009-2012. Министерството за економија и Државниот завод за индустриска сопственост на секои три месеци, започнувајќи од крајот на јануари 2010 година, ќе доставуваат Информација до Владата на Република Македонија за реализираните активности, при што усвоените активности преведени на англиски јазик ќе се доставaт до Европската комисија.

Ќе се продолжи со пополнување на слободните работни места во Секторот за правосудство и други сектори во **Министерството за правда**, во чии сегменти се покрива и материјата од заштита на интелектуалната и индустриска сопственост. Врз основа на Правилникот за начинот и постапката за управување со судските предмети со користење на информатичка технологија од 01.01. 2010 год. сите судови ќе ги водат предметите во електронска форма.(Повеќе во Поглавје 23, Правосудство и фундаментални права).

Ќе се преземат активности за анализа и подобрување на организационата поставеност во **Царинската управа** во правец на зголемување на ефикасноста при спроведувањето на мерките на заштита и за подготовка и спроведување на годишните програми на Царинската управа за борба против пиратерија и фалсификување. Согласно програмата на Царинската управа ќе се врши континуирана обука на царинските службеници за препознавање на фалсификувани и пиратски производи. Царинската управа ќе пристапи кон измена и дополнување на релевантното законодавство заради нормирање на специјализација на цариниците за постапување по предмети за заштита на правата на интелектуална сопственост. (Повеќе во Поглавје 29, Царинска управа).

За **Државниот пазарен инспекторат** заштитата на правата на интелектуална сопственост ќе биде приоритет во работењето и ќе продолжи да се остварува со засилен интензитет врз основа на Годишна програма за работа и оперативните планирани активности.

Министерството за правда заедно со Државниот завод за статистика и други државни институции (Министерство за култура, Министерство за економија- ДПИ, МВР, Царинска управа и др.) ќе ја подготват **Методологијата за прибирање статистички податоци од судовите** во однос на предметите поврзани со правата од интелектуална сопственост.

Во функција ќе биде ставен **ИРИС системот** за размена на статистички податоци помеѓу институциите вклучени во системот на спроведување на заштитата на правата од интелектуална сопственост.

Ќе се продолжи со **обука на вработените во институциите** вклучени во системот на спроведување на заштитата и ќе продолжат специјализирани обуки на судии и јавни обвинители од областа на интелектуалната сопственост.

Градењето на системот на заштита на правата ќе продолжи да се остварува преку реализирање на Програмата на **Координативното тело за интелектуална сопственост (КТИС)** со што ќе се зголеми ефикасноста во остварувањето на правата. Активностите на КТИС и на другите институции во спроведувањето на заштитата на правата од интелектуална сопственост ќе се насочат кон сузбивање на фалсификатите и пиратеријата.Преку **ТАИЕКС Програмата**, ќе се реализира студиски престој на членови од КТИС со цел да согледа системот на заштита на правата од интелектуална сопственост во Велика Британија.

**Академијата за обука на судии и јавни обвинители** ќе продолжи со своите активности и тоа: преку обука на третата генерација кандидати за судии и јавни обвинители од областа на заштита на правата од интелектуална сопственост и согласно Програмата за постојано стручно усовршување со континуирана специјализирана обука на судиите и јавните обвинители од областа на интелектуалната сопственост. Обуките ќе се изведуваат регионално, по апелациони подрачја, со што и самото учество на обуките ќе биде подостапно за учесниците од сите целни групи. Предвидено е со обуките да бидат опфатени сите аспекти на судската заштита на правата од интелектуалната сопственост, (управно правна, прекршочно правна, кривично правна и граѓанско правна заштита), со промоција на европските и меѓународните стандарди за заштита на правата од интелектуална сопственост.

Во текот на 2010 година **Академијата за обука на судии и јавни обвинители** ќе реализира и 23 обуки за судии и јавни обвинители, една обука за судиите од Управниот суд и две обуки на обучувачи. Ќе се обучат околу 600 судии и јавни обвинители.

Ќе се организира и една Национална конференција на тема "Судска заштита на правата од интелектуална сопственост" со цел воедначување на судската практика во поглед на заштитата на правата од интелектуална сопственост со можност да произлезат евентуални предлози за подобрување на законските решенија што се однесуваат на правата од ИС и една дводневна Регионална конференција на тема "Судската заштита на правата од интелектуална сопственост", заради размена на искуства помеѓу државите од регионот во областа на имплементацијата на правото на ЕУ и меѓународните стандарди во спроведувањето на заштитата на правата од интелектуална сопственост со осврт на праксата на меѓународните судови во оваа област. Академијата ќе издаде публикација на тема "Судска заштита на правата од интелектуална сопственост".

Ќе се продолжи со специјализирана обука на **Царинската управа** (и другите институции и тела) со цел да се зголеми заштитата на правата од интелектуалната сопственост.. Ќе се реализира Програмата за техничка соработка на Царинската управа со Кралството Холандија за периодот 2010-2012 година, каде што покрај другите области опфатена е и областа на заштитата на правата од интелектуална сопственост. Нејзината реализација, преку обуки и подготовка на соодветни упатства, врз основа на добрата пракса и стандарди ќе придонесе кон засилување на капацитеите и нивна оперативна примена во царинското работење. (Повеќе во Поглавје 29, Царинска управа).

Ќе се пристапи кон техничко опремување на Царинската управа и обезбедување софтверски апликации за создавање современа база на податоци и размена на истите . Ова е тесно поврзано со имплементација на системот за процесуирање на царинските декларации (CPDS), софтвер за електронска обработка на царинските декларации.[16]

Заради подигнување на свеста за заштита на потрошувачките права во однос на користење на пиратските и фалсификувани производи со кои се повредуваат правата на индустриска сопственост, авторските права и сродните права, во Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2009 – 2010 година („Службен весник на РМ“ бр. 3/09) на **Министерството за економија**, за 2010 година, ќе се реализира активноста „печатење на флаери, брошури и други рекламни материјали во интерес на потрошувачите“.

Во Стратешкиот план 2010-2012 година **на Министерството за економија**, во Програмата Внатрешен пазар, ќе се реализира активноста „Воспоставување на координација во спроведувањето на заштита на правата од индустриска сопственост и на авторското право и сродните права (вршење на координирани акции на пазарот од КТИС).

Центарот за обука за интелектуална сопственост (ЦИПЕ) како член на глобалната мрежа на Академии за интелектуална сопственост, ќе ја реализира TEMPUS **Програмата** „Заеднички регионални пост-дипломски студии за интелектуална сопственост“, со упис на првата генерација слушатели.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се донесе нов Закон за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за примена на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2005). Правилниот ќе се измени во делот на отповикување на барањата за преземање на царински дејства поради неисполнување на обврски на носителот на право/застапник и надоместот на трошоци за складирање и уништување на фалсификувана стока од страна на увозникот на стока.

Ќе се следат меѓународните трендови во спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се реализираат активностите од Стратегијата за интелектуална сопственост 2009-2012 на среден рок.Континуирано ќе се зајакнуваат техничките и кадровските капацитети на институциите преку нови вработувања, набавка на неопходната техничка опрема и континуирани обуки на субјектите кои се вклучени во спроведувањето на правата од интелектуална сопственост.

Заради зголемена ефикасност и ефективност во заштитата на правата од интелектуална сопственост, **Државниот пазарен инспекторат** ќе изврши специјализација на државните пазарни инспектори и ќе се формира посебно одделение за интелектуална сопственост.

Во стратешкиот план на Државниот пазарен инспекторат 2010-2012, заради востановување на целосна функционалност на информатичката опрема обезбедена преку ЕАР, ќе се изготви софтвер-апликативно решение на информацискиот систем со мрежно поврзување на сите организациони единици кои функционираат во рамките на **Државниот пазарен инспекторат** и ќе се создаде современа база на податоци.

Целосната имплеметација на системот за процесирање на царинските декларации (CPDS) во **Царинската управа** се очекува да заврши до крајот на 2011 година.

Ќе се реализира Стратешкиот план 2010-2012 година на **Министерството за економија**, преку Програмат Внатрешен пазар, со активноста „Воспоставување на координација во спроведувањето на заштита на правата од индустриска сопственост и на авторското право и сродните права (вршење на координирани акции на пазарот од КТИС).

---

[16] Царинската управа на Република Македонија, на објавен тендер го избра италијанскиот софтвер за CDPS каде има посебен модул за целосен автоматизиран логички систем за измама и фалсификувана стока.

Ќе се продолжи со обука на вработените во институциите вклучени во системот на спроведување на заштитата.

**Академијата за обука на судии и јавни обвинители** ќе продлжи со своите активности во рамки на почетната обука и постојаното стручно усовршување, како следење на новините, измените во сите закони поврзани со правата од интелектуална сопственост, следење на меѓународните стандарди за заштита на правата од интелектуална сопственост и издавање на публикации, прирачници и водичи за заштита на ПИС.

Ќе продолжи со реализација TEMPUS **Програмата** „Заеднички регионални пост-дипломски студии за интелектуална сопственост", чиј носител е Центарот за обука за интелектуална сопственост (ЦИПЕ), како специфични, специјализирани студии од 2009 до 2012 година.

3.8 **КОНКУРЕНЦИЈА**

3.8.1 **АНТИТРУСТОВИ И СПОЈУВАЊА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Основниот акт кој ја уредува постоечката правна рамка од областа на заштитата на конкуренцијата во Република Македонија е Законот за заштита на конкуренцијата (“Службен весник на Република Македонија” бр. 04/05; 70/06 и 22/07). Законот е усогласен со Договорот за основање на Европската Заедница (членовите 81, 82 и 86); и ЕУ мерките 31962R0017, 32003R0001, 31971R2821, 32004R0139, 31997Y1209(01) и 52001XC1222(03).

Во текот на 2009 година усвоени се Насоките за обврските преземени пред Комисијата од страна на учесниците во концентрацијата согласно со член 20 и 22 од Законот за заштита на конкуренцијата (со кои се изврши усогласување со ЕУ мерката *Известување на Комисијата за прифатливите обврски согласно Регулативата на Советот бр. 139/2004 и Регулативата на Советот бр. 802/2004*) и Законот за измени и дополнување на Кривичниот Законик со кој се напушти само кривичната одговорност на правните лица за сторена повреда на Законот за заштита на конкуренцијата, додека кривичната одговорност на физичките лица и понатаму постои во македонскиот правен систем.

Во текот на 2009 година, во насока на зајакнување на административниот капацитет на КЗК, а во согласност со НПАА, беше реализирано 1 ново вработување.

Комисијата за заштита на конкуренцијата во текот на 2009 година во делот на антитруст донесе 7 решенија за утврдена злоупотреба на доминантна позиција (кои се уште не се прависилни поради поднесени тужби до Управниот суд), како и 18 решенија за оценка на концентрации и едно решение за утврдување на постоење забранет договор.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за заштита на конкуренцијата (ЗЗК), надлежен орган за спроведување на законот е Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК). Комисијата е независен орган, составен од претседател и четири члена. Претседателот и членовите ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија, за период од пет години, со право на повторно именување. Управните, стручните и другите административно – технички работи ги врши стручната служба на Комисијата.

Комисијата е надлежна да ја контролира примената на одредбите од законот и прописите донесени врз основа на законот; да ги следи и анализира состојбите на пазарот до степен потребен за развој на слободна и ефикасна конкуренција; да води постапки и донесува одлуки за прашањата што ги регулира законот; да утврдува методологија за истражување на пазарот; да утврдува правила и мерки за заштита на конкуренцијата; мерки за отстранување на спречувањето, ограничувањето или нарушувањето на конкуренцијата; да дава мислења по предлози на закони и други акти со кои се уредуваат прашања што се однесуваат на економската активност, а кои може да имаат влијание на конкуренцијата на пазарот; да дава стручни мислења за прашања поврзани со политиката на конкуренција и заштитата на конкуренцијата на пазарот, по барање на Собранието, Владата на Република Македонија, други државни органи, претпријатија или по службена должност; да ги врши работите што произлегуваат од меѓународните обврски на Република Македонија во областа на заштита на конкуренцијата, како и други работи утврдени со Законот.

Комисијата за заштита на конкуренцијата при остварувањето на своите надлежности тесно соработува со останатите регулаторни тела, а особено со Агенцијата за електронски комуникации, Регулаторната Комисија за енергетика и Советот за радиодифузија, а во согласност со потпишаните меморандуми за соработка.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на 2010 година, предвидено е донесување на следните акти:

- нов Закон за заштита на конкуренцијата со цел да се развијат мерки за зголемување на ефикасноста во постапувањето на Комисијата и натамошно усогласување со ЕУ регулативите 32006R1459 и 32009R0487 кои ги уредуваат групните иземања кај договорите во воздушниот сообраќај
- понатамошно усогласување на националното законодавство со acquis, во согласност со тековните релевантни промени на истото

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на зајакнување на административниот капацитет на Комисијата, предвидени се нови вработувања како и обуки за вработените и судиите на судот надлежен да постапува по тужби против одлуките на Комисијата, со цел подобрување на ефикасноста во имплементацијата на законската рамка за заштита на конкуренцијата, во рамките на Проектот за јакнење на административниот капацитет на Комисијата за заштита на конкуренцијата за спроведување на законодавството за заштита на конкуренцијата, финасиран од Кралството на Велика Британија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
На среден рок е предвидено:
-донесување на Уредба за условите и постапката за ослободување и намалување на глоба во прекршочна постапка пред Комисијата (leniency), со цел усогласување со ЕУ мерката *Известување на Комисијата за ослободување и намалување на казни во случаи на картели*;
-донесување на Насоки за ограничувањата неопходни за спроведување на концентрации, со цел усогласување со ЕУ мерката *Известување на Комисијата за ограничувањата директно поврзани и неопходни за спроведување на концентрации*
-донесување на Насоки за концептот на концентрација, со цел усогласување со ЕУ мерката *Консолидирано Известување на Комисијата за надлежност согласно Регулативата на Советот бр.139/2004*
- понатамошно усогласување на националното законодавство со acquis, во согласност со релевантните промени на истото во областа на заштита на конкуренцијата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Исто така, планирано е континуирано зајакнување на административните капацитети на КЗК во 2011 и 2012 година.

3.8.2 **ДРЖАВНА ПОМОШ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Законодавството за државна помош го опфаќа Законот за државна помош ("Службен весник на РМ" бр. 24/03, 70/06 и 55/07) како и подзаконските акти донесени врз основа на Законот.

Македонското законодавство за државна помош е усогласено со Договорот за основање на Европската Заедница, членовите 87-89 и ЕУ регулативите 32001R0069 и 31999R0659.

Комисијата за заштита на конкуренцијата во текот на 2009 година во делот на државната помош донесе 8 одлуки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со Законот за измени и дополнувања на Законот за државната помош, ("Службен весник на РМ" бр. 70/06 и 55/07), надлежноста за надзор и контрола на државната помош која се доделува во Република Македонија ја презема Комисијата за заштита на конкуренцијата. Со влегувањето во сила на Законот за измени и дополнувања на Законот за државната помош, во Комисијата за заштита на конкуренцијата формиран е Сектор за контрола на државната помош.
Во текот на 2009 година, беше реализирано 1 ново вработување, кое може со дополнителна обука да придонесе за зајакнување на административниот капацитет на КЗК во делот на контрола на државната помош.
Во Секторот за контрола на државната помош има вработено 6 (шест) лица со висока стручна спрема, од кои 4 (четири) економисти и 2 (два) правници.

Преку одредување на лица одговорни за пријавување на државната помош од страна на давателите на државната помош кај Комисијата за заштита на конкуренцијата, воспоставен е систем на мониторинг и проценка на структурата на државната помош. Секторот ги врши сите работи од областа на државната помош пропишани со Законот.
Преку вклучување и активно учество на КЗК во изработката на Стратегијата за индустриска политика на Република Македонија 2009-2020 година, истата е целосно усогласена со законодавството за државна помош. КЗК учествува и во меѓуминистерската работна група која го надгледува спроведувањето на Стратегијата.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на 2010 година планирано е донесување на нов Закон за државната помош со цел зголемување на ефикасноста во постапувањето на Комисијата при надзорот и контролата на државната помош.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Исто така, планирано е зајакнување на административниот капацитет во областа на државната помош со ново вработување во Секторот за контрола на државната помош во КЗК до крајот на 2010 година, како и спроведување на обуки на вработените во КЗК за ефикасно спроведување на Законот за државна помош, посебно во делот на истражувачки техники и постапување по случаи. Дополнително, планирани се и обуки на давателите на државна помош.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Среднорочни приоритети во областа на законодавството за државна помош се:
- донесување на нова Уредба за утврдување на условите и постапката за поднесување на известување за државна
- помош до Комисијата за заштита на конкуренцијата и за оценка на државната помош (до крајот на 2011 година);
- донесување на Уредба за условите и постапката за доделување на државна помош од мало значење (de minimis) заради усогласување со ЕУ мерката Регулатива на Комисијата бр. 1998/2006 за примена на член 87 и член 88 од Договорот на помошта од мало значење;
- воспоставување и градење на веродостојно досие за спроведување на контролата на државната помош (до крајот на 2011 година);
- донесување на Насоки за методологијата за определување на нивото на компензација на претпријатија на кои им е доверено вршење на услуги од општ економски интерес (до крајот на 2012 година);
- понатамошно усогласување на националното законодавство со acquis (до крајот на 2012 година).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Административните капацитети континуирано ќе се зајакнуваат преку организирање обуки на вработените во КЗК и во другите институции кои се јавуваат како даватели на државна помош. Исто така, планирани се активности за подигнување на свеста на владините институции и деловниот сектор за државната помош преку организирање на семинари, обуки, кампања, конференции и други настани. Планирано е континуирано зајакнување на административните капацитети на КЗК, со нови вработувања во 2011 и 2012 година.

### 3.8.3 **ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА**
Либерализацијата на електронските комуникации во Република Македонија започна во март 2005 година со донесувањето на Законот за електронските комуникации, што беше објавен во „Сл. весник на РМ“ бр. 13/2005 од 25.02.2005 година. Подетално, развојот на легислативата и регулативата во областа на електронските комуникации, како и нивната имплементација, се обработува во Поглавје X. Информатичко општество и медиуми на НПАА.

Од аспект на Законот за радиодифузната дејност (Сл.весник на РМ 100/05, 19/07, 103/08 и 152/08), постојниот модел на лиценцирање е дизајниран првенствено за регулирање на аналогната терестријална радиодифузија во услови на ограничен фреквентен спектар. За да се олесни либерализацијата на пазарот во поглед на можностите за влез на нови субјекти кои сакаат да емитуваат програмски сервиси, платформи за пренос кои не користат дел од фреквентниот спектар, неопходно е во законската регулатива да се предвиди нов и поедноставен начин на лиценцирање што нема да подразбира долга и сложена конкурска постапка.

Во делот на либерализација на пазарот на електрична енергија и природен гас од значење е *Договорот за основање на енергетска заедница* помеѓу земјите потписнички на Атинските меморандуми е потпишан на 25.10.2005 година. Договорот е ратификуван од седум земји потписници и стапи на сила на 01.07.2006 година. Договорот претставува правно обврзувачки документ кој на определбите од Меморандумите им даде значење на законска обврска.

Основните цели на Договорот се: (1) формирање на интегрирани пазари на електрична енергија и природен гас во Југоисточна Европа, кои ќе функционираат според принципите и правилата применливи во рамки на пазарите во Европската Унија, со цел за идно интегрирање; (2) овозможување на стабилно, постојано и економично снабдување со енергија, како услуга од јавен интерес, од системите и изворите во соседството и висок ниво на пристап до таа енергија за сите потрошувачи; (3) создавање единствена правна и регулаторна рамка и стабилни пазарни односи за трговија со електрична енергија и природен гас на целиот простор во регионот со цел да се привлечат потребните инвестиции од приватниот сектор и да се создадат услови за одржлив развој; (4) развивање на конкуренцијата и ликвидноста на овие пазари и искористување на економијата на обем; и (5) подобрување на општата состојба на животната средина,

енергетската ефикасност и социјалните услови во општеството кај земјите членки на Заедницата.Иналу, пазарот на енергија во Република Македонија е уреден со ***Законот за енергетика*** („Службен весник на РМ", бр.63/06, бр.36/07 и бр 106/08). Што се однесува на либерализацијата на пазарот за нафта и нафтени деривати, со Законот за енергетика, Законот за заштита на конкуренцијата, Закон за пазарната инспекција, Закон за трговија, Правилникот за квалитет на течните горива, техничките прописи (складирање и транспорт на нафтените деривати, стандарди и сл), како и со ратификување на меѓународни договори (Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ, Договорот за енергетска повелба, како и пристапувањето на нашата замја кон СТО) се создадоа основни предуслови за либерализација на пазарот со нафта и нафтени деривати во државата. Моделот на организирање на пазарот со нафта и нафтени деривати во нашата држава е концепиран на големопродажба и малопродажба, што претставува еден од битните фатори за либерализација на овој сектор. Со цел да се испочитува стабилноста на снабдувањето со нафта и нафтени деривати, а при тоа да се овозможи либерализација на овој сектор е и пристапот на намалувањето на зафатнината на резервоарите за складирање на нафтени деривати кои треба да ги почитуваат трговците.

## 3.9 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ

### 3.9.1 БАНКИ И ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Банкарскиот систем во Република Македонија го сочинуваат 18 банки и 11 штедилници, а учеството на штедилниците во вкупната актива на банкарскиот систем изнесува 1,3%.
Учеството на странскиот капитал во вкупниот акционерски капитал на банките на 30.06.2009 година изнесува 73,5%. Четиринаесет банки се во доминантна сопственост на странски акционери кои главно потекнуваат од земјите-членки на ЕУ.

Депозитите на нефинансиските субјекти, се доминантен извор на финансирање на банките. Од вкупната депозитна база, 54,8% се во странска валута, додека 45,2% во денари. Доминантниот ризик на кој се изложени банките во своето работење е кредитниот ризик. Изложеноста на банките на пазарните ризици е минимална и генерално во рамките на пропишаното.

Банките во Република Македонија одржуваат задоволително ниво на ликвидност и располагаат со доволно капитал за покривање на ризиците од работењето. Тие имаат висока солвентна позиција; стапката на адекватност на капиталот изнесува 16,4%.

**ПРАВНА РАМКА**

Имајќи ги предвид карактеристиките на банкарскиот систем на Република Македонија, сложеноста на активностите коишто ги извршуваат банките и ризиците на коишто се изложени при нивното работење, НБРМ усвои и спроведува План за постепена примена на Новата базелска капитална спогодба (Базел 2) и тоа:

1. Столб 1 – Минимум потребен капитал

Донесена е Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/09). Со овие измени на Одлуката се регулира примената на Пристапот на базичен индикатор и на Стандардизираниот пристап за утврдување на потребниот капитал за оперативниот ризик. Одлуката ќе се применува од 31.12.2011 година;

2. Столб 2 - Супервизорска оцена

Активностите за примена на вториот столб се започнати преку: (а) воспоставена е нова методологија за супервизија[17] којашто се темели врз оценка на ризиците; (б) воспоставена е нова регулативна рамка којашто ги дефинира принципите за управување со ризици во банките, и (в) предвидена е обврска за воспоставување внатрешен процес за процена на адекватноста на капиталот (одредбите за воспоставување внатрешен процес во банка за оцена на нејзината адекватност на капиталот зависно од нејзиниот профил на ризичност, се содржани во Одлуката за управување со ризиците[18] и нивната примена започнува на 01.01.2010 година.)

3. Столб 3 – Пазарна дисциплина

Започна целосно да се применува Одлуката за објавување извештаи и податоци од страна на банката ("Службен весник на Република Македонија" бр. 134/07), а нејзина делумна примена беше отпочната на 31.12.2007 година.. Одлуката ги утврдува податоците и извештаите коишто мора да ги објавуваат банките на редовна основа и коишто се однесуваат на: работењето на банката, акционерската структура на банката, износот на сопствени средства и адекватноста на капиталот и системите и процесите на управувањето со ризик.

Во третиот квартал на 2009 година усвои Закон за изменување и дополнување на Законот за банки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 90/09). Со Законот се утврдува дека депозитите на правните и физичките лица, во случај на стечајна постапка на банка, имаат третман на пријавени побарувања.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии, Сектор за финансиски систем, Одделение за банкарски и небанкарски институции е надлежно за подготовка на прописите кои се однесуваат на банкарскиот сектор и за хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската унија. Во Одделението за банкарски и небанкарски институции се вработени четири лица.

---

[17] Планот за развој на супервизијата (кон супервизија базирана на оценка на ризиците), беше усвоен од страна на гувернерот на НБРМ во јануари 2006 година, а неговата имплементација започна во мај 2006 година.

[18] Одлуката за управување со ризиците е објавена во Службен весник на РМ, број 31/2008. Нејзината примена започна на 01.09.2008 година, со исклучок на одредбите за воспоставување внатрешен процес за процена на адекватноста на капиталот (одложена примена-започнува на 01.01.2010 година) и одредбите за стрес тестирање (одложена примена-започна на 01.01.2009 година).

Народната банка на Република Македонија е регулаторен и супервизорски орган за банките во Република Македонија. Во рамки на активностите за развој на супервизијата, се вршат редовни обуки на вработените за примената на супервизорските процедури. Во текот на 2009 година спроведени се активности за воспоставување систем за управување со документи во рамки на Секторот за супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2010 ќе се донесе Закон за финансиски друштва. Основна цел на Законот е заокружување на регулаторната рамка која се однесува на небанкарските финансиски институции во Република Македонија.Оваа регулатива е предвидена врзн основа на препораките од Пеер Асесмент Мисион 2007(Peer Assessment Mission 2007).

Во текот на 2010 година ќе донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за Фонд за осигурување на депозити. Со Законот ќе се даде можност депозитите на правните лица да бидат вклучени во Фондот и истите да бидат заштитени во случај на ризичен настан со што ќе се постигне целосно транспонирање на Директивата 19/1994/ЕЦ за шеми за осигугување на депозити.

Во 2010 година за прв пат ќе се донесе Закон за продажба на финансиски услуги на далечина во кој ќе се транспонира Директивата 65/2002/ЕЦ за продажба на финансиски услуги на потрошувачи на далечина и ќе се уреди продажбата на финансиски услуги на далечина. Законот ќе стапи на сила со пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

Заради попрецизна примена на одредбите од Законот за банки, НБРМ најдоцна до крајот на јануари 2010 година ќе изготви Процедури за спроведување на планот за пренос на средства и обврски од една банка во администрација на друга банка, како и Процедури за спроведување на продажбата на актива на една банка во друга банка, со што ќе се обезбеди поголема униформност и транспарентност во спроведувањето на овие постапки.
До крајот на 2010 година ќе се уреди утврдувањето на потребниот капитал за покривање на кредитниот ризик според Стандардизираниот пристап, преку дополнувања на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот. Примената на оваа регулатива ќе започне на 31.12.2011 година.

НБРМ во 2010 година ќе продолжи со користење на техничка помош од Холандската централна банка (DNB), за различни области; за евиденција и примена на финансиски деривати, за правилна примена на донесената регулатива за потребниот капитал за покривање на оперативниот ризик итн. .

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Административниот капацитет на Одделението за банкарски и небанкарски институции, при министерството за финансии на краток рок ќе се зајакне со планираните вработувања., Административниот капацитет на Одделението и НБРМ континуирано ќе се зајакнува и преку учество на вработените во обуки.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во текот на 2011 година ќе се подготви Закон за финансиски конгломерати во кој ќе се транспонира Директивата 87/2002/ЕЦ за дополнителна супервизија на кредитни институции, друштва за осигурување и инвестициски фирми во финансиски конгломерат .

Во текот на 2012 година ќе се подготви измена и дополнување на Законот за банки, со цел транспонирање на Директивата 48/2006/ЕЦ за основање и водење на дејноста на кредитни институции, во делот на прекугранично давање услуги.

На 31.12.2011 година ќе започне примената на поедноставните пристапи кои се предвидени во првиот столб од Спогодбата Базел 2, за утврдување на потребниот капитал за кредитниот и оперативниот ризик.

До крајот на 2012 ќе се изврши регулирање на напредните пристапи од Новата капитална спогодба (Базел 2) во согласност со состојбите во банкарскиот сектор и банкарската супервизија (регулативата ќе биде со одложена примена).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Административниот капацитет на Одделението за банкарски и небанкарски институции при министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со планираните вработувања.

### 3.9.2 **ОСИГУРУВАЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Осигурителниот пазар во Република Македонија го сочинуваат 13 друштва за осигурување, 12 осигурително брокерски друштва и 5 друштва за застапување во осигурување. Во Република Македонија со закон не е дозволено основање на друштво за осигурување кое врши работи на осигурување во двете групи на осигурување - живот и неживот и врз основа на тоа само две од друштвата за осигурување вршат работи на осигурување на живот, а останатите вршат работи на осигурување во групата на неживотно осигурување. Во првата половина на 2009 Министерството за финансии организираше по трет пар обука за осигурителен брокер. Испитите успешно ги завршија 141 кандидат. Во овој период од годината заврши обуката и се спроведоа испитите од основниот и дополнителниот курс по актуарска математика и осигурување. Обуката успешно ја завршија 10 кандидати.

На 25 август 2009 година, Собранието на Република Македонија на редовна седница едногласно ги именуваше претседателот и членовите на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување. Советот на експерти на Агенцијата ги донесе Статутот и Правилникот за организација и систематизација на работни места во Агенцијата, и истата е регистрирана во Централниот регистар на Република Македонија на 13 октомври, а со работа започна на 1 ноември 2009 година. Агенцијата за супервизија на осигурување е независен регулаторен и супервизорски орган на пазарот на осигурување во Република Македонија.

Првиот столб го претставува државниот Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија кој функционира на принципот на тековно финансирање (pay-as-you-go). Вториот столб претставува задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Третиот столб претставува доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и со ова осигурување се овозможи организирање и финансирање професионални пензиски шеми од страна на работодавачи или здруженија на граѓани за своите вработени односно членови, во согласност со Директивата на Европскиот Парламент и Совет *2003/41/EC* за активностите и надзорот на институциите што обезбедуваат професионално пензиско осигурување.

Од јануари 2009 година започна имплементацијата на третиот столб со лиценцирање за управување со доброволен пензиски фонд и двете постојни друштва за управување со задолжителни пензиски фондови аплицираа и добија дозволи за пререгистрација и одобренија за управување со доброволен пензиски фонд. Со тоа, пазарот на капитално финансирано пензиско осигурување во моментов го сочинуваат 2 друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови кои управуваат со по еден задолжителен и по еден доброволен пензиски фонд.

Пензиските друштва имаат можност средствата од задолжителните пензиски фондови да ги инвестираат најмногу до 30% во странски хартии од вредност, меѓутоа тие во моментов инвестираат само 2% (согласно нивната инвестициона политика).

Во мај 2009 година се формира Прекршочната комисија во МАПАС и во октомври нејзините членови поминаа обука организирана од Академијата за обука на судии и обвинители. Исто така, во октомври-ноември 2009 година функцијата чувар на имот на пензиските фондови од Народната банка на Република Македонија е пренесена на деловните банки, што значи и операционализација на системското решение.

**ПРАВНА РАМКА**

Основна законска рамка која ги регулира условите и начинот на вршење работи на осигурување и реосигурување, спроведување супервизија врз работењето на друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва, начинот и условите на вршење работи на посредување во осигурувањето претставува Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на РМ" бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 79/07, 08/08 и 88/08), Законот за задолжително осигурување во сообраќајот ("Службен весник на РМ" бр. 88/05, 70/06 и 81/08),

Пензискиот систем во Република Македонија е уреден со Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Службен весник на РМ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 50/01, 85/03, 50/04, 4/05, 101/05, 70/06, 153/07, 88/08, 152/08, 161/08 и 81/09), Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (Службен весник на РМ бр.29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/2009 и 81/2009 ). Со Законот за пензиското и инвалидското осигурување уредена е структурата на тростолбниот пензиски систем, како и организирањето и функционирањето на првиот столб на пензискиот систем.

Со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување(Службен весник на РМ бр.7/08) подзаконски акти кои ја доразработуваат соодветната област се уредува основањето и работењето на друштвата за управување со доброволни пензиски фондови и друштвата за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови членувањето во доброволните пензиски фондови, известувањето, надоместоците, инвестирањето и проценката на

средствата на доброволните пензиски фондови, чувањето на средствата на доброволните пензиски фондови, професионалните шеми, како и други теми значајни за доброволното капитално финансирано пензиско осигурување (трет столб).

Изготвени се околу 50-тина подзаконски акти поврзани со функционирањето на вториот и на третиот столб.

**<u>ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА</u>**

Во системот на осигурување надлежна институција за изготвување на законските акти е Министерството за финансии, додека Агенцијата за супервизија на осигурување е надлежна за донесување на подзаконските акти, како и за спроведување на супервизија. Целта на основањето на Агенцијата за супервизија на осигурување е соодветна заштита на интересите на осигурениците.

Агенцијата за супервизија на осигурување го уредува своето работење со интерен акт за организација и систематизација на работни места.

Во пензискиот систем надлежни институции за донесување на закони и подзаконски акти се Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Македонија и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС). Министерството за труд и социјална политика е креатор на пензиската политика, Фондот на ПИОМ врши спроведување на пензиското и инвалидското осигурување за првиот столб и распределба на придонесите меѓу првиот и вториот столб, додека МАПАС го регулира и супевизира капитално финансираното пензиско осигурување. Целта на основање на МАПАС е заштита на интересите на членовите на пензиските фондови.

Во МАПАС има промени во внатрешната организација и во систематизацијата на работните места и во ноември 2009 година има 5 нови вработени.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во областа на осигурувањето, предвидено е до крајот на 2010 година Агенцијата за супервизија на осигурување да ги донесе сите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување со кои се регулираат одделни аспекти од управувањето со ризици кај друштвата за осигурување, финансиското известување и сметководството кај друштвата за осигурување, постапките на добивање на дозволи и согласности како и подзаконските акти со кои се регулира работата на Агенцијата.

*Во првата половина од 2010 година треба да се донесе Закон за измена на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување во кој, меѓу другото, ќе има основа за буџетска независност на МАПАС. МАПАС ќе продолжи со донесување на подзаконски акти од Законот задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.*

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со основањето на Агенцијата за супервизија на осигурување, еден од нејзините приоритети ќе бидат активностите кои се однесуваат на организационо, кадровско и техничко воспоставување.

Согласно со Правилникот за организација и систематизација на работни места на Агенцијата се планира до крајот на 2010 година да се зголеми бројот со нови вработувања.

Со оглед на фактот што Агенцијата за супервизија на осигурување ги презема вработените од Одделението за супервизија на осигурување и Одделението за систем на осигурување, се планира во Секторот за финансиски систем во Министерството за финансии да се вработат неколку лица кои ќе работат на прашања од областа на системот на осигурување.

Со цел ефикасно спроведување на надлежностите на МАПАС се предвидува постепено зголемување на бројот за вработените лица, а за 2010 година се предвидува да изнесува 23 вработени.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

На среден рок е предвидено понатамошно усогласување на домашната законската рамка со правните акти на ЕУ кои се однесуваат на осигурителни групи, финансиски конгломерати, известување на консолидирана основа, поголема заштита

на потрошувачите (осигурениците), целосна имплементација на меѓународните осигурителни супервизорски стандарди (IAIS) на кои се темели концептот на Солвентност 2 за супервизија базирана на ризици преку донесување на Закон за осигурувањето. Во првата половина на 2011 година ќе се усвои Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување во кој ќе биде транспонирана новата Регулатива 32004R0883. Со овој закон ќе се регулираат видовите на исплати на пензии од капиталното финансирано пензиско осигурување (ануитети, програмирани повлекувања, еднократни повлекувања), институциите за исплата на пензиите, начинот на пресметка на пензија од капиталното финансирано пензиско осигурување, и други прашања. За подготовка на дизајнот и структурата на овој Закон од декември 2009 година се користи експертска помош од меѓународен консултатнт преку СПИЛ проектот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во согласност со предвидените приоритети за измена на регулативата, ќе се димензионираат и соодветните приоритети за институционално подобрување на работењето на супервизорските органи.

На среден рок Агенцијата за супервизија на осигурување планира да врши редовни обуки на вработените кои ќе бидат реализирани од сопствени средства но и од добиена помош во форма на консултантски услуги.

За таа цел, во тек се активности на договарање и изработка на барање за ангажирање на консултанти (Terms of Reference) за три проекти кои ќе бидат финансирани од ИПА фондовите и од склучување на лесен твининг проект. На среден рок во рамките на развојот на институционалните капацитет на МАПАС се предвидува надградба на професионалните вештини на вработените со соодветни обуки и посети на семинари. Во рамките на помошта од ИПА фондовите и проектното фише на МАПАС за 2011-2012 година предвидена е техничка помош која има цел градење на капацитетот на МАПАС како и подобрен организациски менаџмент кој вклучува стратешко и деловно планирање, деловни процеси, управување со знаењето/истражувањето и развој на ИТ, со воведување на супервизија која се базира на контрола на ризик, со што во целина ќе се придонесе кон хармонизација на супервизијата со практиките на ЕУ.

### 3.9.3 ИНФРАСТРУКТУРА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на првата половина од 2010 година предвидено е да се донесе Закон за изменување и дополнување на Закон за вршење на услуги брз трансфер на пари. Со Законот се предвидува намалување од 100.000 на 20.000 евра на средствата кои друштвата вршители на брз трансфер на пари треба да ги имаат на располагање како основа за вршење на услугата брз трансфер на пари. Покрај ова, со Законот се предвидува глобалниот систем за електронски трансфер на пари да е присутен во минимум 20 земји, а не во 100 како што досега е утврдено со постојниот закон.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Како среднорочни приоритети се определува изготвување на План и анализа за усогласување на домашното законодавство со Директивата 32007L0064 за системи на плаќање во внатрешниот пазар на ЕУ и Директивата 98/26/ЕЦ за конечност на порамнувања во платните системи и системите за порамнување со хартии од вредност.

### 3.9.4 ПАЗАРИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ИНВЕСТИЦИСКИ УСЛУГИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

На пазарот на капитал во Република Македонија се регистрирани вкупно 26 овластени учесници кои вршат работи со хартии од вредност, од кои 19 брокерски куќи и 7 банки. Заклучно со 31.10.2009 година на Македонската берза котира 36 компании. Во моментот на пазарот на капитал во Република Македонија функционираат пет друштва за управување со инвестициски фондови, кои управуваат со осум отворени инвестициски фондови. Исто така, Комисијата за хартии од вредност има регистрирано и 14 приватни инвестициски фондови управувани од страна на девет друштва за управување со приватни инвестициски фондови.

**ПРАВНА РАМКА**

Во јануари 2009 година, новиот Закон за инвестициски фондови е усвоен од страна на Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр.12/09). Законот за инвестициски фондови во голема мера е усогласен со директивите на ЕУ со кои се регулира работењето на друштвата за колективно инвестирање, и тоа Директивата 31985L0611 за Друштва за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност, Директивата 32001L0107 која го регулира работењето на менаџмент компаниите и поедноставениот проспект и Директивата 32001L0108 со која се изменува и дополнува Директивата 31985L0611, а која се однесува на инвестициите на друштвата за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност.

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија започна со реализација на законската обврска, т.е. подготвување на подзаконските акти кои произлегуваат од новиот Закон за инвестициски услуги и во изминатиов период беа донесени вкупно 7 правилници.

Во рамките на едукативната функција, Комисијата за хартии од вредност во ноември 2009 година го промовираше Прирачникот за издавање на хартиите од вредност. Прирачникот е изготвен со цел да им помогне на издавачите на хартии од вредност полесно да го разберат целиот процес на издавање хартии од вредност, од донесување одлука до обезбедување на потребното одобрение од Комисијата за хартии од вредност.

Имајќи ги предвид определбите за одржување на ефикасен секундарен пазар на капитал во Република Македонија и потребата за воведување на нови технологии во работењето на домашниот пазар со хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност иницираше менување и подобрување на системот за тргување на Македонската Берза преку воведување на нова софтверска верзија, FIX PROTOCOL која содржи повеќе технолошки и функционални новини. Воедно Комисијата за хартии од вредност даде согласност за тргување на берзата. Особено е важно што новата софтверска верзија на системот за тргување содржи имплементиран FIX PROTOCOL, кој што преставува стандардизиран протокол за размена на пакети на информации кој се користи во се поголем број на финансиски институции и овозможува полесно поврзување со други финансиски информациони системи.

При функционирањето на електронскиот систем на тргување, овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност ќе биде целосно одговорен за функционирањето на системот, неговата безбедност, одржување, чување на информациите и доверливоста на податоците (договори, налози, суми и сл.).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерството за финансии на Република Македонија, односно Одделението за пазар на капитал во состав на Секторот за финансиски систем е надлежно за подготовката на законската регулатива која се однесува на пазарот на капитал и за хармонизација на македонското законодавство со законодавството на Европската унија. Во Одделението за пазар на капител во моментов се вработени две лица во редовен работен однос.

Во рамките на Комисијата за хартии од вредност постојат 4 Сектори кои се грижат за законито и ефикасно функционирање на пазарот на капитал со вкупно 19 вработени, вклучувајќи го и Претседателот на Комисијата.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во првата половина од 2010 година ќе биде донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност. Измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност се во насока на натамошно усогласување на досегашната законска регулатива во областа на хартиите од вредност со Директивите на Европската унија, како и потребата за исполнување на дел од препораките доставени до Република Македонија од страна на Европската Комисија, а кои произлегоа од Оценската мисија на финансискиот сектор во Република Македонија која Европската Комисијата ја реализира во текот на 2007 година.

Со оваа измена на Законот за хартии од вредност се предвидува да се уреди стекнувањето на квалификувано учество во брокерска куќа, берза за хартии од вредност и депозитар за хартии од вредност, согласно кој лицето кое има намера да се стекне со квалификувано учество над 10%, 20%, 30% и 50% од вкупно издадените акции со право на глас, за што е потребно претходно да добие согласност за стекнување на квалификувано учество од Комисијата за хартии од вредност. Исто така со измената ќе се воспостави и правна рамка за формирање на Фонд за обештетување на инвеститори во хартии од вредност во насока на усогласување со Директивта 97/9/ЕК за компензациска шема за инвеститори, како и за основање на Гарантен фонд кој ќе се користи во случај да настане неможност за порамнување на договорени трансакции со хартии од вредност.

До крајот на првиот квартал од 2010 година, Комисијата за хартии од вредност планира да донесе уште 10 правилници кои произлегуваат од Законот за инвестициски фондови .

За зајакнување на својот ИТ капацитет, Комисијата за хартии од вредност предвидува подобрување на квалитетот на супервизијата со воведувањето на современиот пристап на контрола базиран врз ризикот (risk-based approach).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2010 година, Министерството за финансии односно Одделението за пазар на капитал кое функционира во рамките на Секторот за финансиски систем ќе се зајакне со предвидените вработувања..

Во текот на 2010 година Комисијата за хартии од вредност треба да биде целосно професионализирана поради што ќе бидат вработени 4 комисионери во редовен работен однос. .

Заради зајакнување на капацитетите на Комисијата за хартии од вредност, предвидено е понатамошно вработување на нови лица согласно интерните акти на Комисијата.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во среднорочните приоритети предвиден е континуиран процес на хармонизација на регулативата од областа на пазарот на капитал со регулативата на европското законодавство и принципите на IOSCO.

## 3.10 **ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ**

### 3.10.1 **ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ**

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**А ) ПРАВНА РАМКА**

*Стратешки документи:*

- Национална стратегија за развој во областа на електронските комуникации со информатички технологии .
- Национална стратегија за развој на следна генерација на широкопојасен интернет.

*Основен закон:*

Закон за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија " бр .13/05, 14/2007, 55/2007 и 98/2008). Во законот целосно е имплементиран пакетот на директиви од 2002 год на ЕУ од областа на електронските комуникации.

Во Република Македонија донесена е примарната и секундарната легислатива согласно acquis која го обезбедува воспоставувањето на Единствениот европски број за итни повици Е-112.

Б ) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Институции кои имаат директна надлежност врз развојот на електронските комуникации во Република Македонија се Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за електронски комуникации.

Институции кои индиректно имаат надлежност врз развој на електронските комуникации се Министерството за информатичко општество, Министерство за економија, Министерство за финансии, Комисија за заштита на конкуренцијата, Дирекција за заштита на лични податоци, Институт за стандардизација.

КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

А) ПРАВНА РАМКА

ПРИМАРНА ЛЕГИСЛАТИВА

(надлежност на Министерството за транспорт и врски)

1. Измени на Законот за електронски комуникации

Измени на Законот за електронски комуникации покрај другото се потребни за иплементација на Директивата 2006/24/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот за задржување на податоци што се создадени или обработени во врска со обезбедувањето јавно достапни електронски комуникациски услуги или јавни комуникациски мрежи и за изменување на Директивата 2002/58/ЕЗ.

СЕКУНДАРНА ЛЕГИСЛАТИВА

(надлежност на Агенцијата за електронски комуникации)

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации во 2010 година се предвидуваат следните активности поврзани со донесување на акти кои произлегуваат од примарната легислатива:

- Ревидирање на Планот за намена на радиофреквенциските опсези и Планот за доделување и користење на радиофреквенции;
- Ревизија на Правилникот за начинот на пресметка на надоместокот за користење на радиофреквенции;
- Ревизија на Правилникот за формата и содржината на барањето за издавање на одобрение за користење на радиофреквенции;
- Ревизија на Правилникот за користење на радиофреквенции без одобрение за користење на радиофреквенции;
- Ревизија на Правилникот за употреба на терминална опрема;
- Ревизија на правилниците со кои се регулира обезбедувањето на универзална услуга;
- Ревизија на правилник со кој се регулира интерконекцијата,
- Ревизија на правилник со кој се регулира разврзаниот пристап на локална јамка
- Ревизија на правилник со кој се регулира битстрим пристапот, особено од аспект на цените, роковите за имплементација на услугите и нивото квалитет на испорачана услуга;
- Ревизија на Правилникот за видот и содржината на податоците кои операторите на јавни комуникациски мрежи и/или давателите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават во врска со општите услови за пристап и користење, цените и тарифите и параметрите за квалитет на јавните комуникациски услуги;

- Ревизија на Правилникот за пристап и користење на специфични мрежни средства во насока на негово усогласување со новата регулатива за пристап до новата генерација мрежи (NGN);
- Ревизија на Одлуката за утврдување на релевантни пазари;
- Ревизија на Правилникот за водење на посебно сметководство за активностите поврзани со интерконекција и/или пристап;
- Изработка на Упатство за опис на пресметковен систем на трошоци за оператори со значителна пазарна моќ на пазартите за јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги.

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации за имплементација на секундарната легислатива во 2010 година се предвидуваат следните активности:

- Регулирање на малопродажните цени на услугите понудени од Македонски Телеком АД Скопје, како оператор со значителна пазарна моќ на пазарите за фиксни говорни телефонски мрежи и услуги и изнајмени линии и пропишување на еден од начините на регулирање на малопроджните цени утврдени во член 49 од Законот за електронските комуникации
- Анализа на цените во одобрените референтни понуди за интерконекција на Македонски телеком АД Скопе, Т-Мобиле АД Скопје и Космофон АД Скопје, како и анализа на цените во одобрената референтна понуда за разврзан пристап на локална јамка на Македонски телеком АД Скопје.
- Организирање на јавни расправи по спроведените анализи на релевантните пазари број. 7, број. 11, број. 12, број, 13, број.14 и број. 16, определување на оператор со значителна пазарна моќ на овие пазари и наметнување на обврски согласно резултатите ос извршените анализи
- Анализа на релевантните пазари за продажба на големо број 8, број 9, број 10, број 15 и број 17;
- Определување на давател/даватели на универзална услуга;
- Објавување на веб страната на Агенцијата податоци и нформации за цените и општите услови за пристап и користење на јавните комуникациски услуги што ги обезбедуваат нотифицираните оператори и/или даватели на услуги, со цел да им се овоможи на корисниците да направат слободен избор на комуникациските услуги;
- Активирање на контакт центар во Агенцијата;
- Активирање на нова беб страна на Агенцијата со нови функционалности што ќе бидат во полза на сите заинтересирани страни;
- Одобрување на стандардните претплатнички договори;
- Проверка на точноста на пресметковниот систем на трошоци на оператори со значителна пазарна моќ преку овластен ревизор.

Центар за управување со кризи:
Со цел имплементација на системот за итни повици Е-112 Центарот за управување со кризи ќе спроведе постапка за јавна набавка на мебел и градежна реконструкција на објекти, потребен хардвер и сфтвер, како и за надзор врз самата имплементација на системот.

**Б) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерство за транспорт и врски
- кадровско зајакнување на Секторот за комуникации .
- засилена стручна обука на постоечкиот кадар, зголемено учество на конференции и расправи, како и учество во работните тела на ЕУ и ИТУ.
- набавка на софтвер, опрема и стручна литература.
- висок степен на користење на web базирана интерактивна платформа на Секторот за комуникации за обезбедување на транспарентност и недискриминација при работата.
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни институции.
- зголемена соработка со невладиниот, приватниот и академскиот сектор.
- зајакнување на капацитетите за идното користење на средства од ИПА фондови.

Агенција за електронски комуникации

За целосна ефикасна и ефективна имплементација на Законот за електронски комуникации како и за имплементација на мерките кои произлегуваат од секундарната легислатива во 2010 година, потребно е:

- Стручна обука на постоечкиот кадар.
- Користење на техничка помош на надворешни консултанти како и на инструментот TAIEX на ЕУ.

- Изградба/купување на работни простории за потребите на вработените на АЕК
- Набавка на специјализиран софтвер, опрема и стручна литература
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни регулаторни тела и државни институции како и институции на локалната самоуправа
- Активно партиципирање во меѓународните организации и тела од областа на електронските комуникации.
- Зајакнување на капацитетите на АЕК за идно користење на средства од ИПА фондови.
- Активно учество при изработката и имплементацијата на примарна та легислатива и стратегиите од областа на информатичкото општество и медиуми.
- Постојано пратење на усогласеноста на националната легислатива со аљуис на ЕУ
- Водење на регистар на електронски комуникациски мрежи и придружни средства (надземни и подземни).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
ПРИМАРНА ЛЕГИСЛАТИВА
(надлежност на Министерството за транспорт и врски)

Анализа на новиот пакет директиви кои се однесуваат на електронските комуникации на Европската Унија.

**Имплементација на легислативата**
Центар за управување со кризи:
Со цел имплементација на системот за итни повици Е-112 Центарот за управување со кризи ќе започне процес на исталација на хрдвер и сфтвер, обука на човечки рсурси, надзор врз имплементацијата на системот, како и јавна кампања за промовирање на ситемот Е-112 во Република Македонија.

Агенцијата за електронски комуникации
Утврдување на потреба од воведување на регулација на услугите и цените за повици кон PRS (Premium Rate Service броеви и сини/зелени броеви ;

3.10.2 **УСЛУГИ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО**
ТЕКОВНА СОСТОЈБА
**А ) ПРАВНА РАМКА**
*Стратешки документи:*
- Национална Стратегија за развој на Информатичко Општество и Акционен План .
- Национална стратегија за развој во областа на електронските комуникации со информатички технологии .
- Национална стратегија за развој на следна генерација на широкопојасен интернет.

*Основни закони за развој на услуги на информатичко општество:*
- Закон за електронско управување („Службен весник на Република Македонија “ бр .115/09)
- Закон за основање на македонска акдемска истражувачка мрежа (МАРнет)
- Закон за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија “ бр .13/05, 14/2007 и 55/2007)
- Закон за електронска трговија („Службен весник на Република Македонија “ бр 133/07 )
- Закон за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап (Службен весник на РМ Бр. 127/2008)
- Закон за податоци во електронски облик и електронски потпис (Службен весник на РМ бр . 34/2001 и бр . 06/2002)
- Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија “ бр.12/94, 4/02 и 07/05)
- Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на РМ" бр.47/96, 3/98, 98/02, 4/05, 23/05,131/07)
- Во Кривичниот закон на Република Македонија се предвидени одредби со кој се регулира компјутерскиот криминал.

Б ) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА
- Министерството за информатичко општество е основна надлежна институција за развој на услугите на информатичко општество.
- Националниот совет за информатичко општество е тело за координација и обезбедување учество на сите чинители во развојот на информатичкото општество преку поддршка на работата на министерот за информатичко општество.

КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ
**А ) ПРАВНА РАМКА**
*Стратегии и политики за развој на информатичкото општество:*
- Усвојување на Национална стратегија за е-Влада;

- Креирање на стратешки документ за е-Инклузија;
- Усвојување на насоки за воведување на Internet Exchange во Република Македонија;
- Усвојување на локални ИКТ стратегии од страна на локалните самоуправи.

Мерки од легислативен карактер за развој на информатичкото општество:
- Донесување пакет законски и организациски измени за овозможување на е-работа (e-Work)
- Донесување пакет законски и организациски измени за овозможување на учење на далечина (e-Learning).

Б) ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО
- Развој на е-Влада услуги преку дефинирање на стандарди и архитектура за е-Владини апликации и проекти со цел за унапредување на е-Владините услуги за граѓаните;
- Активности за подигање на довербата и користењето на услугите на информатичко општество (e-security; e-commerce; e-confidence);
- Електронско плаќање на услугите кои ги даваат владините институции преку надградба на електронскиот сервис www.uslugi.gov.mk со модул кој овозможува електронско плаќање (преку интернет и телефон) на услуги од Владата и државните институции кои побаруваат одредена наплата на такса, како и електонско извршување барањата за услуги;
- Во рамките на проектот „Светот на дланка", отворени се 15 бесплатни клубови во 15 градови низ државата, а во план е отворање и на нови петнаесет интернет клубови;
- Поддршка на примената на електронските документи и потписи во домашната и прекуграничната трговија како и во комуникацијата со државните институции;
- Изготвување на акционен план за воведување на IPv6 интернет протоколот;
- Изготвување на водич за е-Пристапност и е-Инклузија;

- Поставување LAN-мрежи и бесплатен Интернет-пристап во студентските домови преку поставување на комуникациска инфраструктура до секоја соба во студентските домови и опремување на една просторија со компјутери и бесплатен Интернет-пристап во ученичките домови;
- Проект за развој на е-Демократија преку креирање на web портал за учество на граѓаните при градењето на информатичкото општество
- Стимулација за користење и развој на електронската трговија преку различни мерки како: објава на конкурс за најдобар е-бизнис план каде Владата ќе субвенционира одредени средства за најдобрите 5 идеи.
- Имплементација на интегриран е-Владин систем за управување со документи кој ќе ги вклучи сите релевантни институции и ќе и овозможи на Владата да ги автоматизира работните процеси и да овозможи следење на текот на документацијата во процесот на нејзино донесување и одобрување.
- Анализа за начинот и можноста за воведување на систем на сертификати за успешно воведени и користени системи за безбедност на информации и ИКТ системи за организациите.
- Анализа за начинот и можноста за воведување на систем на редовно следење на информациските закани и напади во сите општествени сегменти;

В) МЕРКИ ОД ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАРАКТЕР
Министерство за информатичко општетсво
- Засилена стручна обука за ИКТ на постоечкиот кадар, зголемено учество на најразлични семинари, курсеви, конференции во земјата и странство.
- Вработување на нови кадри во Министерството за информатичко општество.
- Набавка на специјализиран софтвер, опрема и стручна литература.
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни институции.
- Зголемена соработка со невладиниот, приватниот и академскиот сектор.
- Користење на техничка помош на инструментот TAIEX на ЕУ.
- Зајакнување на капацитетите за идното користење на средства од ИПА фондови.
- Активно партиципирање во меѓународните организации и тела од областа на информатичкото општество.
- Државните институции надлежни за развој на информатичко општество и медиуми активно ќе партиципираат во меѓународните алијанси за „борба со информациските закани".

<u>МАРнет</u>
- Основање на македонска академска истражувачка мрежа согласно Законот за основање на македоснката академска истражувачка мрежа МАРнет.

**<u>СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ</u>**

**А ) ПРАВНА РАМКА**

*Стратегии и политики за развој на информатичкото општество:*

- Креирање на стратешки документ за е-Здравство;
- Усвојување локални ИКТ стратегии од локалните самоуправи;
- Креирање политики за развој на е-Образование .

Мерки од легислативен карактер за развој на информатичкото општество:

- Анализа за потребата од промена на законодавството во насока на продбрување на информациската безбедност во ИКТ (e-security).

Б) ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО

- Компјутер за секое дете со кој ќе се обезбеди компјутер за секој ученик во училницата. Опремата е набавена и во тек е нејзина инсталација. Во тек е и обука на наставниот кадар. Проектот се темели на Националната програма за развој на образованието (2005-2015 година).
- Анализа за начин и можност за имплементација на систем за издавање на дигитални сертификати на државната администрација
- Проект за меѓусебно поврзување и користење на регистрите и базите на податоци меѓу државни органи и институциите. Со овој проект, ќе се елиминира потребата за креирање на двојни бази на податоци и ќе им се овозможи на институциите безбедно и ефикасно да разменуваат податоци.
- Воспоставување координиран систем на давање јавни услуги и за менаџирање на односите со граѓаните (Citizens Relationship Management)
- Бесплатни безжични пристапни точки за интренет (wireless hotspots) во руралните средини
- Воспоставување систем на електронска здравствена картичка со кој ќе се овозможи дигитализација на медицинските досиеја и унификација на системите со кое се поедноставува процесот на работа со историјата на болести за секој пациент. Оваа картичка ќе биде компатибилна со Европската EHIC здравствена картичка.
- Проект за дигитализација на катастарот со употреба на ГИС софтвер. Проектот се реализира во Државниот завод за геодетски работи.
- Развој на Земјоделски информативен систем кој ќе вклучува Националниот систем за идентификација на животни и Регистар на лозови насади.

В) МЕРКИ ОД ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАРАКТЕР

- Кампања за подигање на јавната свест за ефикасно и ефективно користење на ИКТ опремата и услугите на информатичко општество од аспект на операторите и датацентрите.
- Обука на ИКТ кадрите во државната администрација
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни институции.

### 3.10.3 **АУДИО ВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА**

**РАДИОДИФУЗИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**А) ПРАВНА РАМКА**

*Стратешки документи*

Стратегија за развој на радиодифузната дејност усвоена од страна на Советот за радиодифузија во 2007 година.

*Основен закон*

Закон за радиодифузната дејност усвоен во ноември 2005 година (Службен весник на РМ бр.100/05, 19/2007,103/08 и ?/2009).

*Други закони што содржат одредби поврзани со радиодифузната дејност*

1. Закон за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија (Службен весник на РМ бр. 6/98, 48/2009);
2. Закон за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 13/05, 14/07 и 55/2007);
3. Закон за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап (Службен весник на РМ Бр. 127/2008)
4. Закон за авторското право и сродните права (Службен весник на РМ бр.47/96, 3/98, 98/02, 4/05, 23/05 и 131/07);
5. Закон за Државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија “ бр 24/07и .81/07).
6. Закон за ратификација на Европската конвенција за прекугранична телевизија и Протоколот за измена на Европската конвенција за прекугранична телевизија (Службен весник на РМ бр.18/2003);

**Б) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерството за транспорт и врски е надлежен државен орган за креирање и реализирање на политиката поврзана со електронските комуникации, информатичкото општество и радиодифузијата.

Советот за радиодифузија согласно Законот за радиодифузната дејност е надлежен за надзор над спроведувањето на законот во поглед на почитувањето на програмските принципи, програмските барања и ограничувања, како и условите во дозволата за радиодифузна дејност.

Надзор над исполнувањето на условите за работа содржани во одобрението за користење на радиофреквенции, изградбата, одржувањето и употребата на мрежите и средствата за емитување и за пренос на програмите вршат Агенцијата за електронски комуникации и Министерството за транспорт и врски.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**А) ПРАВНА РАМКА**

**Политики за развој на аудиовизелните медиумски услуги**
- Во Министерство за транспорт и врски започнати се активности околу можноста за воведување на услуги на мобилна ТВ (mobile TV services)
- Во Министерство за транспорт и врски започнати се активности за идно воведување на DVB-T2 .

**Примарна легислатива**
Со цел подобрување на состојбите во радиодифузната дејност и понатамошно усогласување со acquis, во 2010 година се предвидува да се изврши изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност.

**Имплементација на легислативата**
Надлежност на Советот за радиодифузија
Советот планира во 2010 година да ги реализира следниве активности:
- Предлагање мерки за стабилно финансирање на Советот за радиодифузија како регулаторно тело, заради зачувување на неговата независност.
- Предлагање мерки за измени и допрецизирање на изборната легислатива во делот на политичкото рекламирање за време на изборите и учеството, однесувањето и обврските на медиумите од аспект на донациите и ценовниците.
- Предлагање мерки за регулирање на политичкото рекламирање надвор од изборна кампања.
- Предлагање мерки за допрецизирање на законската регулатива за спречување на недоволената медиумската концентрација.
- Подобрување на секундарната легислатива заради постигнување поголема избалансираност во известувањето за време на избори.

Надлежност на ЈП Македонска радиодифузија:
Во 2010 година се планира ЈП МРД да започне со изградба на нова дигитална мрежа со еден дигитален мултиплекс согласно одредбите на Законот за основање на ЈП МРД. Оваа дигитална мрежа ќе служи за дигитално емитување на програмите на јавниот сервис и Собранискиот канал.

**Б) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Совет за радиодифузија

- Советот ќе основа Сектор за авторски права, којшто ќе се грижи за целосна имплементација на законските одредби за заштита на авторските и сродните права во електронските медиуми и операторите на јавните комуникациски мрежи во делот на обезбедувањето на аудио-визуелни услуги.
- Зголемување на човечките ресурси на Секторот за истражување и долгорочен развој заради поефективно спроведување на законските одредби во делот на истражувањето на пазарот и спречувањето на недозволена медиумска концентрација.
- Зголемување на капацитетите на Секторот за меѓународна и европска соработка и односи со јавност заради поефективна имплементација на европското законодавство во сферата на електронските медиуми.
- Зголемување на централните технички капацитети за мониторинг на радиодифузерите и операторите на јавните комуникациски мрежи.

- Зголемување на капацитетите на Советот за регионален и мобилен мониторинг на операторите на јавните комуникациски мрежи и радиодифузери.
- Советот ќе продолжи да спроведува и поддржува континуирана едукација на вработените заради максимизирање на перформансите на човечките ресурси.

**<u>СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ</u>**
Усвојување и имплементација на подзаконски акти кои ќе произлезат од усогласувањето на Законот за радиодифузна дејност со новата директива за аудиовизуелни медиумски услуги (2007/65/ЕЗ (АВМУ).

**ФИЛМСКИ ФОНД**
ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**А ) ПРАВНА РАМКА**
Филмската дејност, кинотечната дејност како и областа на заштитата на авторското право и сродните права во оваа област, се уредуваат со следните акти:
- Законот за културата („Службен весник на РМ" бр.31/98;49/03;82/05;24/07);
- Законот за основање на Кинотеката на СРМ („Сужбен весник на СРМ" бр.20/74);
- Законот за задолжителен примерок („Службен весник на РМ" бр.11/94;92/08);
- Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на РМ" бр.47/96, 3/96,98/02, 4/05 и 131/07);
- Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ бр.20/04; 71/04 и 115/07);,
- Закон за ратификација на Европската Конвенција за копродукција во кинематографијата („Службен весник на РМ"бр.18/03)
- Закон за Филмскиот фонд на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр.70/06; 92/08)
- Правилникот за критериумите за финансирање на проектите од филмската продукција и елементите што треба да бидат содржани во проектите од филмската продукција што се од национален интерес („Службен весник на РМ" бр.125/07);
- Закон за аудиовизуелни добра ("Службен весник на РМ" бр. 103/2008)

Република Македонија е членка на:
- Европската Аудиовизуелна опсерваторија (European Audiovisual Observatory),
- SEECN (South East European Cinema Network) – Филмска мрежа на Југоисточна Европа чие седиште е во Солун, Р.Грција
- Eurimages
- European Film Promotion ( од 26 .05.2009 год.)

Комуникацијата со овие организации се одвива преку Филмскиот фонд на Р. Македонија.

Б ) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Институции надлежни за оваа област:
- Министерството за култура
- Кинотеката на Република Македонија
- Филмски фонд на Република Македонија

**<u>КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ</u>**
**А ) ПРАВНА РАМКА**
Ќе продолжат подготовките за учество во Програмата на Европска Унија – МЕДИА (2007 – 2013), Министерство за култура ќе создаде услови за учество во проекти за развој на производството, дистрибуција на филмски и аудиовизуелни програми, промоција на филмски дела и аудивизуелни програми.

Согласно законот, Филмскиот фонд до крајот на тековната година за наредната година донесува Годишна програма за финансирање на филмски проекти и унапредување на филмската дејност во Република Македонија, врз основа на распишан јавен конкурс ( Два конкурси во текот на 1 година во мај и октомври). Досега Филмскиот Фонд објави 5 конкурси.

Б ) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА
Кадровско екипирање на Националната установа Филмски фонд на Република Македонија - потребни се најмалку 4 вработувања во 2010 година.

**<u>СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ</u>**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Кадровско екипирање на Националната установа Филмски фонд на Република Македонија - потребни се најмалку 3 вработувања во 2011 година.

## 3.11 **ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ**

### 3.11.1 **ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Управувањето и контролата на буџетските фондови наменети за подршка на развојот на земјоделството, како и воспоставувањето на регистрите потребни за контрола, следење и оценка на активностите се регулирани со следниве правни акти:

- Закон за буџет (Службен весник на РМ бр. 64/05; 04/08)
- Закон за ревизија (Службен весник на РМ бр. 79/05) и Закон за државна ревизија (Службен весник на РМ бр. 73/04)
- Закон за инвестициски фондови (Службен весник на РМ бр. 9/2000)
- Закон за банки (Службен весник на РМ бр. 63/2000, 103/00, 37/02, 51/03 и 85/03)
- Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис (34/01)
- Закон за заштита на лични податоци (Службен весник на РМ бр. 07/05)
- Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (Службен весник на РМ бр 72/2007 и 05/09),
- Закон за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделските стопанства (Службен весник на РМ бр 110/2007) и
- Закон за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/07)
- Закон за Државниот инспекторат за земјоделство (Службен весник на РМ бр. 20/09)

Од аспект на воспоставување на информативните системи во земјоделството донесени се Правилник за форма, содржина и начин на водење на Единствен регистер на земјоделски стопанства (Службен весник на РМ бр. 62/08) и Правилник за репрезентативни пазари, вид, обем, рокови и субјекти кои ги доставуваат податоците од пазарите за земјоделско-прехрамбени производи (Службен весник на РМ бр. 79/09).

Од аспект на ФАДН, подготовени се ФАДН процедури во насока на дефинирање на географски регион/и за целата територијата на Република Македонија во врска со Стандард Аутпут пресметките, реализирани се пресметките на Стандард Аутпут коефициенти согласно ЕУ Регулативите, дефинирана е големина на примерокот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, а подготовени се и прашалникот за избор на земјоделски стопанства, прашалниците и прирачниците за прибирање структурни податоци од семејни земјоделски стопанства и правни лица, и нивното печатење.

Покрај законските акти, во јуни 2007 година е усвоена и Стратегија за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2007-2013 година, во која се дефинирани идните мерки за развој на политиката на финансирање во земјоделството, како и воспоставување на неопходните системи и институции потребни за нивна реализација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од аспект на програмирањето на директните исплати и останатите мерки наменети за развој на земјоделскиот сектор во Република Македонија надлежна институција е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со сите негови сектори и управи. Покрај тоа, министерството е надлежно за воспоставување на сите системи и регистри неопходни за реализација на мерките за подршка. Во овој контекст, следниве сектори имаат надлежност во оваа област:

- Сектор за земјоделство со сите свои одделенија,
- Сектор анализа на земјоделска политика со сите свои одделенија,
- Секторот за управување и регистрирање на земјоделско земјиште (СРУЗЗ)
- Сектор за координација на Подрачни Единици, и
- Државниот инспекторат за земјоделство со надлежност во инспекцискиот надзор над спроведување на програмите и мерките.

Почнувајќи од 2008 година, со донесувањето на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (Службен весник на РМ бр 72/2007) и Закон за изменување и дополнување на законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот разовј (Службен весник на РМ бр. 05/2009), Агенцијата, формирана како независно тело, е надлежна за имплементација на финансиската подршка, следење и контрола на средствата наменети за земјоделството, како и за администрација и контрола на исплатите во земјоделството. Кон крајот на 2009 година Агенцијата има 105 вработени, од кои 89 во делот на имплементација на ИПАРД програмата и 16 вработени кои работат исклучиво во делот на директните плаќања со поддршка од вработените во релевантните сектори во рамките на АФПЗРР. Во текот на 2009 година сите сектори кои подлежат на национална акредитација и пренос на правото на управување со средставата од инструментот за претпристапна помош беа екипирани

со неопходниот број на вработени согласно одобрената анализа на работна оптовареност, а беше набавена и соодветна техничка опрема за извршување на задачите на соодветните сектори.

Со донесувањето на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (Службен весник на РМ бр. 110/07) и новата систематизација на МЗШВ во 2007 година, меѓудругото беше формиран и Сектор за анализа на земјоделска политика (САЗП), во чија надлежност е воспостувањето и одржувањето на мрежата. Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства во рамките на САЗП ја има улогата на Агенција за врски (Liaison Agency). Покрај Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства, носители на системот се и формираниот Националниот Комитет за сметководствени податоци од земјоделски стопанства, Државниот завод за статистика, во однос на изборот на земјоделски стопанства од кои се прибираат податоците и Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, во својство на тело за прибирањето на сметководствени податоци на ниво на земјоделски стопанства. За да се овозможи континуиран и непречен проток на информации и навремено доставување на податоци за потребите на ФАДН, како и за да се дефинираат одговорностите на вклучените институции за реализација на активностите за воспоставување на ФАДН системот, потпишани се Меморандуми за соработка со Државниот завод за статистика и Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството. Покрај ова, зајакнато е и Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства (САЗП) во рамките на МЗШВ, кое во моментов има 2 вработени.

Од аспект на регистрите и системите за евиденција во земјоделството, со цел започнување со воспоставување на Системот за идентификација на земјишни парцели (ЛПИС), реализирана е авионско снимање на целата територија на Република Македонија за потребите на производство на ортофото снимки и ДТМ (дигитален теренски модел) неопходни за воспоставување на системот.

Во однос на Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС) во 2009 година продолжија активностите за надоградба на системот во насока на проширување на опфатот со групи производи и подигање на функционалноста и ефикасноста на постоечкиот систем, а подготвена е и тендерска документација за дизајн на софтверско решение за ЗПИС и негова веб употреба.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во врска со директните исплати и државната помош во земјоделството, во 2010 година предвидено е донесување на нов Закон за земјоделство и рурален развој (март 2010), како и подзаконски акти од истиот, кои покрај уредување на областите на мерките и политиките во земјоделството, руралниот развој и информативните системи, целосно ќе ги регулираат и областите на директните исплати, државната помош во земјодеството и формите на здружување во земјоделството во согласност со правната рамка на ЕУ. Според ова, новиот Закон за земјоделство и рурален развој, како системски закон, ќе биде усогласен со поголем број Регулативи од правната рамка на ЕУ, и тоа: 32009R0073, 32009R0370, 32009R0380, 32009R0639, 32009R0992, 32009R1120, 32009R1121, 32009R1122 (во однос на директните исплати); 32004R0796, 32006R1857, 32007R1535 и (2006/C 319/01) - насоки на Комисијата (во однос на државната помош во земјоделството); 32006R1974, 32005R1698, 32006R1085, 32007R0718 (рурален развој) и 32007R1182, 32007R1234, 32007R1580 и 32009R0441 (организации на производители).
Покрај ова, во овој временски период ќе се усвои и реализира Програмата за финансиска подршка во земјоделството во 2010 година, а ќе се ревидира и обнови и Стратегијата за земјоделство и рурален развој.

Во функција на подготовка на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за идно користење на средствата од Европскиот земјоделски гарантен фонд (EAGF) се планира во текот на 2010 година да се започне со развивање на вантрешни процедури за работа во согласност со Регулативата 32005R1290. Во овој контекст, врз основа на изготвени проектни задачи, ќе се изготви и техничка документација за подготовка на софтвер за поддршка на апликации.

Во периодот до март 2010 година ќе се донесат подзаконските акти согласно Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (Службен весник на РМ бр. 110/07), согласно барањата и стандардите на ЕУ (32008R0868, 32008R1242, 32008R1265, 32009R0867 и 32009R1217). Во овој контекст ќе се донесе Правилник за обемот и начинот на прибирање на сметководствените податоци, како и содржината на единствениот образец за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, а ќе бидат утврдени и типови и класи на големина на земјоделски стопанства, врз основа на Стандард Аутпут Коефициенти. Врз основа на изготвената типологија, ќе се подготви план за селекција на репрезентативни земјоделските стопанства.

Во однос на Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС), покрај тековното подобрување на апликативното решение и збогатување на базата на податоци од аспект на пазари и/или производи, во 2010 година предвидено е да се реализира национална акредитација на системот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од институционален аспект, во рамките на Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој, предвидено е зајакнување на капацитетот согласно потребите за акредитација за имплементација на ИПАРД и спроведување на националната подршка.

Предвидено е зајакнување на капацитетот на Агенцијата во текот на 2010 година со нови вработувања во делот на имплементација на ИПАРД програмата. Согласно усвоениот план за обуки, вработените (постоечки и нови) во Агенцијата подлежат на постојана едукација и обука. Покрај тоа, во текот на 2010 година утврдена е потреба од нови вработувања во делот на директните плаќања т.е. организационата едниница која ќе ги спроведува мерките кои се релевантни за EAGF како подготовка на РМ во процесот на полноправно членство во Европската унија и прилагодување кон мерките на Заедничката земјоделска политика, како и допонителни нови вработување во делот на извршување и координација на контролите на лице место.

Покрај ова, за сите нововработени лица предвидена е и набавка на опрема и канцелариски мебел, како и реализација на градежни работи во зависност од потребите, согласно Проектот за зајакнување на земјоделството и пристапување кон ЕУ, финансиран од заем на Светска банка (Project for Strengthening of Agriculture and EU Accession). Во контекст на активностите предвидени со проектот, се очекува и набавка на софтвер за реализирање на сметководствени работи, во соработка со Националниот фонд во Министерството за финансии. Во 2010 година ќе биде реализирана и набавка на возила потребни за извршување на законски определените надлежности на Агенцијата.

Од аспект на регистрите и системите за евиденција во земјоделството, предвидено е започнување на функционирање на единствениот Регистер на земјоделски стопанства во РМ врз база на соодветка ИТ инфраструктура, како и започнување на интегрирање на податоците од различните бази и регистри во МЗШВ во рамките на ЕРЗС. Во првиот квартал на 2010 година ќе се воспостави Системот за идентификација на земјишни парцели во неколку пилот општини после извршеното воздушно снимање и интерпретација на ортофото материјалите. За таа цел, предвидена е подготовка и реализација на повеќе набавки за обезбедување на услуги за обработка на податоците, набавка на неопходната опрема и софтвер и нејзино инсталирање и тестирање. Во оваа насока, покрај тековниот Проектот за зајакнување на земјоделството и пристапување кон ЕУ, финансиран од заем на Светска банка (Project for Strengthening of Agriculture and EU Accession), ќе започне со реализација и проектот во рамките на ИПА 1 Компонента (2008) преку кој ќе се обезбеди техничка помош за воспоставување на системите IACS и LPIS.

Во однос на Земјоделскиот пазарен информативен систем ќе продолжат активностите за надоградба на системот во насока на проширување на опфатот со групи производи и подигање на функционалноста и ефикасноста на постоечкиот систем преку дизајнирање на софтверско решение и негова веб употреба.

Од аспект на ФАДН  и почнувајќи од 2010 година ќе се овозможи функционирање на системот за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства во Република Македонија, кој треба реално да ја претстави состојбата со приходот, и другите финансиски индикатори за профитабилност на ниво на земјоделски стопанства.

Во однос на останатите хоризонтални активности кои влијаат на евроинтегративниот процес, предвидено е и кадровско зајакнување на Секторот за земјоделство, Секторот за ЕУ, Секторот за меѓународна соработка, Секторот за нормативно-правни работи, Секторот за ИТ, Секторот за човечки ресурси, Државниот инспекторат за земјоделство и Одделението за стратешко планирање.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој временски период предвидено е да се продолжи со подготовка и реализација на Програмата за финансиска подршка на земјоделството во 2011 и 2012 година, како и днесување на подзаконски акти врз основа на новиот Закон за земјоделство и рурален развој.

Од аспект на информативните системи во земјоделството за потребите на ФАДН ќе се изготви План за селекција на земјоделските стопанства и листа на фарми за 2011 година, а во однос на Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС) во 2012 се планира да се побара акредитација на системот од надлежниот одел на Европската комисија за земјоделство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На среден рок ќе се продолжи со зајакнување на институционалните капацитети кои имаат улога во подготовката и спроведувањето на директните исплати во земјоделството, и тоа Секторот за земјоделство, Секторот за ЕУ, Секторот за

анализа на земјоделската политика, Државниот инспекторат за земјоделство, Секторот за регистрирање и управување со земјоделско земјиште, Секторот за ИТ, Регионални/Подрачни единици на МЗШВ и Одделението за сметководствени податоци на ниво на земјоделски стопанства, Одделението за стратешко планирање, Секторот за човечки ресурси и Секторот за меѓународна соработка.

Зајакнувањето на институционалните капацитети ќе продолжи и во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Ќе се развијат процедури за директна поддршка во согласност со принципите на ЕУ, ќе се воспостави софтверска поддршка за обарботка на апликациите за директна поддршка со функционално поврзување на потребните регистри за оваа намена. Во овој контекст, техничка помош е обезбедена со реализација на Twinning проект од ИПА 1 Компонента (2009) за целите на воведување на системот на вкрстена сообразност (cross-compliance) во директните плаќања во земјоделството.

Од аспект на воспоставените регистри и евиденции, предвидено е нивно интегрирање во рамките на единствениот Регистер на земјоделски стопанства, како и интегрирање на регистрите и базите на податоци при МЗШВ со регистри и бази на податоци кои постојат во рамките на други институции во Република Македонија. Системот за евиденција на земјишни парцели ќе се прошири од пилот општините и ќе се воспострави на целата територија на РМ. Во овој временски период предвидена е и финализација и оперативност на земјоделскиот информативен систем, а Единствениот Регистер на земјоделски стопанства тековно ќе се обновува. За тие цели, во рамките на ИПА 1 Компонента (2009) во овој временски период ќе започне со реализација проектот со кој дополнително ќе се надоградат основните системи за администрација и контрола во земјоделството (IACS и LPIS).

### 3.11.2 **ЗАЕДНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка за уредување на пазарот на растенија и производи од растително потекло и животни и производи од животинско потекло, во моментов ја определува Законот за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/07) кој е делумно усогласен со законската регулатива на ЕУ. Врз основа на законот донесен е и Правилник за определување на репрезентативни пазари на земјоделски производи и видот, обемот, роковите и субјектите кои ги доставуваат податоците (Службен весник на РМ бр. 79/09) кој ги дефинира потребните информации, методологијата за нивно собирање од страна на сите чинители на пазарот, како и методологијата за внесување и обработка на податоците.
Покрај овој закон, следниве законски акти се поврзани со уредувањето на пазарот на овие производи:

- Закон за ветеринарно здравство (Службен весник на РМ бр. 113/07);
- Закон за јавно ветеринарно здравство (Службен весник на РМ бр. 114/07);
- Закон за сточарство (Службен весник на РМ бр. 7/08)
- Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (Службен весник на РМ бр 72/07 и 05/09)
- Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис (Службен весник на РМ бр. 34/01)
- Закон за заштита на лични податоци (Службен весник на РМ бр. 07/05)

Правната рамка за уредување на винскиот сектор е утврдена со Законот за виното (Службен весник на Република Македонија бр. 69/2004, 89/08). Покрај Законот за виното во примена се и 13 правилници донесени врз основа на законот кои дополнително ги уредуваат областите на енолошките средства и постапки кои се применуваат во производството на вино, методите за анализа, класификацијата на сорти на грозје за производство на вино, условите за производство на вино, формата, содржината, димензиите и другите податоци на етикетата, содржината и формата на придружниот документ и влезните и излезни регистри за производи од грозје и вино, како и географските области насадени со винова лоза за заштита на географското потекло на виното во Република Македонија, листата на заштитени имиња на вина обележани со географска ознака и правилата во врска со обележувањето на нивните производни области.

Правната рамка за уредување на пазарот на суров тутун во моментов ја определуваат Законот за тутун и тутунски производи (Службен весник на РМ бр.24/2006 и 88/2008) и Законот за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр.134/2007). Врз основа на Законот за тутун и тутунски производи донесени се и 11 подзаконски акти кои дополнително ги уредуваат областите на откуп, сместување, чување и индустриска обработка на тутун; картон за производство на тутун; пријавувањето на договореното производство на тутун; запишување во регистарот на откупувачи на тутун и начинот на водење на регистарот на откупувачи на тутун; квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун во лист; како и дозволените и забранетите адитиви во тутунските производи.

Покрај ова, во јуни 2007 е усвоена и Стратегија за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2007- 2013 година, во која се наведени насоки, мерки и активности за идниот развој на сите гореспоменати производи, како и начинот на организираност на пазарите за истите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство следниве органи и организациони единици се надлежни за подготовка на законска регулатива и спроведување на мерките од аспект на уредување на пазарите на земјоделски производи од животинско и растително потекло:

- Сектор земјоделство, Одделение за лозарство и винарство; Одделение за поледелство; Одделение за овоштарство и градинарство, Одделение за сточарство;
- Сектор за анализа на земјоделска политика; Одделение за следење на пазари на земјоделско-прехранбени производи; Одделение за анализа на земјоделска политика;
- Управа за ветеринарство; и
- Државен инспекторат за земјоделство;

Покрај Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, следниве институции/органи имаат надлежности во уредувањето и/или имплементацијата на заедничкото уредување на пазарите на земјоделски производи:

- Дирекција за храна (Министерство за здравство),
- Факултет за ветеринарна медицина - Скопје,
- Институт за сточарство - Скопје,
- ЈНУ Земјоделски институт - Скопје,
- ЈНУ Институт за тутун - Прилеп.

Од аспект на институционално зајакнување на капацитетот на органите кои се вклучени во уредување на пазарите на земјоделски производи од животинско и растително потекло, реализирано е следново:

- набавена е целокупната компјутерска опрема за воспоставување на Националниот регистар на лозови насади на целата територија на Република Македонија, вклучително и софтвер за истата,
- набавена е неопходната лабораториска опрема за референтната лабораторија при ЈНУ Земјоделски институт – Скопје, за вршење на енолошки испитувања и анализи,
- набавена е потребната компјутерска опрема за воспоставување на Земјоделскиот Пазарен Информативен Систем (ЗПИС) на ниво на државата,

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во врска со заедничкото уредување на пазарите на ***земјоделски производи од растително и животинско потекло***, веќе започнатите активности за прилагодување на законодавството, ќе бидат финализирани со донесување на Законот за квалитет на земјоделско-прехранбени производи (јуни 2010) и подзаконските акти од истиот (декември 2010) со кој ќе се уредат основните карактеристики на примарното производство, пазарните стандарди и информирањето на потрошувачите, усогласени со тековните ЕУ стандарди во рамките на различните заеднички пазарни уредувања, како и карактеристиките на зголемена вредност во земјоделството, во прв ред преку воспоставување на системи за квалитет и "ознаки за квалитет". Од тој аспект, а во однос на усогласувањето со правната рамка на ЕУ од областа на пазарните стандарди и останатите аспекти на заедничкото уредување на пазарите, законот ќе биде усогласен со следниве скоро воведени регулативи: 32007R1234, 32008R0543, 32008R0566, 32008R0589, 32008R0590, 32008R0598, 32008R0617, 32008R0936, 32008R1221, 32008R1249, 32008R1327, 32009R0079, 32009R0230, 32009R0435, 32009R0504, 32009R0509, 32009R0491, 32009R0797, 32009R0816, 32009R0771, 32009R1047 и 32009R1140.

Од аспект на ***специјализираните култури***, предвидено е изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи. Покрај тоа, во периодот до март 2010 година предвидено е донесување на Стратегија за лозарство и винарство, како и донесување на нов Закон за вино, со цел во истиот да бидат внесени измените на заедничкото уредување на пазарот на вино во рамките на ЕУ, кои беа усвоени заклучно со август 2009 година (32008R479, 32008R0555, 32008R1087, 32009R0049, 32009R0436, 32009R0606, 32009R0607 и 32009R0702).

По донесувањето на новиот Закон за вино, предвидено е да се изврши ревизија на сите досега усвоени подзаконски акти т.е. да се донесат правилници за нивно менување и дополнување или да се усвојат целосно нови правилници, а во периодот до декември 2010 година предвидено е донесување на Правилник за менување на Правилникот за утврдување на географските области насадени со винова лоза за заштита на географското потекло на виното во Република Македонија, листата на заштитени имиња на вина обележани со географска ознака и правилата во врска со обележувањето на нивните производни области, за потребите за поделба и означување на областите во Република

Македонија погодни за производство на вина со географска ознака и усвојување на правила за нивно производство во согласност со стандардите кои се на сила во ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од аспект на уредувањето на пазарите на земјоделските производи од растително и животинско потекло, предвидено е зајакнување на соодветните Одделенија во рамките на Секторот земјоделство и Секторот за анализа на земјоделска политика со нови вработувања во 2010 година. Од аспект на инспекциски надзор врз спроведувањето на мерките во рамките на уредувањата на пазарите на земјоделските производи, предвидено е зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство, со нови вработување во 2010 година. Покрај тоа, предвидена е и набавка на дополнителна компјутерска опрема и воспоставување на систем за управување со податоци во рамките на пазарниот информативен систем. Во насока на реализација на овие активности предвидена е продолжување со реализација или започнување на поголем број проекти во областа на уредувањето на пазарите: Воспоставување на заедничко уредување на пазарот на јајца и живина - G2G08/MK/8/2 (билатерална соработка со Кралството Холандија), АгБиз Програмата на USAID, поголем број на активности во рамките на Инструментот TAIEX, како и реализацијата на проектот во рамките на ИПА 1 Компонента (2008) преку кој ќе се обезбеди техничка помош за воспоставување на правна рамка и институционално зајакнување во областа на заедничкото уредување на пазарите на земјоделски производи.

Во врска со ЗУП за вино, предвидено е зајакнување на Одделението за лозарство и винарство со соодветни нови вработувања во 2010 година, како и кадровско зајакнување на Подрачните Единици на МЗШВ во кои е воспоставен Регистерот во 2010 година. Покрај ова, Државниот инспекторат за земјоделство соодветно ќе се зајкане во текот на 2010 година. За сите нововработени лица предвидена е и обука за надградба на нивниот капацитет, како и специјализација во областа на лозарството и винарството на инспекторите во рамки на Државниот инспекторат за земјоделство кои веќе се вработени. Во периодот до крајот на 2010 година предвидено е интегрирање на Националниот регистер во рамките на Единствениот регистер на земјоделски стопанства (Фарм регистер) и Системот за идентификација на земјишните парцели.

Од аспект на тутунот, предвидено е зајакнување на Одделението за поледелство, Сектор за земјоделство (СЗ) со ново вработување во 2010 година и кадровско зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство. Во овој временски период ќе се набави дополнителна компјутерска опрема во насока на целосно воспоставување на системот за управување со податоци за потребите на контрола на производството и откупот на суров тутун.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Од аспект на производите од растително и животинско потекло, како и специјализираните култури, на среднорочна основа предвидено е донесување на дополнителни подзаконски акти согласно Законот за квалитет на земјоделско-прехранбените производи, како и подзаконски акти кои ќе ја регулираат областа на уредувањето на пазарите на шеќер (2011) и останатите производи кои не се предмет на пазарно уредување (2012 година).

Покрај ова, предвидено е донесување на евентуални дополнителни подзаконски акти усогласени со промените на ЗУП на земјоделски производи во рамките на ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За уредувањето на пазарите на земјоделските производи од растително и животинско потекло, предвидено е зајакнување на соодветните Одделенија во рамките на Секторот земјоделство и Секторот анализа на земјоделска политика во 2011-2012 година. Во контекст на инспекциски надзор врз спроведувањето на мерките во рамките на уредувањата на пазарите на земјоделските производи, предвидено е и зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство, во периодот 2011-2012 година. Во врска со ЗУП за вино, предвидено е кадровско зајакнување на Одделението за лозарство и винарство во периодот 2011-2012 година, како и зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство во истиот временски период. За сите нововработени лица предвидена е и обука за надградба на капацитетот.

Од аспект на ЗУП за суров тутун, предвидено е кадровско зајакнување на Одделението за поледелство, Сектор земјоделство (СЗ) во 2011 и 2012 година и зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство.

### 3.11.3 **РУРАЛЕН РАЗВОЈ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во однос на ***претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)***, ИПАРД Програмата е усвоена со Одлука на Комисијата на 25.02.2008 година. Во текот на 2009, изготвена е втората редовна модификација на ИПАРД Програмата која е усвоена од од страна на Комитетот за рурален развој при ЕК на 23.09.2009 година. Со модификациите вклучени се

финансиските средства за ИПА Компонента V за 2011 во износ од 14 мил евра од ЕУ како и законско прилагодување на критериумите во согласност со Уредбата за критериуми за дефинирање на рурални подрачја во Република Македонија. Воедно на 03.07.2009 година донесен е националниот акт за усвојување на ИПАРД Програмата, односно Програма за користење на средства од Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД) за период 2007-2013 („Службен весник на Република Македонија" бр. 83/2009). Покрај тоа, Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во својство на ИПАРД Агенција) донесе Уредба за начинот и постапката за користење на финансиската поддршка за мерките за рурален развој финансирани од компонента V – ИПАРД од Инструментот за предпристапна помош ИПА („Службен весник на Република Македонија" бр. 112/2009) со која поблиску се дефинираа начинот на спроведување на ИПАРД Програмата.
Во смисла на процесот на акредитација на ИПАРД оперативната структура, Телото за управување со ИПАРД Програмата и ИПАРД Агенцијата изготвија финален пакет на внатрешни процедури и прирачници за работа кои беа доставени до НАО во февруари 2009 година за здобивање на национална акредитација. Во март, 2009 НАО издаде национална акредитација на ИПАРД оперативната структура и по пат на изјава за соодветност го започна процесот на пренос на правото за управување со ИПАРД фондовите од Европската Комисија односно за одобрување на системот за целосно децентрализирано управување. Првиот пакет процедури за акредитација беше презентиран во Брисел во април, 2009. Во јуни, 2009 година се достави прва финална верзија на пакетот процедури за акредитација по што ревизорите од ЕК извршија акредитациона мисија во период 07-18.09.2009 година. При мисијата не беше утврден ниту еден блокирачки фактор од висок ризик и во тек е постапката за усвојување на одлуката за пренос на правото за управување со ИПАРД на структурите од страна на Европската Комисија која се очекува да се заокружи кон крајот на 2009 година.
Во меѓувреме ИПАРД Оперативната структура се подготвува за спроведување на првиот повик за прибирање на барања од крајните корисници за користење на ИПАРД фондови закажан за декември, 2009.

***Националното финансирање*** на мерките за рурален развој се имплементира со реализација на мерките од Програмата за финансиска поддршка на рурален развој. Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2009 година се донесе на 03.01.2008 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/2009) и соодветни измени на Уредбата за спроведување на политиката за рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2009) заради воведување на нови мерки за имплементација како и за воведување на критериуми за селекција на баратели по пат на рангирање за користење на средствата за рурална инфраструктура („Службен весник на Република Македонија" бр. 122/2009). Програмата беше технички изменета заради дообјаснување на техничките постапки за нејзина имплементација („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/2009) и заради пролонгирање на рокот за нејзина имплементација („Службен весник на Република Македонија" бр. 112/2009). Во 2009 година согласно Програмата за финансиска поддршка за руралниот развој се воведоа нови мерки за финансирање на рурална инфраструктура и мерки за обука на земјоделски производители како и поддршка за инвестиции за користење на обновливи извори на енергија во рурални средини. Износот на достапни средства за реализација се зголеми за повеќе од 100% во однос на 2008 година односно во вкупен износ од 422 мил. денари (7 мил евра).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Секторот за рурален развој во рамките на МЗШВ е надлежен за реализација на кохерентна рурална развојна политика, како и за интегрирање на различните програми и иницијативи за развој на руралните подрачја во Република Македонија. Во моментов, во секторот се вработени вкупно 20 лица и дополнителни 8 времено вработени. Во текот на 2009 година изработен е план за обука на вработените во Телото за управување со ИПАРД и реализација на обуки на вработените со помош на донатори.

Од аспект на следење на ИПАРД Програмата во текот на 2009 беа одржани два состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата (на 19.05.2009 година и 05.11.2009 година). На првиот состанок беа усвоени втората модификација на ИПАРД Програмата и предлог План за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата. На вториот т.н. есенски состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата беа презентирани реализираните годишните активности за публицитет на ИПАРД програмата и прогрес во процесот на акредитација на ИПАРД структурите, а беше усвоен Годишниот План за спроведување на мерката за Техничка Помош (мерка 505) од ИПАРД Програмата како и ревизија на Годишниот план и активностите за публицитет за вклучување на активности за 2010 година.

Во текот на 2009 година одржан е еден состанок на Меѓуресорското тело за рурален развој (на 18.11.2009).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во однос на ***претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)***, предвидено е изготвување на предлог за трета модификација на ИПАРД Програмата и соодветна измена на подзаконски акти за спроведување на ИПАРД Програмата доколку е неопходно. Во 2010 година се предвидува потпишување на повеќегодишен финансискиот договор

за реализација на ИПАРД Програмата како дел од процесот на пренос на правото за управување со фондови на ЕУ (акредитација).
Како предуслов за ефикасно и ефективно управување со ИПАРД Програмата се предвидува продолжување на активности за целосно воспоставување на систем за следење и проценка на спроведување на ИПАРД Програмата кој систем е неопходно да биде целосно функционален заради изготвување на првиот Годишен извештај за имплементација на ИПАРД Програмата кој треба да биде доставен кон средина на 2011 година. Од функционирањето на овој систем исто така зависи процесот на редовно известување на прогресот во спроведување на ИПАРД Програмата како една од основните функции на Телото за управување.
Заради спроведување на Техничката мерка од ИПАРД Програмата во 2010 година се предвидуваат активности за подготовка за акредитација на оваа мерка за да завршат до крајот на 2010 година. Од овој аспект се предвидува финализација на соодветни внатрешни процедури за сроведување на мерката и од страна на Телото за управување и од страна на Агенцијата за фнансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој со поддршка на Проектот за поддршка на подготовките за ИПАРД.
Во поглед на навремено информирање на корисниците на ИПАРД фондови за можностите на ИПАРД Програмата, во 2010 година ќе продолжи реализацијата на активностите за публицитет со спроведување на кампања за минимум два Повици за прибирање на барања од крајни корисници (мај и септември). Кампањата ќе се одвива согласно Годишен план за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата 2010 изготвен врз основа на Планот за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2007-2013.
Од аспект на искористување на можноста за поголем процент на кофинансирање на инвестициите во земјоделски стопанства во планински подрачја согласно ИПАРД Програмата, се планира да се донесе список на планински подрачја во контекст на критериумите од новиот закон за земјоделство и рурален развој.
Горенаведените активности ќе бидат подржани и преку реализацијата на Проектот за поддршка на подготовките за ИПАРД (EUROPEAID/126581/SER/MK).

Од аспект на ***националното финансирање*** на мерките за рурален развој, во 2010 година предвидено е донесување на поголем број подзаконски акти кои ја регулираат областа а во согласност со донесување на новиот Закон за земјоделство и рурален развој. Имено, се планира да се донесат критериуми за утврдување на подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност, ревизија на списокот за дефинирање на рурални средини, понатаму акти за уредување на можностите за воведување на дополнителни дејности на семејно земјоделско стоанство како што се Уредба за видовите на дејности кои можат да се вршат како дополнителни дејности на семејните земјоделски стопанства и нивниот обем, Правилник за стручната оспособеност и соодветната техничка опрема за вршење на дополнителна дејност на семејно земјоделско стопанство и Правилник за форма и содржина на решението за вршење на дополнителна дејност на семејно земјоделско стопанство и начин на водење на евиденција за вршителите на дополнителни дејности. Од аспект на почитување на мултифункционалниот карактер на земјоделската дејност и обезбедување на правна рамка за реализација на политиките за земјоделство и рурален развој со почит кон заштита на животната средина ќе се донесе Кодексот на Добра земјоделска и хигиенска пракса. Покрај тоа, ќе се усвои и реализира Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година, како и изменување и дополнување на Уредбата на Владата на Република Македонија за спроведување на политиката за рурален развој соодветно на Програмата.
Во однос на подготовки за воведување на агро-еколошки мерки како мерки за земјоделска дејност корисна за унапредување на животната средина и руралните подрачја предвидено е изготвување на Агро-еколошка Програма на Република Македонија како и план за подготовка на институциите и правната рамка за имплементација на мерките и заради нивно спроведување во среднорочниот период во рамките на ИПАРД фондовите. Оваа активност ќе се спроведува со техничка помош од Проектот за поддршка на подготовките за ИПАРД (EUROPEAID/126581/SER/MK).
Заради надминување на неповолната инфраструктура за дисеминација на знаење и модерни практики за земјоделско производство како и можности за создавање на дополнителни приходи од вршење на дополнителни дејности, во текот на 2010 година се предвидува изработка на анализа на потреби од обуки на земјоделските производители согласно предизвиците на пазарот и можностите кои ги нуди политиката за рурален развој и изработка на Национална стратегија за обука на земјоделските производители. Документот треба понатаму да послужи за воведување на нова мерка во ИПАРД Програмата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Од институционален аспект, во 2010 година предвидена е измена на систематизацијата на Секторот за рурален развој заради обезбедување на работни позиции за имплементација на новите инструменти на политиката за рурален развој како и за спроведување на законската рамка за земјоделство и рурален развој, како и зајакнување на истиот со дополнителни оптимум вработувања. За сите нововработени планирана е изведба на соодветна обука и/или доусовршување, како и воспоставување на системите за следење на реализацијата и проценка на влијанието на мерките за рурален развој.

Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе продолжи да се состанува најмалку два пати годишно.

Во 2010 година ќе се започне со активностите за тековна проценка на спроведувањето на ИПАРД Програмата при што кон крајот на 2010 ќе се изготви првиот Годишен извештај за проценка на спроведувањето на ИПАРД Програмата

Покрај тоа, ќе се воспостави Управувачки Комитет за проценка на ИПАРД Програмата како дел од воспоставување на системот за следење и проценка на ИПАРД Програмата кој ќе се состанува најмалку два пати годишно. Заради превземање на координативни активности за комуникација и промоција на ИПАРД Програмата ќе се интензивираат активностите на Работната група за координација на активностите за информирање и публицитет на ИПАРД Програмата која воедно ќе ја следи подготовката на Сратегијата и планот за комуникација како и нејзиното спроведување и ќе одржува редовни квартални состаноци.

Во поглед на координација на политиката за рурален развој и мерките кои ги превземаат различни институции ќе се интензивира работата и состаноците на Меѓуресорското тело за рурален развој во 2010 година. Во почетокот на 2010 година се предвидува и изменување и допонување на Одлуката за воспоставување на Меѓуресорското тело за рурален развој и измена и дополнување на Решението за именување на членови во Меѓуресорското тело за рурален развој заради вклучување на нови комплементарни институции и нивни претставници.

Од аспект на зајакнување на ***партнерството***, во втората половина на 2010 година ќе се изготви оперативен план за воспоставување на пилот рурална мрежа во Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

За потребите за реализација на ***претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)***, ќе се реализираат предвидените годишни измени и дополнувања на програмата (2011, 2012) при што со измените предвидени за 2011 година се планира проширување на мерките од ИПАРД Програмата со нови типови на инвестиции во согласност со Повеќе-годишниот индикативен плански документ и согласно стратешките цели на Владата на Република Македонија од аспект на користење на ЕУ-фондовите преку петта ИПА компонента за период 2009-2011 донесени на единаесета затворена седница одржана на 21.10.2008 година . Во 2011 година ќе се продолжи со активностите за тековна проценка на спроведувањето на ИПАРД Програмата при што кон крајот на 2011 ќе се изготви вториот Годишен извештај за проценка на спроведувањето на ИПАРД Програмата. Кон средината на 2011 ќе се достави до Европската Комисија првиот Годишен извештај за спроведувањето на ИПАРД Програмата 2011 во кој се содржани резултатите од следење и проценка на спроведувањето на ИПАРД Програмата во првата целосна календарска година од започнување на спроведувањето.
Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе продолжи да се состанува најмалку два пати годишно во 2011 и 2012.
Комуникацијата на ИПАРД Програмата со јавноста ќе се одвива врз основа на изработка на редовни годишни планови за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата во 2011 и 2012.

Во однос на ***националното финансирање*** на руралниот развој ќе бидат усвоени Програмите за финансиска поддршка за рурален развој за 2011 и 2012 година, како и повеќе подзаконски акти од новиот Закон за земјоделство и руралниот развој. Заради создавање на основа за нов програмски циклус се предвидува ревизија на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2007-2013 во делот за рурален развој заради вклопување на новите тековни анализи за агро-еколошки мерки, рурална инфраструктура, организации на производители и обука на земјоделски производители.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На среден рок (во почетокот на 2011 и 2012) се предвидува измена на актите за организација и систематизација заради вклучување на работни процеси за спроведување на правната рамка за политика за организации на производители и спроведување на агро-еколошки мерки. Во оваа насока, во периодот од крај на 2010 и во 2011 година, ќе започне со реализација и проектот во рамките на ИПА 1 Компонента (2008) преку кој ќе се обезбеди техничка помош за воспоставување на административен и институционален капацитет за реализација на агро-еколошки мерки. Во оваа насока, ќе се продолжи со зајакнување на Секторот за рурален развој (МЗШВ) со вработување и обука на дополнителни вработени лица во 2010 година и во 2011 година.

Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе одржува редовни состаноци за целите на подобрување на програмата, најмалку два пати годишно. Управувачки Комитет за проценка на ИПАРД Програмата како дел од воспоставување на системот за следење и проценка на ИПАРД Програмата ќе се состанува најмалку два пати годишно и во среднорочниот период. Работната група за координација на активностите за информирање и публицитет на ИПАРД Програмата ќе продолжи на месечно ниво да го следи изготвувањето и спроведувањето на Годишен план за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата за 2010 и за 2011. Следствено на ова, ќе се интензивира работата и состаноците на Меѓуресорското тело за рурален развој.

### 3.11.4 **ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

„Националната Стратегија со Акционен План за органско земјоделство во Република Македонија 2008-2011" успешно се имплементира.

Донесен е нов Закон за органско земјоделско производство (Службен весник на РМ бр. 146/09), со чие донесување престана да важи Законот за органско земјоделско производство (Службен весник на РМ бр. 16/04), кој беше усогласен со Регулативата на Советот бр 2092/91. Новиот Закон за органско земјоделско производство е усогласен со Регулативата на Советот бр. 834/2007 и Регулативата на Комисијата бр. 889/2008 и стапи на сила и се применува од 01.01.2009 година.

Следејќи го примерот на земјите со добро развиено органско земјоделство, во текот на 2009 година беше изменет начинот на финансиска поддршка на органското земјоделско производство. Самостојната Програма за поттикнување и развој на органското земјоделско производство која се имплементираше до 2008 година, во 2009 година се вгради во Програмата за финансиска поддршка на земјоделството за 2009 година. Мерките на оваа Програма предвидуваат зголемување на финансиската поддршка од околу 30% за органските фармери, како и дополнителна поддршка за преработка и трговија на органски производи, вклучувајќи и покривање на 50% од трошоците за сертификација на органското производство.

Системот на контрола на органското производство во РМ е утврден врз основа на општите правила на официјални контроли на храната согласно националниот Закон за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната (Службен весник на РМ бр. 84/2007) и Законот за ветеринарно јавно здравство (Службен весник на РМ бр. 114/2007).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Севкупната надлежност за уредување на областа на органското земјоделско производство во Република Македонија ја има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) - Сектор земјоделство, Одделение за органско земјоделско производство.

Во реализацијата на мерките и активностите поврзани со органското земјоделско производство учествуваат и Државен инспекторат за земјоделство (МЗШВ), Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, Институт за акредитација на РМ, Институт за стандардизација на РМ, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Факултетите за земјоделство, ЈНУ Земјоделски Институти, Национален Сојуз на органски здруженија, Акредитирани тела за стручна контрола.

Покрај тоа, во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е воспоставен Регистар на правни лица за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство.

Во моментот, системот на контрола на органското производство во РМ е делегиран на две сертификациски тела кои се акредитирани од страна на Институтот за акредитација на РМ. Институтот за акредитација на РМ е член на ЕА (European Cooperation for Accreditation) и е во процес да стане потписник на Мултилатералниот договор (EA MLA) во областа на тестирање, сертификација и инспекција на производот. Сертификациските тела во РМ се акредитирани врз основа на оценување на воспоставеноста и имплементацијата на системот за квалитет согласно барањата на стандардот EN 45011. Врз основа на добиената акредитација од страна на Институтот за акредитација на РМ, сертификациските тела добиваат овластување од страна на МЗШВ за вршење на стручна контрола во органското производство. Контролата над работата на сертификациските тела, како и целокупниот надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за органско земјоделско производство и прописите донесени врз основа на истиот ја врши Државниот инспекторат за земјоделство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Новиот Закон за органско земјоделско производство предвидува донесување на поголем број на подзаконски акти во текот на 2010 година. Подзаконските акти ќе ја регулираат областа на производство, преработка, означување на органските производи, овластување и сертификација, системите за контрола. Во голем дел од подзаконските акти ќе бидат превземени Листите објавени во Регулативата на Комисијата бр. 889/2008 и тоа: Листа на ѓубрива и средства за подобрување на својствата на почвата, Листа на средства за заштита на растенијата, Листа состојки кои не биле произведени според принципите на органското производство, Листа на средства за чистење и дезинфекција, Листата на крмни суровини, Листата на додатоци во добиточната храна и други материи кои се користат во исхраната на животните, Листата на производи и супстанции кои се користат во процесот на производство на органски преработена храна.

Покрај ова, во овој временски период ќе се усвои и реализира Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2010 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство, Сектор земјоделство (СЗ) со ново вработување во 2010 година и на Државниот инспекторат за земјоделство, како и обуки на кадарот на институционално ниво.

Ќе се изработи и дополнување на софтверските програми во рамките на Единствениот регистар на земјоделски стопанства во насока на евидентирање на производители на органски земјоделски производи.
Во насока на зајакнување на капацитетите на министерството, предвидена е реализација на поголем број на активности во рамките на Иструментот TAIEX. Покрај тоа, во рамките на претпристапната помош на ЕУ за 2009 година, 1-ва Компонента (IPA-TAIB) предвиден е Twinning проект за реализација на активности за институционално зајакнување за спроведување на новата законска рамка за органско земјоделско производство.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во оваа времнска рамка ќе се изработи Националната Стратегија со Акционен План за органско земјоделство во Република Македонија 2012-2015.
Покрај ова, предвидено е интегрирање на правилата и постапките предвидени во Регулативата на Комисијата бр. 1235/2008 кои се однесуваат на увоз на органски производи од трети земји во националната правна рамка.
Подготовка и реализација на Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2011 и 2012 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Предвидено е дополнително зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство, Сектор земјоделство (СЗ) и на Државниот инспекторат за земјоделство во периодот 2011-2012 година, како и нивна обука.

### 3.11.5 **ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Со Законот за индустриска сопственост (Службен весник на РМ бр. 21/09) се уредува стекнувањето, остварувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост. Со законот се уредува и заштитата на географските називи со ознака на потекло и географска ознака како и користењето на заштитените географски називи. Согласно законот, заштитата на негеографските, традиционални називи се уредува со одредбите кои се однесуваат на заштитата на географските називи. Врз основа на истиот, изготвен е и Правилник за ознака на потекло на производот и географска ознака (Службен весник на РМ бр. 102/09).
За целите на усогласување на македонското законодавство со истото на ЕУ во областа на политиката на квалитет, особено во однос на утврдување на стандардите за одделни земјоделски производи и продукти од растителни и животинско потекло, како и утврдувањето и заштитата на нивното потекло и/или посебност, во 2007 година беше донесен Законот за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/07), кој ја дава основната рамка за донесување на евентуални подзаконски акти кои ќе ја регулираат политиката на квалитет на земјоделските производи.
Покрај ова, во рамките на Програмата за финансиска подршка во земјоделството за 2009 година (Службен весник на РМ" бр. 03/09) беше предвидена и се реализираше Потпрограмата – Финансиска подршка за стандарди за квалитет и безбедност на храна, во висина од 15.560.000,00 МКД.
Покрај тоа, од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во 2009 година беше изготвена приоритетна листа на земјоделски производи кои имаат потенцијал за извоз и кои би биле предмет на заштита и маркетиншка промоција на надворешните пазари.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Државниот завод за индустриска сопственост е тело во чија надлежност се работите околу стекнувањето, остварувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост, вклучително и заштитата на географскиот назив и неговото користење.
Од аспект на земјоделството, со последната измена на систематизацијата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рамките на Секторот за земјоделство е формиран нов организационен облик кој се занимава исклучиво со квалитетот и заштитата на квалитетот на земјоделските производи – Одделението за стандарди и квалитет на земјоделските производи, во кое во моментов е вработено 1 лице – раководител на одделението.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во тек на 2010 година, предвидено е донесување на Закон за квалитет на земјоделски и прехранбени производи (види дел 3.11.2). Во рамките на овој закон ќе бидат уредени и прашањата од областа на заштитата на квалитет на земјоделско-прехранбени производи од аспект на нивното потекло и/или традиционална посебност во насока на зголемена вредност во земјоделското производство, во прев ред преку воспоставување на системи за квалитет и "ознаки за квалитет" слични на истите од ЕУ – ознака за потекло, географска оознака и ознака за традиционална посебност и промотивните активности, усогласени со Регулативите 32006R0509, 32006R0510, 32006R1898, 32007R1216, 32008R0003, 32008R0501,

32008R0628, 32008R1313, како и препораките од Комуникација на ЕК до Парламентот "COM(2009) 234 final", односно документите {SEC(2009) 670}, {SEC(2009) 671}.
Во тек на 2010 година, врз основа на усвоената приоритетната листа, предвидена е изработка на елаборати и заштита на 6 земјоделски производи. Во истиот временски период, во рамките на Потпрограмата за потикнување на развојот на земјоделството повторно ќе се реализира мерка посветена на стандардите за квалитет и безбедност на храна, а и ќе се надогради листата на приоритетни производи за заштита на потекло.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во рамките на 2010 предвидено е зајакнување на Државниот завод за индустриска сопственост (види Поглавје 3.7).
Во рамките на МЗШВ, предвидено е зајакнување на Одделението за стандарди и квалитет на земјоделските производи со 1 лице во насока на следење на земјоделските производи со заштитено потекло и зајакнување на соработката со Државниот завод за индустриска сопственост.
Во оваа насока, покрај искористувањето на Инструментот TAIEX, во рамките на претпристапната помош на ЕУ за 2009 година, 1-ва Компонента (IPA-TAIB), предвидена е реализација на Twinning проект за административна соработка помеѓу МЗШВ и земја членка на ЕУ за целите на правно усогласување и институционално поставување на системите за развој и заштита на квалитет на земјоделско-прехранбените производи, како и воспоставување на евиденција на производи кои исполнуваат извесни стандарди за квалитет и/или имаат заштита на потекло и/или географски/традиционален назив.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во овој временски период предвидено е и проширување на Листата на приоритетни земјоделски производи за заштита на нивните географски називи, подготовка на елаборати и реализација на заштитата, како и подготовка на Програма за стандардите за квалитет и безбедност на храна за 2011 и 2012 година и реализација на истата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Зајакнување на капацитетот на Државниот завод за индусриска сопственост (види Поглавје 3.7). Во рамките на МЗШВ предвидено е зајакнување на Одделението за стандарди и квалитет на земјоделските производи со ново вработување во 2010 година, како и обука и надградба на тековно и нововработените лица од областа заштитата на географските називи и квалитетот на земјоделските производи.
Покрај ова, во рамките на МЗШВ предвидена е реализација на Twinning проект за административна соработка помеѓу МЗШВ и земја членка на ЕУ, за целите на правно усогласување и институционално поставување на системите за развој и заштита на квалитет на земјоделско-прехранбените производи, како и воспоставување на евиденција на производи кои исполнуваат извесни стандарди за квалитет и/или имаат заштита на потекло и/или географски/традиционален назив.

## 3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

### 3.12.1 ОПШТО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2009 година се изготви нов Предлог на Закон за безбедност на храната со чие донесување ќе бидат укинати постоечките законски решенија: Законот за ветеринарно јавно здравство ("Службен весник на Република Македонија"бр. 114/2007) и Законот за безбедноста на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната ("Службен весник на Република Македонија"бр. 54/02 и 84/07). Целта на новиот закон е јасно дефинирање на ингеренциите помеѓу органите надлежни за контрола на безбедноста на храната и постигнување на целосна усогласеност со Европскиот закон за храна и хигиенскиот пакет.

Согласно препораките на Европската Комисија – DG SANCO а заради ефикасна транспозиција на Европското законодавство, беше спроведена TAIEX експертска мисија за изготвување на Стратегија за транспозиција и имплементација на ЕУ acquis од поглавје 12. За таа цел, во втората половина на 2009 година беше спроведена TAIEX експертска мисија за изготвување на погоренаведената Стратегија.

Изготвен е Предлог-План за управување со кризи од областа на безбедноста на храната, како правно барање од Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите во контакт со храната („Службен весник на Р.М.“, бр. 54/02 и 84/07), со кој се утврдува постапувањето на сите надлежни институции во случај на кризи со храна.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Дирекцијата за храна е контакт точка за Системот за брзо предупредување за храна и добиточна храна (Rapid Alert System for Food and Feed) за Р.Македонија. Во тек на 2009 од страна на Европската Комисија номинирано е контакт лице од Дирекцијата за храна, кое има електронски пристап до информациите од DG SANCO – RASFF и апликацијата RASFF-Window, секојдневно на барање од канцеларијата на Европската Комисија во Скопје. Дирекцијата за храна преку Одделението за управување и информирање за ризик во Секторот за анализа на ризик постојано ги следи, обработува и проследува неделните известувања (нотификација за информација) од интернет страната на DG SANCO - RASFF, како и алерт-нотификациите за небезбеден прехранбен производ до Секторот за инспекциски надзор во Дирекцијата за храна и за небезбедна храна од животинско потекло и добиточна храна до Управа за ветеринарство - МЗШВ за навремено да се превземат активности за превенирање на можни опасности од небезбедна храна.

Национална контакт точка за комуникација со Европската агенција за безбедност на храна – EFSA за Република Македонија е Дирекцијата за храна. Директорот на Дирекцијата за храна е номиниран како национален координатор за работа со EFSA од страна на Владата на Република Македонија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2010 година ќе се усвои новиот Закон за безбедност на храна. Според тоа со неговото донесување ќе биде оневозможено преклопувањето на надлежностите во поглед на контрола на безбедноста на храната помеѓу различните институции од поглавје 12. Ова ќе овозможи ефикасно функционирање на системот за контрола на безбедноста на храната во согласност со барањата и страндардите на Европската Унија. Во новиот закон ќе бидат уредени следните клучни елементи: утврдување на органите надлежни за безбедност на храна и добиточна храна, јасно утврдени надлежности, процедури засновани на ризик, ставање во промет, одобрување/регистрација на оператори со храна и добиточна храна, увоз/извоз на храна и добиточна храна, следливост, принципи на претпазливост, брзо известување, менаџирање со кризи и мерки при итни случаи, и трошоците и надоместоците за активностите уредени со законот.

Во 2010 ќе се усвои Стратегијата за транспозиција и имплементација на европското законодавство опфатено со Поглавје 12 (Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика) од страна на Владата на РМ, во која ќе биде утврдена и динамиката на транспозиција на европското законодавство во националното законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со усвојување на новиот Закон за безбедност на храна во текот на 2010 година предвидвидено е утврдување на органите кои ќе бидат надлежни за контрола на безбедноста на храна, како и прецизирање на нивните надлежности.

Во 2010 година ќе се усвои Национална стратегија за имплементација на НАССР за периодот 2009 – 2014 година, која е доставена до Владата на РМ. Основна цел на Стратегијата за имплементација на НАССР е подготовка на Акционен план со кој ќе бидат утврдени реални временски рокови за негово имплементирање. Крајна цел е операторите со храна да ги воспостават соодветните системи за безбедност на храна – инфраструктура, опрема, ДПП, ДХП и НАССР.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно новодонесениот Закон ќе се изработи Повеќегодишен контролен план за споведуведување на службени контроли, согласно Регулативата 882/2004, што е предвидена како активност во ИПА 2008.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На среден рок ќе биде постигнато усогласување на работата на надлежните тела за безбедност на храната со одредбите на новиот Закон за храна и воспоставување на структурните и организациони промени кои ќе произлезат од Законот за храна.

Воспоставувањето на процедурите за намалена фреквенција на контроли согласно целосна проценка на ризикот исто така е планирана како приоритетна активност.

Со ИПА 2009 планирани се бројни активности: подготовка на официјални процедури за соработка помеѓу надлежните органи за безбедност на храна, изработка на оддржлив бизнис план и поделба на одговорностите на надлежните органи, подобрување на капацитетот на персоналот на надлежните органи, анализа на ризик, комуникација и управување со ризик.

Со Проектот ИПА 2010 се предвидува набавка на хардвер за системот, поврзување на сите три надлежни институции за безбедност на храна во еден систем.

3.12.2 **ВЕТЕРИНАРНА ПОЛИТКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Усогласувањето на националното законодавство со релевантното законодавство на ЕУ во рамките на ветеринарната политика продолжи и во текот на 2009 година преку донесување на повеќе подзаконски акти.

Попрецизно, врз основа на ***Законот за ветеринарно здравство*** ("Службен весник на Република Македонија" 113/07), усвоени се повеќе подзаконски акти од различни области и тоа:

**А. Од областа на системи за контрола на увозот** усвоен е:

Правилникот за начинот на вршење на проверка и преглед на граничен премин на пратки од животинско потекло кои се внесени како личен багаж на патниците и се наменети за лична употреба или некомерцијални цели ("Службен весник на РМ" бр. 94/09 од 29.07.2009). Причина за неговото донесување е усогласување со законодавсвото на ЕУ, т.е. усвојување на Регулативата 32009R2006. Освен тоа во правилникот се инкорпорирани одредби од Директивата 31997L0078.

**Б. Од областа на некомерцијално движење на *домашни миленици*** усовен е:

Правилник за изменување на правилникот за начинот и постапките за увоз и транзит и начинот и постапките за вршење на проверки и преглед на пратки домашни миленици од видовите птици кои не се наменети за трговија или за пренос на други лица и се придружени од сопственикот или одговорно лице како и формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или друг документ што ги придружува ("Службен весник на Република Македонија" бр. 10 од 23.01.2009). Измените и дополнувања- та на Правилникот донесен во 2008 година се должат на измени и дополнувања на релевантното законодавство односно донесување на Регулативата 32003R0998 и усогласување со истото.

**В. Од областа *контролни мерки за болести кај животните*** усвоен е План за преземање на итни мерки при појава на Лигавка и шап ("Службен весник на Република Македонија" 20/09) целосно усогласен со релевантното законодавство на ЕУ (32003L0085).

**Г**. Во поглед на ***забрана за користење на супстанции и контрола на резидуи*** доставена е Националната програма за мониторинг на одредени супстанции и нивни резидуи кај живи животни и производи од животинско потекло до Европската Комисија и истата е одобрена за одредени видови живи животни и производи од животинско потекло. Меѓутоа, доставен е допис до Европската Комисија заради разјаснување на причината за неодобрување на делот што се однесува на резидуи од други производи, поточно мед, јајца и др.

**Д**. Во однос на ***ветеринарните трошоци донесен е*** подзаконски акт за начинот за извршување на исплатата на надоместоците односно трошоците. Подзаконскиот акт е Одлука за висината на надоместокот за граничните ветеринарни контроли, за сите активности и службени контроли за производи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни кои се ставаат во промет во Република Македонија и за идентификација и регистрација на животните и одлгедувалиштата и издавање на сертификати за здравствена состојба на животните објавена во "Службен весник на РМ" 109/09 од 02.09.2009. Во истата се инкорпорирани одредбите од 31990D0424 и делумно 32004R0882 кои се однесуваат на регулирањето на трошоците за официјални контроли.

Согласно Законот за ***благосостојба и заштита на животните*** ("Службен весник на Република Македонија" 113/07) усвоен е Правилникот за благосостојба на животните чувани во фармски услови ("Службен весник на Република Македонија" 140/2009). Во истиот се инкорпорирани одредбите од следните ЕУ мерки: 31999L0074, 32008L0120, 31998L0058 и 32008L0119.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Бројот на ветеринарни инспектори (официјални ветеринари**) во текот на 2009 година се зголеми за 20 одговорни за имплементаирање на националното законодавство усогласено со Европското.

Поголем број од инспекторите имаат следено **обуки** кои се поврзани со вршењето официјални контроли, заради запознавање со имплементирачкото законодавство на ЕУ како и заради стекнување на искуства од Земјите членки од соодветната област. Дел од обуките се организирани од страна на Европската Комисија - DG SANCO во рамките на Програмата “Подобра обука за побезбедна храна” чија основна цел е запознавање со стандардите за безбедноста на храната од животинско потекло кои се применуваат во ЕУ. Поголем дел од обуките во рамки на Проектот за зајакнување на земјоделството и пристапување во ЕУ на Република Македонија се реализираа во текот на 2009 година. Обуките се од различни области и тоа: здравствена заштита на животните, безбедност и хигиена на храната од животниско потекло, благосостојба на животните, нус производи од животинско потекло, контрола на ветеринарно-медицински препарати-вмп, изготвување на правни акти од областа на ветеринарството во согласност со ЕУ процедурите и практиките, Обуки за систем за квалитетен менаџмент.

Во 2009 година се изврши **опремувањето** на Управата за ветеринарство и ветеринарните инспекциски служби обезбедување со:

1. Опрема за обележување на овците и козите;
2. набавка на возила за теренски потреби (наменети за извршување на задачите од страна на официјалните ветеринари);
3. набавка на тереска опрема за земање на мостри од официјални контроли

*Од областа на системи за контрола на увозот добиени се дозволи за* градба на објекти на ветеринарни инспекциски места (ВИМ) на ГП Табановце и Аеродром Скопје после извршената измена на урбанистичките планови. Одобрени се средства од страна на Европската Комисија за изградба на објекти на ВИМ на ГП Табановце – CARDS 2006 Regional Project и IPA компонента I за ГП Аеродром Скопје. EXIM системот (*Едношалтерски систем* за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти) воспоставен во 2008 година успешно функционира во 2009 година. Истото важи и за Националниот систем за Интегрирано Гранично Управување – ИГУ (воспоставен на 30/01/2008), кој има за цел брза размена на инфорамции помеѓу службите на кои имаат надлежност во управувањето со Граничните Премини на Република Македонија (меѓу кои и граничните ветеринарни служби), кој има за цел *надзор на законитоста на влезот и излезот на лица, стоки и превозни средства*, спречувањето и откривањето на организираниот криминал спречувањето на лица и сторители на кривични дела и сите видови на шверц преку граничните премини, контрола и спречувањето на преносот на материи и заразни болести што ги загрозуваат луѓето и стоките и претставува еден од предусловите за интеграции во ЕУ.

*Од областа на идентификација и регистрација на* животните во 2009 се продолжува со интензивно спроведување на on-spot контролите и засилена контрола на сточните пазари и спроведување на казнените одредби согласно Законот за идентификација и регистрација на животните.

*Од областа на контролни мерки за болести кај животните* продолжува акредитацијата на ветеринарните лаборатории огласно ISO 17025 стандардите за останатите методи за дијагноза на заразни болести. Извршена е обука на 30 ветеринарни инспектори за подобрена имплементација на Програмите за здравствена заштита на животните. Управата за ветеринаство изработува нова Програма за искоренување на бруцелозата во која се земаат предвид аспектите за масовна вакцинација на овците и козите на целата територија на Република Македонија.

Распределбата на ***ветеринарните трошоци*** предвиедни со Програмата за здравствена заштита на животните и Програмата за ветеринарно јавно здравство за *2009* и покрај благото зголемување на буџетот ***не е доволна***. За имплементација на мерките предвидени со двете програми потребно е дополнително финасисрање.

Кон крајот на 2009 година воспоставена е размената, односно интегрирањето (интероперабилноста) на “Exim“ системот со “Traces Like“ системот што овозможува функционалност на доставувањето пополнет втор дел (втората страна) од ВВД документите (Влезен Ветеринарен Документ) **потпишан со индивидуален дигитален сертификат** од страна на официјалните ветеринари на граничен премин. Поврзувањето и соодветната размена на податоци меѓу овие два система,

односно воспоставувањето на брза и ефикасна комуникација меѓу “Exim“ системот и “Traces Like“ системот се основ за непречена интероперабилност на двата система.

Од Ветеринарниот Информациски Систем - ВИС развиени се и операционализирани следните модули и тоа: Идентификација и регистрација на овците и козите, Контроли на лице место, Проширување на модулот за компензација и убивање на животните заради здравствена заштита и благосостојба со централна и PDA апликативен софтвер и “TRACES-like“систем, модули за електорнско следење и известување за службени контроли од областа на ветеринарното јавно здравство.

Во однос на зајакнување на капацитетите на лабораториите, треба да се напомене дека започната е тендерска процедура за набавка на опрема за лабораторијата за безбедноста на храна и лабораторијата за здравствена заштита во рамки на Факултетот за ветеринарна медицина, преку Проектот за зајакнување на земјоделството и пристап во ЕУ на Република Македонија, со финасиска подршка (во вид на заем) од Светска Банка. Ова е битен момент за исполнување на условите за акредитација за повеќе дијагностички методи на горенаведените лаборатории.

***Зоотехничките прашања*** се во надлежност на Секторот за земјоделство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2010 година продолжуваат активностите од апсект на усогласување на националното законодавство со релевантното EU acquis. Се очекува да бидат донесени голем број подзаконски акти, а попрецизно:

1. Согласно Законот за ветеринарно здравство ("Службен весник на Република Македонија" 113/07),

А. од областа *на* ***системи за контрола на увозот*** ќе се усвојат: Правилник за објектите, опремата и стручниот кадар кои треба да ги поседува ветеринарното инспекциско место на граничен премин. Во правилникот се содржани одредбите за одобрување на ИГП. (користени ЕУ мерки: 32001D0812; 31991L0496; 31997L0078); Правилникот за привремено чување на производи од животинско потекло во слободни царински складови, слободни зони и царински складови. (користени ЕУ мерки: 32000D0571, 32005D0092, 31997L0078); Прирачник за начинот и постапката за повторен извоз на производи и нус-производи од животинско потекло (користени ЕУ мерки: 32004D0212, 32000D0571, 32005D0092, 31997L0078); Правилник за условите за регистрација, одобрување и вршење надзор над трговци и собирни центри (користени ЕУ мерки: 31964L0432); Правилник за техничко-технолошките услови кои треба да ги исполнуваат карантинот како и времетраењето на истиот, за објектите за изолација и времетраењето на истата за различни животински видови и категории, времетраењето за набљудување и за тестовите кои треба да бидат направени (користени ЕУ мерки:32007R0318; 32008D0946; 31991L0496).

Б. Од областа ***контролни мерки за болести кај животните*** ќе бидат усвоени подзаконски акти: Програма за особено заразни болести, (користени ЕУ мерки: 32003L0099; 31992L0119); Правилник за правата и обврските на учесниците во Системот за надзор (користена ЕУ мерка: 31964L0432); Правилник за условите за начинот на работа на Ветеринарниот Информациски Систем (користени ЕУ мерки: 31992D0503, 31997D0394, 32002D0459, 32003D0623, 32004D0675, 32005D0176, 32007D0013); План за итни мерки за болести кај аквакултурата (користени ЕУ мерки:32006L0088); План за итни мерки за болеста Africkan horse sickness (користени ЕУ мерки:31992L0035); План за итни мерки за болеста New castle (користени ЕУ мерки:31992L0066); План за итни мерки за болеста Класична свинска чума (користени ЕУ мерки:32001L0089); План за итни мерки за болеста swine vesicular disease (користени ЕУ мерки:32002L0060, 31992L0119, 32000D0428 ); План за итни мерки за болестите кај рибите (користени ЕУ мерки:32006L0088; 32009D0177; 32008D0896;32004D0453; 32008D0392), Правилник за болести што задолжително се пријавуваат (користени ЕУ мерки: 31982L0894, 32005D0176).

Заради целосно транспонирање на одредбите од EU acquis за трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии – ТСЕ, ќе се изврши измена и дополнување на Програмата за искоренување на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии.

В. Од областа ***услови за увоз на живи животн и производи од животинско потекло****:* Правилник за начинот и постапките за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или друг документ што ги придружува пратката на живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на на живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло (користени ЕУ мерки:31990L0426, 31990L0539, 31989L0556, 31990L0429, 31992L0065, 31992L0118, 31991L0496, 31979D0542, 31993D0195, 31993D0196, 31993D0197, 31994D0360, 31994D0467, 31996D0333, 31997R0338, 31997D0794, 31997L0078, 31999D0120, 32000D0208,32000D0572,32001D0556,

32001R0999, 32002D0025, 32003R0998, 32003D0812, 32003D0779, 32003D0881, 32004D0136, 32004R0282, 32004D0211, 32004D0292, 32004L0068, 32004D0438, 32005R0001, 32005D0064, 32006R0318, 32006D0766, 32007D0240, 32007D0777, 32008D0156, 32008D0592, 32008R0798, 32008R1251, 32008D0907, 32009R0119).

Г. Од областа на ***ставање во промет на живи животни, ембриони, јајце клетки и семе за оплодување:*** Правилник за условите за здравствениот и репродуктивниот статус на животните, ветеринарно-здравствените услови за исправноста на семето за вештачко осеменување, јајце клетките и ембрионите, како и начинот на водење на евиденција (користени ЕУ мерки: 31992L0065, 31990L0429, 31988L0407, 31990L0120, 31989L0556); Правилник за условите за ставање во промет на одделни видови животни и нивна намена (користени ЕУ мерки:31992L0065, 31990L0425,); Правилник за условите за центри за репродукција и вештачко осеменување и начинот и условите за одобрување на тимовите за ембриотрансфер (31992L0065).

2. Од областа ***забрана за користење на супстанции и контрола на резидуи*** согласно Законот за ветеринарно јавно здравство ("Службен весник на Република Македонија" 114/07), Програма за мониторинг и листа на зоонози и предизвикувачи на зоонози (користени ЕУ мерки: 32003L0099, 31996L0023, 31996L0022).

3. Согласно Законот за ***благосостојба и заштита на животните*** ("Службен весник на Република Македонија" 113/07),

- Правилник за благосостојба и заштита на експерименталните животни (користени ЕУ мерки: 31986L0609, 31999D0575); и
- Правилникот за благосостојба на животните за време на транспорт (користени ЕУ мерки:32005R0001, 32004D0544).

со чие донесување ќе се овозможи целосна имплементација на правилата за благосостојба на животните предвидени со релевантното EU acquis.

4. **Од областа *идентификација и регистрација на животните***, се очекува да се усвојат измените и дополнувањата на *Законот за идентификација и регистрација на животните* (*"Службен весник на Република Македонија" 54/05 и 81/07) заради целосно усогласување со релевантното законодавство на ЕУ. Последователно на тоа ќе бидат усвоени Правилник за идентификација и регистрација на животните од видот свињи усогласен со одредбите на следните ЕУ мерки: 32000D0678, 32008L0071, 31964L0432.*

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2010 година се очекува **вработување** на официјални ветеринари за активности поврзани со ветеринарната политика, поточно имплементација на законодавството во рамки на ветеринарната политика. Работните обврски и задачи на поголем дел од нововработените ќе бидат директно поврзани со систематското управување на заразните болести, со оглед на фактот дека капацитетот на Управата за ветеринарство за справување со заразните болести е значително слаб поради недоволен број на официјални ветеринари за разлика од другите области од ветеринарната политика. За нововработените се предвидени обуки (почетни и континуирани) во соработка со институции на ЕУ.

*Од областа на контролни мерки за здравствена заштита* активностите на лабораториите за акредитација на други методи согласно ISO 17025 се во тек. Развојот и тестирањето на модулот за компензација на животни одземени како резултат на спроведување на мерки за здравствена заштита и модул за вакцинација на животните како интегрирани делови на Ветеринарниот Информациски Систем – ВИС се завршени во текот на 2009 година.

Според препораките на Европската Комисја планирано е ажурирање на системот за идентификација и регистрација на животните особено со цел негово поврзување со системот за сузбивање на бруцелозата. Системот за идентификација и регистрација на свињите се очекува да биде воспоставен и имплементиран во текот на 2010.
Во рамки на во рамки на Проектот за зајакнување на Земјоделството и пристап во ЕУ на РМ (со финаскиска поддршка од Светска Банка), потпроектот Обуки за вработените од Управата за ветеринарство се очекува реализација на Обуката за Хигиена на добиточна храна (тероетски, практичен дел и студиска посета). Потпроектот се очекува да започне во февруари а да заврши во април 2010 г.

Имплементацијата на *Проектот за Зајакнување на капацитетот на ветеринарните институции за имплементација на ЕУ Законодавството (IPA 2008)* ќе се одвива преку бројни активности и тоа: ревизија на актуелните методи за целосно транспонирање на Европското Законодавство од областа на ветеринарството, подготовка на детална стратегија и план за имплементација на транспозицијата на истото, изработка и имплементација на тренинг програми за изведување на официјалните контроли, обуки од областа на мониторинг контролни програми за зоонози, процедури во случај на појава на болести предизвикани со храна, мониторинг на резидуи од ветеринарно-медицинските препарати и др., изработка на план

и стратегија за спроведување на орална вакцинација кај дивите свињи против Класична свинска чума и имплементација на истата, интензивирање на вакцинацијата против беснило кај домашните кучиња и мачки, спроведување на вакцинација против беснило кај дивите животни, мониторинг и евалуација на претходно споменатите вакцинални кампањи.

Откако ќе бидат развиени сите модули, секој од нив ќе работи независно од другите, но ќе биде поврзан со останатите (interface) што ќе овозможи проток на специфични и јасно дефинирани работни задачи на Управата за ветеринарство. Системот ќе има можност за надградба, т.е. додавање на нови сегменти/модули во случај на потреба.

Воведувањето на системот за идентификација и регистрација (ИиР) на свињите, мониторингот на резултатите од имплементацијата на системот за ИиР на свињите се очекува до крајот на 2010 година, додека воспоставувањето на системот за идентификација и регистрација на домашни миленици од видот кучиња.

Во рамките на *CARDS 2006 Проект за Интегрирано Гранично Управување* планирана е изградба на инфраструктура за Граничен Премин "Табановце" како и набавка на соодветна опрема за објектите на граничните инспекциски места и обука за инспекторите.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2011 година се очекува донесување на поголем дел дел од подзаконските акти од Законот за ветеринарно-медицински препарати. Дел од одредбите од ЕУ мерките: 32006L0130, 31990R2377, 31999D0879, 31995R1662, 31996R2141, 31998R1069, 32003R1084, 32003R1085, 31993R2309, 31990L0219, 31998L0081, 32001L0018, 31991L0412, 31995R0540 се инкорпорирани во Законот додека останатите ќе бидат инкорпорирани во подзаконските акти кои ќе произлезат од овој Закон.

Освен тоа, согласно препораките на Европската Комисија планирана е ревизија на Законот за благосостојба на животните и заштита со цел негово усголасување со одредбите од новите ЕУ мерки кои се однесуваат на благосостојбата на животните и роковите за нивна имплементација.

Од областа на идентфикација и регистрација на животните ќе биде донесен Правилник за идентификација и регистрација на домашните копитари усогласен со ЕУ мерките 31990L0427, 31990L0426, 31990L0425, 32000D0068, 31993D0623, 32008R0504.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел запознавање со ЕУ стандардите и процедурите, како и успешна имплементација на релевантното ветеринарно законодавство на Република Македонија предвидени се низа обуки за нововработените лица. Одредени обуки се континуирани обуки, односно надградба за останатите вработени чии задачи и обврски се поврзани со евроинтеграцискиот процес.

Целосно ***компатибилен систем за контрола при увоз со ЕУ*** ќе се постигне, по стекнување на услови за градба, одобрување на граничните премини на кои се врши ветеринарана контрола. (со CARDS 2006 се одобрени средства за изградба на БИП Табановце, а со ИПА 2010 се предвидува изградба на БИП на аеродром-Скопје), која се очекува да отпочне во 2012.

Меѓу планираните активности за 2011 година е продолжување со развојот и тестирање на веке развиените модули од Ветеринарниот Информациски систем – ВИС. Откако ќе бидат развиени сите модули, секој од нив ќе работи независно од другите, но ќе биде поврзан со останатите (interface) што ќе овозможи проток на специфични и јасно дефинирани работни задачи на Управата за ветеринарство. Системот ќе има можност за надградба, т.е. додавање на нови сегменти/модули во случај на потреба.

Воспоставувањето на систем за идентификација и регистрација на домашни миленици од видот кучиња се очекува да биде завршено .

Капацитетот на Секторот за земјоделство, ќе биде зајакнат со цел да се постигне ефективно транспонирање и имплементација на ЕУ acquis со кои се уредуваат ***зоотехничките прашања***.

Во поглед на имплементација на законодавството од областа на *благосостојба на животните и нивна заштита* посебен акцент ќе биде ставен на имплементација на системот за контрола на благосостојбата на несилките, но по претходна

ревизија на Законот за благососотјба на животните и нивна заштита. Значителен напредок се очекува и во имплементацијата на останатото законодавство со кое се уредува оваа област.

Со Проектот ИПА 2010 се предвидува Градење на два објекта - едниот за ветеринарна, другиот за фитосанитарна контрола – на Скопскиот Аеродром, како и комплетно опремување на истите, како и твининг проект кој ќе помогне во јакнење на капацитетите на Управата за ветеринарство во поглед на имплементација на Европското законодавство кое е транспонирано во националното.
До средината на 2011 во рамки на Проектот за зајакнување на Земјоделството и пристап во ЕУ на РМ (со финаскиска поддршка од Светска Банка) се очекува да биде целосно развиен и да отпочне со работа софтверот за *Ветеринарниот Информациски Систем – ВИС*.

### 3.12.3 **СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНА И ДОБИТОЧНА ХРАНА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
***Правилата за храна*** од животинско потекло, транспонирани во национални прописи, а донесени врз основа на Законот за ветеринарно јавно здравство ("Службен Весник на Република Македонија" 114/07) се:

1. Правилник за трихинела во месото ("Службен весник на РМ" бр. 32 од 04.03.2009) во кој се инкорпорирани одредбите од Регулативата 32005R2075; и
2. Правилник за начинот на спроведување на официјални контроли на производи од животинско потекло (Службен весник на РМ" бр. 95/09 од 30.07.2009) усогласен со Регулативата 32004R0882.

Согласно Законот за нус производи од животинско потекло ("'Службен Весник на Република Македонија" 113/07) усвоени се:

1. Правилник за посебните услови во однос на објектите, техничката опременост, начинот и условите за вршење соодветна дејност кои треба да ги исполнуваат олехемиските објекти и објектите за производство на биогас и компост ("Службен весник на РМ" 21/09 од 17.02.2009);
2. Правилник за техничките услови и начинот на вршење на работите кои треба да ги исполнат објектите за собирање и складирање на нус-производи од животинско потекло ("Службен весник на РМ" 21/09 од 17.02.2009);
3. Решение за определување на одредени нус производи од животинско потекло како специфичен ризичен материјал (СРМ) од аспект на ТСЕ ("Службен весник на РМ" 57/2009 од 04.05.2009);
4. Правилник за начинот на собирање, превезување и идентификување на посебни категории на нус-производи од животинско потекло ("Службен весник на РМ" 21/09 од 17.02.2009);
5. Правилник за формата и содржината на ветеринарно санитарните сертификати за нуспроизводи од животинско потекло кои се увезуваат или транзитираат во или низ Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 28 од 25.02.2009)

усогласени со Регулативата 32002R1774 поточно одделни Анекси кои однесуваат на материјата кои се предмет на уредување на секој од Правилниците.

Во однос на оценувањето (евалуацијата) на земјоделско–прехрамбените претпријатија за усогласеност со стандардите на ЕУ и програмите за унапредување, изготвени се *Листи за контрола на усогласеноста на објектите со ЕУ стандардите*.

Управата за ветеринарство изработи *Национален План за подобрување на квалитетот на суровото млеко во однос на ЕУ критериумите* со кој се утврдуваат активностите на Управата за ветеринарство во однос на подобрување на квалитетот на суровото млеко согласно критериумите на Европската Унија. Националниот план е усвоен од страна на Влада на РМ.
Согласно Законот за безбедност на храната и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната („Службен весник на Република Македонија" 54/02 и 84/07), донесени се следните правилници со кои се регулира ставањето во промет на храна:

1. **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за санитарно – хигиенски услови за производство на храна ("Службен весник на Република Македонија" 35/09).

   - Измените и дополнувањата на Правилникот беа неопходни заради олеснување на имплементацијата и воведувањето на HACCP системот и другите системи за безбедност на храна, соодветно на категоризацијата на операторите со храна, според нивната дејност.

2. **Програма** за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија за 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" 26/09.

Донесувањето на Програмата е предвидено со Законот за безбедност на храна, како годишна активност за мониторирање на одредени контаминенти во прехранбени производи кои се произведени и ставени во промет во Република Македонија, а која ќе обезбеди донесување на целни мониторинг програми за одделни видови производи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2009 година извршени се **обуки** на сите одговорни вработени лица од областа на: HACCP-основно ниво и аудит, ЕУ стандарди за нус производи, превенција, контрола и искоренување на ТСЕ, хигиена на храна и контролни програми за месо и производи од месо, млеко и производи од млеко, производи од риба и живи мекотели; зоонози (болести пренесливи со храната) и микробиолошки критериуми за храната, ЕУ системот за брзо информирање за храна и добиточна храна (RASFF) во организација на DG SANCO – Better training for safer food.

Во текот на 2009 година, се спроведе сеопфатна кампања за подигање на свеста на операторите со храна за обврските и барањата утврдени во ЕУ законодавството, "хигиенски пакет", со посебно внимание на HACCP процедурите, како и спроведување на обуки на производителите на храна од животинско потекло. За операторите со храна од животниско потекло, официјалните ветеринари вршат редовни контроли и преземаат конкретни корективни мерки за тие кои не се во согласност со законските рокови за спроведување на начелата на HACCP.

Во однос на оценувањето (евалуацијата) на земјоделско–прехранбените претпријатија за усогласеност со стандардите на ЕУ и програмите за унапредување, Управата за ветеринарство врз основа на прелиминраната оцена на објектите и опраторите со храна од животинско потекло изготви Стратегија за унапредување/надградување на објектите за производство на храна од животинско потекло. Процесот на евалуација и категоризација на производството на храна од животинско потекло кој е веќе започнат од страна на Управата за ветеринарство. За напредокот на процесот Управата за ветеринарство ја информира на Владата на РМ

Во периодот од 5-14 мај 2009 година беше извршена *FVO Мисија за проценка на ситуацијата во поглед на ветеринарно-здравствените контроли и надградба на одредени категории/ класи на објекти за производство на храна (црвено месо и млеко)* а во насока на приемот на Република Македонија во ЕУ. Имајќи ги предвид препораките од FVO Мисијата Управата за ветеринарство изготви *Национален План за подобрување на квалитетот на сировото млеко во однос на ЕУ критериумите* кој е усовен од страна на Владата на РМ. *(*Текстот погоре: тековна состојба, правна рамка*).*

Заради зајакнување на администрацискиот капацитет за вработените во Управата за ветеринарство спроведени се повеќе обуки од следниве области:

- Обуки за хигиена на храната (теоретска обука, студиска обука, практична обука),
- Обуки за системот за складирање, транспорт, управување и нештетно отстранување на нуспроизводи од животинско потекло.

Во текот на мај (11-15) 2009 година се одржа FVO Мисија за проценка на вршењето контроли во производството на млеко, термички третирано млеко и производи од млеко за човечка употреба наменети за извоз во ЕУ. Согласно препораките од страна на FVO тимот а со цел да се елиминираат недостатоците забележани во текот на Мисијата, Управата за ветеринарство е во фаза на изработка на измените и дополнувањата на Правилникот за хигиенските барања за млеко и производи од млеко ("Службен Весник на РМ" 151/2007).

Во текот на 2009 година во Дирекцијата за храна извршени се **обуки** во повеќе области во соработка со повеќе домашни и меѓународни организации:

- Работилница: „ Принципи на HACCP и неговата примена во угостителски објекти „ во организација на Здружение лекари специјалисти по хигиена и здравствена екологија, во октомври 2009 година.
- Обука на Државните инспектори за храна за HACCP оценувачи, организирана во рамки на проектот SIDA;
- Иницијален тренинг за принципите за стандардите ISO/IEC 17020 и ISO 9001, организиран во рамки на проектот SIDA;
- Одржани шест состаноци со Здруженијата на бизнис операторите со храна, Стопанските комори за подигање на свеста и информирање за примена на принципите на ДХП, ДПП и имплементирање на HACCP.
- Одржани трибини во сите региони на РМ (5 регионални единици), организирана медиумска кампања и изработени и поделени 10.000 брошури за ДХП, ДПП и имплементирање на HACCP.

**Во** 2009 **се реализирани** 4 TAIEX **проекти** – експертски мисии, работилници и студиски посети за проверка, подготовка и имплементација на законодавството за безбедност на храната во Република Македонија и контрола на безбедноста на храната при увоз и на пазарот.
Во рамките на Проектот за интегрирано гранично управување обезбедена е информатичка опрема и софтвер за процедурата при увоз на храна , во тек се обуки за користење на апликацијата и постигната е имплементација на овој проект.

Во Дирекцијата за храна во тек е проектот" Quality and Regulatory Infrastructure Development for Food safety and Quality in Sout East Europe„, во период од 1 Февруари 2008 до 31 Декември 2011, како резултат на потпишан меморандум за соработка помеѓу министерството за здравство Република Македонија и конзорциумот составен од Шведскиот Одбор за акредитација и сообразност и Шведската Национална Администрација за храна. Цел на проектот е зајакнување на системот за безбедност на храна и трговија со храна, базирани на критериумите на СТО и Договорот за СПС мерки, со интегриран пристап кон сите сегменти на производството и прометот со храна. Исто така една од целите е хармонизацијата на националното законодавство и усогласување со легислативата на ЕУ. Резултатите кои се очекуваат од проектот се: Воведување на HACCP во објекти за производство и промет на храна преку со обуки за инспекторите за храна и операторите со прехранбен бизнис; поддршка на Дирекцијата за храна и Управата за ветеринарство за имплементација на стандардот ISO/IEC 17020; интензивирање на работата на националните надлежни органи за безбедност на храна во мешунаросните тела Codex Alimentarius Commission, OIE и IPPC.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

Во 2010 година ќе се продолжи со усогласувањето на националното законодавство со соодветното ЕУ Acquis преку донесување на подзаконски акти.
Со донесување на новиот Закон за безбедност на храната се предвидува:

- да се направи исклучок за операторите со храна со мали капацитети во поглед на нивна надградба и мониторинг на нивната надградба на флексибилен начин но при тоа да се задржат начелата предивдени со Европското законодавство;
- утврдување на одредби за транзициони периоди и одредби за категоризација и класификација на објектите – операторите со храна.

По усвојување на Националниот план за подобрување на квалитетот на суровото млеко и по имплеменатција на оперативниот план Управата за ветеринарство ќе врши проценка на успешноста на Националниот план за подобрување на квалитетот на суровото млеко и ќе предложи соодветни корективни мерки.
Во 2010 година се очекуваат поголеми промени во националното рамковно законодавство со кое се регулира ставањето во промет на храна и добиточна храна.

Со оглед на фактот дека Регулативата 2002/1774/ЕЦ е укината со усвојувањето на Регулативата 32009R1069 што стапува на сила во 2011 година, националното рамковно законодавство т.е. Законот за нус производи од животинско потекло ("'Службен Весник на Република Македонија" 113/07) ќе претрпи соодветни измени.

До стапување на сила на новите измени, согласно Законот за нус производи ("Службен весник на Република Македонија" 113/07), ќе се усвојат: 1. *Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденција на нус-производи од животниско потекло (користени ЕУ мерки: 32002R1774); 2.Правилник за начинот на собирање и нештетно отстранување на нус-произовди од животинско потекло (користени ЕУ мерки: 32002R1774, 32005R0093,32005R0092); 3.Правилник за формата и содржината и начинот за издавање на комерцијалниот документ како и на ветеринарно-здравствениот сертифкат за превоз на нус-производи од животинско потекло (користени ЕУ мерки:32002R1774); 4.Правилник за посебните услови во однос на објектите,техничката опременост, како и постапките и условите за вршење на соодветна дејност кои трбеа да ги исполнуваат преработувачките објекти на нус производите од животинско потекло (користени ЕУ мерки: 32002R1774); 5.Правилник за посебните услови во однос на објектите за производство на храна за домашни миленици и техничките објекти за нус-производите од животинско потекло и посебните технички услови и постапките за преработка, манипулирање, складирање и превоз при ставање во промет, увоз и извоз на храна за домашни миленици и технички произоводи од нус-производи од животинско потекло (користени ЕУ мерки:32002R1774); 6.Правилник за посебните услови во однос на објекти, техничка опременост, како и постапки и услови за вршење соодветна дејност кои треба да ги исполнуваат преработувачките објекти за категорија 3 материјали и посебните услови за преработени животински производи кои можат да се користат како материјал за исхрана на животните (користени ЕУ мерки:32005R0079); 7.Правилник за исклучоците во однос на отстранувањето на нус-производите од животните (користени ЕУ мерки:32002R1774); 8.Правилник за техничките производи добиени од нус-произовдите од животинско потекло и посебните технички услови и постапките за*

*преработка, манипулирање, скалдирање и превоз при нивното ставање во промет, увоз и извоз (користени ЕУ мерки:32002R1774); 9.Забрана за увоз на добиточна храна (користени ЕУ мерки:32001R0999); 10.Правилник за исклучоците во однос на употребата на нус-производите од животните (користени ЕУ мерки: 32002R1774); 11.Правилник за ограничувањата на употребата на нус-производите од животинско потекло во исхраната на животните (користени ЕУ мерки:32002R1774); 12.Правилник за техничките услови за постапување и нештетно отстранување на специфичниот ризичен материјал СРМ (користени ЕУ мерки:32001R0999).*

Исто така во текот на 2010 година ќе бидат усвоени измените и дополнувањата на Правилникот за безбедност и хигиена на млекото и производите од млеко ("'Службен Весник на Република Македонија" 151/07). За таа цел со измените и дополнувањата предвидено е транспонирање на одредбите од релевантните ЕУ мерки што се однесуваат на млеко и производи од млеко наменети за извоз во ЕУ и нивна целосна имплементација. Во врска со последново Управата за ветеринарство постапува по забелешките дадени во текот на *ФВО Мисијата за проценка на ситуацијата во поглед на ветеринарно-здравствените контроли и надградба на одредени категории/ класи на објекти за производство на храна (црвено месо и млеко).*

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во Дирекцијата за храна планирани се следните општи генерички и специјализирани обуки од областа на безбедноста на храната:

- 11 обуки преку TAIEX (3 експертски мисии, 7 работилници, 1 студиска посета)
- Обуки преку EFSA
- Обуки преку проектот на SIDA
- Обуки во сопствена организација (нова легислатива, обезбедување на соодветни обуки за ново вработените инспектори за храна)
- Обука за инспекторите за користење на апликативниот софтвер за контрола на безбедноста на храната (апликација за интегрираниот систем и апликација за инспекцијата на Дирекцијата за храна
- Обезбедување на соодветни обуки за инспекторите за храна за користење на опрема за брза детекција
- Обуки за Државните инспектори за храна за издавање на сертификатите за безбедна храна по барање на извозниците на храна
- Обука на инспекторите за храна за вршење надзор во објекти со имплементиран HACCP систем
- Обуки на вработените за квалитет во работењето и запазување на стандардните процедури во Дирекцијата за храна

**Во** 2010 **ќе се доопремат инспекторите за храна преку обезбедување на**:

- 10 моторни возила,
- Канцелариска и информатичка опрема,

Планирана е имплементација на стандардот ISO 17020 за инспекциско тело за безбедност на храната во рамките на Дирекцијата за храна, со поддршка преку проектот на SIDA.
Новиот систем на наплаќање во однос на финансисрање на резултатите од контролите на земање на мострите ќе започне да функционира со почетокот на 2010 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

На среден рок предвидено е изменување и дополнување на следните правилници заради нивно усогласување со европското законодавство:

- **Правилник** за посебните барања за безбедност на храната по однос на микробиолошки критериуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.78/08) кои ќе бидат усогласени со одредбите од: 32005R2073, 32007R1441.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамки на ИПА 2008 се предвидува: развој на систем за собирање, преработка, употреба, трговија и нештетно уништување на нус-производите од животинско потекло, изработка на оперативни водичи за здравствените барања во однос на нус-производите од животинско потекло кои не се наменети за човечка исхрана, како и обуки на официјалните ветеринари,

Со ИПА 2009 планирани се бројни активности: анализа на актуелната состојба во однос на локацијата, транспортот и нештетното уништување на нус-производите од животинско потекло.

Со проектот ИПА 2010 планирана е изработка и оценка на прирачниците за добра хигиенска пракса за примарното производство, воспоставување на центар за обука, обука на обучувачи од обласга на Ветеринарното Јавно Здравство.

Дирекцијата за храна планира спроведување на специјализирани обуки кои во моментот се договараат во соработка со EFSA, TAIEX, SIDA и други.
Планирана е сертификација на стандардот ИСО 17020 за инспекциско тело за безбедност на храната во рамките на Дирекцијата за храна.

3.12.4 **ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Согласно **Законот** за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната („Сл.весник на РМ" бр. 54/02 и 84/07) до крајот на 2009 година ќе бидат објавени следните правилници кои се подготвени и се доставени до Секретаријатот за законодавство:

- Правилник за посебните барања за безбедност на алкохолни пијалоци усогласен со: 32008R0110; 31990R1014 и
- Правилник за посебните барања за безбедност кои треба да ги исполнуваат предметите и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната усогласен со: 32004R1935; 32006R2023; 31985L0572; 31982L0711; 32002L0072; 31984L0500; 32007L0042; 31978L0142; 31980L0766; 31982L0432; 31993L0011; 32005R1895; 32007R0372; 32009L0450.

Дирекцијата за храна, орган во состав на Министерството за здравство е надлежно во однос на постапувањето со храна од ГМО. Врз основа на Правилникот за посебните барања за безбедност на храната која содржи или е произведена од генетски модифицирани организми, Дирекцијата за храна зема мостри од храна за анализа на присуство на генетски модифицирани организми преку нејзините Државните инспектори за храна во рамките на официјалните контроли. Земените мостри потоа се испраќаат на анализа во овластена акредитирана лабораторијата при Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Свети Кирил и Методиј", Скопје

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Во** 2009 **се реализирани** 7 TAIEX **проекти** – експертски мисии, работилници и студиски посети за проверка, подготовка и имплементација на законодавството за безбедност на храната во Република Македонија:

- Студиска посета за храна произведена со иновирани технологии
- Експертска мисија за легислативата за видовите храна со посебна нутритивна употреба и
- Експертска мисија за легислативата за адитивите кои се користатво производството на храна.
- Експертска мисија за производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната
- Експертска мисија за контаминенти во храната
- Работилница за храна од ГМО
- Работилница за означување, рекламирање и презентација на прехранбените производи

**Обуки за вработените лица во Дирекција за храна за** 2009 **година**:

- Годишна програма за обука на вработените лица за 2009 година во Дирекцијата за храна - одобрена од Агенцијата за државни службеници.
- "Примена на номотехнички правила за државни службеници кои извршуваат нормативно – правни работи, во организација на Секретаријатот за законодавство
- Обука:"Управување со проектен циклус", во организација на Секретаријатот за европски прашања, во Февруари 2009 година
- Работилница: " Односи со јавноста и комуникација ": во организација на МИМ, ГОФРЕ и СЕП во февруари, 2009 година.
- "Регистар на државни службеници", во организација на Агенција за државни службеници, во март 2009 година
- Семинар на тема "Институционална рамка на ЕФСА", во организација на Европска Агенција за безбедност на храна, одржана во Брисел, Белгија, во март 2009 година.
- Работилница: "HACCP и службена контрола", во организација на TAEIX DG ENLARGEMENT ( EC), во март 2009
- Обука: "Презентациски вештини ", во организација на Секретаријатот за европски прашања, во март 2009 година
- Обука: "Развивање на управувачки способности на Раководни државни службеници", Модул 1 :" Вие и Вашиот тим" во организација на Агенцијата за државни службеници, во април 2009 година
- "Закон за општа управна постапка", во организација на Министерство за правда, одржана во Клуб на пратеници во период од 15. Јуни 2009 година.
- Работилница : "Закон за постапување по претставки и предлози", во организација на Министерство за правда, во јуни 2009 година.

- "Вовед во Е – влада ", во организација на Агенцијата за државни службеници, во јуни 2009 година.
- Модул 4 "Управување кон квалитет" во организација на Агенцијата за државни службеници, во јуни до 01 Јули 2009 година.
- Семинар: „Методологија за проценка на ризик „ во организација на Европската Агенција за безбедност на храната ( ЕФСА ), одржана во Дубровник, Хрватска, во септември 2009 година.
- „Управување со буџет и финансии „ во организација на Агенцијата за државни службеници, во октомври 2009 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Заради усогласување со европското законодавство потребно е да се донесат нови и изменат и дополнат следните правилници:

- Измени и дополнување на Правилникот за адитивите што можат да се употребуваат во производство на храна.(„Сл.весник на РМ“ бр.118/2005) усогласен со: 31988L0388; 32006R1925; 32008R1331; 32008R1333; 32008L0374; 32007R0884; 32008L0060; 32008L0084; 32008L0128; 32008R1332; 31996R2232; 32002R2065; 32008R1334; 31999D0217; 32000R1565
- Измени и дополнувања на Правилникот за општи барања за безбедност на храна („Сл.весник на РМ“ бр.118/2005) усогласен со: 31993R0315; 32006R0401; 32006R1881; 32008R1882; 32006R1883; 32007R0333; 32008D0047; 32009R0124
- Правилник за одредување на максимално дозволено ниво на радиоактивност на прехрамбените производи што се последица на нуклеарна катастрофа или било каква радиолошка несреќа;
- Правилник за посебните барања за безбедност на млечната храна за доенчиња и мали деца (Сл. Весник на РМ бр. 32/2006) усогласен со: 31992L0052; 32006L0141;
- Правилник за посебните барања за безбедност на храна за посебна нутритивна употреба (Сл. Весник на РМ бр. 3/2007) усогласен со: 32006R1925; 31992L0052; 32009L0039; 31996L0008; 31999L0021; 32009R0041;
- Правилник за посебните барања за безбедност на храна на житна основа за доенчиња и мали деца (Сл. Весник на РМ бр.118/2005) усогласен со: 32006L0125.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Во текот на** 2010 **година предвидени се нови вработувања со Стратешкиот план на Дирекцијата за храна**

- Зајакнување на контрола за безбедност и квалитет на храната со обезбедување на нови инспектори за храна
- Зајакнување со нови вработувања за прибирање на податоци за оформување на базата на податоци за небезбедна храна и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната
- Зајакнување со нови вработувања за следење, евалуација и извештај од спроведената Национална мониторинг програма за контрола на безбедноста на храната и ревизија и надградба во однос на добиените резултати
- Зајакнување со нови вработувања во Дирекцијата за Храна во делот на заштита на потрошувачите
- Зајакнување со нови вработувања за ажурирање на податоците во регистерот за евиденција на производните капацитети за видови нутритивна храна, храна произведена со иновирани технологии и храна од ГМО во РМ

**Обуки**:

**Донесување на Годишна програма за обука на вработените лица од Дирекција за храна за** 2010 **година**

Обуки општи генерички

Обуки специјализирани од областа на безбедноста на храната:

- 11 обуки преку TAIEX (3 експертски мисии, 7 работилници, 1 студиска посета)
- Обуки преку EFSA
- Обуки преку проектот на SIDA
- Обуки во сопствена организација (нова легислатива, обезбедување на соодветни обуки за ново вработените инспектори за храна)
- Обука за контрола на прехрамбени производи и предмети за општа употреба
- Обука за ГМО
- Обука за храна за посебна нутритивна употреба и додатоци на храна
- Обука за храна произведена со иновирани технологии
- Обука за здравствени и нутритивни тврдења на храната

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Надлежниот орган ќе продолжи со усогласување на законодавството со кое се регулира оваа поширока област, при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство од истата и од специфичните области. За постигнување на усогласеност предвидено е до крај на 2012 година да бидат подготвени:

- Изменување и дополнувања на Правилникот за означување на храната („Сл.весник на РМ“ бр.118/2005) усогласен со:32002L0067, 31999L0010; 32004L0608; 32008L0005;
- Изменување и дополнувања на Правилникот за додатоци на храна („Сл.весник на РМ“ бр.108/2007) усогласен со: 32002L0046;
- Изменување и дополнувања на Правилникот за посебните барања за безбедност на брзо замрзнатите прехранбени производи („Сл.весник на РМ“ бр.32/2006) усогласен со: 32005L0037;
- Правилник за нутритивни и здравствени тврдења усогласен со: 32006R1924;
- Изменување и дополнувања на правилник за безбедноста на природната минералната вода и минерализираната вода („Сл. весник на РМ“ бр.32/2006) усогласен со: 31980L0777; 31996L0070; 32003L0040, 32009L0054

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За реализирање на среднорочните приоритети на Дирекцијата за храна, како и имплементација на обврските од законските акти кои се планирани за усвојување ке бидат предвидени:
Вработувања на нови инспектори за храна 2011 - 2012 година.
Вработување на нови лица од редот на стручните државни службеници.

**Предвидени се следните Обуки**:

- Обезбедување на обуки за сите вработени лица во Дирекцијата со цел континуирана надградба на знаењата и вештините.
- Обезбедување на соодветни обуки за инспекторите за храна.
- Обуки на вработениото во Одделението за видови нутритивна храна, храна произведена со иновирани технологии и храна од ГМО.
- Обуки на вработените во Одделението за квалитет во работењето и запазување на стандардните процедури во Дирекцијата за храна.

### 3.12.5 ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ДОБИТОЧНА ХРАНА

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2010 година се очекува донесувањето на *Законот за исхрана на животните* по редовна Собраниска постапка. Досега е изработена нацрт везија на Законот во кој се инкорпорирани следните ЕУ мерки: 31990L0167; 31970L0373; 31979L0373; 31982L0471; 31993L0074; 31980L0511; 31982L0475; 31983L0228; 31993L0113; 31971L0250; 31971L0393; 31972L0199; 31973L0046; 31976L0371; 31976L0372; 31978L0633;31981L0715; 31984L0425; 31993L0117; 31994L0039; 31996L0025; 31993L0070; 32002R0178; 32002L0032; 32003R1831; 32003L0126; 32004D0217; 32004R0882; 32005R0183; 32005R0943; 32006R0401.

Целта на Законот е да се обезбеди правна основа за хигиена и контрола на добиточната храна и исхраната на животните преку утврдување на основни начела за хигиена и контрола на добиточна храна и исхрана на животните согласно високите стандарди и процедури на Европската Унија. Индиректно со овој закон се обезбедува висок степен на здравствена заштита на животните преку користење на хигиенски исправна добиточна храна како и здравствена заштита на луѓето како крајни потрошувачи на храната од животинско потекло како и заштита на животната средина од загадување со отпад од животинско потекло .
Со донесувањето на овој закон усогласен со релевантното Европско законодавство се заокружува процесот на усвојување на законите што ја уредуваат ветеринарната област. Наредниот чекор ќе биде донесување на подзаконските акти кои произлегуваат до законот во временските рокови предвидени за истите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2010 година ќе се спроведе обука на сите одговорни лица за активности од областа на ***хигиена на добиточната храна***, кои работат во Управата за ветеринарство, и тоа преку теоретска, практична обука како и студиска посета.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Надлежниот орган ќе продолжи со усогласување на скунадарното законодавство (подзаконските акти) кои ќе произлезат од Законот за исхрана на животните, имајќи ги секогаш во предвид и измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство во дадената, специфична област.

### 3.12.6 **ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА**

**Тековна состојба**

**а) Правна рамка**

Согласно Законот за производи за заштита на растенијата во 2009 година се прифати односно се имплементира Листата Анакс 1 на активни супстанции кои активни супстанции се одобрени за користење во производи што се применуваат за заштита на растенијата на територијата на Европската унија со дефинирани услови во одлука за користење објавени согласно со Анексот I од Директивата 91/414 ЕС. Воедно со горенаведеното се повлекуваат од промет и употреба на производите за заштита на растенијата во Република Македонија кои содржат една или повеќе активни супстанции кои не се вклучени во Листата Анекс 1.

Согласно Законот за ѓубриња транспониран со Регулативата 2003/2003 ЕЦ во 2009 година се донесоа подзаконски акти со кои ја уредуваат областа од неорганските ѓубриња како и постапката и документацијата за евидентирање и содржината на евиденцијата за ѓубрињата кои се увезуваат.

- Правилник на неоргански ѓубриња ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96 од 31.07.2009),
- Правилник за постапката и документацијата за евидентирање и содржината на евиденцијата за ѓубрињата кои се увезуваат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96 од 31.07.2009).

Согласно законската регулатива, Управата за семе и саден материјал ја насочува својата активност кон производство на сертифициран семенски и саден материјал, како и негово етикетирање за подобра контрола при неговото пуштање во трговија. Во рамките на нејзините надлежностите е признавање и одобрување на сорти од семенски и саден материјал и нивно објавување во Службен весник на РМ, како и изготвување на Национална сортна листа во која се запишани сите сорти дозволени за увоз и трговија во нашата држава. Во надлежност на Управата се Ген банки во кој трајно се чува и одржува семенски и саден материјал од дивергентни популации и автохтони видиви, со цел да се заштити биодиверзитетот, исто така во нив се чуваат и дефинитивни примероци на признаени сорти од семенски и саден материјал кој се запишани во Национална сортна листа во РМ.

Управата, во ноември 2009 година пристапи кон измена и дополна на постоечкиот Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија (Сл.весник на Република Македонија бр.39/06 и 89/08) по препорака од Европската комисија, а со цел негово успешно имплементирање и се очекува негово објавување во 2010 година.

Од **Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија** во 2009 година донесени се повеќе подзаконски акти од различна област:

1. **Од областа на увоз на семенски и саден материјал** е донесен Правилник за содржината на барањето, формата и содржината на образецот и начинот на водење на евиденција на посебна увозна дозвола на семенски и саден материјал за земјоделски растенија (Службен весник на Република Македонија бр.47/09).
2. **Од областа на трговија со семенски и саден материјал од земјоделски растенија** е донесен Правилник за трговија со семенски компир (Службен весник на Република Македонија бр.62/09) кој е усогласен со ЕУ Директива 2002/56/ЕЗ.
3. **Од областа на испитување на сорти од семенски и саден материјал** е донесен Правилник за постапките и методите за испитување на видовите и сортите на земјоделски растенија и видовите и сортите за земјоделски растенија за кои не е потребно испитување на производна и употребна вредност (Службен весник на Република Македонија бр.85/09).
4. **Од областа на запишување и пријавување на сортите во Националната сортна листа** е донесен Правилник за запишување на сортата во Национална сортна листа и за водење на Национална сортна листа (Службен весник на Република Македонија бр. 103/09) кој е усогласен со ЕУ Директива2002/53/ЕЗ. Со овој правилник се пропишува постапката за запишување на сотрата, содржината на пријавата за запишување, соодветност на приложеното име на сортата и начин на водење на Националната листа. Управата за семе и саден материјал изготвува Национална сортна листа, која е официјален список на видови на сорти на земјоделски растенија кои се дозволени за увоз и пуштање во трговија во Република Македонија. Услов за запишување на сортата во Националната сотна листа е доколку сортата е различна, еднообразна и стабилна, да има производна и употребна вредност и соодветно име на сортата согласно постоечкиот закон.

До Крајот на 2009 година Управта треба да ги донесе и следиве Правилници:

- Правилник за трговија со материјал за размножување и саден материјал на овошни растенија наменет за производство на овошје –рок до 31/12/2009 ( во Секретерјат за законодавство е и направени се последни корекции и се очекува негово објавување во Службен весник.)
- Правилник за постапката и методите за преиспитување на ДУС – рок до 31/12/2009

Од областа на увоз на семенски и саден материјал за земјоделски растенија, во Управата почна да функционира едношалтерскиот систеи – exim за издавање на одобренија за увоз, со што се скратува времетраењето на постапката за издавање на одобренија за увоз на семе и саден материјал.

Управата во 2009 година го донесе **Законот за селекционерски права** (Службен весник на Република Македонија бр.52/09). Овој закон е донесен по UPOV- стандарди и со него се уредува постапката, начинот и условите за доделување на селекционите права односно начинот на создавање на нова сорта на земјоделски растенија, заштита и престанок на селикционерските права, како и водењето на регистар на селекционерски права во РМ.

Со донесувањето на овој Закон Република Македонија во најскоро време ќе стане членка на UPOV Конвенцијата со седиште во Женева (УПОВ е Меѓународна организација за заштита на нови сорти на растенија). Зачленувањето во оваа организација ќе им овозможи на селекционерите на нови сорти растенија да можат да ги заштитат своите авторски права, како во државата така и кај сите други членки на меѓународната заедница.

Членството во оваа организација ќе и донесе на државата нови можности и перспективи, кои се однесуваат на пронаоѓање пазари за пласман на квалитетен семенски материјал. Односно, со ова Република Македонија може повторно да стане земја - извозник на сортно семе, како што беше порано, а не увозник на семенски материјал за што се издвојуваа големи финансиски средства.

Управата планираните активности и задачи кои произлегуваат од законската рамка, ги има утврдено и прецизно наведено во Стратешкиот план за 2010-2012 година.

**б) Институционална рамка**
За спроведувањето на фитосанитарната политика надлежна е Фитосанитарната управа како орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Тековниот број на вработени во 2009 година е 15 лица.
Од 12 Февруари 2009 година со изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата(“Службен весник на Република Македонија 20/09“), Законот за производи за заштита на растенијата(“Службен весник на Република Македонија 20/09“), и Законот за ѓубрива(“Службен весник на Република Македонија 20/09“), инспекцискиот надзор над спроведувањето на погоренаведените закони како и извршување на мерките кои произлегуваат од законите ги врши Државниот инспекторат за земјоделство преку фитосанитарните инспектори. Со ова фитосанитарните инспектори кои беа во состав на Фитосанитарната управа преминаа во Државниот инспекторат за земјоделство. Фитосанитарната контрола ја спроведуваат 25 државни фитосанитарни инспектори, додека контролата во производството, прометот и употребата на производи за заштита на растенијата, семе и саден материјал ја вршат 16 државни земјоделски инспектори од Државниот инспекторат за земјоделство во состав на МЗШВ.

Во 2009 година Државна фитосанитарна лабараторија започна со процесот на акредитација како и со нејзино доекипирање и доопремување.
Поголем дел од вработените во Фитосанитарната управа имаат следено обуки кои се поврзани со здравјето на растенијата и производите за заштита на растенијата заради запознавање со имплементирачкото законодавство на ЕУ како и заради стекнување на искуства од земјите членки на ЕУ од соодветната област. Поголем дел од обуките се организирани од страна на Европската Комисија како што е инструментот за техничка помош TAIEX во вид на експертизи и работилници и DG SANCO.
Управата за семе и саден материјал брои 9 вработени.

Во 2009 година по НПАА програмата се дозволени **нови вработувања**, кои се во постапка за нивно реализирање (со звања раководител на одделение и советник). Со овие вработувања ќе се подобри функционирањето на одделението за признавање, одобрување и заштита на сорти.

Обуки за вработените од Управата во 2009 година се спроведе од TAIEX – мисијата во Скопје од обласа на Директивата која се однесува за маркетинг на семенски материјал и сертифицирање на семенскиот материјал на сите вработени од Управата и TAIEX – работилница во Скопје за постапката за испитување на сортите за DUS –тест и VCU – тест. Исто така се спроведе обука на 2 вработени од Управата во Вагенинген – Холандија на тема заштита на нови видови сорти од земјоделски растенија, во организација на CPVO. Овие обуки беа особено важни при изготвување на подзаконските акти од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија.

**Краткорочни приоритети**
**а) Правна рамка**
Законодавните активности во однос на понатамошно усогласување на националното законодавство со релевантното EU acguis од фитосанитарната област ќе продолжи и во 2010 година со донесување на предвдените подзаконски акти кои произлегуваат од постоечките закони кои ја уредуваат фитосанитарната политика.
**А**. Во 2010 година предвидено е донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за здравје на растенијата транспониран со Директивата 2000/29 ЕС во која меѓудругото се пропишани ЕУ мерки и стандарди со кои ќе се овозможи

воведување на пасоши на растенија во Република Македонија. Воведување на пасоши на растенија е област од поширoки размери која вклучува повеќе последователни активности кои претходат на воведувањето на пасошкиот систем на растенијта како што се изработка на Листите на штетни организми Анекс I – Анекс V од Директивата 2000/29 ЕС, како и прописи меѓу кои е и воспоставувањето на Регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други предмети и објекти како што е Правилниците за формата , содржината и начинот на водење на регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети , кои се имаат право за упис во регистарот и нивните обврски, стандардизација на пасоши на растенија и издавање на пасоши на растенија (користени ЕУ мерки 31992L0090; 31993L0050; 31992L0105). Листите на штетни организми се основа за понатамошна имплементација на пасоши на растенија во Република Македонија. Листите ја создаваат основата за приоритети за контрола при увоз и регистрација на регулираните места на производство и последователна внатрешна инспекција (користени ЕУ мерки: 32000L0029).
Правилник за минималните услови за вршење на фитосанитарна инспекција на растенија, растителни производи и други објекти и предмети и производи за заштита на растенијата, семе и саден материјал на местата на влез во Република Македонија. (користени ЕУ мерки: 31998L0022)
Правилници кои се однесуваат за формата и содржината на фитосанитарниот сертификат, фитосанитарниот сертификат за реекспорт, кој го издава фитосанитарниот инспектор за пратки за извоз кои се извезуваат и потекнуваат од Република Македонија или не потекнуваат од Република Македонија, но биле препакувани или скалдирани во Република Македонија (користени ЕУ мерки: 32000L0029; 32004L0105; 32002L0089) Изготвување на подзаконски акти во делот на мониторинг на штетни организми

**Б**. Во 2010 година предвидено е донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Закон за производи за заштита на растенија транспониран со Директивата 91/414 ЕЕС, со кои подзаконски акти ќе се овозможи регистрација и пререгистрација на активната супстанција и производите за заштита на растенијата во Република Македонија.
За да се отпочне со процесот на регистрација и пререгистрација согласно EU мерките и стандартди потребно е донесување на преостанатите Анекси II, III ,IV, V, и VI од Директивата 91/414 ЕЕС , кои ќе бидат донесени и објавени заедно во пакет за да се заокружи поголем дел од правната рамка по однос на Зконот за производи за заштита на растенијата.
Постапката по која ќе се врши обработка на документите за оценување на активната супстанција и постапката за оценување на производите за заштита на растенијата е согласно униформните принципи за оценување по Анекс VI од Директивата 91/414 ЕС, кои се единствени принципи за процена и одобрување на производи за заштита на растенијата согласно со принципите на EU. Исто така производот за заштита на растенијата кој ќе биде пласиран на пазарот на Република Македонија ќе биде соодветно спакуван, деклариран и означен според прописите донесени врз основа на Законот за производи за заштита на растенијата и релевантните прописи на EU.
Изготвување на подзаконски акти во делот на мониторинг на производи за зштита на растенијата и резидуи

**В**. Во 2010 година предвидено е донесување на подаконски акти кои произлегуваат од Закон за ѓубрива транспониран со Регулативата 2003/2003 ЕЦ, со кои подзаконски акти ќе се пропише формата, содржината и начинот на водење на регистрите за ѓубрива на големо и мало на територијта на Република Македонија. Со ова би се постигнала правилна поделба во однос на регистрите на ѓубрива односно во Република Македонија ќе се воспостават пооделно регстар на неоргански ѓубрива, регистар на органски ѓубрива, регистар на микробиолошките ѓубрива како и регистарот на биостимулатори, подобрувачи на почвата. Исто така за 2010 година предвидени се подзаконски акти со кои ќе се уредуваат поблиските услови за магацините, условите за сместување и чување на ѓубривата на големо и мало.
За целосно и успешно транспонирање на националното законодаство со одредбите на EU acguis за 2010 година планирано е зајакнување на капацитетот на фитосанитарниот систем и тоа:

- Воспоставување на ИТ систем за размена на информации меѓу надлежните служби и воспоставување на база на податоци за доделените авторизации
- Континуирана обука на кадарот на Фитосанитарната управа, како и кадровско екипирање на Фитосанитарната управа со нови вработувања кои се очекуваат во 2010 година.

Во 2010 година Управата за семе и саден материјал треба да продолжи со активностите за усогласување на националното законодавство со ЕУ регулативите, за таа цел предвидено е донесување на следниве Правилници, а кои се утврдени по НПАА програмата :

1. Правилник за трговија со саден материјал од винова лоза –рок до 31/12/2010
2. Правилник за работата на Националната Ген банка и начинот и методите за прибирање и чување на растителните примероци во Ген банка –рок до 31/12/2010

На почетокот на 2010 година, согласно Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија потребно е доделување на јавни овластувања на правни лица за стручна контрола на производство на семенски посеви и насади,

постконтрола и за испитување на видови на сорти на земјоделски растенија, како и јавни овластувања на лаборатории за испитување на семенски и саден материјал, земање и чување на дефинитивните примероци на сорти во ген банки. Поради тоа, во декември 2009 година треба да се распише јавен конкурс за доделување на јавни овластувања на правни лица и лаборатории. По спроведениот конкурс ќе се пристапи кон потпишување на договори со правни лица кои добиле овластување, со тоа се заокружува законската рамка од оваа областа на јавни овластувања.
Одредбите од ЕУ мерките: 31999L0105, 32002R1597, 32002R1598, 32008D0971, 32008D0989 ќе бидат инкорпорирани во неколку правилници кои ќе произлезат од Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја ("Службен Весник на РМ" 55/2007 од 04.05.2007).

б) **Институционална рамка**
Во текот на 2010 се очекуваат нови вработувања за активности поврзани со фитосанитарната политика, односно имплементација на зконодаството во рамки на фитосанитарната политика. Работните обврски и задачи на поголем дел од нововработените ќе бидат директно поврзани со здрањвјето на растенијата и производите за заштита на растенијата.
Во текот на 2010 година се предвидени нови вработубања. Со новите вработувања кадровски ќе зајакне Управата за да може успешно да реализира активности од областа на семе и саден материјал. Овие вработувања се потребни за изработка на подзаконски акти од областа на семе и саден материјал, отпочнување на постапката за етикетирање на семенски и саден материјал, спроведување на постконтрола на семенски и саден материјал, водење на регистри на снабдувачи на семенски и саден материјал во Управата, ажурирање на националната сортна листа, изработка на Билтенот и други стручни работи согласно законската регулатива.

Се планира обука или студиска посета на земја членка на ЕУ од областа на етикетирање на сертифициран семенски и саден материјал, со што вработените ќе се запознаат со постапката за етикетирање, како и видот и формата на етикетите.
Заради вршењето на контролите и испитувањата на шумски репродуктивен материјал од областа на фитосанитарната политика капацитетот на инстиуциите надлежни за фитосанитарната политика во зависност од расположливите буџетски средства потребно е вработување на соодветен персонал – шумарски инженери како и обезбедување соодветни обуки за истите .

**Среднорочни приоритети**
**Правна рамка**
Во 2010 година согласно Законот за селекционерски права треба да ги донесе подзаконските акти за успешно имплементација на овој закон, за таа цел во планираните активности на Управата се донесувањето на слениве правилници:
1. Правилник за видовите и сортите кај кои се врши задолжителна заштита на селекционерските права, формата и содржината на пријавата за селекционерски права, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот за селекционерските права – рок 30.04.2010 г.
2. Правилник за составот и начинот на работа на Стручната комисија за заштита на селекционерските права – рок 30.04.2010 г.
3. Правилник за висината на трошоците за доделување на селекционерското право, носителот на селекционерското право и проверка на условите за доделување на селекционерското право – рок 30.04.2010 г.
Управата во 2010 година треба да отпочне со законската активност на етикетирање на сертифициран семенски и саден материјал, со цел подобра контрола и следење на квалитетот на истиот. Оваа активност ќе обезбеди евиденција на производство на сертифициран материјал од сорти и контрола на семенскиот и садниот материјал кој се пушта во трговија. Официјалните етикети треба да се во согласност со условите на OECD и ISTA стандардите кој важат за земјите членки на ЕУ, а Република Македонија во најскоро време ќе ги прифати овие стандарди и практично почне да ги применува на терен. Со спроведување на оваа активност се заокружува законската рамка од областа на етикетирање на сертифициран семенски и саден материјал на земјоделски растенија.
Со оглед на тоа дека до јуни 2011 година се предвидува да биде донесен Закон за измени и дополнувања на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, ќе се постигне целосно усогласување со Директивата 1999/105/ЕЗ за маркетинг на шумски репродуктивен материјал, како и Регулативата на Комисијата (ЕК) Бр. 1597/2002, Регулативата на Комисијата (ЕК) Бр. 1598/2002, Одлуката на Советот 2008/971/ЕК, Одлуката на Комисијата 2008/989/ЕК.
Законодавните активности во однос на понатамошно усогласување на националното законодаство со релевантното EU acguis од фитосанитарната област ќе продолжи и во 2011и 20112 година со донесување на предвдените подзаконски акти кои произлегуваат од постоечките закони кои ја уредуваат фитосанитарната политика.
А. Во 2011и 2012 година предвидено е донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за здравје на растенијата со кои подзаконски акти ќе се овозможи воспоставување и издавање на пасоши на растенијата, временските периоди и начинот на вршење на фитосанитарна инспекција растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во Листата V Дел А Секција 1 произведени, преработени или користени од страна правни или физички лица

внесени во регистерот и кои се наменети за движење, како и за Листата V Дел А Секција 2 произведени, преработени или користени од страна правни или физички лица внесени во регистерот и кои се наменети за движење во заштитени зони.
Подзаконски акти со кои утврдат границите на посебно регулирано подрачје, мерките за откривање превенција на ширење и сузбивање на штетни организми, начин на утврдување на заштитена зона како и движење во заштитена зона.
Б. Во 2011и 2012 година предвидено е  донесување и на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за производи за заштита на растенијата каде што согласно новите измени кои се очекуваат од страна на Европската комисија во однос на Директивата 91/414 ЕЕС, ќе се очекува и измени во нционалното законодаство.

**Институционална рамка**

Во поглед на имплементацијата на законодаството акцент се става на следниве области:
Воспоставување на регистрарот на производители, преработувачи и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети (регистар на оператори)
Воведување и издавање на пасоши за растенија со кои ќе се гарантира здраствената исправност на растенијата
Организацирање на мониторинг според ЕУ за пропишаните штетни организми
Организацирање на мониторинг според ЕУ за пропишаните производи за заштита на растенијата и  резидуи
Континуирана обука на кадарот на фитосанитарната управа
Зајакнување на капацитетите на Државната Фитосанитарна лабораторија како за анализа на пестициди согласно ИСО 17025 и обука на персоналот за анализа на пестициди така и за резидуи сопгласно ИСО 17025 и обука на кадарот за анлиза на резидуи.

## 3.13 **РИБАРСТВО**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА
### ПРАВНА РАМКА

Областа на рибарството е уредена со Законот за рибарство и аквакултура, објавен во Службен весник на Република Македонија број 7 од 2008 година. Врз основа на законот, изработени се и донесени 19 пратечки прописи кои се објавени во Службен весник на Република Македонија број 53 и 54 од 2008 година и број 7 и 94 од 2009 година.

Покрај Законот за рибарство и аквакултура, правната рамка во областа ја сочинуваат и пакет на закони од областа на ветеринарството, особено Законот за ветеринарно здравство (Службен весник на РМ бр. 113/07) и Законот за јавно ветеринарно здравство (Службен весник на РМ бр. 114/07) како и Законот за Државниот инспекторат за земјоделство (Службен весник на РМ бр. 20/09) и донесените пратечки прописи врз основа на овие закони. Законите и подзаконските акти претставуваат основа за понатамошно уредување на материјата и политиката во областа на рибарството и аквакултурата во согласност со принципите на Заедничката политика за рибарство на ЕУ.

Во делот на ***управувањето со ресурси***, ***инспекцијата и контролата во рибарството***, одредбите од Законот за рибарство и аквакултура и претечките прописи кои поблиску ја уредуваат оваа материја, се однесуваат на дефинирање на риболовните води, начинот на вршењето на стопански и рекреативен риболов и дозволените риболовни средства за вршење риболов, постапките за одгледувањето на риби (аквакултурата), како и производството на порибителен материјал. Во функција на трајно користење на рибите преку одржлив развој, врз основа на законот, изработени се и донесени риболовните основи за три риболовни подрачја (природните езера), изработени се риболовни основи за девет поголеми вештачки езера, а во тек е изработка и на риболовни основи за риболовните ревири (реките) со одредување на рекреативните зони во рамките на риболовните ревири.

***Структурните активности***, согласно одредбите од Законот за рибарство и аквакултура се уредуваат преку годишните програми со мерки за унапредување на рибарството и аквакултурата, кои ги носи Владата на Република Македонија.
***Пазарната политика*** покрај Законот за рибарство и аквакултура е уредена и со пратечките прописи кои се однесуваат на организирање и здружување во рибарството, местата за прва продажба на рибата и квалитетот, големината и начинот на декларирање на рибите кои се ставаат во промет.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Одделението за рибарство и аквакултура (Сектор за земјоделство) е надлежно за изготвување, предлагање и надзор над спроведувањето на одредбите од законот за рибарство и аквакултура, како и за управни и стручни прашања од областа на рибарството. Во одделението за рибарство и аквакултура вработени се три лица.
Непосредно одговорен за инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за рибарство и аквакултура е Државниот инспекторат за земјоделство, кој е орган во состав на МЗШВ. Во Одделението за инспекциски надзор од областа на рибараството и аквакултурата при ДИЗ за вршење на инспекцискиот надзор се вработени вкупно 8 лица.

Здравствената заштита на рибите, како и безбедноста на производите од рибарството кои се пласираат на пазарот се во надлежност на Управата за ветеринарство.
За реализација на активностите во делот на ***управувањето со ресурси***, ***инспекцијата и контролата во рибарството*** од вкупниот број вработени во Одделението за рибарство и аквакултура е надлежно едно лице, а во делот на инспекциската контрола се вработени 4 лица во Одделението за инспекциски надзор од областа на рибараството и аквакултурата при ДИЗ.
За реализација на во делот на ***структурни активности*** во Одделението за рибарство и аквакултура е надлежно едно лице, а за целите на поефикасно вршење на надзор и контрола во областа вработени се 2 лица.
За реализација на активностите во делот на ***пазарната политика*** во Одделението за рибарство е надлежно едно лице за целите на поефикасно вршење на надзор и контрола во областа во ДИЗ вработени се 2 лица.
Покрај тоа, во рамките на Одделението за рибарство и аквакултура се води евиденција за регистрираните репроцентри, производители на порибителен материјал наменет за промет, одгледувачи на риба, како и корисниците (концесионерите) на рибите од отворените риболовни води, со сите потребни податоци за следење на состојбите во областа.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ
### ПРАВНА РАМКА

До крајот на месец март 2010 година се предвидува изработка и донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура. Измените и дополнувањето на Законот генерално ќе бидат насочени во правец на

дополнување со одредби за уредување на државната помош во рибарството и аквакултурата, изменување и дополнување на казнените одредби, како и измена и дополнување на одредбите од законот во насока на подобрување на неговото спроведување. Од измените на законот ќе произлезат и пратечки прописи кои ќе бидат изработени и донесени до крајот на 2010 година. Измените и дополнувањето на законските одредби ќе придонесат за делумни измени во секое подрачје поединечно.

Измените на законот во подрачјето на ***управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството*** ќе ги допрецизираат одредбите околу искористувањето на природните ресурси (рибите), како и одредбите кои се однесуваат на контролата и казните. Во текот на 2010 година, се предвидува и изработка и донесување на пратечки прописи кои се однесуваат на доуредување на подрачјето на управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството. Во ова подрачје, за дооформување на правната рамка се предвидува и изработка на риболовни основи за сите риболовни води кои не се опфатени во риболовните основи изработени во 2008 и 2009 година.

Во текот на 2010 година во областа на ***структурните активности*** предвидено е донесување на Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата за период од 12 години, како и годишната Програма со мерки за унапредување на рибарството и аквакултурата во 2010 година, со начин/упатство за реализација на истите. Исто така со изработката и донесувањето на Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура ќе се вградат и одредби за државната помош во рибарството и аквакултурата, кои ќе ги дадат рамките за понатамошно планирање на мерките за финансиска поддршка во областа.
Во областа на ***пазарната политика*** изменувањето и дополнувањето на Законот за рибарство и аквакултура, ќе придонесе и за измени во делот на формите на облиците на здружување, како и во делот на прометот на риба.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
За зајакнување на административниот капацитет во тек на 2010 година во Одделението за рибарство и аквакултура се предвидува вработување за подрачјето на ***пазарната политика***, со оглед на проширување на обемот на работа во областа, а за зајакнување на инспекциската контрола и вршењето на инспекциски надзор во областа, во Одделението за инспекциски надзор на рибараството и аквакултурата при ДИЗ во 2010 година ќе се вработат нови лица

Во текот на 2010 година предвидено е и целосно воспоставување на ИКТ систем во рибарството, врз основа на Евиденцијата на субјектите во рибарството и аквакултурата која се води во Одделението за рибарство и аквакултура и негово инкорпорирање во рамките на Единствениот регистер на земјоделски стопанства.
Покрај тоа, за потребите за вршење и следливост на стопанскиот риболов согласно законот, во 2010 година ќе се изградат места за влез и излез од риболовните води (риболовни пунктови) на риболовните подрачја каде рибите се дадени на концесија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во овој временски период ќе се изработат и реализираат годишните програми со мерки за унапредување на рибарството и аквакултурата во 2011 и 2012 година, а врз основа на измените и дополнувањата на законот, ќе се изработат и донесат пратечки прописи за целосно уредување на областа.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Заради проширување на обемот на активностите во областа и зајакнување на административниот капацитет, на среден рок во Одделението за рибарство и аквакултура се предвидува вработување на едно лице, а во Одделението за инспекциски надзор на рибараството и аквакултурата при ДИЗ вработување на нови лица.
Во овој временски период се планира изградба на риболовни пунктови на оние риболовните води кои се дефинирани за стопански риболов.

## 3.14 **СООБРАЌАЈНА ПОЛИТИКА**

### 3.14.1 **ПАТЕН СООБРАЌАЈ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

*Пристап на пазарот*

Со Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06 и 114/09) се регулирани условите и начинот на вршење на превозот на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај. Во Законот се имплементирани повеќе директиви и регулативи на Советот на Европската Унија и тоа: Директива 96/26/ЕЗ (делумно), Директива 84/647/ЕЕЗ, Регулатива 56/83/ЕЕЗ, Регулатива 684/92/ЕЕЗ, Регулатива 881/92/ЕЕЗ, Регулатива 3118/93/ЕЕЗ, Регулатива 792/94/ЕЗ, Регулатива 3315/94/ЕЗ, Регулатива 12/98/ЕЗ, Регулатива 2121/98/ЕЗ, Директива 59/03/ЕЦ (делумно), Директива 94/06/ЕЦ. Врз основа на Законот донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот.

*Фискални прашања*

Со Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09 и 114/09) се уредуваат условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, користењето, управувањето, финансирањето на јавните патишта, како и надзорот. Во Законот се имплементирани следните директиви: Директива 62/99/ЕЗ, Директива 52/04/ЕЗ.

Согласно Законот за јавни патишта донесен е подзаконски акт кој се однесува на наплатата на надоместокот за користење на патната инфраструктура кој е усогласен со прописисите на ЕУ и тоа:

- Одлука за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса), (Службен весник на РМ бр. 118/09).

Донесен е Закон за трансформација на ЈП “Македонија пат“, а воедно е изготвен и План за трансформација на јавното претпријатие.

*Опасни материи*

Превозот на опасни материи е регулиран со Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07) во кој се уредени условите под кои се врши превозот на опасните материи (подготвување на материјата, товарење, превоз, попатни манипулации, истивар, безбедност во превозот, опремување на возилата и обука на кадри). Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: Директива 94/55/ЕЗ, Директива 2000/61/ЕЗ, Директива 2001/7/ЕЗ, Директива 95/50/ЕЗ, Директива 2001/26/ЕЗ, Директива 2004/112/ЕЗ, Директива 1996/35/ЕЗ, Директива 2000/18/ЕЗ, Директива 98/91/ЕЗ, Директива 96/49/ЕЗ, Директива 2006/90/ЕЗ. Врз основа на Законот донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот.

*Безбедносни прашања*

Со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/07 и 64/09) се утврдени мерките за заштита на патиштата, правилата на сообраќајот на патиштата, условите кои мора да ги исполнуваат возилата во сообраќајот на патиштата, уредите и опремата што мора да ги имаат возилата, условите за стекнување на право за управување со возила, проверка и техничка контрола на возилата и друго. Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: 2002/85/ЕЗ, 1996/53/ЕЗ, 1991/671/ЕЗ, 1985/3820/ЕЗ, 1985/3821/ЕЗ, 1991/439/ЕЗ, 1997/26ЕЗ, 2002/15ЕЗ, 2004/11ЕЗ, 1992/6ЕЗ, 2000/56ЕЗ, 1996/47ЕЗ, 1996/96, 2003/127, 1989/459ЕЗ, 1988/599ЕЗ. Врз основа на Законот донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот.

Со Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08), се регулира испитувањето на возилата, регистрацијата на возилата и техничкиот преглед на возилата. Врз основа на Законот се донесени сите подзаконски акти кои произлегуваат од него.

На 11 ноември 2008 година донесена е Национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата (2009-2014) со која се предвидуваат долгорочните потреби на државата за преземање на плански мерки и активности на планот на безбедноста на сообраќајот и покажува спремност на истата за решавање на проблемите во овој сегмент. Главната цел на Националната стратегија е до 2014 година, бројот на жртви во сообраќајот на патиштата во Република Македонија да се намали за 50% и 0 (нула) деца- жртви, учесници во патниот сообраќај.

Министерството за внатрешни работи со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, а во согласност со Национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата (2009-2014) изготви и усвои „Програма за унапредување на безбедноста во патниот сообраќај“ која треба да почне да се спроведува од наредната година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на превозот на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај се: Министерството за транспорт и врски, Државниот инспекторат за транспорт – орган во состав на Министерството за транспорт и врски овластен за инспекциски надзор, Министерството за финансии – Царинска управа и Единиците на локална самоуправа.

Во Министерството за транспорт и врски постојат три одделенија во рамките на Секторот за патен сообраќај и инфраструктура за работата околу превозот на патници и стоки во патниот сообраќај.

Во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура во текот на 2009 година се издадени 1052 лиценци за вршење превоз на стоки во патниот сообраќај и 164 лиценци за вршење превоз на патници во патниот сообраќај.

Министерството за внатрешни работи е надлежен орган за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста и контролата на сообраќајот на патиштата. Надлежни структури во Министерството за внатрешни работи кои се грижат за безбедноста на патниот сообраќај, се: Секторот за сообраќајни работи при Биро за јавна безбедност; 8 Полициски станици за безбедност на патен сообраќај, 26 Полициски одделенија за безбедност во патниот сообраќај и 3 полициски станици за безбедност на патниот сообраќај на автопатиштата.
Во текот на своето работење МВР има спроведено преку 30 акциски контроли на републичко ниво кои се со цел, зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, а контролите најчесто се однесуваат на неприлагодена брзина, возење под дејство на алкохол, техничка исправност на возилата, контрола на мопеди и мотоцикли и движење на пешаци.

Во согласност со член 416-а од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата во постапка е формирање на Координативно тело за безбедност на сообраќајот на патиштата, чија цел е следење на напредокот во однос на реализацијата на Националната стратегија, во кое свои претставници ќе имаат сите институции и правни лица кои имаат надлежност во било кој сегмент од безбедноста во сообраќајот на патиштата.
Како превентивна мерка во безбедноста во сообраќајот МВР и Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата имаат реализирано бројни кампањи за подигнување на свеста за безбедноста во сообраќајот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период се предвидува донесување на Закон за измени и дополнувања на Законот за превоз во патниот сообраќај со цел целосно имплементирање на прописите од Европската Унија кои се делумно имплементирани или сеуште не се имплементирани во законот. Имено, предвидено е директивата 96/26/ЕЗ да биде во целост транспонирана, со тоа што ќе се предвиди сумата од 9000 евра за прво возило и 5000 евра за секое наредно возило при докажување на финансиската стабилност на фирмите кои се занимаваат со одделни видови на транспорт во патниот сообраќај, како и целосно имплементирање на директивата 59/03/ЕЦ. Потоа, се предвидува транспонирање на директивата 3916/90/ЕЕЦ која се однесува на мерки во случај на криза на пазарот за транспорт која сеуште не е транспонирана.

Согласно одредбите од Законот за јавни патишта ќе бидат донесени следните подзаконски акти:

1. Уредба за категоризација на јавните патишта и нивните ознаки;
2. Правилник за начин на извршување на задачите за заштита на јавните патишта и

Отпочнат е проектот за реконструирање на сообраќајните знаци и ознаки на коловоз. Постапката ќе се одвива во 4 фази.

- Првата фаза го опфаќа Коридорот 10, за кој што е објавен тендер и истиот е во тек. Во Јануари 2010 година е предвидено отварање на понудите;
- Во втората фаза е планирано да се објави тендер за изготвување на техничка документација за сообраќајна сигнализација на магистралните патишта и тоа до крајот на декември;
- Во третата фаза е предвидено реконструкција на сообраќајни знаци и ознаки на регионалните патишта;
- Во четвртата фаза е предвидено реконструкција на сообраќајни знаци и ознаки на Коридорот 8.

Во тек е постапка за давање под концесија на патиштата (пакет 1 и 2), која опфаќа и наплата на патарина на постоечки и идни автопати. Планирано е на овие наплатни станици да се воведе нов интегриран систем за наплата на патарина.
На останатите наплатни станици, се предвидува концесија за наплата на патарина со воведување на нов интегриран систем за наплата на патарина, за што беше објавен повик за изразување на интерес до компаниите.

Во овој период се предвидува преструктуирање на Јавното претпријатие Македонијапат. Согласно одредбите од Законот, ЈП "Македонија пат" ќе се преструктуира во две акционерски друштва и тоа:
1. АД за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Македонија пат – Скопје и

2. АД за налата на патарина и услуги, кое покрај наплата на патарината ќе ги опфаќа и следниве услуги: заштита на патишта и центар за информации; броење на возила, обработка и водење на податоци; изработка на проектна документација за одржување на патишта; евиденција за состојбата - катастар на магистрални и регионални патишта.

Во завршна фаза на донесување е Закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, со кој се предвидува да биде транспонирана дел од директивата 94/63/ЕЗ кој се однесува на спецификациите за возилата цистерни.

Во овој период ќе се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.
МВР има покренато постапка за изменување и дополнување на Законот за возила се цел подобрување и дополнување на истиот, како и отстранување на некои недоследности во истиот.
Покрената е постапка за донесување на нов Правилник за сообраќајни знаци, опрема и сигнализација на патот.

До крајот на јануари 2010 година, предвидено е донесување на Закон за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и уредите за запишување во патниот сообраќај со кој ќе се регулира прашањето за воведување на дигитални тахографи во возилата.
Согласно одредбите од законот ќе се донесат следните подзаконски акти:
1. Правилник за начинот на пренос на податоците и начинот на водење на евиденција од тахографот
2. Правилник за техничките карактеристики на тахографот и начинот на употреба, вградување, поправање, проверка и контрола на тахографот
3. Правилник за формата и содржината на барањето за издавање или продолжување на овластувањето за инсталирање, проверка, контрола и поправка на тахографи
4. Правилник за формата и содржината на барањето и постапката на издавање на мемориски картички
До крајот на март 2010 година ќе се изврши избор на правно лице кое ќе биде задолжено за издавање на тахографските картички, а воедно ќе биде избрана и работилница која ќе врши сервисирање и калибрирање на тахографите.

<u>Пристап на зедничкиот пазар на транспорт</u>

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, се планира склучување на Спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сеуште нема склучено спогодба.

- Во почетокот на 2010 година се планира склучување на Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Црна Гора.
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Чешка, рок 31.12.2010 година.
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Кралството Шведска, рок 31.12..2010 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Секоја транспортна компанија во Република Македонија која ги исполнува условите предвидени во Законот за превоз во патниот сообраќај и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот, може да аплицира за добивање на лиценца за вршење на одделни видови превоз во патниот сообраќај.

Во текот на 2010 година е предвидено зголемување на бројот на вработени во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура при Министерството за транспорт и врски за 6 лица.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

<u>Пристап на зедничкиот пазар на транспорт</u>

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, ќе продолжат активностите за склучување на Спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сеуште нема склучено спогодба и тоа:

- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Португалија, рок 01.06.2011 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Финска, рок 31.12.2011 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Литванија, рок 01.10.2011 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Ирска, рок 31.10.2011 година,

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Капацитетите на Државниот инспекторат за транспорт ќе се зајакнат со вработување на нови лица, обезбедување на опрема, како и обука за спроведување на инспекциските контроли при вршење на превозот на патници и стоки во патниот сообраќај. За зајакнување на капацитетите на ДИТ предвиден е и проект за техничка помош од ИПА компонента 1.

### 3.14.2 **ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2009 година се изработија предлог текстови на Закон за развој на железниците, Закон за безбедност на железниците и Закон за Агенција за регулирање на пазарот на железнички услуги. До крајот на годината (во период од 14-18.12.2009година) преку инструментот TAIEX се изврши експертиза и оценка на предлог текстовите на новите закони, со кои ќе се заокружи процесот на усогласувањето на националните закони со регулативата на Европската унија.

Се изработија сите подзаконски акти кои произлегуваат од постојните закони од областа на железницата.
На 27.05.2009 година, Министерството за транспорт и врски издаде дозвола за вршење на јавен превоз на патници и стока на националната транспортна компанија МЖ Транспорт АД-Скопје.

До крајот на 2009 година на предлог на Министерството за транспорт и врски, Владата на Република Македонија ќе се усвои Националната програма за железничка инфраструктура за период 2010-20104 година.

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници-Скопје (ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје)
Владата на Република Македонија ја донесе Одлуката за решавање на статусот на долговите на ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје и МЖ Транспорт АД-Скопје ("Службен весник на Република Македонија" број 26/09), а ЈП МЖ Инфраструктура, согласно законската регулатива изврши измена на Статутот.

Согласно Законот на железниците Владата на Република Македонија донесе Одлука за давње на согласност за утвдување на висината на надоместокот за користење на железничката инфраструктура, со примена од 10.01.2009 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 03/09), по што ЈП МЖ Инфраструктура и МЖ Транспорт АД склучија Договор за пристап кон железничката инфраструктура за 2009 година.

На 01.01.2009, ЈП МЖ Инфраструктура ја објави на својата ВЕБ страна Објавата на мрежа за 2009 година, а претходно стапи на сила Возниот ред за 2008/2009.

На 14.12.2009 година, ЈП МЖ Инфраструктура ја објави на својата ВЕБ страна Објавата на мрежа за 2010 година, донесе Тарифа и ја утврди висината на надоместокот за пристап (користењето на железничката инфраструктура) за 2010 година, а исто така стапи на сила Возниот ред за 2009/2010 година заедно со сите други материјали од Возниот ред.

На 16.09.2009 година од страна на ReilNet Europe (RNE) е одлучено ЈП МЖ Инфраструктура -Скопје од 01.01.2010 година да добие статус на кандидат- членка во РНЕ, без право на глас.

Македонски железници Транспорт АД-Скопје (МЖ Транспорт АД-Скопје)
Владата на Република Македонија ја донесе Одлуката за решавање на статусот на долговите на ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје и МЖ Транспорт АД-Скопје ("Службен весник на Република Македонија" број 26/09), а МЖ Транспорт АД, согласно законската регулатива изврши измена на Статутот.

МЖ Транспорт АД – Скопје изработи софтвер за електронски издавање на билети во меѓународен железнички патнички сообраќај.

*Финансирање на жлезничката инфраструктура:* Согласно член 56 став (3) од Законот за железниците („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05 и 24/07) по обезбедување на средства во висина од 185.000.000 денари за одржување на железничката инфраструктура, во Буџетот на Министерството за транспорт и врски, на предлог на Министерството за транспорт и врски, Владата на Република Македонија го донесе Годишниот план за изградба, реконструкција, модернизација, ремонт и одржување на железничката инфраструктура за 2009 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 03/09, 112/09).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Министерство за транспорт и врски**

Во Министерството за транспорт и врски, Секторот за железници е надлежен за работите од обласа на железничката инфраструктура и железничкиот сообраќај.
Согласно Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за транспорт и врски, Секторот за железници се состои од две одделенија: Одделение за железничка инфраструктура и Одделение за железнички сообраќај.
Во Секторот е предвидено да работат вкупно 14 лица. Во овој момент се вработени 7 лица со статус на државни службеници и 1 лице е во работен однос на определено време преку Агенција за времени вработувања.

**Агенција за регулирање на пазарот на железнички услуги**
Управниот одбор на Агенцијата се конституира во јануари 2009, а на 27.02.2009 година беше регистрирана во Централниот регистар на Република Македонија. Со јавен конкурс во април 2009 беше избран директор на Агенцијата и беа донесени Статутот и другите акти на Агенцијата. Агенцијата започна со работа и почна да остварува контакти и комуникации со Европската регулаторна агенција (ЕРА), како и со други регулаторни агенции во Европа.

Финансирањето на Агенцијата во 2009 година беше преку Министерството за транспорт и врски од буџетски сретства. Програмата за работа и активностите беа усогласени со финансиските можности. Во Агенцијата во декември 2009 се вработија во редовен работен однос три лица.

**Странска помош**
**Проект за реформа на железницата**, од Светска Банка е во фаза на имлементација. Најголем дел од компонентите се релизирани. Од вкупниот износ на кредитот (15.000.000 евра) 75% се повлечени. Остануваат да се релизираат набавката на 36 вагони за превоз на товар од МЖ Транспорт АД, како и компоненетата Систем за управување со железничката инфраструктура наменет за МЖ Транспорт АД. Краен рок за затварање на Проектот е 30.10.2010 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2010 година се предвидува донесување на новите закони и тоа:
**Закон за развој на железниците** кои ќе се усогласи со следните Директиви и Рагулативи
1. Директива 91/440/ЕЕЗ на Советот од 29 јули 1991 година за развој на железниците во Заедницата;
2. Директива 92/106/ЕЕЗ на Советот од 7 декември 1992 година за утврдување на општи правила за одредени видови комбиниран превоз на стока помеѓу земјите-членки;
3. Директива 95/18/ЕЗ на Советот од 19 јуни 1995 година за издавање дозволи на железнички претпријатија;
4. Директива 2001/12/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2001 годинасе заменува со Директивата на Советот 91/440/ЕЕЗ за развој на железниците во Заедницата;
5. Директива 2001/13/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2001 година се заменува со Директивата на Советот 95/18/ЕЕЗ за издавање дозволи на железничките претпријатија;
6. Директива 2001/14/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2001 година за распределба на капацитетите на железничката инфраструктура и за одредување на таксите за употребата на железничката инфраструктура и за безбедносните сертификати;
7. Директива 2004/49/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 29 април 2004 година за безбедноста на железниците во Заедницата и за измена на Директивата 95/18/ЕЗ на Советот за издавање дозволи на железничките претпријатија и на Директивата 2001/14/ЕЗ за распределување на капацитетите на железничката инфраструктура и наплатување такси за користењето на железничката инфраструктура и издавање сертификати за безбедност (Директива за безбедност на железниците);
8. Директива 2004/51/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 29 април 2004 година за измена на Директивата 91/440/ЕЕЗ на Советот за развој на железницата во Заедницата;
9. Директива БР. 2007/58/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 23 октомври 2007 година за изменување на Директивата бр. 91/440/ЕЕЗ на Советот за развивање на железницата на Заедницата и Директивата бр. 2001/14/ЕЗ за распределба на капацитетот на железничката инфраструктура и наплата на надоместоците за употреба на железничката инфраструктура;
10. Директива 2008/110/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 16 декември 2008 година за изменување на Директивата 2004/49/ЕЗ за безбедност на железниците на Заедницата (Директива за безбедност на железниците)(Текст со важност за ЕЕО) и
11. Регулатива (ЕЗ) бр. 1370/2007 на Европскиот парламент и на Советот од 23 октомври 2007 година за услуги за јавен превоз на патници со железнички и патен сообраќај и за укинување на Регулативите (ЕЕЗ) бр. 1191/69 и 1107/70 на Советот.

**Закон за безбедност на железниците** кои ќе се усогласи со следните Директиви:

1. Директива 2004/49/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 29 април 2004 година за безбедноста на железниците во Заедницата и за измена на Директивата 95/18/ЕЗ на Советот за издавање дозволи на железничките претпријатија и на Директивата 2001/14/ЕЗ за распределување на капацитетите на железничката инфраструктура и наплатување такси за користењето на железничката инфраструктура и издавање сертификати за безбедност (Директива за безбедност на железниците)
2. Директива 2008/110/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 16 декември 2008 година за изменување на Директивата 2004/49/ЕЗ за безбедност на железниците на Заедницата (Директива за безбедност на железниците)(Текст со важност за ЕЕО)
3. Директива 2007/59/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 23 октомври 2007 година за сертифицирање на машиновозачи кои управуваат со локомотиви и возови во рамките на железничкиот систем на Заедницата
4. Директива 2002/15/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2002 година за организирањето на работното време на лицата што вршат мобилни дејности во патниот сообраќај

По донесувањето на овие закони ќе се наметне потребата од преработка на сите досегашни подзаконски акти (Правилници и Упатства).

Во 2010 година се предвидува и доснесување на: **Закон за интероперабилност на железничкиот систем** преку усогласување со Директива 2008/57/ЕЗ НА Европскиот Парламент и на Советот од 17 јуни 2008 година за заедничко користење на железничкиот систем во Заедницата (преработена верзија) (Текст со важност за ЕЕО), како и измена и дополна на **Законот за договори за превоз во железничкиот превоз** („Службен Весник на Република Македонија" бр.55/07) преку усогласување со Регулатива (ЕЗ) бр. 1371/2007 на Европскиот Парламент и на Советот од 23 октомври 2007 година за правата и обврските на патниците во железничкиот сообраќај.
До крајот на 2010 година на предлог на Министерството за транспорт и врски, ќе се донесе Националната програма за железничка инфраструктура за период 2011-20105 година.

Со цел да се намали постојното ниво на административни пречки на граничните премини меѓу Република Македонија и Република Србија како и Република Македонија и Косово, потребно е да се воведе поефикасен метод на граничната контрола во железничкиот сообраќај кои го ограничуваат брзиот проток на стока и патници, подобрување на квалитетот на транспортните услуги како и безбедноста во железничкиот сообраќај, преку склучување на Спогодби за гранична контрола во железничкиот сообраќај.

Пристап кон железничка инфраструктура

1. Примена на ЦМ+ метода за утврдување на надоместокот за користење на железничката инфраструктура;
2. Изготвување на нова Тарифа односно утврдување на висината на надоместокот за пристап за 2010 година (УО на ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје на 12.11.2009 година);
3. Донесување и објавување на Објавата на мрежа за 2010 година (УО на ЈП МЖ Инфраструктура – Скопје во декември 2009 година);
4. Донесување и објавување на Објавата на мрежа за 2011 година;
5. Донесување и објавување на Возниот ред за 2009/2010 година и материјалите од возниот ред (УО на ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје на 12.11.2009 година);
6. Склучување на Договор за пристап за 2010 година помеѓу ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје и МЖ Транспорт АД-Скопје;
7. Се очекува склучување на Повеќе годишен договор за финансирање на железничката инфраструктура помеѓу ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје и Владата на Република Македонија .
8. Имплементирање на Директивата 2001/14 на ЕУ во делот на маркетинг и продажбата на железничката инфраструктура;
9. Учество во РНЕ и спроведување на РНЕ- стандардите;

*Техничките и безбедносните услови и интероперабилноста во 2010* година и институционалните активности во врска со нив во целост ќе зависат од донесувањето и имплементацијата на предвидената правна рамка за 2010 година.Исто така техничките и безбедносните услови во 2010 година ќе се исполнат со инсталирањето на централниот систем за контрола на железничкиот сообраќај на Коридор 10 кој се очекува да биде пуштен во пробна работа на почетокот на годината.
*Странска помош:*

- *П*роектот од Светска банка за реформа на железницата е во завршна фаза на имплементација. Се очекува случување на нов договор за заем со одбрана меѓународна финансиска институција во износ од 18.000.000 евра за Ремонт на пооделни делници на Коридор 10 во должина од 53 километри.
- Во 2010 година ќе се побара TAIEX помош за давање на стручна експертиза по предлог текст нов Закон за интеропарабилност.

*Финансирање на железницата*
Финансирањето е предвидено од Буџетот на Република Македонија, од заемот на Светска Банка, како и од предпристапните ИПА фондови. Во Буџетот на Република Македонија за 2009 година се алоцирани 320.000.000 денари. Управителот на инфраструктурата во согласност на Министерот за транспорт и врски ќе изработи Годишна план за изградба, реконструкција, модернизација, ремонт и одржување на железничката инфраструктура за 2010 година за средсѕва во висина од 210.000.000 денари.

*Обврски за услуги од јавен интерес:* Ќе се склучи договор за компензирање на загубите кои се прават во железничкиот превоз на патници меѓу Владата на Република Македонија и МЖ Транспорт АД-Скопје.

*Техничките и безбедносни услови и инероперабилноста*
Железничкиот превозник ќе го модернизира возниот парк во согласност со Европските директиви за интероперабилност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Министерство за транспорт и врски**
Предвидено е зајакнување на Секторот за железници преку нови вработувања, техничка опременост и организирање на обуки на вработените. Кадровското екипирање ќе придонесе навремено, квалитетно и ефикасно да се реализираат потребните реформи во железницата. Согласно Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за транспорт и врски, во Секторот за железници има потреба да се вработат 2 лица.

Согласно предлог текстот на Законот за безбедност во железниците, предвидено е основање на **тело за безбедност** како орган во состав на Министерството за транспорт и врски како безбедносен орган за издавање сертификати за безбедност преку измена и дополна на Систематизацијата на Министерството за транспорт и врски, нови вработувања, техничка опременост и организирање на обуки на вработените. Се предвидува да се вработат 5 лица.

Согласно предлог текстот на Законот за безбедност во железниците, предвидено е основање на **тело за водење на истраги за случени инциденти**, **несреќи и сериозни несреќи** како одделение во Министерството за транспорт и врски преку измена и дополна на Систематизацијата на Министерството за транспорт и врски нови вработувања, техничка опременост и организирање на обуки на вработените. Се предвидува да се вработат нови лица.

**Агенција за регулирање на пазарот на железнички услуги**
Агенцијата ќе изготви годишна програма за работа и финансиски план за 2010 со вклучен предлог за финансирање од сопствени извори на приходи. Во текот на 2010 година планирано е организирање на обуки на вработените.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2011 и 2012 година ќе се следат измените и донесувањето на нови директиви и регулативи на Европската унија со кои ќе се усогласи постојната законска рамка на Република Македонија во делот на железницата. Исто така ќе се иницира побрзо имплементирање и заживување на комбинираниот превоз по мрежата на железницата во Република Македонија.

До крајот на 2011 и 2012 година на предлог на Министерството за транспорт и врски, Владата на Република Македонија ќе ја донесе Националната програма за железничка инфраструктура за период 2012-20106 година, како и за период 2013-20107 година, а согласно член 48, став 2 од Законот за железниците („Службен весник на Република Македонија” бр.64/05 и 24/07), Собранието на Република Македонија ќе ја донесе.

Со цел да се намали постојното ниво на административни пречки на граничните премини меѓу Република Македонија и Република Грција, потребно е да се воведе поефикасен метод на граничната контрола во железничкиот сообраќај кои го ограничуваат брзиот проток на стока и патници, подобрување на квалитетот на транспортните услуги како и безбедноста во железничкиот сообраќај, преку склучување на Спогодби за гранична контрола во железничкиот сообраќај.

*Пристап кон железничката инфраструктура*
1. Изготвување на нова Тарифа односно утврдување на висината на надоместокот за пристап за 2012 година;
2. Донесување и објавување на Објавата на мрежа за 2012 година;
3. Донесување и објавување на Возниот ред за 2010/2011 година и материјалите од возниот ред;
4. Склучување на Договор за пристап за 2011 година помеѓу ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје и превозниците;
5. Подготовки за имплементирање на Директивата 2001/14 на ЕУ во делот на продажба на траси на други управители на железнички инфраструктури;

6. Учество во РНЕ и спроведување на РНЕ- стандардите;

*Техничките и безбедносни услови и интероперабилноста*
Техничките и безбедносни услови и интероперабилноста, во 2011 година ќе се надградуваат согласно иновациите и нивно имплементирање во железничкиот систем на Европската унија. Железничкиот систем ќе се модернизира преку реконструкција и модернизација на железничката инфраструктура се со цел постигнување на повисоко ниво на услуги .
*Финансирање на железницата*
Во секоја година дел од финансирањето се предвидува од Буџетот на Република Македонија и средства од заем од Светска банка. Исто така се очекува од ИПА фондовите да се обезбедат средства за реализација на два проекта и тоа: ГСМ-Р и Автоматска регулација на брзина ЦТЦ ниво 1 и средства за проектна документација за нови пруги.
Македонски железници Транспорт АД-Скопје (МЖ Транспорт АД-Скопје)
*Обврски за услуги од јавен интерес:* Ќе се склучи договор за компензирање на трошоците за железничкиот превоз на патници меѓу Владата на Република Македонија и МЖ Транспорт АД-Скопје.

*Техничките и безбедносни услови и инероперабилноста*
Железничкиот превозник ќе го модернизира возниот парк во согласност со Европските директиви за интероперабилност.

*Превоз на опасни материи*
Превозот на опасни материи ќе се одвива и понатаму согласно правилата за превоз на опасни материи по железница. Секоја промена на Директивите на ЕУ ќе се разгледуваат дополнително и ќе се имплементираат за да се безбедно одвива превозот на опасни материи. Исто така будно ќе се надгледуваат промените за исполнување на железничките возила кои се користат за превозот на опасни материи. Новите материјали кои ќе бидат наменети за изработка на возилата за превоз на опасни материи согласно директивите ќе бидат имплементирани.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Министерство за транспорт и врски**
Предвидено е зајакнување на Секторот за железници преку нови вработувања, техничка опременост и обезбедување на обуки на вработените за следење на законските прописи од оваа област. Во овој период капацитетите на Секторот за железници ќе се зајакнат со вработување на 2 нови лица по година (2011 и 2012).

**Агенција за регулирање на пазарот на железнички услуги**
Агенцијата за регулирање на пазарот за железнички услуги и ќе овозможи транспарентно и недискриминаторско работење на управителот на инфраструктурата и железничкиот превозник.
Агенцијата ќе изготви годишна програма за работа и финансиски план за 2011/2012 година со вклучен предлог за финансирање од сопствени извори на приходи. Во текот на 2011/2012 година планирано е организирање на обуки на вработените да се зајакнат капацитетите на Агенцијата.

### 3.14.3 **ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ**
ТЕКОВНА СОСТОЈБА
ПРАВНА РАМКА
Внатрешната пловидба во Република Македонија опфаќа пловидба на природните и вештачки езера и пловидба на еден канал. Пловидбата се одвива за туристички цели и спорт и рекреација. Превоз на стоки не се врши. На внатрешните води забранет е превоз на опасни материи.

Во моментов не се одвива меѓудржавна и меѓународна пловидба, иако заради граничењето на природните езера со други држави (Република Албанија и Република Грција), во иднина постои можност да се реализира ваквата пловидба.

Со цел заокружување на регулативата од областа на внатрешната пловидба и имплементирање на националното со законодавството на Европската Унија, во 2009 година се извршени измени и дополнувања на Законот за внатрешната пловидба заради усогласување со:
- техничките барања за способност за пловидба на пловните објекти во постапката на стандардизацијата со европските критериуми за пловните објекти со транспонирање на директивата 2006/87/ЕЗ од 12.12 2006 година за утврдување на технички барања за пловни објекти во внатрешната пловидба и укинување на Директивата на советот 82/714/ЕЕЦ;
- взаемното признавање на дозволите за пловидба на бродови по внатрешните води, со транспонирање на директива на Советот 76/135/ЕЕЗ од 20 јануари 1976 година за взаемно признавање на дозволи за пловидба на бродови по внатрешните води;
- условите за сертификат за национални бродски капетани за превоз на стоки и патници преку внатрешните водни патишта во заедницата директива 96/50/ЕЗ на Советот од 23 јули 1996 година за усогласување на условите за

добивање на сертификати за национални бродски капетани за превоз на стоки и патници преку внатрешните водни патишта во Заедницата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста во внатрешната пловидба се Министерството за транспорт и врски и Капетанијата на пристаништата – орган во состав на Министерството за транспорт и врски. Во рамките на Капетанијата постои едно одделение со вработени седум лица.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2010 година Собранието на Република Македонија ќе го донесе Законот за изменување и дополнување на законот за внатрешна пловидба кој беше усвоен од Владата на Република Македонија. Исто така,во 2010 година ќе се донесат следните подзаконски акти:

- Правилник за видовите на звања за член на екипаж на брод, посебните услови за стекнување на одделни видови звања, работите кои член на екипаж на брод од одделен вид на звање може да ги извршува, начинот, постапката и програмата за полагање на испитот за добивање на уверение за стекнување одделен вид на звање, формата и содржината на потврдата за положен испит и уверението за стекнатото звање за член на екипаж на брод;
- Правилник за определување на бројот и составот на членовите на екипажот на бродот според видот и карактеристиките на бродот, намената, видот и подрачјето на пловидбата.
- Правилник за начинот на утврдување способност за пловидба на чамец во поглед на конструкцијата, пловните својства, механичкиот двигател и другите уреди и опрема и начинот на баждарењето согласно Технички правила за утврдување способност за пловидба на чамец.

Со донесувањето на овие подзаконски акти ќе се изврши транспонирање Директива 91/672/ЕЕЗ, која предвидува признавање исправи за оспособеност на заповедникот на бродот согласно прописите на земјите членки на Европската Унија и Директива 96/50/ЕЗ со која се пропишуваат условите за начинот на утврдување на здравствената способност на членовите на екипаж на брод и Директива 94/25/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 16 јуни 1994 за доближување на законите, регулативите и административните одредби на земјите-членки за пловни објекти за рекреација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе се зајакнат капацитетите на Капетанијата на пристаништата со нови вработувања – инспектори за безбедност во внатрешната пловидба со што ќе се обезбеди вршење надзор над способноста за пловидба на пловните објекти, пловните патишта, пристаништа, зимовници, сидришта и плажи, бројот, составот и стручната оспособеност на членовите на екипажот, превозот на патниците и товар, заштита од загадување од пловни објекти.

За 2010 година е предвидена реконструкција на пристаништето во " Св. Наум", на Охридското Езеро.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Уредување на условите што мора да ги задоволуваат пристаништата во поглед на нивната безбедност, опременост и капацитет.

### 3.14.4 **КОМБИНИРАН СООБРАЌАЈ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во Законот за железници (Службен весник на РМ бр. 58/07) и Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај (Службен весник на РМ бр. 55/07) се вградени одредби со кои се регулираат односите помеѓу страните вклучени во вршењето на комбиниран превоз на стоки.

Усвоениот Закон за Јавни патишта во 2008 год (Службен весник на Република Македонија бр. 84/08) вметнати се европските позитивни искуства и е усогласен со Европските директиви.

Во Националната транспортна стратегија на Република Македонија (2007-2017) е предвидено да се создадат услови за превоз на стоки преку два или повеќе вида на транспорт, односно создавање на мултимодална транспортна мрежа. Исто така е предвидено промовирање на:

- ефикасни сервиси од системот "од врата до врата",
- најнови достигнувања во ЕУ во однос на стандардизација и хармонизација на товарните мултимодални единици,
- образование и обука кои ќе се фокусираат во насока на оперативни, маркетиншки, финансиски, економски и конкурентни односи помеѓу транспортните видови и нивна примена во мултимодалниот транспорт.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Промоција на модалната распределба од автомобилите кон пешачење, велосипедизмот и јавниот транспорт
- Воведување на политика за пренасочување на товарот и патниците од патиштата кон транспортните видови кои не се штетни за животната средина

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- До 2011 година се предвидува стандардизација и хармонизација на мултимодалните товарни единици со промоција на Европската интермодална товарна единица.
- Интегрирање на издавање билети и услуги за багаж помеѓу различни видови на транспорт

До 2014 година се предвидува изградба на мултимодални јазли на можни локации во државата врз основа на предходна студија за изводливост

### 3.14.5 **ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

**Закон за воздухопловство** („Службен весник на РМ" бр.14/06, 27/07 и 103/08) - ги уредува условите и начинот на вршење на дејностите од областа на воздухопловството во Република Македонија, ја воспоставува правната основа за трансформација на Управата за цивилна воздушна пловидба на регулатор и давател на услуги на воздухопловна навигација и ги регулира аеродромските такси . Подзаконските акти предвидени со овој Закон се изготвуваат во согласност со прифатените меѓународни воздухопловни стандарди, препорачаните практики и легислатива на ЕУ, ICAO, ECAC, JAA/EASA и EUROCONTROL. Меѓународните стандарди, регулативи, упатства и препорачани практики на кои подзаконските акти вршат само упатување се сметаат за прифатени и директно се применуваат. Овој закон дава основа за транспонирање на ЕУ мерки во подзаконските акти.

**Закон за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај** („Службен весник на РМ" бр.85/08) - ги регулира прашањата поврзани со приватното право во доменот на воздухопловството, во однос на договорот за превоз, т.е. авиокартата за превоз на патници, одговорноста на авиопревозниците што произлегува од договорот за превоз, надоместување на штета, осигурување и сл. Овој закон е усогласен со следниве ЕУ мерки: 31992R2409; 31997R2027, 32002R0889, 32004R0261, 32005R2111, 32004R0785, 31989R2299 , 31999R0323 и 31993R3089.

Со ратификација на **Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област (ECAA)**, потпишана на 9.06.2006 година во Луксембург („Службен весник на РМ" бр.27/07) за Република Македонија и ЕУ создадени се унифицирани услови за слободен пазар на услуги во воздушниот транспорт и унифицирани правила во областа на сигурноста, безбедноста, управувањето со воздушниот сообраќај, социјалната сфера и заштитата на животната средина.

Во декември 2006 година Република Македонија ја ратификуваше **Хоризонталната спогодба** (**Спогодба помеѓу Република Македонија и ЕУ за некои аспекти на воздушниот сообраќај**), потпишана на 9.06.2006 година во Луксембург („Службен весник на РМ" бр.127/06). Нејзина цел е измена или дополнување на некои одредби од билатералните спогодби за редовен воздушен сообраќај кои Република Македонија ги има склучено со земји членки на ЕУ со цел истите да бидат усогласени со законодавството на ЕУ и на тој начин да се одбегне дискриминацијата во воздушниот сообраќај во однос на другите земји членки на ЕУ.

**Билатерални спогодби**

Во 2009 година Република Македонија ја ратификуваше Спогодбата за редовен воздушен сообраќај со Црна Гора потпишана („Службен весник на РМ" бр.51/09), а беше потпишана Спогодба за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Швајцарскиот Сојузен Совет и парафирана новата Спогодба за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција.

**Подзаконски акти на Законот за воздухопловство**

Во текот на 2009 година донесени се поголем дел подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.14/06, 24/07 и 103/08). Во тој контекст веќе се транспонирани осум регулативи и директиви на ЕУ согласно обврските од Спогодбата за Европска заедничка воздухопловна област: 31989L0391, 32003L0088, 32000L0079, 31990L0314, 31992L0059, 31993L0013, 31995L0046 и 32003R2042.

**Националната воздухопловна политика на Република Македонија** претставува главна основа за дефинирање на стратешките цели и приоритети на Република Македонија во областа на воздухопловството и е ориентирана кон

реализирање на приоритетите во секоја од областите дефинирани во Спогодбата за создавање на Европска заедничка воздухопловна област и тоа: безбедност, услуги на воздухопловна навигација, инфраструктура, сигурност, заштита на животната средина, заштита на правата на потрошувачите, конкуренција и останати области поврзани со воздухопловството во Република Македонија.

**Национална стратегија за развој на воздухопловството во Република Македонија** дава насоки за: модернизирање и оптимизирање на идната организациона структура на националниот воздухопловен сектор, исполнување на високите меѓународни стандарди за безбедност и сигурност, подобрување на воздухопловната инфраструктура, одржливост на животната средина во услови на пораст на обемот на воздушниот сообраќај и транспорт, управување со воздушниот простор согласно принципот Единствено европско небо, либерализација на услугите во воздушниот транспорт, како и мерките за заштита на постоечките и новите корисници на услугите во воздушниот транспорт во Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Министерство за транспорт и врски**. Надлежностите на Министерството за транспорт и врски - Сектор за воздухопловство се утврдени во член 6 од Законот за воздухопловство. Во моментов, има осум (8) вработени, од кои пет (5) се во редовен работен однос и три (3) со Договор за вработување преку Агенцијата за привремени вработувања. Предвиденото 1 (едно) вработување за 2009 година е реализирано во септември 2009 година. Завршувањето на процесот на кадровско екипирање на Секторот за воздухопловство е од пресудно значење за целосно, навремено, квалитетно и ефикасно реализирање на надлежностите на Министерството во областа на воздухопловството.

**Агенција за цивилно воздухопловство**. Дел од вработените од Агенцијата за цивилно воздухопловство (261) на 01.07.2009 година преминаа во Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје. Во Агенцијата за цивилно воздухопловство остануваат 63 вработени.
Новата систематизација на Агенцијата за цивилно воздухопловство е донесена во месец декември 2009 година. На 07.07.2009 година во Стразбур, Република Франција потпишан е нов **работен документ** (Working Arrangement) помеѓу Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија и Европската агенција за воздухопловна безбедност (EASA) со цел стандардизација на работата на Агенцијата за цивилно воздухопловство со воздухопловните власти на ЕУ.

**Давател на услуги за воздухопловна навигација** (ANSP). Врз основа на член 60 од Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ“ бр.14/06, 24/07 и 103/08) за вршење на услуги на воздухопловна навигација, Владата на Република Македонија формираше Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје. Новото друштво е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија на 04.06.2009 година. Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје донесе систематизација на 22.06.2009 година.

**Јавно претпријатие за аеродромски услуги „Македонија“ – Скопје**. Новото Акционерско друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА“ – во државна сопственост е регистрирано во Централниот регистар на Репубика Македонија на 22.08.2008 година. Во моментов АД „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА“ - Скопје е единствено правно лице што управува со аеродромската инфраструктура на двата аеродроми во РМ.

**Комисија за испитување на несреќи и сериозни инциденти во воздухопловството**. Согласно член 166 од Законот за воздухопловство формирана Комисијата за испитување на несреќи и сериозни инциденти. Оваа Комисија ги испитува несреќите и сериозните инциденти на воздухоплови или падобрани во воздушниот простор на Република Македонија и е самостојна во својата работа. Има постојан член именуван од Владата на Република Македонија и променлив состав чии членови, во случај на несреќа или сериозен инцидент на воздухоплов или падобран, ги именува министерот за транспорт и врски од листата на воздухопловни стручњаци, во зависност од типот на воздухопловот за кој се работи.

**Национален комитет за воздухопловна безбедност**. Согласно Националната програма за воздухопловна безбедност, формиран е Национален комитет за воздухопловна безбедност и именувани се членовите на Националниот комитет за воздухопловна безбедност. Национален координатор за воздухопловна безбедност е директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**Национален комитет за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај**.Согласно Националната програма за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.127/08) и стандардите од Анекс 9 кон Чикашката конвенција формиран е Национален комитет за олеснување на превоз во воздушниот сообраќај. Конститутивен состанок на Националниот комитет за олеснување на превоз во воздушниот сообраќај е одржан на 01.04.2009 година. Национален координатор за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај е директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**Полноправно членство на Република Македонија во Здружените воздухопловни власти** (JAA-Joint Aviation Authorities) **и соработка со Европската агенција за воздухопловна безбедност** (**EACA**)
Република Македонија доби покана за стекнување на полноправно членство во ЈАА на состанокот на Бордот на директорите на воздухопловните власти на земјите членки на ЈАА, одржан на 03.12.2008 година во Париз, Франција, со што Агенцијата за цивилно воздухопловство официјално стана полноправна членка на ЈАА и со тоа Република Македонија исполни една од најбитните обврски од Протоколот V од Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област склучена со Европската унија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**Донесување на Закон за изменување и дополнување на законот за воздухопловство**
Донесувањето на овој закон е во насока на подобрување на квалитетот на Законот за воздухопловство и усогласување на состојбите во правец на обврските и ЕУ правилата превземени со Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област т.н. Спогодба за ЕЗВО („Службен весник на РМ" бр.27/2007), како и постапување согласно препораките содржани во Извештаите на Мисијата на ЕУ за извршените проценки на имплементацијата на Спогодбата за ЕЗВО. Со овие измени и дополнувања, состојбата поврзана со воспоставување на слобода на пристап на пазарот на аеродромски услуги е регулирана согласно ЕУ Директивата 96/67, со што е овозможено самостојното вршење на аеродромски услуги. Исто така, испитувањето на воздухопловни несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани, и потрага и спасување на воздухоплов е регулирано согласно ЕУ Директивата 94/56 за основните принципи за испитување на несреќи и сериозни инциденти во цивилното воздухопловство, како и ЕУ Директивата 2003/42 за известување на настани во цивилното воздухопловство и се формира независно тело за нивно испитување. Понатаму, се уредува работното време на мобилни работници во воздухопловството и нивното право на бесплатни медицински прегледи согласно ЕУ Директивата 2000/79. Исто така, со измените и дополнувањата се допрецизираат одредени членови и се усогласуваат со меѓународните регулативи и стандарди како и прописите на ЕУ. Исто така, направени се измени и дополнувања на одредени членови кои се во насока на обезбедување на целосна политичка, функционална и финансиска независност на Агенцијата за цивилно воздухопловство.
По реализирањето на TAIEX Експертската мисија во Скопје (11-15.01.2010 година), Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство ќе биде доставен на мислење до сите релевантни институции. По вградување на нивните забелешки Предлогот на закон ќе биде доставен на усвојување до Владата на Република Македонија.

До крајот на 2010 година ќе се донесат останатите **подзаконски акти** кои ќе произлезат од Законот за воздухопловство и ќе ги транспонираат ЕУ мерките од ECAA спогодбата.
Во последниот квартал на 2010 година се планира да се донесат и оние подзаконски акти кои регулираат одредени аспекти на воздухопловството, а се засноваат врз одредби од други закони.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Кадровско екипирање на Секторот за воздухопловство**
Предвидено е зајакнување на Секторот за воздухопловство преку нови вработувања, техничка опременост и обезбедување на обуки на вработените за следење на прописите од оваа област. Завршувањето на процесот на кадровско екипирање на Секторот за воздухопловство е од пресудно значење за целосно, навремено, квалитетно и ефикасно реализирање на надлежностите на Министерството во областа на воздухопловството.
Согласно Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за транспорт и врски, во Секторот за воздухопловство потребно е да се вработат уште 4 (четири) лица. Во текот на 2010 година планирано е вработување на нови лица.

**Кадровско екипирање на Агенцијата за цивилно воздухопловство**
Согласно акционите планови доставени до меѓународните воздухопловни организации потребно е кадрово зајакнување на Агенцијата со најмалку 10 лица кои ќе бидат стручен воздухопловен кадар и тоа: 1 (еден) сообраќаен пилот со АТПЛ дозвола, 1 (еден) воздухопловен електро инженер со ИРЕ дозвола, 1 (еден) советник за лиценцирање на воздухопловен-технички персонал, еден (1) инспектор за обезбедување од незаконско постапување (security), 1 (еден) правник со правосуден испит , 1 (еден) економист и 1 (еден) систем администратор за во 2010 година, најмалку 2 лица односно 1 (еден) контролор на летање и 1 (еден) економист за 2011 година, и најмалку 1 (еден) воздухопловен сообраќаен инженер во текот на 2012 година.

**Сертификација на Давателот на услуги за воздухопловна навигација**

Согласно членот 3 од Уредбата за изменување и дополнување на уредбата за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење („Службен весник на РМ“ бр.117/09) според кој одредбите кои се однесуваат на добивањето и одржувањето во важност на уверение за давање на услуги на воздухопловна навигација ќе се применуваат од 10.03.2010 година, Агенцијата за цивилно воздухопловство до 20.03.2010 година треба да изврши сертификација на дезигнираниот давател на услуги на воздухопловна навигација М-НАВ .

**Концесии на леталиштата за стопанска авијација**

Владата на Република Македонија со Одлука за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари-леталишта од Агенцијата за цивилно воздухопловство на единиците на локалната самоуправа бр.19-5066/1 од 28.10.2008 година ги одзема од користење од Агенцијата за цивилно воздухопловство леталиштата за стопанска авијација и ги доделува на времено користење за период од 12 месеци на соодветните единици за локална самоуправа.

Со цел да се обезбеди развој на стопанската и спортската авијација во Република Македонија, а заради задржување на нивната функција и овозможување на развој на воздухопловството, потребно е леталиштата да се дадат под концесија на воздухопловните субјекти.

**Комисија за испитување на несреќи и сериозни инциденти во воздухопловството**

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство, испитувањето на воздухопловни несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани, и потрага и спасување на воздухоплов ќе се регулира согласно ЕУ Директивата 94/56 за основните принципи за испитување на несреќи и сериозни инциденти во цивилното воздухопловство, како и ЕУ Директивата 2003/42 за известување на настани во цивилното воздухопловство, и ќе се формира Комитет за нивно испитување како независно истражно тело со својство на правно лице.

Комитетот треба да биде организациски, функционално и финансиски независен од Агенцијата и од субјектите на воздухопловната индустрија чии интереси можат да бидат во конфликт со неговите задачи и овластувања.

Комитетот ќе се состои од тројца истражители кои ги именува Владата на Република Македонија, и од кои еден се именува за претседател на Комитетот. Претседателот на Комитетот во случај на несреќа или сериозен инцидент може да ангажира надворешни експерти од областа на воздухопловството и странски истражни тела од цивилното воздухопловство и други тела кои се квалификувани за истрага на воздухопловни несреќи или сериозни инциденти.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

**Регионален проект за воздухопловство за имплементација на Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област т.н. Спогодба за ЕЗВО** (CARDS 2006)

Регионалниот Проект за воздухопловство за имплементација на Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област т.н. Спогодба за ЕЗВО претставува Проект за поддршка на имплементацијата на Спогодбата за ЕЗВО.

Цел на Проектот е обезбедување на поддршка и помош на земјите корисници на овој проект во имплементацијата на ЕУ регулативите од Спогодбата за ЕЗВО, како и техничка експерти за потребна за исполнување на обврските од Спогодбата.

Земји корисници на овој Проект се: Република Македонија, Србија, Хрватска, Црна Гора, Косово, Босна и Херцеговина и Албанија.

Како дел од овој проект е планот за Конвергенција кон ЕАСА на Република Македонија кој ќе биде воден од страна на ЕАСА со средствата на ИПА фондовите. Овој проект ќе биде продолжување на проектот CARDS 2006 Regional Aviation Project со цел стандардизација на работата на Агенцијата за цивилно воздухопловство со стандардите на ЕАСА и ЕУ.

Агенцијата за цивилно воздухопловство планира доколку се одмрзне Програмата за имплементација на регулативата за Единствено европско небо ИСИС воден од Европската комисија во текот на 2010 година да продолжи да учествува во неговата работа. Програмата ИСИС се води преку четири приоритетни проекти односно 1.Транспозиција на легислатива за единствено европско небо, 2.Градење на капацитетот на НСА, 3.Утврдување на тренинг и легислатива за лиценцирање и 4. Just culture.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок Република Македонија ќе ги спроведува обврските преземени со втората преодна фаза на Спогодбата за европска заедничка воздухопловна област.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Национален координатор за алоцирање на слотови за полетување и слетување**

Согласно член 84 став 2 од Законот за воздухопловство е предвидено донесување на подзаконски акт на Владата на Република Македонија која треба да предвиди именување на независен координатор за алокација на слотови со цел усогласување со ЕУ прописите.

Независен национален координатор за алокација на слотови ќе биде назначен само ако протокот на патници на аеродромот/-ите надмине 1.000.000 на годишно ниво и доколку истовремено се појави континуиран недостаток на капацитети за опслуга. Се дотогаш, доделувањето на слотови ќе се врши преку олеснувач на распоред.

**Организација во Функционални блокови на воздушен простор** (FAB) **и Флексибилно користење на воздушиот простор** (FUA)
До крајот на 2009 треба да се воспостават и одржуваат механизми за координација на трите стратешки нивоа пропишани со принципот на флексибилно користење на воздушиот простор (FUA).
До крајот на 2013 година се планира да бидат завршени иницијативите и преговорите на Република Македонија околу одлучувањето со кои соседни земји ќе се склучи спогодба за организирање на FAB и ќе се реорганизира националниот воздушен простор согласно воспоставениот FAB.

### 3.14.6 **ПОМОРСКИ СООБРАЌАЈ**

### 3.14.7 **ДРЖАВНА ПОМОШ**

Во Република Македонија се применува законодавство за државна помош кое е усогласено со легислативата на ЕУ.
Во рамките на спроведување на законодавството Министерството за транспорт и врски, како давател на државна помош, континуирано соработува и бара мислење од Комисијата за заштита на конкуренцијата за сите правни акти кои може да содржат државна помош

### 3.14.8 **САТЕЛИТСКА НАВИГАЦИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во моментот, во Република Македонија не е утврдена законска рамка која ги регулира и уредува Голбалните системи за сателитска навигација.

Од аспект на иницијалното поставување на системот за сателитска навигација и позиционирање, во Република Македонија нема експлицитна законска рамка која го тангира прашањето во врска со сателитската навигација и позиционирање во делот на транспортот, што значи дека условите и начинот на користењето и примената на сателитската навигација и сателитското позиционирање во транспортниот сектор на Република Македонија не се регулирани. Понатаму, имајќи ги во предвид напорите и активностите на Република Македонија за транспонирање и усвојување на законодавството на ЕУ во делот на сателитската навигација во транспортот, се напоменува дека во позитивното законодавство на Република Македонија не е транспонирана *Одлуката на Советот од 29.04.2004 за усвојување на Рамковната Спогодба меѓу Европската Заедница и Европската Вселенска Агенција (2004/578/ЕС)*, со која Европската Заедница и формално ја усвојува претходно наведената Рамковна Спогодба. *Рамковната Спогодба меѓу Европската Заедница и Европската Вселенска Агенција* („Службен весник на Европска Унија“, L 261/64) од 06.08.2004, меѓу другите ги адресира и прашањата со сеопфатниот и прогресивен развој на Европската Вселенска Политика, понудата и побарувачката на сервиси и апликации на системи за ориентација во просторот, политиките на Заедницата, поставувањето на заедничка рамка за користење на системите за сателитска навигација и позиционирање итн.

Од аспект на иницијалната практична имплементација на сателитските системи за навигација и позиционирање на ниво на Европската Унија-GALILEO, треба да се напомене и тоа дека во односното позитивно законодавство на Република Македонија не се транспонирани Регулативата 876/2002 од 21.05.2002 („Службен весник на Европска Унија“, L 138, 28.05.2002) и Регулативата 1943/2006 од 22.12.2006 („Службен весник на Европска Унија“, L 367, 22.12.2002). Со овие регулативи се поставува основата за активностите за управување со развојната фаза на системот GALILEO (2000-2005). И покрај тоа што оваа фаза заврши во 2005, овие (заеднички) активности мора да ја подготват имплементацијата на натамошните фази на GALILEO програмата (поставувањето на системот и комерцијалната употреба).

Во однос на поединините области од транспортот во Република Македонија, во:

*Железнички сообраќај*
Во делот на железничкиот сообраќај во одредбите кои ја регулираат сателитската навигација не се транспонирани: Директивата 2001/16/ЕС од 19.03.2001 година на Европскиот Парламент и на Советот за интероперабилност на транс-Европскиот конвенционален железнички систем, со која се регулираат условите кои треба да се исполнат за да се постигне интероперабилност на железничката конвенционална мрежа; Одлука на Комисијата 2004/446/ЕС за буката, товарните вагони и телематските апликации за товарните технички спецификации за интероперабилност на кои се однесува Директивата 2001/16/ЕС.

*Воздушен сообраќај*

Во делот на воздушниот сообраќај во одредбите кои ја регулираат сателитската навигација не се транспонирани: Регулативата на Советот 219/2007 од 27.02.2007 година („Службен весник на Европска Унија“, L 64, 02.03.2007) за преземање на заеднички активности за развој на новата генерација на Европскиот систем за управување со авио-сообраќајот (SESAR), со која се поставуваат основите за развоја на овој систем.

*Внатрешен воден сообраќај*

Во делот на внатрешниот воден сообраќај во одредбите кои го регулираат внатрешниот воден сообраќај не се транспонирани: Регулативата 2371/2002 („Службен весник на Европска Унија“, L 358, 31.12.2002), која наведува дека на рибарските бродови им е забрането вршат активности на риболов ако не се инсталирани уреди со кои истите ќе бидат детектирани и лоцирани; Регулативата 2244/2003 од 18.12.2003 („Службен весник на Европска Унија“, L 333, 20.12.2003) со која се поставуваат детализираните одредби за Бродскиот Систем за Мониторинг-БСМ (Vessel Monitoring System-VMS) и Директивата 2005/44/ЕС на Европскиот Парламент и Советот од 07.09.2005 за усогласени речни информативни услуги на внатрешните водени патишта во Заедницата. Со оваа Директива се поставува рамка за поставување и користење на систем на хармонизирани речни информативни услуги во Заедницата за поддршка на внатрешниот воден сообраќај во поглед на зголемување на безбедноста, ефикасноста, заштитата на животната средина и олеснување на врските со другите транспортни модуси.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во моментот, во Република Македонија не е утврдена институција/институции надлежни за Глобалните системи за сателитска навигација.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Република Македонија ќе пристапи кон изготвување на Стратегија за сателитска навигација која ќе треба да ги даде основните претпоставки за користење на системите за сателитска навигација и доменот на нивното користење. Истовремено, Стратегијата треба да даде насоки за правно и институционално уредување на оваа материја.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во овој период се планира изготвување и донесување на „Закон за сателитска навигација“, кој ќе ја уреди и регулира сателитската навигација во Република Македонија и ќе ја утврди и дефинира правната и институционалната поставеност за користење на системите за сателитска навигација. Овој закон ќе почне да се изготвува во .2010 година, со комплетно завршување на почетокот на 2011 година. Како натамошен чекор после донесување на овој закон, се планира транспонирање на горенаведените директиви и евентуални неопходните изменувања и дополнувања во однос на имплементацијата на глобалниот систем за сателитска навигација во Законите со кои што се уредуваат одделните видови сообраќај.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со Законот за сателитска навигација ќе се утврди и институционалната рамка.

3.15 **ЕНЕРГИЈА**

3.15.1 **БЕЗБЕДНОСТ ПРИ СНАБДУВАЊЕ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА** (2009)

**ПРАВНА РАМКА**

На 121 седница на Владата на Република Македонија одржана на 16 ноември 2009 година се усвои **Проектна задача за изработка на Физибилити студија за хидроенергетско ползување на водниот потенцијал на реката Вардар**. По усвојувањето на Проектната задача, Министерството за економија во рамките на Рамковната спогодба бр.14-20/24 од 30.06.2009 година за консултантски услуги за подготовка на студии, идејни проекти, тендерски документации и договори за енергетски проекти, како и мислења и ревизии по изготвени студии, идејни проекти, тендерски документации и договори за енергетски проекти, ќе спроведе постапка за избор на консултанти за изработка на физибилити студија за хидроенергетско ползување на водниот потенцијал на река Вардар.

На 19.05.2009 година изградена Комбинирана постројка **Когел Север** за производство на електрична и топлинска енергија со максимална инсталирана моќност на производство на електрична енергија од 30 MW и инсталирана моќност на производство на топла вода од 13 MW и 12 MW технолошка піареа. Проектот за изградба на термоелектраната топлана КОГЕЛ СЕВЕР е вклучен и во нацртот на Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија за поериод 2008-2020 со визија до 2030 година. Овој објект за производство на електрична енергија, топлинска и технолошка пареа ќе користи природен гас. За таа цел склучен е договор со АД ГАМА за приклучување на објектот на преносниот гасоводен систем и склучен е договор со АД Макпетрол за набавка на потребните количини гас.

На 26.11.2009 година Министерот за економија потпишиа **Договори за концесија за изградба на** 7 **мали хидроелектрични централи** со компанијата Мали хидроелектрани Доо Скопје која е формирана од страна на друштвата Турбоинститут Д.Д Љубљана, Република Словенија, Феро Инвест Доо Велес, ГД Гранит АД Скопје и Топлификација АД Скопје. Вкупниот инсталиран капацитет изнесува 5,454 MW со предвидено годишно производство на електрична енергија од 23,151 GWh.

Владата на Република Македонија одобри државна гаранција во висина од 11 милиони Евра за изградба на 400kV далекуводот Штип (Република Македонија) – Ниш (Република Србија), при што 3 милиони Евра ќе бидат сопствени средства на АД МЕПСО. За таа цел АД МЕПСО, до сите меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори ги достави условите за предвидениот кредит. Како најдобар понудувач избрана е Светска Банка. Должината на овој далекувод на македонскиот дел изнесува 70 км.

Во однос на гасификацијата на Република Македонија, во тек е подготовка на Физибилити студија за гасоводен систем во Република Македонија со идеен проект. Во студијата ќе се дадат технички и економски анализи за: постојната состојба на изграденоста на гасоводниот систем, регионалните, меѓуграничните и други услови за развој, предлози и начин на доизградба на системот согласно условите во Југоисточна Европа и пошироко и испитување на можности за користење на гас во тек на наредниот период од 20-30 години. Со изготвувањето на Физибилити студијата ќе се дефинираат стратешки услови и фазите за временската реализација на гасоводниот систем, како и соодветните приоритетни правци за најбрза реализација. Согласно динамиката на активности, во текот на 2010 година ќе биде изработена физибилити студија со идеен проект за гасоводната мрежа, во која е вклопена и приоритетната делница. Додека изградбата на преостанатиот дел од гасоводната мрежа во Република Македонија е долгорочна активност со реализација во 2014. (За подетални информации види поглавје 3.21 Транс европски мрежи, 21.2 Транс европски енергетски мрежи.)

Во Република Македонија во моментов надлежна институција за менаџирање на резервите на нафта и нафтени деривати е **Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати**.

Дирекцијата е формирана со Закон за формирање на Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, со цел порационално и поефиокасно управување со стоковните резерви на нафта и нафтени деривати, како и усогласување со Европското законодавство. Дирекцијата започна со работа од 01.06.2009 година, кога беше именуван директор на Дирекцијата. Средствата за нејзиното функционирање во првите 6 месеци се обезбедени од Буџетот на РМ, а во наредниот период ќе се финансира од сопствени приходи.

За таа цел изготвена е **Уредба за начинот за утврдување**, **пресметување и уплатување на на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќа при увоз и/или производство на нафтени деривати**, која Владата на РМ ја усвои и донесе на седницата од 10.11.2009 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно *Министерството за економија*. Во Министерство за економија, во ***Секторот за енергетика***, во кој постојано се вработени 13 лица.

Носител на правата, обврските и одговорностите во работењето со задолжителните резерви е Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати. Дирекцијата е самостојна во вршењето на работите од својата надлежност и за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.

Со Дирекцијата управува Управен одбор, кој се состои од седум члена и тоа: пет члена се именуваат на предлог на министерот за економија, од кои три члена се на предлог на трговските друштва-нафтени компании, еден член е на предлог на министерот за финансии и еден член е на предлог на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Средствата за финансирање на Дирекцијата до 31.12.2009 година се обезбедени од Буџетот на РМ, преку Агенцијата за стоковни резерви, а од 01.01.2010 средства ќе се обезбедат со наплаќање на надомест од производителите и /или увозниците на нафтени деривати.

До крај на 2009 година се предвидува вработување на 2 лица (технички секретар и едно лице по НПАА програмата), а по донесување на актот систематизација и организација на работни места од страна на УО ќе се пополнат и другите работни места согласно усвоената систематизација.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ** (2010)
**ПРАВНА РАМКА**
Со **Стратегијата за развој на енергетиката** ќе се утврдат долгорочните цели за развој на поедини енергетски дејности за да се обезбеди сигурност во снабдувањето со енергија. Стратегијата е изработена од Македонската академија на науките и уметноста, и истата се наоѓа во финална фаза на консултација. Исто така за студијата ќе се изработува Студија за оценка на влијанието врз животната средина. Се очекува во месец февруари 2010 година Стратегијата за развој на енергетиката за перидот 2008-2020 со визија до 2030 да биде усвоена од Владата на Република Македонија.

Во текот на 2010 година, согласно 114 од Законот за енергетика на предлог на Министерството за економија, Владата на Република Македонија ќе донесе **Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката**, со Програмата се уредуваат условите и начинот и динамиката на реазлизација на Стратегијата, изградба на неопходни енергетски објекти, земајќи ги во предвид прогнозираната потрошувачка на енергија и енергенти, енергетска ефикасност, можно користење на обновливи извори, ефикасна технологија за производство на енергија, стимулирање на инвестиции во енергетскиот сектор и други значајни елементи од енергетскиот сектор. Програмата се донесува за период од 5 години.Истат е предвидено да се донесе во втората половина на 2010 година.

Согласно одлуката донесена од министрите на земјите потписнички на Договорот за Енергетска заедница на Третата министерска конференција, законодавството на земјите потписнички на договорот најдоцна до 31 декември 2009 година треба да ги имплементираат: Директивата 2005/89/ЕС во врска со мерките за обезбедување на безбедност во снабдувањето со електрична енергија и инфраструктурни инвестиции, Директивата 2004/67/ЕС во врска со мерките за обезбедување на безбедност во снабдувањето со природен гас.

Со цел да се имплементираат директивите за безбедност во снабдувањето како обврска од Договорот за основање на енергетска заедница, ќе се пристапи кон **изменување и дополнување на Законот за енергетика**. Оваа активност е предвидена во јуни 2010 година.

**Во однос на електроенергетската инфраструктура во текот на** 2010 **година**, **предвидени се следните активности**:
Во месец декември 2008 година се објави меѓународен јавен повик за пројавување на интерес за учество во постапка на претквалификација за изградба на ХЕЦ "Чебрен" и ХЕЦ "Галиште". Изградбата на двете хидроелектрични централи се предвидува дека ќе трае 8 години. Рокот за доставување на понуди е 31 март 2010. Во текот на 2010 година се очекува избор на најдобар понудувач за изградба на хидроцентралите ХЕЦ Чебрен и ХЕЦ Галиште, како и објавување на два меѓународни огласи за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од 40 – 60 мали хидроелектрични централи.

На почетокот на 2010 година ќе се објави Меѓународен јавен оглас за изградба на ХЕЦ Бошков мост по моделот ДБОТ.

Во текот на 2010 година се очекува да отпочне изградбата на 400 kV интерконекција Штип (Р. Македонија) – Ниш (Р. Србија).

Во текот на 2010 година се очекува да се изработи Студијата за гасификација на Република Македонија и да се донесе одлука за правците на проширување на гасоводниот систем.

Министерството за економија во рамките на Рамковната спогодба бр.14-20/24 од 30.06.2009 година за консултантски услуги за подготовка на студии, идејни проекти, тендерски документации и договори за енергетски проекти, како и мислења и ревизии по изготвени студии, идејни проекти, тендерски документации и договори за енергетски проекти, ќе спроведе постапка за избор на консултанти за изработка на физибилити студија за хидроенергетско ползување на водниот потенцијал на река Вардар. На крајот на 2010 година се очекува да биде изработена Физибилити студијата за хидроенергетско ползување на водниот потенцијал на река Вардар.

Во текот на 2010 година ќе се донесат подзаконските и интерните акти кои произлегуваат од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2010 година се планира зајакнување на капацитетот на Секторот за енергетика со вработувања на нови лица.

Во **Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати** во текот 2010 година се планираат вработувања на нови лица согласно систематизацијата. Дел од нив ќе бидат превземени од Агенцијата за стоковни резерви, согласно Законот за задолжителни резерви.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ** (2011-2012)

Во текот на 2011 и 2012 година се планира отпочнување на повеќе конкретни проекти во делот на електроенергетиката и делот на гасоводниот сектор со што би се зголемла безбедноста во снабдувањето со енергија во Републиката, како што следува:

- 400 кV интерконекција Битола (Р. Македонија) – Елбасан (Р. Албанија) –Италија и
- надградба на постојната 200 кV интерконекција Македонија –Косово на 400 kV напонско ниво.

Во 2011 година се предвидува да се објават меѓународни јавни огласи за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи.

Во делот на гасоводниот систем се предвидува отпочнување со реализација на изградбата на конкретни магистрални гасоводи, согласно Студијата за гасификација на Република Македонија по нејзиното усвојување од Владата на Република Македонија. (Види поглавје 3.21, 3.21.2 Транс европски енергетски мрежи)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2011-2012 година се планира вработувања на нови лица во Секторот за енергетика при Министерството за економија.

### 3.15.2 **ВНАТРЕШЕН ПАЗАР НА ЕНЕРГИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА** (2009)

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2009 година продолжија активностите за уредување на средина за создавање на конкурентен и финансиски одржлив енергетски сектор. Во овој период продлжи да се имплементира Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија број 106/2008).

Со цел да се утврдат активностите и одговорните институции за натамошно усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија во делот на електрична енергија и природен гас, Владата на Република Македонија на 29 септември 2009 година донесе **Акционен план за натамошно усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија во делот на електричната енергија и природниот гас**.

Предвидена е активност за подготовка на нов Законот за енергетика кој е само еден дел од активностите во овој Акционен план. Покрај тоа, значителен дел од активностите се поврзани со подзаконските акти.

Дел од подзаконските акти неопходни за непречено функционирање на електроенергетскиот сектор сеуште не се донесени, а дел треба да се усогласат со досегашните измени во Законот за енергетика, како и со новиот предлог Закон за енергетика. Најзначајни меѓу нив се: Пазарни правила за електрична енергија, Правила (методологија) за урамнотежување на електроенергетскиот систем, нови Правила за доделување и користење на прекуграничните електроенергетски преносни капацитети, нов Тарифен систем за електрична енергија, нови Правила за снабдување со електрична енергија на крајните купувачи и др. Покрај наведените правилници, ќе биде потребно да се изврши прилагодување на регулаторната рамка во електроенергетскиот сектор и во однос на системот на лиценци за извршување на енергетските дејности, методологиите за определување на цените на регулираните системски услуги и методологиите за одредување на тарифите за пристап кон преносната и дистрибутивната електроенергетска мрежа, но и да се донесат соодветни правила за квалитетот на снабдување со електрична енергија и програми за заштита на крајните купувачи - вклучително и социјално необезбедените купувачи.

Новиот Законот за енергетика може да предизвика потреба од измени и во други законски и/или подзаконски акти што не се наведени во овој документ, или донесување на нови подзаконски акти. Овие прашања ќе се решаваат во рамките на реализицијата на Акциониот план.

Дел од активностите поврзани со донесување на подзаконските акти се тесно поврзани и зависат од донесувањето на Законот за енергетика. Но, од друга страна, надлежните институции во заемна координација можат да пристапат кон изготвување на работни верзии на подзаконските акти и пред донесувастувањето на новиот Законот со што значајно ќе се скрати временскиот период потребен за нивно изготвување и донесување. Финализирањето на документите ќе биде направено откога ќе се донесе Законот.

Степенот на развиеност на пазарите на електрична енергија и природен гас во Република Македонија е различен. Пазарот на електрична енергија е повеќе развиен и за овој дел од енергетскиот сектор во овој План предвидувањата и разработката на мерките и активностите се дадени подетално. Бидејќи добар дел од решенијата за секторот за природниот гас во предвидениот нов Закон за енергетика сеуште не се докрај дефинирани и познати, се предлага овој План да се доработи подетално за активностите околу подзаконската регулатива за природниот гас откога ќе бидат познати законските решенија.
Овој Акционен план, покрај Воведот, содржи и две поглавја во кои подетално се објаснети активностите што се предмет на Планот, како и термин планови за двете поглавја. Во второто поглавје, *Активности за усогласување на законската регулатива*, е наведена законската и подзаконската регулатива што треба да се изготви и усвои, како и подетално образложение за секој поединенечен документ.

Во третото поглавје, *Други подготвителни активности за натамошно отварање на пазарот на електрична енергија*, се обработени останатите активности (социјални мерки, организациони и технички подготовки на субјектите, информирање на потрошувачите и тн.) со образложение за секоја активност одделно.

Согласно временската динамика во акциониот план, Министерството за економија започна активности подготовка на нов предлог Закон за енергетика имајќи ги во предвид Договорот за основање на енергетската заедница и законодавството на Европската унија во делот на внатрешниот пазар на електрична енергија и природен гас, безбедноста во снабдувањето, и прекуграничната размена на електрична енергија и природен гас.

Со потпишувањето на **Меморандумот за разбирање на социјалните прашања во контекст на Енергетската заедница**, Владата презема и одредени обврски кои се однесуваат на примена на конкретни мерки за намалување на енергетската сиромаштија.

Во правец на остварување на целите опфатени со Меморандумот, Владата во почетокот на месец септември оваа година донесе Социјално Акциони Планови.
Во овие Социјални планови предвидени се повеќе активности и тоа:
- изготвување на Програма за социјална заштита од енергетска сиромаштија.
- промовирање на социјалниот дијалог со социјалните партнери на соодветно нивоуправување со промените во енергетските претпријатија кои настануваат со реструктуирањето, како и грижа за вработените.
- обезбедување на фундаменталните права на работниците од аспект на подобрени работни услови и стандард на живеење, подобрено работно опкружување во однос на здравјето и безбедноста на работниците и друго.

Во правец на реализација на Програмата за социјална заштита од енергетска сиромаштија во тек е подготвување на анализа со која од финансиски и од социјален аспект ќе се определат кои од најзагрозените категории на лица во земјата

ќе бидат опфатени во соодветната законска регулатива. Изготвувањето на оваа анализа е во тек, по што Владата ќе донесе регулатива во која ќе се дефинираат корисниците, мерките, носителите и изворите на средствата.

Операторот на Преносниот систем, АД МЕПСО, во март 2009 година го потпиша **Меморандумот за разбирање за имплементација на заеднички постапки за управување со загушувањата и формирање на Канцеларија за координирана алокација на капацитети помеѓу операторите на преносните системи во Југоисточна европа**.

I. **ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Согласно Акциониот план усвоен од Владата на Република Македонија, АД МЕПСО како оператор на пазарот на електрична енергија е должен да ги достави до Регулаторната комисија за енергетика **Правилата за пазар на електрична енергија** до 02.11.2009 година, со цел Регулаторната комисија за енергетика да ги одобри до 28.12.2009 година. На 10.12.2009 година АД МЕПСО ги достави Правилата за пазар на електрична енергија, заради одобрување до Регулаторната комисија за енергетика. Поради незапазениот рок за доставување од страна на АД МЕПСО, рокот за одобрување на овие правила утврден со Акциониот план, ќе се пролонгира, односно истите ќе бидат одобрени од Регулаторната комисија за енергетика во првиот квартал на 2010 година.

Согласно Акциониот план усвоен од Владата на Република Македонија, АД МЕПСО како оператор на електроенергеткиот систем е должен да ги достави до Регулаторната комисија за енергетика **новите Мрежни правила за пренос на електрична енергија** до 5 октомври 2009 година, со цел Регулаторната комисија за енергетика да ги одобри до 30.11.2009 година. Поради незапазениот рок за доставување од страна на АД МЕПСО, рокот за одобрување на овие правила утврден со Акциониот план, ќе се пролонгира, односно истите ќе бидат одобрени од Регулаторната комисија за енергетика во рок од 60 дена од денот на нивното доставување.

Согласно Акциониот План усвоен од Владата на Република Македонија, АД ЕЛЕМ – Скопје, како оператор на дистрибутивниот систем треба да ги изготви и да ги достави до Регулаторната комисија за енергетика **Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија**, кои треба да бидат одобрени од Регулаторната комисија за енергетика до крајот на 2009 година.

Согласно Акциониот План усвоен од Владата на Република Македонија, Регулаторната комисија за енергетика ќе го донесе **Правилникот за условите за снабдување со електрична енергија** до крајот на 2009 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 29.09.2009 година донесе Решение за формирање на работна група за изготвување на **Предлог измени на Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за електрична енергија**, во чиј состав се претставници од РКЕ, АД ЕЛЕМ, АД МЕПСО и АД ЕВН Македонија.

На 28.05.2009 година Регулаторната комисија за енергетика одржа главна седница и донесе Одлука за одобрување на регулиран максимален приход и цена за 2009 година, како и основен приход за 2009, 2010 и 2011 година за вршење на регулираната енергетска дејност управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија и регулиран максимален приход и цена за 2009 година за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало за ЕВН Македонија АД Скопје.

На 30.10.2009 година ЕВН Македонија АД Скопје до Регулаторната комисија за енергетика поднесе Барање за одобрување на регулиран максимален приход за вршење на регулираната дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало по која ЕВН Македонија ќе ги снабдува тарифните потрошувачи на мало за 2010 година.

На 26.11.2009 година ЕВН Македонија АД Скопје до Регулаторната комисија за енергетика поднесе Барање за одобрување на регулиран максимален приход за вршење на регулираната дејност управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија за 2010 година.

На 02.11.2009 година АД ЕЛЕМ – Скопје до Регулаторната комисија за енергетика поднесе Барање за одобрување на регулиран максимален приход за вршење на регулираната дејност производство на електрична енергија за 2010 година, а на 30.11.2009 година достави дополнување на барањето.

На 30.11.2009 година АД МЕПСО – Скопје до Регулаторната комисија за енергетика поднесе Барање за одобрување на регулиран максимален приход и цена на услугата пренос на електрична енергија за регулиран период.

На 10.12.2009 година АД ТЕЦ Неготино – Неготино до Регулаторната комисија за енергетика поднесе Барање за одобрување на регулиран максимален приход за вршење на регулираната дејност производство на електрична енергија за 2010 година.

Регулаторната комисија за енергетика одржа подготвителна седница по барањата на ЕВН Македонија АД Скопје, АД ЕЛЕМ – Скопје, АД МЕПСО – Скопје и АД ТЕЦ Неготино – Неготино на 23.12.2009 година и ќе донесе одлуки по истите до крајот на 2009 година.

Во 2009 година Регулаторната комисија за енергетика издаде:

- 12 лиценци за вршење на енергетски дејности од областа на електрична енергија,
- 1 лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија (фотоволтаичен систем) на СИЕТО ДОО Скопје, и
- 1 лиценца за вршење на енергетска дејност комбинирано производство на електрична и топлинска енергија на КОГЕЛ СЕВЕР ДОО Скопје, од времен карактер.

Во процедура е издавањето на следните лиценци:

- 1 лиценца за вршење на енергетска дејност транзит со електрична енергија,
- 2 лиценци за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.

## II. **ПАЗАР НА ПРИРОДЕН ГАС**

Согласно член 86 од Законот за енергетика, компанијата „АД ГА-МА“, како носител на лиценцата оператор на системот за пренос на природен гас, е должна по претходно одобрување од страна на РКЕ да ги донесе и објави во „Сл. в. на РМ“, Мрежните правила за пренос на природен гас. На 30.03.2009 година Регулаторната комисија за енергетика донесе Решение за одобрување на **Мрежните правила за пренос на природен гас** („Службен весник на РМ“, бр. 45/09).

Регулаторната комисија за енергетика ќе го донесе **новиот Правилник за начин и постапка за регулирање на цени за пренос**, **дистрибуција и снабдување со природен гас** до крајот на 2009 година.

Во 2009 година Регулаторната комисија за енергетика ги донесе следните одлуки:

- 4 Одлуки за определување продажна цена на природен гас на квартално ниво, како резултат на договорот помеѓу „АД Макпетрол“ како снабдувач со природен гас и „Газехпорт“ како продавач на природен гас,
- 3 Одлуки за определување продажна цена на природен гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во Технолошко-индустриска развојна зона-Скопје за вториот, третиот и четвртиот квартал од 2009 година,
- 1 Одлука за определување на цена за регулиран период за вршење на дејностите дистрибуција на природен гас, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас за Технолошко-индустриска развојна зона-Скопје.

Во текот на 2009 година Регулаторната комисија за енергетика издаде 4 лиценци за вршење на енергетски дејности од областа на природниот гас.

## III. **ПАЗАР НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА**

Согласно член 111 од Законот за енергетика, компанијата „Топлификација АД“ – Скопје како носител на лиценцата за дистрибуција на топлинска енергија, е должна по претходно одобрување од страна на РКЕ да ги донесе и објави во „Службен весник на РМ“, Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија за греење. На 19.03.2009 година Регулаторната комисија за енергетика донесе Решение за одобрување на **Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија за греење** („Службен весник на РМ“, бр. 40/09).

На 15.05.2009 година Регулаторната комисија за енергетика го донесе **новиот Правилник за начин и услови за регулирање на цени на топлинска енергија за греење** („Службен весник на РМ“, бр. 62/09).

Регулаторната комисија за енергетика ќе го донесе **Правилникот за условите за снабдување со топлинска енергија за греење** до крајот на 2009 година.

Регулаторната комисија за енергетика ќе го донесе **Правилникот за тарифен систем за продажба на топлинска енергија за греење** до крајот на 2009 година.

Во јануари и во јули 2009 година Регулаторната комисија за енергетика донесе 6 одлуки за цени за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење за вршителите на дејностите: „Топлификација АД“ – Скопје, „Скопје Север АД“ – Скопје, и „АД ЕЛЕМ – Подружница Енергетика“ – Скопје.

Во ноември 2009 компаниите: Топлификација АД – Скопје, Скопје Север АД – Скопје, СНАБДУВАЊЕ ИСТОК ДООЕЛ Скопје, СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ Скопје и СНАБДУВАЊЕ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје поднесоа до Регулаторната комисија за енергетка, Барања за цени за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење. Регулаторната комисија за енергетика ќе одржи подготвителна седница по овие барања на 25.12.2009 година и ќе донесе одлуки за цени за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија до крајот на 2009 година.

Во октомври 2009 година Регулаторната комисија за енергетика донесе Одлука за престанување на лиценцата за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија на Топлификација АД Скопје, а издаде 3 лиценци за вршење на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија на Друштвата: СНАБДУВАЊЕ ИСТОК ДООЕЛ Скопје, СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ Скопје и СНАБДУВАЊЕ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје.

IV. **ПАЗАР НА ГЕОТЕРМАЛНА ЕНЕРГИЈА**

Регулаторната комисија за енергетика ќе го донесе **новиот Правилник за начин и услови за регулирање на цени за геотермална енергија** до крајот на 2009 година.

V. **ПАЗАР НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ**

За секој четиринаесетдневен период Регулаторната комисија за енергетика донесува Одлуки за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати, согласно Методологијата за формирање на цени на одделни нафтени деривати пропишана со Анекс Д од Договорот за купопродажба на акции и за концесија на Рафинерија АД ”ОКТА” - Скопје, потпишан меѓу Владата на Република Македонија и акционерското друштво „ЕЛ.П.Е.Т. – Балканике” како стратешки инвеститор.

Во 2009 година Регулаторната комисија за енергетика издаде 2 лиценци за вршење на енергетски дејности од обласа на нафтените деривати. Во процедура е издавањето на 2 лиценци за вршење на енергетска дејност од областа на нафтените деривати.

Во текот на 2009 година Регулаторната комисија за енергетика издаде 3 лиценци за вршење на енергетски дејности од областа на биогорива.

VI. **ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ**

На 27.02.2009 година Регулаторната комисија за енергетика донесе **нов „Правилник за условите**, **начинот и постапката за издавање**, **менување**, **продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности**“ („Службен весник на РМ“, бр. 31/09).

Регулаторната комисија за енергетика ќе го донесе **Правилникот за начинот**, **условите и постапката за разрешување на споровите кои што настанале меѓу вршителите на енергетските дејности и корисниците на енергетски дејности**, **како и висината на надоместокот на трошоците за разрешување на спорот** до крајот на 2009 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има ***Владата на Република Македонија***, односно ***Министерството за економија***. Во секторот енергетика има 5 одделенија и тоа: одделение за електроенергетски систем, одделение за анализа и развој, одделение за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, одделение за инвестиции и одделение за течни и фосилни горива.

Согласно Законот за енергетика („Службен весник на РМ“, бр. 63/06, 36/07 и 106/08), Регулаторна комисија за енергетика е независен орган во однос на работењето и донесувањето на одлуки во рамките на надлежностите дадени со Законот за енергетика. Со измените на Законот за енергетика ќе се зајакне независноста на Регулаторната комисија за енергетика и ќе се зголемат нејзините надлежности.

**Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија** е составена од пет члена. Членовите и претседателот на Регулаторна комисија за енергетика, кој е еден од членовите, на предлог на Владата на Република Македонија ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на си-те заедници.

На 15.06..2009 година, на предлог на Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија донесе Одлука бр. 07-2694/1 за именување на **нов Претседател на Регулаторна комисија за енергетика**, со мандат од пет години.

На 16.11..2009 година, на предлог на Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија донесе Одлука бр. 07-4768/1 за именување на **нов член на Регулаторната комисија за енергетика**, со мандат од пет години.

На 01.10.2009 година Регулаторната комисија за енергетика достави до Собранието на Република Македонија заради одобрување предлог Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика за 2010 година, кој ги содржи сите приходи и расходи на Регулаторната комисија за енергетика и во кој се предвидуваат 2 нови вработувања во 2010 година. На 16.12.2009 година Собранието на Република Македонија го одобри Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика за 2010 година, **со кој се одобруваат** 2 **нови вработувања во** 2010 **година и се одобрени трошоците за вкупно** 6 **нови лица** (4 **од** 2009 **година и** 2 **од** 2010 **година**).

На 31.03.2009 година Регулаторната комисија за енергетика достави до Собранието на Република Македонија, до Владата на Република Македонија и до Министерство за економија, детален **Годишен извештај за работењето и детални информации за материјално-финансиско работење на Регулаторната комисија за енергетика во** 2008 **година**, и истиот е усвоен од Собранието на Република Македонија и е објавен на веб страната на РКЕ: www.erc.org.mk .

На 03.09.2009 година Регулаторната комисија за енергетика донесе **нов Правилник за организација и систематизација на работните места и работни задачи на вработените во Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија**.

Регулаторната комисија за енергетика остварува соработка со повеќе меѓународни организации, регулаторни тела и донатори, со што се зајакнува капацитетот на Регулаторната комисија за енергетика како независен државен орган во енергетскиот сектор на Република Македонија. Регулаторната комисија за енергетика е полноправен член на Регулаторниот Одбор на Енергетската Заедница (ECRB) и полноправен член на Регионалната асоцијација на енергетски регулатори (ERRA). Во овој период Регулаторната комисија за енергетика учествуваше на состаноците на работните групи за електрична енергија, природен гас и заштита на потрошувачите на ECRB, состаноците на Групата за имплементација на канцеларијата за координирани аукции во Југоисточна Европа, состаноците и обуките на ERRA, Форумите за електрична енергија и природен гас во Југоисточна Европа, Форумите за природен гас во Европа, Меѓународната конференција за топлинска енергија, Работилницата за меѓународна соработка за повластени тарифи, Работилницата за унапредување на обновлива енергија во Југоисточна Европа.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во средината на 2010 година предвидено е донесување на нов Законот за енергетика со цел натамошно усогласување со Европското законодавство во областа на енергетиката, односно со следните Директиви и Регулативи на ЕУ, кои се основни елементи од правната рамка на Договорот за основање на енергетска заедница (во натамошниот текст Договор), со крајна цел за натамошна либерализација на пазарите на енергија и создавање услови за стабилен и одржлив енергетски сектор:

- Директива 2003/54/ЕС за заедничките правила за внатрешниот пазар на електрична енергија,
- Директива 2003/55/ЕС за заедничките правила за внатрешниот пазар на природен гас,
- Директива 2005/89/ЕС за мерките за обезбедување на сигурност во снабдувањето со електрична енергија и инфраструктурни инвестиции,
- Директива 2004/67/ЕС за мерките за обезбедување сигурност во снабдувањето со природен гас,
- Регулатива (ЕС) 1228/2003 за условите за пристап на мрежи за прекугранична размена на електрична енергија
- Регулатива (ЕС) 1775/2005 за условите за пристап на мрежи за пренос на природен гас.

Покрај наведените акти, цел во усогласувањето можат да бидат и одредени елементи содржани во други акти од Европското законодавство, кои се обврска што произлегува од Договорот или од Одлуките на Министерскиот совет на Енергетската заедница а се однесуваат на обновливите извори на енергија, заштитата на конкуренцијата и заштитата на животната средина и климата.

Меѓу најзначајните новини во предлог Законот за енергетика се следните:

- надградба на моделот на пазарот на електрична енергија со цел воведување на нови форми на тргување со енергија и реална платформа за конкуренција на пазарот на електрична енергија, зголемување на транспарентноста, и слободно движење на енергијата во склад со Директивите и Договорот,
- еднаква позиција и фер третман на сите учесници на пазарот за електрична енергија, во согласност со Договорот и Директивите,
- дополнување и прецизирање на одредбите што се однесуваат на непречен пристап на трети страни до енергетските мрежи, вклучително и аспектите кои се однесуваат на прекугранична размена на енергија и доделување и користење на прекуграничните преносни капацитети,

- допрецизирање и дополнувања на надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика (РКЕ), особено во делот за мониторинг на пазарот и на условите за прекугранична размена на енергија и јавност на информациите и контролата во работата на регулираните компании,
- ќе се создадат услови за целосно отварање на пазарот на електрична енергија и природен гас во согласност со обврските што произлегуваат од Директивата 2003/54 и Анексот I на Договорот,
- допрецизирање на обврските на регулираните компании во енергетскиот сектор особено во делот на јасно разграничување на регулираните и нерегулираните активности,
- допрецизирање и дополнување на првата и обврските на операторот на преносниот систем и операторите на дистрибутивните системи, производителите на енергија, трговците и снабдувачите со енергија за крајните купувачи,
- допрецизирање на критериумите и обврските за јавна услуга, квалитет на снабдувањето со енергија и заштита на крајните купувачи на енергија,
- измени во делот на постапките за авторизација за изградба на енергетски објекти,
- допрецизирање на некои одредби, поедноставување на процедурите и дефинирање на стратешка рамка и обврски на енергетските субјекти за изградба и користење на обновливи извори на енергија, заштита на животната средина и климата и за воведување на методи на енергетската ефикасност,
- соодветни измени во надлежностите и обврските на регулираните компании во енергетскиот сектор,
- соодветно усогласување во делот на дефинициите.

Изготвувањето новиот Закон за енергетика е приоритет на Владата на Република Македонија и истиот ќе биде подготвен во најкус можен рок во согласност со Акциониот План, а имајќи ги предвид принципите на транспарентност и јавност во неговото изготвување.

***Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија*** во текот на 2010 година ќе ги одобри и донесе следните подзаконски акти потребни за воспоставување на функционален пазар на енергија во согласност со измените на Законот за енергетика:

- Правилник за тарифен систем за продажба на електрична енергија,
- Правилник за измени на Мрежните правила за пренос на електрична енергија,
- Правилник за измени на Пазарните правила за електрична енергија,
- Правилник за измени на Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (АД ЕВН Македонија),
- Правилник за измени на Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (АД ЕЛЕМ),
- Правилник за измени на Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за електрична енергија,
- Правила за снабдување со електрична енергија,
- Снабдувач во краен случај;
- Правилник за мониторинг, објавување и заштита на податоци,
- Правилник за услови за снабдување со природен гас,
- Правилник за Мрежни правила за дистрибуција на природен гас (ДТИРЗ),
- Правилник за Мрежни правила за дистрибуција на топлинска енергија (АД ЕЛЕМ),
- Правилник за услови за снабдување со геотермална енергија,
- Правилник за тарифен систем за продажба на геотермална енергија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2010 година се планираа нови вработувања во Секторот за енергетика во Министерството за економија.

На 16.12.2009 година Собранието на Република Македонија го одобри Финансискиот план на **Регулаторната комисија за енергетика за** 2010 **година**, **со кој се предвидуваат** 2 **нови вработувања во** 2010 **година во техничкиот сектор**.

Со измените на Законот за енергетика ќе се направи допрецизирање и дополнувања на надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика, особено во делот за мониторинг на пазарот и на условите за прекугранична размена на енергија и јавност на информациите и контролата во работата на регулираните компании.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во периодот 2011-2012 година ќе продолжи имплементацијата на Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика и ќе прдолжи отварањето на пазарите на електрична енергија и природен гас. Во периодот 2011-2012 година ќе продолжат активностите за усогласување на националното законодавство со европското законодавство, а со цел да се обезбеди сигурно и безбедно функционирање на пазарот на енергија Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе соодветна регулатива (**Правилник за квалитет на електрична енергија**, **Правилник за квалитет на природен гас**,

**Правилник за начин и услови за регулирање на цени на произведена електрична енергија и топлинска енергија од комбинирани постројки**).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2011-2012 година се планираа нови вработувања во Секторот за енергетика во Министерството за економија, со цел зајакнување на административните капацитети.

Со цел да се обезбеди непречено извршување на надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика се предвидува јакнење на административниот капацитет потребен за извршување на мониторинг на пазарот на енергија.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Во текот на 2009 година Министерството за економија во соработка со институциите на Европската комсија изготви Предлог проект во Рамките на ИПА Компонента 1; **Техничка помош за Зајакнување на административниот капацитет на Секторот за енергетика при Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија**. Исто така се работи на Предлог на Проектна задача (Terms of References). Проектот се планира да почне со имплементација во 2011 година.

Од страна на УСАИД беше обезбедена техничка помош на МЕПСО за изготвување на Правилата за пазар на електрична енергија, и консултантска помош во делот на подготовка на измените на Законот за енергетика.

Регулаторната комисија за енергетика учествуваше во комитетите за евалуација на понудите за избор на консултанти за ИПА проектите за **Техничка помош и Твининг проектот за институционално зајакнување на Регулаторната комисија за енергетика**, обезбедени од страна на Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија.
На 23.03.2009 година, за изведување и имплементација на ИПА Твининг проектот за институционално зајакнување на Регулаторната комисија за енергетика беа избрани Австриската агенција за европска интеграција и економски развој и Регулаторна комсија за енергетика на Австрија (Е-контрол). Потпишаниот договор за ИПА Твининг проектот за институционално зајакнување на Регулаторната комисија за енергетика е одобрен од Европската комисија на 15.12.2009 година. ИПА Твининг проектот за институционално зајакнување на Регулаторната комисија за енергетика официјално започнува на 01.01.2010 година со времетраење од 19 месеци.

Со потпишување на договорот на 18.09.2009 година започна ИПА проектот за Техничка помош на Регулаторната комисија за енергетика со времетраење од 18 месеци.

Со овие проекти ќе се обезбеди техничка помош и препораки за РКЕ за имплементација на активностите и задачите дефинирани со Законот за енергетика и Договорот за Енергетска Заедница, како и подготовка на прирачници за иден развој на пазарот и критериуми за отворање на пазарот во согласност со барањата од Договорот за Енергетска Заедница, извештаи за преглед на тарифи и цени, правилници за регулирање на цени и други подзаконски акти и нова тарифна методологија за цени на електрична и топлинска енергија од комбинирани гасни електрани, извештај за имплементирање на систем за мониторниг на усогласување, Комуникациска стратегија и друго.

### 3.15.3 **ДРЖАВНА ПОМОШ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Согласно Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија„ бр. 24/07, 88/2008) јагленот е енергетска минерална суровина.

Енергетските минерални суровини се од јавен интерес и деталните геолошки истражувања на енергетски минерални суровини се реализираат со годишна програма за детални геолошки истражувања на енергетски ммминерални суровини која ја донесува Владата на предлог на министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

Согласно предметниот Закон, одредбите од истиот не се применуваат на постапките за доделување на концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини на јавни претпријатија, јавни установи, друштва врз кои државата има директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив. За овие претпријатија деталните геолошки истражувања на минерална суровина – јаглен со доделување на концесија за детални геолошки истражувања се даваат по барање со постапка спроведена согласно законот.

Концесија за експлоатација на минерални суровини кога сопственик на резултатите од извршените детални геолошки истражувања е Република Македонија се доделува врз основа на јавен повик.

Согласно Законот јавните претпријатија, јавни установи, друштва врз кои државата има директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, концесија за експлоатација на минерални суровини се доделува врз основа на барање. Овие субјекти плаќаат концесиски надоместок и тоа:

- по основ на издавање на концесијата за детални геолошки истражувања се плаќа еднократен надоместок,
- концесиски надоместок за експлоатација по основ на користење на просторот на кој е доделена концесијата и
- концесиски надоместок по основ на експлоатирана минерална суровина;

Согласно Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија број 63/2006, 36/2006 и 106/2008) правното лице кое врши енергетска дејност од јавен интерес, доколку врши и некоја друга енергетска дејност што не е од јавен интерес, должно е во своето сметководство да обезбеди посебно сметководство за секоја од енергетските дејности од јавен интерес кои ги врши.

Во временскиот период 2006 – 2009 година Комисијата за заштита на конкуренцијата има донесно три одлуки во врска со доделување на државна помош во секторот ***енергетика*** и тоа:

1. Одлука бр: 10-258/9 од 27.10.2006 година за поведување постапка за формална истрага за оцена на индивидуалната државна помош доделена на ,,СИЛМАК,, ДООЕЛ Јегуновце ;
2. Одлука бр. 10-18/2 од 12.02.2007 година доделена од страна на Министерството за економија на претпријатието Оператор на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем, во државна сопственост, Скопје или скратено АД МЕПСО (еднократно исплатени 14.754.098,36 евра за набавка на 50.000 тони мазут за работа на ТЕЦ Неготино) ;
3. Одлука бр: 10-212/1 од 24.04.2008 година со која се одобрува и се оценува како компатибилна државната помош, во износ од 134.256.687,40 денари доделена од страна на Владата на Република Македонија на ,,СИЛМАК,, ДООЕЛ Јегуновце.

Освен овие одлуки, Комисијата за заштита на конкуренцијата во своето работење нема донесено други одлуки за доделување на државна помош во секторот енергетика.

Во 2009 година во областа на енергетиката не постојат нарушувања на конкуренцијата, особено, имајќи ја во предвид либерализација на цените на електрична енергија. Не е утврдено влијание на конкуренцијата од страна на државните институции со евентуални повластени цени за електрична енергија.

Согласно потпишаниот Меморандум за соработка, Комисијата за заштита на конкуренцијата соработува со Регулаторната комисија за енергетика за сите прашања поврзани со конкуренцијата во енергетиката.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Комисијата за заштита на конкуренцијата е државен орган надлежен за оценка и надзор на секој облик на државна помош во Република Македонија.

Во врска со институционалната рамка, вработувањата и обуките на претставниците на Комисијата за заштита на конкуренцијата во Секторот за контрола на државната помош, информациите се наведени во поглавје 3.8 Конкуренција.

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно Министерството за економија. Во секторот енергетика има 5 одделенија и тоа: одделение за електроенергетски систем, одделение за анализа и развој, одделение за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, одделение за инвестиции и одделение за течни и фосилни горива. За подетални информации видете поглавје 3.15 Енергетика.

### 3.15.4 ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Поттикнувањето на инвестициите во обновлива енергија како и поголемо вклучување на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка и зголемувањето на енергетската ефикасност се една од главните стратешки цели на Владата на Република Македонија во енергетскиот сектор.

Во текот на 2009 година во делот на обновливите извори на енергија се заокружи рамката на подзаконски акти во однос на искористувањето на обновливите извори на енергија.

Република Македонија активно ги следи актите кои се донесуваат од страна на Европската унија во областа на обновливи извори на енергија и воедно го подготвува националното законодавство усогласено со регулативата на ЕУ. Во неодамна донесената нова **Директива на ЕУ** 2009/28 **за промоција на енергијата произведена од обновливи извори на енергија**

дадени се и новите задолжителни цели за учество на обновливите извори на енергија во вкупната потрошувачка на енергија за секоја земја членка на ЕУ. Како базна година според Директивата се зема 2005 година, во која во Република Македонија обновливите извори на енергија учествуваат со 15,3% во вкупната потрошувачка на енергија.

На 6-от Министерски совет одржан во Јуни 2009 година при Енергетската заедница **формирана е Работната група за Обновливи извори на енергија**. Работната група за обновливи извори на енергија е составена од претставници од министерствата кои се надлежни за работите од обласа на енергетиката.

На 08.09.2009 година во Виена, Република Австрија во организација на Секретаријатот на Енергетската заедница се одржа првиот состанок на Работната група за обновливи извори на енергија. На овој состанок меѓу другото се разгледуваше Директивата 2009/28 за промоција на ОИЕ и нејзина импликација како и активностите околу изготвувањето на Студија за имплементација на новата Директива за промоција на обновливи извори на енергија

Поради големиот интерес за користење на сончевата енергија кај домаќинствата, а воедено и поради успешноста на спроведените мерки за субвенции, Министерството за економија во првата половина од 2009 година успешно ја спроведе мерката за **субвенционирање на вкупно** 500 **домаќинаства што поставија сончеви колектори**, а кои навремено и уредно ја поднесоа потребната документација.

На 27 октомври 2009 година Министерството за економија организираше **Конференција за координирано учество на донаторите во реализација на проектите за обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност** посветена на една од најактуелните теми – енергетската ефикасност и користењето на обновливи извори По опсежната дискусија на учесниците
се заклучи дека енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија се императив за одржлив енергетски разво, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија се приоритет на Владата на Република Македонија и се содржани во Стратегија за развој на енергетика, донаторите ја изразија својата заинтересираност и спремност за поддршка на проектите од областа на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија од најразлични фондови за оваа намена, за што е потребна континуирана координација меѓу донаторската заедница и надлежните институции.

Основачката конференција на **Меѓународната агенција за обновлива енергија** (International Renewable Energy Agency – IRENA) се одржа на 26 јануари 2009 година, на која учествуваше делегацијата на Република Македонија како и претставници од 124 земји и Европската заедница.. На првиот ден од конференцијата беше потпишан Статутот на ИРЕНА од страна на 75 земји, меѓу коишто е и Република Македонија и беше донесена Резолуцијата за основање на подготвителна комисија за ИРЕНА.

Согласно Статутот, ИРЕНА ќе подготвува анализи, ќе ги следи и систематизира актуелните практики за обновлива енергија, вклучувајќи ги политичките инструменти, инвестиционите механизми и механизмите за поддршка, најдобрите практики, достапни технологии, интегрирани системи и опрема, ќе ги анализира факторите за успех и евентуалните недостатоци.

Податоците од мерењата за ветровите на локациите Богословец – Св. Николе, Богданци, Кожуф – Гевгелија и Шашаварлија- Штип, односно мерењата од **проектот** “**Истражување на потенцијалот на ветерна енергија на Македонија**, поддржан од Норвешката влада, се отстапени во користи АД ЕЛЕМ во сопственост на Република Македонија.

Во тек се подготвителни активности за испитување на потенцијалот на ветерната за што обезбедена е и дополнителна мерна опрема за петта локација во рамки на соработка со Министерство за животна средина, земјиште и море на Република Италија, за што е потпишан **Меморандумот за разбирање**, **по меѓу Министерството за економија и Министерство за животна средина**, **земјиште и море на Република Италија за реализација на мерењето на потанцијалот на ветер на петтата мерна точка**.

Преку ИПФ (Infrastructure Project Facilities – IPF ) на Европската Комисија во тек е изработка на **Физибилити студија за оценка на исплатливоста на изградба на ветрени електрани во Република Македонија**, чија изработка е побарана од страна на АД ЕЛЕМ.

Во текот на 2009 година во рамки на Првата компонента од ГЕФ Проектот за одржлива енергија, се изготви **Студија за начинот на изградба на ветерни електрани** во која се содржани најдобрите практики во регионот и Европа со предлог решение за најсоодветен модел за Македонија. Во Студијата е дадена дадена анализа за начинот на изградба на ветерни електрани

Агенцијата за енергетика на Република Македонија во 2009 година на СИЕТО ДОО Скопје му издаде Решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија. Во 2009 година Регулаторната комисија за енергетика издаде 1 лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија (фотоволтаичен систем) на СИЕТО ДОО Скопје.

Во 2009 година Регулаторната комисија за енергетика донесе 1 Одлука за одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена од фотоволтаични системи на СИЕТО ДОО Скопје.

Во текот на 2009 година **Проектот Зајакнување на административните капацитети на секторт енергетика и во Министерството за економија и Агенцијата за енергетика**, за користење на ИПА фондовите беше одобрен од Европската Комисија. Основната цел на овој Проект е да се зајакнат административните капацитети, со цел развој, мониторинг на неопходните енергетски реформи со цел усогласување со ЕУ Acquis и останатите релевантни ЕУ обврски. Проектот е составен од 4 компоненти кои се однесуваат на 3.15 Енергетика и тоа во делот на Безбедност во снабдувањето, во внатѕрешена пазар, и во делот на обновливите извори и енергетската ефикасност, и тоа
**Компонента** 1: Зајакнување на институционалните капацитети на Секторот енергетика во Министерството за економија.
**Компонента** 2: Зголемена усогласеност со Acquis на ЕУ во енергетскиот сектор како и со останатото Acquis под капата на Договорот за енергетската заедница.
**Компонента** 3: Ревидирање на Програмите за имплементација на Стратегијата за развој на енергетика, Програмите за имплементација на Стратегија за искористување на обновливите извори на енергија и Програмите за имплементација на Стратегија за енергетска ефикасност.
**Компонента** 4: Зајакнување на институционалните капацитети на Агенцијата за енергетика

Овој Проект ке започне да се реализира во период од 2010-2013 година а вкупниот Буџет изнесува 1.890.000 ЕУР, од кои 1.701.000 ЕУР се учество на Европската Комисија.

**ПРАВНА РАМКА**
Република Македонија, како земја кандидат и идна членка на Европската унија, активно работи на усогласување на европското законодавство, особено во областа на енергетска ефикасност и обновливи изрвори на енергија, кое треба да претставува легална рамка за унапредување на сите натамошни мерки во овие области од енергетиката.

Во текот на 2009 година во областа на обновливите изовтри на енергија се донесоа следниве акти и тоа:
**Правилник со кој се пропишува начинот за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија како и содржината и формата и начинот на водењето регистар на повластени производители на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија** (Службен весник на Република Македонија бр.29/2009). Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за стекнување на статус повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија (во понатамошниот текст: повластен производител), како и содржината, формата и начинот на водење на регистар на повластени производители на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија. Статус на повластен прозводител се стекнува врз основа на Решение за стекнување статус на повластен производител, кое на барање на производителот или на негов овластен претставник, согласно, овој Правилник, го донесува Агенцијата за енергетика на Република Македонија во постапка утврдена со овој Правилник.

**Одлука за висината на инсталираната моќност на postројката за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија** (Службен весник на Република Македонија бр.123/2009). Врз основа на член 140-а став 3 од Законот за енергетика Владата на Република Македонија на 6 октомври 2009 година ја донесе предметната Одлука со која се утврдува висината на инсталираната моќност на постројката за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија.

Во текот на 2009 година Министертвото за економија потпиша Договор за консултанстки услуги со Македонската академија на науки и уметности за изготвување на **Стратегија за искористувањето на обновливите извори на енергија**. Со Стратегијата ќе се определи потенцијалот за можноста за искористување на обновливите извори на енергија во земјата, како што се хидро енергијата, ветерната, сончевата, геотермалната енергија и енергијата добиена од биомаса. .Нацрт верзијата на предметната стратегија е изготвена од страна на МАНУ какао изготвувач, и истата е проследена до сите надлежни институции да дадат свои забелешки и коментари по што ке следи финализирање на текстот и изготвување на Извештај за стратегиска оценка на предметната Стратегија согласно Законот за животна средина.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно *Министерството за економија*. Во Министерство за економија, во ***Секторот за енергетика,*** има 5 одделенија. Во почетокот на 2009 година во Министерството за економија- сектор енергетика во постојан работен однос беа 10 лица и 1 лице на определено време. Во текот на 2009 година еден од постојано вработените го оствари своето право на пензија а еден од постојано вработените го напушти своето работно место во Министерство за економија. Во текот на 2009 година Министерството за економија распиша оглас за вработување на 5 нови лица во Министерството за економија- секторот за енергетика. Изборот за 4 –те вработувања е направен, а огласот за 5-то работно mесто е во тек. Во овој момент во постојан работен однос се постојано се вработени дванаесет лица, и еден е вработен на определено време. Во секторот за енергетика има посебно одделение за енергетска ефикасност и обновливи извори.

На 08.09.2009 година во Виена, Република Австрија во организација на Секретаријатот на Енергетската заедница се одржи првиот состанок на Работната група за обновливи извори на енергија. На овој состанок меѓу другото се разгледуваше Директивата 2009/28 за промоција на ОИЕ и нејзина импликација како и активностите околу изготвувањето на Студија за имплементација на новата Директива за промоција на обновливи извори на енергија.

***Регулаторната комисија за енергетика*** согласно Законот за енергетика („Службен весник на РМ", бр. 63/06, 36/07 и 106/08), е независен орган во однос на работењето и донесувањето на одлуки во рамките на надлежностите дадени со Законот за енергетика. Регулаторната комисија за енергетика е составена од пет члена. Членовите и претседателот на Регулаторна комисија за енергетика, кој е еден од членовите, на предлог на Владата на Република Македонија ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на си-те заедници.

Во делот на обновливите извори на енергија, Регулаторната комисија за енергетика утврдува повластени тарифи за електрична енергија која ја продаваат повластените производители на електрична енергија и производителите на електрична енергија од високоефикасни комбинирани постројки.

***Агенција за енергетика на Република Македонија*** е одговорна за изработка на среднорочни и долгорочни стратегии и развојни планови, подготовување на долгорочни и краткорочни програми за енергетска ефикасност (ЕЕ) и користење на обновливи енергетски извори (ОЕИ), подготвителни и координативни активности за имплементација на инвестициони проекти. Во моментот во Агенцијата вработени се Директор и 3 лица на определено и уште три лица на договор за дело .

Со цел на зајакнување на институционалниот и човечкиот капацитет на Агенцијата, во рамките на првата компонента на Проектот за одржлива енергија се предвидени низа на мерки за едукација и обука на вработените во областа на енергетска ефикасност. Во 2009 година е спроведена обука на одговорно лице за набавки и финансии во Проектот за одржлива енергија во Торино, Италија. Заедно со Фондација Вили Бранд од Италија и ФЕИТ спроведена обука за ОИЕ.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ** (2010)

**ПРАВНА РАМКА**

***Обновливи извори на енергија***

Во текот на 2009 година се планираат **изменувања и дополнувања на Законот за енергетика** во правец на создавање услови со кои ке се овозможи целосна имплементација како на законот така и на подзаконските акти. Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика се планира да биде донесен во средината на 2010 година.

**Стратегија за искористувањето на обновливите извори на енергија** за која е подетално кажано во тековната состојба (нацрт верзијата на предметната стратегија е изготвена од страна на МАНУ какао изготвувач, и истата е проследена до сите надлежни институции да дадат свои забелешки и коментари по што ке следи финализирање на текстот и изготвување на Извештај за стратегиска оценка на предметната Стратегија согласно Законот за животна средина се планира да се донесе до 31.03.2010 година.

Во наредниот период, согласно Законот за енергетика предвидено е донесување на останатите акти во врска со искористувањето на обновливите извори на енргија со цел за усогласување со ЕУ легислативата, како и следење на сите новини кои се случуваат и се однесуваат на предметната област, и тоа:

**Одлука со кој се пропишува целниот процент на електрична енергија произведена од повластени производители кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија, како и начинот и динамиката на постигнување на целниот процент на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија во вкупната потрошувачка на електрична енергија**. Владата на Република Македонија го пропишува целниот процент на електрична енергија произведена од повластени производители кои произведуваат електрична енергија од обновливи

извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки, како и начинот и динамиката на постигнување на целниот процент на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки во вкупната потрошувачка на електрична енергија. На 6-от Министерски совет одржан во Јуни 2009 година при Енергетската заедница формирана е Работната група за обновливи извори на енергија за Директивата 2009/28 за промоција на ОИЕ и нејзина импликација На 08.09.2009 година во Виена, Република Австрија во организација на Секретаријатот на Енергетската заедница се одржи првиот состанок на Работната група за обновливи извори на енергија на кој меѓу другото се разговараше за Студија за имплементација на новата Директива за промоција на обновливи извори на енергија која се изготвува од страна на IPA Energy + Water Economics & EPU-NTUA ја презентираа импликацијата која произлегува од донесувањето на новата Директива и процесот на прибирање на потребните бази на податоци и тоа (енергетски податоци и економски податоци) неопходни за изготвувањето на Студија за имплементација на новата Директива за промоција на обновливи извори на енергија, од која всушност ќе произлезе и калкулацијата на таргетите за вклучувањето на ОИЕ поединечно за секоја потписничка земја кои треба да се постигне до 2020 година. Финалниот текст на Студијата треба да биде изготвен во декември 2009 година. По изготвувањето на финалниот текст на Студијата а земајќи ги во предвид резултатите од Стратегијата за искористување на обновливите извори на енергија ќе се пристапи кон изготвување на предметната Одлука.

**Програма за реализација на Стратегијата за искористување на обновливите извори на енергија**
По предлог на Министерството, Владата на Република Македонија донесува Програма за реализација на Стратегијата за искористување на обновливите извори на енергија- Базна Студија за изкористување на ОИЕ. Програмата ги дефинира мерките за унапредување на искористувањето на обновливите извори на енергија, а особено содржи: мерки, финансиски извори, услови за имплементација, индикатори за постигнување на резултатите, технички прописи и национални стандарди за обновливите извори на енергија, други потребни податоци и носителите на активностите и роковите за реализација на предвидените активности. Програмата се донесува за период од пет години

Министерството за економија треба да изготвува двогодишен извештај за реализација на Програма за реализација на Стратегијата за искористување на обновливите извори на енергија и за напредокот постигнат во искористувањето на обновливите извори на енергија, како и за употребата на биогоривата во секторот за транспорт.

Регулаторната комисија за енергетика ќе го донесе **Правилникот за начин и постапка за утврдување и одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена во електроенергетски постројки кои како погонско гориво користат биомаса** во првата половина на 2010 година.

Во текот на 2009 година во рамки на Првата компонента од ГЕФ Проектот за одржлива енергија започна постапка за избор на консултант за изготвување на Студија за можноста за вклопување на ветерни електрани во електроенергетскиот систем на Република Македонија. Оваа Студита треба да биде изготвена во текот на 2010 година за потребите на АД МЕПСО.

**Физибилити студија за оценка на исплатливоста на изградба на ветрени електрани во Република Македонија**, чија изработка е побарана од страна на АД ЕЛЕМ треба да биде завршена до крајот на февруари 2010 година.

Министерството за животна средина и просторно планирање, со поддршка на Програмата за животна средина на ОН (УНЕП), ќе иницира активност за анализа на можностите и создавање услови за одржлива употреба на соларните топло-разменувачки загревачи на вода.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во секторот за енергетика има посебно одделение за енергетска ефикасност и обновливи извори. Во текот на 2010 година во Министерството за економија се планира нови вработување во секторот енергетика

***Во Регулаторната комисија за енергетика*** согласно Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика предвидени се нови вработувања за 2010 година.

***Во Агенција за енергетика на Република Македонија*** за 2010 година, со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата и одговор на големиот број на активности се предвидени уште 5 нови вработувања.

Согласно **Проектот Зајакнување на административните капацитети на секторт енергетика и во Министерството за економија и Агенцијата за енергетика**, односно компонента 1 и компонента 4, предвидени се активности за зајакнување на капацитетите на Секторот енергетика и Агенцијата за енергетика.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ** (2011-2012)

**ПРАВНА РАМКА**

Изготвување на подзаконски акти и ажурирање на постојните со цел целосно имплементирање на **Директива на ЕУ** 2009/28 **за промоција на енергијата произведена од обновливи извори на енергија**, **како и следење на** на новодонесените Директиви на Европска Унија од предметната област и нивно транспонирање во националното законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

*Развој на институционалните капацитети*

Во текот на 2011-2012 година, ***Министерството за економија***, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка во Републиката.Во текот на 2011 и 2012 година Министерството за економија планира нови вработување во секторот енергетика.

***Регулаторната Комисија за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на пазарот на енергија, во делот на обновлива енергија, разрешување на спорови, следење и исполнувањето на обврските од дадените лиценци.

***Агенцијата за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потроувачка во Републиката. Заради спроведување на нејзините надлежности според Законот за енергетика и за Законот за основање на Агенцијата за енергетика, како и превземените обврски за спроведување на странските проекти во наредниот период од неколку години се планира нова систематизација на работните места и нејзино соодветно пополнување.

3.15.5 **ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА** (**реализирани** 2009)

**ПРАВНА РАМКА**

*1.**Ажурирање на постојната стратегија за енергетска ефикасност на Република Македонија***

Во текот на 2009 година започнаа активности за ажурирање на постојната стратегија за енергетска ефикасност на Република Македонија. При ажурирањето на предметната Стратегија ќе се се стави акцент на целите за зголемување на енергетската ефикасност и начините на кои таквите цели се постигнуваат, а особено: намалување на енергетската потрошувачка по единица на бруто домашниот производ во Република Македонија, зголемување на енергетската ефикасност во сите сектори на државната политика, промовирање на нови технологии со висок степен на енергетска ефикасност, промовирање на мерки за зголемување на енергетската ефикасност, анализирање на потенцијалот за инсталирање на високоефикасни комбинирани постројки, вклучувајќи високоефикасни комбинирани постројки, воведување на механизми за поддршка за зголемување на енергетската ефикасност, вклучувајќи повластени тарифи за производство на електрична енергија од високоефикасни комбинирани постројки и други механизми за поддршка, промовирање на јавната свест за целите на енергетската ефикасност, намалување на штетните последици врз животната средина предизвикна од производството, преносот, дистрибуцијата и користењето на енергијата. Се планира оваа Стратегија да се донесе најдоцна до 31.12.2009 година.

2. **Договор за основање на Енергетска заедница**

Во текот на 2009 година продолжија активностите на Работната група за енергетска ефикасност (Energy Efficiency Task Force), формирана во февруари 2008 година, во рамки на Енергетската Зеаедница во Виена, согласно член 35 од Договорот за основање на Енергетската заедница. Работната група има по еден претставник од секоја договорна страна, а нејзина цел е реализација на следните четири работни задачи (РЗ):

РЗ-1: Анализа на досегашните актовности за енергетска ефикасност кај секоја договорна страна (потписничка на Договорот за Енергетска заедница)

РЗ-2: Подготовка на Акционен план за спроведување на мерките за енергетска ефикасност во договорните страни;

РЗ-3: Анализа на влијанието на директивите на ЕУ за енергетска ефикасност на Енергетската заедница, ако се транспонирани и

РЗ-4: Развој на план за кампања за подигање на јавната свест.

На 15 и 16 септември 2009 година во Сектертаријатот на Енергетската заедница во Виена се одржа работилница на тема Подготовка и имплементација на делот за стамбени објекти од Националниот акционен план за енергетска ефикасност (НАПЕЕ), кој се подготвува со поддршка на УСАИД. Како една од крајните цели на овој проект е кај секоја од земјите да се направи избор на по еден станбен објект, кој комплетно би се реновирал со примена на мерки за подобрување на

енергетската ефикасност со цел да се постигнат значителни заштеди на енергија во наредниот период, со тоа што УСАИД ќе помогне при изработката на проектната документација.

Во Република Македонија, од страна на УСАИД, ангажиран е консултантот МАЦЕФ, кој покрај делот за енергетска ефикасност на стамбени објекти ги изработува и останатите делови, за јавни и услужни објекти, индустрија и транспорт. Притоа, веќе се земени податоци за четири општествени објекти, за кои се направени енергетски оценки, а потребно е да се направи избор и за станбен објект за кој траба да се подготви целокупната документација, кој би бил пилот проект, а понатаму би се финансирал со тоа што крајните корисници би го отплаќале.

На 17 септември 2009 година во Сектертаријатот на Енегретската заедница во Виена, се одржа седмиот и воедно прв состанок во рамки на новиот мандат на членовите на Работната група за енергетска ефиксност (РГЕЕ) на кој учествуваа членовите од Албанија, Бугарија, Македонија, Црна Гора, Србија и Косово, претставниците на Европската комисија од ДГ ТРЕН, како и претставници од на донаторската заедницата: ГТЗ Отворен регионален фонд – Енергија (ГТЗ ОРФ-Е), KfW банката за развој, УСАИД, ASE/IRG и CRES за SYNENERGY програмата, Европската инвестициона банка, консултанти кои се вклучени во техничката помош обезбедена од овие програми и претставници од Секретаријатот на Енергетската заедница (СЕЗ).

РГЕЕ најмногу ќе се фокусира на активностите во врска со транспонирање и имплементација на трите директиви на ЕУ за енергетска ефикасност на крајни корисниции, односно **Директивата** 2006/32/**ЕС за крајни корисници и енергетски услуги**, **Директивата** 2002/91/**ЕС за енергетски карактеристики на згради и Директивата** 1997/75**ЕЕС за етикетирање на енергетската ефикасност на уредите за домаќинства**, за кои е веќе предложено да станат задолжителна обврска за договорните страни кон Договорот за основање на Енергетската заедница.
Програмата за работа на РГЕЕ за 2009-2010 беше усвоена и таа се состои од следните работни активности:

1. Завршување на НАПЕЕ кај сите договорни страни до крајот на 2009 година,
2. Мониторинг и имплементација на НАПЕЕ;
3. Подготвување на план и насоки (Road map) за имплементација на Директивата 2006/32/ЕС, Директивата 2002/91/ЕС и Директивата 1997/75ЕЕС, и
4. Имплементација на кампања за подигање на јавната свест за енергетска ефикасност.

3. **Изработка на Правилник за начин за стекнување на статус повластен производител на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки**, **како и содржината**, **формата и начинот на водење на регистар на повластени производители на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки**

Со цел за усогласување со дел од легислативата на Европската Унија од областа на комбинирано производство на електрична и топлинска енергија и согласно Законот за енергетика и Националната програма за усогласување на националното законодавство со ЕУ легислативата, во текот на 2009 година, со најмување на консултантски услуги преку Компонентата Пазарна Рамка на ГЕФ Проектот за одржлива енергија се пристапи кон изработка на Правилникот за начин за стекнување на статус повластен производител на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки, како и содржината, формата и начинот на водење на регистар на повластени производители на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки .

Со овој Правилник се уредуваат начинот на водење на регистарот на високоефикасни комбинирани постројки, но исто така и условите, начинот и постапката за стекнување на статус повластен производител, како и содржината, формата и начинот на водење на регистар на повластени производители. Статус на повластен прозводител се стекнува врз основа на Решение за стекнување статус на повластен производител, кое на барање на производителот или на негов овластен претставник, согласно овој Правилник, го донесува Агенцијата за енергетика на Република Македонија, во постапка утврдена со овој Правилник. Правилникот е изготвен и се очекува истиот да се донесе до крајот на 2009 година.

4. **Изработка на Правилник за начинот на издавање на гаранции за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки**, **како и содржината**, **формата и начинот на водење на регистарот на издадени гаранции за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки**

Со цел за усогласување со дел од легислативата на Европската Унија од областа на комбинирано производство на електрична и топлинска енергија и согласно Законот за енергетика и Националната програма за усогласување на националното законодавство со ЕУ легислативата, во текот на 2009 година, со најмување на консултантски услуги преку Компонентата Пазарна Рамка на ГЕФ Проектот за одржлива енергија се пристапи кон изработка на Правилникот за начинот на издавање на гаранции за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки, како и содржината, формата и начинот на водење на регистарот на издадени гаранции за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки.

Со предметниот правилник се врши транспонирање на членот 5 од Директивата 2004/8/ЕС кој се однесува за гаранции за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки, односно се регулира начинот на издавање, пренесување и отповикување на гаранциите за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки и начинот формата и содржината на регистарот на гаранции за потекло на електрична енергија од високоефикасни комбинирани постројки.
Правилникот е во фаза на изготвување при што досега од страна на консултантот се доставени Почетниот извештај и Меѓувремениот извештај, со вклучен нацрт-текст на Правилникот. Планирано е Правилникот да се донесе до 31.01.2010 година.

5. **Кампања за подигање на јавната свест и едукација** – **Штедете електрична енергија**
Министерството за економија во текот на 2009 година започна активности за избор на Агенција за креација и спроведување на кампања за подигање на јавната свест и едукација – Штедете електрична енергија. Предметот на Кампањата ги опфаќа следните услуги: Промоција на можности и начини за штедење на електрична енергија преку електронските и преку печатените медиуми (изработка и емитување на ТВ и радио спотови, подготовка и објава на принтови во печатените медиуми, организирање и реализација на дебатни емисии, подготовка и објавување на статија во дневниот печат за можностите за постигнување на енергетски заштеди); Изработка и дистрибуција на информативен материјал (флаери) наменет за домаќинствата и информативен материјал (флаери) наменет за деловните субјекти, во врска со најдобрите практики за заштеда на електрична енергија; Подигнување на свеста за штедење на електричната енергија кај населението со организирање на предавања во основните училишта за начинот и можностите за штедење на електрична енергија и организирање на трибини по градовите/општините во Република Македонија; Креирање на идејно решение за билборд и поставување на билборди на фреквентни места на територијата на Република Македонија и; Изработка и дистрибуција на прирачник со конкретни примери за примената на енергетски ефикасни уреди во домаќинствата.

**Странска поддршка**
1. **Програма за подобрување на енергетската ефикасност на градежните објекти**
Во рамки на соработката помеѓу Република Македонија и Републија Австрија е Програмата за енергетска ефикасност на градежните објекти. Таа програма се состои од три проекти, и тоа:

- Проект за Ублажување на климатските промени преку зголемување на енергетската ефикасност во градежниот сектор
- Проект за создавање средина за енергетска ефикасност на градежни објекти во Република Македонија
- Проект за енергетски ефикасни фасади.

Проектот за **Ублажување на климатските промени преку зголемување на енергетската ефикасност во градежниот сектор** има за цел да ги ублажи климатските промени во земјата преку подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор, зголемување на јавната свест и капацитетите на соодветните институции за енергетска ефикасност. Долгорочно, активностите на проектот ќе придонесат за намалување на потрошувачката на енергија во станбените и јавни објекти. Главни резултати од овој проект ќе бидат; национална база на климатолошки параметри по региони, инвентар на јавните објекти во целата земја, како и развивање на најефективна инвестирачки ориентирана програма за енергетска ефикасност на јавните објекти. Извршна институција е Министерство за животна средина и просторно планирање, додека Имплементатори се UNDP и ADC (Австриска Развојна Кооперација). Директни корисници, Министерство за економија, ЗЕЛС.

За реализација на **Проект за создавање средина за енергетска ефикасност на градежни објекти во Република Македонија**, на 17.07.2009 година беше склучен Договор за финансиска соработка меѓу Министерството за економија и Австриската агенција за развој (Австриска амбасада), а во декември 2009 година се планира и потпишување на Работен договор меѓу Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на РМ со Австриската агенција за енергетика, кои ќе бидат одговорни за имплементација на програмата почнувајќи од 2009 година.

Проектот за создавање средина за енергетска ефикасност на градежни објекти во Република Македонија се состои од следните компоненти:

- *Компонента 1:* Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за енергетика на Републиа Македонија;
- *Компонента 2:* Усогласување на националната законска регулатива со Директивата на ЕУ за енергетски карактеристики на згради и развој на потребни алатки за имплементација на регулативата;
- *Компонента 3:* Реализација на пилот проект за подобрување на енергетската ефикасност на објект од јавниот сектор и
- *Компонента 4:* Вклучување на факултетите со цел за обезбедување на одржливост на програмата на долг период.

Проектот е предвидено да се реализира во наредниот период од три години за што се предвидени грант средства од Австриската влада преку Австриската агенција за развој (АДА), Швајцарски државен секретаријат за економски прашања (SECO), а со финансиски придонес ќе учествува и Министерството за економија на Република Македонија. Носител (имплементатор) на проектот ќе бидат Агенцијата за енергетика на Република Македонија и Австриската агенција за енергетика.

**Проектот за енергетски ефикасни фасади** е проект којшто веќе се спроведува во Република Македонија од страна на една австриска компанија и една македонска компанија. Проектот се реализира веќе две години и за него се обезбедени финансиски средства од страна на Австриската Развојна Кооперација, како и од страна на партнерите во проектот. Целта на проектот е да се направи проекција на тип на фасада за поднебјето на Република Македонија која ќе биде енергетски ефикасна и да се реализира еден пилот проект.

Сите активности кои се предмет на реализација на ова програма ќе овозможат квалитетна примена на предметниот правилник со што треба да се постигнат и евидентни резултати во насока на остварување на енергетски заштеди во оваа област на среднорочен план.

2. **ГЕФ Проект за одржлива енергија**
За реализација на проектот, на 26 февруари 2007 година потпишани се следните договори со Светска банка:
(1) Глобален еколошки фонд Договор за грант (Global Environment Facility Trust Fund Grant Agreement), склучен меѓу Министерството за финансии и Светска банка;
(2) АД МЕПСО Проектен договор (AD MEPSO Project Agreement), склучен меѓу АД МЕПСО и Светска банка и
(3) МБПР Проектен договор (PBDP Project Agreement), склучен меѓу Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР) и Светска банка

- На 31.07.2007 година, грант средствата од ГЕФ (Глобален оеколошки фонд) во износ од 5.500.000 USD станаа ефективни за реализација на проектот.
- Основната цел на проектот е поттикнување на инвестициите за зголемување на енергетската ефикасност (ЕЕ) и поголемо искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ) преку отстранување на институционалните и финансиски бариери.
- За имплементација на проектот се користат средства за финасирање на следните компоненти:
  - **Компонента** 1: Техничка помош за подготвување на секундарната регулатува во областа на ЕЕ и ОИЕ и за изработка на проекти за ЕЕ и ОИЕ, која се имплементира преку Агенцијата за енергетика на Република Македонија,
  - **Компонента** 2: Развој и подршка на компанија за енергетски услуги – ESCO (ЕСКО), со цел да се обезбеди таканеречено „финансирање од трета страна“ за проектите од енергетска ефикасност, главно во јавниот сектор,
  - **Компонента** 3: Во рамки на Компонентата 3 од овој проект овозможено е да се добијат поволни кредити или кредитни гаранции за реализација на проекти за подобрување на енергетската ефикасност кај индустријата.

При **Компонентата** 2 првично беше предвидено формирање на МТ ЕСКО со заедничко вложување на АД МЕПСО и АД Топлификација АД – Скопје, компанија чија што задача треба да биде помош на јавните институции во намалувањето на потрошувачката на енергија. Во **текот на** 2009 **година**, **Владата на Република Македонија донесе заклучок дека треба да се направи замена на АД МЕПСО со АД ЕЛЕМ како партнер на АД Топлификација АД – Скопје при реализацијата на активностите во рамки на оваа компонента**.

На 27 октомври 2009 година Министерството за економија организираше **Конференција за координирано учество на донаторите во реализација на проектите за обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност** посветена на една од најактуелните теми – енергетската ефикасност и користењето на обновливи извори По опсежната дискусија на учесниците се заклучи дека енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија се императив за одржлив енергетски разво, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија се приоритет на Владата на Република Македонија и се содржани во Стратегија за развој на енергетика, донаторите ја изразија својата заинтересираност и спремност за поддршка на проектите од областа на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија од најразлични фондови за оваа намена, за што е потребна континуирана координација меѓу донаторската заедница и надлежните институции.

На 15 декември 2009 година во организација на Министерството за економија и Светска Банка се одржа тркалезната маса на тема: „Финансирање на проекти за Енергетска Ефикасност во јавни згради во Република Македонија”, која за тема ја обработува енергетската ефикасност и има за цел поттикнување на дискусија меѓу владините претставници, донаторите,

банкарскиот сектор, бизнис заедницата, енергетските експерти и образовните институции кои имаат допирни точки со енергетиката за да се даде важноста која ја заслужува енергетската ефикасност во глобални рамки и да се поттикне инвестирањето и реализирањето на ваквите проекти.

3. **Проект за енергетска ефикасност** UN EC**E**
Проектот за финансирање на инвестициите во енергетска ефикасност за ублажување на климатските промени е финансиран од грантот на UNECE –Економската Комисија за Европа на Обединетите Нации од Женева и истиот е управуван од Агенцијата за енергетика на Република Македонија одредена како Национална Институција за Учество и спроведување на овој проект.

Проектот е оперативен од денот на потпишување на Меморандумот за разбирање односно од 09.02.2009 година и истиот треба да се реализира во период од 12 месеци.

Овој регионален проект вклучува дванаесет земји во Југоисточна Европа, Источна Европа и централна Азија. Проектот промовира формирање на пазар што ќе овозможи идентификација, развивање, финансирање и локално реализирање на само оддржливи проекти од областа на енергетската ефикасност и обновливата Проектот има три цели основни цели: Идентификација и развој на инвестициски проекти, **ј**акнење на политики за енергетска ефикасност и обновливи енергии како и промовирање на можности за инвестирање кај комерцијалните банки и компаниите.

До денес, Агенцијата за енергетика учествувала на неколку работн и средби на експертската група оддржани во Женева и Киев, а исто така изготвила и три извештаи за напредокот на проектот. Во тек е изработка на регионална мрежа на експерти и институции од областа на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија, како и изработка на студија на случај која треба да биде одобрена од UNECE –Економската Комисија за Европа на Обединетите Нации од Женева.

Во 2010 година врз основа на постигнатите резултати се планира потпишување на меморандуми со 8 земји кои ќе бидат вклучени во формирањето на приватниот инвестиционен фонд за финансирање на инвестициите во оваа област.

4. **Проект за енергетска ефикасност во станбениот сектор кај семејства со ниски приходи**
Проект за енергетска ефикасност во стенбениот сектор кај семејства со ниски приходи е во фаза на подготвување и за негова реализација средства ќе бидат обезбедени од USAID. Целта на Проектот е да се изберат три пилот згради (со 30-50 станови) во кои живеат семејства со ниски примања. Една зграда треба да биде избрана во област со Скопје, приклучена на централната дистрибутивната мрежа за топлинска енергија, една надвор и во која за загревање се користат уреди на електрична енергија и една во која за загревање се користи и електрична енергија и дрво. Сите три да бидат во северниот дел на Република Македонија.
Се предвидува формирање на Советодавна група на соработници која може да направи форум за:

a. Тековните влогови за развој и спроведување на активности
b. Размена на информации меѓу членовите на групата
c. Објавување на резултатите и совети за идните иницијативи за проширување на мерките за енергетска ефикасност во стамбениот сектор.

Советодавна група на соработници ќе биде составена од претставници од повеќе владини и невладини институции и компании., меѓу кои ќе има и претставници од Министерството за економија и Агенцијата за енргетика на Република Македонија.

Работата на Проектот ќе трае 18 месеци, со почеток во декември 2009 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно *Министерството за економија*. Во Министерство за економија, во ***Секторот за енергетика***, постојат пет одделенија, Во текот на 2009 година Министерството за економија распиша оглас за вработување на 5 нови лица во Министерството за економија- секторот за енергетика. Изборот за 4 –те вработувања е направен, а огласот за 5-то работно место е во тек. Во овој момент во постојан работен однос се постојано се вработени дванаесет лица, и еден е вработен на определено време. Во секторот за енергетика има посебно одделение за енергетска ефикасност и обновливи извори.

***Агенција за енергетика на Република Македонија*** е одговорна за изработка на среднорочни и долгорочни стратегии

и развојни планови, подготовување на долгорочни и краткорочни програми за енергетска ефикасност (ЕЕ) и користење на обновливи енергетски извори (ОЕИ), подготвителни и координативни активности за имплементација на инвестициони проекти. Во Агенцијата вработени се Директор и 3 лица на определено и уште три лица на договор за дело .

Со цел на зајакнување на институционалниот и човечкиот капацитет на Агенцијата, во рамките на АДА Проектот се предвидени низа на мерки за едукација и обука на вработените во областа на енергетска ефикасност. Во 2009 година е спроведена обука на одговорно лице за набавки и финансии во Проектот за одржлива енергија во Торино, Италија.
За 2010 предвидени се стажирања на 2 лица во Австриската Агенција за Енергетика и работилници и други посети.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ** (2010)
**ПРАВНА РАМКА**
Во средината на 2010 година предвидено е донесување на нов Законот за енергетика со цел натамошно усогласување со Европското законодавство во областа на енергетската ефикасност, односно со следните Директиви:

1. Директива 2006/32/ЕК за крајни корисници и енергетски услуги
2. Директива 2002/91/ЕК за енергетски карактеристики на згради
3. Директива 2000/55/ЕК за барања за енергетска ефикасност на пригушници кај флуоросцентни слјалици.

*1. **Измена и дополнување на Правилникот за енергетска ефикасност на градежни објекти*** потребно е дополнително да се уредат и останатите области од оваа проблематика, каде една од главните е активности ќе биде и донесување на национална методологија за пресметка на енергетските карактеристики на градежни објекти, подготовка на климатски карактеристики на градовите, атлас на линерани топлински мостови со цел да може ефикасно да се применува правилникот. Согласно планот за реализација, националнтата методологија за пресметка на енергетските карактеристики на градежни објекти ќе се изработи во рамките на Проектот за енергетска ефикасност на градежните објекти за што е склучен Договор за грант на 17.7.2009 година помеѓу Министерството за економија на Република Македонија и Австриската агенција за развој.

*2. **Програма за реализација на Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност***.
По предлог на Министерството, Владата на Република Македонија донесува Програма за реализација на Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност. Програмата ги дефинира мерките за унапредување на енергетската ефикасност, а особено содржи: - мерки, финансиски извори, услови за имплементација, индикатори за постигнување на резултатите, технички прописи и национални стандарди за енергетска ефикасност, други потребни податоци и носители-те на активностите и роковите за реализација на предвидените активности. Програмата се донесува за период од пет години. Министерството изготвува двогодишен извештај за реализација на Програмата и за напредокот постигнат во унапредувањето на енерегетската ефикасност и го доставува до Владата на Републиката и го објавува на својата веб страница.

*3. **Реализација на Кампања за подигање на јавната свест и едукација** – **Штедете електрична енергија во текот на** 2010 **година**.*

4. **Следење на ново донесените Директиви на Европска Унија од предметната област и нивно транспонирање во националното законодавство**.

5. **Дополнително зајакнување на соработката на Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија** - Се очекува досега воспоставената соработка помеѓу Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија на изработката на Правилникот за начин за стекнување на статус повластен производител на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки, како и содржината, формата и начинот на водење на регистар на повластени производители на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки и Правилникот за начинот на издавање на гаранции за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки, како и содржината, формата и начинот на водење на регистарот на издадени гаранции за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки уште повеќе ќе се зајакне во текот на 2010 година преку изработка на останатите и неопходни стратешки и законодавни документи.

**Странска помош**
Во 2010 година, под капата на Програма за подобрување на енергетската ефикасност на градежните објекти ќе се реализираат следните проекти:

**Проектот за Ублажување на климатските промени преку зголемување на енергетската ефикасност во градежниот сектор**, ќе се реализира во наредните две години.

**Проект за создавање средина за енергетска ефикасност на градежни објекти во Република Македонија** е предвидено да се реализира во наредниот период од четири три години за што се предвидени грант средства од Австриската влада преку Австриската агенција за развој (АДА), Швајцарски државен секретаријат за економски прашања (SECO), а со финансиски придонес ќе учествува и Министерството за економија на Република Македонија. Носител (имплементатор) на проектот ќе бидат Агенцијата за енергетика на Република Македонија и Австриската агенција за енергетика.

Предвидено е спроведување на **Проектот за енергетски ефикасни фасади** и во 2010 година.

Спроведување на **ГЕФ Проект за оддржлива енергија** (**редизајниран**), согласно неговите компоненти продолжува и во текот на 2010 година.

**Проектот за финансирање на инвестициите во енергетска ефикасност за ублажување на климатските промени**, финансиран од грантот на UNECE –Економската Комисија за Европа на Обединетите Нации од Женева а управуван од Агенцијата за енергетика, ке продолжи со реализација. Во 2010 година врз основа на постигнатите резултати се планира потпишување на меморандуми со 8 земји кои ќе бидат вклучени во формирањето на приватниот инвестиционен фонд за финансирање на инвестициите во оваа област.
Одобрување на средства за Проект за енергетска ефикасност во стенбениот сектор кај семејства со ниски приходи од страна на USAID.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2010 година, ***Министерството за економија*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот надлежен за областа на енергетската ефикасност во Република Македонија.

***Агенција за енергетика на Република Македонија:*** Во 2010 година, во Агенцијата, со цел зајакнување на капацитетите на истата и одговор на големиот број на активности се предвидени уште 5 нови вработувања.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ** (2011-2012)
**ПРАВНА РАМКА**
*1. Акт со кој се пропишува целниот процент на електрична енергија произведена од повластени производители кои произведуваат електрична енергија од високоефикасни комбинирани постројки, како и начинот и динамиката на постигнување на целниот процент на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки во вкупната потрошувачка на електрична енергија.*

*2. Акт со кој се утврдува висината на инсталираната моќност на постројката за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки.*

**Странска помош**
На среднорочен план, 2011-2012 предвидени се активности за реализација на сите горе наведени проекти од енергетска ефикасност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2011-2012 година, ***Министерството за економија*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот во областа на енергетската ефикасност во Република Македонија.

***Агенција за енергетика на Република Македонија:*** Во текот на 2011-2012 година, во Агенцијата, со цел зајакнување на капацитетите на истата и одговор на големиот број на предвидени се нови вработувања.

3.15.6 **НУКЛЕРНА ЕНЕРГИЈА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во Република Македонија не постојат никакви нуклеарни реактори ни истражувачки ни енергетски, па поради тоа не се користи нуклеарно гориво. Исто така во Република Македонија не постојат истражувачки активности во областа на нуклеарната енергетика па поради тоа Република Македонија не увезува нуклеарно гориво и не располага со постоечки капацитети за складирање на нуклеарен отпад.

Согласно постоечката законска регулатива во Република Македонија не се дадени дозволи во однос на купување, поседување и продавање на нуклеарен материјал, исто така не се дадени ни дозволи за физичко ракување со нуклеарен материјал.
Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Службен весник на Република Македонија бр. 48/02 и 135/07), се овозможува користењето на нуклеарната енергија и нејзина примена за корисни и мирновременски цели (член 1-а). Исто така со горенаведениот закон се уредува постапувањето со радиоактивен и нуклеарен материјал, како и спроведувањето на мерките за радијациона сигурност и нуклеарна безбедност.
Република Македонија сеуште не е членка на Агенцијата за нуклеарна енергија на OECD.
Во декември 2008 година изработена е Студија за почетни активности за Нуклеарна енергетска програма на Република Македонија од страна на двајца академици.. Оваа студија ги дава прелиминарните сознанија за потребите на електроенергетскиот систем (ЕЕС) на Република Македонија од градба на нови објекти, а посебно можноста за влегување на нуклеарната електрична централа (НЕЦ) во ЕЕС на Македонија. Посебен дел е посветен и на почетните активности што треба да се направат за една земја да влезе во нуклеарна енергетска програма.

Во февруари 2009 година Владата на Република Македонија донесе Заклучок за започнување со подготвителни активности за реализација на Нуклеарна енергетска програма во Република Македонија. Подготвителниот период за влегување во нуклеарна енергетска програма ќе трае околу 3 години. Активноста ќе започне со формирање на Комисија за нуклеарна енергетика во Република Македонија од страна на Владата на Република Македонија. Оваа Комисија се формира со цел детално да се простудира опцијата на воведување на нуклеарната енергетика, идентифицирајќи ги основните инфраструктурни елементи и планирање и имплементација на нуклеарната политика. Комисијата треба да подготви студија и да предложи препораки за нуклеарната програма и да ја достави до Владата на Република Македонија во рок од 18 до 24 месеци. Комисијата ќе биде составена од стручни лица од релевантни институции во Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно *Министерството за економија*. Во Министерство за економија, во ***Секторот за енергетика***, има 5 одделенија., со вкупно 13 вработени.

Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Сл.весник на РМ бр.48/02 и 135/07), за вршење на управните и стручни работи од областа на заштитата од јонизирачкото зрачење се основа Дирекција за радијациона сигурност, како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице и надзорот над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши Дирекцијата преку инспектори за радијациона сигурност.
Согласно постоечката законска регулатива и воспоставената инфраструктура за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, Дирекцијата за радијациона сигурност е единствено надлежна институција за вршење на управните и стручните работи од областа на заштитата од јонизирачко зрачење

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Формирање на Комисија за нуклеарна енергетика од страна на Владата на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2010 година во Министерството за економија се планира вработување на 6 нови лица, на ниво на Сектор енергетика
Краткорочен приоритет во Дирекцијата за радијациона сигурност е формирање на Сектор за нуклеарна сигурност.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Изработката на **Студија** и препораки за нуклеарна програма на Република Македонија.
Да се разгледа можноста за изградба на нуклеарна електрична централа за потребите на Елеткроенергетскиот систем на Република Македонија во соработка со Комисијата за нуклеарна енергетика.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2011-2012 година, ***Министерството за економија***, планира јакнење на капацитетот. (Види подрачје 3.15.2 Внатрешен пазар).

Зајакнувањето на административните капацитети на Дирекцијата за радијациона сигурност се континуирана активност и на среднорочен план.

### 3.15.7 **НУКЛЕАРНА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА ОД РАДИЈАЦИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА** (2009 **година**)

**ПРАВНА РАМКА**

Областа на радијационата сигурност и нуклеарна безбедност во Република Македонија е регулирана согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Службен весник на Република Македонија бр. 48/02 и 135/07).

**Дирекција за радијациона сигурност** (**ДРС**), е единствено надлежна институција за вршење на управните и стручните работи од областа на заштитата од јонизирачко зрачење. Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Службен весник на Република Македонија бр.48/02 и бр.135/07), статусот на Дирекцијата за радијациона сигурност е дефиниран како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице.

Во текот на 2009 беа изработени 10 подзаконски акти, кои се испратени за објавување во Секретаријат за законодавство:

1. Правилник за видовите на обуки и содржината на програмата за обука на одговорните лица за радијациона заштита и на лицата кои работат со извори на јонизирачки зрачења;
2. Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на дозволата за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење, формата и содржината на образецот на дозволата, како и начинот и постапката за издавање на дозволата;
3. Правилник за содржината на Програмата за радијациона заштита, планот за вонредни настани и програмата за обезбедување на квалитет и контрола на сигурност;
4. Правилник за максимално дозволени граници на испуштање на радиоактивни материи во животната средина, начин на вршење мониторинг, водење евиденција и поднесување извештаи;
5. Правилник за критериуми за исемање на извор на јонизирачко зрачење и исклучување на изложеност на дефиниран извор од контрола;
6. Правилник за категоризација на извори на јонизирачко зрачење, како и категоризацијата на радиоактивен и нуклеарен материјал;
7. Правилник за категоризација на радијациони и нуклеарни закани и
8. Правилник за максимално дозволени количини на радионуклиди во храна, вода, воздух, земјиште, производи и суровини од животинско и растително потекло и предмети за општа употреба;

Исто така до Секретаријатот за законодавство се пратени и следните подзаконски акти:

1. Правилник за формата и содржината на образецот на пријавата за извори на јонизирачко зрачење како и начинот и постапката за пријавување;
2. Правилник за здравствени услови за работа со извори на јонизирачко зрачење, како и мерките, содржината и начинот на вршење на здравствените прегледи на лица кои работат со извори на јонизирачко зрачење;
3. Правилник за граници на изложеност на јонизирачко зрачење и условите на изложеност во посебни случаи и во вонредни настани;
4. Правилник за начинот и мерењето на изложеноста на професионално изложени лица, водење на евиденција и поднесување на извештаи.
5. Правилник за максимално дозволени количини на радионуклиди во металите, градежниот материјал, вештачки ѓубрива, пепел од термоелектраните и отпадниот материјал од рудници и топилници;

Во однос на горенаведените подзаконски акти во периодот 2-6 март 2009, во организација на Дирекцијата за радијациона сигурност беше одржана работилница за нивна изработка, додека во периодот 6-10 април 2009, изработените подзаконски акти беа прегледани од експертска мисија во рамките на TAIEX програмата на ЕК и истите беа оценети како усогласени со европското законодавство. Дополнително со цел за усогласување на изработените подзаконски акти со националното законодавство беше организирана работилница во периодот 31.08-03.09.2009, во организација на Дирекцијата за радијациона сигурност.

Во септември 2009 година Република Македонија пристапи кон **Заедничката конвенција за сигурност при управување со искористено нуклеарно гориво и сигурност при управување со радиоактивен отпад**, (Службен весник на Република Македонија бр.113/09) и истата ќе влезе во сила деведесетиот ден по денот на депонирањето на инструментот за пристапување кај депозитарот на Конвенцијата (Меѓународната агенција за атомска енергија).

**Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење**, кој го води Дирекцијата за радијациона сигурност се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

Во однос на обврската од Партнерството за пристапување со Република Македонија ЕК/2008/212 за изградба на склад за радиоактивни материјали, во тек е реализација на проектот МАК/4/002: **Управување и одлагање на ниско и средно активен радиоактивен отпад**" со МААЕ. Во рамките на проектот, извршено е внатрешно (градежно) преуредување на објектот предвиден за национален склад согласно препораките на експертот од Меѓународната агенција за атомска енергија - МААЕ и е извршено опремување на националниот склад, согласно предвиденото. Имено, по завршувањето на сите подготвителни активности (избор на локација, адаптирање на објектите и просториите, набавка на целокупната опрема, екипирање, обука итн) потребно е националниот склад за радиоактивен отпад да биде лиценциран во согласност со националното законодавство и во согласност со меѓународно прифатените стандарди за сигурност и безбедност со управување со радиоактивен отпад. Оттука се јавува потреба за меѓународна помош и експертиза, како и користење на меѓународните искуства во процесот на лиценцирање на националниот склад за радиоактивен отпад, изработка на соодветните елаборати за проценка на сигурност како и за влијанието врз животната средина (EIA) и прегледување и проценка на доставените елаборати до Дирекцијата за радијациона сигурност од страна на операторот на националниот склад.

На 9 јули 2009 година, стапи на сила **Ревидираниот протокол за мали количества кон Договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на безбедносни мерки во врска со Договорот за неширење на нуклеарното оружје** („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2007) и врз основа на обврските од протоколот Дирекцијата за радијациона сигурност поднесе првичен извештај на 31 август 2009 година.Исто така, согласно обврската од Ревидираниот протокол за мали количества, во август 2009 година е воспоставен **Регистар на нуклеарен материјал во Република Македонија**.

Дирекцијата за радијациона сигурност ги исполнува обврските кои произлегуваат од **Конвенцијата за нуклеарна безбедност**, а исто така поднесува и квартални и годишни извештаи согласно обврските од **Дополнителниот протокол кон Договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на гаранции во врска со Договорот за неширење на нуклеарното оружје**.

Во насока на **зајакнување на меѓуинституционалната и меѓународната соработка** во областа на радијационата сигурност и заштита од јонизирачко зрачење, Дирекцијата за радијациона сигурност:

1. во декември 2009 година потпиша Меморандум за соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, каде што поблиску се дефинирани соработката и обврските на двете институции во случај на радијационен вонреден настан;
2. превзема активности за потпишување на меморандуми за соработка со надлежните регулаторни тела на Албанија, Бугарија, Словенија, Романија и Црна Гора. Исто така во текот на 2009 година воспоставена е добра соработка со Комисијата за атомска енергија на Република Грција – ГАЕК и се воспоставени контакти со надлежните институции од Косово. За таа цел на 16 и 17 април 2009 година во Скопје, Република Македонија е одржан состанок помеѓу Нуклеарната регулаторна агенција на Република Бугарија и Дирекцијата за радијациона сигурност на кој, меѓу другото, беше договорена натамошната соработка во насока на изработка и потпишување на Меморандум за соработка помеѓу двете институции.

Во декември 2009 година Дирекцијата за радијациона сигурност изврши Ревизија на Стратешкиот план за периодот 2008-2010 и изработи нов **Стратешки план за периодот** 2010-2013, кој претставува водич кон реално остварување на поставените цели и приоритети во среднорочен период и е целосно во функција на зголемување на радијационата и нуклеарната сигурност и безбедност во Република Македонија.

Во текот на 2009 година Дирекцијата за радијациона сигурност продолжи со континуираните активности: издавање на дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење и со вршење на инспекциски увид како во постапка на лиценцирање така и над лиценцирани корисници.

Во однос на ***Странската подршка***, Дирекцијата за радијациона сигурност, учествува во реализација на проекти во рамките на ИПА програмата на ЕК, дел II од хоризонталната програма за Нуклеарна сигурност и радијациона заштита.

ИПА проектите (ИПА 2007 повеќекорисничка) во кои учествува Дирекцијата за радијациона сигурност се:

1. Проценка на регулаторна инфраструктура во полето на нуклеарната сигурност и радијационата заштита во Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Црна Гора и Србија вклучувајќи го и Косово (дефинирано со UNSCR 1244);
2. Проценка на потребите и предложените активности за зајакнување на сигурноста и безбедноста на затворените радиоактивни извори во Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Црна Гора и Србија вклучувајќи го и Косово (дефинирано со UNSCR 1244);

3. „Помош на Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Република Македонија, Косово (дефинирано со UNSCR 1244), Црна Гора и Србија за зајакнување на капацитетите за развој на подзаконски акти во врска со радиоактивни материјали од природно потекло (NORM) и технолошки збогатени радиоактивни материјали од природно потекло (TENORM)“;
4. „Управување со медицински радиоактивен отпад во Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Косово (UNSCR 1244), Црна Гора и Србија“;
5. „Проценка на потребите и предложените активности за зајакнување на капацитетите за спречување на нелегалната трговија со нуклеарен и друг радиоактивен материјал во Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора, Србија и Косово“(UNSCR 1244);
6. Проценка на потребите и предложените активности со цел вршење на мониторингот на радиоактивноста во животната средина во Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Косово (дефинирано со UNSCR 1244), Црна Гора и Србија.

Исто така Дирекцијата за радијациона сигурност учествува во повеќе проекти на Меѓународната агенција за атомска енергија:

1. Зајакнување на национална инфраструктура за контрола на радијациони извори, *RER/9/096;*
2. Зајакнување на националните капацитети за радиолошка заштита на работници и контрола на професионалната изложеност, *RER/9/097;*
3. Надградба на националните капацитети за контрола на изложеност на население, *RER/9/094;*
4. Зајакнување на радиолошка заштита на пациенти и контрола на медицинската изложеност, *RER/9/093;*
5. Градење на компетентност преку едукација и тренинг како подршка на регулаторната инфраструктура *RER/9/101*
6. Воспоставување на национални капацитети за одговор на радиолошки и нуклеарен вонреден настан *RER/9/100;*
7. Управување и одлагање на ниско и средно активен радиоактивен отпад, *МАК/4/002*

Предизвик за Дирекцијата за радијациона сигурност во периодот кој следува претставува демонтирањето, кондиционирањето и одлагањето на радиоактивните громобрани поставени на различни објекти во Република Македонија (индустриски објекти како и објекти од јавен карактер- училишта, градинки, здравствени и јавни установи). На индустриските објекти на кои беа поставени радиоактивните громобрани, во изминатиот период настапи промена на сопственоста, а одреден број на компании беа ликвидирани. Со промена на сопственоста многу од новите корисници не се запознати дека со превземањето на определен објект (погон, фабрика итн) купуваат и радиоактивен громобран. Согласно позитивните законски прописи, новите корисници имаат обврска за превземање на мерки за безбедност и сигурност на радиоактивните громобрани. Неспроведување на мерки на безбедност и сигурност на радиоактивни громобрани, може да доведе до неовластено демонтирање. На тој начин се зголемува опасноста на изложување на населението на штетното влијание на јонизирачкото зрачење како и контаминирање на животната средина. Во многу случаи радиоактивните громобрани завршуваат на пунктови за откуп на старо железо како отпаден материјал со можност да биде натоварен со останатиот метален отпад како секундарна суровина за извоз.

Дирекцијата има за цел сигурното и безбедно пренесување на складираните радиоактивни извори како резултат на минати дејности од времените складишта во националниот склад на Република Македонија. Исто така неопходно е постојаното зајакнување на националната инфраструктура за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, како и потребата на Република Македонија од мобилна радиолошка лабораторија.

Согласно горенеceдените потреби, Дирекцијата за радијациона сигурност во текот на 2008 и 2009 година изработи 4 проектни фишеа кои беа предложени до ЕК преку Секретаријатот за европски прашања. Одобрен е **регионалниот проект „Управување на затворени радиоактивни извори вклучувајќи и радиоактивни громобрани**“, со кој ќе се реши прашањето на демонтирањето, кондиционирањето и одлагањето на радиоактивните громобрани поставени на различни објекти во Република Македонија и безбедно пренесување на складираните радиоактивни извори како резултат на минати дејности од времените складишта. Имплементирањето на проектот е предвидено да започне во 2010 и вредноста на проектот е предвидена да биде 1,35 милиони евра, кој ќе ги покрива Македонија, Црна Гора и Косово.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2009 година, согласно предвиденото од НПАА 2009, реализирано е вработување на помлад соработник за инспекциски надзор и во тек е реализација на вработување на советник за мониторинг и вонредни настани.

Во септември 2009 година директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност, како заменик шеф на делегација и еден вработен во Дирекцијата беа членови на официјална делегација на Република Македонија, на 53-та Генерална конференција на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) во Виена, Австрија. На конференцијата беше земено активно учество при што беа остварени состаноци со претставници на МААЕ со цел дефинирање на

понатамошната соработка, проекти и помош од МААЕ за Република Македонија во полето на заштита од јонизирачко зрачење, радијациона сигурност и нуклеарна безбедност и беше истакната стапката на имплементација на проектите од МААЕ од 95% . На состаноците истовремено Република Македонија беше посочена како позитивен пример од земјите во регионот според моделот на поставеност на регулаторната инфраструктура за радијациона заштита, модел кој ќе биде промовиран во земјите од регионот.

Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност Дирекцијата се дефинира како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице и со самото тоа законот овозможува финансиска независност на Дирекцијата.

Во периодот 20-23 септември 2009 година Дирекцијата за радијациона сигурност беше ко-организатор на тренинг курс за радијациона заштита во дијагностичка радиологија со ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија. На тренинг курсот учество зедоа претсавници од Дирекцијата за радијациона сигурност како и лица кои работат со извори на јонизирачко зрачење во дијагностичката радиологија. Исто така на тренинг курсот Дирекцијата за радијациона сигурност учествуваше и со двајца предавачи.

Во периодот 05-09 Октомври 2009 Дирекцијата за радијациона сигурност, во соработка со МААЕ организираше национална работилница за *„Водење и чување на евиденција за инвентарот на радиоактивен отпад“*, Скопје, Р.Македонија, во рамките на проектот на МААЕ МАК/4/002: „Управување и одлагање на ниско и средно активен радиоактивен отпад“. На работилницата учество зедоа претставници од Дирекцијата за радијациона сигурност, како и од релевантните органи на државната управа (Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување, Мин.за животна средина и просторно планирање), претставници на правни лица кои работат со радиоактивни извори и претставници од технички сервиси.
Вработените во Дирекцијата за радијациона сигурност континуирано учествуваа на обуки, како во однос на општи обуки организирани од Агенцијата за државни службеници така и на специјализирани обуки организирани од МААЕ, Амбасада на САД во РМ итн.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Законот за изменување и дополнување на законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Службен весник на Република Македонија бр.135/07), Дирекцијата за радијациона сигурност во текот на 2010 година ќе ги донесе следните подзаконски акти:

1. Правилник за критериумите во однос на просторните услови, објектите, материјално-техничката опрема и стручниот кадар на овластените стручни технички сервиси и на правните лица за деконтаминација, како и формата и содржината на барањето за издавање на лиценца и формата и содржината на лиценцата;
2. Правилник за критериуми и мерки за заштита од јонизирачко зрачење за вршење на дејност со рендгенски апарати, акцелератори и други уреди кои произведуваат јонизирачко зрачење;
3. Правилник за критериуми за примена на извори на јонизирачко зрачење во медицината, ветеринарната медицина, фармацијата и стоматологијата;
4. Правилник за начинот и мерењето на изложеноста на населението, водење на евиденција и поднесување на извештаи;
5. Правилник за начин на транспортирање на радиоактивен и нуклеарен материјал;
6. Правилник за начинот и роковите на испитување на изворите на јонизирачко зрачење, мерење на изложеноста на пациенти при дијагностички и терапевтски постапки, водење на евиденција и поднесување на извештаи;
7. Правилник за начинот на ракување, односно собирање, чување, кондиционирање, транспортирање и одлагање радиоактивен отпад.

Логистичка подршка од Дирекцијата за радијациона сигурност за отпочнување со работа на **Националниот склад за радиоактивен отпад** (информирање на населението преку трибини, печатење на флаери, јавни настапи во медиуми со образложение дека складот спаѓа во мерките на заштита на населението од изложеност на јонизирачко зрачење, дека складот претставува сигурно и безбедно складирање на сите искористени извори на јонизирачко зрачење, лобирање во владини институции дека *согласно член 103 од ССА управувањето со радиоакитвен отпад претставува обврска на Република Македонија, додека изградбата на Складот претставува обврска на Република Македонија согласно Партнерството за пристапување на Република Македонија и дека мора да биде изграден.* ДРС и МААЕ ќе вршат едукација и обука на кадар кој ќе работи за потребите на складот како и низа активности кои ќе допринесат за исполнување на барањата за основните стандарди за сигурност и безбедност).

Со цел поголема заштита на населението на Република Македонија, Дирекцијата за радијациона сигурност ќе изработи *План за заштита на населението од штетно влијание од јонизирачко зрачење во Република Македонија.*

Дирекцијата за радијациона сигурност во текот на 2010 година ќе пристапи кон лиценцирање на Националниот склад за радиоактивен отпад.

Во текот на 2010 година се предвидува потпишување на Меморандуми за соработка со Словенија, Бугарија и Романија.

Во однос на *странската подршка*, по завршувањето на регионалните проекти за подршка на регулаторната инфраструктура, во кој е вклучена и Република Македонија, дополнителна регулаторна подршка би можела да се обезбеди врз основа на согледаната состојба во рамки на проектите и произлезените резултатите и активности во наредниот период. Активностите ќе бидат во насока на закајнување, надградба и подршка на националните капацитети на регулаторната инфраструктура во полето на нуклеарната сигурност и радијационата заштита со цел подобрување на системот на контрола на изворите на јонизирачко зрачење, како и заштита на населението и животната средина од изложеност или потенцијална изложеност на јонизирачко зрачење во Република Македонија.

Во однос на потребата на Дирекцијата од зајакнување на подготвеноста во случај на радијационен вонреден настан, како и спречување на нелегалната трговија со радиоактивни материјали е потребна мобилна радиолошка лабораторија. Реализирањето на оваа потреба се предвидува да се разгледа во некоја понатамошна ИПА хоризонтална програма со оглед на изработеното и предложено проектно фише од страна на Дирекцијата за радијациона сигурност.
За зајакнување на контролата на изворите на јонизирачко зрачење континуирано се предвидува извршување на следните активности:

- Континуирана контрола на извори на јонизирачко зрачење.
- Континуирана контрола на возила наменети за превоз на радиоактивни извори.
- Континуирана контрола на функционирањето на статичните панел детектори поставени на царинските испостави на граничните премини.
- Континуирана контрола на употребата на мобилните дозиметриски уреди од страна на царинските службеници и граничната полиција на граничните премини.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
За 2010 година предвидени се  нови вработувања во Дирекцијата за радијациона сигурност.

Во понатамошниот период, , Дирекцијата ќе превземе  активности за разгледување на можноста за зајакнување на финансиска независност на Дирекцијата за радијациона сигурност, и зајакнување на капацитетите на истата.

Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење Дирекцијата во 2010 година предвидува реализирање на обука за радијациона заштита за припадници од Министерството за внатрешни работи (за припадници на Граничната полиција и за лица кои работат на безбедност во внатрешноста на Република Македонија).

Исто така во текот на 2010 Дирекцијата предвидува реализирање на обука за радијациона заштита за лицата одговорни за радијациона заштита во правните лица што користат извори на јонизарачко зрачење.

Во текот на 2010 година Дирекцијата предвидува и реализирање на обука за вработените во Царинската управа на Република Македонија на самите гранични премини со практични вежби.

Во првата половина на 2010 година во соработка со МААЕ за вработените во Дирекцијата за радијациона сигурност предвидена е реализација на Регионална обука за подготовка на вежба, спроведување и евалуација на вежби за тестирање на подготвеноста за нуклеарен или радиолошки вонреден настан.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Согласно Законот за изменување и дополнување на законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Сл.весник на РМ бр.135/07), Дирекцијата за радијациона сигурност во текот на 2011 година ќе ги донесе следните подзаконски акти:

1. Правилник за просторот, уредите, опремата и лицата кои можат да работат со извори на јонизирачко зрачење;
2. Правилник за квалификации и здравствена состојба на лица кои може да ракуваат со извори на јонизирачко зрачење;

3. Критериуми  и мерки за заштита од јонизирачко зрачење при вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење;
4. Правилник за производство, употреба, ракување, складирање како и увоз и извоз на радиофармацевтици;

Дирекцијата за радијациона сигурност ќе поднесе Национален извештај како обврска согласно одредбите од Заедничката конвенција за сигурност при управување со искористено нуклеарно гориво и сигурност при управување со радиоактивен отпад како и реализирање на обврските од другите ратификувани конвенции и договори на Република Македонија во полето на радијационата и нуклеарната сигурност и безбедност.

Дирекцијата за радијациона сигурност во текот на 2011 и 2012 година предвидува активности за ратификација на амандманите на **Конвенцијата за физичка заштита на нуклеарен материјал**.
Во текот на 2011 година се предвидува потпишување на **Меморандуми за соработка со Црна Гора и Албанија**.

Зајакнување на контролата на изворите на јонизирачко зрачење е континуирана активност, која  се предвидува да продолжи и во текот на 2011-2012 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во Дирекцијата за радијациона сигурност на РМ предвидено е јакнење на институцијата со вработување на нови лица во 2011 и 2012 година.

Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење Дирекцијата во 2011 година предвидува реализирање на обука за радијациона заштита за лицата одговорни за радијациона заштита во правните лица што користат извори на јонизирачко зрачење и во 2011 година обука за царински службеници за радијациона заштита и спречување на нелегална трговија со радиоактивни извори.

## 3.16 **ДАНОЦИ**

### 3.16.1 **ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ**

**ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Оданочувањето на потрошувачката на стоки и услуги во Република Македонија е регулирано со Законот за данокот на додадена вредност (Сл. весник на РМ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/2000, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006 , 114/2007, 103/2008, 114/2009 и 133/2009).

Со овој закон како основен правен акт е уредено пресметувањето и плаќањето на данокот на додадена вредност при промет на добра и услуги кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност, како и увозот на добра.

Законот за данокот на додадена вредност во РМ е со примена од 1.04.2000 година, и во него во најголем дел се транспонирани барањата од ЕУ законодавството за ДДВ и тоа на :

1. Шестата (системска) директива на Советот 31977L0388 за усогласување на законодавство на земјите членки во врска со даноците на промет – Заеднички систем на данокот на додадена вредност: единствена основа на пресметување, и

2. Тринаесеттата директива на Советот - 31986L0560, за усогласување на законодавството на земјите-членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на заедницата.

Во ЗДДВ, согласно со ЕУ актите се регулирани предметот на оданочување, даночен обврзник, местото на прометот, даночната основа, даночните ослободувања, времето на настанување на даночниот долг, одбивката на претходниот данок, оданочувањето, регистрацијата, враќањето на данокот, административните обврски, пропишувањето на специјални шеми за оданочување за тур-операторите.

Во однос на висината и бројот на применетите даночни стапки, ЗДДВ кореспондира со она што е предвидено во Директивите на ЕУ, од причина што во РМ во примена се две даночни стапки и тоа општата од 18%, и повластената од 5%.

Хармонизираност е постигната и во делот на даночниот третман на инвестиционите добра (опремата наменета за производство на стоки и услуги кои подлежат на оданочување и недвижностите потребни за вршење на стопанската дејност) кај кои со примена на механизмот на одбивка на претходниот данок се постигнува оданочувањето во целокупниот претприемачки домен да не доведе до даночно оптоварување. Согласно постоечката регулатива е постигнато оптоварување на целокупната приватна и јавна потрошувачка како и потрошувачката на деловните субјекти чии вкупни приходи не го надминале прагот на регистрација и доброволно не се регистрирани за целите на ДДВ, а со тоа и немаат можност да го користат правото на одбивка на претходен данок.

Заради продолжување на процесот на хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ, поконкретно, усогласување на Законот на данокот на додадена вредност на Р.Македонија со Директивата 32006L0112 која е замена на Шестата (системска) директива на Советот 31977L0388, како и други акти на ЕУ, во тек е проект-Хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ, во кој е вклучена техничка помош од страна на GTZ (Германско друштво за техничка соработка).

Во текот на третиот квартал во 2009 година, е донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност со кој се изврши намалување на стапката на ДДВ од 18% на 5% за водата за наводнување. Оваа измена е во согласност со Анексот 3 на Директивата 2006/112/ЕЗ на Советот од 28 ноември 2006 година за заедничкиот систем на данокот на додадена вредност, каде е пропишано дека повластена стапка може да се применува за водата (што значи дека е опфатена и водата за наводнување).

Во текот на четвртиот квартал е донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност со кој се направени неколку измени на Законот за данокот на додадена вредност.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност се изврши намалување на стапката на ДДВ од 18% на 5% за првиот промет со станбени згради и станови во оној дел во кој истите се користат за станбени цели и кој ќе се изврши во рок до пет години по изградбата. По однос на оваа измена, треба да се има во предвид дека е со ограничена примена, односно повластената стапка ќе се применува до 31 декември 2011.

Во Законот за данокот на додадена вредност е пропишано дека даночниот период може да биде календарски месец, календарско тримесечје или календарска година во зависност од вкупниот промет кој е остварен во изминатата календарска година, што е во согласност со Директивата. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност е пропишано дека по барање на даночниот обврзник за кој како даночен период се смета календарска година, може да се одреди даночен период да биде календарски месец во случај кога истиот врши инвестициони вложување во опрема и недвижности за отпочнување или проширување на дејноста. Со овој закон исто така е пропишана и обврска за даночните обврзници кон даночната пријава, во прилог да достават и периодичен финансиски извештај од одобрените фискални системи на опрема за регистрирање на готовински плаќања и периодичен извештај од

банкарските сметки преку кои го остварува работењето, со што надлежниот даночен орган ќе има поголема административна контрола во веродостојноста на податоците наведени во даночната пријава. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност исто така е пропишано и право на надлежниот орган да врши дерегистрација кога се појавуваат елементи на даночно затајување и избегнување. Со измените во Законот направено е дополнување на членот кој се однесува на прагот на регистрација и обврската за регистрација со што е пропишана задолжителна обврска за регистрација за цели на данокот на додадена вредност и на даночните обврзници кои во текот на календарската година ќе оставрат промет кој ќе го надмине пропишаниот праг. Извршените измени во Законот за ДДВ се во насока да се обезбеди еднаков даночен третман на даночните обврзници кое повлекува подобрување на конкурентските услови на пазарот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за ДДВ, надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Царинската Управа.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2010 година ќе продолжи континуирано проучување на деловите од директивите на ЕУ со кои не е усогласен системот за данокот на додадена вредност на Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во периодот од 2011-2012 година ќе следи континуиран и интензивен процес на проучување и усогласување на законодавството со одредбите на директивите на ЕУ што ќе резултира со измени и дополнувања на постојниот Закон за данокот на додадена вредност.

Процесот на хармонизација особено ќе оди во насока на:

- Примена на ДДВ при вршењето на промет на добра и услуги внатре во Заедницата помеѓу даночните обврзници.
- Воведување на ”посебните постапки на оданочување”, преку внесување на посебни шеми за оданочувањето на:
    1 инвестициското злато;
    2 употребувани добра, уметнички предмети, збирки и старини;
    3 услуги кои се извршуваат по електронски пат;
    4 земјоделците.
- Хармонизација во поглед на полето на примена на одредбите на ЗДДВ во слободните зони и во делот кој се однесува на фактурирањето.
- Пропишување и изработка на сите обрасци , вклучително и на даночната пријава за ДДВ.

Во процесот на хармонизација на домашното законодавство во делот на ДДВ во предвид ќе бидат земени следните ЕУ акти:

Директива на Советот 2006/112/ЕЗ од 28 Ноември 2006 година за заеднички систем на данокот на додадена вредност и сите нејзини измени и дополнувања;

Директива на Советот 31969LO169 за хармонизација на одредбите кои се регулирани со закони, регулативи или административни мерки во врска со ослободување од данок на промет и акциза при меѓународни патувања и сите нејзини измени и дополнувања;

Осма директива на Советот 31979L1072 (Осма директива на Советот 79/1072/ЕЕЗ од 06 декември 1979, со сите измени и дополнувања, за усогласување на законодавството на земјите-членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на земјата);

Тринаесетта директива на Советот 31986LO560 (Тринаесетта директива на Советот 86/560/ЕЕЗ од 17 ноември 1986 за усогласување на законодавството на земјите-членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на заедницата);

Директива на Советот 31983LO181 (83/181/ЕЕЗ) со сите измени со која се утврдува опфатот на член 14 (1) (д) на Директивата 31977LO388 во врска со ослободување од данокот на додадена вредност за краен увоз на одредени стоки;

Регулативата бр. 1777/2005 на Советот за утврдување на мерките за имплементација на Директивата 77/388/ЕЕЗ за заедничкиот систем на ДДВ.

Директива 2006/79/ЕЗ од 5 октомври 2006, за ослободување од даноци за увоз на мали пратки на стоки за некомерцијални цели од трети земји.

**АКЦИЗИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Законот за акцизите (Службен весник на РМ, број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008 и 105/2009), е основен правен акт кој ги уредува акцизите кои се наплаќаат посредно или непосредно за потрошувачка на територијата на Република Македонија и тоа за: минерални масла, алкохол и алкохолни пијалоци, тутунски добра и патнички автомобили и ги содржи одредбите за оданочување, акцизните повластувања, акцизните ослободувања, административните обврски, регистри, правна заштита и казнените одредби.
Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите кој е објавен во Службен весник на Република Македонија број 105 од 21 август 2009 година, надлежноста за управување со акцизите се пренесува од Управата за јавни приходи во Царинската управа од 1 јануари 2010 година.
Изготвен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за спроведување на Законот за акцизите кој е објавен во Службен весник на Република Македонија број 122 од 7 октомври 2009 година, а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.
Активностите околу пренесувањето на надлежностите за управување со акцизите на царинската управа на целата територија на Република Македонија од 1.01.2010 година се одвиваат согласно Акциониот план кој е усвоен на седница на Владата на Република Македонија од 1.04.2009 година.
Законот за акцизите е во голем обем хармонизиран со Системската Директива на Европската Унија, како и нејзините придружни структурни директиви поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизи. Сегашните стапки за неколку акцизни производи сеуште се пониски од минималните барања на acquis. Со започнувањето на преговорите за влез во ЕУ, Република Македонија ќе има потреба од транзиционен период за примена на минималните стапки предвидени со ЕУ acquis, првенствено заради ублажување на ценовниот удар врз населението и адаптирање на домашните претпријатија на конкурентските услови на стопанисување во заедничкиот пазар на ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за акцизите надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии и Царинската Управа.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2010 година ќе продолжи континуирано проучување на деловите на директивите на ЕУ кои не се усогласени со системот на акцизите.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во периодот од 2011-2012 година ќе следи интензивен процес на усогласување со директивите на ЕУ, кои децидно се однесуваат на системот за акцизите. Ќе се изврши усогласување и вградување на одредбите од Директивата на Советот 2008/118/ЕЗ од 16 декември 2008 година во врска со општите аранжмани за акцизи и укинување на Директивата 92/12ЕЕЗ.
Истовремено, ќе се изврши усогласување и вградување на одредбите на Директивата за преструктуирање на рамката на Заедницата за оданочување на енергетски производи и електрична енергија (32003L0096), како и усогласување на стапките на акциза на тутунските добра (31992L0079, 31992L0080 и 31995L0059) и алкохолните пијалоци ( 31992L0083 и 31992L0084) со минималното ниво на акцизите кое е пропишано со Директивите. Бидејќи вградувањето на одредбите од овие директиви ќе има значителни импликации врз малопродажните цени на енергетските производи и електричната енергија и на цигарите, РМ веројатно ќе има потреба од транзиционен период заради ублажување на ценовниот удар врз населението.
Сите изменувања и дополнувања на Законот за акцизите ќе се имплементираат со влезот на РМ во ЕУ.

3.16.2 **ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ**

**ДАНОК НА ДОБИВКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**Правна рамка**

Со Законот за данокот на добивка (Службен весник на Република Македонија бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05,139/06, 160/07 и 159/08) се уредува начинот на оданочување на добивката што ја остваруваат правните лица, резиденти и нерезиденти на Република Македонија. Во Законот се дефинирани поимите: даночен обврзник, даночна основа, задржување на данок на приход исплатен на странски правни лица, даночни ослободувања и олеснувања, избегнување на двојното оданочување, утврдување и наплата на данокот на добивка.

Согласно последните измени на Законот, а во функција на создавање услови за економски развој на земјата, нераспределена добивка на компаниите почнувајќи од 1 јануари 2009 година е ослободена од оданочување. Имено, обврската за плаќање на данокот на добивка се одложува до моментот на распределбата на добивка во вид на дивиденди и други распределби.

Исто така, со овие законски измени се утврди и пониска стапка од 1% ( претходно 1,5%) за оданочување на вкупниот приход на трговските друштва кои подлежат на поедноставен даночен режим односно чиј вкупен годишен приход изнесува до 3.000.000 денари.

**Институционална рамка**

Согласно Законот за данок на добивка, надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2010 година ќе продолжи континуираното проучување на директивите на ЕУ кои decидно се однесуваат на системот за данокот на добивка.

Во насока на утврдување на отстапувањата на Законот за данокот на добивка во однос на европското законодавство како и ефикасно транспонирање на директивите во Законот, во првата половина на 2010 година се очекува техничка помош во рамките на ИПА 2007 програмата.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во периодот од 2011-2012 година ќе продолжи процесот на усогласување на законот за данокот на добивка со директивите на ЕУ. Предмет на хармонизација ќе бидат одредбите на директивите кои се однесуваат на: заедничкиот систем на оданочување во случај на спојување, поделба, трансфер на средства и размена на акции помеѓу компании од различни земји членки (31990L0434), заедничкиот систем на оданочување во случај на матични компании и подружници во различни земји членки (31990L0435), наплатата на давачка за придонеси на капитал во капиталните компании (31969L0335-32008L0007) и заедничкиот систем на оданочување во случај на исплати на камати и авторски права помеѓу поврзани претпријатија од различни земји членки (32003L0049).

**ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**Правна рамка**

Законот за персоналниот данок на доход (“Службен весник на Република Македонија“ бр.80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 160/07 и 159/08), целосно го уредува оданочувањето на годишниот доход на физичките лица како збир на нето приходите остварени од сите извори и тоа: лични примања, приходи од самостојна дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од авторски права и права од индустриска сопственост, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и од други приходи. Освен приходите на кои се плаќа данок, со Законот е уредено и кои приходи се изземени од оданочување, кој е даночен обврзник, даночната основа, како и даночната стапка и начинот на пресметување и плаќање на персоналниот данок на доход.

Од 1 јануари 2009 година започна да се имплементира ситемот на интегрирана наплата на придонесите за социјално осигурување и персоналниот данок на доход, а се воведе и концептот на исплата на бруто плата на работниците. Со спроведувањето на овие реформи се зајакна фискалната дисциплина во смисла на редовна исплата на плата на вработените, а се подобри и на наплатата на персоналниот данок на доход.

**Институционална рамка**

Согласно Законот за персоналниот данок на доход, надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2010 година ќе продолжи континуираното проучување на директивите на ЕУ кои децидно се однесуваат на системот на персоналниот данок на доход.

Во насока на утврдување на отстапувањата на Законот за персоналниот данок на доход во однос на европското законодавство како и ефикасно транспонирање на директивите во Законот, во првата половина на 2010 година се очекува техничка помош во рамките на ИПА 2007 програмата.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во периодот 2011-2012 година ќе година ќе продолжи процесот на усогласување на Законот за персоналниот данок на доход со директивите и препораките на ЕУ. Во законската регулатива ќе бидат вградени директивите и препораките од оваа област и тоа: директивата за заедничкиот систем на оданочување кој се применува на интеграции, поделби,делумни поделби, префрлување на средства и размена на акции кои се однесуваат на компании на различни земји -членки

(31990L0434), во делот кој се однесува на оданочувањето на акционерите односно кој го третира подрачјето на доходот на физичките лица, како и на Препораката (93/79 EU) за оданочување на одделни ставки на доходот што го добиваат нерезиденти во друга земја-членка и Препораката (94/390 EC) за оданочување на мали и средни претпријатија, чии одредби ќе се однесуваат на физичките лица -вршители на самостојна дејност кои се обврзници на персоналниот данок на доход.

Од особена важност за овој закон ќе биде неговото усогласување со директивата (32003L0048) која се однесува на оданочувањето на доходот во форма на каматни исплати. Основна намена на оваа директива е потврдување дека доходот од заштедите во облик на плаќања на камати, кои се исплатени во државата членка на физичко лице кое е резидент на друга држава членка, да биде успешно оданочен во согласност со законодавството на последната држава, односно на државата во која физичкото лице е резидент. Со оглед на наведената намена, за повеќе држави членки е одреден механизам на автоматска размена на информации за исплатените камати на физичките лица. За таа цел, а во согласност со Директивата за заедничката помош од органите во земјите членки надлежни за директните даноци, одредени видови акцизни давачки и оданочувањето на премиите за осигурување, Република Македонија по усогласувањето на домашното со ЕУ директивите, треба да ги примени условите за автоматска размена на информации во делот на каматните исплати и другите приходи на физичките лица кои се предмет на оданочување согласно персоналниот данок на доход.

### 3.16.3 **АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Хармонизацијата на законодавството по однос на взаемната помош кај директното оданочување (31977L0799, изменета со директивата број 1070/ЕЕЦ од 06.12.1979), се применува преку Договорите за одбегнување на двојното оданочување склучени помеѓу Република Македонија и земјите членки на ЕУ.

Република Македонија има склучено вкупно 34 Договори за одбегнување на двојното оданочување, и тоа со: Албанија, Австрија, Белорусија, Бугарија, Данска, Египет, Естонија, Иран, Ирска, Италија, Катар, Латвија, Литванија, Молдова, Народна Република Кина, Обединето Кралство на Велика Бријатнија и Република Ирска, Полска, Република Кина, Романија, Русија, Словенија, СР Германија, СР Југославија, Турција, Украина, Унгарија, Финска, Франција, Холандија, Хрватска, Чешка Република, Швајцарија, Шведска и Шпанија а се применуваат уште 3 договори кои ги има преземено од СФРЈ и тоа со поранешна Чехословачка (во однос на Словачка), СР Германија (ќе се применува до датата на примена на договорот кој Република Македонија го има склучено со СР Германија) и Белгија. Од вкупниот број на 37 договори, 22 се со земјите членки на ЕУ.

Регулативата 32003R1798, како еден од најбитните документи од областа на размената на информации и взаемна соработка на државите членки, директно ќе се применува од датумот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, со оглед на тоа што е правен пропис кој директно ја обврзува земјата членка на примена на истата и нема потреба од нејзино претходно инкорпорирање во македонското законодавство.

Во текот на 2009 година Управата за јавни приходи, согласно член 26 од ОЕЦД моделот за даночна конвенција, има добиено вкупно 8 барања за размена на податоци и информации од надлежните органи на други држави. Управата за јавни приходи има обезбедно податоци и доставено одговори на 6 барања, а за две барања на податоци постапката за прибирање на податоците и информациите е во тек. Управата за јавни приходи, исто така согласно член 26 од ОЕЦД моделот за даночна конвенција, во 2009 година има упатено 17 барања за податоци и информации од надлежните органи од други држави. Од вкупниот број на упатени барања Управата за јавни приходи има добиено одговор на 10 барања.
**(податоците за бројот на барањата се со состојба** 27.11.2009 **година и ќе се ажурираат за цела** 2009 **година**)

**ПРАВНА РАМКА**

Договорите за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија кои Република Македонија ги има склучено со други земји вклучувајќи ги и земјите членки на ЕУ, претставуваат правна рамка и основа за унапредување економската соработка помеѓу државите договорнички како во доменот на размената на стоки и услуги така и во доменот на заедничките вложувања.

Како основа за водење на преговорите при склучувањето на овие договори се користи ОЕЦД моделот.

Размената на информации со земјите со кои е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување се врши врз основа на договорот.

Размената на информации со земји со кои не е склучен меѓународен договор за обегнување на двојното оданочување се врши преку органот на државната управа надлежен за надворешни работи (Министерството за надворешни работи).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Работите од својот делокруг ги извршува преку Генерална дирекција, регионални дирекции (пет регионални дирекции и една Дирекција за големи даночни обврзници), даночни одделенија (8) и даночни шалтери (72) со вкупно 1.254 вработени (состојба на 31.12.2008).

Како земја кандидат за членство во ЕУ, Република Македонија преку Управата за јавни приходи врши размена на информации со соодветните органи на државите договорнички, со што придонесува за развој на системот на взаемна размена на информации согласно Регулативата 32003R1798.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Краткорочни приоритети се забрзување на процесот на потпишување и ратификација на Договорите за одбегнување на двојното оданочување со Белгија, Луксембург, БиХ и Кувајт, како и забрзување на процесот за реализација на завршната фаза на усогласување на Договорите со Словачка и Мароко, како и склучување на Договори за одбегнување на двојното оданочување со останатите земји членки на ЕУ и тоа со Португалија, Грција, Кипар и Малта.

Приоритети на Управата за јавни приходи на краток рок во однос на размената на податоци согласно член 26 од ОЕЦД моделот на даночна конвенција за данок на доход и данок на капитал се:

1 ажурирање и комплетирање на регистарот на овластени лица за размена на информации со овластените лица од сите земји со кои е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување,
2 определување на овластени лица од страна на Управата за јавни приходи на Република Македонија за размена на податоци и информации, како и
3 воспоставување на непосреден контакт со овластени лица од други држави за размена на искуство во примена на договорите за одбегнување на двојно оданочување

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Како приоритет на среден рок претставува продолжувањето на водење на преговори со цел склучување на Договори за одбегнување на двојното оданочување со земји членки на ЕУ како и други воневропски држави.

Среднорочни приоритети на Управата за јавни приходи се воспоставување на електронска и спонтана размена на податоци со земјите членки на ЕУ и со други земји.

### 3.16.4 **ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ И КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која го одредува административниот капацитет на Управата за јавни приходи во поглед на делокругот, организацијата, начинот на вршење на работата и раководењето, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во врска со работите на Управата за јавни приходи претставува Законот за Управата за јавни приходи.

Со Законот за Даночна постапка се создаваат единствени основи за општото даночно право и даночната управна постапка. Со него на единствен начин се регулира: општото даночно право, постапката на утврдување на данокот, постапката на контрола, постапката на наплата на јавните приходи, правата и обврските на даночните обврзници и даночната казнена постапка и постапката за паричните казни. За примена на овој закон донесени се повеќе подзаконски акти и оперативни инструкции за работа на функциите.

Со оваа правна рамка се обезбедува засилување на административниот капацитет за спроведување на законодавството и борба против одбегнување на плаќање на даноците со преземање на краткорочни и среднорочни мерки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Работите од својот делокруг ги извршува преку Генерална дирекција, регионални дирекции (5 регионални дирекции и една Дирекција за големи даночни обврзници) и даночни одделенија (8), даночни шалтери (72) и со вкупно 1.247 вработени (состојба на 01.01.2009).

Управата за јавни приходи во насока на подобрување на услугите на даночните обврзници, зголемување на ефикасноста на контролата и зголемување на приходите по основ на сите јавни давачки, активно работи на операционализација на Стратешките цели, дефинирани во Стратешкиот план за период 2010 – 2012 година.

Стратешкиот план на Управата за јавни приходи е усогласен и произлегува од:

1. Стратешките приоритети на Владата на РМ
2. Имплементација на препораките од Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување
3. Приоритетите од Партнерството за пристапување на РМ
4. Програма за поттикнување на инвестиции во Република Македонија 2007-2010

Со имплементација на стратешките цели се зајакнуваат административните капацитети на УЈП и се прошируваат функциите и надлежностите на овој орган, со што се обезбедува зголемено ниво на даночните приходи во Буџетот на РМ,

подобрување на услугите кон даночните обврзници, развој на човечките ресурси и зајакнување на меѓународната соработка со органите и институциите од членките на ЕУ и земјите надвор од неа.
Проширувањето на функциите и надлежностите на УЈП се остварува преку воведување на интегриран систем на наплата на социјалните придонеси и даноците, што започна да се применува од 01.01.2009 година Со ваквиот начин на работа се зголеми ефикасноста и ефективноста во наплатата на приходите и истовремено се олеснети и поедноставени процедурите и обврските на даночните обврзници пред органите на државната управа.
Дизајнот на политиките на Управата за јавни приходи води кон централизација на надлежностите, а истовремено воведува високо децентрализирање на услугите кон даночните обврзници. Оваа определба ја олеснува комуникацијата, даночен службеник-даночен обврзник, преку отварање на нови организациони ентитети кои се лесно достапни и целосно одговараат на потребите за давање на квалитетни и брзи услуги на даночните обврзници. Отварањето на Контакт центарот во 2009 година, овозможи централизирано имплементирање на податоците со кои располага базата на знаење на УЈП и директно применување на сите видови и начини на комуникација (контакт преку е-маил, пошта, телефон, итн.).
Надворешната контрола на даночната администрација во РМ ја зголеми својата ефикасност и ефективност со примена на ново дефинираните критериуми за ризик, како и операционализација на методологиите за контрола по видови на даноци. Постојаното обучување на даночните инспектори за примена на овие нови ИТ алатки ја олеснува имплементацијата на законските процедури за спроведување на надворешната контрола и овозможува следење на мерките за учинок кај секој инспектор поодделно. Позитивните искуства во функцијата на надворешна контрола беа презентирани на повеќе меѓународни форуми, конференции и работилници каде беа оценети како високо професионални и модернизирани начини на контрола.
Воведувањето на системот за Централизирана обработка на податоци доведе до унифицирање на процесуирањето на даночните пријави. Крајната цел на овој Проект е издавање на сите видови на даночни решенија од едно место.
Во делот од Годишните даночни пријави со упарување на податоците од трети страни се зголеми наплатата на персоналниот данок од доход. Оваа активност воедно доведе и до зголемување на доброволното плаќање на обврските од страна на даночните обврзници.
Превземените мерки од страна на УЈП за менаџирање со стариот долг, на краток рок резултираше со зголемена наплата по основ на сите видови на даноци.

2009 година, меѓудругото ја одбележа и развојот на системот за аналитичко информирање за состојбите од работењето на функциите на УЈП - анализи, менаџерски извештаи, периодични извештаи и редефинирање на стандардите за мерење на учинок. Евиденциите и статистиките со кои располага Управата за јавни приходи, преку новиот начин на планирање на активностите, индиректно дадоа силна поддршка на сите функции во оваа институција.

Во ниту еден момент не е заборавена основната цел на УЈП која води до модернизирање на даночната администрација, а тоа е да биде сервис на даночните обврзници.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Управата за јавни приходи во рамките на своите надлежности и овластувања, ќе се фокусира на зајакнување на административните капацитети и надградба на ИТ системот, со цел зголемување на наплатата на приходите. Оваа заложба ќе се постигне со исполнување на следните краткорочни приоритети:

1. Пресликување на позитивните искуства од Пилот проектот- Канцеларија за мали и средни даночни обврзници на целата териториија на РМ
2. Креирање на нов ИТ систем за деловните процеси во УЈП
3. Операционализација на третата фаза од Проектот е-услуги за физички лица и со тоа ќе се овозможи целосна електронска комуникација на сите даночни обврзници со Управата за јавни приходи.
4. УЈП за развој на системот на внатрешна ревизија ќе спроведе серија обуки на внатрешните ревизори.
5. Воспоставување на интерконекција со трети страни за ефикасна и ефективна размена на податоци.
6. Развој и целосна операционализација на Канцеларија за комуникации и односи со јавноста
7. Подобрување на сите технички предуслови за администрирање на социјалните придонеси во УЈП
8. Со цел имплементација на позитивните законски прописи во однос на водење на прекршочната постапка, УЈП изготвува Оперативна инструкција за водење на прекршочна постапка, акт за извршна постапка и Упатство за примена на Законот за даночна постапка, кои ќе бидат донесени во текот на 2010 година.
9. Јакнење на капацитетот на надворешната контрола и развој на нови методи за борба против корупцијата и сивата економија.
10. Формирање на национален Центар за впаричување на долг, со цел зголемување на наплатата на заостанатите даночни долгови и подобрување на наплатата на приходите од добра кои се запленети во процесот на присилна наплата.
11. Имплементирање на Програмата за развој на Контакт центарот, кој беше отворен во 2009 година.
12. Изготвување на Стратегија и Акционен план за отварање на Регионална даночна академија

13. Донесување на Стратегија за човечки ресурси и акти за мотивација на вработените.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Управата за јавни приходи во рамките на своите надлежности и овластувања, ќе се фокусира на зајакнување на административните капацитети, како и надградување на ИТ системот, со цел зголемување на наплатата на приходите. Оваа заложба ќе се постигне со исполнување на следните среднорочни приоритети:

1. Во рамките на функционирањето на системот за Централна обработка на даночните пријави за да се спроведе превземање на обработката од сите регионални дирекции, даночни одделенија и Дирекцијата за големи даночни обврзници, ќе биде набавен соодветен хардвер и софтвер, кој ќе овозможи скенирање и електронско архивирање на хартиените документи. За оваа опрема ќе се спроведе обука на вработените.
2. За воведување на интегриран информатички систем кој ќе биде зајакнат со силни безбедносни критериуми ќе се набават лиценци и ќе се спроведе миграција на податоците во новиот систем.
3. Со вршење на ревизија на интегритет, ИТ ревизија и изработка на интерни инструкции со проценети ризици, ќе се обезбеди натамошно унапредување на системот за внатрешна ревизија.
4. За остварување на размена на податоци на УЈП со други институции ќе биде овозможен пристап кон базата за годишни сметки на Централниот регистар и ќе се усогласат регистрите со институциите со кои ќе се врши размена на податоци на ниво на Влада на РМ. Во овој период ќе се направи и подготовка на Е-услуги за физички лица на ниво на Влада.
5. За развој на комуникациските капацитети ќе се воспостави Интранет, Книга на графички стандарди и ќе се донесе План за комуникација во кризни ситуации.
6. За успешно администрирање на социјалните придонеси, системот за интегрирана наплата на придонесите и ПДД, ќе се интегрира во ИТ системот на УЈП со што ќе се овозможи развој на инструменти за администрирање и управување со информациите од системот.
7. Воспоставување на електронска и спонтана размена на податоци со други земји со цел одбегнување на двојното оданочување или неоданочувањето.
8. Се работи на создавање на хардверска и софтверска основа за размена на податоците за даночни измами, што ќе доведе до намалување на финансискиот криминал и даночните измами.
9. Се работи на формирање на Канцеларија за врски за размена на податоци од областа на ДДВ во рамките на ЕУ и создавање на соодветна хардверска и софтверска база за VIES и IMCS, со која ќе се овозможи основа за унифицираната конекција за размена на податоци за ДДВ во рамките на ЕУ.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

УНДП – Проект "e - accounting"
УСАИД – "е-услуги" за мали и средни даночни обврзници и физички лица
ИПА - Проекти

3.17 **ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА**

3.17.1 **МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

***ПРАВНА РАМКА***

***Закон за Народна банка на РМ***

Носител на монетарната политика е Народна банка на Република Македонија. Организацијата и работата на Народната банка е уредена со Законот за Народна банка на Република Македонија. Согласно Законот, основна цел на Народната банка е одржување на ценовната стабилност. Како носител на монетарната политика, Народна банка има висок степен на независност.

***Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс***

Во текот на 2009 година, Народната банка успешно ги прилагодуваше инструментите за монетарно регулирање на промените во макроекономскиот амбиент. Растечкиот трговски дефицит, намалените финансиски приливи од странство и зголемената неизвесност на почетокот на годината го зголемија јазот помеѓу понудата и побарувачката на девизниот пазар. Во такви услови, имајќи го предвид значењето на девизниот курс за макроекономската стабилност во земјата, Народната банка реагираше со интервенции на девизниот пазар. Дополнително, на 26.03.2009 година донесе одлука за зголемување на каматната стапка на благајничките записи од 7,0% на 9,0% и на ломбардниот кредит од 8,5% на 10,5%. И покрај умереното стабилизирање на движењата на девизниот пазар во текот на април и мај, интервенциите на Народна банка во насока на продажба на девизи продолжија. Во такви услови, Народната банка реагираше со дополнителни мерки и на 28.05.2009 година донесе нова *Одлука за задолжителна резерва* (*"Службен весник на Република Македонија" бр. 66/09*). Новините се однесуваа на воведување на диференцирана стапка на задолжителна резерва при што стапката на задолжителна резерва на депозитите во странска валута и на депозитите во денари со валутна клаузула се зголеми за 3 и 10 процентни поени, соодветно. Стапката на задолжителната резерва на депозитите во денари остана непроменета. Дополнително, се изврши измена и во начинот на пресметка и одржување на задолжителната резерва, така што дел од задолжителната резерва пресметана од обврските во странска валута, почна да се издвојува во денари. Заради пофлексибилно управување со ликвидноста од страна на банките, се овозможи и целосно дневно користење на средствата од задолжителната резерва во денари.

Во февруари 2009 година, Народната банка започна да го применува новиот инструмент - девизни депозити кај Народната банка (*Одлука за девизен депозит кај Народната банка на Република Македонија, "Службен весник на Република Македонија" бр. 163/08*). Воведувањето на овој инструмент имаше за цел да овозможи намалување на кредитниот ризик на домашните банки во услови на нестабилни движења на меѓународните финансиски пазари и растечки ризик, преку пласирање на девизни депозити со рочност од 1, 3, 6 и 12 месеци кај Народната банка. Каматните стапки на девизните депозити пласирани кај Народната банка се еднакви на каматните стапки на депозитите пласирани кај централните банки во евро-зоната, во меѓународните финансиски институции или на приносите на државните записи на земјите членки на евро-зоната.

Во јули 2009 година, Народната банка донесе *Одлука за каматните стапки на Народната банка на Република Македонија* (*"Службен весник на Република Македонија" бр. 96/09*), согласно која каматната стапка на кредитот преку ноќ се менува истовремено со промената на каматната стапка на основниот инструмент. Во таа смисла, каматната стапка на ломбардниот кредит се добива со додавање 1,50 процентни поени на каматната стапка на благајничките записи со рок на достасување од 28 дена. Ова решение е во линија на поставеноста на каматната политика на Европската централна банка.

На 15.10.2009 година, Народната банка донесе *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за задолжителна резерва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 126/09*), согласно која започна да плаќа надомест на задолжителната резерва во евра во висина од 0,10%, на годишна основа. Оваа измена е во линија со поставеноста на задолжителната резерва на Европската централна банка.

Во рамки на активностите за усогласување на регулативата за пресметување на казнена камата за задоцнето плаќање во Република Македонија со Директивата на ЕУ за спречување на задоцнето плаќање 2000/35/ЕЦ, Народната банка во 2009 година започна на полугодишна основа да ја објавува референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнената камата (*Објава на референтна каматна стапка за пресметување на стапката на казнената камата, "Службен весник на Република Македонија" бр. 167/08* и *80/09).* Согласно измените на Законот за облигациони односи (*"Службен весник на Република Македонија" бр. 81/09*), пресметувањето на казнената камата врз основа на референтната каматна стапка беше одложено и се очекува да отпочне на 01.01.2010 година.

***Статистика***
Во НБРМ, во првата половина на 2009 година се работеше на унапредување на квалитетот на податоците за странски директни инвестиции. Квартални податоци за странски директни инвестиции (движења) по земји и дејности на редовна квартална основа се изготвуваат и објавуваат на интернет страната на НБРМ. Со цел обезбедување на поквалитетни податоци за реинвестираната добивка за тековниот период, се воведе ново квартално анкетно истражување за остварениот и планиран финансиски резултат во тековната година. Анкетата ги опфаќа најголемите фирми со странски капитал и истата се спроведува на редовна квартална основа.
Во текот на 2009 година изработена е методологија за изготвување на извештаите за девизни резерви согласно препораките и Прирачникот на ММФ (Data Template on Internationl Reserves / Foreign Currency Liquidity). Процесот на изготвување на извештаите е во завршна фаза, при што се очекува до крајот на првиот квартал 2010 година, да се објават податоците за временската серија, како и да се започне со редовно месечно објавување на овие податоци.
Во делот на натамошниот развој на финансиската статистика врз основа на расположливите податоци, се изготвија подетални матрици за финансиската сметка, како интегрален дел на Системот на национални сметки (System of National Accounts) и билансите на состојби.

***ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА***
Согласно член 60 од Уставот на Република Македонија, Народна банка е утврдена како емисиона банка која е самостојна и одговорна за стабилноста на валутата, за монетарната политика и за општата ликвидност за плаќањата во Републиката и кон странство. Согласно Уставот, организацијата и работата на НБРМ се уредуваат со закон.
Во согласност со Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на РМ" бр. 58/00, 44/00) надлежна институција за подготовка на Законот за Народна банка е Министерство за финансии, предлагач е Владата, а Народна банка е надлежна институција за имплементација на законот, како и носител и надлежна институција на подзаконските прописи.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
***ПРАВНА РАМКА***
Во 2010 година ќе се донесе нов Закон за Народна банка на Република Македонија. Предлог законот е подготвен и во него се адресирани слабостите посочени во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2009 година на Европската Комисија. Со Предлогот е уреден и статусот и функциите на Народната банка како дел од Европскиот систем на централни банки и Европската централна банка. По Предлогот се добиени неофицијални мислења од Европската комисија и Европската централна банка според кои Предлог законот ги задоволува барањата во однос на независноста, забраната за монетарно финансирање и забраната за привилегиран пристап.

***Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс***

Во текот на 2010 година Народната банка ќе продолжи да применува пазарни монетарни инструменти заради остварување на ефикасна имплементација на монетарната политика. Притоа, ќе се анализираат можностите за прилагодување на поставеноста на задолжителната резерва кон системот на Европската централна банка.

Народната банка во 2010 година ќе развива инфраструктура за електронско тргување на репо трансакции на пазарот на пари. Мерката претставува натамошен придонес кон активностите за развој на финансиските пазари и е во линија на препораките од Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2009 година на Европската Комисија.

Народната банка ќе ја подобрува и регулативната рамка за функционирање на девизниот пазар во делот на тргување со странски платежни средства.

***Статистика***
На полето на статистиката до крајот на 2010 година ќе се реализираат следните активности:

- Редовно изготвување и објавување со месечна динамика на извештаите за девизните резерви во согласност со прирачникот и препораките на Меѓународниот Монетарен Фонд (Data Template on Internationl Reserves / Foreign Currency Liquidity) на интернет страната на НБРМ;
- Подготовки за редовна трансмисија на податоци за платно-билансните статистики до ЕУРОСТАТ;
- Воспоставување на статистика на инвестициски и приватни пензиски фондови.

**Финансиско сметководство**

Во доменот на финансиско сметководство со цел воведување на интегриран сметководствен систем се изработи Проект за набавка на софтвер за интегриран сметководствен систем. Во тек е објавување на тендер за набавка на софтвер за интегриран сметководствен систем. Изборот на добавувач би требало да се изврши до крајот на февруари 2010 година. Во вториот квартал од 2010 година е планирано да се изработи Blue Print за имплементација на сметководствениот софтвер со избраниот понудувач.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
***ПРАВНА РАМКА***
***Усогласување со регулаторната и оперативната рамка на Европскиот систем на централни банки (ЕСЦБ) и на Европската централна банка (ЕЦБ)***
Јакнењето на институционалниот капацитет на НБРМ, во смисла на овозможување на повисок степен на усогласеност со регулаторната и оперативната рамка на Европскиот систем на централни банки и на Европската централна банка претставува среднорочен приоритет, при што еден сегмент од неговата реализација ќе биде поддржан со "Needs Assesment Project for the NBRM in the Process of ECB and ESCB accesion” ,финансиран во рамки на ИПА 1 компонентата. Целта на овој проект е да даде оцена на јазовите во регулаторната и оперативната рамка на работењето на НБРМ во однос на работењето на ЕСЦБ и ЕЦБ, со што ќе се идентификуваат приоритетните области каде е потребно усогласување, а ќе се даде и рамка на активности и временска рамка, како и рамка на потребните финансиски средства и човечки ресурси за реализација на активностите. На ваков начин ќе се овозможи систематизирање на сите аспекти на процесот на регулативно и оперативно усогласување на работењето на НБРМ согласно фазите на ЕУ интеграцијата, а воедно ќе се воспостават и формални врски со институциите - партнери на НБРМ во процесот на интеграција. Во почетокот на ноември 2009 година Европската комисија донесе одлука за одобрување на проектното фише, со што и формално се одобри отпочнувањето на "Needs Assesment Project for the NBRM in the Process of ECB and ESCB accesion”. Почетокот на имплементацијата е планиран за третиот квартал на 2010 година, со што ќе се направат потребните технички подготовки за проектот, а во четвртиот квартал на 2010 е планиран почетокот на самиот проект.

***Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс***

На среден рок, Народната банка ќе продолжи да го прилагодува монетарниот инструментариум согласно поставеноста и трендовите во евро-зоната, понапредните транзициски економии и економиите кои спроведуваат слична монетарна стратегија. Воведувањето на инструментот депозит кај Народна банка се планира на среден рок, имајќи предвид дека банкарскиот систем се карактеризира со структурен вишок на ликвидност.

***Статистика***
Со цел понатамошно прилагодување на статистиката (делот кој е во домен на НБРМ) кон барањата на Европската централна банка, во наредниот период НБРМ континуирано ќе врши прилагодувања.

- Народната банка на Република Македонија ќе работи на обезбедување на соодветно ниво на дезагрегираност по земји, по валути и по сектори, соодветна поделба на финансиските инструменти, како и на понатамошно унапредување на квалитетот на податоците, применетата методологија и изворите на податоци;
- Спроведување на ново анкетно истражување за подобра проценка на приватните трансфери.

***Финансиско сметководство***
За примена на сметководствените политики од Европската централна банка е неопходно сметководствениот систем на НБРМ да биде што поинтегриран. Веќе е планирано воведување на интегриран сметководствен систем, за кој е во тек постапка за објавување на тендер.

Согледувајќи ја потребата дека НБРМ како членка на ЕСЦБ и ЕЦБ ќе известува и според Guideline of European Central Bank of 10 November 2006 on the Legal Framework for Accounting", во вториот квартал од 2011 година ќе се започне со анализа за разликите кои произлегуваат од примената на ИФРС стандардите и стандардите на ЕЦБ за сметководствено известување. Воедно ќе се подготви и План и динамика на активности за усогласување на евидентирањето и подготвувањето на финансиските извештаи на НБРМ во согласност со политиките на Европската Централна Банка.
Идентификуваните разлики би биле: правила за признавање на реализирани и нереализирани приходи, измени на дел од правилата на вреднување на билансните позиции, промени во начинот на финансиско известување и други промени. За реализација на овој Проект е потребна техничка помош од некоја од централните банки или од ЕЦБ.

### 3.17.2 ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА
**I. ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

**Макроекономска политика**
Имајќи ги предвид моменталните состојби во Република Македонија во областа на анализата и известувањето за економските политики, неопходно е институционално јакнење за постигнување на следните цели:

- Унапредување на квалитетот на макроекономските анализи, моделирање и прогнозирање во националната економија, главно преку примена на финансиското програмирање, што ќе овозможи и поквалитетно „советување“ на Владата на Република Македонија и дизајнирање на „оптимални“ економски политики и реформи и поквалитетна подготовка на стратешките документи (Предпристапна економска програма (ПЕП), Макроекономска политика, Национален развоен план (НРП));
- Развивање на пософистицирани методи и/или модели за планирање на буџетските приходи, во насока на унапредување на целокупниот буџетски процес и ефикасно искористување на расположивите ресурси;
- Јакнење на административните капацитети за координација и усогласување на економските политики со политиките на ЕУ и
- Јакнење на административните капацитети за имплементација на конзистентен сет на економски политики (фискална, монетарна, политика на девизен курс и сл.).

**Јавен долг**
Законската регулатива која го регулира задолжувањето на јавниот сектор во Република Македонија е следна:

- Законот за јавен долг и Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност како негов подзаконски акт;
- Законот за буџети;
- Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и
- Стратегијата за управување со јавен долг.

Основни цели во управување со јавниот долг согласно Законот за јавен долг се:

- Стабилно финансирање на потребите на државата со минимални трошоци, на среден и долг рок, како и со прифатливо ниво на ризик и
- Развој и одржување на ефикасен домашен финансиски пазар.

На 9 јули 2008 година Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг (Службен весник на РМ бр. 88/08). Со овие интервенции во правната рамка се елиминирани одредени проблеми кои се појавуваа во начинот на прикажување на податоците за јавниот долг, начинот на задолжување на општините и јавните претпријатија односно трговските друштва во целосна или доминантна сопственост на државата или општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, начинот на подготвување и содржината на Стратегијата за управување со јавниот долг, како и постапките на издавање на државни хартии од вредност и нивно предвремено откупување.

Задолжување во јавниот сектор може да биде во форма на заем од домашни или странски кредитори или во форма на државни хартии од вредност издадени на домашен или странски пазар.

Согласно Законот за јавен долг носители на јавниот долг се: Владата на Република Македонија, општините и градот Скопје, јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или доминантна сопственост на државата како и Народна Банка на Република Македонија. При надворешното и домашното задолжување и при издавање на државни гаранции за надворешно и домашно задолжување согласно Законот за јавен долг потребно е добивање на позитивно мислење од Министерството за финансии, а потоа и согласност од Владата на Република Македонија. Понатаму, доколку се работи за надворешно задолжување и издавање на државна гаранција при надворешно задолжување потребно е усвојување на закон за задолжување/издавање на државна гаранција од страна на Парламентот на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во поглед на организациската структура на Секторот за управување со јавен долг, истиот е екипиран со 12 вработени лица и се состои од следните одделенија:

1. Одделение за задолжување и инвестирање (Front Office)
2. Одделение за политика на управување со јавен долг и анализа на ризиците (Middle Office)
3. Одделение за евиденција, следење и сервисирање на обврските по основ на јавниот долг (Back Office)

Секторот за управување со јавен долг во рамките на Министерството за финансии соработува со: Секторот за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Сектор Буџет и фондови, Сектор Трезор, Сектор за финансиски систем и Сектор за макроекономска политика. Додека, како институции со кои соработува Министерството за финансии при

управување со јавниот долг  се: Народна Банка на Република Македонија, Комисија за хартии од вредност, Централен депозитар за хартии од вредност, Македонска берза, деловни банки и други пазарни учесници, како и меѓународно реномираните агенции за кредитен рејтинг.

Министерството за финансии има склучено договор за фискален агент со Народна Банка на Република Македонија за спроведување на аукциите на државните хартии од вредност, договори за овластени директни учесници на пазарот на државни хартии од вредност со комерцијалните банки и договор со Централниот депозитар на хартии од вредност за запишување, водење и доставување на податоци за имателите на државните хартии од вредност.

## II. **КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

За подобрување на правната рамка, во периодот кој следи  се предвидува донесување на Уредба  за начин и постапка на задолжување на општините, јавните претпријатија и трговските друштва во целосна или доминантна сопственост на државата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Ова уредба произлезлегува од Законот за јавен долг и ќе биде донесена како подзаконски акт. Целта на Уредбата е поедноставување на административните процедури при поднесување на барањата за мислење за задолжување од страна на носителите на јавен долг.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

***Макроекономска политика***

На краток рок, ќе се доекипира Секторот за макроекономска политика согласно постојната систематизација и ќе отпочнат активности за развивање на финансиското програмирање, проектирање на буџетските приходи, јакнење на капацитетите за кооринација и усогласување на домашните политики со политиките на ЕУ и за имплементација на конзистентен сет економски политики.

**Јавен долг**

Секторот за управување со јавен долг заклучно септември на 2009 брои 12 вработени лица. Согласно потребата од проширување на активностите во следните години,  потребни се административни зајакнувања во текот на 2010 и 2011 година, во сите одделенија во рамките на секторот. Исто така, потребно е и дополнување на испразнетото место на раководител и помошник раководител на Секторот за управување со јавен долг. До крајот на 2009 година се очекува импелементација на набавената софтверска апликација во која ќе се креира интегрирана база на податоци на целокупниот јавен долг на државата.

## III. **СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Рамката која ја одредува политиката на задолжување во Република Македонија е Стратегијата за управување со јавен долг која се однесува на период од следните 3 години, а се донесува секоја година од страна на Собранието на Република Македонија. Сегашната стратегија за управување со јавен долг беше донесена на 17 јуни 2009 година и се однесува на периодот 2009-2011 година.

Со неа е предвидена рамка на надворешно и домашно задолжување во период од 3 години, како и насоки за подобрување на карактеристиките на должничкото портфолио на Република Македонија.

Согласно среднорочната стратегија за управување со јавниот долг, Министерството за финансии продолжува со издавање на државните хартии од вредност и во наредниот период. Интенција е пред сè одржување на постојната рочност што значи редовна застапеност на државните записи со сегашната рочност од 3, 6 и 12 месеци, како и зголемена застапеност и емисија на државните обврзници од 2 и 3 години. Главна определба е насочување кон подолгите рочности во зависност од импулсите на пазарот. Започнувајќи од јуни 2009 година воведени се државните хартии од вредност со девизна клаузула и намалена е фреквентоста на одржување на аукциите на државните хартии од вредност со цел креирање на поликвидни емисии.  Министерството за финансии планира да продолжи со издавање на државните хартии од вредност со истата динамика и во наредниот период. Нето емисијата на државните хартии од вредност и во текот на наредните години ќе се зголемува согласно планот и проекциите за емисија на државните хартии од вредност.

Со цел обезбедување на финансирање на потребите на државата со најнизок можен трошок на среден и на долг рок со истовремено одржливо ниво на ризик, согласно Законот за јавен долг се дефинирани следните таргети:
1. Среднорочни таргети

- Нивото на вкупниот јавен долг во наредните три години да не надминува 40% од бруто домашниот производ.
- Нивото на државниот долг во наредните три години да не надминува 30% од бруто домашниот производ.

- Учеството на надворешниот јавен долг во вкупниот јавен долг за наредните три години да се движи во распон од 70%-80%.
- Износот на гарантираниот јавен долг во наредните три години да не надмине ниво од 10% од бруто домашниот производ.
- Учество на евро долгот во вкупниот јавен долг да биде на ниво од 70% (со максимално дозволено отстапување од +/- 5 процентни поени).
- Учество на долгот во денари во вкупниот јавен долг да биде на ниво од 13% (со максимално дозволено отстапување од +/- 3 процентни поени).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**<u>Макроекономска политика</u>**

Доколку се обезбеди неопходната странска (експертска) помош, на среден рок значително ќе се зголеми капацитетот на Секторот за макроекономска политика за примена на финасиското програмирање при проектирање на макроекономските варијабли и оценка на ефектот од планираните владини политики и мерки. Зголемената точност во планирањето на буџетските приходи ќе обезбеди подобрување на целокупниот процес на буџетско планирање и ќе овозможи порационално и попредвидливо планирање на буџетските расходи, со посебен фокус на приоритетите.

**<u>Јавен долг</u>**

По зајакнувањето на административниот капацитет на одделенијата кое ќе се постигне во текот на 2010 и 2011 година, Секторот ќе биде целосно кадровски екипиран.

IV. **СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во текот на 2009 година, Секторот за управување со јавен долг користеше техничка помош во полето на управувањето со готовината (cash management) преку престој на консултант финансиран од страна на USAID ( проект за деловно опкружување ). Добиена е експертска помош за подготвување на текстот на предлог-Уредбата за начинот и постапката за задолжување на општините, јавните претпријатија и трговските друштва во целосна или доминантна сопственост на државата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, помогната исто така од страна на УСАИД (проект за локална самоуправа). Во изминатава година, административните капацитети на вработените во Секторот за управување со јавен долг се зајакнаа преку неколку учества на семинари организирани од JVI Институтот во Виена, на Меѓународниот монетарен фонд. Овие соработки ќе продолжат и во текот на наредната година. Со средствата од грантот од Холандската влада беа зајакнати и капацитетите на вработените за анализа на меѓународните финансиски пазари со помош на надворешен консултант, а се очекува до крајот на 2009 година да биде подготвен и модел за фискална одржливост.

## 3.18 **СТАТИСТИКА**

### 3.18.1 **СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во тек е анализа на стручно-методолошки прашања поврзани со Пописот на населението и домувањето, 2011 година, кои ќе бидат основа за подготовка на Законот за Попис на населението и домувањето во Република Македонија, 2011.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Усогласување на Законот за државната статистика со регулативата на ЕУ во однос на користење микроподатоци
  - Закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика (продолжува во среднорочен приоритет)

- Воспоставување на правна основа за спроведување на Пописот на населението и домувањето во Република Македонија, 2011
  - Закон за Попис на населението и домувањето, 2011

**АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Државниот завод за статистика во 2009 година продолжи да ги реализира планираните вработувања по НПАА за 2009 година - 12 лица. Превземени се шест лица од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор. Во Заводот, (во почетокот на декември 2009) се вработени вкупно -279 лица од кои 87 во регионалните одделенија.
Буџетот на ДЗС во 2009 година беше намален за 3, 89% во однос на 2008 година.

Донесен е Стратешкиот план на ДЗС за периодот 2010-2012.
Направена е анализа на оптовареноста на извештајните единици и донесен е Акциски план за намалување на товарот на извештајните единици.
Спроведено е второто самооценување според CAF (Common Assessment Framework).
Во 2009 година, во ДЗС беше спроведена Анкетата за задоволството на вработените.
Спроведена е пилот-примена на системот за следење на трошоците по активности
Во согласност со планот за обука за 2009, ДЗС и во 2009 година продолжи со практиката за организирање на предавања, реализирани од страна на своите вработени. Предавањата се однесуваа на макро економски, социо економски и методолошки теми: услови на домување во контекст на подготовка на Пописот 2011, регионални сметки и индикатори за одржлив развој, тримесечни пресметки на БДП, модерни техники на прибирање на податоци, структурни бизнис статистики, извештај за квалитет, прибирање на податоци, пресметка на инвестиции во основни средства, регионални сметки, деловен регистар, примена на теорија на примерок и основни примерочни техники во ДЗС, односи со јавност и комуникации и генерички статистички бизнис модел. Во просек, на предавањата учествуваа по 37 лица.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Зајакнување на административните капацитети на ДЗС:
  - Ангажирање на потребната работна сила за поддршка на ДЗС во имплементацијата на европското законодавство (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Намалување на товарот на извештајните единици:
  - Реализација на активностите во акциониот план (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Зголемување на ефикасноста на процесот на стратешко планирање,буџетирање и на менаџментот со човечки ресурси:
  - Редовна примена на системот за следење на трошоците по активности
  - Анализа од резултатите од пилот примената на системот за следење на трошоците по активности
  - Анализа на резултатите од второто само-оценување според CAF (Common Assessment Framework)

- Обучен кадар за релевантни методи и процедури и за информатичка поддршка
  - Обуки за релевантни методи и процедури
  - Учество на меѓународни состаноци организирани од Еуростат и други институции (продолжува и во среднорочни приоритети):

**ПОДДРШКА НА СТАТИСТИЧКИТЕ АУТПУТИ, ТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**
А. **ОЦЕНКА И УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Изготвена е стратегија за управување со квалитетот во ДЗС. Подготвен е и Прирачник и процедура за изготвување на Извештај за квалитет која ќе почне да се применува од крајот на 2009 година.. Покрај веќе востановената пракса за подготовка на извештаи за квалитет за неколку истражувања, од индикаторите за квалитет што се применуваат во ЕСС (Европскиот статистички систем), во Заводот континуирано се пресметуваат варијансите и коефициентите на варијација за сите примерочни истражувања, како и стапките на (не)одговор. Се посветува и особено внимание на навременоста и запазувањето на предвидените рокови (timeliness and punctuality).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Изготвување на извештаи за квалитет за истражувањата
    - Изготвување на извештаи за квалитет по завршувањето на статистичките истражувања (продолжува и во среднорочни приоритети)
    - Работилница за изготвување на извештај за квалитет за 2 статистички истражувања
- Развивање на систем за управување со квалитетот на статистичките податоци и процеси
    - Развивање на систем за следење на квалитет на процесите (продолжува и во среднорочни приоритети)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Изготвување на извештаи за квалитет за истражувањата
    - Подготовки и изготвување на извештај за Квалитет на Пописот 2011
- Развивање на систем за управување со квалитетот на статистичките податоци и процеси
    - Подготвување на прирачници и процедури за собирање, контрола, шифрирање, внес и обработка на податоци
    - Генерален годишен извештај за тоа колку, кои и во каков облик се подготвени извештаи за квалитет

**СТРАНСКА ПОМОШ**
Во рамки на националната програма ИПА 2007 е предвидена компонента Развој на систем за квалитет на сите процеси од статистичката продукција.

**Б. ИТ ИНФРАСТРУКТУРА И УСЛУГИ НА ДЗС**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
ДЗС ја започна 2009 година со значително подобрена ИТ инфраструктурата , но и со консолидација и стандардизација на развојното и продукционото опкружување (. NET, MS SQL server 2005 & 2008, Blaise, SAS). Голем дел од постоечките апликации развиени во MS Access се преработени (.NET, Blaise, SAS). Покрај активностите за поддршка на тековните статистички истражувања и статистичките регистри , се работеше на развој или подобрување на повеќе апликациите за поддршка на администартивното работење и контрола на трошоците: апликација за изработка на годишна програма за работа, регистарција на активностите во тек на работното време, следење на извршувањето на годишната програма за работа, евиденција на печатење и фотокопирање и евиденција за присуство на обуки.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Одржување континуитет во осовременување на ИТ опкружувањето, во функција на ефикасна поддршка на процесот на статистичка продукција и интерна и екстерна комуникација
    - Развој на стандардизирани апликации за планирање, следење на активности, правење извештаи и нивно меѓусебно поврзување (продолжува и во среднорочни приоритети)
    - Преработка на апликациите за подршка на статистичките истражувања со современи алатки според европските стандарди (продолжува и во среднорочни приоритети)
    - Изработка на апликации за внес на податоците од Пописот 2011
    - Континуирано подобрување на техничка инфраструктура (сервери, персонални компјутери и софтвер) кое соодветствува на зголемените потреби за перформанси и капацитет (продолжува и во среднорочни приоритети)
    - Подобрување на капацитетот на локалната компјутерска мрежа како и мрежата со регионалните одделенија
    - Пилот апликации за on-line прибирање податоци преку интернет

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Одржување континуитет во осовременување на ИТ опкружувањето, во функција на ефикасна поддршка на процесот на статистичка продукција и интерна и екстерна комуникација
    - Изработка на апликации за контрола на внесениот материјал од Пописот 2011

- o Табелирање на податоците Пописот 2011
- o Развој и имплементација на решенија за размена на податоци и метаподатоци (примена на SDMX)

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во рамки на националната програма ИПА 2007 е предвидена набавка на компјутерска опрема и подобрување на капацитетот на локалната мрежа. Во ИПА 2009 предвиден е развој на систем за on-line прибирање на податоци.

**В. ИТ НОРМАЛИЗАЦИЈА И КОЛАБОРАТИВНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЕВРОПСКИОТ СТАТИСТИЧКИ СИСТЕМ (ЕСС)**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

На почетокот на годината во ДЗС имаше мисија од Еуростат со цел да се запознаат поголем број на вработени со функциналностите на алатките од системот eDAMIS (eWA, eWP, eWF). Во ДЗС е номиниран координатор за трансмисија на податоци до Еуростат, кој е воедно и национален кординатор. За другите учесници во официјалниот статистички систем беше одржано предавање од страна на координаторот за трансмисија со цел и тие да се запознаат со алатките на Еуростат кои треба да ги користат при доставување на податоците.
Во ДЗС за околу една третина од статистичките истражувања стана редовна пракса користењето на единствената влезна точка (Single Entry Point – SEP) за доставување на податоци до Еуростат. Ова е подржано преку централни и локални алатки (eDAMIS веб апликација, веб портал и веб форми) кои овозможуваат мониторинг на трансмисијата како и upload и on-line форми заедно со автоматска валидација и конверзија на форматите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Користење на Единствена Влезна Точка за редовно доставување на податоци и метаподатоци до Еуростат
  - o Понатамошно зголемување на бројот на дата сетови кои се доставуваат до Еуростат преку единствена влезна точка со користење на продуктите и алатките на Еуростат за пренос на податоци (продолжува и во среднорочни приоритети);
  - o Изработка на софтверски апликации за транскодификација на податоците кои се доставуваат до Еуростат за нови статистички истражувања (продолжува и во среднорочни приоритети)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Интегрирање на податоците во датабазите на Еуростат со прифаќање на стандардите за пренос на податоци и метаподатоци
  - o Имплементација на SDMX стандардот за размена на податоци и метаподатоци

**Г. РЕФЕРЕНТНИ ПОДАТОЦИ И МЕТАДАТА СКЛАДИШТА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Постоечката метабаза што содржи основни податоци за организациската структура, статистичките истражувања и публикуваните документи, како и релациите помеѓу нив, континуирано се ажурира, а расположливите метаподатоци се користат во продукциски цели за подготовка на Годишната програма за статистички истражувања, како и во одделни модули во системот за пресметка на трошоци. Во рамки на подготовките за развој на централната база на метаподатоци во ДЗС подготвена е нова класификација на статистики според домен, тема, модул и група со цел хармонизирање со компендиумот на Еуростат. Исто така усвоена е и прилагодена за имплементација Еуростат SDMX (ESMS) структурата на референтни метаподатоци. Во согласност со оваа структура развиена е база и апликација за прибирање на референтни метаподатоци и подготвување на документи според однапред зададени темплејти за рзлични потреби. Апликацијата е во фаза на тестирање, а во официјална употреба ке биде од 1 јануари 2010 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Подготовки за развој на систем на метаподатоци во ДЗС
  - o Полнење на базата на референтни метаподатоци според ESMS структурата
  - o Подготвување на листа на статистички варијабли од сите статистички истражувања
  - o Јакнење на капацитети со цел избор на модел (Neuchatel Terminology model for Variables, ISO/IEC 11179 Metadata Registry Standard, etc.) за регистар на варијабли
  - o Усогласување на статистички бизнис процес модел за ДЗС со генеричкиот бизнис процес модел на Еуростат
  - o Дефинирање на конвенција на именување на варијабли и подготовка на логички модел прилагоден на избраната терминологија

- Дефинирање и имплементација на ИТ систем за регистрирање на варијабли
  - o Јакнење на капацитети со цел стандардизиран развој на бази на податоци и .NET апликации
  - o Подготовка на логички и физички модел на базата и спецификација на ИТ систем

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Подготовки за развој на систем на метаподатоци во ДЗС
  - Внес на податоци (структурирање на варијабли) за избрани статистички домен
  - Аналитичка фаза: стандардизација и хармонизација на варијаблите и внес

- Дефинирање и имплементација на ИТ систем за регистрирање на варијабли
  - Развој на база на податоци и апликација
  - Усвојување на PC-Axis SQL метадата моделот

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Развојот и имплементацијата на системот за регистрирање на варијабли ќе биде помогнат од Статистика Шведска преку проект финансиран од Сида

**Д. ИСТРАЖУВАЊА ВО СТАТИСТИКАТА И МЕТОДОЛОГИИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Направен е пилот примерок за растително производство кој ќе биде евалуиран по извршената анализа на резултатите од пилот истаржувањето.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Совладување и воведување на напредни методологии и техники за статистички истражувања
  - Презентации на современи методологии научени преку обуки во ЕУ земји
  - Дизајнирање на примерок за СИЛК (Survey on Income and Living Conditions)
  - Развивање на метода на естимација (создавање на пондери и пресметување на грешки) за SILC (Survey on Income and Living Conditions) (продолжува и во среднорочни приоритети)
  - Дизајнирање на примерок за истражувања за растително производство
  - Развивање на метода на естимација (создавање на пондери и пресметување на грешки) за примерочни истражувања за растително производство

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во рамки на националната програма ИПА 2007 е предвидена компонента Развој на систем за квалитет на сите процеси од статистичката продукција која меѓу другото вклучува и обуки во врска со теоријата и праксата од областа на статистички методологии.

**Ѓ. СИГУРНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ И СТАТИСТИЧКА ДОВЕРЛИВОСТ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Новата ИТ инфраструктура во ДЗС и во осумте регионални одделенија (Windows 2003, Active Directory, ISA server, McAfee Total Protection) значително ја подобри сигурноста на податоците. Windows 2003 Active Directory е применет за обезбедување на заштита на мрежата и регулирање на селективен пристап до мрежните ресурси. На секој од вработените им се алоцирани корисничко име и лозинка со кои може да пристапат само до одредени мрежни ресурси, според однапред дефинирана политика за различни категории (администратори, оператори, корисници). Вработените пристапуваат до интернет преку MS ISA (Microsoft Security and Acceleration Server), што значи дека ниту еден компјутер од локалната мрежа нема директен пристап до интернет.
Заштитата од вируси е обезбедена со софтверот McAfee Total Protection кој е инсталиран на засебен сервер и дневно се ажурира. Поставен е и антиспам филтер. Паралелно со техничките мерки се работеше и на подобрување на организациските правила и мерки во поглед на статистичката доверливост. Формиран е Комитет за статистичка доверливост, изработена е драфт верзија на документот кој ја дефинира политиката на пристап до микроподатоците и донесен е Правилник за процедурите и мерките за заштита на податоците прибрани со програмата за статистички истаржувања.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Подобрување на сигурноста на податоците со ажурирање на технологијата (хардвер, софтвер) и правилата за заштита од невторизиран пристап до податоци
  - Континуирана работа на подобрување на техничката инфраструктура заради заштита од неавторизиран пристап и губење на податоци (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Имплементација на европската регулатива за статистичка доверливост
  - Дефинирање на транспарентни процедури за пристап до микроподатоци за научноистражувачки цело

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Подобрување на сигурноста на податоците со ажурирање на технологијата (хардвер, софтвер) и правилата за заштита од невторизиран пристап до податоци
    - Усвојување на кодекс на работа за управување со информатичката безбедност

- Имплементација на европската регулатива за статистичка доверливост
    - Усвојување на европските методологии и алатки за заштита од статистичко разоткривање
    - Имплементација на SDC (Statistical Disclosure Control) методи со изработка/прилагодување на соодветен софтвер за различни статистички области

**СТРАНСКА ПОМОШ**
Во рамки на националната програма ИПА 2007 е предвидена компонента Развој на систем за квалитет на сите процеси од статистичката продукција, каде се предвидени активности во врска со заштитата на микро податоци.

**ДИСЕМИНАЦИЈА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во текот на 2009 година беа воведени следните новини во областа на дисеминацијата:

- обезбеден е бесплатен пристап до статистичките публикации на институцијата, што се достапни на ВЕБ страницата ,
- за развој на ВЕБ дисеминација се почна со примена на софтверската алатка PC AXIS,
- воспоставена е ВЕБ база на податоци со регионални податоци,
- спроведена е и обработена Анкетата за задоволството на корисниците.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Јакнење на корисничката ориентираност на ДЗС
    - Редизајн на публикациите на ДЗС (продолжува во среднорочни приоритети)
    - Развивање на форми за редовна комуникација со корисниците (продолжува во среднорочни приоритети)
    - Усвојување на нова Стратегија за дисеминација на податоци

- Дефинирање на новите дизајнерски, содржински и технички аспекти на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика
    - Усвојување и ревизија на документ за содржинска, дизајнерска и техничка промена на ВЕБ страницата
    - Редизајн на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика (продолжува во среднорочни приоритети)

**СТРАНСКА ПОМОШ**
Во рамките на Националната ИПА 2007 програма за статистика, планирано е да се добие стручна помош за редизајн на публикациите од содржински и технички аспект.

3.18.2 **КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Регистрирањето на фирмите во Центарлниот регистер започна од 1. 01. 2009, согласно Националната класификација на економски дејности (НКД Рев.2)
Во текот на 2009 година Владата ја донесе Националната номенклатура на индустриски производи усогласена со Европската номенклатура PRODCOM (PRODuction COMmunautaire) како национален стандард (објавена во Службен весник 75/2009). Во текот на 2009 година Владата ја донесе Националната класификација по производи усогласена со Европската класификација CPA (Classification of Products by Activity) како национален стандард (објавена во Службен весник 97/2009).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Усогласување на системот на националните стандарди со европскиот систем на стандарди:
    - Следење на промените во економски класификации (продолжува во среднорочни приоритети)
    - Одлука за утврдување на националната класификација на занимања – НКЗ усогласена со меѓународната класификација на занимања ISCO-08 (International Standard Classification of Occupations)

**РЕГИСТРИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Утврдени се единиците и варијаблите на **Регистарот на земјоделски стопанства** и во тек се активностите за ажурирање на статистичкиот Регистар на земјоделски стопанства.

**Статистички деловен регистер** (**СДР**) - во текот на 2009 година започнати се активности за развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди препораки (воведување на групи на претпријатија и демографија на претпријатија).

Завршени се следниве активности за подобрување на СДР:

Прераспределување на деловните субјекти во СДР според Националната класификација на дејности НКД Рев.2 ;, Контролирање и корегирање на дејноста на деловните субјекти;

Подготовка на процедури за ажурирање на правните единици, претпријатијата и локалните единици и нивна имплементација.

**Статистички регистар на просторни единици** (**СРПЕ**) - Следејќи ги законските акти, во 2009 год. Државниот завод за статистика ја заврши постапката за ослободување од административниот Регистар на просторни единици и истиот премина во надлежност на Агенцијата за катастар на недвижности. Дефинирана е методологијата за водење и ажурирање на статистичкиот Регистар на просторни единици

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Активности за ослободување на Државниот завод за статистика од административните и управните функции и целосно насочување кон основната дејност
  - Трансфер на Регистарот на население во МВР (продолжува и во среднорочни приоритети)
  - Трансфер на методолошко-организационата и техничката обработка на податоците од Избирачкиот список во ДИК.

- Водење и ажурирање на Статистичкиот деловен регистар (СДР)
  - Развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки (воведување на група на претпријатија и мултинационални групи на претпријатија) (продолжува и во среднорочни приоритети)
  - Воведување на демографија на претпријатија

- Водење и ажурирање на статистичкиот регистар на население
  - Подобрување на методолошките основи и функционалноста на СРН, усогласени со европските стандарди и препораки

- Воспоставување, водење и ажурирање на Статистичкиот регистар на просторни единици:
  - Одржување на статистичкиот Регистар на просторни единици (продолжува во среднорочни приоритети)

- Водење и ажурирање на статистичкиот Регистар на фарми
  - Развиено апликативно решение и развиени процедури за ажурирање
  - Воведување на нови варијабли согласно упатството за типологија на земјоделските стопанства на европската статистика
  - Воведување на процедури за ажурирање на регистарот на фарми (продолжува и во среднорочни приоритети)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Водење и ажурирање на Статистичкиот деловен регистар
  - Вклучување во ЕУРОГРОУП регистер

3.18.3 **СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ**

3.1. **ДЕМОГРАФСКА**, **СОЦИЈАЛНА СТАТИСТИКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во рамките на **статистиката на населението**:

Изработени се и направена е анализа на краткорочните (квартални) прогнози на населението, по региони, по пол и по возраст, за цела 2008 г .

Подготвена е публикацијата за Проекции на населението 2007-2055, на ниво на региони

Во период од 15 до 30 мај 2009 спроведен е Пробниот попис на населението домаќинствата и становите

Во однос на статистиката на миграции на странци, во текот на 2009 година податоците се прибираа преку базата на податоци од МВР и направена е целосна анализа за користење на податоци од административниот регистар за странци од МВР.

**Во статистика на образование**, завршени се подготовките за Пилот Анкетата за континуирана стручна обука - АКСО (CVTS - Continiung Vocational Training Survey), односно подготвен е план за спроведување, преведени се делови од прирачникот (CVTS 3 European Union Manual) и тоа: содржината на прашалникот, дефинициите и анексите и подготвен е прашалникот.
**Во статистика на социјална заштита**, одржан е состанок со Министерството за труд и социјална политика, определено е лице -координатор во Министерството и формирана е работна група .

**Анкета за работната сила** (АРС) во Република Македонија
Објавени се податоци за основните индикатори од Анкетата за работната сила, за 2007 и 2008 год. , на регионално ниво. Извршена е трансмисија на податоците од АРС за 2007 г. и 2008 г. до Еуростат.

**Анкета за работната сила - ад хок модул - Усогласеност помеѓу работата и семејниот живот**, 2010
Подготовка на план на активности за реализација на ад хок модулот.Подготвена е содржината на прашалникот и методолошките инструменти за спроведување на ад хок модулот

**Цена на трудот** -
Анализа на прибраните фактички одработени часови од месечното статистичко истражување за вработени и плати, за 2008, потребни за пресметка на базни индекси на цената на трудот, за 2008 год.

**Анкета за потрошувачката на домаќинствата** - Во согласност со препораките и стандардите на ЕУ, извршена е трансмисија на податоците од АПД за 2005 година до Еуростат.

**Анкета за користење на времето** - Во согласност со најновите препораки и стандарди на Еуростат, континуирано, во текот на целата 2009 година, беше спроведена Анкетата за користење на времето, на примерок од 2000 домаќинства. Воедно подготвени се сите потребни методолошки упатства и шифрарници неопходни за внес на податоците.

**Пилот-анкета за приходи и животен стандард - СИЛК** - Во мај 2009 година во согласност со препораките на Еуростат беше спроведена Пилот-анкетата за приходи и животен стандард - СИЛК на примерок од 300 домаќинства. Со спроведената пилот-анкета се тестираа прашалниците, должината на анкетирањето, нивото и причините за неодзив и организационата структура за нејзиното спроведување.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Трансмисија на податоците до Еуростат во согласност со стандардите на ЕУ
    - Трансмисија на податоците од Анкетата за работната сила за 2009 година, со квартална периодика
    - Транскодификација на податоците од Анкета за цена на труд за 2008 и нивна трансмисија

- Реализирање на глобалниот план за спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2011
    - Подготовка на оперативен план за организација и спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2011;
    - Подготовка на Методологијата и методолошките упатства и инструменти за спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2011 ;
    - Организација и спроведување на Пописот на населението, домаќинставата и становите, 2011 (продолжува во среднорочни приоритети)
    - Подготовка на пописната картографија со користење на новата расположлива технологија

- Проучување на методологијата за трошоци на социјална заштита - ESSPROS (European System of Integrated Social Protection Statistics)
    - Подготовка на план на активности

- Спроведување на пилот Анкета за континуирана стручна обука ( CVTS-Continuation Vocational Training Survey)
    - Спроведување на Пилот анкета

- Примена на методологијата за трошоци на социјална заштита-ESSPROS

- Пресметка на трошоци за социјална заштита по категории корисници според ESSPROS-продолжува и по 2011 г. (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Подготовки за спроведување на истражувањето Структура на заработувачката
  - Проучување на ЕУ регулативите и стандарди и подготовка на методологија и инструменти
  - Спроведување на пилот истражување
  - Спроведување на ad hoc модулот - "Усогласеност помеѓу работата и семејниот живот, 2010" , во рамките на Анкетата за работната сила (продолжува во среднорочни приоритети)

- Подготовки за спроведување на Анкетата за приходи и животен стандард – СИЛК (Survey on Income and Living Conditions)
  - Спроведување на Анкетата за приходи и животен стандард -СИЛК (2010)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Трансмисија на податоци до Еуростат согласно ЕУ стандардите
  - Трансмисија на податоците од ad hoc модулот - "Усогласеност помеѓу работата и семејниот живот, 2010" , во рамките на Анкетата за работната сила
  - Транскодификација и трансмисија на податоците од АПД (Анкета за потрошувачка на домаќинства) за 2010 година
- Реализирање на глобалниот план за спроведување на пописот
  - Обработка на податоците од Пописот на населението , домаќинствата и становите,2011

- Подготовки за спроведување на истражувањето Структура на заработувачката:
  - Спроведување на истражувањето – Структура на заработувачката

3.2. **СТАТИСТИКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во согласност со предвидената динамика, во текот на 2009 година, во областа на статистикта за животна средина се реализирани следните активности:

- за прв пат е спроведено истражување и се публикувани податоци за комуналниот отпад во Република Македонија за 2008 година; во согласност со ЕУ стандардите истражувањето ќе се спроведува со годишна периодика
- извршена е трансмисија на податоците за комунален отпад во Еуростат
- спроведено е истражување за отпад од индустријата
- извршена е трансмисија на податоците во Еуростат за товарниот, железничкиот, воздухопловниот транспорт и сообраќајните незгоди

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на податоци за следење на статистиката на животната средина во согласност со Европските регулативи
  - Публикување на податоци за отпад од индустријата
  - Трансмисија на податоцте за отпад од индустријата во Еуростат
  - Подготовка на истражување за отпад во сите NACE сектори (Nomenclature of Economic Activities in the European Community)
  - Пополнување на прашалникот за вода "OECD Joint Questionnaire on inland waters" и трансмисија на пополнетите податоци во Еуростат

- Обучен кадар за релевантни методи и процедури
  - Обуки за релевантни методи и процедури

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на податоци за следење на статистиката на животната средина во согласност со Европските регулативи
  - Спроведување на истражување за отпад во сите NACE сектори (Nomenclature of Economic Activities in the European Community)
  - Подготовка и спроведување на пилот истражување за трошоци за животната средина

3.3. **МАКРОЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во текот на 2009 година се реализирани две мисии на ММФ (Меѓународниот монетарен фонд) со цел да се направи анализа на имплементација на методите за пресметка на квартално ниво и анализа на влијанието на конзистентноста со годишните пресметки, а работата на имплементацијата продолжува.
Како резултат на обврската со Еуростат, а во рамките на IPA 2007 Multi-beneficiary Statistical Cooperation Programme, во ДЗС подготвен е документ за опис на изворите и методите за пресметка на агрегатите во националните сметки согласно ЕСА 95.Во тој документ се опишани сегашната состојба и идните планови за подобрување на податоците. Документот согласно договорот е доставен до Еуростат и претставува основна методологија за пресметка на БДП согласно Регулативата 2223/96 за ЕСА 95.
Во 2009 година се подготвија и објавија табелите за понуда и употреба за 2006 година и симетричните табели за 2005 година. Направени се подобрувања на пресметките и податоците се доставени до Еуростат.
Доставени се 23 табели од сетот на табели од Регулативата 1392 од 2007 година за испраќање на табели до Еуростат. Во тек се подготовките на табели со податоци и за 2008 година.
Во текот на 2009 година ДЗС подготви податоци за БДП на регионално ниво за 2007 година. Можностите за подобрување на методите за пресметка се разгледуваат континуирано со анализа на постоечките податоци, а со цел податоците да се хармонизираат со препораките за регионални сметки (Регулатива 2223/96).
Во тек е реализацијата на активностите од Европската програма за споредба 2009, при што тековно се снимаат пазарните цени на производите и услугите по претходно формирани и усогласени листи на производи и услуги од страна на Еуростат. Сите фази се усогласени со временската табела на Еуростат и со земјата-лидер. За пресметките на БДП според PPS (Purchasing Power Standard, Регулативата 1445/2007) за 2007 година се доставени сите потребни табели.

Подготвени се податоци за индикаторите за одржлив развој.
Направени се експериментални пресметки за категориите на БДП според COFOG класификацијата.
Составувањето на нефинансиските сметки по сектори се работат континуирано.
Направени се комуникации со Министертвото за здравство за формирање на група, а со цел да се интензивираат активностите за работа на сметките во здравството.
Направени се експериментални пресметки на FISIM согласно Регулативата 448/98.
Потпишан е Меморандум меѓу ДЗС, НБРМ и МФ во врска со унапредувањето на макроекономската, монетарната и финансиската статистика.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Составување на економски сметки по институционални сектори и изработка на интегриран сет на економски сметки
  - Составување на годишни нефинансиски сметки
- Хармонизација на пресметките на макроагрегатите согласно ESA 95
  - Продолжување на активностите во рамките на Проектот ППП (паритет на куповната моќ), рунда 2008
  - Примена на класификацијата COPNI
  - Подобрување на опфатот на податоците за инвестициите во основни средства
  - Доставување на податоци до Еуростат согласно Регулативата 1392/2007
  - Имплементирање на Регулативата 448/98 во однос на алокацијата на финансиските услуги мерени индиректно
- Унапредување на секторските сметки
  - Балансирање меѓу сметките по сектори (продолжува во среднорочен приоритет)
- Подобрување на методите за пресметка на додадената вредност на регионално ниво
  - Унапредување на методите за пресметка (продолжува во среднорочен приоритет)
  - Ревизија на податоците согласно подобрени методи за пресметка (продолжува и во среднорочен приоритет)
- Подготвување на податоците за БДП на квартално ниво за серијата 2000-2007 според методот на двојни индикатори
  - Подобрување на категориите на БДП и пресметка на додадената вредност на квартално ниво (продолжува во среднорочен приоритет)
  - Пресметки согласно НКД рев 2
- Подобрување на квалитетот на податоците во инпут-аутпут табелите за доставување до Еуростат
  - Унапредување на методолошките постапки при балансирањето на податоците во табелата на понуда и на употреба (продолжува во среднорочен приоритет)
  - Пресметка на табелите на понуда и на употреба по постојани цени (продолжува во среднорочен приоритет)
- Обезбедување на евроиндикаторите и индикаторите за одржлив развој

- Анализа и интегрирање на расположивите податоци

- Развивање на сметките за здравство
  - Анализа и подготвување на расположливите податоци за сметките во здравството (продолжува во среднорочен приоритет)
  - Составување на експериментална табела за здравствена потрошувачка

- Имплементирање на НКД РЕВ 2 (Национална класификација на дејности), SNA 2008 (System of National Accounts) и ревидираната ESA 1995 (European System of Accounts)
  - Имплементирање на НКД РЕВ 2 во системот на пресметки во Националните сметки (продолжува во среднорочен приоритет)
  - Подготвителни активности за имплементирање на SNA 2008
  - Подготвителни активности за имплементирање на ревидираната ESA 1995 (продолжува во среднорочен приоритет)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Хармонизација на пресметките на макроагрегатите согласно ESA 95
  - Испитување на расположиви податоци за проценка на вредноста на инвестициите за софтвер од сопствено производство

- Подготвување на податоците за БДП на квартално ниво за серијата 2000-2007 според методот на двојни индикатори
  - Подготвување на податоци согласно НКД Рев. 2

- Развивање на сметките за здравство
  - Подобрување на податоците за сметките

3.3.1. **ЦЕНИ**

**ЦЕНИ НА МАЛО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**Индекс на трошоци на живот** - Направени се измени во начинот на снимањето на цените на мало на земјоделските производи, кои по препорака покрај во националниот исто така и во HICP, почнаа да се снимаат два пати месечно во првата и третата недела со цел да се ублажат можните промени на цените во тековниот месец. Подготвени се пондерите на база на податоците од Секторот за национални сметки и направени се експериментални пресметки за HICP за 2006, 2007, 2008 и 2009 година. Како базен период за HICP се користи декември од претходната година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Воспоставување на методологија за пресметка на HICP (Harmonized Index of Consumer Prices)
  - Пресметка на националниот индекс во насока на HICP, експериментални пресметки на пондери и индекси за 2010

3.3.2. **СТАТИСТИКА ЗА АНАЛИЗА НА ДЕЛОВНИТЕ ЦИКЛУСИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во 2009 година се спроведе:

- Редовно статистичкото истражување за издадени одобренија за употреба на територијата на Република Македонија во согласност со регулативата STS (Short-term Statistics) и се започна со редовно публикување на податоците на квартално ниво
- 
- Подготвена е експериментална пресметка на индексите на нови нарачки и приходи од продажба во индустријата
- Се продолжи со редовна пракса на доставување на податоци до Еуростат од областа на индустрија и градежништво преку единствена влезна точка. За прв пат се доставија податоци за цените на индустриски производители, трговија и туризам

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во градежништвото
  - Спроведување на истражување за цените на трошоците за градење по позиции на градба (подготовка на инструменти за спроведување на пилот истражување)

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во индустријата
  - Имплементација на НКД Рев.2 во краткорочните статистики (една година двојно кодирање)
  - Формирање на база согласно STS (Short Term Statistics) регулативата (2010 =100) за истражувањето на нови нарачки и приходи од продажба во индустријата
- Обезбедување на релевантни статистички податоци во согласност со регулативата на ЕУ за PRODCOM (Nomenclature of Industrial Products)
  - Редовно доставување на годишни податоци за индустриското производство по PRODCOM

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во градежништвото
  - Спроведување на статистичко истражување за цените на трошоците за градење по позиции на градба (пилот и редовно)
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во индустријата
  - Пресметка на индексите на нови нарачки и приходи од продажба во индустријата (редовно соопштение)
  - Промена на базна година во индустријата (2010 = 100)
  - Промена на базна година во цените на индустриски производители (2010 = 100)

СТРАНСКА ПОМОШ

Преку националната програма за статистика - ИПА 2007, предвидено е техничка помош за воведување на статистичкото истражување за цените на трошоците за градење по позиции на градба е предвидено.

3.4. **ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Податоците од статистичките истражувања од областа на индустријата, градежништвото, дистрибутивната трговија, транспортот, хотели и ресторани, во согласност со регулативата SBS (Structural Business Statistics) ( (за големи и средни деловни субјекти) за 2008 година се обработени.

Обработките на податоците од спроведениот Пописот на трговските и угостителските капацитети и сместувачките објекти заврšија и се публикуваа две публикации , а со тоа се обезбедија квалитетни краткорочни и структурни статистички податоци за трговијата на мало и угостителството.

Спреведена е петтогодишната Анкетта за странски туристи на граничните премини и во објектите за смествување. Во тек се обработките на податоците.

Направени се методолошки подобрувања во областа на статистиката на надворешна трговија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на структурни статистики во согласност со ЕУ регулатива за SBS (Structural Business Statistics) бр.58/97 и бр.295/08
  - Обезбедување на структурни статистики во индустријата, градежништвото, дистрибутивната трговија, транспортот и угостителството

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во енергија
  - Континуирано усогласување на статистиките од областа на енергијата со ЕУ регулативи

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во туризмот и угостителството
  - Воведување на варијабли за нето-искористеноста на капацитетите во угостителството

- Обезбедување на краткорочни и структурни статистички податоци во трговијата на големо и на мало
  - Ревидирање и хармонизирање на статистиката за месечно следење на дистрибутивната трговија во согласност со STS и SBS регулативите

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во транспорт
  - Хармонизирање со европските регулативи за патничка мобилност
  - Оценка на квалитетот и натамошно хармонизирање на статистиката на товарниот транспорт со ЕУ регулативите за товарен транспорт

- Обезбедување на краткорочни и структурни статистички податоци во трговијата на големо и на мало
  - Првично публикување на серија податоци од дистрибутивната трговија
  - Испраќање на податоци од областа на STS дистрибутивна трговија преку SDMX (Statistical Data and Metadata Exchange) формат до Евростат

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Преку националната програма за статистика - ИПА 2007, предвидено е техничка помош за Структурни статистики за малии микро претпријатија и за структурни статистики во финансиските институции.

Исто така, предвидено е и ревидирање и хармонизирање на статистиката за месечно следење на дистрибутивнататрговија согласно СТС и СБС.

3.5. **СТАТИСТИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во тек се активности за спроведување на пилот истражување за растително производство на база на примерок. Државниот завод за статистика го подготви првиот национален извештај за земјата за Пописот на земјоделството, 2007 и за структурни истражувања за фарми и во предвидениот рок го достави до ЕУРОСТАТ. Во 2009 се публикуваа податоците за шумарство на регионално ниво.

Во Јуни 2009 година со користење на eDAMIS системот за периодот 2005-2007 година доставени се следните податоци до Евростат: Економски сметки во земјоделството по тековни цени, Економски сметки во Земјоделството по постојани цени (претходна година=100), Инпут на работна сила во земјоделството и Unit Values Statistics. Во текот на 2009 година направени се експериментални пресметки на економските сметки во земјоделството по постојани цени со користење на експерименталните пресметки за инпут/ аутпут индексите на земјоделски производи на годишно ниво.

Во Октомври 2009 година е подготвен извештајот за Пописот на земјоделство, 2007 и истиот е испратен до Евростат.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување релевантни податоци за поддршка на донесувањето на одлуки за развој на земјоделскиот сектор во РМ
  - Подготовка на прво структурно истражување на фармите и негово спроведување на терен
  - Подготовка на алгоритам за типологија на земјоделски стопанства
  - Проучување на ЕУ регулативите и стандардите и подготовка на типологија на земјоделски стопанства
  - Спроведување на статистичко истражување за растително производство врз основа на примерок од податоците од спроведениот попис за земјоделство и извештај за квалитет
  - Развивање на методолошки основи за статистичко истражување за шумарство во приватниот сектор и спроведување на истражувањето на терен
  - Подготовка на план за избор на репрезентативни земјоделски стопанства со цел прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства

- Обезбедување на релевантни податоци за агромонетарните сметки во земјоделството
  - Подготовка и објавување на економските сметки во земјоделството по постојани цени (продолжува во среднорочни приоритети)
  - Подготовка на сет од податоци за регионални сметки во земјоделството по постојани цени (продолжува во среднорочни приоритети)

- Обучен кадар за релевантни методи и процедури
  - Обуки за релевантни методи и процедури

3.6. **МОНЕТАРНА**, **ФИНАНСИСКА**, **ТРГОВСКА СТАТИСТИКА И СТАТИСТИКА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во НБРМ, во првата половина на 2009 година се работеше на унапредување на квалитетот на податоците за странски директни инвестиции. Квартални податоци за странски директни инвестиции (движења) по земји и дејности на редовна квартална основа се изготвуваат и објавуваат на интернет страната на НБРМ. Со цел обезбедување на поквалитетни податоци за реинвестираната добивка за тековниот период, се воведе ново квартално анкетно истражување за остварениот и планиран финансиски резултат во тековната година. Анкетата ги опфаќа најголемите фирми со странски капитал и истата се спроведува на редовна квартална основа.

Во текот на 2009 година изработена е методологија за изготвување на извештаите за девизни резерви согласно препораките и Прирачникот на ММФ (Data Tempalte on International Reserves / Foreign Currency Liquidity). Процесот на изготвување на извештаите е во завршна фаза, при што се очекува до крајот на првиот квартал 2010 година, да се објават податоците за временската серија, како и да се започне со редовно месечно објавување на овие податоци.
Во делот на натамошниот развој на финансиската статистика врз основа на расположливите податоци, се изготвија подетални матрици за финансиската сметка, како интегрален дел на СНА и билансите на состојби.

Министерството за финансии имплементираше дел од методологијата од Прирачникот за владина статистика на Меѓународниот Монетарен Фонд (GFS 2001) при изготвувањето на финансиски извештаи за остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Република Македонија. Финансиските извештаи се изготвени на кеш основа и направена е консолидација на истите со вклучување на податоци и од локалната власт. Во месец јуни 2009 година финансиските извештаи се финализирани за 2005, 2006, 2007 и 2008 година и се објавени во Government Finance Statistics Yearbook. Министерството за финансии активно соработува со Државниот завод за статистика во процесот на имплементација на методологијата од Европскиот систем на сметки (ESA '95), преку поврзување на GFS 2001 методологија со ESA '95 методологија и преку соработка во делот за пополнување на табелите за државен долг (ЕДП) нотификациите.

Статистиката на надворешната трговија целосно е усогласена со европските регулативи за ЕКСТРАСТАТ.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Подготвување на интегриран сет на процедури, во насока на поврзување на GFS 2001 и ESA '95 методологијата
    - Развивање на процедури за поврзување на двете методологии со помош на консултантска помош

- Министерството за финансии на РМ планира целосна имплементација на методологијата на ЕУРОСТАТ, односно European System of Accounts (ESA '95) во делот на секторот Држава и подготовка на табелите за државниот долг (ЕДП) нотификации.
    - Изготвување на финансиски извештаи за остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на РМ (продолжува и во среднорочен приоритет)

- Редовно изготвување и објавување со месечна динамика на извештаите за девизните резерви во согласност со прирачникот и препораките на ММФ (Data Template on International Reserves/Foreign Currency Liquidity) на интернет страната на НБРМ
    - Изготвување на извештаи за девизни резерви согласно меѓународните стандарди на редовна месечна основа
    - Изработка на апликативен софтвер за изготвување на извештајот (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Подготовки за редовна трансмисија на податоци за платно-билансните статистики до ЕУРОСТАТ
    - Согледување на барањата на ЕУРОСТАТ и техничките можности на НБРМ за трансмисија на податоците
    - Развој и адаптација на апликативните софтвери, со цел рационализација во изготвувањето на податоците и задоволување на потребите за известување до ЕУРОСТАТ (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Воспоставување на статистика на инвестициони и приватни пензиски фондови
    - Анализа на искуства и методологиии - Конципирање на прашалник

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Воспоставување на статистика на инвестициони и приватни пензиски фондови
    - Изградба на апликативен софтвер и прибирање на податоци

- Понатамошно прилагодување на статистиката (делот кој е во домен на НБРМ) кон барањата на EUROSTAT
    - Усовршување на постојните извори на податоци за платно-билансна и монетарна статистика со цел обезбедување на податоци со соодветна секторска и валутна дистрибуција, како и соодветна поделба по финансиски инструменти (продолжува и по 2012)

- Унапредувања на методологијата за проценка на приватните трансфери во платниот биланс
    - Спроведување на ново анкетно истражување за подобра проценка на приватните трансфери
    - Анализа на добиените резултати од анкетата за приватни трнсфери

- Вклучување на добиените резултати во платно-билансната статистика

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци од областа на надворешната трговија
  - Пилот истражување за реални извозно-увозни цени согласно STS регулативата
  - Анализа на добиените резултати од пилот-истражувањето за реалните извозно-увозни цени и подготовка за редовно истражување
  - Воведување на редовно статистичко истражување за реални увозно-извозни цени согласно STS регулативата
  - Проучување на методологија за нов систем за прибирање на податоци и нов систем за обработка на истите - ИНТРАСТАТ

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Министерството за финансии на РМ побара странска техничка помош преку: TAIEX проект за експертска помош (TWINNING) од земја членка на ЕУ во првата половина од 2010 година

Активностите за раелизација на Пилот-истражувањето за реалните извозно-увозни цени предвидени се преку националната ИПА 2009.

## 3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ

### 3.19.1 ТРУДОВО ПРАВО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во периодот од мај 2008 година до септември 2009 година се реализираше Twinning проектот „Преглед на националното трудово законодавство", финансиран од Европската унија. Во текот на проектот, преку експертиза и пренесување на искуства, беше обезбедена помош и поддршка во подобрување на капацитетите во делот на пазарот на трудот и усогласувањето на националното трудово законодавство со европското, како дел од подготовките на земјата за пристапување во ЕУ.

Беше направен и детален преглед на целокупното законодавство во областа на трудот, компарирано со законодавството на Европската Унија, се утврдија препораки за наредните чекори и активности поврзани со натамошниот процес на хармонизација и се утврдија приоритетите во рамките на тој процес. Со прегледот беа опфатени Законот за работните односи, Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, Законот за агенциите за привремени вработувања, Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за вработувањето на инвалидни лица, Законот за еднаквите можности. Беа подготвени 22 табели за усогласеност на македонското трудово законодавство со директивите кои се поврзани со законите кои што беа опфатени во рамките на Twinning проектот. Особено е важно е да се напомене и целосната вклученост на социјалните партнери во имплементацијата на овие активности, со што се обезбеди активна инволвираност и придонес на сите релевантни чинители во процесот на приближување на РМ кон Европската унија, за прашањата од областа на трудово право. Како резултат на овие активности, беше прифатена програмата за постепено имплементирање на предлозите содржани во табелите за усогласување, со приоритет на измени и дополнувања на Законот за работните односи во три фази, при што беше дефинирана временска рамка на фазите во кои ќе се имплементираат измените.

Во измените на Законот за работните односи, усвоени во октомври 2009 година („Службен весник на РМ" бр.130/2009), беа дефинирани нови критериуми за утврдување на репрезентативноста на синдикатите и здруженијата на работодавачите, како и самата постапка за утврдување на репрезентативноста. Исто така, во овие измени се изврши и усогласување со Директивата 2003/88/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот од 4 ноември 2003 година, за извесни аспекти на организирање на работното време. Покрај тоа, со измените на Законот за работните односи се изврши и допрецизирање на одредбите во врска со условите, начинот и постапката за работа со скратено работно време под посебни услови.

Истовремено, во овој период интензивно се работеше на континуирано јакнење на човечките капацитети, беа организирани повеќе одделни обуки поврзани со европската легислатива и нејзиното транспонирање, како и за други институционални прашања поврзани со имплементацијата на Законот за работните односи и повеќе обуки наменети за инспекцијата на трудот во врска со имплементацијата и спроведувањето на Законот.

Во текот на 2009 година се продолжи со зајакната контрола преку инспекциски надзори, врз спроведувањето на законската регулатива од областа на работните односи. За периодот јануари-ноември 2009 година, од страна на Државниот инспекторат за труд извршени се 30,276 инспекциски надзори за примената на законодавството од областа на работните односи. Во вршењето на овие надзори, особен акцент се става на откривањето на лица кои работат кај работодавачи без да имаат заснивано работен однос, како една од мерките за борба против сивата економија и намалувањето на бројот на лица кои работат во неформалниот сектор. Во остварувањето на овие активности ДИТ континуирано соработува и разменува податоци со останатите релевантни институции и органи како Агенцијата за вработување, Центрите за социјални работи итн.

Од јануари 2009 година стапија во сила измените и дополнувањата на Законот за работните односи во кои се предвидени значително построги казни за работодавачите кај кои ќе се затекнат непријавени работници (забрана за работа во траење од 30 дена и глоба од 15,000€ за правното лице и 7,000€ за одговорното лице). Во текот на првите 3 месеци од 2009 година, инспекторите делуваа превентивно и едукативно кај работодавачите за нивно запознавање со законските измени. За оваа цел меѓу другото, ДИТ изготви и 64,000 прирачници кои беа доставени до сите регистрирани работодавачи. Како резултат на овие активности, значително е намален и бројот на затечените лица на работа без засниван работен однос. За периодот јануари-ноември 2009 година од страна на инспекторите на ДИТ, при инспекциските надзори се затекнати 3,281 непријавени работници, што е за 4 пати помалку од бројот на непријавени работници затекнати за истиот период минатата година, при приближно еднаков број на извршени надзори кај работодавачите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во согласност со резултатите од извршената анализа на законодавството и идентификуваните приоритети, продолжувањето на процесот на хармонизирање на националната трудова легислатива со Директивите на Европската Унија од оваа област, ќе претставува еден од главните приоритети во претстојниот период.

Согласно утврдената временска рамка, т.е. планот за транспонирање на ЕУ директивите, во **првата фаза**, во текот на првата половина на 2010 година ќе се подготват измени на *Законот за работните односи* со кои ќе се изврши транспонирање на следните директиви:

- Директива на Советот 98/59/ЕЗ од 20 јули 1998, за приближување на законите на земјите-членки за колективни отпуштања;
- Директива на Советот 2001/23/ЕЗ од 12 март 2001 година, за приближување на законите на земјите-членки во врска со заштитата на правата на вработените во случај на префрлање на сопственоста на претпријатијата, фирмите или делови од претпријатијата или фирмите;
- Директива 96/71/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 16 декември 1996 година, што се однесува на испраќањето работници во рамките на давањето услуги;
- Директива на Советот 91/533/ЕЗ од 14 октомври 1991 за обврските на работодавачот да ги информира работниците за условите од договорот за вработување;
- Директива на Советот 94/33/ЕЗ од 22 јуни 1994 година, за заштита на младите луѓе на работното место;
- Директива 2002/14/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2002 година, за поставување општа рамка за информирање и консултирање на вработените во Европската заедница,

како и дел од одредбите на директивите за антидискриминација и еднаков третман, кои се поврзани со *Законот за работните односи* и тоа :

- Директива на Советот 2000/43/ЕЗ од 29 јуни 2000 година, која го имплементира принципот на еднаков третман на луѓето без оглед на расна и етничка припадност,
- Директива на Советот 2000/78/ЕЗ од 27 ноември 2000 год., која утврдува општа рамка за еднаков третман при вработувањето и занимањето;
- Директива на Советот 76/207/ЕЗ од 9 февруари 1976, за имплементација на принципот на еднаков третман за мажи и жени во однос на пристапот до вработување, професионална обука и унапредување и работни услови;
- Директива 2002/73/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 23 септември 2003 година, која ја надополнува Директивата на Советот 76/207/ЕЗ;
- Директива на Советот 86/378/ЕЗ од 24 јули 1986, за имплементација на принципот на еднаков третман за мажи и жени во шемите на социјално осигурување при вработување;
- Директива на Советот 75/117/ЕЗ од 10 февруари 1975 година, за приближување на законите за земјите-членки во врска со примената на принципот на еднаква плата за мажи и жени;
- Директива на Советот 97/80/ЕЗ од 15 декември 1997 година, за товарот на докажување во случаите на дискриминација базирана на полова припадност;
- Директива 2006/54/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 5 јули 2006 година, за имплементација на принципот на еднакви можности и еднаков третман на мажи и жени во поглед на вработување и занимање.

**Втората фаза** од процесот на хармонизирање со директивите ќе се имплементира до крајот на 2010 година, во кој рок планирано е во *Законт за работните односи* да се изврши транспонирањето на следните директиви :

- Директива на Советот 96/34/ЕЗ од 3 јуни 1996 година, за рамковниот договор за родителско отсуство склучен од страна на UNICE, CEEP и ETUC;
- Директива на Советот 86/613/ЕЗ од 11 декември 1986 година, за примена на принципот на еднаков третман меѓу мажи и жени кои се ангажирани во дејност, вклучувајќи го и земјоделството, или се самовработени, и за заштита на самовработените жени за време на бременост и мајчинство;
- Директива на Советот 1999/70/ЕЗ од 28 јуни 1999 година, за Рамковната спогодба за работа на определено време склучена помеѓу ETUC, UNICE и CEEP;
- Директива на Советот 91/383/ЕЗ од 25 јуни 1991 година, која ги дополнува мерките за поттикнување на подобрување во безбедноста и здравјето на работниците на работното место кои се во работен однос на определено време или со привремено вработување.

Во овој период, т.е. во текот на втората половина на 2010 година, во *Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност* ќе се транспонираат и дел од одредбите од директивите за антидискриминација :

- Директива 2006/54/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот,
- Директива 2002/73/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот,

- Директива на Советот 86/378/ЕЗ,
- Директива на Советот 97/80/ЕЗ и
- Директива на Советот 86/613/ЕЗ.

Во *Законот за агенции за привремени вработувања* ќе се транспонира директивата :

- Директива 2008/104/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 19 ноември 2008 година за работа преку агенции за привремено вработување.

Во овој процес на хармонизирање на трудовото законодавство и транспонирање на релевантните ЕУ директиви, ќе биде обезбедена и соодветна поддршка преку организирање на разни тематски обуки, работилници и студиски посети кои ќе имаат за цел понатамошно јакнење на административните капацитети, издигнување на свеста и знаењето на сите релевантни чинители, пренесување на искуства и најдобри пракси од Земји-членки на Европската унија, во делот на подготвувањето на трудовото законодавство и неговата практична имплементација и спроведување. Во оваа насока, во текот на годината преку TAIEX инструментот на ЕУ, ќе биде побарана и дополнителна помош и поддршка во процесот на хармонизирање на легислативата со acquis-то во делот на заштитата на работниците во случај на инсолвентност на работодавачот (2008/94/ЕЗ), европски работни совети (2009/38/ЕЗ, 94/45/ЕЗ, 97/74/ЕЗ, 2006/109/ЕЗ), статутот на европската компанија и европско кооперативно општество (2001/86/ЕЗ, 2003/72/ЕЗ).

Во текот на годината планирано е да се обезбеди експертска помош и одржување на повеќе активности за зголемување на знаењето и јакнење на капацитетите на институциите и социјалните партнери за прашањата кои се однесуваат на принципот на флексигурноста („flexsecurity“) и неговата примена во пракса.

Посебно внимание во претстојниот период ќе се посвети и на доследната примена и спроведување на законската регулатива од областа на трудово право, преку понатамошното јакнење на капацитетите на Државниот инспекторат за труд (ДИТ), организирањето на обуки за инспекторите од областа на работни односи, зголемувањето на нивната ефикасност и зголемувањето на бројот на инспекциски контроли, но и зголемување на бројот на инспектори, а ќе се посвети внимание и на зајакнувањето на опременоста на Инспекторатот преку набавка на потребната ИТ опрема (преносни компјутери, принтери, скенери и друга опрема) за остварување на инспекциските надзори, како и изготвување на современ web портал на Трудовиот инспекторат. Во овој дел, обезбедена е и подршка од страна на Владата на Кралството Холандија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Процесот на усогласување на националното трудово законодавство со европското, ќе продолжи понатаму во согласност со утврдениот план за апроксимација на acquis во оваа област.

Во рамките на **третата фаза** на хармонизирање на трудовото законодавство, планирано е во *Законот за работните односи* да бидат транспонирани следните директиви:

- Директива 2009/38/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советото од 6 мај 2009 година, за воспоставување на Европските работни совети;
- Директива на Советот 2001/86/ЕЗ од 8 октомври 2001 година, за Статутот на Европската компанија, во однос на инволвираност на вработените;
- Директива на Советот 2003/72/ЕЗ од 22 јули 2003 година, за Статутот на Европско кооперативно општество, во однос на инволвираност на вработените
- Директива 2008/94/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 22 октомври 2008 година, за заштита на работниците во случај на несолвентност на работодавачот, која ги заменува и кодифицира директивите 80/987/ЕЗ и 2002/84/ЕЗ.

И понатаму активно ќе се работи на јакнењето на капацитетите на стручните лица кои работат на оваа проблематика, како во делот на легислативата, така и во делот на нејзината доследна имплементација во пракса.

Во текот на 2011 година ќе отпочне имплементација на Проектот за „Поддршка на инспекциските служби во борбата против непријавената работа“, ко-финансиран преку IPA Компонентата IV, во рамки на Оперативната Програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“. Целта на овој проект ќе биде понатамошно подобрување на капацитетите на инспекциските служби и создавање на услови за нивно поголемо, систематско и координирано учество во напорите за справување со непријавената работа. Ќе се спроведуваат истражувања на непријавената работа, обуки за инспекторите, активности за јакнење на свеста итн. Проектот ќе се реализира со активна вклученост на вработените на Државниот инспекторат на трудот, при што и социјалните партнери, исто така, ќе бидат вклучени во сите фази на спроведување на проектот.

### 3.19.2 **ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во текот на 2009 година, во согласност со утврдениот план и динамика, продолжи процесот на хармонизирање на националната легислатива во областа на бебедноста и здравјето при работа и транспонирање на релевантните директиви на Европската заедница.

Во текот на оваа година, донесени се правилници во кои се транспонирани следниве директиви[19] :

- Директива на Советот 83/477/**ЕЕС** од 19 септември 1983 год. за заштита на работниците од ризиците од изложување на азбест на работно место (2-ра индивидуална Директива во согласност со член 8 од Директивата 80/1107/ЕЕС); Директива на Советот 91/382/**ЕЕС** од 25 јуни 1991 година со која се изменува Директивата 83/477/ЕЕС и Директива 2003/18/**ЕС** на Европскиот Парламент и на Советот од 27 март 2003 година, со која се изменува Директивата 83/477/ЕЕС, транспонирани во Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје на вработените од ризиците поврзани со изложување на азбест при работа ("Службен весник на Република Македонија" бр.50/2009);
- Директива 1999/92/**ЕС** на Европскиот Парламент и на Советот од 16 декември 1999 година, за минималните барања за подобрување на заштитата на безбедноста и здравјето на работниците кои се потенцијално изложени на ризик од експлозивни атмосфери (15-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС), транспонирана во Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје на вработените кои се потенцијално изложени на ризик од експлозивни атмосфери (“Службен весник на Република Македонија” бр.74/2009).

Во процесот на транспонирање на Директивата 1999/92/ЕС, беше обезбедена експертска подршка преку TAIEX инструментот, за помош во изготвувањето на Правилникот и размена на искуства, совети и препораки за негова практична имплементација и спроведување. Исто така, експертска подршка во рамките на TAIEX инструментот, беше побарана и одобрена, за помош при изготвувањето на Правилникот за безбедност и здравје на работниците изложени на хемиски супстанции, во кој се транспонираат Директивите 98/24/ЕС и 2000/39/ЕС за хемиски супстанци и директивата 91/322/ЕЕС за гранични вредности за максимално дозволените концентрации на штетни гасови, пареи и аеросоли во работните простории и простори каде работат вработените.

Согласно обврските кои произлегуваат од Законот за безбедност и здравје при работа, изготвен е и усвоен Правилникот за начинот на изготвување на изјава за безбедност, најзината содржина, како и податоците врз кои треба да се заснова процената на ризикот ("Службен весник на Република Македонија" бр.02/2009);

Со цел понатамошно јакнење на капацитетите на Државниот инспекторат за труд (ДИТ), во текот на годината беа реализирани поголем број на семинари и работилници кои имаа за цел подобрување на знаењата, вештините и успешноста во работата на инспекторите, за нивно детално запознавање со одредбите од Законот за работни односи, Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за вработување на странци, постапките за електронска пријава и одјава на работници, донесените подзаконски акти, изготвувањето на изјава за безбедност и проценка на ризик. Во овие организирани обуки и семинари во текот на годината беа вклучени сите инспектори од Инспекторатот за труд, но исто така, во зависност од темата и претставници од разни релевантни организации, како Агенцијата за вработување, Институтот за медицина на трудот, Македонското здружение за заштита при работа, претставници на социјалните партнери. Во организацијата на дел од овие активности за јакнење на капацитетите беше обезбедена и дополнителна експертска помош и поддршка од страна на Холандија, Франција, Меѓународната организација на трудот, Институтот за безбедност и здравје од Велика Британија итн.

Со цел постигнување на што поголема запознаеност на работодавачите и работниците со нивните права и обврски, од страна на Државниот инспекторат за труд беа подготвени и отпечатени две брошури за правата и обврските на работодавачите и вработените од областа на работните односи и од областа на безбедност и здравје при работа. Овие брошури се отпечатени во тираж од по 64,000 примероци и истите беа дистрибуирани до работодавачите. Согласно стратегијата за модернизирање на ДИТ, се отпочна со изработка на софтверска апликација за потребите на Инспекторатот, што ќе претставува современа web-апликација со која ќе се обезбеди поврзаност и размена на податоци со повеќе релевантни институции (Централен регистар, Управа за јавни приходи, Агенцијата за вработување, Агенција за државни службеници, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Центри за социјална работа, Управен суд, Институт за јавно здравје, Министерство за здравство и др.). Во тек се постапките за потпишување на договори за соработка и размена на податоци со институциите.

Во текот на годината беа остварени повеќе средби со Македонското здружение за заштита при работа, кои резултираа во постигнување на договор помеѓу ДИТ и Здружението за постојана меѓусебна комуникација и размена на информации за пријавените и идентификуваните повреди на работно место, извршените увиди и наоди од страна на ДИТ. Со овој начин

[19] До сега, во националната легислатива се транспонирани следните Директиви: 89/391/ЕЕС, 90/270/ЕЕС, 89/655/ЕЕС, 89/656/ЕЕС, 92/58/ЕЕС, 90/269/ЕЕС, 2003/10/ЕС, 2002/44/ЕС, 92/57/ЕЕС, 89/654/ЕЕС, 83/477/ЕЕС (91/382/ЕЕС, 2003/18/ЕС), 1999/92/ЕС

на дејствување и континуирана меѓусебна комуникација, ќе се отстранат проблемите кои се јавија со претходниот период, а кои резултираа со големи несогласувања во однос на бројот на тешки повреди и смртни случаи при работа, а кои произлегуваа од ДИТ и од Македонското здружение за заштита при работа во поединечните извештаи. Во однос на ова, во тек се разговорите за склучување на договор меѓу ДИТ и другите релевантни институции кои исто така вршат увид при повреди и смртни случаеви при работа, т.е. Министерството за економија (рударската инспекција) и Министерството за внатрешни работи (крим полицијата и сообраќајната полиција).

Согласно одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа, основан е Советот за безбедност и здравје при работа од страна на Владата на Република Македонија, како експертско советодавно тело кое е составено од 15 члена, претставници на Владата на РМ, организациите на работодавачи, синдикатите, од образовните институции кои спроведуваат образовна дејност на полето на безбедност и здравје при работа и медиција на трудот и претставници од здруженијата на стручни лица за безбедност при работа и медицина на трудот.

Во текот на годината се продолжи со континуирана и засилена контрола врз спроведувањето на законската регулатива од областа на безбедност и здравје при работа, преку зголемен број на извршени инспекциски контроли. Така, за периодот јануари-ноември 2009 година, од страна на ДИТ извршени се 15,893 инспекциски надзори за примената на законодавството во областа на безбедност и здравје при работа, што претставува зголемување на бројот на инспекциски надзори од 20% во однос на истиот период предходната 2008 година. Донесени се 4,389 решенија за отстранување на утврдените недостатоци во работниот процес, а биле извршени 431 увиди на самото место за случаеви на настаната повреда на работно место, од кои 9 биле за смртни случаеви.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Продолжувањето на процесот на хармонизација на националната легислатива со Директивите на Европската Заедница во областа на безбедност и здравје при работа, како и континуираното подобрување на условите и јакнење на капацитетите за правилна имплементација и спроведување на законските одредби, ќе остане главен приоритет и во претстојниот период.

Во текот на 2010 година ќе се подготват правилници од областа на безбедност и здравје при работа, со кои ќе се изврши транспонирање на следните Директиви на Европската Заедница:

- Директива на Советот 98/24/ЕС од 7 април 1998 година за заштита на здравјето и безбедноста на работниците од ризици поврзани со хемиски агенси на работа (14-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС)
- Директива на Комисијата 2000/39/**ЕС** од 8 јуни 2000 година, со која се воспоставува прва листа на индикативни гранични вредности на професионално изложување за примена на Директивата на Советот 98/24/ЕС за заштита на здравјето и безбедноста на работниците од ризици поврзани со хемиски агенси на работа;
- Директивата на Комисијата 91/322/**ЕЕС** од 29 мај 1991 година, со која се воспоставуваат индикативни гранични вредности за примена на Директивата на Советот 80/1107/ЕЕС за заштита на работниците од ризиците поврзани со изложување на хемиски, физички и биолошки агенси на работа;
- Директивата на Комисијата 2006/15/**ЕС** од 7 февруари 2006 година, со која се воспоставува втора листа на индикативни гранични вредности на професионално изложување за примена на Директивата на Советот 98/24/ЕС и со која се изменуваат Директивите 91/322/ЕЕС и 2000/39/ЕС;
- Директива 2004/37/ЕС на Европскиот парламент и на Советот од 29 април 2004 година, за заштита на работниците од ризици поврзани со изложување на канцерогени или мутантни супстанции при работа (6-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС);
- Директива 2000/54/ЕС на Европскиот парламент и на Советот од 18 септември 2000 година, за заштита на работниците од ризици поврзани со изложување на биолошки агенси на работа (7-ма индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС);

Во 2010 година, во согласност со одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа, предвидено е практичното отпочнување со работа на Советот за безбедност и здравје при работа, како владино советодавно експертско тело за прашања од областа на безбедност и здравје при работа. До крајот на годината планирано е Советот да ја донесе Програмата за безбедност и здравје при работа, во рамките на која ќе биде утврдена стратегијата за развој на безбедноста и здравјето при работа, во врска со заштитата на животот, здравјето и работоспособноста на вработените и спречување на повреди при работа и професионални и други болести поврзани со работењето. Потоа ќе следува и изготвување на Акционен план за практична имплементација на Програмата.

Во претстојниот период ќе продолжи реализација на активности насочени кон континуирано зајакнување на административните капацитети за доследно спроведување на законската регулатива во областа на безбедност и здравје при работа. Ќе бидат реализирани различни активности за јакнење на капацитетите, зголемување на знаењето и стручноста на инспекторите од Државниот инспекторат за труд. Меѓу другото, планирани се семинари и работилници за пренесување на искуства во однос на практичната имплементација на Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта, Правилникот за безбедност и здравје при изложување на ризик од експлозии, искуства во спроведувањето на инспекциските надзори од областа на безбедност и здравје при работа, дополнителни обуки за користење на новата софтверска апликација во работата на инспекторите итн.
За реализација на дел од предвидените активности, ќе биде обезбедена експертиза и дополнителна помош и поддршка преку билатералната соработка со Франција во оваа област, преку TAIEX инструментот на Европската Унија, Холандија, МОТ итн.
Во поќетокот на годината, ќе отпочне да функционира и новата софтверска web-апликација на Државниот инспекторат за труд. И понатаму ќе се работи на континуираното подобрување на опременоста на Инспекторатот преку набавка на ИТ опрема, која заедно со апликацијата, во голема мера ќе допринесе кон подобрување на работата и зголемување на ефикасноста на Инспекторатот.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок ќе продолжи процесот на усогласување со acquis, од областа на безбедност и здравје при работа. Во рамките на овој процес, преку изготвување на правилници, ќе бидат транспонирани следниве директиви:

- Директива на Советот 92/85/**ЕЕС** од 19 октомври 1992 година, за воведување на мерки за поттикнување на подобрување на безбедноста и здравјето при работа за бремени работнички, работнички кои се породиле или дојат (10-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС);
- Директива на Советот 92/91/**Е**ЕС од 3 ноември 1992 година, за минималните барања за подобрување на безбедноста и здравјето на работниците во индустриите за вадење на минерали со бушење (11-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС);
- Директива 2004/40/**CE** на Европскиот Парламент и на Советот од 29 април 2004 година, за минималните барања за безбедност и здравје на вработените изложени на ризици од физички агенси - електромагнетни полиња (18-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС) ;
- Директива на Советот 92/104/**Е**ЕС од 3 декември 1992 година, за минималните барања за подобрување на безбедноста и здравјето на работниците во индустриите за површинска и подземна експлоатација на минерали (12-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС);
- Директива на Советот 93/103/ЕС од 23 ноември 1993 година, за минималните барања за безбедност и здравје за работа на рибарски бродови (13-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС);
- Директива 2006/25/**ЕС** на Европскиот парламент и на Советот од 5 април 2006 година, за минималните барања за здравје и безбедност на вработените изложени на ризици од физички агенси-вештачко оптичко зрачење (19-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС).

Континуирано ќе се организираат и реализираат активности за понатамошно зајакнување на административниот капацитет на Државниот инспекторат за труд, подобрување и унапредување на спроведувањето на постојната регулатива во делот на безбедност и здравје при работа, како и активното вклучување на социјалните партнери во сите фази на изготвување на регулативата од оваа област и во нејзината практична имплементација на терен.

### 3.19.3 **СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Приоритетите на Владата на Република Македонија и во 2009 година беа насочени кон развој и уанпредување на функционален и ефикасен социјален дијалог.

Една од најзначајните активности која беше реализирана во текот на годината, после долготрајни разговори и консултации со социјалните партнери, беше изготвувањето и усвојувањето на измените во законската регулатива со кои се утврдија нови објективни **критериуми за репрезентативноста на синдикатите и здруженијата на работодавачи**. Согласно овие измени, репрезентативноста е предвидено да ја утврдува министерот за труд и социјална политика на предлог на трипартитна меѓуресорска комисија. Во целокупната постапка на подготвување на измените на Закот за работните односи учествуваа и претставниците на синдикатите и здруженија на работодавачите регистрирани на национално ниво. Измените на Законот влегоа во сила од 5 ноември 2009 година и отпочната е постапката во врска со пререгистрацијата и утврдување на репрезентативноста на социјалните партнери.

Во текот на 2009 година заврши имплементацијата на двата проекти, финансирани од страна на Европската унија, Проектот „Политики за вработување - фаза 3“ и Twinning Проектот „Преглед на националното трудово законодавство“, во чија реализација активно беа вклучени социјалните партнери, кои преку свои претставници учествуваа во работата на работните групи и во сите проектни активности.
Овие, како и големиот број други активности кои се реализираа во текот на годината имаа голем придонес кон подигнувањето на знаењето и свеста на социјалните партнери и јакнењето на нивните капацитети за за активно учество во социјалниот дијалог на сите нивоа, учество во процесот на анализа на усогласеноста на македонското трудово законодавство и неговото хармонизирање со европските прописи и воопшто за учество и придонес кон изготвувањето, имплементацијата и евалуацијата на политиките од областа на вработувањето и социјалната сфера. Беа организирани повеќе обуки и семинари за социјалните партнери, кои беа во функција на јакнење на нивните капацитети, на теми како што се бипартитен социјален дијалог, колективно преговарање и договори, стратешко планирање, финансиско планирање и менаџмент, дизајн и изработка на проекти, комуникација и односи со јавноста, хармонизирање на законодавството и изработка на кореспондентни табели, запознавање со европското трудово законодавство и други.
Покрај овие, со поддршка од Меѓународната организација на трудот беа организирани и дополнителни обуки за бипартитен социјален дијалог, неговите вредности, цели и институции, обуки за зајакнување на капацитетот на Инспекторатот за труд и социјалните партнери за спроведување и развој на практиките за процена на ризикот во претпријатијата итн.

Во текот на годината беше постигнат договор за формирање на Заедничкиот консултативен комитет на граѓанското општество помеѓу ЕУ и РМ, беа реализирани активностите околу утврдување на составот на Комитетот и истиот го одржа првиот состанок во септември 2009 година.

Кон крајот на 2009 година се одржа и конференција за унапредување на социјалниот дијалог, со посебен акцент на бипартитниот социјален дијалог на ниво на претприајтие.

Со цел подобрување на транспарентноста, промовирањето и подобро запознавање на јавноста со работата и функционирањето на Економско социјалниот совет, е изработена нова web страна на Економско-социјалниот советот (www.ess.mk).

И во текот на 2009 година продолжи процесот на колективно договарање во рамките на кој се склучи нов Општ колективен договор за стопанството („Службен весник на РМ“ бр.88/2009) и изменување и дополнување на Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.85/2009).
Покрај тоа, во текот на 2009 година во рамките на бипартитниот социјален дијалог, се склучија, односно се изменија следниве грански колективни договори :

- Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за социјална заштита („Службен весник на РМ” бр.17/2009)
- Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на („Службен весник на РМ” бр.17/2009)
- Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи на РМ („Службен весник на РМ” бр.21/2009)
- Колективен договор за изменување и дополнување на колективниот договор за основно образование („Службен весник на РМ” бр.17/2009 и 84/2009)
- Колективен договор за изменување и дополнување на колективниот договор за средно образование („Службен весник на РМ” бр.17/2009 и 84/2009)
- Колективен договор за изменување на колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата („Службен весник на РМ” бр.17/2009 и 85/2009)
- Измени и дополнување на Колективен договор за вработените во тутунското стопанство („Службен весник на РМ” бр.69/2009 и 135/2009)
- Измени и дополнувања на Колективен договор за текстилната индустрија („Службен весник на РМ” бр.134/2009)

Истовремено продолжи процесот на организирање на синдикати и организации на работодавачи при што се регистрирани следните синдикати : Самостоен синдикат - Царинска управа на Република Македонија, Синдикат на работниците на јавните установи и центрите за социјална работа на Република Македонија, Синдикат на работници во станбено, деловните и комунални организаци како и две нови здруженија на работодавачи - Национална Асоцијација на оператори на јавни комуникациски мрежи и Здружение на работодавачи од водостопанство на Република Македонија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

По утврдувањето на репрезентативните синдикати и здруженија на работодаавачи, од страна на формираната Комисија за таа намена, ќе се подготви и донесе нова Спспогодба за Економско-социјалниот Совет, согласно која ќе се определи новиот состав на Советот.
Ќе се преземат активности за зголемување на оперативноста и ефикасноста на работата на Економско-социјлниот Совет, имајќи ги во предвид компаративните искуства од повеќе земји. Истовремено ќе се најстојува да се поттикнува трипартитниот дијалог и на локално ниво.

Ќе продолжат и активностите за усогласување на колективните договори, согласно измените на Законот за работните односи, а ќе продолжи и процесот на склучување на нови колективни договори на ниво на гранка и на ниво на работодавач.

Особено внимание, во претстојниот период, ќе биде посветено на организирање на едукативни и промотивни активности со цел издигнување на свеста на социјалните партнери и зајакнување капацитетите за функционирањето на социјалниот дијалог на сите нивоа.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Еден од приоритетите во наредниот период во поглед на социјалниот дијалог е унапредување на социјалниот дијалог на национално и локално ниво, одржувањето на еден постојан механизам за ефикасно и континуирано функционирање на социјалниот дијалог, како и зајакнување на капацитетите на социјајлните партнери за нивна активна партиципација во креирањето и водењето на политиките и мерките од економската и социјалната сфера, во изработката и имплементацијата на законодавството, во работните групи во Економско Социјалниот Совет.
Ќе се делува на понатамошно поактивно функционирање на трипартитниот социјален дијалог на национално и на локално ниво, како и на бипартитниот социјален дијалог, преку обуки и семинари насочени кон јакнење на капацитетите, знаењето и вештините на социјалните партнери за важноста на колективното договарање, размената на информации и водењето дијалог.

3.19.4 **ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ И ЕВРОПСКИ СОЦИЈАЛЕН ФОНД**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
*Политика на вработување*
Политиките на вработување кои се спроведуваа во Република Македонија во 2009 година се во насока на одржување на воспоставениот тренд на зголемување на стапката на вработеност и намалување на стапката на невработеноста, како и на намалување на негативните ефекти од економската и финанскика криза. Една од основните карактеристики на политиките за вработување и во овој период е сé поголемиот фокус врз активните мерки и програми на пазарот на труд.
Во почетокот на 2009 година Владата на Република Македонија го усвои **Националниот акционен план за вработување** 2009-2010, кој претставува континуитет на Национален акционен план за вработување 2006-2008. Овој документ е подготвен согласно Интегрираните насоки за пораст и работни места на ЕУ и во него се содржани главните предизвици на пазарот на трудот, како и планираните програми и проекти кои ќе овозможат реализирање на целите содржани во Националната стратегијата за вработување 2010.

Во текот на 2009 година се имплементираше Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување 2009. Согласно Планот, беа имплементирани повеќе активни програми и мерки за вработување, насочени кон различни ранливи целни групи на невработени лица и тоа преку подршка за самовработување (долгорочно невработени лица, жени и млади лица), формализација на постојни бизниси, подготовка за вработување (преквалификација или доквалификација, стекнување на знаења и вештини за странски јазици и компјутери, обуки за дефицитарни занимања и вештини, едукација за започнување на бизнис), субвебнционирање на вработување (деца без родители, инвалидни лица, самохрани родители, родители со три и повеќе деца, млади самохрани родители, родители на деца со посебни потреби, постари лица, млади лица до 27 годишна возраст и лица на кои работниот однос им престанал по основ на стечај, ликвидациа или технолошки вишок), јавни работи, програма за практиканство како поддршка за прво вработување на млади лица и млади лица кои се во завршна фаза на студии, економско јакнење на жени жртви на семејно насилство и поддршка за вработување на Роми. Продолжи со имплементација и Програмата за самовработување со кредитирање, согласно која се одобрувaат кредити по поволни услови за самовработување на невработените лица од најранливите категории.

Споредено со 2008 година, во 2009 година значително се зголемени средствата наменети за финансирање на активните програми за вработување и тоа за 79%, со што се обезбеди и значително зголемен опфат на невработените лица за 60% во однос на предходнта година.

Во мај 2009 година заврши имплементацијата на CARDS Проектот „Политики за вработување - фаза 3“, кој обезбеди значителна помош и поддршка во јакнењето на капацитетите на државните институции и останатие субјекти кои се

активно вклучени во креирањето, имплементирањето, мониторингот и евалуацијата на политиките за вработување, вклучувајќи ги и социјалните партнери. Беа организирани поголем број на обуки, семинари и работилници за дизајн, имплементација и мониторинг на активни мерки на пазарот на труд, европски политики за вработување (искуства, цели, инструменти, функционирање на европските фондови), подготовка на проекти согласно IPA правилата, менаџмент на грантови шеми итн.

Во текот на годината интензивно се работеше и на понатамошно модернизирање и јакнење на капацитетите на Агенцијата за вработување преку воведување на нов модел на услуги и организирање на голем број обуки за вработените во Агенцијата. Спроведени беа обуки во кои беа вклучени повеќе од 330 вработени во Агенцијата, со цел унапредување на дејноста и имплементација на новиот модел на услуги, а беа организирани и голем број дополнителни обуки, како на пример обуките за мониторинг и евалуација на активните мерки на пазарот на трудот, изработка на локални акциони планови за вработување, користење на ISCO класификацијата на занимања, обуки поврзани со IPA и ESF, семинар за EURES и други обуки. Покрај тоа, се спроведуваа и активности на реконструкција на просторните услови, понатамошен развој и модернизација на ИТ системот во Агенцијата, а отпочната е и изработката на нова софтверска апликација за целокупното работење на АВРМ, која ќе овозможи унапредување на квалитетот на работењето на Агенцијата. Со овој софтвер ќе се подигне на уште повисоко ниво системот за мониторинг на имплементацијата на активните програми и мерки за вработување како и на другите активности во Агенцијата.
Спроведени се и активности за прилагодување на системот за класификација на занимања ISCO. Системот постепено се интегрира во работниот процес на АВРМ, воспоставен е тим за класификација на занимања, во кој покрај Агенцијата за вработување се вклучени и други релевантни институции. Оваа активност, претставува и дел од подготовките на АВРМ за нејзино идно учество во EURES мрежата.
Со цел зголемување на транспарентноста и промовирање на своите услуги, Агенцијата за вработување изготви информативен материјал, брошури и флаери, со цел да обезбеди поголема информираност на корисниците на услугите - лицата кои бараат работа и работодавачите, како и поширокаta јавност за својата дејност.

Согласно измените во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РМ“ бр.64/2009) и измените на Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ“ бр.67/2009), Агенцијата за вработување на Република Македонија од јуни 2009 година, не е повеќе задолжена за администрирање на здравственото осигурување на невработените лица. Согласно овие измени, невработените лица доколку немаат друг основ на осигурување, правото на задолжително здравствено осигурување го остваруваат преку Фондот за здравствено осигурување на Македонија, кој ја врши и пресметката и уплатата на придонесите за задолжително здравствено осигурување.

*<u>Европски Социјален Фонд</u>*
Во октомври 2009 година Европската комисија донесе Одлука со која на Оперативната структура задолжена за спроведување на компонентата 4 во Република Македонија и беше пренесено овластувањето за децентрализирано управување со средствата од оваа компонента. Беше потпишана и Финансиската спогодба за компонентата 4 помеѓу Владата на РМ и Европската комисија.

Со цел целосно искористување на финансиските алокации за 2007-2009 година, во текот на 2009 година се посвети посебно внимание на заокружување на процесот на формулирање на прввиот пакет на обрасци за идентификација на проекти (*Operations Identification Sheets)* во рамки на Оперативната програма „Развој на човечки ресурси 2007-2013“. Предложените проекти имаат за цел поддршка на процесот на развој и имплементација на политиките на Република Македонија во областите вработување, образование и обука и социјална инклузија. Оперативната структура ги иницираше и тендерските постапки во согласност со предвидената динамика во работниот план и планот за користење на техничката помош за компонентата „Развој на човечки ресурси“.

Во функција на имплементација и следење на Оперативната програма, во декември 2009 година, се одржа првата официјална, конститутивна седница на Секторскиот комитет за следење за компонентата 4. Се спроведе нова транспарентна постапка за избор на претставници од граѓанскиот сектор и социјалните партнери, кои почнувајќи од 2010 година ќе учествуваат во работата на Секторскиот комитет за следење за компонента 4 во својство на членови со право на глас..

Во втората половина на 2009 година, во консултации со релевантните институции започна процесот на ревизија на Оперативната програма. Со ревизијата се програмираат финансиските алокации за периодот 2010-2011 година, по пат на проширување на постојните и додавање на нови активности и индикатори во рамки на постојните приоритети и мерки на Оперативната програма.

Во 2009 година беа преземени активности за подобрување на капацитетите на ресорните министерства, кои се дел од Оперативната структура, преку кадровско доекипирање и организирање на обуки. Во функција на ефикасно и ефективно управување со Оперативната програма изработен е и циркулиран до Земјите членки на ЕУ твининг проектот „Поддршка за подготовка на земјата за управување со Европскиот социјален фонд преку спроведување на IPA компонентата – Развој на човечките ресурси“.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

*Политика на вработување*

Во претстојниот период, ќе се имплементира новиот годишен Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2010 година, како и Програмата за самовработување со кредитирање, со цел да се влијае врз подобрување на состојбите и намалување на стапката на невработеност кај најранливите категории на невработени лица.

Ќе се подготви извештај за спроведувањето на Националната стратегија за вработување 2010 и Националниот акционен план за вработување 2009-2010, кој ќе претставува основа за подготовка на нова Стратегија за вработување за наредниот период, како и нов Акционен план за вработување.

Во текот на годината редовно ќе се следи текот на имплементацијата на активните програми и мерки за вработување и ќе се подготви извештај за резултатите и ефектите за нивно спроведување кои ќе претставуваа основа за дизајнирање на програмите и мерките за наредната година.

Во текот на 2010 година, ќе отпочне имплементацијата на Проектот „Справување со невработеноста на младите, жените и долгорочно невработените лица“, ко-финансиран преку IPA Компонентата IV, во рамки на Оперативната Програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“. Оваа активност ќе биде реализирана по пат на доделување на директен грант на Агенцијата за вработување на РМ, кој ќе овозможи финансирање на дополнителен број на учесници во ооделните активни мерки за вработување од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување.

Ќе се продолжи со зајакнување на капацитетите на МТСП, останатиет засегнати страни и социјалните партнери вклучени во развојот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и програмите во областа на вработувањето.

Кон крајот на 2010 година се очекува да отпочне имплементацијата на Twinning Проектот „Поддршка на политиките за вработување“, ко-финансиран преку IPA Компонентата IV. Главната цел на овој проект ќе биде обезбедување на поддршка за воспоставување на систем за долгорочно предвидување на пазарот на трудот и развој на капацитетите во Министерството за труд и социјална политика и во сите останати релевантни институции и социјалните партнери за долгорочно предвидување на пазарот на трудот, како и за мониторинг, евалуација и известување за политките за вработување.

Активностите за модернизација на работењето и јакнење на капацитетите на Агенцијата за вработување на РМ ќе продолжат и во наредниот период. За подобрување на ефикасноста во работењето, ќе се реализираат обуки за вработените во Агенцијата, преку кои ќе се настојува да се подобри квалитетот во работата и пристапот кон лицата кои бараат вработување и работодавачите.

Во текот на 2010 година ќе се имплементира новата софтверска апликација за поддршка на целокупното работење на Агенцијата за вработување.

Со цел подобрување и осовременување на работата со своите клиенти, т.е. работодавачите и невработените лица, Агенцијата за вработување во 2010 година ќе воспостави служба за информирање - call центар, а во Центарот за вработување на град Скопје, ќе се воспостави и „отворена канцеларија“ („open office“), како нов вид на услуга за лицата кои бараат работа и работодавачите. За потребите на невработените лица и работодавачите и понатаму ќе се подготвуваат информативни материјали, флаери и брошури за активностите и програмите на Агенцијата за вработување.

*Европски Социјален Фонд*

Основен приоритет во ова подрачје е да се постигне ефикасна и ефективна имплементација на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“, во согласност со правилата за IPA.

Во текот на 2010 година ќе се спроведат тендерските постапки за сите проекти, предвидени за алоцираните средства од 2007-2009 година. Оперативната структура ќе ја спроведе постапката на прибирање и оценка на предлог проекти во рамки на предвидената грантова програма од компонентата 4. Исто така, Оперативната структура ќе ги разработи и усогласи работните планови за твининг проектите. Дел од проектите ќе започнат да се имплементираат во втората половина на 2010 година.

Во првиот квартал на 2010 година ќе биде изработен повеќегодишен Комуникациски акциски план за компонентата 4. Во согласност со овој план, Оперативната структура за IPA компонентата 4 ќе преземе активности за запознавање на јавноста и на потенцијалните корисници за помошта која ќе биде обезбедена преку IPA.

Во овој период, Оперативната структура ќе го комплетира и процесот на ревизија на Оперативната програма за финансиските алокации за периодот 2010-2011 година. Согласно со начелото на партнерство, предлогот на ревидираната програма ќе биде разгледан од страна на Секторскиот комитет за следење, по што ќе биде доставен до Европската комисија на меѓуресорски консултации.

Во текот на 2010 година ќе се спроведат сите активности за координација и подготовка на процесот на пресметка на индикаторите заради спроведување на среднорочната евалуација на Оперативната програма, планирана да започне во последниот квартал на 2010 година.

Во насока на ефективно искористување на претпристапната помош ќе се продолжи со натамошно развивање на институционалниот и административниот капацитет за апсорпција на IPA и тоа преку унапредување на знаењата и вештините на вработените во Оперативната структура, преку подобрување на процедурите на работа, развој на база на податоци за управување и следење на Оперативната програма, итн.
Дел од активностите поврзани со имплементација на програмата, ќе бидат реализирани во рамки на приоритетот 4 Техничка помош од Оперативната програма. Јакнењето на капацитетите на Оперативната структура главно ќе се поддржи преку twinning проектот „Поддршка за подготвка на земјата за управување со Европскиот социјален фонд преку спроведување на IPA компонентата – Развој на човечките ресурси", кој ќе се имплементира во период од 18 месеци, почнувајќи од втората половина на 2010 година. Целта на овој проект е да се зајакнат капацитетите на Оперативната структура, а особено на ресорните министерства за спроведување на Оперативната програма во согласност со регулативата и практиките во ЕУ, како и да се подобри соработката помеѓу органите кои се дел од структурата.

За подготовка на одделни проекти, како и за унапредување на внатрешните процедури и процеси на програмирање и имплементација на Оперативната програма по потреба ќе се користи и техничка помош во рамки на првата компонента на IPA (Помош за подготовка на проекти и Градење на капацитетите за управување со ЕУ), која ќе ја надополнува техничката помош во компонента 4.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

*Политика на вработување*

Како основни приоритети во делот на политиките за вработување на среден рок, и понатаму остануваат зголемувањето на средствата и опфатот на целните групи, следење на имплементацијата на активностите од политиките за вработување, евалуација на постигнатите резултати од имплементираните програми и мерки, како и искористување на овие резултати и оценки во циклусот на креирање на програми и мерки за вработување.

Ќе се продолжи со активности за натамошно јакнење на капацитетите на релевантните субјекти во креирањето, имплементација, мониторингот и оценувањето на успешноста на политиките за вработување преку обуки, семинари и работилници.
Агенцијата за вработување на Република Македонија ќе продолжи со спроведување на активни програми и мерки за вработување и со зголемување на опфатот на различни целни групи на невработени.
Во АВРМ ќе се продолжи со обуки и тренинзи на вработените со цел јакнење на нивните капацитети за поуспешно извршување на своите работни задачи, а ќе продолжат и активностите за промовирање на политиките за вработување, информирање за активностите и услугите кои им се достапни на невработените лица и работодавачите.

Во оваа насока, во текот на 2011 година, планирано е да отпочне имплементацијата на Проект за поддршка на модернизацијата на АВРМ, ко-финансиран преку IPA Компонентата IV. Целта на проектот е понатамошно подобрување на квалитетот, ефикасноста и ефективноста на услугите што Агенцијата за вработување ги обезбедува на работодавачите и невработените лица. На долг рок, проектот ќе ја подготви Агенцијата за вработување да одговори на предизвиците што ќе се јавуваат во процесот на приближување кон ЕУ на полето на политиките за вработување.

*Европски Социјален Фонд*

На среднорочен план, приоритетна задача на Оперативната структура е да обезбеди ефикасна и ефективна имплементација на Оперативната програма „Развој на човечки ресурси 2007-2013" и следење и оценка на нејзиното спроведување.

Оперативната структура ќе го комплетира процесот на формулирање на обрасци за идентификација на проекти (*Operations Identification Sheets)* за финансиските алокации за 2010 и 2011 година. За овие проекти ќе бидат спроведени тендерските постапки.

До крајот на вториот квартал на 2011 година ќе се спроведе и првата среднорочна евалуација на извршувањето на Оперативната програма. Врз основа на резултатите од среднорочната евалуација, Оперативната структура ќе изврши ревидирање на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“ со цел да се опфатат финансиските алокации за 2012-2013.

На среден рок потребно е и понатаму да се унапредува институционалниот капацитет за управување и апсорпција на IPA компонентата 4, преку оптимизација на структурите и натамошно подобрување на кадровските капацитети и процедури.

### 3.19.5 **СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Република Македонија континуирано реализира активности кои се во функција на подготовки за партиципација во Отворениот метод за координација и преку кои се врши активно вклучување на надлежните институции и локалната самоуправа, како и континуирано интензивирање на соработката со невладиниот сектор.

Во тек е изработка на **Национална стратегија за борба против сиромаштијата и социјалното исклучување**, со посебен акцент на вработувањето, социјалната и здраствената заштита, долгорочната нега, образованието и домувањето, како основни приоритетни области за надминување на социјалната исклученост на ранливите групи, овозможување на детските права во секоја поединечна област, како и воведување на родовиот концепт при третирања на овие прашања. Овој сеопфатен документ ќе произлезе како резултат од спроведениот широк консултативен процес меѓу релевантните институции на национално и на локално ниво, локалните самоуправи, социјалните партнери, активно вклучувајќи ги и ранливите социјални категории на население и невладиниот сектор. Активностите на креирање и имплементација на политиките од оваа област ги следи и координира веќе формираното Национално координативно тело во кое членуваат високи државни службеници и локалната самоуправа.

Во текот на годината продолжи имплементацијата на повеќе активности и програми во различни области насочени кон **социјална инклузија на Ромите**. Во таа насока, како подрршка на имплементацијата на Националните акциони и оперативни планови од Стратегијата за Ромите во Република Македонија и Декадата за вклучување на Ромите, со финансиска подршка од буџетот на Министерството за труд и социјална политика, реализирани се следниве проекти и активности:

- вклучување на Ромските деца во предучилишно образование (детските градинки), проект кој се реализира во 15 детски градинки низ државата, во кои во текот на оваа учебна година се опфатени 243 деца Роми на возраст од 4.5 до 5.5 години. Во имплементацијата на овој проект активно се вклучи и локалната самоуправа од 15 општини, а за поуспешна и поефикасна имплементација ангажирани се и 16 негувателки од Ромската етничка заедница, кои ќе работаат Ромските деца во градинките;
- поддршка на функционирањето на формираните Ромски информативни центри, а во заедничка активност на Министерството и Центрите изготвен е Акционен план за нивно функционирање и координирана активност при воспоставувањето на линк помеѓу ромската заедница и институциите на локално и национално ниво.
- имплементација на проект јакнење на капацитетите и директни активности за превенција на илегална миграција и трговија со луѓе кај ромската заедница. Со проектот, во кој се вклучени и невладини ромски организации, се обезбеди зајакнување на работните вештини на повеќе од 100 Роми, преку стручни курсеви и тренинзи на работното место;
- активни мерки за вработување на Роми, преку организирање на обука за познат работодавач за 100 лица Роми од 12 градови во државата. За оваа намена од Буџетот се издвоени се 40,000 евра.
- во соработка помеѓу МТСП, Агенцијата за вработување, Општинскиот совет на општината Шуто Оризари и партнери од невладини организации, подготвен е нацрт-верзија на Акционен План за вработување на општина Шуто Оризари;
- формирана е експертска работна група за испитување на состојбите и изготвување на информација со препораки и предлози за надминивање на состојбите со вклучувањето на ромските деца во специјалните училишта и проблемите со лицата без документи за лична идентификација.

Покрај овие, во текот на годината се реализираа и неколку проекти и програми насочени кон подобрување на вклученоста на Ромите во образованието, поголема опфатеност во системот на здравствена заштита, подобрување на инфраструктурата во населбите во кои живее претежно ромско население :

- издвоени 6,000,000 денари за стипендирање на средношколци Роми за учебната 2008/2009 година, со цел подобрување на успехот и стапката на задржување и зголемување на бројот на Роми со завршено средно образование;
- на почетокот на годината започна изградбата на средно училиште во Општината со ромско население - Шуто Оризари;

- со финансиски средства издвоени од Буџетот, од локалната самоуправа и од странски донации се реализираат проекти за изградба и подобрување на водоснабдителните и канализационите системи, за изработка на урбанистички планови, реконструкција на улици во населби во кои живее ромско население;
- активности за подобрување на пристапот кон здравствени услуги и континуиран опфат на ромското население во системот на здравствена заштита, редовна вакцинација на децата Роми, едукации за превенција од ХИВ/СИДА во ромската заедница, контрола и едукација за туберкулоза, спроведување на бесплатни гинеколошки прегледи на жени Ромки итн.

Во веќе формираното Советувалиште за работа со **жртви на семејно насислтво** во Скопје, 20 жртви на семејно насилство се стекнаа со животни вештини за полесно надминување на состојбата на ризик. Во оваа насока превземени се и соодветни активности за сензибилизација на 30 универзитетски професори за воведување на семејното насилство како дел од наставните програми и содржини. Во фаза на подготовка е Програма за реинтеграција на жртвите на семејно насилство, која ќе овозможи економско јакнење на жените-жртви на семејно насислтво преку обуки и прекфалификации.

Во функција на успешна имплементација на **Акционен план за превенција и справување со сексуална злоуптреба на деца и педофилија** 2009-2012 формирано е Национално координативно тело со преставници на владините и невладините институции. Изработена е и нацрт верзија на Протокол за постапување во случаи на пријава на сексуална злоупотреба и педофилија од страна на сите релевантни актери, како и Кодекс на однесување на новинарите за конструктивно дејствување насочено кон превенција од насилство на децата.
Во насока на справување со проблемот, од страна на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“, отворена е национална СОС линија која е финансиски подржана од страна на МТСП. Во текот на 2009 година извршена е обука на 30 стручни работници од Центрите за социјална работа за брза и рана идентификација на деца-жртви и превземање на соодветни мерки на заштита.

Усвоени се стандарди за рано учење и развој на децата, а во тек е изработување на политика за **ран детски развој**, која врз основа на стандардите ќе овозможи основа за зголемување на опфатот преку разни форми (градинки, теренска работа на градинките во руралните и маргинализирани средини и центри за ран детски развој засновани во заедницата), како и зајакнување на инстутициите за обезбедување на квалитетна и соодветна поддршка на воспитувачите и едукаторите, прибирање на податоци и мониторирање на прогресот на достигањата кај децата.

Превземени се соодветни активности заради зголемување на **пристапот и квалитетот на образованието на децата** вклучувајќи ги и децата кои потекнуваат од ризични семејства и тоа :
- бесплатни учебници за учениците од основното и средното гимназиско образование;
- бесплатен превоз за учениците од основното и средното задолжително образование, за учениците кои живеат на одалеченост над 2 односно 2.5 км од училиштето;
- бесплатен превоз со придружба доколку е потребно за децата со посебни образовни потреби независно од оддалеченоста.

Исто така, заради олеснување на пристапот на учениците со посебни образовни потреби од руралните средини до училишните згради во повеќе општини е обезбеден и бесплатен транспорт на учениците. Во соработка со локалните самоуправи овозможено е при непостоење на одредени струки и профили на ниво на општината да им се обезбеди на учениците запишување во училиште во друга општина, како и бесплатен превоз или бесплатно сместување во ученички дом.
Со цел намалување на осипувањето на учениците од средните училишта, како и подобрување на хоризонталната и вертикалната проодност во стручното образование, во тек е евалуација на наставните програми, како и разгледување на можноста за воведување на модули во стручното образование.

Развиени се и **модули за доживотно учење** за возрасни од ромска, албанска и македонска заедница, преку кои се овозможува подобар пристап кон пазарот на трудот.

Согласно усвоената **Стратегија за демографски развој** на Република Македонија 2008-2015 година, а во насока на остварување на една од основните стратешки цели - подигнување на наталитетот и грижата за децата, подобрување на условите за планирање на семејството, согласно Одлуката на Уставниот Суд на Република Македонија, во текот на 2009 година усвоени се измени и дополнувања во Законот за заштита на децата. Во текстот на Законот извршени се интервенции во правото на родителски додаток за дете да се обезбедува на целата територија на Републиката, при што правото на родителски додаток за дете се утврдува само за трето дете по редот на раѓање. Заради правичност во пристапувањето кон оваа определба, во меѓувреме во остварувањето на правото на родителски додаток за дете се вклучуваат и второто, третото и четвртото живородено дете, кои ќе се родат во период од 9 месеци после стапување во сила на измените на Законот. Правото на еднократна парична помош за новороденче исто така се утврдува само за прво

новородено дете. Од страна на членовите на Националното меѓуресорко координативно тело за следење на имплементација на Стартегијата изработена е нацрт-работна верзија на Акциониот план за нејзина имплементација. Во почетокот на месец декември 2009 година, Министерството за труд и социјална политика организираше конференција со учество на експерти од оваа област, на која е дискустирано за предложените мерки во Планот, согласно европските искуства поврзани со економските, даночни, здравствени, образовни, социјални, кредитни и семејни политики за справување на демографските промени во Република Македонија. Македонија, со цел финализирање на постојниот документ.

Во текот на 2009 година, со учество на повеќе релевантни институции, локална самоуправа и невладини организации, изработен е Протокол за постапување на професионалните структури за справување со проблемот „**деца на улица**", од кои најголемиот процент се деца-Роми. Во реализирање на овие активности беа одржани три регионални работилници со учество на претставници од 15 општини и 15 Ромски невладини организации. Напоредно со овој процес, се настојуваше да се подигне свеста кај населението за прифаќање на овие деца и нивните семејства, со цел намалување на бројот на улични деца. Во учебната 2009/2010 година во редовното образование беа интегрирани 80 деца кои посетувале Дневен центар за деца на улица, вклучувајќи ги и децата кои потекнуваат од семејства кои престојуваат во Прифатниот центар за бездомни лица. Исто така, со цел надминување на трансгенерациската сиромаштија кај најранливите групи, превземена е координирана активност со Министерството за внатрешни работи преку мобилни екипи за подршка на 30 бездомни семејства и семејства на уличните деца, при вадење на документи за лична идентификација.

Во текот на годината, во соработка со невладиниот сектор отпочна да функционира **Советувалиште за превенција од дрога кај деца со воспитно социјални проблеми**, во кое на 25 деца им била обезбедена помош од соодветен стручен тим заради надминување на социјалниот ризик. Во тек е подготовка и на Програма за работа со деца од улица-пробатори на психотропни супстанци, кои потекнуваат од социјално загрозени семејства преку советувалишна работа, како и Програма за деца во социјален ризик кои потекнуваат од семејства во кои се врши или е извршено семејно насилство.

Во текот на 2009 година, согласно усвоената **Националната стратегија за деинституционализација** во системот на социјална заштита (2008-2018) отворени се дополнителни 5 станбени единици за самостојно живеење со поддршка, со што бројот на станбени единици е 10, со вкупно деинституционализирани 40 корисници од ЈУ Специјалниот завод Демир Капија. Со оформувањето на една Служба за домување во локалната заедница за поддршка на лицата со ментална попреченост за регионот Демир Капија/Неготино се овозможува адекватно спроведување и поддршка на процесот на деинституционализација. Во рамки на Секторот за социјална заштита во МТСП, формирано е ново Одделение за деинституционализација и истото е екипирано со потребниот кадар. Надлежноста на ова одделение е во насока на спроведување на Националната стратегија и Оперативниот план за деинституционализација, како и подобрување и развивање на алтернативни облици на грижа за корисниците во локалната заедница. Во текот на годината беше објавен јавен повик за здружение на граѓани во југоисточниот регион на земјата, преку кое ќе се подржи планот за воспоставување на социјални служби во заедницата за лица со попреченост во менталниот развој над 18 години. Целта е во насока на воспоставување на ефикасна мрежа на квалитетни служби во заедницата, како и развивање на стандарди за квалитетот на понудените услуги на корисниците.

Во насока на континуирано развивање на вонинституционални облици на социјална заштита за најмаргинализираните групи, стручните работници од Центрите за социјална работа, во текот на годината обезбедуваа соодветна помош и поддршка на повеќе различни категории на корисници и тоа:.
- 357 лица-жртви на семејно насилство обезбедиле соодветен третман, додека 18 лица биле згрижени во седумте постоечки засолништа за жртви на семејно насилство;
- 66 корисници на дрога покрај медицински третман, обезбедиле соодветна ресоцијализација и реинтеграција;
- на 96 семејства и 15 самци со привремено сместување во Прифатниот центрар за бездомни лица им била обезбедена соодветна помош и подршка во остварување на други права од областа на социјална заштита;
- 500 деца на улица/улични деца згрижени во двата отворени Дневни центри за деца на улица;
- 365 лица сместени во 21 Дневен центар за лица со интелектуална попреченост;
- отворени се дополнителни 2 народни кујни, со што вкупната бројката на корисници во 36-те народни кујни е 3,500;
- отворен е Дневен центар за деца со посебни потреби во општина Чаир/Скопје и Дневен центар за деца на улица во општина Битола

Во текот на 2009 година во функција на континуирано јакнење на **соработката со граѓанските организации**, финансиски се поддржани 6 здруженија на граѓани кои работат во областа на социјална заштита за различни маргинализирани групи и тоа: лица со пречки во интелектуалниот развој, деца на улица, жртви на семејно насилство, помош и подршка на деца со воспитно социјални проблеми, справување со случаи на сексуална злоупотреба и педофилија, инвалидизирани лица. Во

оваа насока, 10 невладини организации кои работат во областа на социјална заштита се запишани во регистарот на здруженија на граѓани во МТСП.

Во тек е подготовка на Оперативен план за имплементација на Национална стратегија за заштита на **старите лица** (2009-2019), со која се овозможува стратешки и координиран пристап за подигнување на квалитетот на живот на оваа ранлива категорија, со посебен акцент на развој на социјалните сервиси за стари и изнемоштени лица на локално ниво. Изработена е и промовирана Национална студија за стари лица и Национална студија за инвалидни лица, преку кои се идентификувани главните причини за социјална исклученост на овие ризични категории, а воедно дефинирани се и конкретни препораки за подобрување на утврдената состојба.

Донесен е **Законот за употреба на знаковниот јазик**, со кој се уредува правото на употреба на знаковниот јазик, правото на глувите лица на знаковен јазик како природно средство за комуникација, изучување на знаковниот јазик, толкувачи на знаковниот јазик, задачите на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Македонија, финансирањето, остварувањето на правата и прекршочните санкции.

Потпишан е Факултативниот Протокол кон ООН Конвенцијата за правата на **лицата со инвалидност** со кој се уредуваат меѓународните механизми за заштита на лицата со инвалидност, во случај кога некои од нивните права се повредени од одредени државни институции. Исто така, формирана е работна група од претставници на МТСП, Националниот совет на инвалидски организации на Македонија и здружението на граѓани Полио Плус, чија задача е да направи анализа на законските и финансиските импликации од ратификувањето на Конвенцијата на ООН за лицата со инвалидност, како и да предложи динамика на усоглсување на домашното законодавство со Конвенцијата. По завршувањето на анализата ќе се разгледа можноста за ратификација на истата од страна на Собранието на РМ.
Во овој дел, изработена е и Нацрт верзија од Ревидираната Национална Стратегија за еднакви права на лицата со инвалидност (2010-2014).

Во текот на 2009 година евидентирани се дополнителни 36 заштитни претпријатија во кои се вработени дополнителни 196 инвалидни лица. Согласно Законот за вработување на инвалидни лица, според евиденцијата, досега се основани вкупно 670 вакви претпријатија, во кои се вработени вкуно 8,990 лица од кои инвалидни се 3,910. Исто така регистрирани се вкупно 290 самовработени инвалидни лица, кои функционираат во рамките на законот и околу 600 други правни субјекти од отвореното стопанство кои вработуваат инвалидни лица и на кои исто така им се овозможени одредени законски бенефиции, вклучувајќи и ослободување од задолжителните придонеси од плата и персонален данок на доход.

Донесен е Акционен план за изградба на пристапни рампи за лицата со инвалидност во објекти од јавен интерес, а во согласност со динамиката, изградени се 5 пристапни рампи во објекти од јавен интерес на локално ниво.

Со измените на Законот за **здравствено осигурување** („Службен весник на РМ" бр.67/09), на сите граѓани државјани на Република Македонија им се обезбедува право на здравствено осигурување вклучувајќи ги тука и најранливите категории (социјално загрозените семејства, Роми, старите лица, бездомните семејства и други). Во текот на 2009 година вкупно 3,000 граѓани кои не биле здраствено осигурани го обезбедиле правото на матичен лекар, право на рецепт, право на превентивна заштита и сл.
Отворени се и 7 советувалишта за сексуално и репродуктивно здравје кои обезбедуваат советување за сите зинтересирани граѓани, вклучувајќи ѓи и ризичните категории на кои им се нудат бесплатни контрацептивни средства.
Изградени се дополнителни 17 здравствени објекти во оддалечени рурални подрачја, каде до сега не постоеле здравствени објекти. Вкупниот број на изградени објекти во рурални средини изнесува 30 објекти, кои ќе овозможуваат здраствена заштита за руралното население.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во текот на 2010 година планирано е финализирање и усвојување на **Национална стратегија за борба против сиромаштија и социјална исклученост**, како и изработка на национален Оперативен план за имплементација на Стратегијата.

Во насока на унапредување на социјалното вклучување на најранливите категории ќе се овозможи пилотирање на конкретни проекти од областа на социјалната инклузија на локално и национално ниво.

И понатаму ќе се продолжи со континуирано јакнење на капацитетите на граѓанскиот сектор и подршка за негово уште поактивно вклучување и учество во креирањето и имплементирањето на политиките и програмите од областа на социјално вклучување и борба против сиромаштијата. Во таа насока, ќе биде формирана Националната мрежа за борба против сиромаштија, која треба да се вклучи во Европската мрежа за намалување на сиромаштијата.

Во делот на активностите за **социјално вклучување на Ромите**, ќе се продолжи со имплементација на Акционите Планови од Стратегијата за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015.
Во текот на 2010 година ќе продолжи функционирањето на 8-те Ромски Информативни Центри, како партнерски проект со Ромски невладини организации. Планирано е одржување на дополнителни обуки на вработените во овие центри за зголемување и јакнење на нивните капацитети за обезбедување на поддршка на ромското население во делот на посредување при обезбедување на потребни документи за идентификација.
Во текот на 2010 година планирано е да бидат отворени и дополнителни Ромски информативни центри.

Предвидено е, во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување, да се имплементираат програми за вработување на Роми, со што дополнително ќе се придонесе кон подобрување на состојбата кај ромското население и нивно вклучување на пазарот на труд.
Проектот „Инклузија на децата Роми во предучилишното образование“ ќе продолжи да се имплементира и во текот на 2010 година, а поради покажаните позитивни резултати и успешноста во имплементирањето од претходните три години, во соработка со Ромскиот образовен фонд од Будимпешта и единиците на локалната самоуправа, ќе се обезбеди негово имплементирање и во текот на учебната 2009/2010 година и тоа во во 19 општини, со вклучување на 367 деца од Ромската етничка заедница, вработување на 19 негователки Ромки и вклучување на 19 партнерски Ромски невладини организации во имплеменацијата на проектот.

Во делот на јакнењето на административните капацитети за координација на овие активности, во текот на 2010 година планирано е доекипирање на Одделението за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите, во рамките на МТСП, со уште 2 нови вработувања. Исто така, планирано е имплементирање на програма за нивна обука и градење на нивните капацитети за поуспешно координирање и реализирање на мулти-ресорските активности за инклузија на Ромите.

За поддршка на имплементацијата на активностите за социјална инклузија на Ромите, имплементацијата на Стратегијата за Ромите и јакнење на механизмите за координацијата на овие активности на национално и локално ниво, во втората половина на 2010 година ќе отпочне имплементацијата на Проект „Поддршка во имплементацијата на Стратегијата за Роми“, ко-финансиран преку IPA Компонентата I. Во рамките на овој проект ќе биде обезбедена експертска помош за јакнење на капацитетите на релевантните субјекти на национално и локално ниво вклучени во имплементацијата на акционите планови за инклузија на Ромите, ќе бидат организиранио обуки, работилници и семинари и ќе се обезбеди соодветна подршка во имплементацијата на активностите.
Во наредниот период ќе се продолжи со доделување на стипендии за учениците Роми во средно образование, со тоа што стипендиите ќе се доделува на ученици Роми од средните училишта од прва, втора и трета година со просек 3.0, за учебната 2009/2010 година и обезбедување на нивни ментори или тутори.
Ќе бидат интензивирани и активностите за подобрување на инфраструктурата во ромските населби, во соработка помеѓу Министерството за транспорт и врски и Единиците на локалната самоуправа, согласно потпишаниот Меморандум за соработка.
Ќе се продолжи и со имплементација на програмите за вклучување и поголема опфатеност на ромското население во системот на здравствена заштита и подобрување на пристапот кон здравствените услуги.
Така, во текот на 2010 година, во насока на имплементирање на Националниот акционен план за здравство, а во согласност со Декадата за вклучување на Ромите, планирано е започнување на активност за ангажирање на теренски Ромски здраствени медијатори, со цел поврзување на ромската заедница со здраствените служби, едукација на ромската популација во областа на здраствената заштита, учество во кампања за промоција на здравјето, имунизацијата и друго.

Во функција на имплементирање на ***Националната стратегијата за деинституционализација***, планирано е дополнително значително проширување и јакнење на постоечката мрежа на вонинституционалните форми на заштита, преку отворање на нови 24 станбени единици, во кои е планирано сместување на дополнителни 96 корисници. Со цел постигнување на континуитет во социјализацијата и интеграцијата на лицата со попреченост во менталниот развој над 18 години во локалната заедница, преку избрано здружение на граѓани ќе се овозможи формирање на 8 станбени заедници во југоисточниот регион, во кои ќе бидат сместени 32 корисници, деинституционализирани од ЈУ Специјалниот завод Демир Капија .
Исто така, ќе бидат спроведувани активности за јакнење на административните капацитети преку континуирани обуки за унапредување на работа на стручните кадри во службите, како и обуки за психосоцијална поддршка на сместените корисници. Во текот на 2010 година ќе бидат преземени активности за проценка на можностите за деинституционализација и на децата без родители и родителска грижа сместени во резиденцијални установи и создавање на услови за нивно поквалитетно живеење преку примена на најсоодветни форми на вонсинституционална заштита.

Во делот на активностите за **инклузија на лицата со инвалидност**, ќе биде подготвен Оперативен план за спроведување на ревидираната Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност (2010-2014), чија цел е обезбедување на сеопфатна работна рамка која ќе биде флексибилна и прилагодлива, а истовремено ќе послужи како практична алатка за развој и имплементација на стратегии и политики преку кои ќе се овозможи унапредување на човековите права, еднаквите можности и целосна интеграција на лицата со инвалидност.

Во текот на 2010 година планирано е финансирање и имплементирање на Програма за обука на толкувачи на знаковен јазик, преку која ќе се организираат 2 обуки за 30 толкувачи на знаковен јазик, како и организирање на семинари за родители на деца со оштетен слух и деца на родители со оштетен слух. Планирана е и подршка на работата на Комисијата за стандардизација на знаковниот јазик, како и покривање на трошоците за толкувања наменети за задоволување на секојдневните потреби на глувите лица, во согласност со одредбите од Законот.

Во насока на подигнување на **грижата за децата со посебни потреби**, вклучувајќи ги и децата со аутизам, планирано е отварање на 1 дневен центар за деца со аутизам во Скопје и 1 Дневен центар во општина Струмица.
Согласно Акциониот план за изградба на пристапни рампи за лицата со инвалидност во објекти од јавен интерес, планирана е изградба на лифтови или вертикално подигачки платформи во објекти на локално ниво.

Во текот на 2010 година планирано е отворање на Советувалиште за работа со деца од улица-пробатори на психотропни супстанци.

Планирани се конкретни активности за спречување на појавата на сексуална злоупотреба на деца и педофилија преку подигнување на јавната свест и континуирани обуки на стручните работници кои работат на овој проблем, како и реализација на други активности, согласно Акциониот план.

Планирано е и Отворање на Дневни центри за деца на улица во општините Прилеп и Охрид, како и Транзитен центар за 24 часовно сместување на улични деца во Скопје.
Во Скопје ќе биде отворено Советувалиште за деца кои потекнуваат од семејства каде се врши или се вршело насилство. Во текот на 2010 планирано 150 жени жртви на семејно насилство економски да се зајакнат преку соодветна еманципација при креирање на сопствени мали бизниси, обука и преквалификација во рамки на 5 пилот општини. Планирана е исто така и подготовка на Програма за работа со сторители на **семејно насилство**, како и ставање во функција на 1 Советувалиште за работа со сторители на семејно насилство во Скопје.

Во текот на 2010 година, предвидено е организирање на кратки форми на **ран детски развој** (посебен третман и метод за работа со деца надвор од градинките, преку теренска работа во рурални и маргинализирани подрачја) во 10 општини со најголем процент на ранливи семејства во кои нема градинки, како и зајакнување на капацитетите на градинките за реализација на теренска работа со деца во рурални и маргинализирани средини во 10 општини.

Во текот на 2010 година интензивно ќе се работи на развивање на модел „Социјални работници на улица" за помош и подршка на најризичните категории надвор од институциите на системот, како и развивање на Програма за социјална интеграција на надарени училишни деца од руралните средини, а кои потекнуваат од социјално загрозени семејства, заради превенција од ризикот од напуштање на училиштето, со посебна мобилизација на единиците на локална самоуправа и на граѓанските организации на локално ниво.

Во делот на демографскиот развој, Акциониот план за имплементација на Стратегијата за демографски развој на РМ ќе биде доставен на усвојување до Владата на Република Македонија во почетоткот на 2010 година. Во финализирањето на документот ќе се обезбеди вклучување на пошироката експертска јавност во креирањето на координирани мерки и активности и нивно активно вклучување и давање насоки и препораки. Кон средината на годината ќе се пристапи кон ревизија на Акциониот План за имплементирање на Стратегијатза демографски развој на РМ 2008-2015 година заради следење на активностите предвидени во истиот. До крајот на 2010 година се планираат 10 вработувања за јакнење на административните капацитети на Меѓуопштински центри за социјални работи за ефикасно спроведување на новововедените права, согласно измените на Законот за социјална заштита и Законот за заштита на деца, а во функција на успешно имплементирање на Стратегија за демографски развој 2008-2015

Со имплементацијата на Оперативниот план за реализација на Националната Стратегија за стари лица (2010-2014), ќе се настојува да се унапреди квалитетот на животот и **грижата за старите лица**. Во функција на подигнување на грижата кон оваа ранлива категорија, планирано е понатамошно развивање на социјални сервиси за стари и изнемоштени лица во државата, во општини каде се јавува потреба и можност за реалиазација. Во рамките на овие сервиси ќе функционираат

соодветни патронажни тимови преку кои ќе се задоволуваат основните егзистенцијални потреби на старите лица, како и обезбедување на медицинска нега на истите.

Преку организирање на обуки и тренинзи, ќе продолжи континуираното јакнење на административните капацитети за работа на полето на превенција од одредени социјални ризици за највулнарабилните групи, со посебен фокус на децата.

Во текот на 2010 година планирано е отварање на дополнителни 10 советувалишта за сексуално и репродуктивно здравје.

Во делот на подобрување на **здравствената заштита** на лицата од руралните области, ќе обезбеди непречено функционирање на веќе изградените 30 амбуланти во оддалечените рурални подрачја, кои ќе овозможуваат подобрена и пристапна здравствена заштита за руралното население.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
На среднорочен план, приоритет ќе претставува континуираната и доследна реализација на целите кои се зацртани во усвоените стартешки документи - Националната стратегија за борба против сиромаштијатса и социјалното исклучување, Стратегија за деинституционализација, Стратегија за заштита од семејно насилство, Националната стратегија за еднакви права на лицата со инвалидност (2010-2014), Националната стратегијата за заштита на стрите лица.

Активно ќе се работи и на континуираната и доследна реализација на целите од Националната стратегија за Ромите во Република Македонија и Декадата за вклучување на Ромите. Во таа насока, активно и координирано ќе се работи на имплементација на планираните активности за подобрување и унапредување на положбата и социјалната инклузија на ромската популација. Ќе продолжи имплементацијата на подготвените Национални Акциони и Оперативни Планови од приоритетните области и во исто време во текот на 2011 год. Ке се ревидираат Националните Акциони и Оперативни Планови од Стратегијата и Декадата за Ромите. Проектите за вклучување на децата Роми во предучилишното образование, Ромските информативни центри и мерките за вработување на Ромската популација, како дел од Оперативните планови за вработување, ќе продолжат да се имплементираат и во наредниот период. Од јули 2011 година, Република Македонија ќе преседава со Управниот Комитет на Декадата и во текот на 2011 година ќе се организираат работилници и конференции за приоритетните области од Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015.

Континуирано ќе се работи на зајакнување на административните капацитети, за успешно и ефикасно креирање на политиките, програмите и мерките во областа на социјалната инклузија и социјалната заштита, како и вклучување на локалната самоуправа и граѓанските организации за имплементирање на истите преку обезбедување на заштита на социјално исклучените лица.

И во наредниот период ќе се продолжи со проширување на мрежата на вонинституционалните форми на заштита за најранливите категории.

Во функција на подигнување на грижата кон децата со посебни потреби планирано е отварање на 3 Дневни центри во општините Кочани, Валандово и Кратово.

Исто така планирано е и воспоставување на 11 простории за работа со деца со воспитно социјални проблеми, во рамките на Центрите за социјална работа адаптирани за работа со оваа категорија на деца.

Опфатот со кратки форми на ран детски развој, како и теренска работа на градинките ќе се прошири на дополнителни 20 општини. Планирано е да се даде поддршка во ревидирање на системот на прибирање на податоци за деца од 0-6 години, со цел организирање на опфат, но и следење на прогресот на достигањата и подготвеност за училиште, врз основа на Стандардите за рано учење и развој. Планирано е зајакнување на капацитетите на институциите кои пружаат иницијална обука и професионално усовршување на кадарот кој работи на образованието и стимулацијата на децата од рана возраст (0-6 години).

Зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа во полето на мониторирање на социјални индикатори на локално ниво, и нивно искористување за изработка и имплементација на локални акциски планови од областа на социјалното вклучување на ранливите групи.

### 3.19.6 **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во април 2009 година издадена е дозвола за вршење на дејност управување со доброволни пензиски фондови и одобрение за управување со доброволниот пензиски фонд „*Отворен доброволен пензиски фонд НЛБ пензија плус*“, со

што практично започна да функционира доброволното капитално финансирано пензиско осигурување во Република Македонија. Во август е издадена и втората дозвола за управување со доброволниот пензиски фонд „*КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје*“.

Во првата половина на 2009 година донесени се измените и дополнувањата на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Со овие измени се преминува од преодното решение кон системското решение во законот во врска со чуварот на имот. Имено, вообичаено во светската практика, улогата на чувар на имот на пензиските фондови ја вршат деловните банки што е и системско решение во овој закон. Пензиските друштва, во рок од шест месеци од стапување во сила на измените на законот, ќе треба да изберат нов чувар на имот, со што функциите од Народната банка на Република Македонија ќе се пренесат на избраната деловна банка. Покрај тоа, со измените и дополнувањата на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување се овозможува и поголема диверзификација на средствата на задолжителните пензиски фондови при нивното инвестирање во странство, како и инвестирање на поголем обем на средства на пензиските фондови во странство.

Во текот на 2009 година, донесен е нов Закон за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр.79/2009), кој има за цел воведување на реформиран систем на социјална заштита и димензионирање на понатамошниот развој на системот на социјални услуги. Новиот Закон ќе овозможи:
- подобрување на таргетирањето на паричната помош од социјална заштита кон најзагрозените категории граѓани,
- обезбедување на понатамошен развој на вонинституционалната заштита, со воведување на ново право на самостојно живеење со подршка и основање на мали групни домови,
- подобрување на стручната работа преку воведување на обврска за изготвување на индивидуален план за работа со корисникот,
- зајакнување на човечките ресурси во установите за социјална заштита, преку воведување на континуирана обука за стручните работници, издавање на лиценци за работа и формирање на посебна стручна комисија,
- проширување на плурализацијата со давање можност верски организации и религиозните групи да се вклучат во давањето на одредени социјални услуги,
- продолжување со децентрализацијата преку донесување на програми за потребите на граѓаните од социјална заштита на локално ниво и давање можност општините да воведат и други права од социјална заштита за граѓаните од своето подрачје.

Новиот систем на парични права од социјалната заштита, овозможува подобро администратирање на паричните надоместоци во центрите за социјална работа и ќе преставува основа за воспоставување на систем за електронска евиденција и обработка на податоците. Во завршна фаза е дизајнирање и воспоставување на современ интегриран информационен систем во Министерството за труд и социјална политика и во Центрите за социјална работа, преку кој ќе се реализира администрирањето и исплатата на сите социјални бенефиции.

Изготвени се и потребните подзаконски акти за документацијата за остварување и користење на правата на парична помош од социјална заштита. Изготвени се нормативи и стандарди за простор, опрема и стручни кадри во установите за социјална заштита, како и правилници за стандардизација на новите вонинституционални форми на заштита (мал групен дом и самостојно живеење со подршка ).

Со цел за зајакнување на капацитетите во центрите за социјална работа, одржани се едукативни работилници за примена на мерки на помош и заштита на децата и малолетниците во ризик, за работа со родители за јакнење на нивните капацитети за справување со нарушено поведение на децата во ризик, за работа на партнерски, родителски и семејни односи и за анимирање на заедницата во развој на згрижувачките семејства. Спроведени се обуки за стручните лица за работа во дневните центри. Во Заводот за социјални дејности воспоставен е ресурсен центар за евиденција на децата во социјален ризик со цел креирање на целосна база на податоци и нивна статистичка обработка, а во тек е постапка за изработка на web апликација за евидентитрање на корисниците на социјалните услуги. Реализацијата на овие активности е финансиски поддржана од страна на Канцеларија на УНИЦЕФ-Скопје.

Владата на Република Македонија донесе Програма за изградба и одржување на станови во сопственост на Република Македонија за 2009 година, во која е предвидена и изградба на 1,101 социјални станови. Распишан е конкурс за 102 стана во Скопје и 29 во Македонска Каменица, за остварување на непрофитно домување на лица во социјален ризик.

Донесена е посебна програма за условени парични надоместоци за средно образование, со која се предвидува воведување на условен паричен надоместок за редовно посетување на наставата во средно образование од страна на децата од домаќинствата кои користат социјална помош. Целта на оваа програма е да се допринесе кон намалувањето на

сиромаштијата, а особено намалувањето на трансгенерациската сиромаштија преку помош на децата од најзагрозените семејства за вклучување и продолжување на образовниот процес.
Исто така, отпочнато е со изготвување на економско-социјална анализа за опфат на најзагрозените семејства со мерки за намалување на енергетската сиромаштија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2010 година ќе се изготви Национална програма за развој на социјалната заштита, како стратешки документ во рамки на кој ќе се утврдат целите, приоритетите и правците на развојот на социјалната заштита на граѓаните на Република Македонија, со мерки на активна социјална политика на среден и на долг рок. Имплементација на овој документ ќе се спроведе преку изготвување на Акционен план за спроведување на предвидените мерки и активности.

За уредување на правото на домување за најзагрозените категории на граѓани, утврдена е потребата од донесување на посебен Закон за социјално домување. Законот ќе биде донесен во текот на втората половина на 2010 година.

По воспоставањето на современ интегриран информационен систем во Министерството за труд и социјална политика, Заводот за социјални дејности и Центрите за социјална работа, ќе се уреди унифицирана евиденција за корисниците и документацијата за стручната работа.

Во текот на 2010 година, со поддршка на Светската Банка, ќе отпочне реализацијата на Програмата за условени парични трансфери, со која ќе бидат воведени нови условени парични бенефиции, наменети за корисниците на социјална парична помош, како стимул за децата од најзагрозените семејства за вклучување и продолжување на образовниот процес, т.е. за редовно посетување на наставата во средно образование.

Врз основа на анализата на состојбите, се планира и донесување на програма со мерки за намалување на енергетската сиромаштија.

Зајакнувањето на човечките капацитети со цел за успешно и ефикасно имплементирање на политиките и програмите во областа на социјалната заштита, во наредниот период ќе биде спроведено преку изготвување на Програма за континуирано образование на стручните лица кои работат во установите за социјална работа и преку воведување на систем на лиценцирање на вработените во установите. Планирано е, согласно изготвената Програма, сите стручни лица од установите за социјална заштита да ја поминат неопходната првична обука за да можат потоа да го полагаат испитот по што би се стекнале со лиценца и би биле запишани во Регистарот на лиценцирани стручни работници во установите за социјална заштита.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Ќе се воспостави систем на лиценцирање на стручните лица во утановите за социјална заштита и континуирана едукација на стручните лица во постапката за издавање и одземање на лиценци за работа.

Ќе се продолжи со континуирано јакнење на капацитетите, за спроведување на развојот на социјалната заштита и подобрување на социјалните услуги во заедницата.
Особено внимание ќе биде посветено на подобрување на ресурсите и капацитетите потребни за успешно следење и евалуација на ефикасноста на програмите во областа на социјалната заштита и социјалната инклузија.

### 3.19.7 **АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ**

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Согласно извршената анализа и утврдените потреби, отпочнаа активностите околу изготвувањето на предлог текст на **Закон за превенција и заштита од дискриминација**. За таа цел формирана е работна група од претставници од релевантните институции и невладиниот сектор и изготвен е првичен текст на предлог Законот за заштита од дискриминација. Со цел да се обезбеди транспарентност и широка партиципација во изготвувањето на Законот, беа реализирани 6 јавни дебати во 6 града во Република Македонија. Целта на овие дебати беше промовирање на предлог-текстот на Законот, како и можност за добивање на предлози, сугестии и коментари од сите заинтересирани субјекти. Предлог текстот на Законот беше доставен и до ОДИХР и до Венецијанската комисија во Стразбур, како и до Канцеларијата на Европската Комисија во Македонија. Добиените предлози, мислења и препораки, во соодветност со домашното законодавство се инкорпорирани во унапредениот текст на Законот, кој што ке биде доставен на разгледување и усвојување до Владата на РМ.

Со поддршка од страна на Програмата на заедницата за вработување и социјална солидарност PROGRESS, во текот на 2009 година граѓанскиот сектор (две невладини организации) и поддршка на Министерството за труд и социјална политика

го реализираше проектот „Македонија без дискриминација“. Целта на проектот беше натамошно зајакнување на јавната свест на полето на недискриминацијата по сите основи, а особено свеста кај младите за придобивките од еднаквоста и постоењето на различноста помеѓу граѓаните во РМ. Проектот имаше за цел и подобрување на правната рамка и капацитетите на релевантните чинители, како и промовирање на партнерството помеѓу националните и локалните власти, граѓанското општество и експертската јавност за воспоставување на механизми за следење на прашањето на недискриминацијата по сите основи.

Врз основа на утврдените приоритети од Националниот план за акција за родова рамноправност 2007-2012, изработена е Оперативната програма за имплементација на планот за 2009 година, во соработка со назначените координатори во ресорните министерства. Беше изработена и програма за реализирање на обуки за зајакнување на капацитетите на националните механизми за родова рамноправност со координаторите за еднакви можности назначени во министерствата и државните институции. Во рамките на програмата, во 2009 година беа реализирани 3 напредни обуки за координаторите за еднакви можности на жените и мажите во министерствата и други и државни институции.

Во делот на имплементацијата на Законот за еднакви можности на жените и мажите и воспоставувањето на механизмите за родова рамноправност на национално и локално ниво, досега се именувани координатори во сите министерства во Владата на Република Македонија, а воспоставени се и механизмите за родова рамноправност на локално ниво, со тоа што во 75 единици на локалната самоуправа досега се назначени Координатори и се формирани Комисии за еднакви можности на жените и мажите во Советите на општините. Интензивно се работеше и на јакнење на капацитетите на овие механизми на локално ниво. Така, во соработка со УНДП, се имплементираше едногодишната програма за „Подршка на комисиите за еднакви можности на мажите и жените во единиците на локалната самоуправа“, во чии рамки беше направена проценка на капацитетите и на потребите од обука за координаторите и за членовите на Комисиите за еднакви можности во Советите на општините, по што беа реализирани поголем број на семинари и обуки.

Во соработка со УНИФЕМ, во текот на 2009 година беше реализирана едногодишна програма за внесување на родовиот концепт во буџетските политики. Беше изработена анализа на две буџетски програми во рамките на Министерството за труд и социјална политика (секторите за труд и социјална заштита). Беше одржана и обука за родово буџетирање наменета за државните службеници, а беше изработен и прирачник за родово буџетирање наменет за државните службеници. На оваа тема беше одржана и една меѓународна конференција.

Министерството за труд и социјална политика, во партнерство со Академијата за обука на судии, во 2009 година реализираше 4 обуки наменета за судиите, јавните обвинители и претставници на Народниот правобранител и обуки за студентите од Академијата за обука на судии и јавни обвинители, чија цел беше учесниците да се запознаат со институционалните механизми и релевантни стратешки документи од областа на еднаквите можности и родовата рамноправност, со посебен осврт на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената и со Факултативниот Протокол.

Во насока на имплементација на Резолуцијајта на ООН 1325, за учеството на жените во превенцијата и мирно решавање на конфликтни ситуации, изработени се програми за обука на припадниците на вооружените сили, мировните мисии од Армијата на РМ, од перспектива на родовата рамноправност и правата на жените.

Во делот на имплементацијата на Националниот Акционен план за унапредување на статусот на жената Ромка, изработена е анализа на релевантната законска регулатива и граѓански дневници за надминување на нееднаквиот третман и пристап на жените ромки до услугите на државните институции. Спроведена е обука за обучувачки за остварување на правата на жената Ромка и реализирани се 56 последователни работни средби на локално ниво со кои беа опфатени околу 840 жени Ромки од заедницата.

Во однос на потребните институции, т.е. тела одговорни за родова рамноправност, во согласност со барањата на европските директиви, одговорна институција за родова рамноправност е Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика. Овој сектор има две одделенија и тоа Одделение за родова рамноправност и Одделение за превенција и заштита од секаков вид на дискриминација.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во 2010 година ќе биде усвоен новиот Закон за превенција и заштита од дискриминација и ќе отпочне неговата практична имплементација. Во таа насока, планирано е во соработка со невладиниот сектор да се реализираат обуки, јавни трибини и кампања насочени кон информирање на субјектите одговорни за имплементација на Законот, како и на општата јавност во Република Македонија. Исто така ќе се изработи наставен план наменет за обука на обучувачи од областа на антидискриминацијата на централно и локално ниво.

Во текот на 2010 година, во рамки на „Програмата на Заедницата за вработување и социјална солидарност PROGRESS 2007-2013“, од страна на невладина организација ќе се реализира проектот „Воведување на индикатори за мерење на дискриминацијата на локално ниво (преку информации, едукација и индикатори за мерење)“. Проектот има за цел елаборација на индикаторите за мерење на дискриминацијата на локално ниво и обука на засегнатите страни како да се следи напредокот и како да се преземаат корективни дејствија во насока на елиминација на сите форми на дискриминација на локално и национално ниво. Активностите на проектот ќе се спроведуваат преку соработка и подигнување на свеста меѓу граѓанскиот сектор, националните и локалните власти, како предуслов за градење на ефективни политики на недискриминација во Република Македонија.

Во овој период, се планира реализација на активности во насока на усогласување на законската регулатива од областа на образованието со Законот за еднакви можности на жените и мажите, што ќе има за цел инкорпорирање на родовиот концепт во наставните програми за образование и професионална обука, како би се обезбедиле механизми за отстранување на предрасудите и стереотипите во врска со воспоставување на еднаквите можности за жените и мажите во образовниот процес.

Ќе продолжат и активностите во насока на имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите на локално ниво, т.е. во Единиците на локална самоуправа. Во текот на 2010 година ќе биде имплементирана програма за понатамошно јакнење на капацитетите на Комисиите и координаторите за еднакви можности на локално ниво, согласно изработената проценка на потребите на овие комисии и унапредување на механизамите за координација и соработка помеѓу Секторот за еднакви можности во МТСП и координаторите и комисиите во општините. Имплементацијата на Законот за еднакви можности на жените и мажите ќе продолжи и преку реализирање на конкретни активности за јакнење на капацитетите на Координаторите за еднакви можности на жените и мажите во рамки на министерствата во Владата на Република Македонија. Во таа насока ќе се реализираат и серија на обуки за овие координатори.

Во јануари 2010 година, како една од редовните активности, планирано е да се изработи Оперативниот план за 2010 година за имплементација на Националниот план за акција за родова рамноправност 2007-2012.

И во овој период ќе се работи на реализација на активности кои ќе имаат за цел унапредување на статусот и положбата на жената-Ромка во Република Македонија. Меѓу другото, ќе бидат реализирани и обуки за подигнување на свеста кај службениците во државната и јавната администрација за надминување на нееднаквиот третман на жените-Ромки, а ќе се изврши и евалуација на постоечкиот Акционен план и Оперативни програми за подобрување на положбата на овие жени, по што ќе се пристапи кон утврдување на приоритетите и изработка на нов Национален акционен план и програми за наредниот тригодишен период (2011-2013).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

По изготвувањето и усвојувањето на Законот за заштита од дискриминација, приоритет во претстојниот период ќе биде воспоставувањето и јакнењето на институционалните механизми за ефикасно утврдување, проследување и казнување на појавите на дискриминација по сите основи предвидени со Законот.

Континуирано ќе се врши следење на новите законски предлози во процесот на нивно донесување, од аспект на инкорпорираноста на родовиот концепт во истите.

Ќе се работи на имплементација на приоритетите од Националниот план за акција за родова рамноправност 2007-2012. И понатаму ќе се реализираат активности насочени кон зајакнување на административните капацитети за имплементација на политиките и програмите од областа на еднаквите можности на жените и мажите, родовата рамноправност, заштитата од дискриминацијата и заштитата на жртвите на трговија со луѓе.

### 3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

#### 3.20.1 ПРИНЦИПИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Донесен е документот „*Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020*" кој ги дефинира основните правци во развојот на македонската индустрија. Овој стратешки документ беше подготвен врз основа претходно извршена анализа на конкурентноста и во постојана консултација со бизнис заедницата, стопанските комори, универзитетите и Националниот совет за претприемништво и конкурентност.

Заради успешно имплементирање на Индустриската политика беше формиран Министерски комитет за конкурентност предводен од Вицепремиерот за економски прашања, како и Меѓу- министерска експертска работна група за координирање на активностите со другите програми и политики. Имајќи ги предвид буџетските ограничувања, во тек се активности на координирање и усогласување на донаторската помош согласно потребите кои произлегуваат од стратешкиот документ.

Во тек се активности за подобрување на јавно- приватниот дијалог преку Националниот совет за претприемништво и конкурентност.

Со спроведувањето на Регулаторната реформа преку Регулаторна гилотина и Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) се намалија бирократските процедури и се олесни водењето бизнис. Од 01.01.2009 година спроведувањето на Процената на влијанието на регулативата (ПВР) е задолжително за сите министерства при донесувањето на нови закони. Беше донесен и *Прирачник за проценка на влијанието на регулативата* со цел разбирање и полесна примена на методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Исто така, единствениот национален регистар на прописи е веќе функционален (www.ener.gov.mk) со што се обезбедува учество на сите засегнати страни во процесот на донесувањето на закони и се постигнува транспарентност на самиот процес.

Општите насоки за развој на МСП се дефинирани во Националната стратегија за развој на МСП (2002-2013) и во 4-годишната Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП (2007-2010) која дефинира конкретни мерки и активности за поддршка на МСП. Истите се во согласност со досегашната Европска повелба за мали претпријатија. Во однос на институционалната поддршка на МСП основна институција која ги реализира програмите на Владата за МСП е Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ. Покрај Агенцијата постои и широка мрежа на институции за поддршка на претприемништвото и МСП:

- 21 бизнис центри
- Прилепската регионална агенција за претпријатија- ПРЕДА,
- 10 деловни инкубатори од кои 6 се активни
- 3 агенции за технолошки развој
- 17 канцеларии за локален економски развој во 17 општини во земјата;
- Универзитетски центар за нови бизниси при Машинскиот факултет во Скопје
- Европски информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ)-CIP -EIP;
- 10 постојни и два нови кластери
- СПАТУМ – Сојуз на пронаоѓачи и автори на технички унапредувања на Македонија;
- Регионален иновациски центар – Штип;
- ЦИРКО – Центар за истражувања, развој и континуирано образование при Машинскиот факултет во Скопје.

Поттикнувањето на технолошкиот развој е регулирано со Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој (Службен весник на Република Македонија бр. 41/2008 и 106/2008) и подзаконските акти кои се донесени во текот на 2009 година. Министерството за образование и наука секоја година подготвува и имплементира Програма за технолошки развој со која директно се поттикнува и поддржуваат претпријатијата.

Во процедура е изготвување на нов Закон за основање на Агенцијата за странски инвестиции со кој се воведува нова дејност во делокругот на основни активности на Агенцијата, односно воведување на активности поврзани со промоцијата на извозот на Република Македонија. Следствено на тоа постоечката Агенција за странски инвестиции ќе премине во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија. Со цел успешно да се промовираат потенцијалите на македонската економија и да се привлечат странски инвестиции во Македонија, досега се ангажирани 23 промотори во 20 земја, а планирано е дополнително ангажирање на уште 9 економски промотори.

Стратешкиот документ Национална Агенда за општествена одговорност на претпријатијата (ООП) 2008-2012 година го

промовира принципот на општествена одговорност со што се поттикнуваат компаниите да ги интегрираат социјалните грижи и грижата за заштита на околината во нивните деловни активности и во нивната интеракција со заинтересираните страни. Националното координативно тело за општествена одговорност е институционална форма за спроведување на Национална Агенда за ООП за Република Македонија 2008-2012 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Главен приоритет е успешна имплементација на стратешкиот документ за индустриска политика „*Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020*". Имплементацијата на дел од мерките во 2010 ќе биде подржана од проектот БЕРИС со Светска банка. Во документот се дефинирани неколку области на интервенција преку програми и мерки имплементирани од разни министерства:

1. Зголемување на применетите истражувања, развојот и иновациите со пораст на инвестициите во истражување и развој;
2. Зголемување на меѓународната соработка и интернационализација на клучните засегнати страни во процесот на економски развој (претпријатијата, универзитетите и развојните институции);
3. Промоција на одржливиот развој преку искористување на природните можности за производство на обновлива и алтернативна енергијата и природните еколошки можности кои постојат во земјата;
4. Зголемување на конкурентноста на македонската индустрија со стимулирање на соработка преку регионално и меѓународно вмрежување на кластерите и други мини асоцијации на мали претпријатија и
5. Унапредување на развојот на МСП и претприемништвото со зголемен годишен број на нови претпријатија и промоција на брзо растечки иновативни МСП преку подобро финансирање.

Од аспект на подобрување на деловната клима се планира имплементација втората фаза од Проектот Регулаторна Гилотината, како и понатамошно имплементирање на *Проценка на влијанието на регулативата.* Во насока на зголемување и јакнење на капацитетите на државните службеници одговорни за спроведување на Проценка на влијанието на регулативата, во 2010 година се планирани дополнителни обуки и тренинзи за спроведување на ПВР.

Во 2010 ќе се изработи нова 4-годишна Програма за поттикнување на инвестициите (2011-2014) која ќе ги дефинира мерките и активностите за поддршка на МСП и развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста за периодот 2011-2014, како и Стратегија за занаетчиството во РМ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок ќе се работи на континуирано подобрување на деловната клима, привлекување СДИ и успешна имплементација на стратешкиот документ *Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020*. За имплементација на дел од мерките на индустриската политика подготвен е проект *Зајакнување на капацитетите за имплементација на индустриската политика* и во однос на истиот поднесена е апликација за користење на ИПА Компонента 1. Во тек се активности за верификација на апликацијата. Реализацијата на проектните активности е планирана во 2012.

### 3.20.2 **ИНСТРУМЕНТИ НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Инструментите кои се користат за спроведување на индустриската политика на Република Македонија се дефинирани во повеќе програмски документи. Во оваа насока, во изминатиов период континуирано се спроведуваа П*рограмата за поттикнување на инвестиции во Република Македонија*, *Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги* и *Програмата за развој на претрпиемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП*, *Програмата за технолошки развој* и *Програмата за техничка култура*, а од 2009 година започна имплементирањето и на новата *Програма за поддршка и развој на кластерското здружување*.

Проектот "Топ менаџмент" на Владата на Република Македонија, за обука на најмалку 200 менаџери во странски компании, започна да се спроведува во првата половина од 2009 година.

*„Enterprise Europe Network"* и *Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија* (ЕИИЦМ) како дел од оваа мрежа активно продолжува да ги реализира зацртаните проектни активности во делот на бизнис соработка и информации за европскиот пазар и ЕУ фондовите, трансфер на иновации, технологии и знаења, научни истражувања и развој. Првиот извештаен период на работење на ЕИИЦМ беше позитивно оценет од страна на Европската агенција за конкурентност и иновации на Европската комисија.

Потпишан е Меморандум за разбирање во однос на користење на првата компонента на ЦИП (*Competitiveness and Innovation Programme*), поточно *Под- програмата за претприемништво и иновации*, а отпочнати се активности за

вклучување на Македонија и во *Под-програма за поддршка на информациски и комуникациски технологии* и *Под-програма за интелегентна енергија на Европа* односно втората и третата компонента од ЦИП.
Република Македонија се стекна со статус на полноправна членка на *Програмата ЕУРЕКА*, преку која со партнери од земјите членки на ЕУРЕКА, се реализираат иновациски и развојни проекти со кои се поддржува бизнис секторот.

Потпишан е Меморандум за користење на средства од Рамковната програма за научноистражувачка дејност и технолошки развој (*FP 7- Seventh Framework Programme for research and technological development*).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Ќе продолжи спроведувањето на *Програмата за поддршка и развој на кластерското здружување*. Во рамките на програмата се предвидени активности за подобра промоцијата на можностите кои што ги нудат кластерите, обука и унапредување на менаџментот на кластерите, подобрување на поврзувањето (вмрежувањето) на кластерите, како и поддршка за формирање на нови кластери.

Во рамките на *Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги* предвидено е субвенционирање на фирмите во делот на сертификација за систем на квалитет, сертификација на производи, изработка на идејно решение за индустриски дизајн и поднесување на меѓународна пријава за патент. Исто така предвидено е и кофинансирање за организација, учество и презентирање на меѓународни саеми и бизнис форуми.

Ќе продолжи реализацијата на проектот "*Топ менаџмент*" во соработка со приватниот сектор, во периодот 2009-2011 година. Со овој Проект ќе се овозможи менаџерите, пред се од извозно ориентираните компании, да ги унапредат своите менаџерските способности и да стекнат практични искуства во соодветни компании во странство.

Ќе продолжи реализацијата на годишната *Програма за развој на претприемништво, конкурентност и иновативност* преку мерки имплементирани во Министерството за економија и Агенцијата за поддршка на претприемништвото. Исто така, ќе започне со реализација проектот "Меѓународна техничка помош за имплементација на Европската иновативна таблица во Република Македонија" (Innovation Score Board).
Во 2010 година ќе се донесе *Програма за технолошки развој* во која е планирана поддршка на иноваторството (реализација на иновации до фаза на изработка на прототип). Исто така се очекува успешна имплементација на веќе споменатите програми што ќе овозможи: поддршка на проектите од Програмата ЕУРЕКА, поддршка на апликации од Програмата ФП-7 на ЕУ; како и поддршка на програмите за работа/проектите на носителите на јавни овластувања во областа на техничката култура. Дополнително, се очекува вклучување на Македонија во сите под- компоненти на ЦИП програмата и успешна промоција на можностите кои што ги нуди Програмата.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
На среден рок, ќе продолжи координацијата и имплементацијата на сите програмски документи од страна на министерствата и соодветните агенции. Предвидено е зајакнување на капацитетите на институциите за имплементација на политиките.

Во областа на МСП, генерално, активностите ќе бидат насочени кон зајакнување на институционалната инфраструктура, подобрување на деловното опкружување и подобрување на конкурентноста и иновативноста. Конкретните мерки за реализирање на овие цели ќе бидат дефинирани во новата 4-годишна програма која ќе се базира на принципите на Актот за мали бизниси (Small Business Act). Ова ќе го детерминира и оперативното работење на Агенцијата за поддршка на претприемништвото за која е планирано континуирано зајакнување на капацитетот со нови вработувања и обуки на вработените.

### 3.20.3 **ПОЛИТИКИ ПО СЕКТОРИ**
ТЕКО**ВНА СОСТОЈБА**
Во Република Македонија досега се изработени следниве секторски стратегии:
- Националната програма за реструктуирање и преобразба на челичната индустрија на РМ;
- Стратегија за развој на текстилната индустрија
- Национална Стратегија за развој на туризмот (2009-2013)

За секторот туризам, покрај споменатата стратегија релевантни се и следниве законски акти: Закон за угостителска дејност (Службен весник на РМ бр. 62/2004, 89/2008) и Закон за туристичка дејност (Службен весник на РМ бр. 62/2004, 89/2008, 12/2009).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во секторот на челик продолжува имплементацијата на Националната програма. Предвидено е издавање на четвртиот *Билтен за челик* во кој се содржани информации и податоци за трендовите во челичната индустрија.

Во делот на текстилниот сектор продолжува да се имплементира *Програмата за поддршка на текстилната индустрија* во Република Македонија.

Во рамките на секторот туризам ќе се имплементира годишна *Програма за поддршка на туризмот* каде се предвидени активности со цел промовирање на Македонија како туристичка дестинација: изготвување и печатење на промотивни материјали во одделни сегменти на туристичката понуда, презентација на меѓународни туристички берзи; субвенции за учество на бизнис форуми и други манифестации; соработка со странски туроператори, новинари и разни федерации во функција на промоција на македонскиот туризам преку странски туристички медиуми; како и поддршка на туристички проекти и обука на кадри во туризмот и меѓународни односи со организации од областа на туризмот (СТО, ЕТЦ, ЦЕИ, и др.).
Голем дел од активностите предвидени со Програмата ќе бидат имплементирани од страна на новоформираната Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

## 3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ

### 3.21.1 ТРАНСПОРТНИ МРЕЖИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во тек се преговорите за основање на **Транспортна заедница на земјите од Западен Балкан и Европската Унија**.
Преговарачкиот тим на Република Македонија како мешовит меѓуресорски тим составен од претставници од Министерствата кои ги покриваат одделните области при преговорите се состанува во Министерството за транспорт и врски, работи на нацрт текстот на Договорот за основање на транспортна заедница, предлага измени на текстот и учествува во подготовките на Делегацијата од Република Македонија за Регионалните состаноци.

Во рамките на СЕЕТО Република Македонија ја продолжува имплеменатацијата на Меморандумот за разбирање од 2004 година за развој на главната транспортна мрежа и имплементацијата на Повеќе –годишниот план 2009-2013.

Обиколницата околу Скопје, која е дел од Коридор 8 беше целосно завршена и пуштена во употреба на 22.06.2009 година. Направен е комплетно нов автопат со конструкција на две ленти, со неколку надвозници, раскрсници, мостови со заштитна ограда од бучава со најнови стандарди за заштита на животната средина.

Европската Комисија со писмо на 24 јули 2009 година додели акредитација за децнтрализирано управување за ИПА фондовите за компонента III, Регионален развој.

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која се однесува на транспортните мрежи е дел од правната рамка која ја регулира транспортната политика. **Види Поглавје** 3.14

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

- **Повеќегодишен план на Транспортната опсерваторија за Југоисточна Европа-СЕЕТО** (2009-2013)

Во рамките на СЕЕТО завршен е проектот за безбедност на патиштата “EuropeAid/125783/C/SER/MULTI” . Од овој проект произлезе предлог регионална стратегија за безбедност на сообраќајот, прирачници за инспекција и проверка на патиштата. Во рамките на пректот се иницирани и неколку договори за едно застанување на граничните премини за железници и дефиниран е текст на договор кој е во согласност со сите европски директиви и регулативи.
Усвоени предлози за модификација на главната мрежа се: патните правци од Велес до границата со Република Бугарија, патниот правец Подмоље – Битола и аеродромот Свети Апостол Павле во Охрид..
Информациите и ревидираната листа на проекти и приоритетни проекти за повеќегодишниот план 2010-2014 година се доставени до СЕЕТО.

- **Национална транспортна стартегија** (2007-2017)

Националната транспортна стратегија за 2007-2017 година, усвоена од Владата на Република Македонија во 2007 година, беше презентирана пред Европската комисија, МФИ и други заинтересирани страни кои ја потврдија нејзината усогласеност со ЕУ и со агендата на СЕЕТО во транспортниот сектор во периодот што доаѓа. Стратегијата беше ревидирана во март 2008 година, јануари 2009 година и во тек е третото ажурирање кое ќе заврши до крај на 2009 година.

- **Програма за јавни инвестиции** (2010-2012)

Програмата за јавни инвестиции е стратешки документ на Владата на Република Македонија за период од три години. Развојната политика на Владата на Република Македонија за инвестирање во јавната инфраструктура на земјата на среден рок се базира на динамична инвестициона активност која се очекува да резултира со оптимализација на користење на постојните капацитети, реконструкција и модернизација на јавната инфраструктура во функција на обезбедување економичност и повисока ефикасност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на Министерството за транспорт и врски Секторот за Евроспка интеграцијја со систематизација , Правилник од 11.07.2008 година се состои од три одделенија : Одделение за преговори и интеграција, Одделение за ИПА фондови , и Одделение за програми на Заедницата и други меѓународни инвестиции. Во Секторот за Европска унија има 14

вработени од кои двајца се со привремено вработување ( со договор) Надлежни институции за спроведување на проектите од трансевропските мрежи се Министерство за транспоррт и врски, Агенцијата за државни патишта, МЖ Инфраструктура.
За институционалната рамка за железничка инфраструктура и инфраструктура во воздушниот сообраќај види Поглавје 3.14

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Довршување на автопатот Табановце-Куманово. На 20.10.2008 година се започна со изградба на автопатот Табановце-Куманово со должина на 7.5км Со проектот се предвидува делницата Табановце-Куманово да биде автопат со изградба на нова еднонасочна коловозна лента со широчина од 11 метри, паралелно со постоечкиот пат, разделена со зелен појас одвоен од него со ограда во широчина од 4 метри. Постојниот паралелен пат ќе стане еднонасочен и ќе биде проширен од постојните 7.5 метри на 11 метри. Проектот , предвидува и нов пристап за управување со сообраќајот во пристапувањето кон граничниот премин Табановце. На автопатот Куманово – Табановце, предвидено е изградба на две клучки и тоа клучка Табановце и клучка Речица. Негово завршување се очекува до крајот на 2010.

- Отпочнување со реализација на проектот Демир Капија-Смоквица во должина од 27.75км. Главниот проект ќе биде изработен во март 2010 година. Се предвидува градежните работи да започнат во првата половина 2011 а да завршат до 2014.

  Во тек е програмирање на приоритетни проекти за програмирачкиот период 2010-2011 година кој ќе претставува продолжување на претходниот за 2007-2009 година. Ова значи продолжување на Оперативната програма за регионален развој 2007 -2011 година со дополнителни приоритетни проекти и соодветни финансиски алокации. Одобрувањето на дополнетата Оперативна програма за регионален развој 2007 -2011 година од страна Европската комисија се очекува во 2010 година

- Владата на Република Македонија одбра два модела за давање под концесија на патиштата. Фазата на претквалификација на компании и конзорциуми започна на 13.11.2009 и ќе заврши на 14.02.2010. Се очекува потпишување на договор со избран концесионер кон крајот на 2010. На 26ти септември 2009 година беше објавена покана за изразување на интерес до соодветни компании и конзорциуми за доделување на концесија за модернизација и управување со нов систем за наплата на патарина на пет постојни наплатни станици во Република Македонија.

- Рехабилитација на железничката линија Табановце- Гевгелија фаза 2
  Зголемување на брзината на делницата до 120км/h по должината на Коридор x делница Велес-Згрополци: рахабилитација на железничката линија со тунелско решение, должина 14км, интегрирана телекомуникациска мрежа, радио диспечерски систем Табановце-Гевгелија.Интегрираната телекомуникациска мрежа е завршена. Радио диспечерскиот систем (телекоманда на сообраќајот) на делницата Табановце-Скопје, Скопје-Неготино е завршена, а во овој момент се довршува Неготино-Гевгелија. По завршувањето на радио диспечерскиот систем ќе се управува од едно место од Централа за далечинсло управување во Скопје.

- Потпишувањето на Договорот за транспортна заедница би требало да се случи во периодот јануари – јуни 2010 година.

- На аеродромот „Александар Велики“ во Скопје до крај на 2011 година концесионерот „ТАВ“ се очекува да изгради нова терминална зграда, да се продолжи полетно-слетната патека, да се изгради паркинг за автомобили, пристапен пат, заедно со нова клучка, да се изврши инсталирање на системите за земска навигација, да се изгради потребната комунална инфраструктура, да се изврши доградба на административната зграда, нов карго терминал, нова противпожарна станица и нов паркинг за воздухоплови.

- На аеродромот „Св. Апостол Павле“ во Охрид во првата половина на 2011 година се предвидува реконструирање на постоечкиот паркинг, реновирање на објектите во карго центарот, изградба на ВИП објект, пречистителна станица, реконструкција на постоечката административна зграда, набавка на нови патролни и противпожарни возила, како и набавка на нова потребна опрема за аеродромот да функционира согласно меѓународните стандарди.Потпишаниот договор се однесува на концесија во период од 20 години.

- Изградба на новиот карго-аеродром во Штип.

Итенцијата за изградба на нов карго-аеродром во Штип е во 2013 година да функционира како алтернативен аеродром за потребите на цивилната авијација со можност во иднина да прерасне во главен аеродром во Република Македонија. На карго-аеродромот се предвидува изградба на полетно-слетна патека, нова терминална зграда, два хангари за увоз и извоз, два хангари за гаражирање на воздухоплови, изградба на административни објекти, паркинг за возила, изградба на потребната комунална инфраструктура, набавка на патролни и противпожарни возила со цел оптимално функционирање, како и набавка на целокупната потребна опрема за работа според меѓународните стандарди.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во однос на зајакнување на капацитетите во Секторот за Европска унија при Министерството за транспорт и врски, во 2010 се предвидуваат нови вработувања

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Изградба на делницата Велес-Прилеп. Делницата претставува дел од Европскиот коридор 10д и е врска од особено значење за транспортот на целиот регион спрема централна и западна Европа.

- Рехабилитација на железничката линија Табановце-Гевгелија, фаза 1
  Рехабилитацијата на делницата Табановце-Скопје и Велес-Згрополци не е започната. На делницата Дуброво (Згрополци)- Демир Капија со ремонтот на пругата, брзината е зголемена на 120км/ч. На предлог на Министерство за транпсорт и врски, Владата на Република Македонија го прифати предложеното сценарио за мал ремонт на делниците Табановце-Куманово, Миравци Смоквица, Згрополци (Ногаевци-Градско и Градско-Неготино и го задолжи Министерството за финансии да спроведе постапка за обезбедување на заем од меѓународни финансиски институции во износ од 17.6 милиони евра.

- Реконструкција на Железничка станица Скопје.
  Во рамките на оваа мерка ќе се реалоцираат средствата од мерка 2.2 за имплементација на проектот за Реконструкција на Железничка станица Скопје согласно стандардите на ЕУ за пристапност, безбедност и информирање. Овој проект Министерстовото за транспорт и врски го предложи како алтернативен проект на местото на проектот од мерка 2.2 кој нема да се имплементира.

- Подготовка на проектни студии (физибилити студија, кост бенефит анализа и студија за оценка за влијанието во животната средина) и проектна документација (идејни проекти, главни проекти) за железничките делници долж коридор 10 и кракот 10д.
  1. Изработка на проектни студии и главен проект за реконструкција на делницата Куманово-Дељадровце за брзина од 120км/h (Физибилити студија, Пред-проект, Костбенефит анализа, Студија за оценка на влијанието врз животната средина и Главен проект);
  2. Изработка на проектни студии за дислокација на железничката пруга Велес-Ногаевци за брзина од 120 км/h (Физибилити студија, Пред-проект, Костбенефит анализа и Студија за оценка на влијанието врз животната средина)
  3. Изработка на проектни студии за дислокација на железничката пруга Демир Капија-Миравци за брзина од 120 км/h (Физибилити студија, Костбенефит анализа и Студија за оценка на влијанието врз животната средина)
  4. Изработка на проектни студии за ремонт со реконструкција на железничката пруга Битола Кременица (Физибилити студија, Костбенефит анализа, Студија за оценка на влијанието врз животната средина и Главен проект)
  5. Изработка на проектни студии и главен проект за дислокација на железничката пруга Драчево Велес за брзина од 120км/h (Физибилити студија, Пред-проект, Костбенефит анализа и Студија за оценка на влијанието врз животната средина).

- Подготовка на студии и потребна документација за железничката линија Куманово-Бељаковце-граница со Република Бугарија.
  Во тек е изработка на основниот проект за трасата од Бељаковце, Крива Планака до Деве Баир, граница со Република Бугарија. Се очекува основните проекти да бидат изработени до март 2010 година. Во втората половина на 2010 ќе се распише јавен тендер за избор на працтантска куќа која ќе ги изработува идејните и основниот проект за тунели и мостови на истата делница.

- Подготовка на студии и потребна документација за железничка линија Кичево-Струга граница со Република Албанија.

Во тек е изработка на студија и идеен проект за делницата од Кичево до Лин, граница со Република Албанија, со рок на изработка до средина на 2010 година. По усвојување на идејните решенија ќе следи изработка на основен проект за целата делница.

- Изградба на мултимодални терминали
  Во рамките на ИПА се предвидува изработка на секторска физибилити студија и кос-бенефит анализа за национални мултимодални јазли во Република Македонија. Во тек е подготовка на тендерска документација која треба да биде готова до крајот на 2009 година

- Имплементација на Спогодба за прекугранична соработка долж земјите на Пан-Европскиот Коридор 10, кој беше потпишан во јуни 2006 на Крф и кој има главна цел олесување на протокот на лица и стоки долж Коридорот 10. Потписниците за краток или среден рок потребно е да реализираат усогласување на законодавството и процедурите за граничните премини со ЕУ acquis, постојана размена на информации помеѓу релевантните администрации и агенции особено со електронски средства, како би се постигнала поблиска соработка и зголемена ефикасност. Препорака е создавање на контакт точки во секоја земја кои ќе се задолжени за оваа задача. Во тек е формирање на работна група. Прв претседавач е Република Грција. Во текот на 2010 година се планира да се потпишат Спогодби со Република Србија и Косово, додека во 2011 година со Република Грција.

### 3.21.2 **ТРАНС-ЕВРОПСКИ ЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која се однесува на Транс-Европските Енергетски Мрежи е дел од правната рамка која ја регулира енергетската политика види поглавје 3.15.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

За постигање на целите на ***Договорот за основање на Енергетска заедница***, активностите на земјите потписнички опфаќаат, меѓу останатото, и создавањето единствен механизам за прекугранична алокација на капацитети и пренос или транспорт на овој вид енергија и создавање пазар на електрична енергија и природен гас без внатрешни граници за сите земји-пристапници кон Договорот, вклучително и координација на заемната помош во случај на сериозно нарушување на функционирањето на енергетските мрежи.

Во рамки на ***Програмата*** *SECI* (Southeast European Cooperation Initiatve) во тек е реализација на Проектот за регионално планирање на електроенергетските системи во Југоисточна Европа (Transmission System Planning - TSP), започнат во 2001 година со техничка помош од USAID и USEA (United States Energy Association).. Работата во рамките на овој проект продолжува со изработка на регионалните модели на преносната мрежа за 2015 и 2020 година. Изработена е студијата ”Неизвесности во преносната мрежа на Југоисточна Европа и евалуација на ризиците за идните инвестиции во преносната инфраструктура”.

***Студијата за доверливост на електроенергетскиот систем и Инвестициона програма*** *е во почетна фаза на реализација и ќе се реализира до крајот на 2010 година.Студијата е* законски утврдена надлежност за одржување и развивање на преносната мрежа, како и извршување на обврските за обезбедување на јавна услуга на сигурен начин, што подразбира сигурно, навремено и квалитетно напојување со електрична енергија по разумна цена на испорака и грижа за заштита на животната средина. МЕПСО ќе ја развива преносната мрежа на начин предвиден во Студија за доверливост на електроенергетскиот систем.

**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**

<u>Во насока на *Транспортен коридор 10*</u>

*400 kV* ***интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Ниш (Србија)***

Предвидените финансиски средства за реализација на овојј проект за македонскиот дел изнесува 14 милиони Евра, од кој Владата на Република Македонија обезбеди државни гаранции и сопствено учество на АД МЕПСО. Започнати се активностите за обезбедување на заем од Светска Банка за 11 милиони Евра. За овој проект електропреносните оператори на Македонија (МЕПСО) и Србија (ЕМС) потпишаа Меморандум за разбирање (Memorandum of understanding) во кој е назначено дека двете страни треба да превземат активности за обезбедување на финансиски средства за изградба на оваа интерконекција, односно секој за својот дел од интерконекцијата. Изработена е Студија за избор на приклучна точка со преносниот систем на Република Македонија и е одредена ТС Штип како најповолна точка на приклучок. Добиени се просторните услови за коридорот на далекуводот и е започната изработката на Студијата за оцена на влијанието на 400 kV интерконеција ТС Штип – Македонско – Српска граница на животната средина. Оваа студија е финансирана како техничка подршка од страна на Инструментот за подршка на подготовка на инфраструктурни проекти –

IPF во рамките на IPA Регионалната програма и ја изработува консултантот WYG International заедно со локални експерти избрани од IPF.

Во насока на *Транспортен коридор 8*

*400 kV* ***интерконеконективна врска Штип*** *(****Македонија****)* – ***Цервена Могила*** *(****Бугарија****)*

Изградбата на 400 kV интерконеконективна врска со Република Бугарија претставува прва интерконективна врска на ова напонско ниво помеѓу двете земји и е дел од Коридорот 8. Со истата се овозможува сигурен транзит на електрична енергија помеѓу двата електроенергетски системи на Република Македонија и Република Бугарија. Завршени се активностите во врска со изградбата на далекуводот на територијата на Република Македонија до границата со Република Бугарија,и истиот е пуштена во редовна работа од месец јануари 2009 година,.

ТС Штип е пуштена во употреба во декември 2009. Овој проект е вклучен во приоритетите на Транс-европските енергетски мрежи (TEN-E – Decision No 1229/2003/EC од 26.06.2003).

Во тек е реконструкција и ревитализација на постојните преносни трафостаници и далекуводи со Проектот ***„Изградба на објекти од електрична мрежа“*** што се подобруваат перформансите на електропреносниот систем на РМ и се обезбедува доверливо снабдување со електричната енергија на потрошувачите. Проектот е овозможен со помош на кредитна линија од ЕИБ како и со кофинансирање од страна на АД МЕПСО. Во проектот влегува изградбата на ТС Скопје 5 – I фаза, ТС Петровец, ТС Драчево и 2 x 110 kV двосистемски ДВ од Вруток до Тетово, е започнат во 2004 година и е финансиран од Европската Банка за Инвестиции (EIB). До сега е завршена изградбата на ТС Скопје 5 – I фаза и набавена е високонапонска опрема за ТС Драчево и ТС Петровец. ТС Драчево е завршена и пуштена под напон месец Ноември 2009 , а продолжуваат активностите за изведба на ТС Петровец, како и за 2 x 110 kV двосистемски ДВ од Вруток до Тетово, и истите се предвидува дека ке бидат реализирани до крајот на 2010 година.

Во рамките на Стратешкиот план на Светска Банка за инвестирање во Енергетската заедница на Југоисточна Европа за Развој на Регионалниот Енергетски Пазар влезен е ***„Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија“***.За овие далекуводи се очекува да се добијат прострони услови и се подготвуваат активностите за изработка на студии за оценка на влијанието врз животната средина.

*Компонента 2:* Реконструкција и градба на интерконективен и надземни далекуводи.

Во рамките на оваа компонента планирани се и изградба на нов 2x110 kV ДВ од ТС Битола 3 до ТС Битола 4 и реконструкција на постоен 110 kV ДВ ТС Скопје 1 – ТС Тетово 1 - планирани да се градат во период 2008 - 2011год. За овие два далекуводи се добиени просторните услови за коридорите на далекуводите, а во фаза на реализација се изработките на Студиите за оценка на влијанието врз животната средина и Основните проекти за двата далекуводи.

*Компонента 3:* Надградба на постојниот EMS систем и планирачки софтвер се завршени во 2008 година.

*Компонента 4:* Надградба и реконструкција на постојните 110/x kV трафостаници е тековна и ќе заврши 2011 година.

*Компонента 5:* Поддршка на институционалниот развој, е тековна и се планира да заврши 2011 година.

За потребите на новото интерконективно поврзување 400kV ТС Штип – ТС Червена Могила, ќе се реализира **Проектот Четири трафостаници** 400/110 kV за реконструкција на постојната опрема за управување и заштита во четири трафостаници од 400/110 kV, односно Скопје 1, Скопје 4, Битола 2 и Дуброво. Проектот е тековен и истиот се реализира со средства преостанати од крдедитот на ЕБОР за горспоменатата интерконеккција со Република Бугарија, во износ од 6,25 мил.евра од кои АД МЕПСО кофинансира со 0,60 мил. евра и 5,65 мил.евра од ЕБОР. Овој проект е во фаза на реализација. Во наредните 4 години треба да се имплементира целокупната опрема.

**Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

***Проширување на Магистралната гасоводна мрежа*** *(Energy Community - Ring)*

Студијата за Регионална гасификација на ЈИЕ (Energy Community Ring) ги опфаќа изворите за снабдување со природен гас почнувајќи од Русија, Каспискиот регион и други транзитни коридори (вклучувајќи и ТПГ) и воедно ги обработува деветте пазари на гас во регионот на ЈИЕ како што се: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Македонија, Црна Гора, Косово, Романија и Србија.

Извештај за пазарот на природен гас во ЈИЕ исклучително место и посветува на идејата за изградба на регионален гасен прстен (Energy Community Ring) во кој се опфатени: Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Албанија и Косово. За Република Македонија, како дел од регионалниот гасоводен прстен ова ќе значи поврзување со Рускиот гас преку Унгарија и Србија односно Хрватска, можност за поврзување со Каспискиот гас преку Романија (гасоводот Набуко или гасоводот White Stream & PEGP), поврзување со рускиот гас преку Бугарија ( Blue Stream или South Stream/Nord), поврзување со регионалните терминали за течен природен гас (ТПГ) преку Revithoussia-Грција, односно Касписки или Руски гас преку Грција ( гасоводите ТАР – Транс-Јадрански гасовод, ТГ или South Stream/Sud).

Концептот на Регионалниот прстен е резултат на развојот на посточките гасоводни гранки кои можат да се појават од секој посебен главен влезен преносен гасовод и истите можат да се набљудуваат дека истите заедно претставуваат гасоводна врска од гасифицираните и негасифцирани пазари на ЈИЕ.

Изработката на ***Физибилити студија за гасоводен систем во Република Македонија со идеен проект е во тек***.

За изготвувач на предметната Студија е избран Конзорциумот составен од следните компании:Простор Куманово, Гастек Бг од Софија- Бугарија, Петрол – Љубљана-Словенија, Енерго Систем од Скопје.

На 07.07.2009 година, од страна на изготвувачот на предметната студија извршена е презентација на досегашните активности на која беше дадена проекција за потенцијална потрошувачка на природен гас во градовите во Република Македонија кои се поврзани на постоечкиот гасовод до 2014 година.

Во рамките на досегашните активности во врска со предметната студија како можни приоритетни гасоводни правци се предложени:

- ***Магистралниот правец Клечовце – Битола со крак до Струмица*** (во зависност од точката на поврзување во Грција или Бугарија која дополнително треба да се одреди и потврди). Оваа делница е со должина од околу 300 км и вкупна инвестиција од околу 133 мил.евра.
- ***Магистралениот павец: Скопје – Тетово - Гостивар со можност за поврзување со Кичево***, со вкупна должина од околу 111 км и вкупна инвестиција од околу 49 мил. евра.

Проектната документација, Идејните проекти и тендерската документација за главни проекти за сите правци согласно проектната задача, Конзорциумот треба да ги изготви во рок од 9 месеци согласно Договорот.

На 30.10.2009 година Извештајот бр. 1 од Физибилити Студијата и Извештајот за извршена ревизија, беше доставен до институциите на мислење и евентуални коментари.

На 10.11.2009 година беше одржан состанок во Владата на Република Македонија и во присуство на меѓуминистерскиот комитет беше презентиран и одобрен Извештајот бр.1 од Физибилити студијата.

НА 21.12.2009 год во Владата на Република Македонија и во присуство на меѓуминистерскиот комитет беше презентиран и разгледан Извештај бр.2 од студијата.

**В) НАФТОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

***Нафтоводот Скопје - Солун*** ја поврзува рафинеријата "ОКТА" со Солунското пристаниште во должина од 212,6 км и е наменет за транспорт на суровата нафта и снабдување на рафинеријата. Нафтоводот е изграден во 2002 година, во насока на Коридорот 10, со капацитетот од 360 m3/h односно 2,5 милиони тони годишно.

Долж *Коридорот 8* е ***Транс - балканскиот нафтовод АМБО***. Намената на овој нафтовод е да го премости Балканскиот полуостров и со тоа да го олесни транспортот на суровата нафта наменета за европската нафтена индустрија, на потегот помеѓу Црноморскиот брег и Јадранското море, избегнувајќи го теснецот Босфор. Нафтоводот е со вкупна должина од 894,5 km од која низ територијата на Република Македонија би поминувале 273 km. Предвидени се 4 пумпни станици (2 во Република Бугарија и по 1 во Република Македонија и Република Албанија). Капацитетот е 750.000 барели дневно што значи транспорт од околу 30 – 40 милиони тони сурова нафта годишно. Времетраењето на изградбата се цени на 2,5 години.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

***Миннистерство за економија***, Сектор за енергетика во име на Владата на Република Македонија ја има улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор. Во рамките на Министерството за економија воспоставена е Агенција за енергетика, за подршка и спроведувањето на енергетската политика во Република Македонија. (Види поглавје 3.15 Енергетика)

***Регулаторната Комисија за Енергетика*** ги регулира прашањата во вршењето на енергетските дејности односно го следи функционирањето на пазарот на енергија, донесува прописи за формирање на цени на одделни видови на енергија и пропишува тарифни системи и учествува во разрешување на спорови кои настанале помеѓу учесниците на пазарот на енергија. (Види поглавје 3.15 Енергетика)

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Краткорочното – годишно, среднорочното и долгорочното планирање и инвестирање во електропреносниот систем на МЕПСО се заснова на Инвестиционата програма изготвена согласно Студијата за доверливост на електроенергетскиот систем и анализи на ЕЕС за нови објекти во тековната година и плановите за реконструкција и ревитализација на постојните објекти од електропреносниот систем.

Обезбедување на финансиски средства за следниве 400 kV интерконективни поврзувања со соседните електроенергетски системи:

*Транспортен коридор 10*:

*400 kV* ***интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Ниш (Србија)***

*Транспортен коридор 8*:

*400 kV* ***интерконеконективна врска Република Македонија (Скопје) – Косовоо (Косово Ц)***

Вкупната инвестиција се предвидува да изнесува 6,4 милиони евра, во која сопствените средства на АД МЕПСО би изнесувале 2.200.000 евра, додека останатите средства во висина од 4,2 милиони евра се предвидува да се обезбедат со заем од меѓународните финансиски институции. Побарана е техничка помош од IPF за изработка на студија за оправданост.

*400 kV* ***интерконеконективна врска Македонија) – (Албанија)***

Предвидениот трошок за македонскиот дел од проектот е 16,7 мил. Евра. Имено, на 13 Април 2005, во Софија , министрите од Албанија, Бугарија, Италија и Македонија потпишаа “Joint Statement for energy infrastructure cooperation” за поддршка на имплементацијата на енергетските инфраструктурните проекти, вклучувајќи ги проектите од Транс Европските Мрежи (TEN-E) во Европско – Медитеранскиот Енергетски Ринг, и воспоставување на работна група од земјите членки за имплементација на специфичните проекти за изградба на енергетската инфраструктура во европскиот коридор 8. Изработена е фисибилити студијата (Feasibility Study of the 400 kV OHTL and 400 kV Submarine Cable Interconnections from Macedonia to Albania and to Italy) – изработена од SEETEC со учество на KESH – Albania, MEPSO - Macedonia, и TERNA –Italy. Поради пројавување на интерес на TERNA –Italy за подводно кабелско поврзување помеѓу Италија и Црна Гора односно Хрватска како приоритет во однос на Албанија, за оваа интерконекција ќе треба дополнително да се изработи Студија за оправданост. Побарана е техничка помош од IPF за изработка на студија за оправданост.

Во рамки на ***„Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија“*** продолжуваат активностите од компонента 2, компонента 4 и компонента 5.

Реализација на **Проектот Четири трафостаници** 400/110 kV - Овој проект е во фаза на реализација. Во наредните 4 години треба да се имплементира целокупната опрема.

**Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

***Проширување на Магистралната гасоводна мрежа*** *(Energy Community - Ring)*

Со изготвувањето на ***Физибилити Студијата за гасоводен систем во Република Македонија со Идеен проект*** ќе се дефинираат стратешки услови и фазите за временската реализација на гасоводниот систем, како и соодветните приоритетни правци за најбрза реализација. Реализацијиа на горespoменатата динамика, односно Изработка на Студијата со идееен проект за гасоводен систем во РМ со идеен проект со предлог на приоритетна магистрална делница.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Институционалната рамка која се однесува на Транс-Европските Енергетски Мрежи е детално дадена во поглавје 3.15 Енергетика.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Изградба на 400 kV интерконективни поврзувања со соседните електроенергетски системи, во насока на следниве коридори:

*Транспортен коридор 10*:

*400 kV* ***интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Ниш (Србија)***- во фаза се преговорите со Светска Банка за обезбедување на финансиски средстава за изградба на оваа интерконекција на Македонска територија. Проектот се очекува да заврши декември 2012 година.

*Транспортен коридор 8*:

*400 kV* ***интерконеконективна врска Република Македонија (Скопје) – Косовоо (Косово Ц)***-

*400 kV* ***интерконеконективна врска****: 400 kV* ***далековод*** *(****Македонија****) – (****Албанија****) –*

.

Се предвидува продолжување на горенаведените компоненти од ***Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија***, кои започнуваат во 2008 и траат до 2011 година.

Реализација на **Проектот Четири трафостаници** 400/110 kV - Овој проект е во фаза на реализација. Во наредните 4 години треба да се имплементира целокупната опрема.

**Б**) **ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

***Проширување на Магистралната гасоводна мрежа*** *(Energy Community - Ring)*

Согласно предвидената динамика за проектот, во текот на втората половина на 2009 година, почна изработката на Физибилити студијата за гасоводен систем во Република Македонија со идеен проект со предлог на приоритетна магистрална делница. Изградбата на магистралната делница за гасоводниот систем, а согласно динамиката на обезбедувања на средства за изградба, може да отпочне во втората половина на 2011 година.

Во првата половина на 2010 година, ќе биде изработена Физибилити студијата со идеен проект за цела гасоводна мрежа, во која е вклопена и приоритетната делница. Проектната документација за целиот гасоводен систем ќе биде изработена во текот на 2012 година, додека изградбата на преостанатиот дела од гасоводната мрежа во земјата е долгорочна активност. Согласно динамиката за обезбедување на средства, изградбата е предвидена да отпочне од 2014 година.

Реализација на Идејните проекти кои би произлегле од *Физибилити Студијата за гасоводен систем во Република Македонија,* се со цел проширување на гасоводната мрежа со соседните држави и допринос кон Energy Community Ring.

**В**) **НАФТОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Потпишани се билатералните Протоколи за влезно излезни точки помеѓу Република Албанија и Република Македонија и помеѓу Република Бугарија и Република Македонија. Исто така, усвоен е Законот за ратификација на Тристраната Конвенција во врска со Трансбалканскиот нафтоводен систем меѓу Р.Албанија, Р.Бугарија и Р.Македонија, склучена во Скопје на 31 јануари 2007 година. (Службен Весник на Р.М бр 74/2007), за финиширање на Проектот останува следното:

- Затварање на финансиската конструкција за реализација на проектот,
- Изготвување на еколошка студија за овој проект
- Изготвување на Акционен план за натамошни активности со кој ке бидат дефинирани активностите
- Формирање на проектни компании во секоја земја посебно
- Потпишување на билатерални договори

## 3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ

### 3.22.1 ЗАКОНОДАВНА РАМКА

**Тековна состојба**

Во 2009 година се донесе Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009 – 2019 (“Службен весник на Република Македонија “ бр. 119/09 ).

Дополнително, донесени се следните подзаконски акти важни за спроведување на политиката за рамномерен регионален развој на Република Македонија:

1. Одлука за поблиските критериуми и индикатори за определување на подрачјата со специфични развојни потреби ("Службен весник на Република Македонија" бр.78/09), и
2. Одлука за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во Република Македонија за периодот 2009 – 2013 година ("Службен весник на Република Македонија " бр.78/09).

Исто така во согласност со одредбите на Законот за рамномерен регионален развој, Министерот за локална самоуправа ги донесе и следните подзаконски акти:

1. Правилник за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој и
2. Правилник за постапката и методологијата за оценување на предлог проекти.

На тој начин беше комплетирана релевантната подзаконската легислатива во врска со политиката за рамномерен регионален развој на Република Македонија.

Донесена е и Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош (“Службен весник на Република Македонија” бр. 118/2009). Уредбата во целост е усогласена со европските насоки за национална регионална помош за 2007-2013 (2006/C 54/08) и со Европската Регулатива (ЕС) No 1628/2006 за примена на членовите 87 и 88 од Договорот за национална регионална инвестициона помош. Исто така во текот на 2009 година беа развиени и шеми за регионална државна помош кои што се целосно усогласени со правилата за државна помош на Европската Унија.

Врз основа на Рамковната спогодба меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА) (”Службен весник на РМ” бр. 18/08), Владата на Република Македонија во 2008 година донесе Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од Инструментот за прет-пристапна помош (ИПА) на Европската Унија ("Службен весник на Република Македонија", број 132/2008). Оваа Уредба го дефинира системот на органи и структури за децентрализирано управување со првите четири компоненти од ИПА во Република Македонија и го утврдува нивниот меѓусебен однос. Имено, Уредбата поконкретно ги утврдува Надлежниот координатор за акредитација, Националниот ИПА координатор, Стратешкиот координатор за Компонентата за регионален развој и за Компонентата за човечки ресурси, Националниот координатор за авторизација (НАО), Раководителот на оперативните структури за спроведување на првите четири компоненти од ИПА, Националниот фонд (НФ) и Оперативните структури за спроведување на првите четири компоненти од ИПА како органи и структури за децентрализирано управување со првите четири компоненти од ИПА и детално го определува нивниот меѓусебен однос.

Во 2009 година оваа Уредба беше изменета и дополнета (”Службен весник на РМ” број 119/2009) со цел да се вградат забелешките од Ревизорскиот извештај изготвен од Генералниот Директорат за Проширување на Европската Унија испратен како резултат на Ревизорска Мисија одржана во периодот од 9 до 13 март 2009 година во поглед на органите и структурите за децентрализирано управување со првата ИПА Компонентата.

**Краткорочни приоритети**

Во текот на 2010 година, ќе се донесат годишните акциони планови за 2010 и 2011 година, за спроведување на Програмите за развој на планските региони

**Среднорочни приоритети**

Утврдување на потребите од измени во постоечката релевантна правна рамка согласно европското законодавство, а во рамки на Акциските планови со цел воведување на Целосно децентрализирано управување со ИПА компонентите 3 и 4,

што треба да овозможи оперативната структура да се подготви  за користење на програмите од структурните и кохезиониот фонд на Европската Унија во согласност со: релевантните ЕУ Регулативи [20].

**Странска помош**

- Формулирањето и спроведувањето на политиката за рамномерен регионален развој на Република Македонија е поддржано од Владата на Сојузна Република Германија преку проект ГТЗ РЕД. Проектот обезбедува техничка поддршка за надлежните органи на државната управа т.е. Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој како и за 4 Плански региони (Источен, Југоисточен, Полошки и Југозападен).

Од септември 2008 година се вклучи УНДП кој обезбедува техничка  поддршка за Вардарскиот и Североисточниот плански регион а се водеа преговори овој проект од 2009 година да се прошири и на Скопскиот плански регион.

- Владата на Швајцарија обезбеди техничка помош за подготвување на Програма за развој на Пелагонискиот плански регион, во рамките на Швајцарската развојна соработка. Освен тоа, во рамките на наведената соработка, дополнително ќе се обезбеди поддршка за спроведување на приоритетни проекти, кои ќе ги утврди Советот за развој на Пелагонискиот плански регион.
- Спроведувањето на Децентрализираниот систем на управување со втората, третата и четвртата компонента (ДИС системот) од ИПА беше поддржан од  Проектот CARDS 2006: "Градење на капацитетите за поддршка на капацитетите за децентрализирано управување со помошта во Република Македонија" кој  успешно заврши во декември 2009 година.
- Во рамките на ТАИБ Националната програма за 2007 година, предвидени се два договора за експертска помош и еден договор Твининг лајт (twinning light) кои имаат за цел поддршка на ДИС системот, и тоа:
    1. Твининг лајт проект кој треба да придонесе за зајакнување на капацитетите на Националниот координатор за авторизација (НАО)/ Националниот фонд (НФ) и Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД). Овој проект ќе вклучува активности за поддршка на процесите на тендерирање, исплати, обезбедување на квалитет на тендерски документи и сметководство во однос на проектите финансирани од ИПА.
    2. Договор за експертска помош (во износ од ЕУР 1.000.000) со кој предвидено е да се финансира ИПА центарот за обуки кој би требало да започне во првиот квартал на 2010 година и во рамките на кој се предвидени обуки за обучувачи кои понатаму ќе одржуваат тренинзи на лица од државната администрација кои ќе управуваат со средствата од ИПА, и
    3. Договор за експертска помош (во износ од ЕУР 400.000), со кој е предвидено понатамошно развивање на административните капацитети на ДИС структурите во земјата како би се овозможило ефективно и ефикасно управување со ИПА средствата.
- Исто така во рамките на ТАИБ Националната програма за 2008 година предвиден е договор за експертска помош чија што цел е градење на капацитетите на децентрализираниот систем за управување (ДИС) со ИПА. Проектот е во износ на 1.600.000 ЕУР а негова цел е да се зајакнат административните капацитети за ефективно и ефикасно управување со проектите финансирани од ИПА средствата.
- Дополнително во текот на 2010 година планирано е да отпочне еден Твининг проект за подготовка за управување со Европскиот социјален фонд финансиран од ИПА Компонентата за развој на човечки ресурси - Мерката за техничка помош и наменет пред се за поддршка на Оперативната структура за спроведување на оваа ИПА компонента. Во рамките на овој проект, предвидени се обуки за сите аспекти на управување, имплементација и одржување на ревизорски траги во постапките во врска со Оперативната Програма за развој на човечки ресурси. Овој проект овозможува и одржување на дополнителни семинари, конференции, работилници и студиски посети во насока на зајакнување на капацитетите во Оперативната структура.

### 3.22.2 **ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Тековна состојба**

На ниво на плански региони досега се воспоставени, регистрирани и екипирани сите 8 **Центри за развој на планскиот регион** како стручно-административни тела и тоа во Полошкиот, Источниот. Југоисточниот, Југозападниот, Североисточниот, Вардарскиот, Пелагонискиот и Скопскиот плански регион.

---

[20] Regulation (EC) No 1080/2006 of the European Parliament and of the Council of 5 July 2006 on the European Regional Development Fund and repealing Regulation (EC) No 1783/1999; Regulation (EC) No 1081/2006 of the European Parliament and of the Council of 5 July 2006 on the European Social Fund and repealing Regulation (EC) No 1784/1999; Regulation (EC) No 1082/2006 of the European Parliament and of the Council of 5 July 2006 on a European grouping of territorial cooperation; Council Regulation (EC) No 1083/2006 of 11 July 2006 laying down general provisions on the European Regional Development Fund, the European Social Fund and the Cohesion Fund and repealing Regulation (EC) No 1260/1999; и Council Regulation (EC) No 1084/2006 of 11 July 2006 establishing a Cohesion Fund and repealing Regulation (EC) No 1164/94

Врз основа на позитивниот Извештај на независните ревизори за проценка на усогласеноста на системот за децентрализирано управување со ИПА помошта со акредитациските критериуми, Националниот координатор за авторизација додели национална акредитација на Оперативната структура за третата ИПА компонента во јануари 2009 година и на Оперативната структура за четвртата ИПА компонента во март 2009 година.

ДИС структурата во Министерството за финансии во соработка со ресорните министерства подготви и достави акредитациски пакети за третата и четвртата компонента од ИПА до Европската комисија, кои ја опфаќаат целокупната документација која ја формира правната рамка за воспоставување на децентрализиран систем за управување во Република Македонија, институционалната и организационата поставеност на сите тела и институции во рамките на Оперативните структури за третата и четвртата компонента од ИПА.

По поднесување на акредитациските пакети, стручните служби на Европската комисија спроведоа ревизорски мисии за оценка на усогласеноста на системот за децентрализирано управување со ИПА помошта во Република Македонија со критериумите воспоставени од страна на Европската комисија, како и оценка на капацитетите на Оперативните структури за третата и четвртата ИПА Компонента.

Врз основа на спроведените ревизорски мисии, добиени се Ревизорски извештаи за третата и четвртата ИПА Компонента со позитивни ревизорски наоди.

Со Одлука Европската комисија на 24 јули 2009 година изврши пренесување на надлежностите на националните структури во Република Македонија за децентрализирано управување со средствата од третата компонента на ИПА – Регионален развој.

Со Одлука Европската комисија на 16 октомври 2009 година изврши пренесување на надлежностите на националните структури во Република Македонија за децентрализирано управување со средствата од четвртата компонента на ИПА – Развој на човечки ресурси.

По добивањето на ревизорските извештаи, на континуирана тримесечна основа се подготвуваат и се доставуваат Извештаи за напредокот до Европската комисија од страна на Националниот службеник за авторизација.

Во однос на втората ИПА Компонента - Прекугранична соработка, согласно Регулативата за спроведување на ИПА, Националниот ИПА координатор го назначи министерот за локална самоуправа за Координатор на прекуграничната соработка (ЦБЦ Координатор). Во моментот Република Македонија учествува во три прекугранични програми со Република Грција, Република Бугарија и Република Албанија, како и транснационалната програма за Југоисточна Европа, кои се спроведуваат централизирано од страна на Делегацијата на Европската комисија.

**<u>Краткорочни приоритети</u>**
Владата на Република Македонија ќе усвои Патокази (Road Maps) со Акциски планови за воспоставување на целосен систем за децентрализирано спроведување (ЕДИС) без претходно одобрување од страна на Делегацијата на Европската комисија за третата ИПА Компонента и за четвртата ИПА Компонента.

**<u>Среднорочни приоритети</u>**
Спроведување на Проценка на недостатоците на националните структури за воспоставување на целосен систем за децентрализирано спроведување (ЕДИС) без претходно одобрување од страна на Делегацијата на Европската комисија, од што ќе произлезат Извештај за утврдените недостатоци и Акциски план за нивно надминување.

Надминување на утврдените недостатоци во Извештајот од спроведената проценка на недостатоците согласно Акцискиот план за воспоставување на целосен систем за децентрализирано спроведување (ЕДИС) без претходно одобрување од страна на Делегацијата на Европската комисија.

Национална акредитација на Оперативната структура за ИПА Компонента II, подготовка и доставување на акредитациски пакет до Европската комисија и добивање одлука за пренос на надлежностите за децентрализирано спроведување на втората ИПА Компонента од Европската комисија на националните структури во Република Македонија.

### 3.22.3 **АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ**
**<u>Тековна состојба</u>**
***<u>ДИС структури</u>***

Согласно наодите на ревизорските мисии за пренесување на надлежностите за децентрализирано управување со средствата од ИПА компонентите I, III и IV, во текот на декември 2008 -март 2009 година, ревидирани се Прирачникот за внатрешни постапки за работи на ЦФЦД, Прирачникот за внатрешни постапки за работи на НФ, Прирачникот за внатрешни постапки за работи на ИПА Координаторот за ИПА компонента III, Прирачникот за внатрешни постапки за работи на ИПА Координаторот за ИПА компонентите IV, како и Прирачникот за работа на Вишиот програмски службеник за ИПА компонентата I.

Во однос на ИПА компонентата II, во тек е подготовка на Прирачник за внатрешни постапки за работа на ИПА координаторот со прекуграничните програми, од кои секоја одделна програма има специфичен начин на управување и спроведување.

Административните капацитети на сите овие институции се зајакнати преку нови вработувања (во Нф има 1 ново вработување, во ЦФЦД 4, во МЛС 3, во МТСП 3 и во МОН 3 нови вработувања) унапредување на постојните вработени (во НФ има 1 унапредување во ЦФЦД 6, во МЛС 2, во МЖСПП 4. и континуирано спроведување на обуки за вработените за прашања поврзани со децентрализирано управување со претпристапната помош на ЕУ, со цел ефикасно и ефективно извршување на предвидените работни надлежности (Сите вработени (100%) во НФ и во Оперативните структури имаат посетувано обуки во текот на 2009 година. Во овој период биле организирани 52 обуки за овие вработени).
За 2010 година институциите кои се дел од Оперативните структури за ИПА компонентите II, III и IV и НФ подготвија Анализи за обемот на работа и Планови за вработување. Овие документи се неопходни со цел планско зајакнување на административните капацитети за управување и контрола на претпристапните средства од ЕУ, како подготовка за спроведување на Кохезиската и Регионалната политика на ЕУ. Предвидено е планираните вработувања да бидат дополнително поддржани од НПАА и ќе имаат статус на приоритетни вработувања.

Во однос на обуки, а согласно со Прирачниците за внатрешни постапки на институциите кои се дел од системот на децентрализирано управување со ИПА во Република Македонија, овие институции учествуваат во годишно проценување на потребите од обуки, како и нивно планирање. Обуките кои се одржаа во 2009 година се одвиваа според Планот на обуки. Обуките се реализирани во следниве области: финансиски менаџмент, подготовка на проектни задачи, планирање на човечки ресурси во ИПА одделенијата, управување со ризик, сметководство, правилата за ЕУ јавни набавки - ПРАГ, нерегуларности, мониторинг и евалуација на ИПА проекти, внатрешна контрола во рамки на ДИС, техничко спроведување на проектите финансирани од ИПА, работилници за твининг и грант итн.

Во текот на јануари 2010 година ќе се подготви нова Анализа на потребите за обуки за 2010 година. Во делот насловен „Странска помош“ во подрачјето 3.22.1 се содржани информации за проектите за зајканување на капацитетите на институциите за ДИС.

*(Електронскиот систем за управување со информации кој треба да помогне за соодветно следење на спроведување на проектите е преместен во делот за Следење и евалуација, 3.22.5)*

**Краткорочни приоритети**
*Доекипирање и обуки на ДИС структурите:*
- Да се зајакне административниот капацитет на Националниот фонд и институциите кои се дел од Оперативните структури за ИПА Компонентите II, III и IV за управување и контрола на претпристапните средства од ЕУ, како подготовка за спроведување на Кохезиската политика на ЕУ.

**Среднорочни приоритети**
Владата на РМ континуирано ќе продолжи со зајакнување на административните капацитети преку вработувања и интензивни обуки на структурите за управување со средствата од претпристапната помош од ЕУ, а потоа и за управување со средствата од Кохезискиот и Структурните фондови на ЕУ кои се достапни на земјите-членки.

**Странска помош**
Информации се дадени во подрачјето 3.22.1

### 3.22.4 ПРОГРАМИРАЊЕ
**Тековна состојба**
Оперативната програма за Регионален развој (2007-2009) беше усвоена од страна на Европската комисија со Одлука број C (2007)5721 од 29 ноември 2007 година, со референтен број CCI 2007 MK16 I PO 001.

За искористување на расположливите финансиски средства алоцирани за периодот 2007-2009 година, Оперативната структура за Регионален развој во текот на 2009 година се фокусираше на подготовка на Обрасци за идентификација на проекти. Со овие обрасци се дефинираат активностите за проектите кои се предлагаат за финансирање во рамките на оваа Оперативна програма. Предложените проекти имаат за цел подобрување на патната и железничката инфраструктура во Република Македонија, преку подготовка на потребната техничка документација како и инвестиции за вршење на градежни работи. Исто така, еден дел од проектите се насочени во секторот животната средина, преку инвестирање во системот за управување со отпадни води, како и интегрираното управување со цврст отпад. Оперативната структура за Регионален развој во Република Македонија започна со подготовка на тендерската документација за овие проекти во согласност со Планот за јавни набавки за спроведување на ИША Компонентата за Регионален развој.

Оперативната програма за Развој на човечки ресурси (2007-2013) беше усвоена од страна на Европската комисија со Одлука број C(2007)6027/1 од 7 декември 2007 година, со референтен број CCI 2007 MK05 I PO 001.

Предложените активности за кои во текот на 2009 година се подготвија Обрасци за идентификација на проекти имаат за цел поддршка на процесот на развој и имплементација на политиките на Република Македонија во областа на вработување, образование и обука и социјална инклузија. Оперативната структура за Развој на човечки ресурси во Република Македонија започна со подготовка на тендерската документација за овие проекти во согласност со предвидената динамика во работниот план и планот за користење на техничката помош за ИПА Компонентата за Развој на човечки ресурси.

Во текот на 2009 година започна процесот на ревидирање на Оперативната програма за Регионален развој (2007-2009) за периодот 2010-2011 година. Оперативната структура за Регионален развој подготви предлог за ревидирање на постојната Програма со додавање на новите финансиски алокации за 2010 (30,9 милиони евра) и 2011 година (35 милиони евра) кои се одобрени со Повеќегодишната индикативна финансиска рамка 2010-2012, како и дополнување на обемот на активностите кои се оправдани за финансирање во областа на транспортот и животната средина. Предлогот ќе биде доставен до службите на Генералниот директорат за Регионален развој на Европската комисија за одобрување на почетокот на 2010 година.
Истовремено, во тек е процесот на ревидирање на Оперативната програма за Развој на човечки ресурси. Со ревизијата се програмираат финансиските алокации за 2010 година (8,4 милиони евра) и 2011 година (8,8 милиони евра), по пат на проширување на постојните и додавање на нови активности и индикатори во рамки на постојните приоритети и мерки на Оперативната програма.

Во тек е развивање на Листа на Проекти во подготовка (project pipeline) кои би се финансирале во рамките на ИПА Компонентата за Регионален развој. Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање, секое во доменот на своите надлежности, направија одредена оценка на степенот на подготвеност на проектите кои би можеле да се предложат за финансирање во рамките на оваа ИПА Компонента во наредниот програмски период (2010-2011). Листата на проекти во подготовка по одобрување од страна на Владата на Република Македонија ќе биде испратена до службите на Европската комисија.

**Краткорочни приоритети**

Донесување на Национален развоен план (НРП) 2010-2013. Нацрт верзијата на НРП е подготвена, ќе бидат организирани јавни трибини на кои ќе биде вклучен јавниот сектор. НРП се очекува да биде усвоен од Владата на РМ до крајот на 2010.
Национален развоен план за периодот 2010-2013 ги има следните цели:

- Да направи детална проценка на постојната економска, социјална состојба и состојбата со животната средина во Република Македонија;
- Да идентификува клучни развојни приоритети на национално ниво до 2013 година;
- Да формулира стратегиски и оперативни развојни цели до 2013 година;

Основни приоритети за Република Македонија до 2013 година, во кои ќе ги вложи вкупните потенцијали се:

1 Зголемена конкурентност на корпоративниот сектор
2 Развој на економска инфраструктура
3 Развој на човечки капитал
4 Заштита на животната средина
5 Рурален развој и развој на земјоделството
6 Промоција на државата како партнер во економскиот раст.

Принципот на партнерство, кој е неопходен при подготовка на клучните програмски и оперативни документи, како што се НРП, Оперативните програми за ИПА, како и Стратегијата за регионален развој и програмите за развој на планските

региони ќе биде засилен и ќе се остварува преку соработка, поврзување и активно учество при подготвување на актите и проектите кои се во функција на регионалниот развој на национално, регионално и локално ниво. Оваа соработка ќе се остварува на вертикално и на хоризонтално ниво, преку вклучување на бизнис партнерите, социјалните партнери, невладините организации, како и преку телата кои се формираа согласно Законот за рамномерен регионален развој.

Совет за рамномерен регионален развој на Република Македонија (тело за усогласување и координирање на генералната политика),
Совет за развој на планскиот регион (тело за спроведување на регионалната политика на ниво на планскиот регион, кое соодветствува на единиците на НУТС-3 нивото).

- Усвојување на ревидираната Оперативна програма за Регионален развој (2007-2009) за периодот 2010-2011 година;
- Усвојување на ревидираната Оперативна програма за Развој на човечки ресурси (2007-2013) за периодот 2010-2011 година;
- Отпочнување на процесот на идентификување на проекти за новите финансиски алокации за 2010-2011 година и подготовка на соодветните Обрасци за идентификација на проекти во рамките на ИПА Компонентата за Регионален развој;
- Отпочнување на процесот на идентификување на проекти за новите финансиски алокации за 2010-2011 година и подготовка на соодветните Обрасци за идентификација на проекти во рамките на ИПА Компонентата за Развој на човечки ресурси;
- Спроведување на сите подготвителни активности за координација и подготовка на процесот за спроведување на среднорочна евалуација на Оперативните програми за Регионален развој и Развој на човечки ресурси.

**Среднорочни приоритети**

- Ревидирање на Оперативната програма за Регионален развој за наредниот програмски период 2012-2013 година согласно резултатите од спроведената среднорочна евалуација на Програмата, со цел постигнување на конзистентност со програмските документи за рамномерен регионален развој;
- Ревидирање на Оперативната програма за Развој на човечки ресурси за наредниот програмски период 2012-2013 година согласно резултатите од спроведената среднорочна евалуација на Програмата, со цел постигнување на конзистентност со програмските документи за рамномерен регионален развој;
- Комплетирање на процесот на формулирање на Обрасците за идентификација на проекти за финансиските алокации за 2010 и 2011 година во рамките на ревидираните Оперативни програми за Регионален развој и Развој на човечки ресурси;
- Редовно ревидирање и одржување на Листата на проекти во подготовка.

### 3.22.5 СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

**Тековна состојба**

Согласно Регулативата за спроведување на ИПА 718/2007, член 59, како поддршка на ИПА Комитетот, а со цел обезбедување на кохерентност и координација при имплементација на поделните компоненти на ИПА, на 26 ноември, 2009 се одржа првиот официјален Секторски комитет за следење на третата ИПА Компонента за регионален развој, по потпишувањето на Финансиската спогодба за спроведување на Оперативната програма за регионален развој (септември, 2009 година). На овој состанок му претходеше третиот неформален состанок на Комитетот во јуни, 2009 година.

Исто така, по потпишувањето на Финансиската спогодба за спроведување на Оперативната програма за развој на човечки ресурси, во ноември 2009 година, се одржа и првиот официјален состанок на Секторскиот комитет за следење на четвртата ИПА Компонента за развој на човечки ресурси. Претходно, во јуни 2009, беше одржан третиот неформален состанок на комитетот.

До Европската комисија редовно се доставени Годишните извештаи за спроведување за Оперативната програма за третата ИПА компонента- Регионален развој и за Оперативната програма за четвртата ИПА компонента- Развој на човечки ресурси, во кои се наведени активностите превземени со цел спроведување на Оперативната програма за Регионален развој и Оперативната програма за Развој на човечки ресурси. Годишниот извештај за спроведување за Оперативната програма за регионален развој за 2007 година се достави до Европска комисија на 10.07.2008 година, додека Извештајот за 2008 година се достави на 03.07.2009 година Годишниот извештај за спроведување за Оперативната програма развој на човечки ресурси за 2007 година се достави до Европска комисија на 16.07.2008 година доколку Извештајот за 2008 година се достави на 25.06.2009 година.

Ревидирани се Работните планови за Оперативните програми за трета и четврта компонента, во кои се наведени операциите кои ќе бидат превземени во рамките на спроведување на овие две ИПА компоненти.

Во однос на Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција, на 29 април 2009 година, во Солун, Р. Грција, се одржа првиот Заеднички комитет за следење (ЗКС) на кој се дискутираше содржината на самата програма, поглавјето за начинот на спроведување на програмата како и се усвои Правилникот за работа на комитетот. Наредниот состанок на ЗКС се планира да се одржи во Декември 2009.

Вториот Заеднички комитет за следење на Прекуграничната програма помеѓу Република Македонија и Република Албанија се одржа на 13 јули 2009 година, во Поградец, Албанија додека третиот ЗКС на оваа програма се одржа на 24 септември 2009 година, во Маврово.
Заеднички комитет за следење на програмата за прекугранична соработка помеѓу Бугарија- Република Македонија се одржа на 24 февруари 2009 година, во Струмица.

Комитетот за следење на Транснационалната програма за соработка во Југоисточна Европа одржа два состанока во текот на 2009 година. Третиот состанок на Комитетот за следење се одржа на 1- и 11 март 2009 година, а четвртиот состанок на 6 и 7 јули 2009 година. Следниот состанок е закажан за февруари 2010 година.

Прирачникот за спроведување на програми на ЦФЦД го користат вработените во Одделението за следење на програми при ЦФЦД и содржи листи за проверка кои вработените во ова одделение ќе ги користат во рамките на своите секојдневни работни активности. Насоките за спроведување на следењето од страна на ИПА одделенијата во ресорните министерства се дадени во Прирачникот за внатрешните постапки за работа на ИПА координаторот за третата ИПА компонента, како и во Прирачникот за внатрешните постапки за работа на ИПА координаторот за четврта ИПА компонента.

Согласно наодите на ревизорските мисии за пренесување на надлежностите за децентрализирано управување со средствата од третата и четвртата компонента на ИПА ревидиран е Прирачникот за следење на ЦФЦД, како и Прирачникот за внатрешните постапки за работа на ИПА координаторот за третата ИПА компонента, како и во Прирачникот за внатрешните постапки за работа на ИПА координаторот за четврта ИПА компонента.

Со цел редовно информирање за статусот на планирање на проектите и програмите, следење и контрола на нивното спроведување -како физичко така и финансиско, ќе се воспостави електронски Систем за управување со информации. Овој систем ќе овозможи широк пристап, како и прибирање на податоци од страна на структурите и институциите вклучени во децентрализираното управување со ИПА фондовите. Основни модули кои ќе бидат вклучени во системот се :модул за набавки и склучување на договори, модул за следење, евалуација и управување со ризици, модул за финансии и сметководство и модул за извештаи. За воспоставување на овој систем со техничка поддршка преку Националната ИПА 2007 програма за градење на институционалните капацитети, во рамки на Инструмент за поддржка при подготвување на проекти подготвена е техничка спецификација за набавка на МИС, која треба да се реализира до средината на 2010 година. По набавка на системот истиот ќе биде усогласен согласно потребите на крајните корисници.

**Краткорочни приоритети**
Воспоставување на Системот за управување со информации

**Среднорочни приоритети**
Подобрување на Системот за управување со информации

Извршување на среднорочна евалуација на Оперативната програма за регионален развој 2007-2009 година;

Среднорочната евалуација за Оперативната програма за развој на човечки ресурси за периодот 2007-2013 година ќе се изврши во периодот декември 2010- јуни 2011година, од страна на надворешни консултанти.

**Странска помош**
Види во подрачјето Законодавна рамка.

### 3.22.6 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА
**Тековна состојба**
Националниот фонд (НФ) е тело одговорно за финансиско управување на средствата од предпристапната помош на ЕУ-ИПА, како и за националното кофинансирање, и е под директна одговорност на НАО. Во надлежност на НФ е отворањето и организирањето на банкарските сметки, поднесување на барање за средства од Европската комисија, обезбедување на националното кофинансирање, трансфер на средства до Секторот за централно финансирање и склучување договори

(ЦФЦД), како и поднесување на финансиски извештаи до Европската Комисија. Исто така НФ дава поддршка на НАО во извршувањето на функцијата за ефективно функционирање на системите за управување и контрола според ИПА Регулативата.

ЦФЦД исто така има одговорност за финансиското управување со ИПА средствата и исплаќање на фактурите/ барањата за плаќање во случај на грантови, поднесени од страна на контракторите.

Согласно наодите од ревизорските мисии за пренесување на надлежностите за децентрализирано управување со средствата од третата и четвртата компонента на ИПА спроведени од страна на релевантните Генерални Директорати на ЕК ( ГД за регионален развој и ГД за вработување) во периодот март-мај 2009 година подготвена е ревидирана верзија на Прирачникот за финансиско управување на ЦФЦД, Прирачникот за внатрешни постапки за работа на ИПА Координаторот за третата ИПА компонента и Прирачникот за внатрешни постапки за работи на ИПА Координаторот за четвртата ИПА компонента а исто така ревидирани се и листите за проверка кои се анекси на овој Прирачник.

Согласно член 40(3) од Регулативата за имплементација на ИПА, НАО/НФ достави посебни планови за користење на средствата за тековната и наредната година за III и IV компонента од ИПА до релевантните Генерални директорати при ЕК (ГД за регионална политика и ГД за вработување), на 27.02.2009 година.

Во текот на 2009 година, зајакнати се капацитетите на Одделението за финансиски работи при Секторот за централно финансирање и склучување на договори во Министерството за финансии, со вработување на едно лице на определено време. Исто така зајакнати се капацитетите на Одделението за финансиска и системска контрола со ИПА средствата во рамките на НФ, Министерство за финансии, со вработување на едно лице на определено време.

Финансиската спогодба за Оперативната Програма за Регионален Развој за периодот 2007-2009 година е потпишана и влезе во сила на 18.09.2009 година. НАО/НФ достави барање за авансно плаќање до ГД за регионална политика на 25.09.2009 година. Согласно барањето за авансно плаќање префрлен е аванс од ЕК, во износ од 30% од финансиските алокации на ЕУ за првите три години од Програмата за регионален развој, на девизната сметка во НБРМ.

Исто така Финансиската спогодба за Оперативната програма за развој на човечките ресурси за периодот 2007-2013 година помеѓу националните власти и Европската комисија е потпишана и влезе во сила на 26.11.2009 година. НАО/НФ достави барање за авансно плаќање до ГД за вработување на 07.12.2009 година. Согласно барањето за авансно плаќање префрлен е аванс од ЕК, во износ од 30% од финансиските алокации на ЕУ за првите три години од Програмата за регионален развој, на девизната сметка во НБРМ.
Со цел ефикасно користење на средствата предвидени во рамките на III и IV компонента од ИПА, НАО во координација со НФ, ЦФЦД и ресорните министерства ги превзема сите потребни активности во процесот на подготвување на Буџетот на РМ, со цел обезбедување на национално кофинансирање во Буџетот на Република Македонија .

**Краткорочни приоритети**
Заради обезбедување на услови за навремено и ефикасно извршување на зголемениот обем на работа во текот на 2010 година ќе се зајакнат капацитетите на НФ, ЦФЦД и ресорните министерства. Зајакнувањето на капацитети ќе се реализира преку дополнителните вработувања согласно Анализата за обем на работа како и преку спроведување на обуки од областа на финансиското управување и контрола. Исто така доколку има потреба во текот на имплементација на ИПА средствата ќе се врши дополнително ревидирање и ажурирање на внатрешните постапки за работа на НАО/НФ, ЦФЦД и ресорните министерства.

**Среднорочни приоритети**
Во периодот 2010-2011 година, ќе бидат ревидирани и ажурирани Прирачниците за финансиско управување и контрола на средствата од IPA и ќе се зајакнат капацитетите во линиските министерства надлежни за имплементација на III и IV компонента за ЦФЦД и НФ и ресорните министерства.

## 3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА

### 3.23.1 СУДСТВО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

**Независност и непристрасност на правосудството**

**Законот за Судски совет** според кој Судскиот совет врши избор и разрешување на судиите како гаранција за судската независност и самостојност, конитинуирано се имплементира. Согласно Правилникот за критериуми за оценување на работата на судиите и Образецот за негова примена донесени во март 2008 година, членовите на Судскиот совет во мај 2009 година започнаа со годишно оценување на судиите кое заврши во јули 2009 година. Согласно Извештајот за спроведеното оценување на работата на судиите, од вкупно оценетите судии, 247 судии се оценети со оценка многу добар или 43,64%, 150 судии со оценка добар или 26.50 %, 124 судии се оценети со оценка задоволителен или 21,91% и 45 судии се оценети со оценка незадоволителен или 7,95 %. Имено, согласно резултатите, 92,05 % од судиите се оценети со позитивна оценка или постигнале резултати согласно критериумите за квалитет и квантитет во нивното работење и останатите мерила, согласно Правилникот за оценка на работата на судијата. Од вкупно оценети 26 претседатели на судови, 11 се оценети со оценка многу добар или 42,31 %, 10 се оценети со оценка добар или 38,46 %, 4 со оценка задоволителен или 15,38 % и еден претседател е оценет со оценка незадоволителен или 3,85%.

Согласно Правилникот за вршење на надзор над работата на јавните обвинители, Советот на јавни обвинители, во февруари 2009 год. усвои Образец за оценка на работата на јавните обвинители за на начинот на вршење на надзор над работата на јавните обвнители.

Со **Судскиот деловник** се воведоа новини во насока на управување со предметите во судовите преку задолжително електронско заведување на предметите и нивна електронска распределба по случаен избор на судиите. Со цел ефикасна примена на Судскиот деловник, реализирана е Програма за обука на судската администрација со која обучени 250 судски службеници за електронско водење на уписниците. Воедно, со цел воспоставување на механизми за примена на ACCMIS извршени се соодветни измени на Судскиот деловник.

**Забрзување на судските постапки**

Со цел да ги презентираат согледувањата за обемот на работата во судовите, нивната ефикасност и за ефектите од примената на **Законот за парнична постапка**, Министерството за правда спроведе анализа и изготви Информација за времетраењето на постапките по предметите од парничната попстапка. Согласно анализата во текот на 2007 година, во основните судови биле заведени вкупно 68.214 парнични предмети, од кои решени се 35.433 предмети или 52%, а нерешени останале 32.781 предмети. Во 2008 год. заведени биле вкупно 68.395 парнични предмети, од кои решени се 43.983 предмети или 64,3%, а нерешени останале 24.412 предмети. Согласно податоците судовите решиле 12,03% повеќе предмети во 2008 година во однос на 2007 година.

Со **Законот за вонпарнична постапка** („Службен весник на РМ бр. 09/08"), се воведува можност за префрлање на дел од неспорните постапки на нотарите, со цел ослободување на судовите од неспорните постапки, со што нотарите како судски повереници, преземаат дејствија и донесуваат одлуки во оставинска постапка.

Врз основа на спроведената експертска мисија во рамки на ТАИЕХ, изготвена е и усвоена од Владата на РМ е **Анализата за примена на Законот за управни спорови**, во која е даден осврт на следниви индикатори: Правото на жалба; Надлежност и состав; Времени мерки; Јавна расправа; Прекршоци; Оценување на законитоста на поединечните акти во врска со изборите (изборна постапка) и Вонредните правни средства. Формирана е работна група при Министерството за правда за подготовка на Предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за управните спорови.

Во насока на отстранување на причините за големата бавност во процесот на **извршување** на судските одлуки во граѓанските предмети, како еден од приоритетите од Партнерството за пристапување, се продолжи со имплементација на Законот за извршување. За спроведување на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување, донесен во јануари 2008 година, се изврши измени на Правилникот за определување на бројот на извршители, со кои двојно се зголеми предвидениот број на седишта на извршители и тоа од 69 на 132, а бројот на подрачјата на основните судови е усогласен со бројот на подрачјата на основните судови со проширена надлежност.

Усвоен е **Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување** (Сл. весник на РМ бр.83/09) со кој е воспоставен системот за трансфер на старите извршни предмети од судовите кај извршителите, кој ќе започне со имплементација на 01.07.2010 заклучно до 31.12.2010 год. Исто така се уредува процесот на издавање на платен налог,

преку нотарите по барање на доверителите. На тој начин се создава ефикасен систем на извршување врз основа на веродостојни исправи, со што ќе дојде до растеретување на судовите од поднесените тужби со предлози за издавање на платни налози врз основа на веродостојни исправи.
Со цел за обезбедување на подобар пристап на граѓаните до правдата и подобрување на бизнис климата во државата, во 2009 година донесен е **Закон за судски такси**, со кој се овозможи забрзување на судската постапка од аспект на роковите за плаќање на судските такси, како и забрзување и поедноставување на постапката за присилна наплата на неплатени судски такси. Воедно, со законот е намалена вредноста на судските такси за 20%.
Во насока на исполнување на стандардите за **правото на судење во разумен рок**, согласно Европската конвенција за човекови права, и намалување на бројот на апликации пред Европскиот суд за човекови права, со Законот за судовите (сл.весник бр. 58/06) и Законот за измени и дополнување на Законот за судовите од 14.03.2008 година (сл.весник бр. 35/08),одлучувањето по барањата во земајта се креираше систем за заштита на правото за судење во разумен рок, кое е дефинирано како исклучителна надлежност на Врховниот суд на Република Македонија. За таа цел на 07.04.2009 година **конституиран е Оддел за постапување по предмети за судење во разумен рок** во кој се распоредени 14 судии во три совети со по три судии и 5 судии во втор степен, кои заклучно со 30.10.2009 година, од поднесените 335 барања, во 20 е констатирана повреда на судењето во разумен рок. Досудени се надомести за обесштетување и определен е рок за завршување на постапките кои се сеуште се активни пред домашните судови.

**Намалување на заостатокот на предметите во судовите**
За ефикасна имплементација на Законот за прекршоци донесен е **План за обуки за примена на Законот за прекршоци**, кој го спроведува Академијата за обуки на судии и јавни обвинители. АОСО во август 2008 донесе Програма за спроведување на обуките, која се состои од 4 дела (општи теми, законот за прекршоци, посебни постапки и процесна прекршочна постапка).

Со цел да се согледаат ефектите од досегашната примена на Законот за медијација, а во насока на поголема применливост на законот и негова успешна имплементација во пракса, изготвена е **Анализа за примената на Законот за медијација**, како резултат на која во септември 2009 година се усвои **Закон за изменување и дополнување на Законот за медијација**. Согласно измените, се дополнува полето на примена на медијацијата и во семејни и кривични спорови, се прецизираат надлежностите за организирање на обуки за медијатори и издавање на сертификати, се прецизираат надлежностите на органите на Комората на медијатори, се намалува времетраењето на постапката за медијација, се пропишуваат критериуми за награда и надоместок на трошоци за медијација, се менува одредбата за упатување на медијација од страна на суд, така што судот во текот на првостепена постапка, може да ги упати странките спорот да го решат по пат на медијација, се дополнува одредбата во однос на постигнатата спогодба за медијација при прекин на судска постапка и номотехнички се подобрува Законот. Министерството за правда во соработка со Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ), изготви Прирачник за препознавање на спорови кои може да се решат по пат на медијација примарно наменет за судии и јавни обвинители.

За подобрување на работењето на нотарите и воедначено постапување при водењето на книгите, уписниците и имениците како и целокупното работење на нотарите, во ноември 2009 година донесен е **Закон за измени и дополнување на Законот за нотаријатот**, со кој се прецизираат подзаконските акти[21] .

**Професионално судство**
**Академијата за обука на судии и јавни обвинители** е потполно функционална, спроведувајќи го Законот за Академија, Статутот и подзаконските акти[22] во правец на креирање и реализација на сите програми за обука. Во целост се остваруваат и програмите за постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители, како и програмите за обука на другите целни групи согласно Рамковната програма 2009-2010. Ефикасно се спроведува и почетната обука за судии и јавни обвинители.

**СУДСКА СЛУЖБА**
Со **Законот за судска служба** кој започна со примена од 01.01.2009г. се регулираат правата, обврските и статусот на судската администрација, како и прашањата поврзани со посебниот статус и платите на судските служби. Со законот се

---

[21] Правилник за формата и начинот на пишување и одбележување на нотарските исправи и формата и начинот на потврдување на фактите и изјавите, Правилник за формата и содржината на печатот, сувиот и водниот жиг, штембилите и фирмата на нотарот, како и начинот на нивното издавање и одземање и Правилник за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, како и преземање на други формални дејствија и се утврдува основот за донесување на нотарската тарифа.
[22] Усвоени се следниве **подзаконски акти**: Правилник за почетокот, текот на одвивањето, редот и дисциплината, дисциплинската одговорност и другите права и обврски на кандидатите за почетна обука во Академијата – теоретска настава, ревидирана е и Програмата за почетна обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија – теоретска настава 2008/2009 година и 200 9/2010. Усвоени се и Правилник за начинот и постапката за полагање и оценување на завршниот испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители и Програма за завршниот испит.

овозможува утврдување на критериумите на ефикасност, се подобрува судскиот менаџмент и се овозможува целосно искористување на информатичките технологии.

**ИТ во правосудство**

**Стратегијата за ИТ во правосудството се спроведува тековно во сите сегменти**. За квалитативно подобрување на информатичките решенија за работа со судските предмети во сите судови воведен е нов Автоматизиран информатички систем за управување со судски предмети (АССМИС), со поддршка на УСАИД_ДПК, кој овозможува евиденција и работа со судските предмети и поврзување на надворешни влезни документи со соодветниот судски предмети. Исто така, донесен е Правилник за начинот и постапката за управување со судските предмети со користење на информатичка технологија (Сл.Весник на РМ 70/2009). Од 1 јануари 2010 година, АССМИS, ќе функционира во сите судови во Република Македонија. Воедно, со АССМИS, како дел од софтверското решение е опфатен и делот за генерирање централизирани извештаи кои ќе бидат користени за следење на работата на судовите.

Поставен е и Дисплеј модулот, со кој се прикажуваат информации од работата на судот, распоредот на судските предмети по судници, како и интернет (on-line) комуникација на учесниците во предметите, преку TOUCH SCREEН киосци инсталирани во судовите со проширена надлежност.
За одржување на ИТ системот во судството во судовите има вработено 40 информатичари (3 во Врховен суд, 2 во Основен суд Скопје 2, по еден во секој суд и 12 времено вработени со помош на УСАИД).

Со цел за поголема трансапрентност во работата на судовите, Врховниот суд на РМ започна со изработка на Динамички веб страници за сите судови. Во таа насока на 22 и 23.04.2009 година спроведена е обука на лицата кои работат на ажурирање на страниците, со што Web страниците на секој суд во Република Македонија постојано се ажурираат со нови податоци.

**ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО**

Со цел за уредување на платите на судиите, јавните обвинители и членовите на Судскиот совет на РМ и Советот на јавните обвинители на единствен начин, на 16.11.2009 од страна на Собранието на РМ, усвоени се **Законот за плати на членови на Судскиот совет на Република Македонија и Законот за плати на членовите на Советот на јавните обвинители**, (Сл. весник бр. 139/2009). Воедно, на 23.12.2009 год. од страна на Собранието на РМ, усвоени се **Законот за измени и дополнувања на Законот за плати на судии и Законот за плати на јавните обвинители** (Сл. весник бр. 153/2009).

Спроведувањето на реформите во правосудството е интензивирано во делот на реформата на јавното обвинителство. По однос на **имплементацијата на Законот за јавно обвинителство и Законот за Совет на Јавни обвинители**, донесени се сите подзаконски акти[1]. Со **измените на Законот за јавно обвинителство**, усвоени на 02.09.2008 се допрецизираат условите за избор на јавни обвинители во поглед на нивното работно искуство.

Согласно членот 94 став 2 од Законот за јавно обвинителство, Советот на јавни обвнители во јули 2009 год. донесе Одлука за продолжување на мандатот без ограничување на 131 јавен обвинител во Основните јавни обвинителства, како и на 28 јавни обвинители во ЈОРМ и во Вишите јавни обвинителства Скопје, Битола и Штип. Мандатот не им беше продолжен на 15 јавни обвинители, односно на 6,8% од јавните обвинители.

**РЕФОРМА НА КАЗНЕНО ПРАВО**

Во рамки на Стратегијата за реформа на казненото право на 10.09.2009 год. донесен е **Закон за измени и дополнување на Кривичниот законик**. Измените на законот се однесуваат на зајакнување и подобрување на казнено-правната рамка и тоа во делот на интервенциите специфично што се однесуваат на делот за Конфискација на имот и имотна корист, Казнената одговорност на правните лица, Економските казнени дела, Дела на компјутерски криминал. Во процесот на изготвување на предложените измени беа вклучени странски и домашни субјекти, меѓу кои: ОБСЕ, ОПДАТ, Адвокатска комора на Република Македонија, Здружение за кривично право и криминологија, итн. Водно со измените на Кривичниот закон, се изврши усогласување со повеќе меѓународни инструменти и тоа Конвенцијата на ОН против корупцијата, Казнената Конвенција за корупција на Советот на Европа со дополнителниот Протокол, како и усогласување согласно препораките што произлегуваат од членството на Република Македонија во меѓународните организации.

[1] Деловник за работа, Правилник за организација и систематизација на работи и работни задачи, Правилник за уредување на постапката за утврдување на одговорност на јавните обвинители, Правилник за утврдување на начинот на вршење на надзор над работата и постапување на јавните обвинителства, Правилникот за утврдување на начинот за оцена на работата на јавните обвинители, Правилник за формата и содржината на образецот и постапката за издавање и одземање на легитимацијата на јавните обвинители и членовите на Советот на јавни обвинители.

Согласно Стратегијата, изготвен е нов Предлог - **Закон за кривична постапка** се предлага нов модел и поактивна улога на јавниот обвинител во преткривичната постапка и истрагата, се воведува правосудна полиција, функционално подредена на јавното обвинителство и ставена на располагање во откривањето и гонењето на кривичните дела и водењето на истражната постапка. Воедно, изготвен е и **Акционен план за имплементација на Законот за кривичната постапка**, кој се состои од неколку дела и тоа: заокружување на правната рамка преку усогласување на останатите закони во кривично – правната област, едукацијата на јавните обвинители, судии и сите другите субјекти во кривично – правниот систем и дефинирање на активностите кои ќе бидат насочени кон јакнење на капацитетите на институциите надлежни за спроведување на законот.

**Судски буџет**

Согласно **Законот за изменување и дополнување на Законот за судски буџет** на 14.01.2009 **извршено е префрлање на Стручната служба на Судскиот буџет во Судскиот совет**, која што согласно измените на Правилникот за организација и ситематизација на Судскиот Совет на РМ, функционира како Сектор за Судски буџет, а претседателот на Судскиот совет, истовремено е претседателот на Судскиот буџетски совет.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Судскиот совет** на Република Македонија е комплетиран и тековно функционира во полн состав. Во насока на зајакнување на независноста на правосудниот систем, Судскиот совет во март 2009 го донесе Годишниот извештај за работата, кој беше усвоен од Собранието на РМ на 22.04.2009 год. Заклучно со 19.11.2009 година избрани се 161 судии и 21 претседатели на судови, од кои 16 судии се избрани од редот на кандидати на Академијата за обука на судии и Јавни обвинители, со што се пополнети 666 места за судии во Република Македонија. Покренати се 56 постапки, од кои 50 за нестручно и несовесно вршење на судиската функција и 6 дисциплински постапки кои резултираа со 22 разрешени судии поради нестручно и несовесно работење, 5 судии поднеле оставка по сопствено барање, а за 33 судии утврден е престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија. Од вкупно поведените завршени се 42 постапки, а 13 се запрени. Изречени се две дисциплински мерки и двајца судии се разрешени, поради трајно губење на способноста за вршење на судиската функција.

Воедно, Судскиот Советот во координација со Академијата изготви **План за вработување** односно избор на судии од редот на кандидатите со завршена Академија за обука на судии и јавни обвинители, согласно кој Советот има обезбедено места и презема обврска за избор на 10 **кандидати од** II и 10 **кандидати од** III **генерација**, и тоа, за кандидатите од II генерација 7 од слободните судиски места ќе бидат пополнети во првата половина на 2010 година, а останатите 3 места се очекува да бидат пополнети до крајот на годината. За 2011 година врз основа на утврдената анализа и план за вработување на кандидатите од III генерација ќе бидат пополнети со следната динамика – 5 во првите шест месеци од 2011, а останатите 5 кандидати до крајот на 2011 година.

Со цел да се зголеми јавноста и транспарентноста во работењето на ССРМ, на влезот во Судскиот совет, поставен е дисплеј, на кој се објавуваат информации за работењето на Советот. Исто така седниците на Судскиот Совет се јавни, освен оние на кои се расправа за дисциплинска постапка и постапката за утврдување на нестручно и несовесно работење на судиите. Воедно, објавена е веб страната на ССРМ (www.ssrm.mk) која содржи основни податоци за структурата, организацијата, надлежностите и работата на Советот кои се достапни на пошироката јавност.

Судскиот совет на РМ е примен во Европската мрежа на судски совети, со статус на земја набљудувач. Во месец септември со потпишување на Пристапниот документ, Судскиот совет на РМ стана членка на Регионалната асоцијација на судски совети.

Стручната служба на Судскиот буџет, започна со водење на **Регистарот на судски службеници**, како единствена база на податоци.

За зајакнување на буџетската рамка во судството, **со Буџетот за** 2009 **година**, планираните средства за судската власт **се зголемени за** 11%, во споредба со 2008 година, со што се обезбедува поголема финансиска стабилност на судскиот систем. Со цел да се зајакне капацитетот на управување со финансиските средства, СБС во соработка со УСАИД_ДПК, изготви финансиска студија за буџет со препораки, која го опфаќа целиот процес од подготовка на буџетите на единките корисници до реализација на целокупниот Судски буџет. Подготовката на Буџетот за 2010 година ќе се изврши согласно препораките од финансиската студија. Од почетокот на 2009 година сите единки корисници на судската власт, активно ги користат сите модули на АБМС системот (Автоматски буџетски менаџмент систем), кој офаќа персонална евиденција на сите вработени, модул за пресметка на плати, буџетско и финансиско работење, евиденција на основните средства.

Изготвена е **Информација за планирање на судскиот буџет за** 2010 **година**, која беше усвоена од Владата на РМ на 23.06.2009 година, при што беше донесен заклучок со кој Владата ги задолжи Министерството за финансии и Министерството за правда при подготовката на буџетот за 2010 година буџетските средства за судството да се зголемат и

да бидат соодветни на процентот кој што е утврден како процент од бруто домашниот производ. Во врска со планирањето на Судскиот буџет за 2010 година од страна на УСАИД-ДПК беа ангажирани 2 надворешни консултанти-експерти кои учествуваа во работата на Секторот за Судски буџет при подготовките на Предлог-буџетот на Судската власт за 2010 година. Во таа смисла, Предлог-буџетот што Судскиот буџетски совет го достави до Министерството за финансии ги одразува реалните потреби на судството, при што особено ќе се води сметка за антикризните мерки чија примена ќе продолжи и наредната година.

Во смисла на подобрување на процесот на управување со човечките ресурси во рамки на судството, од 01.01.2009 година, започна да **се применува Законот за судска служба**.,За имплементација на Законот на 22.09.2008 година, **конституиран е Совет за судска служба**, со седиште во Врховниот суд на РМ кој го сочинуваат 9 членови, од кои 5 члена од редот на судските администратори во судовите и тоа како постојан член на Советот е судскиот администратор на Врховниот суд, судските администратори во Управниот суд, апелационите судови и Основните судови со проширена надлежност, кои ќе ротираат на период од две години, како и 4 члена од редот на претседателите на судовите, избирани по систем на ротација за период од две години.

Во јуни 2009 година е формирано **Здружението на судската администрација**, што претставува чекор напред во правец на зајакнување на статусот и улогата на судската администрација во судкиот систем.

**Управниот суд**, функционира со 24 судии, од кои тројца се избрани во 2009 година. Од вкупниот број на работни места предвидени со Правилникот за систематизација, пополнети се 50 места, во кои се вклучени и реализираните 20 нови вработувања работни места, предвидени со НПАА 2009. Согласно спроведеното оценување во Управниот суд, оценети се вкупно 20 судии, при што 14 судии се оценети со оценка – Многу добар и 6 судии со оценка – Добар, додека претседателот на судот е оценет со оценка – Многу добар.

Согласно статистичките податоци за периодот заклучно со октомври 2009 год. евидентирани се вкупно 16.300 предмети, од кои 9.154 се заостанати од 2008 година, додека 7.146 се нови примени предмети. Од вкупниот број предмети решени се 6.527. Воедно, согласно податоците само во месец **октомври** 2009 **год**., примени се 779 нови предмети, а решени се 627 предмети.

Во рамки на Инструментот за предпристапна помош **ИПА**- 2007 година ќе започне спроведување на проект за „Поефикасно, ефективно и модерно функционирање на Управниот суд“ кој ќе го поддржи Управниот суд во унапредување и имплементација на Законот за општа управна постапка, Законот за управни спорови и други закони и правни акти од областа на управно право.

Обезбедена е целосна функционалност на **Апелациониот суд во Гостивар**, кој функционира со 12 судии, вклучително со претседателот на судот, моментално во судот се вработени 16 судски службеници. Воедно, реализирани се 5 нови работни места, предвидени со НПАА 2009. Завршена е надградбата со што се обезбедија просторни услови за функционирање на овој суд. По однос на обемот на работа во текот на 2008 **год**. решени се 68,1 % од вкпниот број на предмети. Воедно, согласно податоците, заклучно со октомври 2009 год. примени се вкупно 5.232 предмети, од кои 1.576 предмети се заостанати од 2008 год, а 3.656 се новопримени. Од вкупниот број на предмети **решени се вкупно** 3.308 **предмети**, а 1.924 се нерешени.

**Советот на јавни обвинители**, е комплетиран и функционира во полн состав од 11 членови. Од март 2009 год. Советот на јавните обвинители започна да работи во нови простории опремени со основен инвентар и информатичка опрема. Во март 2009 год. Советот го донесе својот Годишен извештај за работа. Советот континуирано ја врши својата функција на избор и разрешување на јавни обвинители, во моментов јавно обвинителска функција, вршат вкупно 186 јавни обвинители. Советот на 26.06.2009 год. изврши избор на 31 јавен обвинител, при што 8 од вкупниот број на избрани јавни обвинители, се од редот на кандидатите од првата генерација, кои ја завршија обуката пред Академијата. На 10.09.2009 избрани се двајца обвинители од редот на академците и тоа во ОЈО Скопје и ОЈО Штип.

На седницата одржана на 12.11.2009 година, Советот на јавни обвинители изврши избор на 21 нови јавни обвинители во Јавните обвинителства. Воедно, донесена е одлука за објавување на оглас за избор на двајца јавни обвнители во ОЈО Струмица и ОЈО Радовиш, од редот на кандидатите кои ја завршија обуката во Академијата за обука на судии и јавни обвинители

Советот изготви **План за вработување**, односно избор на јавните обвинители од редот на кандидатите со завршена Академија за обука на судии и јавни обвинители, согласно кој Советот има обезбедено места и презема обврска за избор

на 12 **кандидати од** II и 7 **кандидати од** III **генерација**, и тоа за кандидатите од II генерација до крајот на 2010, додека пак за III генерација до крајот на 2011 година.

**Вишото јавното обвинителство во Гостивар**, кое отпочна со работа на 01.03.2009 година, функционира со 5 јавни обвнители, вклучително и Вишиот јавен обвинител. Заклучно со месец октомври 2009 година има заведено вкупно 413 предмети, од кои решени се вкупно 384 предмети или повеќе од 90%, додека остануваат нерешени 29 предмети.

По однос на **Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција**, во овој момент постапуваат Јавниот обвинител и седум јавни обвинители. Останува да се изврши избор на уште 5 јавни обвинители со што би се заокружила бројката од 12 јавни обвинители. Советот на јавни обвинители со цел за зголемување на бројот на јавни обвинители, донесе одлука за објавување на оглас за избор на 5 јавни обвинители.

**Академијата за обука на судии и јавни обвинители** функционира со вкупно 20 лица стручно административен персонал. Кандидатите од втората генерација на почетна обука 2008/2009 година на 20 ноември 2009 година ја завршија практичната настава, по што во текот на декември 2009 година, ќе се спроведе завршниот испит. Паралелно во Академијата во тек е спроведување на теоретската настава за кандидатите од третата генерација, кои ја следат програмата за почетна обука во академската 2009/2010 година и истата ќе трае до месец февруари 2010 година. Имено, врз основа на објавените одлуки за слободни судиски и обвинителски места беа примени вкупно 17 кандидати за академската 2009/2010 година.

**Континуираните обуки** се одвиваат согласно Календарот за септември-декември 2009. Од 1 јануари до 1 ноември 2009 година, реализирани се вкупно 157 обуки за судии и јавни обвинители, претседателите на судовите и шефовите на јавните обвинителства, стручните административни службеници и административните службеници во судовите и јавните обвинителства. До крајот на 2010 година се очекува Рамковната програма и Календарот за обуки да се реализира во целост.

Во поглед на **меѓународната соработка** во текот на 2009 година, вкупно 63 судии, 9 јавни обвинители, 12 претставници на органите на Академијата и 15 други учесници учествуваа во 24 регионални и меѓународни обуки, конференции, студиски посети и размена на програми со вкупно 418 часови обука. Продолжува соработката со **Европската Судска Мрежа за Обука** (**EJTH**) и учеството во Каталогот на обуки на EJTH и Програмата за размена на судии, јавни обвинители и едукатори. Воедно Академијата е член на **Бирото на Лисабонската мрежа на Советот на Европа**.

Во рамките на **Проектот за Правна и правосудна имплементација и институционална поддршка**, подржан од Светска банка, комплетно се реновирани и опремени со мебел и друга опрема, седум згради на Основни судови со проширена надлежност во Македонија и тоа Основниот суд Тетово, ОС Велес, ОС Струга, ОС Охрид, ОС Штип, ОС Струмица и ОС Прилеп. Тековно се одвиваат градежни активности во Основните судови во Гостивар и Кочани, а во подготовка се работите за реновирање на Основниот суд во Куманово. Воедно, добиено е Решение за локациски услови а во подготовка е основниот проект за новиот Кривичен суд, комплетирано е идејното архитектонско решение за неговата изградба на површина од 8.200 квадратни метри и поднесено е барање за негово градење, по што ќе биде распишан тендерот. Освен реновирање на зградите на основните судови, Проектот опфаќа и зајакнување на институционалните капацитети за подобрување на судската инфраструктура и на информатичката технологија во судовите.

Бројот на **извршителите** значително е зголемен и до септември 2009 год. именувани се вкупно 68 извршители, 47 заменици на извршители и 43 помошници на извршители. Исто така на 28.05.2009 година објавен е оглас за именување на 14 извршители за подрачјата на основните судови, при што постапката за именување е во тек. Во првите шест месеци од 2009 год. поднесени се вкупно 46.719 барања за извршување, од кои спроведени се 12.710, што претставува реализација од 27%. Заради проблемот со предметите на Државното правобранителство, при анализите се апстрахираат овие предмети во коишто државата се јавува како доверител. Имено, ако процентот на реализација во 2007 –та година изнесуваше 40%, 2008-та година 47%, процентот во 2009 година е во постојан пораст и до август 2009 год. изнесува 59%. По однос на надзорот над работата на извршителите, од 01.01.2009 год. до август 2009 г. извршени се вкупно 21 редовни и 110 вонредни надзори и предложени се 45 иницијативи за поведување на дисциплинска постапка против извршители.

Во изминатиот период избрани се 98 медијатори. До 31.03.2009 година има 106 иницијативи за медијација, од кои 77 иницијативи или 73% од иницијативите се прифатени, а 29 одбиени. Со спогодба се решени 57 спорови, нема спогодба за 15 спорови, а за 5 спорови е истечен рокот. Во периодот од април 2009 година до јули 2009 година поднесени се 12 барања за медијација кои успешно се решени.

За успешно имплементирање на Законот за прекршоци, формирани се вкупно 44 Комисии за прекршоци, кои постапуваат по прекршочни предмети. Пред овие комисии заклучно со месец септември 2009, заведени се вкупно 130.415 прекршочни предмети, од кои 32.922 се заостанати предмети од 2008 година. Од вкупниот број на заведени предмети, решени се 64.490 прекршочни предмети, додека нерешени се 65.925 прекршочни предмети.

За имплементација на **Законот за управување со конфискуван имот**, **имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка**, во декември 2008 год. формирана е **Агенција за управување со конфискуван имот**, избран е Директор и Управен одбор на Агенцијата, донесени се Стаутот, Деловник на Агенцијата, како и соодветните правилници за работа на агенцијата[23]. Во насока на кадровско екипирање на Агенцијата, реализирани се сите 9 вработувања предвидени согласно со НПАА 2009.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

- Стратешки план на Министерство за правда за 2009-2011 година.
- Стратегија за Информациско комуникациска технологија 2007-2010 година
- Стратегија за реформа на казненото право од 2007 година .

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во 2010 година ќе започне спроведување на проект подржан преку ИПА 2007 за анализа на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот систем во РМ од 2004 година. Во рамки на проектот чија цел е да обезбеди оддржливост на реформите во областа на правосудството, ќе се изврши анализа и оценка на спроведените реформи согласно Стратегијата за реформи на правосудниот систем од 2004 година, преку анализа на донесените закони и подзаконски акти, измени и дополнувања на закони, воспоставени нови институции. Врз основа на спроведената анализа ќе се утврдат конкретните резултати од реформите и нивното влијание и ќе се определат идните приоритети и чекори за унапредување на правосудниот систем. Анализа ќе му послужи на Министерството за правда за планирање и подготвување на идни стратешки документи во областа на правосудството, како и за следење на спроведувањето на клучните приоритети во претпристапниот процес.

Во насока на натамошно спроведување на реформите во судството за зајакнување на востановените принципи за независно и професионално правосудство, **Судскиот совет** ќе продолжи со континуирано следење и оценување на работата на судиите, преку доставување на квартални извештаи за работата на судиите, како и редовно известување за бројот на судиите разрешени поради нестручно и несовесно работење.

Во насока на **зголемување на јавноста и транспарентноста во работењето на ССРМ** се планираат активности за воспоставување на канцеларија за односи со јавност и објавување на одлуките на Советот. Исто така, со цел континуирано да се следи довербата на јавноста во судството, на интернет страната на ССРМ ќе биде атачиран банер за мерење на довербата на грѓаните во судството. Во рамки на ИПА за 2010 година се планира проект за поддршка на Судскиот совет на РМ, со цел понатамошно јакнење на неговата улога како гарант за независно и непристрасно судство.

Ќе продолжат активностите за **унапредување на планирањето и менаџирањето со судскиот буџет**, врз основа на натамошна реализација на Програмата за инвестирање во судството. Согласно Програмата при подготовката на националниот Буџет за 2010 година, буџетските средства за судството треба да се зголемат и да бидат соодветни на процентот кој што е утврден како фиксен процент од БДП, со што би се постигнало напредок во планирањето на судските средства и воедно ќе се обезбеди стабилен извор на средства, одразувајќи ги реалните потреби на судството. За таа цел Судскиот буџетски совет до крајот на месец март 2010, ќе изготви анализа за утврдување на фиксен процент од БДП за финансирање на судството.
Во рамки на ИПА за 2010 година се планира поддршка за јакнење на капацитетите на Судскиот буџетски совет.

Во насока на унапредување на функционирањето на Академијата за обука на судии и јавни обвинители при Министерството за правда на РМ е формирана работна група, за подготовка на **Законот за Академија на судии и јавни обвинители**, со кој се предвидува: проширување на времетрањето на почетната обука, воведување на специјализирана обука за кандидатите за судии и јавни обвинители, регулирање на правата и обврските на кандидатите за судии и јавни обвинители, засилување на критериумите за оценување на кандидатите, со цел јакнење на системот на натпревар меѓу

[23] Правилник за систематизација и внатрешна организација, Правилник за наградување, Правилник за плати и други надоместоци, Правилник за критериуми за остапување на одземени возила, Правилник за утврдување на работни способности и процедури за вработување, Правилник за формата и содржината на записникот за одземени добра, Правилник за постапување со одземен имот, Правилник за внатрешна организација. Воедно, во тек е донесувањето на Правилник за начинот на водење евиденција на податоци за одземениот имот, Правилик за формата и содржината на образецот на службената легитимација, начинот на нејзиното издавање и одземање и Правилник за начинот на отстапување на привремено одземен имот на државни органи, здруженија на граѓани и фондации.

истите и завршување на кандидати со највисоки оценки и резултати во текот на обуката, континуирана обука на судии, јавни обвинители и на стручната служба на судовите и јавните обвинителства, како и обука на ментори и предавачи во академијата. Воедно, овие гаранции за влез на завршените кандидати од Академијата ќе бидат предвидени и во останатите закони, кои го регулираат системот на избор и селекција на судиите и јавните обвинители, преку измени и дополнувања на Закон за судови, Законот за судскиот совет и Законот за Советот на јавните обвинители.

Ќе се продолжи со реализација на планот за почетна обука на кандидатите за судии и обвинители, како и реализација на планот за континуирана обука на судиите и обвинителите. Во текот на 2010 ќе се изврши избор и распоредување на кандидатите од втората генерација на завршени кандидати 2008/09. Во февруари 2010 започнува практичната настава на третата генерација кандидати, а во септември 2010 ќе започне почетната обука на четвртата генерација на кандидати за судии и јавни обвинители.

Во 2010 година, ќе започне да се спроведува **ИПА проект за Понатамошно јакнење на судството** во рамки на кој ќе бидат опфатени активности за понатамошно спроведување на мерките за независно и ефикасно судство, преку јакнење на капацитетите на АОСО за анализа на потребите за обуки на судиите и јавните обвинители, унапредување на системот за планирање и спроведување на обука, воспоставување на обука преку интернет (e-learning систем), развивање на децентрализирани центри за обука, модернизирање на библиотеката и веб страната на Академијата.

Со цел да се отстранат проблемите и да се обезбеди **навремено извршување на судските предмети** ќе се преземат активности за имплементација на Измените и дополнувањето на Законот за извршување од 30.06.2009 година и префрлање на сите извршни предмети од судовите кај извршителите започнувајќи од 01.07.2010, а заклучно со 01.01.2011 година. Исто така, ќе биде изготвен **Предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување** во делот кој се однесува на надзорот над работата на извршителите, дисциплинска одговорност и именување на извршител во случај на престанок на веќе именуван извршител.

За да се постигнат саканите ефекти во правец на поефикасно решавање на споровите со решенијата од **Законот за медијација**, со што судовите се растоваруваат од значителен број предмети и се обезбедува побрз и поекономичен пристап на граѓаните до правдата и ефикасно алтернативно решавање на споровите ќе се преземат активности за промоција и ефикасна имплементација на Законот за изменување и дополнување на Законот за медијација, донесен септември 2009 година, со кој се прошири подрачјето на примената на медијацијата во семејни и кривични спорови и се овозможи судот во текот на првостепена постапка да може да ги упати странките спорот да го решат по пат на медијација.

Заради надминување на пројавените слабости, утврдени од примената на Законот за прекршоците,во првата половина во 2010 година ќе се пристапи кон **Измени и дополнување на Законот за прекршоците**.

Во насока на имплементација на **Законот за бесплатна правна помош**, а во рок од три месеци од донесувањето на законот ќе бидат изготвени подзаконските акти.

Согласно Одлуката на Уставниот суд У.бр. 231/08 од 16.09.2009 год. (Сл. весник на РМ бр.117/2009), изготвен е Предлог **Закон за изменување и дополнување на Законот за управни спорови**, со цел за запазување на правото на жалба во управниот спор и на принципот на двостепеност, на начин што се предвидува Врховниот суд на Република Македонија да постапува по жалбите на пресудите на Управниот суд, воедно со предлог законот се уредува и повторувањето на постапката, како и барањето за заштита на законитоста, кое може да го поднесе Јавниот обвинител.

Во текот на 2010 год. активностите на работната група ќе бидат насочени кон унапредување на управното законодавство, како во однос на Законот за управни спорови, така и во однос на **Законот за општа управна постапка**.

Во рамки на **ИПА** 2007 **проектот за Поддршка за подобро**, **поефективно и помодерно функционирање на Управниот Суд** ќе се спроведат активности кои ќе придонесат за поефикасно решавање на управните спорови, подобрување на имплементацијата на управното законодавство, јакнење на човечките ресурси, унапредување на организацијата и функционирањето на Управниот суд како и понатамошно подобрување на информатичкиот систем.

Во текот на 2010 и 2011 ќе се зајакне организацијата и функционирањето на **Управниот суд** преку активности за анализа на управното законодавство и изготвување на препораки за подобрување на неговата имплементацијата во пракса, подобрување на координацијата на Управниот суд со управните органи, преку развивање на постапки за консултација и отварање на веб страна, зајакнување на капацитетите на судиите за постапување по управни предмети преку развивање на стратегија и програма за континуирана едукација како и организирање на обуки, семинари, студиски посети.

Согласно насоките утврдени во Стратегијата за реформа на казненото право посебно внимание ќе биде посветено на донесувањето на **Законот за кривичната постапка** и подготовки за негова имплементација во практиката. За таа цел, изготвена е и нацрт верзија на Акционен план за имплементација на Законот за кривичната постапка кој содржи активности, средства и временска рамка за имплементација на планираните активности. Тие се поделени на неколку нивоа и се однесуваат на: усогласување на законодавството со новиот закон за кривичната постапка, едукација на јавните обвинители, судиите, адвокатите, полицијата и другите субјекти надлежни за имплементација на Законот за кривичната постапка, како и јакнење на капацитетите на институциите. Во 2010 ќе започне спроведување на **ИПА проект** за **Поддршка во спроведувањето на реформата на кривично правниот систем**. Во рамки на истиот, преку техничка помош ќе се спроведат обуки за јакнење на капацитетите на јавните обвинители, судиите и другите тела за споведување на законот за имплементација на новиот Закон за кривична постапка, Кривичниот законик и другите закони од кривичната област и ќе се обезбеди набавка на специјализирана опрема за истражните центри и правосудната полиција за ефикасно справување на јавните обвинители со случаите од организиран криминал и корупција.

За пренесувањето на истражната постапка кај јавните обвинители согласно Стратегијата за реформа на кривичното законодавство ќе се направи **анализа на потребите на Јавното обвинителство** и **план** на активности за пренесување на истражната постапка кај јавните обвинители со буџетски импликации.
Во Законот за кривична постапка ќе бидат внесени значајни новини, кои ќе дадат законски основ за пренесување на истрагата во надлежност на Јавното обвинителство.

Со цел за уредување на условите и начинот на вршење на дејноста вештачење видовите на вештачење, како и субјектите кои ќе ја вршат дејност вештачење ќе се изготви **Закон за вештачење**, со кој вршењето на дејноста вештачење се регулира преку полагање на стручен испит и издавање на лиценца на вештаците, постојаното стручно усовршување, парична гаранција за секоја сторена штета врз странката од страна на вештакот, со што се гарантира квалитетно извршување на дејноста вештачење. Воедно, со законот се предвидува и водење на регистар на вештаци во пишана и електронска форма, со кој ќе се овозможи увид на сите судови во областите во кои е потребно вештачење, прегледност на вештаците од соодветна област и пристап на институциите специјализирани за вештачење.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во насока на натамошен развој на **Академијата за обука на судии и јавни обвинители**, ќе се продолжи со кадровско екипирање, а за потребите на Академијата, реализирана е јавната набавка за дизајн, развој и имплементација на софтвер кој претставува портал на Академијата, со што се води комплетна база на сите податоци за учесниците во почетната обука и за учесниците во постојаното стручно усовршување Во софтверското решение е имплементирана и e-learning платформа, која ќе овозможи учење на далечина (distance learning). За да може да се имплементира и користи софтверот извршена е набавка на соодветен хардвер за негова поддршка. Во текот на 2010 година ќе се изврши и набавка на останатата ИКТ опрема.

**Програмата за континуирани обуки за** 2009-2010 **опфаќа**:
**Посебни програми**[24] за членовите на Судскиот совет, Советот на јавни обвинители, судиите на Врховниот суд на РМ на Апелационите судови, обвинителите во Јавното обвинителство на РМ и Вишите јавни обвинителства, како и за Претседатели на судови и јавните обвинители на јавните обвинителства

Исто така, Програмата за постојано стручно усовршување предвидува посебни модули во областа на управното право за судиите на Управниот суд на РМ за различни теми[25].

Во пресрет на усвојување на новиот Закон за кривична постапка во текот на ноември 2009 година ќе започне спроведување на пилот обука на обучувачи (околу 25 луѓе), кои понатаму ќе спроведуваат обука на уште 50 обучувачи која ќе трае до јуни 2010 година, а кои потоа ќе ја спроведат базичната обука за околу 550 судии и јавни обвинители за новиот закон и истата обука ќе трае до јуни 2012 година.

-Обуки за претседатели на судови и јавни обвинители на јавните обвинителства
-Обуки за судии и јавни обвинители во рамките на општите и специјализирани програми на теми од значење за редовното работење во примена на материјалните и процесни закони, а особено измените во законодавството и праксата, како и посебен акцент на кривичната и меѓународна кривична област; Граѓанска и трговска област; Меѓународно право и Право на Европската унија
-Обуки за новоизбраните судии и новоименуваните јавни обвинители (Општи програми и Специјализирани програми)
-Обуки за судските администратори
-Обуки за судските стручни и обвинителските стручни службеници
-Обуки за судските административни и обвинителските службеници
-Обука на едукатори и ментори (Почетна обука и Напредно ниво)
[25] Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Законот за класифицирани информации, Законот за заштита на личните податоци, Законот за јавни набавки, Законот за прекршоци, Изборниот законик, Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Законот за здравствена заштита, Законот за здравствено осигурување, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за градење, Царинскиот закон, Законот за експропријација, Законот за катастар на недвижности итн.

Во 2010 година ќе се спроведе и базична обука за судиите и јавните обвинители за новиот Кривичен законик. Исто така Академијата за обука на судии и јавни обвинители во соработка со Министерството за правда на РМ во 2010 година ќе спроведе работилници наменети за судии и јавни обвинители за ЗКП и КЗ кој проект ќе биде финансиран од Светската банка.

Во 2010 ќе се спроведе и специјализирана обука на судиите од Управниот суд за сите области од нивна надлежност.

По префрлањето на надлежноста за управување на Судскиот буџет на Судскиот совет на РМ ќе се зајакнат **капацитетите на стручната служба на Судскиот буџетски совет**. Воедно, ќе се изврши изработка на студија од избран консултант за определување на критериуми за утврдување на бројот и работните задачи на судските службеници и дргите работници.

Со цел за уредување на управувањето со движењето на предметите, од казнената, граѓанската и управната област, како и уредување на надзорот над управувањето со движењето на судските предмети, во текот на 2010 година, ќе се донесе **Законот за управување со судски предмети**.

**Советот на јавни обвинители** согласно законски надлежности ќе продолжи со избор на јавни обвинители за пополнување на празните места.

Во рамки на проектот за Правна и правосудна имплементација финансиран со заем од Светска банка продолжуваат активностите за **подобрување на судската инфраструктура**. Воедно, добиено е Решение за локациски услови, во подготовка е основниот проект за новиот Кривичен суд, комплетирано е идејното архитектонско решение за неговата изградба на површина од 8.200 квадратни метри, поднесено е барање за негово градење, по што ќе биде распишан тендерот.

За целосна имплементација на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, предвидено е кадровско екипирање на **Агенцијата за постапување со конфискуван имо**т и спроведување на обука за примена на Законот. Во насока на поголема транспарентност на работата на Агенцијата за управување со одземен имот, започнати се подготвителни активности за пуштање во употреба на **ВЕБ – страна** на Агенцијата.

Во насока на јакнење на капацитетите на Државното правобранителство на РМ, до крај на 2010 се планира мрежно поврзување на сите подрачја на Државното правобранителство, како и набавка на дополнителна ИТ опрема.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ** 2010-2011

**ПРАВНА РАМКА**

Во насока на унапредување на **судскиот систем** ќе се продолжи со следење и подобрување на законската и подзаконска регулатива, унапредување на системот на статистичко следење на податоците во судовите, како и јакнење на капацитети за планирање и управување со судскиот буџет.

Во текот на 2010 - 2012 преку ИПА проектот „Зајакнување на капацитетите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители“ ќе биде обезбедена поддршка на **Академијата за обука на судии и јавни обвинители** за ревизија и подобрување на системот на подготовка на програмите за обука, како и воспоставување на оперативен e-learning систем, спроведување на децентрализирани обуки на локално ниво, набавка на опрема и литература.

Со цел ефикасно извршување на функциите на јавното обвинителство ќе се продолжи со **имплементација на ЗЈО и ЗСЈО**.

Во текот на 2011 ќе се продолжи со имплементација на новиот **Закон за кривична постапка**. Во таа насока ќе се спроведат активностите од Акциониот план за имплементација на Законот за кривична постапка, донесување на подзаконска регулатива и спроведување на обука за примена на законот. За усогласување со Законот за кривична постапка ќе се извршат измени на Законот за Јавно обвинителство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Академијата за обука на судии и обвинители** ќе продолжи со натамошно институционално јакнење на капацитетите, кадровско доекипирање, воведување на електронски деловодник, како и надградба на постоечката библиотека. Со цел да се подобрат условите за реализирање на обуките, ќе се создадат потребните услови за проширување на просторните капацитети на Академијата со преадаптација на соодветен простор или изградба на зграда.

Ќе се продожи со реализација на градежните активности за **реновирање и опремување** на преостанатите 4 основни судови со проширена надлежност.

Во насока на јакнење на капацитетите на **судската администрација** ќе се продолжи со континуирано кадровско екипирање на судовите.

За да се обезбеди ефикасно функционирање на **јавното обвинителство** согласно реформските нормативни решенија, континуирано ќе се продолжи со **јакнење на административните и институционалните** капацитети на целата обвинителска структура.

Во текот на 2011 – 2012 ќе се продолжи со имплементација на **реформата на казненото законодавство**, за што ќе се спроведат активности за јакнење на капацитетите на јавните обвинители во спроведувањето на новите надлежности согласно Стратегијата за реформа на казненото законодавство. Имено ќе се зајакнат капацитетите на јавните обивнители за раководење и координација со истрагата како и управување со истражните тимови составени од претставници на полицијата, Финансиската полиција, Царинската управа. За таа цел ќе бидат развиени посебни програми за обука на надлежните лица во истрагата, согласно нивните нови надлежности, ќе се организираат обуки, семинари, студиски посети, како и набавка на посебна опрема.

**Ќе се продолжи со имплементација на среднорочните приоритети од Стратегијата на правосудниот ИКТ систем**.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

**ИПА** 2007 **Компонента** 1 - **Поддршка за поефикасно**, **ефективно и модерно работење и функционирање на Управниот суд**. (1.100.000,00 ЕУР, Септември 2009-Септември 2011). Проектот има за цел да обезбеди директна советодавна поддршка на Управниот суд за оценка и забрзување на имплементацијата на реформираната законска рамка. Конкретно, поддршката ќе ги има за цел човечките ресурси и институциска организација, фокусирајќи се особено на судската постапка, оперативната ефикасност и ефективност, менаџирањето на судот и предметите, како и транспарентноста во активноста на Судот и процесот на работење.

**ИПА** 2008– **Натамошно јакнење на судството** (1.800.000 **ЕУР**, 2009-2011). Проектот е поделен во две компоненти низ кои има за цел да го поддржи натамошното јакнење на институционалните капацитети на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, и преку грант доделен на УНИЦЕФ да ги зајакне капацитетите за имплементација на реформата за малолетничка правда.

**ИПА** 2009 **Компонента** 1 – **Поддршка во имплементацијата на реформата на кривично-правен систем согласно Стратегијата за реформа на казненото право** (1.639.000 **ЕУР**, 2010-2012). Проектот има за цел промовирање на капацитетите на јавното обвинителство и релевантните органи за спроведување на законот согласно новата правна рамка.

**ИПА** 2007 **Рамковен договор** во износ од 110.000 евра за Анализа на Стратегијата за реформа на судскиот систем со анексите од 2004 година во период од 11/2009-03/2010.

**Заем од Светска Банка за Правна и правосудна имплементација и институционална поддршка** за период од 06/2009-08/2011 во износ од 11.875.000 евра. Проектот има за цел да придонесе во подобрување на судската ефикасност и ефективност на бизнис климата во РМ преку јакнење на капацитетите за систематско спроведување на Стратегијата на Владата на РМ за судска реформа и клучните закони (Закон за судски совет, новиот Закон за стечај, Управното законодавство); подобрување на судската инфраструктура и јакнење на ИТ системот во правосудството во насока на зајакнување на собирањето и анализата на статистичките податоци и други информации за управувањето и функционирањето на судскиот систем .

**Проект ДПК/УСАИД** - **Имплементација на судската реформа** (10 септември 2007-15 јули 2010). Проектот на УСАИД за имплементација на судските реформи (ЈРИП) обезбедува техничка експертиза, обука и материјална помош на Министерството за правда, Врховниот суд и другите судови, Стручната служба на Судскиот буџетски совет и Академија, со цел да се поддржат новите реформи и подобрување на судските пракси и материјалните ресурси.

**Во рамките на Меморандумот за соработка и разбирање помеѓу програмата на УСАИД за човечки и институционален развој**, World Learning **и Министерството за правда** – се спроведоа пакет препорачани интервенции што произлегуваат од извршената анализа на работењето на Министерството.

**ОБСЕ** преку својата Програма за Владеење на правото континуирано обезбедуваат поддршка во процесот за зајакнување на судскиот систем. Со поддршка на **ОБСЕ** се имплементираат активностите за спроведување на Законот за малолетничка правда. Воедно, беа реализирани работилници и конференции за кривично право, обуки и работилници за адвокати-бранители, внатрешна контрола на квалитетот и ревизија на работата на судиите, континуирана правна едукација за македонските млади правници, улогата на јавните обвинители во истрагата и планирање работилници за имплементирачките партнери на реформата на правосудството

Во рамките на ОПДАТ с**е имплементира Програма за развој**, **помош и обука на обвинителства** фокусирана на усовршување на вештините на професионалците од системот на кривичната правда во областите на сузбивањето на кривични дела на трговија со луѓе, трговија со наркотици, перење пари и конфискација, корупција, организиран криминал, финансиски криминал, кривична одговорност на правни лица, кривични дела против меѓународното право, обвинителско-судски менаџмент, договарање за вината и предлагање законодавни измени.

**Проект за Алтернативно решавање на спорови** – **Приватно Партнерство за Југо-источна Европа**, **Меѓународна финансиска корпорација** 2005-2008 – техничка помош за подобрување на пристапот до правдата, преку воведување на медијацијата како алтернативно решавање на спорови. Во функција на доизградување на натамошна соработка **потпишан е Договор за соработка меѓу Министерството за правда и Меѓународната финансиска корпорација** за соработка во имплементацијата на Законот за изменување и дополнување на Законот за медијација, по пат на развивање на информативни материјали и организирање на тркалезни маси, како и градење на капацитетот на Министерството – Секторот за надзор на работата на медијатори, нотари и извршители и другите клучни партнери и фактори во имплементацијата на законот за медијација.

**МАТРА проект** за **„Зајакнување на националниот пенитенцијарен систем во согласност со меѓународните и европските стандарди**“во рамки на МАТРА Програмата за претпристапна помош. Од 09/2009-12/2010, во износ од 94.500 евра со отворена можност за надградување на овој иницијално договорен буџет.

Од Страна на Кралството Холандија доделен е **ХОЛАНДСКИ ГРАНТ** на Република Македонија во износ од 2.500.000 евра за **Проект за подобрување на инвестиционата клима и зајакнување на управувањето во јавниот сектор** од 03/2007-12/2009 Грантот е администриран од страна на Светска банка. Проектот е поделен на две компоненти: Подобрување на инвестициската клима и Зајакнување на управувањето во јавниот сектор. Во рамки на првата компонента утврден е **дел од** 680.000 **евра доделен за градење на институционалните капацитети на правосудството**, дефиниран како судска реформа.

### 3.23.2 АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Измените и дополнувањата на **Кривичниот закон** (усвоен во септември 2009 година) се во насока на зајакнување и подобрување на казнено-правната рамка, како една од главните претпоставки за ефикасност во работата на институциите надлежни за заштита на слободите и правата во една демократска држава, а поконкретно се однесуваат на одредбите за конфискација на имот и имотна корист, казнена одговорност на правните лица, економските казнени дела, делата на компјутерски криминал и приближување на казнено – правниот систем на Република Македонија до европските стандарди. Законот е усогласен со домашното законодавство од обласата на антикорупциската правна рамка и со меѓународните антикорупциски инструменти, а пред се со препораките кои произлегуваат од членството на Република Македонија во Групата на држави против корупција на Совет на Европа – GRECO и Комитетот на експерти за евалуација на мерките против перење на пари и финансирање на тероризам на Советот на Европа - MONEYVAL.

Законот за измени и дополнувања на **Законот за финансирање на политичките партии** (усвоен во јули 2009 година) е во насока на транспарентност и јавност во финансирањето на политичките партии, зајакнување на контролата на финансиското работење на политичките партии и прецизирање на надлежноста органите. Во насока на имплементација на Законот за финансирање на политичките партии, на 23.09.2009 г. Министерството за правда одржа работен состанок со политичките партии, Министерството за финансии, и со Државната комисија за спречување на корупција, по кој беше изготвена **Информација за имплементација на Законот за финансирање на политичките партии**, која на 06.11.2009, беше усвоена од Владата на РМ.

Во септември 2009 година донесен е Закон за измени и дополнување на **Законот за спречување на судир на интереси**, со кој се врши допрецизирање на дел од членовите на законот и се проширува опфатот на законот кој сега се однесува покрај на функционерите и на државните службеници и останатите вработени. Со законот се воведува обврска

службените лица да поднесуваат изјави за интереси, се зајакнува надлежноста на ДКСК и се усогласува со одредбите за прекршоците и износот на глобата од Законот за прекршоци. Со цел имплементација на Законот за спречување на корупцијата и Законот за спречување на судир на интереси, изготвена е **Информација за имплементација на Законот за спречување на корупцијата и Законот за спречување судир на интереси**,(усвоена на 06.11.2009 од страна на Владата). ДКСК го донесе подзаконскиот акт за Формата и содржината на образецот за изјавата за интереси утврден со законот.

За имплементација на Законот за судир на интереси, во текот на 2009 година во организација на Академијата за судии и обвинители, во соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата, организираше 7 **обуки за судир на интереси и корупција** за претставниците од правосудсните органи од сите апелациони подрачја, со над 200 учесници. Воедно, ДКСК во соработка со АДС организираше 5 обуки за судир на интереси и корупција на државни службеници од централната и локалната власт со вкупно над 100 учесници

**Законот за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер**, е во собраниска постапка, и со него се врши допрецизирање на опфатот на информациите од јавен карактер, целосна професионализација на претседателот и членовите на Комисијата, како и усогласување на законот со Законот за општа управна постапка и со Законот за прекршоците.

Министерството за правда формираше работна група составена од претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и Државниот завод за ревизија, која изготви и ја достави до Министерството за надворешни работи **Анализата за усогласеноста на домашното законодавство со одредбите на Конвенцијата на ОЕЦД** со цел да се утврди дали во РМ се исполнети условите за пристапување кон оваа Конвенција.

Со цел успешна и ефективна реализација на активностите од **Акцискиот план за борба против корупција** 2007 – 2011, со Буџетот на Република Македонија за 2009 година се доделени ***вкупно** 153.725.000 **денари*** во рамките на Буџетската програма Г1 – Борба против корупција и организиран криминал. Министерството за правда редовно ја следи имплементацијата на активностите од планот и доставува до Владата Информации на квартално и годишно ниво.

Во јуни 2009 година ДКСК ја одржа **Втората Годишна Конференција за оценка на имплементираноста на Државаната Програма за превенција и репресија на корупцијата**, при што беше оценето дека е евидентен напредокот во остварувањето на активностите од истата, што се потврдува со фактот дека за разлика од првата година кога беа завршени 31% од активностите во втората година процентот е зголемен на 39%.

Во правец на зајакнување на улогата на ДКСК и со цел за подигнување на свеста на граѓаните за законските механизми за превенција и репресија на корупцијата и промовирање на транспарентноста во работењето, во февруари 2009 година ДКСК донесе **Стратешки план за унапредување на односи со јавноста**, спроведе обуки за зголемување на комуникациските вештини, утврди Програма за Кампања за подигање на свеста на граѓаните, изготви видео и аудио спот и брошура.

Во декември 2008 година е донесена **Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи**, која има за цел дефинирање на корупцијата и актите на корупција во министерството и полицијата, употреба на механизам за контрола и систем на мерки и активности врз основа на кои ќе можат успешно да се детектираат и намалат појавите на корупција, како и нивно санкционирање. Програмата се реализира согласно утврдената динамика.

**Реализација на Препораките на ГРЕКО**

Во насока на реализација на преостанатите препораки на ГРЕКО од вториот круг на евалуација, преземени се бројни активности, за што во мај 2009 година беше информиран ГРЕКО.

**Во областа на конфискацијата**:

- Донесен е Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик;
- Донесен е **Законот за управување со конфискуван имот**, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка;
- Формирана е Агенција за управување со конфискуван имот;
- Спроведени се следните обуки за конфискација:

Во организација или во соработка со **Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија**, во периодот од ноември 2007 до август 2009 година спроведени се 14 **семинари на тема Конфискација и привремени**

**мерки**, на кои учествувале 269 лица, и тоа - 121 судии, 96 јавни обвинители, 12 стручни соработници и 40 претставници на други институции.
Во рамки на твининг проектот „Одделение за борба против организиран криминал и корупција – Јавно обвинителство" организирани се 10 семинари, 3 студиски патувања и 4 пракси на кои, меѓу другите, тема на едукација беа и конфискацијата и другите привремени мерки.

**Во областа на јавната администрација**

- Владата на РМ, усвои **Анализа за состојбата на вработените во јавната администрација**, по која се пристапи кон изготвување на Закон за уредување на статусот на вработените во јавната администрација, при што е изготвена првата работна верзија на Законот.
- Спроведени се **обуки** за корупција, ризици од корупција, етика и подигање на свеста на јавноста, и тоа:
- **Академијата за обука на судии и обвинители** во периодот од ноември 2007 година до август 2009 година реализираше вкупно 15 семинари на оваа тема. На споменатите семинари учествувале вкупно 540 учесници, од кои: 179 судии, 105 јавни обвинители, 55 стручни соработници и 19 претставници од други институции;
- **Агенцијата за државни службеници** реализира 5 семинари за 75 државни службеници вработени во органите на централната и локалната власт, водејќи сметка за половата застапеност и застапеноста на заедниците;
- **Министерството за внатрешни работи**, во периодот од ноември 2007 до август 2009 година ги реализира сите обуки на тема корупција кои се предвидени во Антикорупциската програма на МВР;
- 15-те обучувачи од Регионалните центри за гранични работи на кои во текот на 2008 година им беше извршена обука на обучувачи во однос на борба против корупцијата спроведена на крајот на 2008 година, истите во текот на 2009 година спроведоа антикорупциска обука на 555 лица во Секторот за гранични работи и миграции и во четирите Регионални центри за гранично управување. Исто така спроведена е обука на тема „Корупција" на вработени во Отсекот за персонализација на документи во Одделот за информатика и телекомуникации во МВР.

**Кривичната одговорност на правните лица**:

Со измените и дополнувањата на Кривичниот закон, **воспоставена е кривична одговорност на правни лица за кривичното дело Противзаконито посреување**;
Спроведени **обуки** за кривично правната одговорност на правни лица:

- Од страна на Здружението на јавните обвинители на Република Македонија во соработка со Академијата за обука на судии и јавни обвинители, а со поддршка на програмата ОПДАТ при Амбасадата на САД во Скопје, во текот на месец јуни 2009 година се одржа дводневна работилница на тема " Кривично правна одговорност на правни лица и одземање на имот и имотна корист", на која учествувале 10 обвинители и 8 судии.

На Пленарниот состанок, одржан во октомври 2009 година, **ГРЕКО го затвори Вториот круг на евалуација на РМ**, со укажување за потребата од дополнителни информации за реализација на Препораката која се однесува на изготвување на Етички кодекс за јавни службеници.
**Во тек е евалуација на РМ од страна на ГРЕКО** (**во рамки на третиот круг**), **по однос на две теми**

- Инкриминациите дадени во Казнената конвенција за корупција, нејзиниот дополнителен Протокол и Водечкиот принцип 2 и
- Транспарентноста на финансирањето на партиите.

Изготвените одговори на Подготвителните прашалници се доставени до ГРЕКО. Тимот на евалуатори на ГРЕКО ја посети РМ од 21 до 25 септември 2009 год, при што беа направени средби со претставници на 18 институции вклучени во борбата против корупцијата. Нацрт извештајот за РМ се очекува во декември 2009 година, а неговото разгледување во Стразбур во текот на март 2010 година

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Согласно Законот за измени и дополнување на Законот за јавни набавки, на 30.11.2008 год. започна со работа **Државната комисија за жалби по јавни набавки**, како самостоен и независен орган формиран од Собранието на Република Македонија. Од 07.10.2009 година во употреба е нова веб страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки, (www.dkzjn.mk) и на истата се наоѓаат сите податоци за Државната комисија, а воедно на оваа страна ќе бидат објавувани и решенијата донесени од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Советот за спроведувањето на Акцискиот план за борба против корупција** и **Меѓуресорско тело за координирање на активностите за борба против корупција** одржува редовни состаноци, заради координација на активностите на надлежните органи за борба против корупцијата, јакнење на меѓусебната соработка и заемно известување, размена на информации и податоци.

Воспоставен е **систем за размена на податоци**, **помеѓу Царинската Управа и Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам** (EDS OPML&FT), со кој се врши електронско евидентирање на внесени и изнесени девизи и хартии од вредност на граничните премини и размена на податоците за истите со Управата. Се планира понатамошен развој на системот.

Исто така, воспотавен е **систем за размена на податоци на Царинската Управа со Управата за јавни приходи** (EDS PRO), кој овозможува пребарување и прегледи од податоците од двете институции, како и меѓусебно информирање и координација на активностите за превенција од економскиот криминал и корупцијата.

Успешно се спроведува **Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси**. Во 2009 год. кон истиот пристапија и Советот на јавни обвинители, Државната комисија за постапување по жалби по јавни набавки, Државната изборна комисија, Совет за радидифузија и Комисија за хартии од вредност, со што бројот на институции кои го потпишаа Протоколот изнесува 15.

Во насока на имплементација на **Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер**, во рамки на Проектот "Техничка помош и подигнување на свеста за примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер" на 09. јули 2009, одржана беше завршна Конференција за имплементација на Законот. Реализирани се 30 **дводневни обуки**, со учество на повеќе од 600 службени лица од централната и локална власт, образовните институции, судството, здравствените институции итн.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно измените на **Законот за спречување судир на интереси** до 31 март 2010 година е предвидено поднесување и евидентирање на Изјавите за интереси на службените лица, кои имаат обврска да ги доствуваат истите до ДКСК и до органите каде што се вработени или каде што вршат јавни овластувања.

**За имплементација на Законот за финансирање на политичките партии** Државниот завод за ревизија ќе врши редовно следење на финансиското работење на политичките партии и за утврдените неправилности ќе ги известува надлежните органи и редовно ќе ги објавува извештаите од извршената контрола или ревизија на финансиското работење на политичка партија на својата веб страна.

Во насока на забрзување на кривичната постапка што, меѓу другото, би овозможило зголемување на ефикасноста на судовите во однос на судењето на предмети од областа на корупцијата и организираниот криминал, во текот на 2010 год,. ќе се усвои нов **Закон за кривична постапка**.

Со цел унапредување на изборниот процес **и целосно спроведување на препораките на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија**, формирани се четири работните групи, и тоа: 1. против случаи на заплашување на гласачи, 2. за измена на изборното законодавство, 3. за јакнење на капацитетите на изборната администрација и 4. за ревизија на избирачкиот список, воедно изготвени се предлог Акциски планови кои се доставени до Управниот комитет за координација на работните групи со кој претседава ЗПВРМ за европски прашања.

Врз основа на препораките на Европската комисија и во насока на обезбедување на поголема функционална и финансиска независност на Државниот завод за ревизија, во тек е подготовка на нов **Закон за државна ревизија**, со кој ќе се воспостават ефективни механизми за следење и постапување по извештаите на ДЗР.

Во текот на 2010 год. ќе бидат направени **измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата**, со кои ќе се предвиди професионализација на членовите на ДКСК, со цел зајакнување на нејзината независност и подобрување на транспарентноста на нејзината работа.

Во насока на спроведување на преостанатата препорака на **ГРЕКО** од вториот круг на евалуација, ќе се спроведат следните активности: Усвојување на **Закон за статусот и условите за вработување на јавни службеници** и Усвојување на **Етичкиот кодекс за јавни службеници**.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно **Стратешкиот план за унапредување на односите со јавноста** 2009-2012, ДКСК во 2010 година ќе спроведе истражување на јавното мислење за корупцијата во Република Македонија ,и спроведување на јавни дебати, со претставници од политичките и владините институции, приватниот и невладиниот сектор.

Во насока на **унапредување на целокупната соработка и координација меѓу надлежните органи за борба против корупција**, ќе продолжи спроведувањето на Меморандумите за соработка ,континуирана размена на податоци и доставување на одделни закони на мислење до ДКСК.

Во 2010 е предвидено да продолжат обуките за судии и обвинители за спречување на судир на интереси и корупција, а се планира да се реализираат и обуките за службените лица, согласно Акциониот план за превенција и намалување на појавата на судир на интереси.

Ќе продолжи јакнењето на регионалната и меѓународната соработка на ДКСК, МВР и ЈОРМ со соодветните институции.

Во насока на зајакнување на капцитетите на ДКСК, МВР, ЈО, ФП и БзЈН за поефикасно спречување на корупцијата ќе се спроведуваат обуки.

По добивање на Извештајот од ГРЕКО со препораките, од третиот круг на евалуација, во текот на 2010 година ќе започнат активности за реализација на препораките.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**Целосна реализација на активностите од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата** на ДКСК и на **Акцискиот план на Владата на РМ за борба против корупција** и целосно спроведување на **Програмата за превенција и намалување на појавата на судир на интереси**.

Натамошна реализација на активностите утврдени во **Стратешкиот план за унапредување на односите со јавноста**.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
На среден рок ќе бидат мрежно поврзани базите на податоци помеѓу надлежните институции за борба против корупцијата и организираниот криминал (НРБП).

Целосно реализирање на препораките кои ќе бидат дадени во Извештајот на ГРЕКО за евалуација на РМ – Трет круг на евалуација.

3.23.3 **ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА**
(***да се види и во*** *I* ***Политички критериуми****- 1.02.* ***Човекови права и заштита на малцинства*** )

**ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Заокружен е процесот на донесување на подзаконските акти за имплементација на Законот за заштита на личните податоци со донесувањето на измените и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на инспекцискиот надзор („Сл.весник на РМ“ бр38/09) и Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Сл. весник на РМ“ бр.38/09).Во поглед на заштитата на личните податоци во специфични сектори во текот на 2009 година направени се доуредувања на законодавството во **здравствен сектор** (Закон за здравствена заштита и Закон за лекарска дејност),**правосуден и управен сектор** (Закон за матичната евиденција;Закон за електронското управување;Закон за Македонска академска истражувачка мрежа (МАРНЕТ);Закон за управување со судски предмети;Закон за семејството;Закон за кривичната постапка),**полициски сектор** (Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата;Закон за национална криминалистичко - разузнавачка база на податоци и други), **финансиски сектор** (Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам) И понатаму се врши тековно давање на согласност за пренос на лични податоци во други држави и постапување по преставки и предлози поднесени од страна на граѓаните заради заштита и остварување на нивните права и интереси.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
На крајот на 2009 година Дирекцијата брои 22 вработени вклучувајќи ги и функционерите (директорот и заменикот на директорот). Ангажирани се и две лица преку Проект за апроксимација на регулатива .На крајот од годината еден државен службеник (инспектор) беше превземен во друг државен орган. Направени се организациски промени во Дирекцијата со цел создавање на кадровски капацитет за вршење на инспекциски надзор. До февруари 2009 година контролорите и

обработувачите имаа обврска целосно да го усогласат своето работење со Законот за заштита на личните податоци. Формирани се две Комисии за одлучување по прекршоци кои ефективно отпочнаа да постапуваат по поднесените барања од страна на инспекторите за заштита на личните податоци и оштетените физички лица од февруари 2009 година. Зајакната е соработката со органите за спроведување на законите (law enforcement) од областа на заштитата на личните податоци во нивното работење. Се врши тековно водење и ажурирање на Централен регистар за збирки на личните податоци што ги водат контролорите. Подготвен е Годишен план за инспекциски надзори за 2009 година.
Подготвени се три одвоени анализи за состојбите со заштитата на личните податоци за определени категории или одредени области (биометриски податоци, податоци за здравјето на луѓето, видеонадзорот) со препораки за подобрување на состојбите во овие области.
Дирекцијата активно учествува и ја следи работата на неколку работни групи кои работат на заштита на личните податоци во специфични области како што се Меѓународната група за заштита на личните податоци во телекомуникацискиот сектор, Работилницата за барања и постапувања на работната група 29 во рамките на Директоратот за правда, слобода и безбедност на Европската Комисија. На билатерален план, Дирекцијата има потпишано договор за соработка со надлежната институција за заштитата на личните податоци на Република Хрватска. Дирекцијата е вклучена во активности поврзани со проектите за интероперабилната база на странци, за воспоставување на меѓународни координативни единици на органите за спроведување на законот (ILECUS), како и во активностите за склучување на оперативен договор со ЕВРОПОЛ.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**:
**ПРАВНА РАМКА**
До крајот на 2010 година, предвидена е подготовка на анализи за состојбите со легислативата по однос на заштитата на личните податоци во различни области и нивната усогласеност со Законот за заштита на личните податоци (телекомуникации, Law enforcement, образование, државна управа, банкарство и осигурување и др.); подготовка на анализи за состојбите во вршењето на инспекциските надзори по области, постапката што се води согласно член 18 од ЗЗЛП, како и другите одредби од Законот; донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци со цел обезбедување комплементарност на одредбите за инспекциски надзор, и постапката согласно член 18 од ЗЗЛП и Законот и прекршочната постапка; и следење на усогласувањето на актите и работењето на контролорите и обработувачите со прописите за заштита на личните податоци;

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
До крајот на 2010 година предвидена е:
- целосна имплементација на подзаконските акти донесени врз основа на Законот за заштита на личните податоци како и имплементиција на Акцискиот план за спроведување на обуки за контролорите и обработувачите во областа на заштитата на личните податоци;
- подготовка на Комуникациска стратегија за подигнување на јавната свест;
- зајакнување на кадровските капацитети на Дирекцијата со прием на нови државни службеници;
- обуки на државните службеници на Дирекцијата (генерички за државната служба, за стратешкото планирање и специјализирани обуки за заштита на личните податоци, за информатичка подршка и за Централниот регистар);
- зајакнување на институционалната рамка за вршење на инспекциски надзор (зголемување на бројот на инспекторите и нивна обука);
- отпочнување на активности околу обезбедување на дополнителни работни простории и канцелариска опрема (подготовка на Анализи и информации и нивно доставување до надлежните државни органи);
- зголемување на јавната свест за заштита на лични податоци што ќе се врши преку промотивни активности и организирање на Отворени денови за граѓаните;
- унапредување на функционалноста на Централниот регистар и обука за негово користење од пошироката јавност;
- континуирано надградување на информатичката инфраструктура;
- подготовка на анализи за состојбата со прописите во различните сектори по однос на заштитата на личните податоци и нивната усогласеност со Законот за заштита на личните податоци и меѓународните договори што ги има ратификувано Република Македонија;
- донесување на Стратегија за развој на Дирекцијата за заштита на личните податоци за периодот 2010-2015 година.

СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ
**ПРАВНА РАМКА**
Предвидено е до крајот на 2011 година донесување на измени и дополнувања на подзаконските акти што ќе произлезат од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци и тоа на:
- Правилникот за начинот на вршење на инспекцискиот надзор („Сл.весник на РМ“ бр.143/08 и 38/09);

- Правилникот за начинот на водење на единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки во прекршочна постапка, како и начинот на пристап до информации кои се содржани во евиденцијата („Сл.весник на РМ“ бр.136/08) и
- Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Сл.весник на РМ“ бр.38/09);

По спроведување на соодветна анализа, ќе се пристапи кон изменување на одредбите од другите прописи што содржат одредби за заштитата на личните податоци кои не се усогласени со националниот закон за заштитата на личните податоци или меѓународните договори кои ги ратификувала Република Македонија;

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На среден рок се планира обезбедување доволен стручен и обучен кадровски потенцијал за спроведување на инспекцискиот надзор и другите функции на Дирекцијата; спроведување на редовни и специјализирани обуки за вработените, како и обуки според барањата на контролорите;висок степен на ефикасност во прекршочните и други постапки во надлежност на Дирекцијата; обезбедување на нов деловен простор;соодветна информатичка поддршка за работата во Дирекцијата, како и за теренска работа на инспекторите; зајакнување на возниот парк на Дирекцијата заради ефикасност во спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Во периодот од 2010 до 2012 година ќе се реализира ИПА Програмата која предвидува техничка помош за Дирекцијата во насока на понатамошно усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија, јакнење на капацитетите на вработените во Дирекцијата и зголемување на јавната свест за заштита на личните податоци и набавка на опрема и канцелариски мебел. .

### 3.23.4 **ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ НА ЕУ**

Оваа област ќе биде предмет на усогласување на среднорочен план. Меѓу другото, мерките на заедницата поставуваат детални правила околу правото на граѓаните на ЕУ да се движат и престојуваат на територијата на земјите членки. Во овој поглед, се планира прецизирање на институцијата одговорна за имплементацијата на Директивата (32004L0038) за правата на граѓаните на Унијата и нивните членови на фамилијата да се движат и престојуваат слободно на територијата на земјите членки. Покрај правата на движење, исто така постои потреба за понатамошно усогласување во областа на избирачките права. На среднорочен план ќе се направат измени на Изборниот законик за конституирање на правото на глас за граѓаните на другите држави членки на заедницата. Европската Унија има утврдена правна рамка за организирање на изборите за Европскиот парламент која гарантира дека граѓаните на Унијата кои престојуваат во земја членка на која не се државјани можат да учествуваат во локални и парламентарни избори под истите услови како државјаните на таа држава. За таа цел ќе треба да се прифати актот за избор на претставници во Европскиот Парламент. Исто така, според членот 13 од Директивата (31993L0109) ќе треба да се воспостави национална контакт канцеларија.

## 3.24 **ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ**

### 3.24.1 **МИГРАЦИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Усвоена е Резолуцијата за миграциона политика на РМ за 2009-2014 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/09) како и Акционен план за периодот 2009 - 2014 за имплементација на мерките и активностите утврдени со миграциона политика ,со фискални импликации.. Усвоен е Миграциониот профил на Република Македонија за 2008 година кој ќе се ажурира на годишно ниво.

Донесени се измени на Законот за вработување и работа на странци („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/09) со цел имплементирање на одредени одредби од Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе. Со измените се даде можност на жртвите на трговија на луѓе кои имаат регулирано престој во државата да се стекнат со лична работна дозвола која ќе им овозможи слободен пристап до пазарот на трудот како и забрзување на постапката за издавање на соодветни типови на работни дозволи и зголемување на периодот на важност на одредени работни дозволи.

Донесени се измени на Правилникот за патни и други исправи на странец (Сл. весник на РМ бр. 15/2009 од 02.02.2009 година) со кои се утврдија формата и содржината на специјалната лична карта.

Со цел понатамошно усогласување со Регулативата (ЕЗ) бр. 562/2006 од 15 март 2006 година за воспоставување на Шенген Граничен Кодекс, донесени се измени на Законот за странците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2009 година од 24.07.2009 година) со кои се укинува патничкото осигурување како услов за влез во РМ, со што е извршено целосно усогласување со одредбите од Шенгенскиот граничен кодекс во овој домен. Истовремено со наведените измени им се овозможи на странците кои се носители на патна исправа на трета земја, а имаат регулиран

постојан престој во земји членки на ЕУ или потписнички на Шенгенскиот Договор, да влезат во РМ без да поседуваат важечка виза. Во однос на усогласување со визниот режим на ЕУ види во делот 3.24.3. Визна политика.

Врз основа на утврдената политика за вработување и работа на странци донесена е Одлука за определување на квотите на работни дозволи за 2009 година, со која е определено квотата да биде во вкупна висина од 3.030 работни дозволи.

Се донесе Акционен план за имплементација на Стратегијата за интеграција на бегалци и странци со фокусирање на следните теми: домување, образование; вработување и стручно усовршување; здравствена заштита; социјални услуги и социјална заштита.

Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на повратници во РМ согласно реадмисионите договори е во владина постапка. За имплементација на Програмата во буџетот на МТСП за 2010 година обезбедени се 3.960.000денари.

Во 2009 година Република Македонија потпиша Договор за реадмисија со: Босна и Херцеговина („Службен весник на Р М " бр.10/2009), кој стапи во сила на 1 март 2009 година.и Молдова („Службен весник на Р М " бр.10/2009), но се чека писмено известување од Молдова дека се исполнети нивните внатрешно правни услови за влегување во сила на договорот. Иницирани се постапки за склучување на договори за реадмисија со Црна Гора и Украина. Сеуште се во тек постапките за склучување на договор за реадмисија со Исланд и Србија.

**Стратешки документи**:
- Резолуција на миграциона политика на РМ 2009-2014.
- Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2008-2015 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Започнати се активности за воспоставување на интегрирана база за странци, која ќе ги обедини податоците од областа на азилот, миграциите и визите, а финансирани со средства од буџетот на РМ и финансиска поддршка од Владата на Кралството Норвешка. Формиран е Управен комитет на проектот, кој ја усвои Студијата за изводливост и Акцискиот план на проектот. Потпишан е Договорот за реализација на проектот со Кралството Норвешка во кој е утврдено дека од вкупниот буџет на проектот (1.396,492.00 евра), Владата на РМ ќе учествува со 696.492,00 евра како национален придонес, норвешкиот придонес на проектот ќе изнесува NOK 6.270.000,00 или приближно 700.000,00 евра согласно курсот на денот на трансферот.

Со цел јакнење на кадровските капацитети во областа на миграциите, реализирани се:
- континуирани обуки за начинот на издавање на патните и други документи за странец;
- 2 обуки извршени од страна на Одделението за странци и реадмисија на полициските службеници на 8-те гранични премини за работа на националниот веизен информациски систем
- Учество на TAIEX семинар во Виена на тема миграција и европското законодавство.
- Обука на тема трудова миграција.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**:

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се донесе Миграционен профил на РМ за 2009 година.

Со цел воспоставување на правна основа за спроведување на Проектот за интегрирана база за странци ќе се пристапи кон сеопфатна анализа на постоечката законска регулатива и во корелација со компаративното искуство пренесено од страна на норвешкиот правен аспект, ќе се изнајде најцелисходно решение кое ќе претставува соодветна правната рамка за реализација на овој проект, во смисла на донесување на нов закон или соодветна интервенција во позитивната правна регулатива.

- Ќе се донесат измени на Законот за странците со кој ќе се изврши:
- целосно усогласување на условите за одбивање на влез во Република Македонија со одредбите на Шенгенскиот граничен кодекс,
- предвидување на обврска на странецот да се пријави во рок од 48 часа,
- дополнително усогласување со Директивата на Советот 2003/109/ЕЦ од 25 ноември 2003 во врска со статусот на државјани на трети земји кои се лица со постојан престој,

- со Регулативата бр.415/2003 на Советот од 27.02.2003 година за виза на граничен премин за морепловци кои транзитираат и со Регулативата на Советот (ЕЗ) 1932/2006 за изземање на определени категории на лица од обврската за поседување на виза при влез во Република Македонија.

Во насока на усогласување со Директивата број 2004/82/ЕЗ на Советот од 29 Април 2004 година за обврската на авиопревозниците да доставуваат податоци за патниците, ќе се донесат измени на Законот за надзор на државната граница .

Донесување на измени на Правилникот за странците во смисла на бришење на одредбите во кои беа утврдени категориите на лице кои беа исклучоци од обврската да поседуваат патничко осигурување како општ услов за влез во Република Македонија.

Континуирано ќе се имплементираат активностите во Акциониот план на Резолуцијата за миграциона политика предвидени за 2010 година.

.

Во областа на дијаспората предвидени се активности за: формирање на меѓуресорска работна група за подготовка на проект/план кој ќе ги опфати сите аспекти за воспоставување на административниот регистар на населението во Република Македонија (АРН во РМ), креирање на политика и мерки за унапредување на условите за вработување и професионално напредување на кадрите кои се наповеќе опфатени со интелектуалната емиграција (brain drain), изготвување на годишни програми за вработување на високообразовани лица во јавниот сектор и имплементација на програми за олеснување на социјалната и економската реинтеграција на повратниците од странство.

Предвидено е склучување на договори за реадмисија со Црна Гора, Украина, Исланд и Србија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се превземат активности во насока на развој, односно прилагодување на системот на потребите на новата централна база на податоци во Македонија преку поставување на ИКТ инфраструктура на новата централна база на податоци; тестирање и одобрување; обука за крајните корисници; модификација и дополнување; миграција на податоци и целосно инсталирање на софтверот и негово прифаќање.

Со наведената база на податоци планирано е воспоставување на решението кое ќе обезбеди истоветна терминологија на дефиниции и водење на статистика согласно Регулативата (ЕЗ) бр. 862/2007 на Европскиот парламент и на Советот од 11 јули 2007 година за статистиката на Заедницата за миграцијата и меѓународната заштита.

Во областа на дијаспората предвидени се активности во насока на подготовка на проект/план за административниот регистар на населението во РМ и негово усвојување од страна на Владата на РМ, отворање на информативни миграциони канцеларии во повеќе подрачни служби на Агенцијата за вработување, развој на проекти за промовирање на легалната трудова миграција и тн.
Кадровско екипирање на Одделението за азил, миграции и хуманитарна помош при МТСП.
Обуката на инспекторите за странци во работењето со ИМАГОТО –систем за издавање на документи се планира да се врши континуирано, а согласно Годишниот план за обука на МВР обезбедени се средства од буџетот на МВР.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**:
**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се извршат измени на Законот за странците согласно Директивата бр.2008/115/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 16 декември 2008 година за заедничките стандарди и постапки во земјата членка за враќање на државјани на трета земја со нелегален престој (член 11).

Ќе се извршат измени на Законот за волонтерство во насока на усогласување со Директива на Советот 2004/114/ЕС од 13.12.2004 година за условите за влез на граѓани од трети земји со цел за студирање, размена на ученици, неплатена обука или волонтерски услуги..

Анализа на постојните одредби и утврдување на потребата од понатамошни измени и дополнување на Законот за социјална заштита. Предмет на анализа меѓу останатите ќе биде и член 5 кој ги утврдува корисниците на социјална заштита.

Изменување и дополнување на Правилникот за странците со што ќе се изврши целосно усогласување на образецот за одбивање на влез на странец во Република Македонија, согласно Анекс 5 од Шенгенскиот граничен кодекс.

Во областа на дијаспората предвидено е донесување на Закон и подзаконски акти за административниот регистар на населението во Република Македонија, како и создавање на правен основ и креирање на база на податоци за македонски државјани кои учат и студираат во странство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во областа на дијаспората ќе се превземат активности во насока на материјално-техничко и кадровско екипирање на институцијата надлежна за административниот регистар на населението во Република Македонија, воспоставување на административен регистар на населението во Република Македонија и имплементација на програми за привлекување на високообразованите емигранти , како и олеснување на нивната социјална и професионална реинтеграција во земјата.

Континуирана обука на инспекторите за странци во работењето со ИМАГОТО - системот за издавање на документи согласно Годишниот план за обуки на МВР за што обезбедени се средства од буџетот на МВР.

Континуирана обука на полициските советници и полициските службеници  за работа во НВИС системот - за издавање на визи како и одобрување на привремен престој и одобрување за издавање на патни листови преку овој систем.

Во насока на унапредување на начинот на работа континуирано ќе се продолжи со спроведување на обуки за поефикасна имплементација на новините во законодавството кои ќе следат по транспонирањето на наведените ЕУ директиви.

### 3.24.2 **АЗИЛ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во соработка со УНХЦР донесени се  ``Насоки за работата на Одделението за азил во однос на постапката за замена на правото на азил заради хуманитарна заштита со право на азил заради супсидијарна заштита`` со цел надминување на отсуството на преодни одредби во измените на Законот за азил и привремена заштита (Службен весник на РМ бр. 142 од 10.11.2008 година).

Извршени  се измени на ``Правилникот за образецот на барање за признавање на право на азил„[26] со кои се утврди формата и содржината на личната карта за лице под супсидијарна заштита.

Врз основа на Законот за социјална заштита Министерството за труд и социјална политика донесе повеќе подзаконски акти[27] со кои се овозможи олеснување на процедурата за остварување на социјална заштита на лицата кои имаат статус на барател на право на азил, признат  бегалец, лице под хуманитарна или супсидијарна заштита согласно Законот за азил и привремена заштита.

Врз основа на  „Стратегијата за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2008-2015 година“  донесен е Национален Акционен План за интеграција на бегалци и странци. Во него се дефинирани конкретните активности и мерки кои треба да се преземат од страна на надлежните институции во рамки на седумте главни теми обработени во Стратегијата: домување и сместување; вработување и стручно усовршување; здравствена заштита; образование;социјална заштита; ангажираност во заедицата/развој и раководење со процесот на интеграција.

Заради понатамошно  усогласување на Законот со Директивата на Советот 2004/83/ЕС од 29.04.2004 година како и со Директивата на Советот за минимум стандарди за постапки на државите членки за доделување и одземање на статус на бегалец, усвоена на 1 декември 2005 (2005/85/ЕЦ) донесени  се  измени на Законот за азил и привремена заштита (Службен весник на РМ бр.149/09) . Во неговото изготвување учествуваа претставници од МВР,  МТСП и УНХЦР, а во рамките на ТАIЕХ програмата беа вклучени и 2 (двајца) експерти од земјите членки на ЕУ.

---

[26] Правилникот за образецот на барање за признавање на право на азил и начинот на земање на отпечатоци од прсти и фотографирање на барателите на право на азил, образецот и постапката за издавање и замена на исправи на баратели на право на азил и лица на кои им е признаено право на азил или привремена заштита во Република Македонија и за начинот на водење на евиденција``(Службен весник на РМ  бр. 76/2009)

[27] Правилник за начинот на остварување и користење на правото на социјална парична помош, Правилник за начинот и условите за остварување право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, Правилник за начинот на остварување на правото на постојана парична помош, Правилник за начинот на остварување на правото на еднократна парична помош и потребната документација и Правилник за начинот на утврдување на на состојбата на приходите, имотот, имотните права и потребната документација за остварување на правото на парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа (сите објавени во Службен весник на РМ бр.122/09).

Извршена е анализа на Законот за управни спорови и формирана е работна група со цел изготвување на измени на Законот за управни спорови. Меѓу останатите се планираат измени во насока на утврдување на право на вложување редовен правен лек - жалба против одлуката на Управниот суд со кој се поништува оспорениот управен акт.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**
Национален акционен план на Република Македонија за миграција и азил.

„Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2008-2015 година"

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Беа превземени мерки и активности во насока на воспоставување на интегрирана база за странци, влучувајќи податоци од областа на азилот, миграциите и визите (во однос на конкретните спроведени мерки види во делот 3.24.1. Миграци).

Од буџетот на МТСП обезбедени се 9.868.000 денари за тековно работење на "Прифатниот центар на баратели на право на азил" . Од страна на Високиот Комесаријат за бегалци-УНХЦР канцеларија Скопје беше донирана компјутерска опрема и канцелариски материјал за потребите на Центарот.

Од страна на УНХЦР – канцеларија Скопје на Министерството за труд и социјална политика донирани се 80.000,00 американски долари . кои се потрошени за имплементација на мали бизниси за 8 лица и обука и преквалификација на вкупно 12 лица.

Од страна на УНХЦР во Одделението за азил при МВР донирана е опрема во вкупна вредност од околу 200.000,00 денари. Воедно склучен е Договор за финансиска подршка на Одделението за азил врз основа на кој УНХЦР донираше средства во износ од 650.392,00 денари кои беа инвестирани во обезбедување на канцелариски материјал и дел за техничко опремување на Одделението.

Усвоен е План за обука од областа на азилот наменета за полициските службеници на граничните премини, Секторите за внатрешни работи и Полициските станици од општа надлежност. Врз основа на истиот, извршена е обука на 150 полициски службеници вклучувајќи и припадници на раководни кадри во СВР , ПС и ПО кои во континуитет ќе извршат дополнително обука на останатиот дел од полициските службеници.

Донесен е План за обука на вработените во Одделението за азил при Министерството за внатрешни работи. Во тек е обука на вработените во Одделението за азил од страна на УНХЦР , меѓу другото и за измените на Законот за азил и привремена заштита.

Од страна на вработените од Одделението за азил, а во соработка со ИОМ се одржа обука на полициски службеници на тема: постапка за прифаќање, сослушување и постапување со баратели на право на азил.

Одржана е работилница на тема ``Најдобрите практики и искуства при прифаќањето на барателите на правото на азил на која учествуваа претставници од Одделението за азил при МВР, Одделението за азил, миграции и хуманитарна помош при МТСП, МАРРИ – Регионалниот центар во Скопје и УНХЦР – канцеларија Скопје. Притоа на средбата беше официјализирана иницијативата за формирање на мрежа (Директориум) за соработка со центрите за баратели на азил и министерствата за внатрешни работи (Одделенија за азил) од Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија, Црна Гора и Македонија.

Отпочна Пилот проект под покровителство на УНХЦР Скопје преку кој се ангажирани 4 лица и се превземаат мерки и активности со цел интеграција на вкупно 15 семејства.

Во буџетот на МТСП за 2010 година обезбедени се средства во висина од 60.000.000,00 денари за остварување на правата на лицата под меѓународна заштита во РМ утврдени со Законот за азил и привремена заштита.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**ПРАВНА РАМКА**
Ќе се донесат измени на Законот за управни спорови. Меѓу останатите ќе бидат предвидени и измени во насока на утврдување на право на вложување редовен правен лек - жалба против одлуката на Управниот суд со кој се поништува оспорениот управен акт.

Врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, ќе се донесе подзаконски пропис со кој ќе биде пропишан критериумот и начинот за користење на соодветен стан за сместување или парична помош потребна за обезбедување простории за сместување на признаен бегалец.

Ќе се извршат измени и дополнувања на Правилникот за образецот на барање за признавање право на азил, начинот на земање на отпечатоци од прсти и фотографирање на барателите на право на азил, образецот и постапката за издавање и замена на исправи на баратели на право на азил и лица на кои им е признаено право на азил или привремена заштита во Република Македонија и за начинот на водење на евиденција.

Ќе се донесат измени на Законот за административни такси, кои претставуваат неопходна претпоставка МВР да започне со издавањето на исправи за лицата под супсидијарна заштита.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
МВР ќе започне со издавање на исправи за лицата под супсидијарна заштита.

Во 2010 година Министерството за труд и социјална политика целосно ќе ги превземе обврските за обезбедување финансисиската и здравствена заштита на лицата под меѓународна заштита во Република Македонија.

Во рамките на Министерството за труд и социјална политика ќе отпочне со работа проектна единица – Центар за интеграција, за што се обезбедени 79.000 евра во буџетот за 2010 година на ресорното министерство. Останатите потребни парични средства ќе бидат обезбедени по пат на странски донации. Во надлежност на Центарот за интеграции ќе биде изготвувањето на индивидуална програма, односно индивидуален пристап на лицата под меѓународна заштита а која ќе опфаќа можности за подобрување на нивните професионални вештини, помош во наоѓање на работа (вршење на самостојна дејност или вработување кај работодавач), помош во решавање на проблемот за домување, а по истекот на времето во кое државата ги надоместува трошоците за нивното домување.

Континуирано ќе се имплементираат Стратегијата и Акцискиот план за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија, од страна на надлежните институции.

Предвидено е кадровско зајакнување на институциите задолжени за спроведување на политиката на азил и тоа: Одделението за азил во МВР и Одделението за азил,миграции и хуманитарна помош при Министерството за труд и социјална политика.

Учество на обуки, семинари и конференции од областа на азилот како во земјата така и во странство, а во насока на континуирано следење на новините во европското законодавство, односно овоспостаување на најдобра пракса во постапувањето со лицата под меѓународна заштита во земјава.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Понатамошна хармонизација на националното законодавство согласно промените во областа на азилот со законодавството на ЕУ.

Измена на Правилникот за систематизација на работните места во МВР, во делот кој се однесува на Секторот за криминалистича техника, а со цел зголемување на бројот на извршители за 1 лице повеќе кое ќе извршува работни задачи на работната единица за обработка, евиденција, идентификација и размена на дактилоскопски материјал.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Континуирано ќе се имплементираат Стратегијата и Акцискиот план за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија, од страна на надлежните институции.

Континуирано учество на обуки и семинари за вработените во Прифатниот Центар и Одделението за за азил,миграции и хуманитарна помош при Министерството за труд и социјална политика.

По пат на странска помош ќе се воспостави Национална единица за споредба на отпечатоци на прсти за ефикасна примена на Даблинската конвенција, најдоцна до декември 2012 година, која ќе се состои од: компјутеризирана база на податоци и средства за пренос на податоци помеѓу земјите членки и централната база на податоци.
За воспоставувањето на споменатата Национална единица се планира обезбедување на:
◊ 1 (една) Работна станица, наменета за дактилоскопирање на лица и

◊ 1 (една) Работна станица за обработка, евиденција, идентификација и размена на дактилоскопски материјал.

Обука на вработените во Секторот за криминалистичка техника и Одделението за азил а со цел здобивање на знаење и искуство за работа со Национална единица за споредба на отпечатоци на прсти.

3.24.3 **ВИЗНА ПОЛИТИКА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Со Законот за изменување и дополнување на Законот за странците (Сл.весник на РМ бр.92/2009), се овозможи странец носител на валидна патна исправа на трета земја кој има регулирано постојан престој во земја членка на ЕУ или потписничка на Шенгенскиот договор да може да влезе во РМ без да поседува важечка виза.

Согласно Планот за хармонизација на визниот режим на Република Македонија со визниот режим на Европската Унија донесена е Одлука за еднострано укинување на визите за влез и престој до 90 (деведесет) дена, во Република Македонија, за државјаните на земји кои се наоѓаат на позитивната визна листа на ЕУ а за кои претходно беше потребна виза за влез во Република Македонија[28]. Согласно односната Одлука, Република Македонија константно ќе го усогласува визниот режим со сите идни измени во „позитивната“ листа на ЕУ, анекс 2 од Регулативата на Советот (ЕК) бр. 539/2001 и последователните измени на истата. Одлуката почна да се применува од 01.10.2009г. и ќе важи до пристапувањето на Република Македонија во ЕУ.

Владата на РМ ја продолжи важноста на мерката со која се овозможи секој странец кој поседува важечка повеќекратна Шенген Ц виза, со рок на важност подолг од најмалку 5 (пет) дена од планираниот престој на странецот во Република Македонија, да може да влезе во Република Македонија без да поседува македонска виза. При секој влез на територијата на Република Македонија, странецот може да престојува во Република Македонија најмногу до 15 (петнаесет) дена, при што вкупното траење на последователните престои во Република Македонија, не смее да биде подолго од 3 (три) месеци во текот на секој 6 (шестмесечен) период, сметајќи од денот на првото влегување. Оваа мерка ќе се спроведува во период од една година, почнувајќи од 01.10.2009 година, со можност истата да биде продолжена и во натамошниот период.

Согласно декларациите од Спогодбата за олеснување на визниот режим, иницирани се мерки и активности за потпишување на билатерални спогодби за олеснување на визниот режим со Велика Британија, Република Ирска, Данска и Исланд.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во рамки на Проектот за поврзување на сите ДКП на РМ во странство со Визниот центар во МНР, преку Н-ВИС беа поврзани 37 ДКП-а. Истовремено со Н-ВИС беа поврзани и Одделението за странци и реадмисија во МВР, 8 гранични премини како и Агенцијата за вработување на Република Македонија. Беше воспоставен линк и со информацискиот систем за Интегрирано гранично управување.

**Визна либерализација**
Во првото тромесечие од 2009 година, во РМ се одржаа Оценски мисии (составени од експерти на земјите членки и службеници на ЕК), со цел верификација на напредокот на РМ согласно Патоказот и тоа за Блок 1 - Безбедност на документи, Блок 2 - Гранично управување, азил и миграција, Блок 3 - Јавен ред и безбедност, додека за Блок 4 - Надворешни односи и одржан беше експертски состанок. По завршувањето на мисиите и состаноците, ЕК го објави ажурираниот Извештај за исполнување на условите од Патоказот за визна либерализација на РМ, каде констатира дека РМ ги исполнува условите од Патоказот. Со објавувањето на ажурираниот Извештај заврши втората фаза од процесот на визна либерализација.
На 15 јуни 2009 година Советот на ЕУ даде политичка поддршка за опточнување на правната процедура за укинување на визниот режим за земјите опфатени со процесот. Советот ја охрабри ЕК да поднесе легислативен предлог за измена на Регулативата 539/2001 во најскоро можно време, со цел да се постигне безвизен режим до крајот на 2009, со оние земји кои целосно ги исполниле бараните услови.
На 15 јули 2009 година, Европската комисија усвои предлог за укинување на визите за граѓаните на Македонија, Србија и Црна Гора од 1 јануари 2010 година. На 12 ноември 2009 година, Европскиот Парламент усвои Резолуција со која беше препорачано укинување на визите за трите земји, започнувајќи од 19 декември 2009 година.
Министерскиот совет за правда и внатрешни работи, на 30 ноември 2009 година, донесе одлука за либерализација на

[28] Андора, Бразил, Брунеи, Чиле, Костарика, Гватемала, Хондурас, Мексико, Никарагва, Панама, Парагвај, Ел Салвадор, Сингапур, Јужна Кореја, Уругвај, Хонг Конг, Макао, Антигва и Барбуда, Бахамите, Република Маурициус, Федерацијата Св. Китс и Невис и Република Сејшели

визниот режим на Европската унија за граѓаните на Република Македонија. Безвизниот режим со земјите членки на ЕУ стапува на сила од 19 декември 2009 година.
Со оваа одлука се врши трансфер на Република Македонија, Србија и Црна Гора на листата содржана во Регулативата 539/2001 на земји чии државјани се иземени од обврската да поседуваат виза при премин на надворешните граници на ЕУ (т.н. Шенгенска „позитивна листа“, анекс 2 од Регулативата 539/2001).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Ќе се донесат измени на Законот за административни такси со кои ќе се изврши усогласување на висината на таксите за визи со предвиденото во Одлуката на Советот (ЕЦ) бр. 440/2006

Отпочнување на активности за хармонизација на визните одредби со „црната листа“ на Европската Унија, кои се очекува да бидат завршени со влез на Република Македонија во Европската унија.

Во текот на 2010 година ќе се пристапи кон анализа на усогласеноста на актуелната регулатива со EU Community Code on Visas (Visa Code) и соодветно ажурирање на текстот на Националниот Шенгенски акциски план.

Согласно пропишаното во Националниот Шенгенски акциски план во текот на 2010 година ќе се пристапи кон измена и дополнување на Законот за странците и тоа со цел: усогласување со Регулативата 415/2003 (виза на ГП за морепловци кои транзитираат), усогласување со Регулативата на Советот (ЕЗ) 1932/2006 (иземање на определени категории на лица од обврската за поседување на виза при влез во Република Македонија). Истовремено ќе се пристапи кон измена на Правилникот за визи околу начинот на издавање виза на носители на патен документ издаден од држава или МО кои не се признаени од ВРМ, со цел усогласување со Регулативата 333/2002 и во однос на начинот на поништување на налепницата за виза при поништување, отповикување и скратување наважноста на визата, со цел усогласување со Одлуката на извршниот комитет (SCH/Com-ex (93)24) за начин на отповикување, поништување и скратување на важноста на единствената виза.

Во текот на 2010 година ќе се финализира конечниот текст на Упатство за работата на Визниот центар, а ќе се изработи и Упатство за обука на дипломатско конзуларниот персонал пред заминувањето на работа во ДКП-ата на Република Македонија во странство, согласно препораките во ЕУ Шенгенскиот каталог за издавање на визи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во насока на зајакнување на капацитетите на ДКП-ата, во текот на првата половина на 2010 година е предвидено издигнување статусот на Визниот центар од Одделение во Сектор за Визен центар кој би опфаќал 4 функционални одделенија и тоа: Одделение за одобрување на барања за визи за влез и престој во РМ, Одделение за визна и миграциона политика и за усогласување со визната политика на ЕУ и Шенгенското Acquis, Одделение за Н-ВИС и информатичка поддршка на корисниците на системот и Одделение за дипломатски и службени пасоши и визи.

До средината на 2010 година ќе бидат поврзани преостанатите ДКП со Визниот центар во МНР, а се предвидува и техничко опремување на ДКП на РМ во странство со цел исполнување на минималните технички стандарди за откривање на фалсификувани документи согласно пропишаното во Одлуката на Советот (ЕЗ) 14/2004 и препораките во ЕУ Шенгенскиот каталог за издавање на визи (препораки и најдобра пракса)

Се предвидува изработка на Елаборат за класификација на ДКП според степенот на ризик (низок, среден и висок ризик) и за изборот на кадри со соодветни квалификации во зависност од условите во земјата на приемот, согласно препораките во ЕУ Шенгенскиот каталог за издавање на визи (препораки и најдобра пракса)

Континуирана обука на дипломатско конзуларниот персонал пред заминувањето на работа во ДКП-ата на Република Македонија во странство, согласно Упатство за обука на дипломатско конзуларниот персонал и ЕУ Шенгенскиот каталог за издавање на визи.

Во текот на 2010 година е предвидена и обука на вработените во ДКП и во Визниот центар (одобрувачи на визи) за откривање на фалсификувани документи (согласно препораките во ЕУ Шенгенскиот каталог за издавање на визи, (препораки и најдобра пракса).

Континуирано зајакнување на кадровските капацитети на Визниот Центар во 2010 година.

Издигнување на нивото на Конзуларното одделение во Бон во Генерален конзулат на РМ во Бон.

**Визна либерализација**
Активности за воспоставување на безвизен режим на Велика Британија и Ирска кон Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Потпишување на билатерални Спогодби за безвизен режим со Велика Британија, Република Ирска, Данска, и Исланд

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Континуирано зајакнување на кадровските капацитети на Визниот Центар во 2011 и во 2012 година.

Континуирано спроведување на обуки на дипломатско конзуларниот персонал пред заминувањето на работа во ДКП-ата на Република Македонија во странство.

Опремување и уредување на ДКП на РМ со цел исполнување на минималните стандарди за безбедност на објектот во кој е лоцирано ДКП, пропишани во ЕУ Шенгенскиот каталог за издавање на визи (препораки и најдобра пракса).

### 3.24.4 НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ И ГРАНИЦИ НА ШЕНГЕН – ЗОНАТА
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Со цел усогласување со одредбите на Шенгенскиот граничен кодекс, донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница ("Службен весник на Република Македонија бр. 52/09). Со предметниот закон се врши делумно усогласување на домашното законодавство со Шенгенскиот граничен кодекс (32006R0562)[29], како и со Регулативата (ЕС) 1931/2006 на Европскиот парламент и Советот на Европа од 20.12.2006 година, за правилата на локалниот граничен сообраќај на надворешните граници на земјите членки на ЕУ.

Со цел имплементација на Конвенцијата за полициска соработка во југоисточна Европа, потпишани се имплементациони договори и протоколи со Република Србија и Република Албанија. Потпишан е Договор помеѓу Владата на Р Македонија и Владата на Р Бугарија за основање и функционирање на Заеднички контакт центар за полициска и царинска соработка. Контакт центарот ќе биде лоциран на територијата на Р Бугарија, односно на ГП Ѓуешево. На 03.12.2009.година потпишан е Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за полициска соработка, со кој покрај останатото се регулира и прашањето на прекуграничната соработка. Донесен е Прирачникот за прибирање и размена на информации во областа на илегалната миграција, трговија со луѓе и други видови на прекуграничниот криминал. Наведениот Прирачник обезбедува активна имплементација на одредбите на Меморандум за разбирање, потпишан во 2008.година од страна на шест држави од регионот (Македонија, Србија, Хрватска, Албанија, Босна и Херцеговина и Црна Гора) за воспоставување на систем за размена на статистички информации од областа на илегална миграција и учество во регионален систем за рано предупредување. Размената на информации се спроведува преку Националната контакт точка во рамките на Националниот координативен центар за гранично управување.

Потпишан е Протоколот за спроведување на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност и Министерството за финансии-Царинска управа. Со наведениот Протокол се регулираат начинот и делокругот на соработка, координација и заедничко дејствување помеѓу договорните страни, со цел поефикасна заштита на државните граници на Република Македонија, борба против организиран и други видови криминал, олеснување на протокот на стока и патници и зголемување на безбедноста на граѓаните и општеството.

Склучен е Работен договор за воспоставување на оперативната соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Фронтекс.

Изготвена е нова Национална Стратегија и Национален Акционен план за развој на воспоставениот систем за Интегрирано гранично управување, во која како стратегиски цели се утврдени: надградување на правната рамка; Јакнење на капацитетите и унапредување на меѓу-агенциската соработка, соработка и координација во практика; изградбата и реконструкција на граничните премини; надградба на информатичко-технолошката (ИТ) подршка и на воспоставените системи и проекти; унапредување на прекуграничната и меѓународната соработка.

Со цел ефикасно спроведување на Стратегијата за имплементација на моделот за анализа на ризик во областа на надзорот на државната граница, изготвени се повеќе документи кои се во постапка на разгледување и усвојување од

[29] Регулатива (ЕЗ) бр. 562/2006 на Европскиот парламент и на Советот на Европа од 15 март 2006 за правилата кои го уредуваат начинот на движењето на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс).

страна на МВР. Во рамките на наведените документи, предложен е Акциски план за имплементација на моделот на анализа на ризик во граничната полиција, во кој се предложени активности, рокови за имплементација, носители на активности, недостатоци и очекувани резултати. Согласно наведеното, временската рамка за спроведување на Стратегијата ќе биде прецизирана со усвојување на наведените документи односно со Акцискиот план.

Стратегијата за управување со човечки ресурси на МВР е надградена во делот кој се однесува на развивање на раководните способности во сите сегменти на полицијата, вклучувајќи го и делот на Граничната полиција.

Донесен е Шенгенскиот акциски план на Р Македонија со фискални импликации, кој претставува базичен документ врз основа на кој во нареден неколкугодишен период ќе бидат преземени соодветни мерки и активности како од законодавен така и од институционален карактер, со што ќе се изврши имплементација на релевантното шенгенско законодавство.
Во октомври 2009.година, склучен е Договор за физичка демаркација на границата меѓу Р Македонија и Р Косово, кој е ратификуван од страна на парламентите на двете држави.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Реализиран е Националниот акционен план за интегрирано гранично управување донесен на 06 октомври 2005 година, а со тоа и Националната стратегија за интегрирано гранично управување усвоена во 2003 година од Владата на Република Македонија.

Од почетокот на издавањето на електронски патни документи во согласност со ICAO и европските стандарди (април 2007година), заклучно со ноември 2009 година, издадени се 1.232.844 биометриски документи од различен вид и тоа: 560.166 патни документи, вклучително службени и дипломатски пасоши, 478.822 лични карти, 183.441 возачки дозволи и 10.415 лични документи за странци со регулиран престој во Р Македонија (патни исправи и дозволи за престој).

Предвидените активности во доменот на изградба, реконструкција и оддрзување на граничните премини се спроведуваат врз основа на Програма за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2009 година.

Донесен е Годишниот план за обуки на МВР за 2010.година во рамките на која ќе се спроведуваат обуките на припадниците на граничната полиција во текот на 2010 година. Согласно Наставна програма за напредни и специјални обуки за гранична полиција за 2009 година, спроведени се 99 различни обуки за сите три нивоа на припадниците на граничната полиција. 1 ниво командири на полициски станици и повисоко, 2 ниво-средно ниво помомошници на комндири, раковдители на смена и дежурни и 3 ниво полицајци). Покрај другите, спроведени се повеќе обуки за откривање на фалсификувани документи, обуки за откривање на дроги и вештини на испрашување, како и обука за имплементација на Стандардните оперативни процедури за гранична контрола и за надзор на државната граница, на која од почетокот на годината учествуваа 2203 припадници на граничната полиција. Изведена е специјална Обука за откривање на криминал со моторни возила. Оспособени се инструктори - полициски службеници од Граничната полиција кои ќе работат на обука на специјални тимови за таа намена. За таа цел воспоставена е и директна комуникација со Европската база на податоци за идентификација на моторни возила во Минхен, со граничните премини: Блаце, Табановце, Деве Баир, Богродица и Ќафасан, а со текот на оспособувањето на тимовите ќе бидат поврзани и други гранични премини. На сите досега спроведени обуки и курсеви, во текот на 2009 година (заклучно со октомври 2009) учествуваа 14.108 лица - припадници на гранична полиција.

Спроведена е антикорупциска обука за околу 80 % од полициските службеници од сите четири регионални центри за гранични работи. Континуирано се продолжува со одржување на овој вид на обука, и за преостанатите полициски службеници на граничната полиција. Обуката за менаџмент на тема „Градење на капацитетите за ефективен менаџмент во Граничната полиција“ е завршена за сите полицисии службеници - командири на Полициски станици и началаници на Регионални Центри за Гранични работи. Обуката е реалзизирана со поддршка на ОБСЕ со странски сексперт специјалист од оваа област.

Од страна на Секторот за гранични работи и миграција назначена е Национална контакт точка за комуникација со Фронтекс и Национална контакт точка за обука.

Во рамките на Проектот “Проширување на Интерпол услугите“ финансиран од Пактот за стабилност и координиран од Генералниот секретаријат на Интерпол, овозможен е директен пристап на граничните премини (вклучувајќи ги двата гранични премини за воздушен сообраќај во Скопје и во Охрид) до АСФ бази на податоци за лицата за кои се распишани потерници, украдени возила и изгубени/украдени пасоши. Со Проектот се вклучени и дежурните центри во Регионалните

центри за гранични работи, Оддел за организиран криминал и Оддел за крим.техника-идентификација на лица и ДНА анализа. Извршена е и соодветна обука на вработените за користење на овој систем.

Инсталиран е систем на видео надзор на граничните премини, кој што овозможува заедничко користење на опремата од страна на полицијата и царината како и другите субјекти на ИГУ, преку НКЦГУ. Инсталирана е постојната електронска база на податоци ХОСТ во кабините за вршење на гранична контрола.

Извршено е поврзување на сите гранични премини со централната база на податоци во МВР, преку Системот за контрола на патници и возила. Истовремено, сите граничните премини и сите најфреквентни гранични премини имаат пристап на веб страна на Советот на ЕУ – ПРАДО (PUBLIC REGISTER OF AUTHENTIC IDENTITY AND TRAVEL DOCUMENTS ONLINE) за утврдување на автентичноста на лични карти и патни документи кои се издаваат во земјите членки на ЕУ, Исланд и Норвешка.

Во однос на операционализација на дигитално полициско радио Тетра, во ноември 2009 година од страна на конзорциумот е вграден нов софтвер со кој во основа се отстранети недостатоците и системот е тестиран од страна на МВР и од странски консултанти при што констатирано е дека системот работи. Со тоа е реализирана првата фаза, со која е покриено 40-45% од територијата.

Во текот на 2009 година извршена е набавка на опрема за работа на граничната полиција, како од буџетот на МВР така и од странски донации: 9 видео спектрални конвертори VSC 4+, персонални компјутери, моторна санка, повеќе-наменски сет за преглед на патните исправи, опрема за откривање на конзистентност на материјали-К910В Buster, термални камери со долг домет, сетови за контрола на исправност на документи модел М:2200, опрема за преглед на возила и товари-NSSIITK 3, пејџери за радијација и друга техничка опрема.

Амбасадата на САД во рамките на ICITAP програма, во април 2009.година назначи свој постојан советник за соработка со граничната полиција, со цел зголемување на оперативната едукација на персоналот на граничната полиција, подржано со соодветно материјално-техничко опремување.

На 26.03.2009 година е ставен во функција Информациониот систем за Интегрирано гранично управување преку кој: се остварува висока координација на мерките и активностите во Системот на Интегрираното Гранично Управување; се врши размена на податоци и информации меѓу државните органи и институции кои имаат надлежности во Системот на Интегрирано Гранично Управување; се остварува координација и прави проценка на состојби при итни случаеви на граничните премини и се остварува координација во прекуграничната соработка.

Сите потребни активности во управувањето, уредувањето и одржувањето на објектите на граничните премини за патен сообраќај се спроведуваат согласно Годишната програма и усвоената категоризација на гранични премини. Започнати се активности за модернизација на Граничниот премин Блаце. Средствата потребни за реализирање на оваа програма беа се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2009 година во вкупен износ од 95.500.000 денари, како и од проектот TTFSE 2.

Моментално граничната полиција брои 2415 вработени.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се изврши изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница, со цел негово доусогласување со одредбите на Шенгенскиот граничен кодекс, и усогласување со Директивата бр.2004/82/ЕЗ на Советот на ЕУ од 29.04.2004 година за обврската на авиопревозниците да доставуваат податоци за патниците.

Ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за странците со кој ќе се изврши целосно усогласување на условите за одбивање на влез во Република Македонија со одредбите на Шенгенскиот граничен кодекс.

Ќе се донесе нов Правилник за начинот на извршување на обезбедување на државната граница и на граничната контрола со кој ќе се изврши дополнително усогласување со одредбите на Шенгенскиот граничен кодекс, а особено со Анекс 2, Анекс 6, Анекс 7 и Анекс 8 на Шенгенскиот граничен кодекс.

Ќе се донесе Правилник за формата и содржината на штембилот за влез и излез во Република Македонија и начинот и постапката на неговото втиснување и употреба, со кој ќе се изврши дополнително усогласување со одредбите на Шенгенски граничен кодекс, а особено со Анекс 4 на Шенгенскиот граничен кодекс.

Ќе се донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за обликот, соддржината и начинот за поставување на гранични табли, ознаки и друга сигнализација ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/07) со кој ќе се изврши усогласување со одредбите на Шенгенскиот граничен кодекс, а особено со Анекс 3 на Шенгенскиот граничен кодекс.

Ќе се изврши утврдување на Листа на пасоши и други патни документи издадени во согласност со меѓународните стандарди, а кои се издадени од држави и меѓународни организации кои се признаени и прифатени од страна на Република Македонија, или од специјални административни региони и субјекти и територијални власти кои не се признаени како држави.

Ќе се донесе Одлука на Владата на Република Македонија за определување на висината на средствата за издржување, како услов за влез во Република Македонија.

Од страна на Министерството за транспорт и врски ќе се донесат Правила за стандарди и нормативи за планирање и уредување на граничните премини, со што ќе се обезбеди основа за утврдување на стандардите во овој домен. Истовремено, МВР ќе ја спроведе постапката за одредување на подрачјето на граничните премини.

Со цел надградба и зајакнување на меѓуинституционална соработка на субјектите кои имаат надлежност во системот за ИГУ, ќе се потпишат меморандуми за соработка помеѓу Министерството за локална самоуправа, Центарот за управување со кризи и Дирекција за радијациона сигурност и НКЦГУ.

Во рамките на активностите предвидени со НАП за развој на воспоставениот ситем на ИГУ, ќе се изврши потпишување на меморандуми за разбирање со регулаторните тела за нуклеарна и радијациона заштита на Бугарија, Албанија, Романија и Црна Гора.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2010.година ќе се имплементира процесот на персонализација на отпечатоците на прсти во патните документи

Заради подобрување на меѓусебната соработка, во наредниот период акцентот ќе биде ставен на имплементација на потпишаните меморандуми за разбирање помеѓу институциите кои имаат надлежност во ИГУ.

.

Согласно Договорот за соработка, Фронтекс и МВР ќе вршат размена на информации во врска со анализа на ризик, претставници на МВР ќе учествуваат во заедничките операции на Фронтекс, ќе се назначат полициски службеници на МВР за извршување на работи во контакт канцелариите поставени на надворешните граници на земјите членки на ЕУ. Исто така, се предвидува соработка во делот на заеднички операции координирани од Фронтекс и унапредување на оперативната интероперабилност.

Ќе се стави акцент на имплементација на активностите од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за имплементација на Модел на анализа на ризик во Гранична полиција. Воедно предвидена е изработка на заедничка анализа на ризик на ниво на НКЦГУ.

Ќе се изврши материјално техничко доопремување на мобилни единици на централно (државно) ниво за преземање на активности во внатрешноста насочени кон оперативна примена на анализа на ризик, откривање на илегални мигранти и други видови на прекуграничен криминал. Преку странски донации ќе се обезбедат финансиски средства за имплементирање на наведената активност и ќе се изврши обука на припадниците на единицата.

Согласно НАП за развој на воспоставениот систем на ИГУ, ќе се изврши изградба на три објекти за вршење на ветеринарна и фитосанитарна инспекција на граничниот премин Табановце .

Ќе се продолжи со имплементација на Елаборатот за минимум/оптимум стандарди за техничко опремување на полициските станици и полициските одделенија за гранична контрола, ПС за обезбедување на државната граница и мешовитите полициски станици. Со Елаборатот е предвидена потреба од 1.673,950 евра за оваа намена. Дел од средствата за опремување на граничната полиција ќе се искористат од ИПА програмата за 2010.година.

Се очекува во наредниот период целосно да отпочне да се применува електронска база на податоци ХОСТ инсталирана во кабините за вршење на гранична контрола, во секојдневното работење при вршење на граничната контрола. Со цел телекомуникациско и информатичко поврзување на полициските станици за обезбедување на државната граница со централната база на податоци во МВР, ќе се изврши проценка на потребните финансиски средства за таа цел, по што ќе се пристапи кон инсталирање на постојната електронска база на податоци ХОСТ во наведените полициски станици.

Ќе се преземат активности за воспоставување на централна база на специмени на документи како и централна база на податоци за фалсификувани документи.

Посебен акцент ќе се стави на имплементација на Годишниот план за обука на МВР за 2010.година во делот кој се однесува на спроведување на обуки за менаџирање на вработените на средно и високо ниво. Согласно Наставната програма за напредни и специјални обуки за граничната полиција за 2010 година континуирано ќе се спроведуваат обуки на припадниците на граничната полиција за унапредување на вештини на испрашување и профилирање на лица, откривање на фалсификувани документи, анализа на ризик, примена на процедурите во однос на илегалните мигранти откриени на граничните премини и повеќе други типови на обуки во кои ќе бидат вклучени сите припадници на граничната полиција.

Се предвидува децентрализација на буџетското работење на граничната полиција односно на регионалните центри за гранични работи, што ќе придонесе кон намалување на трошоците за тековно работење како и тековно одржување на објектите.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се измени и дополни Правилникот за странците со што ќе се изврши целосно усогласување на образецот за одбивање на влез на странец во Република Македонија, согласно Анекс 5 од Шенгенскиот граничен кодекс.

Ќе се донесат Стандардни процедури за координација на активности во меѓународната соработка при гранично управување. Наведената активност ќе се спроведе од страна на НКЦГУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се обезбеди целосна оперативност на дигитален радио-систем ТЕТРА, со што ќе се заокружи информатичко-технолошка структура на ИГУ. Во рамките на ИПА 2008 одобрени се вкупно 5,2 милиони евра за оваа намена, од кои Р Македонија ќе учествува со 0,4 милиони евра по основ на кофинансирање. Со цел зголемување на покриеност со дигитален радио сигнал и зголемување на бројот на корисници на системот ТЕТРА, ќе се реализира втората фаза на Проектот во рамките на ИПА 2008 "Интегрирано гранично управување" како и реализација на третата фаза на Проект во рамките на ИПА 2009 "Интегрирано гранично управување".

Ќе се изврши надградување на постојниот Систем за контрола на патници и возила (СКПВ), со цел автоматска проверка на должината на престојот на странците, при што сите гранични премини ќе имаат пристап кон овој централизиран систем и ќе се овозможи проверка на влез и излез на сите гранични премини.

.Ќе се изврши поврзување на централната база на податоци –ХОСТ во ПС за ОДГ како и поврзување на ПС за ОДГ со постојниот Систем за контрола на патници и возила. Поврзување на ПС за ОДГ со централна база на податоци ќе се изврши и преку НРБП.

Ќе се изврши физичка поделба на протокот на патници на внатрешните летови од протокот на патници на други летови. За таа цел треба да се постави инфраструктура на соодветно место на двата меѓународни аеродроми. Исто така, ќе се изврши изградба на транзитна сала на аеродромот и соодветни услови за работа на Граничната полиција.

Техничко опремување на граничните премини и полициските станици ќе се врши согласно Елаборатот за минимум/оптимум стандарди за техничко опремување на полициските станици и полициските одделенија за гранична контрола, ПС за обезбедување на државната граница и мешовитите ПС.

Согласно НАП за ИГУ, ќе се работи на зајакнување на капациетот на НКЦГУ со цел негова целосна оперативност и остварување на неговата функција за координација при граничното управување. Согласно Национален акционен план за развој на воспоставениот систем на ИГУ, ќе се продолжи со поддршка на НКЦГУ во делот на потребните човечки ресурси и јакнење на капацитетите од аспект на нивната стручност, компетентност и обученост за извршување на работните задачи од надлежност на НКЦГУ.

Согласно НАП за ИГУ ќе се изврши изградба на два објекти за вршење на ветеринарна и фитосанитарна инспекција на Граничниот премин Аеродром Александар Велики. Ќе се изврши поставување на нови статични панел детектори на граничните премини и на железничките линии, со цел зајакнување на граничната контрола и спречување на нелегалната трговија со радиоактивен и нуклеарен материјал.

По воспоставувањето на ИТ системот за ИГУ, покрај постоечките капацитети се планира формирање на нови организациони единици во делот на: координација и размена на информациите, анализа на ризик и поддршка и одржување на ИТ системот за ИГУ.
Ќе се изврши надградба на воспоставениот ИТ систем за ИГУ, со надградба на сите ИТ операции во НКЦГУ и во министерствата и институциите кои имаат надлежности во системот на ИГУ. Се предвидува потребата од финансиски средства во износ од 400.000 евра, за оваа намена.

Продолжување на активности со цел реконструкција на полициските станици за обезбедување на државната граница. Во рамките на ИПА 2008 одобрени се 2,4 милиони евра за реконструкција на полициските станици за обезбедување на државната граница, од кои 1,25 милиони евра ќе бидат средства на Р Македонија по основ на кофинансирање. Предвидено е со реконструкцијата да бидат опфатени полициските станици кон Србија, Косово и Албанија.

### 3.24.5 **СУДСКА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНИ И ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Судската соработка во кривичните предмети е уредена во Законот за кривичната постапка (Сл.весник на РМ бр. 15/97, 18/99, 44/02, 74/04, 83/08, 67/09). Законот е целосно усогласен со Европската конвенција за правна помош во кривичната материја со двата Дополнителни протоколи, Европската конвенција за екстрадиција со двата Дополнителни протоколи, Европската конвенција за трансфер на осудени лица со Дополнителниот протокол, на кои Република Македонија им пристапи во 1999 година и Европската конвенција за пренос на казнените постапки (2004 година), и делумно усогласен со повеќе ЕУ мерки[30]. Измените и дополнувањата на Вториот дополнителен протокол на Европската конвенција за правна помош во кривичната материја, ратификуван во 2008 година (Сл.весник на РМ бр.103/08), стапи во сила на 01.04.2009 година. Се ратификуваше Договорот за соработка меѓу Република Македонија и EUROJUST со кој се овозможува директна соработка помеѓу земјите членки на ЕУ и Република Македонија во делот на судската соработка во кривичната материја, екстрадицијата и трансферот на осудените лица, како и во случаите на организиран криминал и корупција, вклучително и тероризмот. Во декември 2009 година склучен е Меморандум за соработка меѓу Министерството за правда на Република Македонија и Министерството за правосудство на Република Словенија, кој ќе придонесе за зајакнување и понатамошен развој на соработката помеѓу правосудните органи на двете држави .

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во врска со исполнувањето на условите содржани во Договорот, делегација од EUROJUST го посети Министерството за правда, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Дирекцијата за заштита на личните податоци. Надлежна институција за извршување на Договорот за соработка меѓу Република Македонија и EUROJUST е Јавното обвинителство на Република Македонија Во тек е постапка за номинација на контакт лица од надлежните институции со цел успешно спроведување на Договорот. Од предвидените 19 работни места во Секторот за меѓународна правна помош, пополнети се 14 места. Со цел зајакнување на институционалните капацитети на Секторот за меѓународна правна помош во кривичната област, во 2009 година во Одделението за екстрадиција и трансфер пополнети се две работни места, и тоа советник за трансфер и помлад соработник. Во периодот од 01.01. до 30.11.2009 година во областа на меѓународна правна помош во кривичните и граѓанските предмети вкупно се примени 4780 нови замолници, по кои во законскиот рок во текот на годината постапено е 9150 пати. До 07.12.2009 година, во процедура се 79 постапки за екстрадиција на македонски државјани од странство, од кои реализирани се 47 екстрадиции (од странство во РМ се екстрадирани 33 македонски државјани и 14 странски државјани од РМ во странство) **и** во тек се 73 постапки за трансфер, од кои 48 постапки се за македонски државјани кои издржуваат казна во странски земји и имаат поднесено барање преостанатиот дел од казната да го издржуваат во казнено поправните установи во Република Македонија и 25 постапки-обратно (странски државјани од РМ во странство), а до овој момент реализирани се 6 трансфери. Во периодот од јануари до крајот на ноември 2009 година примени се 1830 барања за легализација на јавни исправи издадени од надлежни органи во Република Македонија за нивна употреба во странство.

Во Академија за обука на судии и јавни обвинители одржани се голем број на обуки за судии и обвинители (Поглавје 23).

---

[30] 41995A0330(01), 41996Y1023(02), 41996Y1104(01) , 41996Y1212(03) , 91999JHA10085 , 91999JHA10087 , 91999JHA10174 , 91999JHA10175 , 92001JHA10002

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2010 година ќе биде донесен **Закон за меѓународна соработка во кривичната материја**. Целта за донесување на овој Закон е да се овозможи поефикасно имплементирање на Европската конвенција за правна помош во кривичната материја со двата Дополнителни протоколи, Европската конвенција за екстрадиција со двата Дополнителни протоколи, Европската конвенција за трансфер на осудени лица со Дополнителниот протокол и Европската конвенција за пренос на казнените постапки. Со донесувањето на Законот ќе престанат да важат одредбите од Глава 30 и 31 од Законот за кривична постапка, со кои се регулира меѓународната правна помош. Со донесувањето на овој Закон во целост ќе се имплементираат одредбите од Европските конвенции и Дополнителните протоколи и ќе се создаде основа за солидарна и транснационална соработка помеѓу државите во сузбивањето на криминалитетот и домашното законодавство целосно ќе биде хармонизирано со европското.

Во декември 2010 година предвидени се Измени и дополнувања на Законот за меѓународно приватно право, заради целосно усогласување на Законот со Европската регулатива и ЕУ мерките и тоа: 32001R0044-Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 44/ 2001 од 22 декември 2000 година за јурисдикција, признавање и примена на судски пресуди за граѓански и комерцијални предмети; Брисел II. Регулатива на Советот (ЕС) бр. 1347/2000 од 29 мај 2000 година, за јурисдикција и признавањето и извршувањето на пресудите во брачните спорови и во спорови за родителска одговорност.

Во насока на унапредување на правната рамка за билатерална соработка во кривичната и граѓанската материја, предвидено е склучување на:

- Договор помеѓу Република Македонија и Република Косово за правна помош во кривични предмети
- Договор помеѓу Република Македонија и Република Италија, за правна помош во кривични предмети
- Договор помеѓу Република Македонија и Република Чешка во граѓанската област
- Договор помеѓу Република Македонија и Република Словачка во граѓанската област
- Меморандум за правна и судска соработка Министерството за правда на Република Македонија и Министерството за правда на Босна и Херцеговина

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во соработка со Европскиот институт за јавна администрација од Луксембург во 2010 година во граѓанските и кривичните предмети предвидена е обука за 35 судии и обвинители од сите инстанци.

Се планира да продолжат обуките преку Академијата за обука на судии и обвинители како на вработените во Секторот за меѓународна правна помош исто така и на судиите и обвинителите кои работат во областа на граѓанската и кривичната материја со странски елемент. Предвидено е кадровско зајакнување на Секторот за меѓународна правна помош.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Анализа на Одлука на Советот 2005/876/ЈНА од 21 ноември 2005 на размена на информации од криминалните досиеа.

Склучување на билатерален договор помеѓу Република Македонија и Република Полска во граѓанската област.

Иницијатива за склучување на билатерален договор помеѓу Република Македонија и Република Грција.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во насока на зајакнување на капацитетите во Секторот за меѓународна правна помош предвидено е доекипирање на Секторот (види поглавје 23).

Се планира континуирана обука на вработените во Секторот за меѓународна правна помош во рамки на програмските активности на Академијата за обука на судии и обвинители.

3.24.6 **ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Собранието на РМ го усвои **Законот за внатрешни работи**, а беа донесени и подзаконските акти за воведување на системот на кариера. Согласно одредбите на наведениот закон, овластено службено лице на МВР може да биде унапредено во повисок платен ранг на работното место на кое работи и на друго место, кое согласно со хиерархијата на

работни места утврдени во актот за систематизација на работни места е еден степен повисоко од работното место на кое дотогаш работело. (За реформа на полиција види Политички критериуми)

Република Македонија го потпиша Меморандумот за разбирање за учество во Проектот ILECU`s (Меѓународни координативни единици на органите надлежни за спроведување на законот) и Владата ја усвои информацијата за Акциониот план за ILECU's со која ги задолжи надлежните институции и работната група да го имплементираат проектот.

Советот на Министри на ЕУ донесе Одлука со која го овласти Директорот на Европол да започне преговори за потпишување на Оперативен договор за соработка меѓу Европол и Република Македонија. Формиран е Тим за преговори од Република Македонија и тн.

Текстот на СЕЛЕК Конвенција е усогласен од страна на делегациите кои учествуваа во преговорите и истиот е одобрен на Координативното тело на СЕКИ Центарот (JCC). Потпишана е СЕЛЕК Конвенцијата во чие изготвување учествуваа и претставници од МВР.

Во рамките на активностите за Конвенцијата за полициска соработка, изготвени се предлог текстови за следните документи: Акциски План за клучните препораки за имплементација на Виенската конвенција; Стратегија за комуникација за Договорните Страни; Програма за работа на Секретаријатот за 2010 година; Меморандум за разбирање; Деловник на Комитетот на Министри; Деловник во областа на заштита на податоците; Одлука за ротацијата на Претседателствувањето со Виенската конвенција.

Во текот на 2009 година Република Македонија ги потпиша следните билатерални Договори:
- Договор за основање и функционирање на заеднички контакт центар за полициска и царинска соработка со Република Бугарија.
- Меморандум за Разбирање за спроведување на заеднички иницијативи за решавање на актуелните безбедносни предизвици со МВР на Република Чешка.
- Меморандум за разбирање за зајакнување на соработката во областа на внатрешните работи со Сојузното министерство за внатрешни работи на Република Австрија.
- Аранжман во областа на Внатрешните работи со Министерството за внатрешни работи и односи со Кралството и Министерството за правда на Холандија.
- Договорот меѓу Република Македонија и Република Косово за полициска соработка.

Ратификувана е **Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе**.Донесени се **измени на Кривичниот законик со кои се** врши усогласување со меѓународните акти од оваа област[31].

Донесен е **Законот за националната криминалистичко-разузнавачка база на податоци** кој ќе се применува од 1 јануари 2012 година. Донесувањето на законот претставува исполнување на една од активностите во Акциониот план за воспоставување на Националната разузнавачка база на податоци и реализација на дел од активностите за остварување на приоритетот бр. 6 од документот „Мерки и активности насочени кон борба протов организираниот криминал".

Извршени се измени на **Законот за вработување и работа на странци** согласно кој личната работна дозвола се издава на жртви на трговија со луѓе кои имаат стекнато дозвола за привремен престој поради хуманитарни причини за временски период на валидноста на дозволата за привремен престој. Со наведените измени се врши усогласување со Конвенцијата за Советот на Европа за борба против трговија со луѓе.

Во собраниска постапка е **Законот за бесплатна правна помош**, со која се опфатени одредена категорија на лица, со посебен социјален статус помеѓу кои и жртви на трговија со луѓе.

Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција ја усвои **Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за период** 2009-2012, Национален акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција како и Национален Акциски План за трговија со деца за период од 2009-2012, кои содржат фискални импликации .

[31] Ковенцијата за сексуална злоупотреба на децата, Казнената конвенција за корупција на Советот на Европа со Дополнителниот протокол, Конвенцијата за комјутерски криминал со Дополнителниот протокол кој се однесува на казнување на акти на расизам и ксенофобија сторени по пат на информатички систем, Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе. Исто така, се врши и усогласување согласно препораките што произлегуваат од членството на РМ во меѓународните организации: Меѓународниот кривичен суд, ГРЕКО( Група на држави против корупција при Советот на Европа), МОНИВАЛ (Комитет на експерти за евалуација на мерките проти перењето пари и финансирање на тероризам при Советот на Европа).

Потпишан е **Меморандум за соработка со Национален авторизиран офицер –Министерство за финансии и Управата за финансиска полиција по однос на заштитата на финансиските интереси на ЕУ**, **согласно која** Управата за финансиска полиција е определена како контакт точка за соработка со OLAF- Европска агенција за борба против измами и водење на предистражна постапка за детектирани неправилности.

Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и Царинската управа донесоа повеќе подзаконски акти со кои се доразработуваат постапките и начинот на мерките кои треба да се преземат во борбата против организиран криминал. (за повеќе детали види НПАА легислативен анекс и матрица на активности).

**Институционална рамка**
Во рамките на проектот за поддршка на развојот на полицијата, се направи евалуација на организацијата на СВР Скопје, како еден специфичен орган, кој безбедносно го покрива најчувствителното подрачје во државата – главниот град, на кој отпаѓа и повеќе од половината од вкупниот криминал во земјата. Врз основа на направената евалуација, веќе се започнати активности за **реорганизација на СВР Скопје**.

Во текот на 2009 година во **Центарот за обука** на Министерството за внатрешни работи одржани се вкупно 80 специјалистички обуки, од кои 6 од регионален карактер на кои покрај учесници од РМ, учествуваат и претставници од Р. Албанија, Р. Бугарија, Р. Србија, Р. Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Р. Словенија Центарот за обука покрај другите обуки, во изминатиот период реализираше и обуки за менаџмент на командирите на ПС за општа надлежност. Обуката е спроведувана во соработка од експерт од ОБСЕ. Центарот за обука изготви Наставна програма за обука на раководни полициски службеници и други полициски службеници во МВР на РМ за начинот на однесување и меѓусебните односи.

Во текот на 2009 за спроведување на полициската реформата од Буџетот на МВР на РМ одвоени се 11.936.000,00 ЕВРА. Најголем дел од наведените средства се потрошени за набавка на возила и комјутери. Во рамки на CARDS 2006, започнаа активностите за реконструкција на полициската станица од општа надлежност Кисела Вода. Преку ИПА 2007 објавен беше и тендер за реновирање на ПС Тетово,а започнати се активности за реновирање на просториите за задржување во ПС Штип, ПС Гевгелија, ПС Прилеп, ПС Гостивар, ПС Центар, ПС Бит Пазар, ПС Карпош и ПС Гази Баба

Во Секторот за меѓународна полициска соработка етаблирано е Одделение за администрација и дежурна служба, во кое е воспоставен системот за работа 24/7.

Во рамките на Одделението за Европол воспоставен е Подрегистар за класифицирани информации кој ги исполнува условите за административна, персонална и информатичка безбедност.
Воспоставен е безбедносен комуникациски линк меѓу Европол и Република Македонија со кој е овозможена брза, сигурна, ефикасна размена на информации.

Управниот одбор на Проектот за воспоставување на Националната разузнавачка база на податоци ја усвои **Студијата за изводливост и Тендерската документација за воспоставување на Националната разузнавачка база на податоци**.

Република Македонија ги исполни сите обврски кои произлегуваат од Стратегијата за борба против трговија со луѓе и криумчарење со мигранти. Во извештајот на Стејт департментот за 2008г. Македонија повторно е рангирана со **ТИЕР** 1 **во група земји во борбата против трговија со луѓе**.

Со донесување на Закон за социјална заштита (јуни 2009 год,) обезбедена е **институционална заштита на лица жртви на трговија со луѓе**. За таа цел согласно Одлука на Владата се формира државен шелтер центар за заштита на жртви на трговија со луѓе.

Извршено е **значајно зајакнување на капацитетите на Одделот за организиран криминал**. Во текот на 2009 година во Одделот за организиран криминал по пат на интерен оглас пополнети се вкупно 30 (триесет) работни места. Во текот на 2009 година во **Секторот за специјални истражни техники** извршено е кадровско дополнување и доекипирање со вкупно 26 вработени. Согласно членството на Одделението за прикриени операции во Европската кооперативна група, испратени се двајца прикриени агенти на извршување на работни задачи во странство.

Во измнинатиот период продолжија редовно да се применуваат специјалните истражни мерки, посебно во делот на корупцијата.

**Воспоставена е разузнавака база на податоци во Секторот за криминалистичко разузнавање**. Набавена комплетна хардверска опрема (компјутери како работни единици, сервери,смарт картички и друга пропратна опрема), софтверот е креиран, мрежата е распространета и изготвено е техничко упатство за пристап и користење на базата на податоци.

Во Секторот за криминалистичко-разузнавачка анализа преземени се активности за изготвување на дизајн на **базата за криминалистички истраги за сериозен и организиран криминал**.

Во однос на активностите од Царинска Управа види поглавје 29.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**Правна рамка**

На почетокот од 2010 година предвидено е донесување **на актите за организација и работа и за систематизација на работните места во Министерството за внатрешни работи согласно одредбите од Законот за внатрешни работи**. Согласно одредбите од законот, тие ќе се донесуваат во рок од шест месеци од влегување во сила на законот.

Ќе се потпише и ратификува Оперативниот договор за соработка со ЕВРОПОЛ. Ќе се ратификува СЕЛЕК Конвенцијата.

Ќе се изготви соодветна правна регулатива за вопоставување ILECUs единицата. Ќе биде потпишан Меморандум за разбирање во рамките на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа.

Иницирање на предлог за склучување на договори за формирање на заеднички билатерални односно трилатерални центри за полициска и царинска соработка, односно формирање на заеднички полициски станици за гранична контрола помеѓу Република Македонија, Република Албанија, Република Косово, Република Србија, Република Бугарија и Република Грција.

Иницирање на предлог за склучување на билатерален договор за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги, психотропни супстанци и други кривични дела со Република Грција и склучување на Договор за соработка со Република Србија.

Иницирање на предлог за склучување на договори за прекуграничен надзор на лица (следење на лица) со соседните земји.

Иницирање на предлог за склучување на договори за константно прекугранично гонење на лица (сторители на сериозни казнени дела и лица избегани од притвор или затвор) со соседните земји.

Согласно реформата на казненото законодавство во 2010 ќе се донесе нов **Закон за кривична постапка**.

Ќе се_донесат подзаконските акти врз основа на Законот за Националната криминалистичко разузнавачка база на податоци.
Ќе се усвои **Национална Стратегија за воспоставување и имплементација на Национален модел за разузнавање со Акциски План**.

Ќе се донесе **Закон за испитување и жигосување односно обележување на огненото оружје и муницијата** со кој се утврдува обврска огненото оружје и муниција произведени на територијата на РМ, пред пуштање во промет, да подлежат на испитување и жигосување, а увезените огнени оружја и муниција да подлежат на обележување. Со наведениот закон домашното законодавство се усогласува со Директива 2008/51/ЕС на Европскиот Парламент и на Советот од 21 мај 2008 со која се изменува и дополнува Директива за контрола на набавување и поседување на оружје 91/477/ЕЕС на Совет на Европа, 18.06.1991 година

**Институционална рамка**

Предвидено е продолжување со активностите за рекоснтрукција на полициските станици од општа надлежност, каде ќе се реконструираат просториите за задржување на лица, простории за прифаќање на лица, како и просториите за инспекторите за превенција. Целосна реконструкција на ПС-Кисела Вода ќе заврши во првата половина од 2010 година. Активностите преку проектот ИПА 2007, односно, делумна реконструкција на полициските станици: Центар, ПС-Бит Пазар, Гази Баба, Карпош,Прилеп, Гостивар, Гевгелија ќе завршат во втората половина од 2010 година.Вкупната вредност на проектот е 1.600.000 евра од кои 400.000 евра се контрибуција од буџетот на МВР, наменети за набавка на техничка опрема за Полициските станици опфатени со проектот.

Предвидени се и активности во рамките на Проектот: Интегрирано гранично управување, согласно кој предвидена е надградба на ПС за ОДГ во делот кон Србија и Албанија

Предвидени се и активности за зајакнување на капацитетите на органите кои го спроведуваат законот, за соодветен третман за приведени и задржани лица со што се обезбедува професионална полициска служба која целосно ќе ги почитува основните права

Имплементација на Проектот за воспоставување и операционализирање на ILECUs единицата преку:

- Воспоставување безбедна комуникациска линија со Министерство за правда, Јавно обвинителство, Финансиска полиција;
- Спроведување релевантна обука; годишна обука за крајните корисници на ILECUs;
- Надградба на постоечкиот софтвер за работа на СМПС.

Исполнување на условите за физичка безбедност во Подрегистерот за Европол.

Кадровско доекипирање на Одделението за Европол со двајца офцери за врска.

Анализа на состојбите и назначување на офицер за врска од Република Македонија во Европол.
Партиципирање во Работните досиеја за анализа на Европол преку трета земја - Словенија или директно по потпишување на Оперативен договор.

Ќе се продолжи со активностите за воспоставување на Националната разузнавачка база на податоци. Истовремено Националната разузнавачка база ќе овозможи водење на единствен статистички систем за текот на кривичната пријава и за стапката на криминалитетот.

Имплементација на Акциониот план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Финансиските средства за реализација се обезбедени во буџетите на институциите кои партиципираат во извршувањето на утврдените активности.

Изградба на прифатилиште за жртви на трговија со луѓе. Министерството за транспорт и врски има обврска да обезбеди соодветен простор-објект кој ќе биде наменет за заштита на жртвите на трговија со луѓе. Одговорни институции за функционирање на прифатилиштето за жртви на трговија со луѓе ќе бидат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи. Во работата на шелтер центарот ке бидат вклучени и НВО „Отворена Порта„ и„Срекно Детство„ кои и досега беа вклучени во заштитата на жртви на трговија. Реализацијата на овие активности е во соработка со невладини организации Отворена Порта „Ла страда „ и за „Среќно детство„ кои се специјализирани за работа со жртви на трговија со луѓе

Имплементација на Акциониот план за борба против мало и лесно оружје.

Имплементација на Стратегијата и Акциониот план за воспоставување на Националниот модел за разузнавање. Ќе се воспостави Национален Центар за Соработка.

Воспоставување на **База за криминалистички истраги за сериозен и организиран криминал** со што ќе се зајакнат капацитетите на Секторот за криминалистичка анализа согласно стандардите на ЕУ во сферата на аналитичко согледување на одредени криминални појави и настани и предвидување и попречување на криминални активности. Базата ќе овозможи електронско собирање, пребарување и анализа на податоците за потребите на Одделот за организиран криминал во МВР. Планирано е средства да се обезбедат од програмата на UNODC-United Nations Office and Drugs and Crime.

Предвидено е воспоставување на база за фалсификувани пари.

Ќе се зајакнуваат капацитетите на Одделот за организиран криминал преку:

- кадровско зајакнување во организационите единици на Одделот за организиран криминал согласно актот за систематизација,
- материјално-техничко доопремување на Одделот за организиран криминал и
- специјалистички обуки на вработените. Специјалистичките обуки за вработените во Одделот за организиран криминал ќе се реализираат во рамките на Годишниот план за обуки на МВР и со подршка на странски експерти,

особено со акцент на обука за новите законски решенија, примената на специјални истражни мерки и разузнавачкиот процес.

За потребите на борбата против организираниот криминал, во рамките на буџетот на Министерството за внатрешни работи за 2010 година обезбедени се 45.000.000,оо денари. Поединечно овие средства ќе бидат искористени за: набавка на канцелариска опрема; набавка на информатичка и видео опрема, набавка на моторни возила, како и набавка на друга опрема.

Ќе продолжат активностите за реализација на **проектот** “**Видео надзор** –**Безбеден град**“ со кој ќе се обезбеди визуелно покритие врз Скопје. Средствата се обезбедени од Буџетот на МВР.

Во насока на обезбедување на соодветен простор на Одделението за заштита на сведоци и негово соодветно опремување ќе се имплементира Финансискиот план за заштита на сведоци. Средствата се обезбедени во Буџетот на РМ.

Ќе се изврши материјално-техничко опремување на Управата за финансиска полиција и воведување на форензичка информатичка опрема и процедури за поефикасно откривање на скриени податоци од компјутерски системи на сомнителни објекти и ќе се изврши кадровско зајакнување.

Во Управата на спречување на перење на пари и финансирање на тероризмот ќе се изврши усовршување на информатичкиот систем и кадровско зајакнување, за што се обезбедени средства во Буџетот.

**СРЕНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**Правна рамка**

Со цел усогласување со Законот за кривична постапка ќе се извршат измени и дополнувања на:

- Кривичниот Законик,
- Законот за судови,
- Законот за прекршоци,
- Законот за јавно обвинителство,
- Законот за полиција,
- Законот за внатрешни работи,
- Законот за финансиска полиција,
- Законот за следење на комуникации,
- Законот за Царинската управа,
- Законот за спечување на перење на пари и финансирање на тероризам,
- Законот за меѓународна правна помош.

Со дел од предвидените измени во насока на стандардизирање на процедурите на ДНК ќе се изврши хармонизација на Резолуцијата на Советот од 9 јуни 1997 година за размена на резултати од анализи на ДНК (97/C 193/02) и Резолуцијата на Советот од 25 јуни 2001 година за размена на резултати од анализи на ДНК (2001/C 187/01) со изготвување на законска и подзаконска регулатива во која ке бидат инкорпорирани решенијата од предметните ЕУ мерки.

**Институционална рамка**

Завршување на Проектот за воспоставување и операционализирање на ILECUs единицата.

За успешна имплементација на Законот за кривична постапка ќе се спроведе едукација и обуки на сите релевантни субјекти која ќе ги ги вклучува: јавните обвинители, судиите од кривичните оддели, советниците во јавните обвинителства, како и советниците во судовите кои работат во кривичните оддели ,претставниците на правосудната полиција во Истражните центри (претставници од МВР, Финансова полиција и Царинска управа),кандидати за судии и јавни обвинители од Академијата за судии и јавни обвинители –учесници во почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители.

Истовремено ќе се спроведе и обука на останатите целни групи кои имаат директна врска со Законот за кривична постапка, како: полициски службеници–оперативни работници од Криминалистичка полиција, оперативни работници од Криминалистичка техника и раководни работници во Полиција (униформирана полиција),полициски службеници од Криминалистичка полиција - Оддел за организиран криминал полициски службеници – високи раководни работници, претставници на Финасиска полиција,претставници на Царинска управа ,адвокати Обуката ќе се реализира во неколку

дела, како базична обука (која ги опфаќа најзначакните измени на ЗКП) и специјализирана обука која ќе се спроведува по посебни модули, според различна методологија.

За успешно спроведување на новиот Закон за кривична постапка, со сите предвидени измени, предвидено е зајакнување на капацитетите на сите релевантни субјекти вклучени во неговото спроведување во практика. Тоа значи дека ќе се изврши јакнење на човечките, техничките, просторните и материјалните ресурси.
Целосно ќе се реализира Проектот за воспоставување Национална разузнавачка база на податоци. Од 01 јануари 2012 година ќе започне примената на Законот за национална криминалистичко разузнавачка база на податоци.

3.24.7 **БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Усвоена е **Национална стратегија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам**. Како среднорочен стратешки документ Националната Стратегија ја програмира имплентацијата на планираните мерки и активности во период од 2009 до 2011 година. За реализирање на утврдените цели, предвидени се активности во насока на: хармонизирање на законската регулатива, институционална надградба, ефикасен систем на меѓуинституционална соработка, зајакнување на меѓународната соработка и подигање на јавната свест за неопходноста од превземање на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Со реализацијата на планираните активности се очекува да обезбеди поефикасен систем на спречување на перење пари и финансирање на тероризам во РМ,

Ратификувана е **Конвенцијата на Советот на Европа против перење пари**, **за претрага**, **заплена и конфискација на приходи од кривични дела и финансирање на тероризмот**.

**Донесени се измени на Кривичниот законик** со кои се врши усогласување со Конвенцијата за превенција на тероризмот на Советот на Европа, Меѓународната Конвенција за спречување на финансирање тероризам и Рамковната одлука на Советот од 13 јуни 2002 година за борба против тероризам (32002F0475). Со новите измени и дополнувања се врши дополнување на кривичното дело „Тероризам“ од Кривичниот законик со што се проширува описот на делото и се инкриминираат повеќе дејствија за извршување на кокретното кривично дело. Се дополнува кривичното дело – „Финансирање на тероризам“ од Кривичниот законик и притоа, се заострува казната кога делото е сторено од група или банда, се предвидува одговорност на службените лица кога ќе преземат дејствија спротивно на постапката за спречување на финансирање на тероризам, се предвидува одговорост кога делото е сторено од небрежност и се следи дикцијата на членот на овој закон да не се наведуваат облиците за кои одговара правното лице.

**Донесен е Законот за внатрешни работи** со кој:

- се предвидени одредби кои значат јасно и прецизно дефинирање надлежноста на Управата за безбедност и контраразузнавање и Бирото за јавна безбедност и избегнување на можноста за нивно преклопување кога се работи за организираниот криминал и мерките и активностите кои ги преземаат овие два органа за спротивставување на истиот,

- се уредува прашањето за **парламентарниот надзор** и контрола над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање. Имајќи го во предвид значењето што го има парламентарниот надзор и контрола врз работата на безбедносните и разузнавачките служби и агенции, како контролен механизам кој овозможува ефикасна заштита на уставно гарантираните слободи и права на човекот и граѓаниот во едно демократско општество, во новиот Закон за внатрешни работи се предвидува проширување на облиците на надзорот и контролата од страна на Комисијата на Собранието на Република Македонија надлежна да врши надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање, јасно се дефинираат механизмите на надзорот и контролата кои и стојат на располагање на оваа Комисија и обврските што ги има Управата за безбедност и контраразузнавање во поглед на овозможувањето на работата на парламентарната комисија.

На овој начин се постигнува баланс помеѓу остварување на јавниот интерес за заштита на безбедноста на државата преку користење на посебни мерки од страна на безбедносната служба и овозможување на заштита на слободите и правата на граѓаните од евентуално пречекорување на законските овластувања на безбедносната служба преку механизмот на парламентарна контрола врз нејзината работа.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**
Програма „Национална безбедност и борба против тероризам„ чија цел е продолжување и интензивирање на активностите на меѓународен план на Управата за безбедност и контраразузнавање како активен чинител на борбата на меѓународната

заедница против тероризмот. Наведената програма е составен дел од Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи 2009-2011.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Управата за безбедност и контраразузнавање** во текот на 2009 година го интензивира нивото на меѓународна соработка како на билатерален така на мултилатерален план.

На **билатерален план** успешно продолжи веќе отпочнатата соработка со 27 странски служби за безбедност и разузнавање, а се интезивира и соработката со 8 други странски безбедносни и разузнавачки служби со кои ваква соработка беше воспоставена во 2008 година. Оваа соработка која се остварува како интезивна размена (проверка) на сознанија од безбедносен интерес со цел превентивно делување и преземање на заеднички мерки за решавање на безбедносните проблеми заради подобрување на безбедноста на национално, регионално и глобално ниво, во последниот период добива една нова квалитативна димензија која значи воспоставување на практика на редовна размена на аналитички материјали од заеднички интерес за земјите кои ја остваруваат соработката.

Соработка со НАТО, односно со NOS (НАТО цаеларија за безбедност), ILU ( Разузнавачка единица за врски) и TTIU (Разузнавачка единица за терористички закани) се одвива и понатаму преку редовна размена разузнавачки информации од заеднички интерес, а со цел спречување на терористички закани насочени кон НАТО, земјите членки на Алијансата, Република Македонија и други земји.

Соработка со Комитетот за борба против тероризмот на Советот за безбедност на ОН формиран со Резолуцијата 1373 (2001) донесена непосредно по терористичките напади на САД од 11 септември 2001 продолжува и понатаму со доставувањето на редовните и ad hoc извештаи за преземените мерки и активности од страна на Република Македонија во спротивставувањето на тероризмот.

На **мултилатерален план** во текот на 2009 година Република Македонија преку активното членување на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање во Конференцијата на разузнавачките служби на Југоисточна Европа (SEEIC) и Средноевропската конференција (MEC) учествува во усогласувањето на интересите и и формирањето на заедничка стратегија на земјите членки на овие конференции за превенција и спротивставување на заканите кои произлегуваат од меѓународниот тероризам.

Во соработка и со помош на странските безбедносни служби со кои Управата во изминатиот перид беа реализирани низа обуки и семинари насочени во неколку правци односно теми:

- механизми, постапки, современи методии средства за спротивставување на тероризам и терористички активности, спречување на терористички организации, одбрана од бомбаши самоубијци итн;
- финанасиска истрага, подобрување на механизмите за борба против финансирањето на тероризмот, механизми за откривање на перење на пари и други приноси од казниво дело;
- подигање на ниво на контраразузнавачка заштита особено во правец на спроведување на безбедносните проверки во постапката за добивање на сертификати за пристап кон класифицирани информации.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се донесе **Закон за безбедносно-разузнавачките служби на Република Македонија**, со кој ќе се дефинира системот на националната безбедност, положбата, улогата и овластувањата на безбедносните и разузнавачките служби и агенции во Република Македонија, нивната меѓусебна координација и соработка и соработката на овие органи во меѓународни рамки. Со наведениот закон ќе се изврши квалитативно прилагодување на безбедносниот систем на Република Македонија на европските стандарди. Истовремено ќе се изврши дооформување на правната рамка преку донесување на подзаконските акти кои ќе произлезат од Законот за безбедносно-разузнавачките служби како и усогласување односно измена на постоечките подзакоснките акти на Управата за безбедност и контраразузнавање.

Донесување на **измени на Законот за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам** со кој ќе се изврши потполно усогасување на одредбите од овој закон со Третата директива на ЕУ за спречување на користење на финансискиот систем со цел перење пари и финанасирање на тероризам од 2005 година (2005/60/ЕС), Директивата на Комисијата 2006/70/ЕС за дефинирање на „политички експонираните личности„ за техничките критериуми за поедноставена анализа на клиентот и ислучоци за финансиските активностите кои се извршуваат повремено, 40-те препораки на ФАФТи 9-те Специјални препораки на ФАФТ за спречување на финанасирање на тероризам. Со овие измени

ќе се изврши усогласување на дефиницијата на поимот „Финансирање на тероризам„ со онаа употребена во Кривичниот законик на Република Макеоднија.

Ќе биде ратификувана Конвенцијата за присилно исчезнати лица.

Склучување на Оперативен договор со ЕВРОПОЛ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на зајакнување на институционалните капацитети за борба против тероризмот во 2010 ќе се превземат следните активности:

- Формирање на Координативно тело за безбедност
- Преземање на зајакнати мерки и активности за контраразузнавачка заштита на ДКП на РМ во странство со цел подобрување на нивото на безбедност и заштита на дипломатско- конзуларните претставништва на Република Македонија во странство од активности на странски разузнавачки служби.
- Намалување на можноста од нарушување на безбедноста на класифицираните информации.
- Дооформување на системот на антитерористичка заштита на објекти
- Материјално-техничко опремување на единицата за антитероризам и деминирање и обуки за припадниците на единицата за антитероризам и деминирање како и за МВР и другите институции од аспект на антитерористичката заштита со цел добро воспоставен систем на антитерористичката заштита на објектите од витален интерес за Република Македонија како и материјално – технички опремена единица со обучен персонал
- Имплементирање на системот за разузнавачката анализа во создавањето на аналитичките и други видови на материјали и изготвување на упатство за начинот на создавање и дистрибуција аналитички и други видови производи на разузнавачката анализа.
- Спроведување на планот на активности кои произлегуват од членството во SEEIC и MEC
- Зајакнување на билатерална соработка со безбедносни служби на други земји

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

По потпишувањето на Оперативен договор со ЕВРОПОЛ, ќе се регулира начинот на соработка и размена на податоци во врска со истраги за терористички дела, согласно Одлуката на Советот за размена на информации и соработка за кривичните дела тероризам (32005D0671), од 20 септември 2005 година.

Тргнувајќи од новата правна рамка за дејствување на безбедносниот систем, Република Македонија во идниот период и понатаму ќе ги зајакнува своите институционални и оперативни капацитети особено во поглед на справувањето со асиметричните закани кои произлегуваат од меѓународниот тероризам како основа за засилување на нејзиното учество и придонес во борбата на меѓународната заедница против тероризмот, при што размената на информации и соработката во меѓународни рамки останува еден од главните приоритети. Во таа насока ќе бидат преземени следниве активности:

- Формирање на Антитерористички центар, како форма на усогласување и координирање на активностите на надлежните органи за борба против тероризмот, во кој ќе партиципираат Министерството за внатрешни работи преку Управата за безбедност и контраразузнавање, специјалните единици и Граничната полиција, Јавното обвинителство, Министерството за одбрана и АРМ, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии преку Управата за спречување на перење на пари и финасирање на терорииризам и Царинската Управа и Министерството за правда
- Институционално оформување на Центарот за безбедносна и антитерористичка обука во рамките на постоечкиот Центар за обука на Министерството за внатрешни работи,
- Натамошно унапредување и интензивирање на соработката на безбедносно-разузнавачките служби во меѓународни рамки како на билателарно така и на мултилатерално ниво.
- Техничко и материјално опремување на новите инаституции кои ќе настанат со Законот за безбедносно-разузнавачките служби како основа за нивно поефикасно дејствување во рамките на нивните законски надлежности.

3.24.8 **БОРБА ПРОТИВ ДРОГА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во насока на имплементација на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции (Сл.весник на РМ 103/08) донесени се седум подзаконски акти. (види легислативен анекс). Изготвени се и Водич за третман на лица зависни од

дрога, во терапевтски заедници, Список на правни лица за производство и промет на опојни дроги, психотропни супстанции и растенија од кои може да се добие опојна дрога,Упатство за пресметки на проценките на опојни дроги.

**Донесен е Закон за евиденција во здравството** („Сл. весник на РМ„бр. 20/09), со кој ќе се овозможи реална статистика (имајќи ги во предвид квантитативните и квалитативните индикатори). Законот е усогласен со: Директивата 95/46/ЕС за заштита на поединците во однос на обработката на личните податоци и на слободниот проток на таквите податоци (целекс бр. 31995L0046); Одлука на Комисијата од 15 јуни 2001 за стандардните клаузули за трансфер на лични податоци кон трети земји, во согласност со Директивата 95/46/ЕС (Целекс бр. 32001D0497) и Одлука на Комисијата од 27 декември 2004 година за изменување на Одлуката 2001/497/ЕС (Целекс бр. 32004D0915); ЕУ документи поврзани со статистичка доверливост.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Продолжи имплементацијата на Акцискиот план (за периодот од 2008-20012) во рамките на Националната стратегија, односно:

*.А. Намалување на побарувачката на дрога-* Спроведен е Европски проект за истражување на употребата на алкохол и дроги во училиштата – ЕСПА, со евалуација на резултатите до март 2009 години. . Целта на истражувањето беше да се обезбедат веродостојни податоци во однос на ставовите и однесувањето на младите во врска со легалните и илегалните дроги, со употреба на стандардизирани методологии, со што се овозможи споредба на добиените податоци со податоците од ЕСПАД истражувањето спроведено во 1999 година, како и со податоците од другите европски земји.На полето на превенција на дрога потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Министерството за наука и образование на Република Македонија и Амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија. Овој Меморандум ги поставува односите за соработка на полето на превенција на дрога на две Невладини Организации, една од Република Македонија (ХОПС), а другата од Холандија (ТРИМБОС). На полето на третман со дроги, отворен е центар за третман на зависност од дрога во рамките на Клиничкиот Центар во Скопје, Центар за третман во Кавадарци. Според податоците на службените лица нема листи на пациенти кои чекаат за третман. Потребно е воведување на систем на мониторинг на работењето на Центрите за третман во насока на потврдување на квалитетот на услугите и зачувувањето на безбедносните мерки. Воведен е препаратот Бупренорфин за третман на одредена група на зависности, во пробен период на третман на зависности во рамите на Клиниката за токсикологија, Клинички Центар Скопје.

*.Б. Намалување на снабдувањето со дрога*

Во согласност со одредбите на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции (Сл.весник на РМ 103/08) формиран е тим, претставен од инспекциите на Министерство за здравство – Биро за лекови;Министерство за внатрешни работи; Министерство за земјоделие; за повремени контроли, по укажана потреба или добиени сознанија, на полињата каде се одгледува афион (Papaver somniferum), особено во периодот на т.н. „индустриска зрелост„.

II **КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

3.1.1 **ПРАВНА РАМКА**

Во текот на првите 6 месеци од 2010 год ќе бидат изготвени Измените и дополнувањата на Законот за контрола на дрога и психотропни супстанции во поглед на:

- овозможување на правен основ за подзаконските акти со кои ќе се направи понатамошно усогласување со европското законодавство.[32]
- усогласување со насоките на Политичката декларација за дрога усвоена на Специјалното заседание на Генералното Собрание на Обединетите Нации март 2009 (UNGASS),
- промени во прекршочните санкции-
- ќе се изврши и дополнување на Законот во насока на давање на можност на примена на третмани за лекување на зависност од дрога и извршување на општокорисно работа како можен избор при сторен прекршок- поседување на мала количина на дрога (кое ќе сеутврди со законот), наместо веднаш затворска казна или плаќање на голема сума на парични средства во форма на глоба.

---

[32] Следните подзаконски акти се веќе подготвени, но потребно е да се обезбеди правен основ во законот:Правилник за формата и содржина на пријавата за производство на афион, книга за евиденција, договор за производство, како и поблиски критериуми за одгледување и откуп на афион,
Правилник за евиденција за видот и количината на одземените дроги, психотропни супстанции и растенија од кои може да се добие опојна дрога, како и за правните лица на кој им се предадени опојните дроги, психотропните супстанции и растенијата и за висината на надоместокот,
Правилник за Формата и содржината на евиденцијата на установите кои вршат медицинско истражувачка или научно-истражувачка дејност и на кои им е дозволено да одгледуваат, произведуваат, набавуваат, увезуваат, поседуваат и употребуваат супстанции и растенија класифицирани во листа I, II и III , и нивни препарати.
Правилник за критериумите за дозволено поседување на примероци на супстанции и растенија класифицирани во листа I, II и III, како и нивни препарати во количини неопходни за обавување на наставната и стручно-образовната дејност како и дејноста на судска медицина и анализа, дресирање на животни за откривање на опојните дроги на правни и физички лица кои вршат таква дејност.

На почетокот на  2010 година предвидено е донесување на преостанатите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции (Сл.весник на РМ 103/08):
- Листата на психотропни супстанции и нивните препарати кои се дозволени за користење при фаќање на животни,како и критериумите за нивна употреба
- Правилник за евиденцијата за одгледување на растенија од кои може да се добие опојна дрога за производство, вид и количина, чување, продажба, преработка, предавање или ставање во промет или било кое располагање со опојната дрога или психотропната супстанција
- Правилник за чување, постапување и уништување на одземената опојна дрога,психотропна супстанција и растение од кое може да се добие опојна дрога

Во текот на 2010 година ќе се утврди дали има потреба од донесување на Одлука за одредување на граничните премини преку кои е дозволено да се врши увоз,извоз и транзит на супстанции и растенија класифицирани во листа II и III,како и нивни препарати и Правилник за најголемата количина на супстанции и растенија класифицирани во листа на опојни дроги, психотропни супстанции, како и нивните препарати кои правното лице е овластено да ги држи во календарската година

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на јакнење на капацитетите за подобрување на системот на пробирање и евалуација на податоците за дрога и зависности од дрога (оперативен центар за дроги и зависности од дрога поврзан со Европскиот Центар за дрога и зависности од дрога во Лисабон)- потребно е изработување на софтвер – компјутерски програм во кои во 10 нивоа ќе се внесуваат податоците за дрогата и зависностите од дрога како од страна на одговорните министерства во оваа област, така и од центрите за третман, клиниките кои во делокругот на своите активности ги згрижуваат лицата зависни од дрога; институтите за судска медицина; но и базите на податоци на невладини организации вклучени во ова поле на делување. Софтверот ќе овозможи евалуација на податоците, отстранување на можно двојно прикажување, валидирање на постапките и процесите, со цел добивање на веродостојни мерливи вредности, како индикатори за состојбата.

Ќе се преземат активности за зголемување на свесноста и информираноста за дрогите на регионално и национално ниво, преку  семинари, работилници, кампањи.

Центарот за третман и намалување на штети од дрога ќе се назначи како координативен центар на сите центри на територија на РМ.

Предвидено е формирање на заеднички тимови на Министерство за здравство и МВР, кои ќе вршат обуки за имплементација на Законот за контрола на опојни дроги и Законот за прекурзори, за новите видови на дрога присутни на нелегалниот пазар и тоа на полициските служби низ Републиката како и претставниците на судската власт.

Предвидено е одржување на обуки работилници и семинари од областа на намалување на побарувачката на дрога (превенција, третман, социјална заштита, намалување на штети), како и повеќе едукативни и практични тренинзи за борба против диверзија на прекурсори од легални во нелегални канали, примена на посебни истражни мерки во борбата против НТ со дрога.

Ќе се потпише Меморандум за соработка помеѓу Министерството за наука и образование на Република Македонија и Амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија Соработката, финансиски подржана од Владата на Холандија, подразбира превентивни активности во т.н. „пилот„ училишта во градови во Република Македонија (Скопје, Тетово и Струмица); изготвување на Превентивни Програми, а потоа предложени за усвојување  до Владата на Република Македонија. Истовремено во рамките на соработката, се очекува изработка на прирачници за водење на обуки од страна на персоналот од училиштата, информативни материјали за разни видови дроги и последиците од нивна употреба, училишни протоколи и правила и наставни материјали.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Имплементација на Акциониот план за дроги 2008-2012.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Кадровско зајакнување на отворените Центри за Третман, намалување на штетите и тоа во Скопје, Тетово, Кавадарци, Штип, Битола, Гевгелија, Охрид, Битола, КПУ Идризово.

### 3.24.9 **ЦАРИНСКА СОРАБОТКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Види подетално Поглавје 29 Царинска соработка

Во март 2009 година донесени се измени и дополнувања на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон кои имаат за цел операционализација на Царинскиот закон во делот на воведување на концептот на Овластен економски оператор. Воведувањето на концептот на Овластен економски оператор е во насока на усогласување со Регулатива на ЕУ 648/2005 и 1875/06.

Во март 2009 година, Владата на Република Македонија донесе акционен план за пренесување на надлежностите за управување со акцизите на Царинската управа на целата територија на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Врз основа на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за финансии и Министерството за внатрешни работи, Царинската управа и Бирото за јавна безбедност (органи во состав на министерствата) потпишаа Протокол за соработка, со цел преземање на непосредни заеднички активности за заштитата на државните граници на Република Македонија, зајакнување на активностите за борба против корупција, спречување и откривање на организиран и други видови на криминал, создавање на услови за олеснување и забрзување на движењето на стока и патници, преку усогласено и координирано делување за поефикасно користење на расположивите материјални, технички, човечки и финансиски ресурси.

Воведен е Системот за видеонадзор, снимање и фотографирање на подрачјето на кое Царинската управа ги извршува своите функции, во реално време. Системот обезбедува поддршка на активностите на Царинската управа за откривање и спречување недозволена трговија и шверц на стока, заштита на здравјето на луѓето и животната околина, сузбивање на злоупотребата на службените овластувања и несовесно вршење на службените должности, забрзувањето на трговијата и транспортот и ефикасно отстранување на евентуалните застои, како и за обезбедување на вработените и имотот на Царинската управа.

Царинската управа на подрачјето на граничните и внатрешните царински испостави постави систем за автоматско препознавање на регистарски таблички на 132 коловозни ленти. Негова основна намена е контрола на протокот на возила, откривање и спречување на недозволена трговија и шверц на стока.

Со цел натамошно јакнење на капацитетот за борба против царински измами, во јуни 2009 година е воспоставен електронски систем за размена на разузнавачки информации и пораки помеѓу Одделението за разузнавање и граничните испостави. Администрирањето и употребата се уредени со Оперативна инструкција за користење на систем на електронска размена на разузнавачки пораки.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2010 година, активностите на Царинската управа на Република Македонија ќе бидат концентрирани на понатамошна хармонизација на законодавството и зајакнување на административниот капацитет за негова имплементација во насока на олеснување на трговијата, забрзување на царинските постапки, како и борба против прекуграничниот криминал,

Поединечните активности и динамиката на нивната реализација се во целосна зависност од анализата на експертите кои работат на трите проекти во рамки на Програмата ИПА 2007 Хармонизација на законодавството, јакнење на граничните контроли и ИКТ капацитетите на Царинската управа на Република Македонија.

Ќе се донесат измени и дополнувања на Законот за административни такси со кои се предвидува елиминирање на административните такси за царински декларации и уверение за движење ЕУР-1.

Ќе се изврши анализа на усогласеноста на Царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија бр.20/93; бр.63/95; бр.15/97; бр.21/98; бр.26/98; бр.86/99; бр.25/2000; бр.109/2001; бр.31/2001; бр.4/2002; бр.55/2002; бр.42/2003;

бр.39/2005 и бр. 4/2008 со Модернизираниот царински закон на ЕУ – MCC (EC No 450/2008) донесен од Европскиот парламент и Совет, кој ќе стапи на сила во јуни 2013 година, а зависи од почетокот на имплементацијата на „ Регулативата за примена на Модернизираниот царински закон на ЕУ".

Усовршување на законодавството и системот на целосната администрација на акцизите од страна на Царинската управа што ќе започне да се применува од 01.01.2010 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Успешната реализација на активностите предвидени со трите проекти во рамки на Програмата ИПА 2007. Јакнење на капацитетите за контрола на граничните премини како и јакнење на ИКТ капацитетите на Царинската управа на Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Со цел усогласување со Законот за кривична постапка ќе се извршат измени и дополнувања на Законот за Царинската управа.

Подготовка на текстот на новиот Царински закон со кој ќе се изврши усогласување на националното царинско законодавство со Модернизираниот царински закон на ЕУ – MCC (EC No 450/2008)

Ќе следува понатамошно усогласување со Acquis, особено со директивата 2008/118/ЕС и регулативата 2009/684/ЕС, како и со одлуката 1152/2003/ЕС со која е дадена правна рамка за развој на ЕМЦС (Контролен систем за движење на акцизите).

Активностите за промена на законодавството и информатичката структура за непречена имплементација на Новиот заеднички транзитен систем ќе се реализираат во рамките на програмата ИПА 2008, преку користење на техничка помош за воведување на Новиот компјутерски транзитен систем - NCTS преку „Проектот за интероперабилност на ИТ системот на Царинската управа со царинските системи на ЕУ .

Пред влезот во Европската унија, ќе се направи проверка на мрежата на билатерални договори за меѓусебна помош и соработка, кои се однесуваат пред се на трансферот на надлежностите од националните на европските институции. Делот од ингеренциите на државите кандидати кои се решени билатерално, со членството во ЕУ се решаваат на ниво на ЕУ, имајќи во предвид дека царинската унија е дел од Првиот столб - Европска Заедница. каде Европската Унија има ексклузивно право да донесува директиви и склучува меѓународни договори како правни акти на Унијата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Царинската управа својот напредок во насока на зајакнувањето на своите институционални капацитети ќе го реализира низ натамошно следење и усвојување на Европските стандарди и acquis, најдобрите пракси на земјите членки на ЕУ и релевантните меѓународни прописи и стандарди, како и усовршувањето на законодавството и системот на целосната администрација на акцизите од страна на Царинската управа што ќе започне да се применува од 01.01.2010 година.

3.24.10 **ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ЕВРОТО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Донесени се измени на Кривичниот Законик со кои е заострена политиката во однос на инкриминацијата на кривичното дело фалсификување на валута. Со наведените измени се врши усогласување со Рамковната одлука на Советот од 29 мај 2000 година (42000X0383) за зголемување на заштитата преку кривични казни и други санкции против фалсификување.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во организација на Европол и TAIEX во мај 2009 година во седиштето на ЕВРОПОЛ се одржа воведен состанок насловен како WeBTEG (Westrn Balkans and Turkey Expert Group). Целта на состанок беше формирање на експертска Работна група за борба против фалсификување на еврото во чија надлежност беа утврдени повеќе конкретни задачи, меѓу кои воспоставување на функционална информациска мрежа помеѓу полицијата, експертите од криминалистичка техника и правосудните органи. Вториот работен состанок е одржан во Драч – Албанија.

Народна Банка е надлежна институција во однос на фалсификувањето на националната валута- денар во чии рамки функционира Дирекција за трезорско работење, каде се врши експертиза на фалсификуваните односно сомнителни домашни пари.

Во Република Македонија не е пронајдена опрема за изработка и печатење на фалсификувани банкноти, по што останува констатацијата дека е само земја на транзит на фалсификуваните пари(евра) од изворот до земјите од Западна Европа.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**:
**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се донесат измени и дополненија на Закон за народна банка, а со цел воспоставување на правен основ за формирање на Национален аналитички центар за фалифицување на банкноти во рамките на Народна Банка на Република Македонија. По стапување на сила на измените и дополненијата ќе се пристапи кон донесување на подзаконски акт за утврдување на начинот на пријавување на фалсификати на евра и начинот на постапување при откривање на фалсификатите.

Во соработка со ЕВРОПОЛ ќе се изготви програма "Прирачник за методологија за откривање и документирање на фалсификувани пари``.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Формирање на Национален аналитички центар во рамките на Народна банка на РМ кој ќе биде надлежен за екпертиза и евиденција за сомнителните или фалсификувани евра и други странски валути, по што ќе следи соодветна обука на вработените за користење на истиот.

Во рамките на МВР ќе се превземат мерки и активности за воспоставување на база на податоци за фалсификувани банкноти, односно изготвување на информатичка поддршка по што ќе се создадат услови за имплементација на "Правилник за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата" (Сл.весник бр.78/07).
Ќе се изврши модернизирање на тековната опрема со која располага Одделението за испитување на спорни документи во Одделот за криминалистичка техника, во насока на обезбедување на работна станица за откривање на фалсификувани банкноти. Паричните средства во износ од околу 50.000,00 евра, ќе се обезбедат по пат на странска донација.

Единицата за борба против перење пари и економски организиран криминал ќе ги интензивира мерките и активностите со цел профилирање, откривање и идентификување на организирани групи на фалсификување на евро. Овие мерки и активности ќе се превземаат во континуитет.

Министерството за внатрешни работи во соработка со ЕВРОПОЛ ќе организира обука на 45 полициски службеници кои работат на проблематиката – заштита на еврото од фалисфикување Обуката ќе се одвива во периодот од прва половина од 2010 година.

Спроведување на обука на вработените во Одделението за испитување на спорни документи во Одделот за криминалистичка техника за користење на ново воспоставената опрема.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**:
**ПРАВНА РАМКА**
Следење на ЕУ законодавството и континуирано усогласување на националната легислатива.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**:
Континуирано следење на појавите на фалисфикувани банкноти на територијата на РМ и обука на вработените за успешно справување со профилирани криминални групи за изработка и дистрибуција на фалсикувани евра.

## 3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

### 3.25.1 ПОЛИТИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

**Тековна состојба**

**Правна рамка**

Активностите во областа на науката и истражувањето се одвиваат согласно Програмата за развој на научно-истржувачката дејност во Република Македонија 2006-2010.

Во 2009 година донесени се подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за научно истражувачка дејност (Службен весник на Република Македонија број 46/08 и 103/08) и тоа:

- Правилник за постапка и поблиски критериуми за финансирање и надзор на годишните програми за научно-истражувачка дејност на субјектите на научно-истражувачката дејност ("Сл. весник на РМ" бр.88/09)
- Правилник за начинот и постапката за финансирање на научно-истражувачки проекти односно програми ("Сл. весник на РМ" бр.82/09)
- Правилник за постапката и поблиските критериуми за софинансирање на издавачката дејност ("Сл. весник на РМ" бр.82/09)
- Правилник за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научно-истражувачки кадри ("Сл. весник на РМ" бр.82/09)
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на субјектите за научноистражувачка дејност. ("Сл. весник на РМ" бр.82/09)
- Правилник за начин и постапка за избор во повисоко научно звање ("Сл. весник на РМ" бр.82/09);
- Правилник за начин и постапка за предвремен избор во повисоко научно звање ("Сл. весник на РМ" бр.82/09)

Согласно Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој усвоени се следните подзаконски акти:

- Правилник за начинот на користењето на средствата за поттикнување и помагање на технолошкиот развој („Службен весник на РМ" број 81/2009) и
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на субјектите на технолошкиот развој („Службен весник на РМ" број 81/2009).

Имплементација на Програмата за развој на научно - истражувачката дејност во Република Македонија 2006-2010/ Инстутуционални зајакнувања

Согласно Законот за научно истражувачка-дејност формиран е Совет за научно-истражувачка дејност, како советодавно стручно тело на министерот составен од претседател и шест члена.
Надлежности на советот се: подготвување предлози и мислења за иницијативи во врска со програмите и проектите за меѓународна соработка, светските и европските трендови во научно-истражувачката дејност, како и предлагање мерки за нивно преточување во националните документи, развој на научно-истражувачката дејност на субјектите на научно-истражувачката дејност во согласност со потребите на РМ утврдени во развојните стратешки документи и Националната програма, бараните средства од Буџетот за реализација на годишните програми на научно-истражувачката дејност, изведување на внатрешната и надворешната евалвација на научно-истражувачката дејност и при подготвување на подзаконските акти кои ја уредуваат оваа материја, реализацијата на меѓународната соработка, и се грижи за создавање и одржување на базите на податоци за системот на научно-истражувачката дејност.

Научно истражувачки и развојни проекти -_На Конкурсот национални развојни проекти во 2009 година се пријавени 50 развојни проекти. Во тек е евалвацијата на предлог проектите.

Во насока на зајакнување на научно - истражувачките капацитети на државните универзитети и Јавни научни установи - научните институти, започнат е четиригодишниот проект за набавка на наставна и научно - истражувачка опрема за лаборатории. Во 2009 беа објавени вкупно 14 јавни повици за набавка на опрема за 251 лабораторија.

Во насока на поддршка на младите научно - истражувачки кадри во текот на 2009 година доделени се 118 стипендии за постдипломски и докторски студии. Исто така доделена е еднократна помош за изработка на магистерски и докторски трудови на 184 кандидати.

Со цел промоција на иновациското творештво обезбедена е финансиска поддршка од страна на МОН за организирање и одржување на МАКИНОВА 2009 - меѓународна изложба на пронајдоци, технички унапредувања, нови производи и

творештво на млади и  доделување на награди за најуспешни иновации на иноватори од универзитетите во Република Македонија.

Министерството за образование и наука обезбеди електронски пристап за државните универзитети на Република Македонија до 50 наслови на научни списанија со импакт фактор. Контрибуцијата која ја обезбедува МОН е 9000 долари годишно.

Во рамки на проектот  „Превод на книги од реномирани автори“, чија основна цел е подобрување на квалитетот на научната литература и достапност на врвна стручна литература од најреномираните светски универзитети на универзитетите во РМ, заклучно со 2009 година се преведени и испечатени 166 наслови, а одржани се 7 промоции и промовирани се 146 наслови.

Со учество на 35-то Генерално Собрание на УНЕСКО во октомври 2009 година  (Комисија за образование и Комисија за наука), иницирана е  поинтензивна проектна соработка во рамки на програмите на УНЕСКО.

**Краткорочни приоритети**
**Правна рамка**
1. Со цел подигање на квалитетот на научните истражувања и објавување на годишни конкурси, од страна на Советот за научно-истражувачка дејност предложени и се планира донесување на измени и дополнувања на следните подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за научно истражувачка дејност (Службен весник на Република Македонија број 46/08 и 103/08) :

- Правилник за постапка и поблиски критериуми за финансирање и надзор на годишните програми за научноистражувачка дејност на субјектите на научноистражувачката дејност ("Сл. весник на РМ“ бр.88/09)
- Правилник  за начинот и постапката за финансирање на научноистражувачки проекти односно програми ("Сл. весник на РМ“ бр.82/09)
- Правилник за постапката и поблиските критериуми за софинансирање на издавачката дејност ("Сл. весник на РМ“ бр.82/09)
- Правилник за начин и постапка за избор во повисоко научно звање("Сл. весник на РМ“ бр.82/09)
- Правилник за начин и постапка за предвремен избор  во повисоко научно звање ("Сл. весник на РМ“ бр.82/09)

Со цел финализирање на правната рамка за научно - истражувачка дејност во текот  на 2010 година се очекува да биде донесен Правилник за начинот и постапката на водење бази на податоци.

2. Донесување Национална Програма за научно - истражувачка дејност за период 2011-2015 година. Со Националната Програма ќе се утврдат развојните правци и  приоритетите на  научноистражувачката дејност во Република Македонија. Во оваа програма ќе се утврдат појдовните основи и целите, содржината и обемот на активностите во областа на науката и начинот на нејзиното координирање и спроведување, потребната истражувачка инфраструктура, начинот на финансирање на научно - истражувачката дејност, проекција за потребите  од кадри за науката и показателите за следење на ефикасноста на остварувањето на научно - истражувачката дејност, меѓународната димензија, поврзаноста со стопанството и институционалната мрежа.

3. Усвојување на  Програма за технолошки развој. Со овој стратешки документ  ќе се утврдат насоките на развој  на политиката во технолошкиот развој, приоритетните подрачја на развојните истражувања насочени кон развој на нови технологии, производи и услуги, подобрување на индустриското окружување, заштита и унапредување на животна средина, поттикнување на претприемништвото; промоција на европски стандарди во комуникација и информации, подобрување на институционалната образовно-научна и технолошка инфраструктура и др.

4. Донесување на акт со кој ќе се утврдат критериуми за основање на Центри за извонредност

<u>Активности за унапредување на научно истражувачка дејност и институционални зајакнувања</u>

1. Формирање на  Комисија за технолошки развој
2. Формирање на Национален комитет за научно-истражувачка дејност
3. Формирање на Одбор за етичност
4. Иинтензивирање на активностите за поддршка на иноваторството, унапредувањето и развој на технолошката инфраструктура преку  софинансирање на: изработка на прототипови, иновативни решенија, организирање на

традиционалната изложба на пронајдоци МАКИНОВА, доделување на наградата за најуспешна иновација од универзитетите

5. Унапредување на квалитетот на научно-истражувачките проекти преку поголемо вклучување на млади научно-истражувачки кадри
6. Продолжување со реализација на проектот „Превод на книги од реномирани автори, со отворање тендер за превод на нови 500 стручни и научни книги и учебници
7. Продолжување со реализација на активностите од Проектот за набавка на наставна и научно истражувачка опрема за лаборатори, со кој се планира зголемување и подобрување на истражувачките капацитети на Државните универзитети и Јавни научни установи - научните институти
8. Обезбедување финансиска поддршка за учество и организација на научни собири со цел продлабочување и унапредување на соработката со меѓународната истражувачка заедница
9. Обезбедување на финансиска поддршка за Студиски престои во странство на домашните научно - истражувачките кадри и престој на странски научни работници во РМ со цел зголемување и поттикнување на мобилноста
10. Поттикнување на развој на млади научно - истражувачки кадри преку доделување на стипендии за студии од втор и трет циклус во земјата и странство и доделување на средства за изработка на магистерски и докторски трудови. Целта на стипендирањето е создавање на млади научно - истражувачки кадри кои ќе придонесуваат во продлабочувањето и квалитетот на научните знаења и ефикасната примена на научно - истражувачките резултати

12. Зголемување на учеството на МОН во програмите за образование и наука на УНЕСКО преку објавување повик за пријавување на предлог проекти од областа на образованието (3) и науката(3) за проектниот циклус 2010-2011година

**Среднорочни приоритети**

1. Спроведување на активности предвидени со Законот за научно истражувачка дејност - прогласување на Научни центри за извонредност
2. Обезбедување финансиска поддршка за учество и организација на научни собири со цел продлабочување и унапредување на соработката со меѓународната истражувачка заедница
3. Обезбедување на финансиска поддршка за Студиски престои во странство на домашните научно - истражувачките кадри и престој на странски научни работници во РМ со цел зголемување и поттикнување на мобилноста
4. Унапредување на квалитетот на научно-истражувачките проекти преку вклучување на млади научно-истражувачки
5. Поттикнување на развој на млади научно - истражувачки кадри преку доделување на стипендии за студии од втор и трет циклус во земјата и странство и доделување на средства за изработка на магистерски и докторски трудови со цел создавање на млади научно - истражувачки кадри кои ќе придонесуваат во продлабочувањето и квалитетот на научните знаења и ефикасната примена на научно - истражувачките резултат
6. Продолжување со реализација на активностите од Проектот за набавка на наставна и научно истражувачка опрема за лаборатори, со кој се планира зголемување и подобрување на истражувачките капацитети на Државните универзитети и Јавни научни установи - научните институти
7. Продолжување со реализација на активности за поголемо учество на МОН во програмите за образование и наука, како и имплементација на заклучоците од светските конференции за образование и наука на УНЕСКО

### 3.25.2 **РАМКОВНИ ПРОГРАМИ**

**Тековна состојба**

Во периодот на известување се одвиваа континуирани активности за успешна имплементација на Меморандумот за разбирање за 7-ма Рамковна програма.

На повиците во 2009 година, беа поднесени 100 апликации од Република Македонија, од кои успешни се 11 проекти, со буџет од 1.151.390 евра, а на резервна листа чекаат уште 8 проекти (официјална статистика на Европската Комисија од јули 2009 година добиена преку ФП7 проектот WBC-INCO-NET.plus). Според интерната евиденција на Министерството за образование и наука одобрени се уште 3 проекти со вкупен буџет од 1 милион евра.

Со цел промовирање на можностите што ги нуди ФП7 програмата и информирање за актуелните повици беа организирани вкупно 7 инфо денови и работилници кои опфатија 600 учесници.

- 2 наменски инфо денови за Програмата за мобилност – People со цел промовирање и зајакнување на партнерството меѓу индустријата и академијата

- 1 Инфо ден посветен на актуелни повици од областите здравство, транспорт, животна средина, со посебен акцент на повиците за градење капацитети -REGPOT 2010. Целни групи на овие инфо денови и работилници беа индустрискиот сектор, малите и средните претпријатија и академија
- Институционални инфо денови и работилници одржани на Факултетот за земјоделски науки и храна, Технолошко-металуршкиот факултет, Ветеринарниот факултет, Републичкиот институт за јавно здравје, Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања со цел промовирање и информирање за претстојните повици од областа на јакнење на капацитети REGPOT, здравство, транспорт, животна средина како и презентација на Под – програмите Здравје, Биотехнологија, Наука во општеството и Здружени истражувачки центри (JRC)
- Во рамки на овие инфо настани беше презентиран и отворениот повик во рамки на ФП7 проектот SEE-ERA-NET.plus за пилот проекти од областа на заштитата на околината, Агро храна и информатички и комуникациски технологии. Како резултат на оваа активност пријавени се 80 учесници од РМ
- Агенцијата за електронски комуникации во рамки на ФП7 проектот "Ноќ на истражувачи" организираше низа настани за промовирање на науката и истражувачите. Беа одржани три форуми во Скопје, Штип и Битола насловени „ Како до поуспешно учество во ФП7" кои што ги модерираше Министерството за образование и наука. Централниот настан на која беа промовирани поголем број факултети, универзитети и мали и средни претпријатија се одржа во Битола

**Институционални зајакнувања**
Во функција на поквалитетно работење на мрежата на Национални контакт лица (НКЛ), направени се одредени кадровски промени. Листата брои 12 НКЛ кои ги покриваат сите релевантни приоритети и истите се номинирани за членови на Програмските комитети за 7-та Рамковна програма. Досега се одржани два координативни состанока. 4 Национални контакт лица работат во рамки на Одделението за меѓународна соработка во науката и 7- ма Рамковна, програма во Министерство за образование и наука.

Номиниран е нов претставник од Република Македонија во Бордот на Гувернери на Здружените Истражувачки Центри на ЕК за истражување и развој (JRC) со што се зајакнува нашето учество во истата. Во тек е процес на идентификување на научно-истражувачки институции од Република Македонија кои ќе остварат институционална соработка со лабораториите и институтите на JRC .

**Краткорочни приоритети**
1. Продолжување на активностите за презентација на можностите од 7-мата Рамковна програма и на степенот на подготвеност и обученост на научната јавност за подготовка на предлог проекти од 7-мата Рамковна програма преку организирање семинари, Инфо - денови, обуки и презентации со кои ќе бидат опфатени државните и приватните универзитети, јавните и приватните научни установи, малите и средни претпријатија и самостојните истражувачи – најмалку 10 работилници и 1- 2 Инфо - денови
2. Интензивирање на презентацијата и промовирање на програмата на национално ниво во рамки на локалната самоуправа во Република Македонија – одржување најмалку 6 работилници
3. Преземање мерки и активности во насока на зголемено учество на приватниот сектор во ФП7
4. Континуирана дисеминација на информации за 7-мата Рамковна програма со цел обезбедување транспарентност на повиците од програмата - одржување најмалку 6 работилници
5. Продолжување на активности во насока на зголемено учество во PEOPLE програмата и подобрување на резултатите од учеството во оваа програма
6. Зголемен број на проекти во 7-та Рамковна програма со концентрација на тематски области - здравје, храна, животна средина, информатичко комуникациски технологии, транспорт, енергија
7. Активно учество и придонес во реализација на проектот WBC-INCO-NET plus, кој претставува поддршка на земјите од Западен Балкан за поголемо учество во 7ма Рамковна Програма и зајакнување на капацитетите на мрежата на НКЛ
8. Обука на НКЛ (12) за поквалитетно работење, во соработка со партнери од регионот – 1- 2 обуки
9. Обуки за подготвување на предлог проекти наменети за истражувачите
10.Активно учество на претставниците на Министерството за образование и наука во подготовка на Регионална стратегија за истражување и развој за земјите од Западен Балкан, во рамките на WBC-INCO-NET.plus проектот
11.Квантитативно и квалитативно зголемување на учеството во оваа Програма, до крајот на 7-мата Рамковна програма, 2013 година

**Институционално зајакнување**
1. Кадровско зајакнување на Одделението за меѓународна соработка во науката и 7- мата Рамковна програма со 3-4 нови лица.

**Среднорочни приоритети**

1. Континуирана дисеминација на информации за 7-ма Рамковна програма со цел обезбедување поголема информираност и транспарентност за можностите што ги нуди ФП7 со посебен акцент на актуелните повици преку организирање семинари, Инфо денови, обуки и презентации со кои ќе бидат опфатени државните и приватните универзитети, јавните и приватните научни установи, малите средни претпријатија, самостојните истражувачи и локалната самоуправа ( најмалку 20 работилници и 4 Инфо денови)
2. Активно учество на претставниците на Министерството за образование и наука во подготовка на Регионална Стратегија за истражување и развој за земјите од Западен Балкан, во рамките на WBC-INCO-NET.plus проектот
3. Континуирани активности и придонес за реализацијата на проектот WBC-INCO-NET.plus, поддршка на земјите од Западен Балкан за поголемо учество во 7мата Рамковна програма и зајакнување на капацитетите на мрежата на НКЛ.
4. Презентирање и промоција на можностите кои ги нудат Истражувачките центри на JRC пред научно истражувачката заедница на РМ со цел нивна поголема искористеност
5. Квантитативно и квалитативно зголемување на учеството во оваа Програма, до крајот на 7-мата Рамковна програма, 2013 година

### 3.25.3 **ЕВРОПСКИ ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОСТОР**

**Тековна состојба**

Со цел зајакнување на истражувачкиот потенцијал и истражувачките капацитети за поуспешно интегрирање во Европскиот Истражувачки Простор, Министерството за образование и наука продолжува успешно да ги реализира и проширува своите активности во рамки на Европските програми за истражување и развој: ФП7, КОСТ; ЕУРЕКА; ЦЕРН; МААЕ.

Во функција на наш поголем придонес во креирањето на политиките и определувањето на идните насоки на развојот на ЕРА номинирани се претставници во најзначајните тела на Европската Комисија како што се :

- Комитет за научно техничка истражувања - CREST
- Европски стратешки форум за истражувачка инфраструктура - ESFRI
- Работна група за човекови ресурси и мобилност - SGHRM

Зајакнато е учеството на МОН во активностите во проектите SEE- ERA-NET.plus, WBC- INCO-NET.plus.

**Проектот** SEE ERA NET plus започна со имплементирање во април 2009 и е со вкупен буџет од 3.506.525 евра. Проектот е на база на софинансирање, 2/3 од учесниците на Проектот и 1/3 од Европската Комисија. Министерството за образование и наука на РМ ќе го поддржи Проектот со 100.000 евра придонес.

Целта на проектот е поддршка на интеграцијата на земјите од Западен Балкан и нивните научни заедници во Европскиот Истражувачки Простор (ЕРА) преку зајакнување на координацијата на билатералната и регионалната соработка и нејзино подигнување на европско ниво.

Во рамки на проектот во септември 2009 година, објавен е заеднички повик за финансирање на заеднички научно - истражувачки проекти во износ од 150.000 евра, со времетраење до две години. На Повикот беа пријавени вкупно 190 предлог проекти. Од Република Македонија има 80 пријави, што претставува трето место по број на апликации од вкупно 14 земји-партнери.

Повикот ги опфати следниве тематски целини:
1. Информатичка технологија
I) Софтвер систем за менаџмент и поддршка на процесот на учење
II) ИКТ за енергетска ефикасност
2. Агро храна
III) Заштита на автохтони видови и традиционални хранливи продукти (во земјите на Југоисточна Европа)
IV) Интердисциплинарна област: Влијание на аграрното искористување на почвата врз биодиверзитетот

WBC-INCO-NET.plus Основна цел на проектот е да обезбеди поддршка на би- регионалниот дијалог помеѓу Европската Унија, придружните ФП7 земји и земјите од Западен Балкан, како и да го подобри учеството на истражувачите од регионот во Европските научно- истражувачки проекти. Учеството на РМ во овој проект е обезбедено преку активна работа во Работната Платформа за истражување за земјите од Западен Балкан.

Министерството за образование и наука ги продолжува своите континуирани активности и придонес за успешна реализацијата на проектот WBC-INCO-NET.plus, за што се извршени одредени кадровски измени.
- Идентификувани се 5 центри на извонредност кои што се вклучени во базата за инфраструктури на WBC INCO-NET plus
- Започнат е процес на подготовка на Регионална Стратегија за истражување и развој за земјите од Западен Балкан ( номинирани се претставници од РМ за подготовка на истата).

- Дефинирани се приоритетите и под- приоритетите во областа на здравството, животната средина, транспорт, информатички и комуникациски технологии и агро - храна.

Утврдени регионални приоритети:
Во рамките на приоритетот - животна средина утврдени се следниве под - приоритети:
1. Еколошки базиран систем за управување со обновливи извори
2. Еколошки ризици во областа на културно наследство - подготовка на стратегија за заштита за Западен Балкан
3. Биодиверзитет
4. Здраво производство / еколошки технологии
5. Одржливо управување со природни ресурси
6. Климатски промени

Во рамките на приоритетот - Здравје утврдени се следниве под - приоритети:
1. Онкологија
2. Кардиоваскуларни заболувања
3. Јавно здравство
4. Ментално здравје
5. Инфективни болести

Во рамките на приоритетот - транспорт утврдени се следниве подприоритети:

1.Влијанието на површинскиот транспорт врз животната средина и безбедноста
2. Нови материјали и структури – производство на побезбедни и еколошки средства за транспорт
3. Патнички и товарен интермодален транспорт и оптимално користење на разни превозни средства
4. Користење на современи симулации во Транспортните системи
5. Користење на ИКТ во интелигентни транспортни системи

Изготвено е дополнување на проектот WBC-INCO-NET.plus со нов работен пакет за иновативност и конкурентност во кое е вклучено Министерството за економија и номинирани се претставници од истото.

**Билатералната соработка – тековна состојба**
Во рамките на билатералната соработка во текот на 2009 година од страна на МОН се потпишани: Програмата за соработка со Министерството за наука, образование и спорт на Република Хрватска, Протокол од Второто заседание на Заедничката Комисија за научна и технолошка соработка со Народна Република Кина, Работна Програма за соработка во областа на науката и технологијата со Министерството за образование и наука на Република Австрија.
Распишани се Конкурси за билатерални научно - истражувачки проекти со:
- Република Хрватска, на кој се поднесени 24 предлог пријави за научно -истражувачки проекти и за 3 стипендии за додипломски студии за изучување на македонски јазик и литература. Реализирани се 2 стипендии за изучување на македонски јазик и литература;
- Република Словенија, на кој се поднесени 71 предлог пријава за научно -истражувачки проекти;
- Република Албанија, објавен е Конкурсот за доделување на стипендии. Одобрени се 10 после - дипломски и докторски стипендии;
- Република Бугарија, во тек е Конкурс за заеднички македонско - бугарски научно-истражувачки проекти за 2010 – 2012 година;
- Република Кина, прифатени се 3 проекти за финансирање. Објавен е Конкурсот за доделување на 6 стипендии од Влада на НР Кина за додипломски, после - дипломски, докторски и специјализација.
- Велика Британија - Британски фонд, објавен е Конкурсот за доделување на стипендии за стручно усовршување и специјализација во времетраење од 1 до 3 месеци, од страна на Британскиот фонд

**Мултилатерална соработка – тековна состојба**

Во рамки на мултилатералната соработка Министерството за образование и наука ги продолжува активностите за успешно реализирање на програмите и тоа:

COST – **Европска програма за соработка во науката и технологијата**
Во текот на 2009 година Република Македонија учествува во 12 акции од програмата COST. Со цел поуспешно реализирање на програмата COST, номиниран е нов Национален координатор и ново лице за административна поддршка на програмата.

**МААЕ** - **Меѓународна Агенција за атомска енергија** - Во текот на 2009 година во тек на реализација се 6 национални проекти од областа на примената на нуклеарни техники во медицина / ветеринарна медицина, земјоделие и хидрологија, заштитата на животната средина и културното наследство. Од особено значење е проектот „Формирање на дијагностички центар за ПЕТ (позитрона емисиона томографија), кој треба да прерасне во Регионален центар. Покрај тоа, Република Македонија учествува и во 23 тековни регионални проекти на МААЕ во рамки на кои упатени се околу 50 стручњаци на обука во реномирани европски центри.

**ЕУРЕКА** – **Европска мрежа за зајакнување на европската конкурентност преку индустриско истражување и развој и промоција на пазарно ориентирано истражување базирано на соработка** – МОН континуирано продолжи со активностите во рамки на истражувачкиот и бизнис секторот, преку предлагање на иновациски и развојни проекти, со можност за нивна имплементација во соработка со партнери од земјите членки на ЕУРЕКА

Во 2009 година, МОН поддржа 3 развојни проекти со времетраење од 2 и 3 години, каде од буџетот на РМ се финансирани до 30 % од вкупната вредност на проектите, а останатите 70 % се финансирани од стопанството.
Со цел зајакнување на капацитетите на канцеларијата за врски со ЕУРЕКА програмата МОН номинираше претставник од Република Македонија во Групата високи претставници на земјите членки (HLG).

**ЦЕРН** - **Европска организација за нуклеарни истражувања** - Во април 2009 година Владата на РМ склучи Спогодба за соработка со ЦЕРН во областа на физиката на елементарните честички. За таа цел МОН презеде активности за формирање на канцеларија за врски со ЦЕРН

**Краткорочни приоритети**

- Номинирање на претставници од Република Македонија во работните тела на Европскиот истражувачки простор
  - Стратешки форум за меѓународна соработка
  - Комитет за политики на грантови
- Промовирање и интензивирање на мобилноста на истражувачите преку афирмирање на постојните програми за мобилност (Програмата People, билатерални и мултилатерални програми за размена на истражувачи), одржување Инфо - настани, дисеминација на информативни материјали и др.
- Имплементација на WBC INCO-NET plus и SEE ERA NET plus со цел зголемено учество на научната јавност од Република Македонија во ЕРА, преку одржување на соодветни обуки и презентации
- Презентирање на проектите WBC INCO-NET plus, SEE ERA NET plus пред научноистражувачката јавност, со цел поголема транспарентност и дисиминација на информациите и резултатите кои произлегуваат од реализација на проектите
- Имплементирање на дефинираните регионални приоритети усогласени со приоритетите во ФП7 (транспорт, животна средина, медицина, агро храна, информатички технологии) и промоција на компетитивните истражувачки центри кои би биле не само потенцијални партнери туку и домаќини на значајни научно-истражувачки настани и активности во рамки на WBC INCO-NET plus

- Континуирана дисеминација на информации за 7- мата Рамковна програма со цел обезбедување поголема информираност и транспарентност на можностите што ги нуди Програмата со посебен акцент на актуелните повици и зголемување на учеството во истата.

**Приоритети предвидени во рамките на зајакнување на билатералната и мултилатералната соработка**:

- **Спогодби за соработка во областа на науката и технологијата**
  - Потпишување на Спогодби за соработка во областа на науката и технологијата со: Чешка, Словачка , Полска, Црна Гора, Косово и Турција
  - Потпишување на Работни програми (двегодишни) за соработка во областа на науката и технологијата помеѓу Република Македонија и Бугарија, Италија, Албанија
  - Имплементација на Работни програми преку распишување на конкурс за соработка во областа на науката и технологијата помеѓу Република Македонија со Австрија Франција

- COST - Зголемување на учеството на научно - истражувачката јавност во COST акциите преку одржување на инфо денови за COST, континуирана дисеминација на информации за отворените акции за соработка

- **МААЕ** - Финализација на Рамковната спогодба за техничка соработка меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за период 2010-2015 година, во која ќе се дефинираат приоритетните области за соработка

- Учество во изработка на конечната верзија на Стратегијата за техничка соработка на МААЕ со земјите од европскиот регион за период 2010-2015 година Организирање на национални и регионални курсеви за заштита од јонизирачко зрачење. Подготовки за Проектниот циклус 2011-2013 година.

- **ЕУРЕКА** - Подигање на свеста за можностите на ЕУРЕКА програмата и на степенот на подготвеност и обученост на научната јавност и на субјектите од бизнис заедницата. Оваа цел ќе се реализира преку Инфо - денови, обуки и презентации со кои ќе бидат опфатени мали и средни претпријатија, големите компании, истражувачките центри, универзитетите и јавната администрација. Исто така еден од приоритетите е и утврдување на буџет кој ќе биде наменет за поддршка на поднесените предлог проекти

- **ЦЕРН** – Во текот на 2010 година ќе се обезбеди учество на 5 кандидати за период од 3 месеци во рамки на програмата за студенти и 10 наставници по физика за период од 10 дена. Исто така изразена е подготвеност Република Македонија да биде домаќин на две летни школи во организација на ЦЕРН. На веб страницата на Министерството за образование и наука ќе биде воспоставен посебен линк за можностите што ги нуди ЦЕРН

**Среднорочни приоритети**

1.Подготовки за промоција и имплементација на 8-та Рамковна Програма

2. Зголемено учество во ЕУРЕКА Програмата преку одржливи пазарно ориентирани проекти во насока на економскиот развој на земјата.

3.Континуирано информирање за COST и зголемување на број на учества во COST акциите

## 3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА

### 3.26.1 ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА И МЛАДИ

**ЛЕГИСЛАТИВНА РАМКА**

Донесени се Законот за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието, Законот за изменување и дополнување на Законот за Државниот испитен центар, Законот за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција и Законот за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука кои се однесуваат на подобрување на квалитетот во образованието преку само - евалвација и интегрална евалвација на училиштата и воведување екстерно проверување на знаењата на учениците во основното и средното образование.Измените и дополнувањата на Законот за основно образование и Законот за средно образование кои се подготвени за истата цел се во собраниска постапка.

Беа подготвени дел од подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за основно образование и Законот за средно образование.

Бирото за развој на образованието во текот на 2009 година изработи 35 наставни програми за деветгодишното основно училиште, 40 наставни програми за деца со посебни потреби за II одделение и 30 наставни програми за основното музичко и балетско образование за II одделение.

<u>Инстуционални зајакнувања</u>

Се реализираа следните инвестициски проекти

- основано е ново општинско средно училиште во општина Македонска Каменица
- изградени се пет нови и реконструирани 73 училишта во соработка со Швајцарската Агенција за Развој и УСАИД
- изградено едно средно училиште во Скопје
- реализиран Проектот за санација на санитарните јазли со кој беа опфатени 365 основни и средни училишта
- набавени дополнителни 50000 клупи и 100000 столчиња за потребите на училиштата
- реализиран Проектот за електрично и компјутерско мрежно поврзување во сите подрачни училишта
- активности во насока на подигање на капацитетите на училиштата за ефикасно користење на човечките и финансиските ресурси во услови на децентрализирано функционирање на основното и средното образование

Формиран е Државниот испитен центар (ДИЦ) и конституиран Управниот одбор кој именуваше вршител на должноста директор на ДИЦ.

Во организација на Бирото за развој на образованието во 2009 година се реализираа обуки на наставниците по новите наставни програми за основно образование, семинари за изборните предмети во основното образование преку кои беа обучени повеќе од 10.000 наставници. Беа реализирани семинари за описно и комбинирано оценување за наставниците од I до IV одделение преку кои беа обучени повеќе од 2500 наставници.

Преземени се мерки за намалување на бројот на ученици кои рано го напуштаат образованието: соработка со МТСП, учество во изработка на Протокол за деца на улица, учество во активности за изработка на Прирачник за недискриминација со невладината организација Национален Ромски Центар и Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на заедниците, учество во ОЕЦД истражување.

Преземени мерки за успешна реализација на реформите во образованието: бесплатни учебници за учениците во основното и средното гимназиско образование, бесплатен превоз за учениците од основното и средното образование и бесплатно сместување во ученички дом за ученици кои учат во место различно од местото на живеење.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

<u>Легислатива</u>

1. Подготовка и донесување на Правилник за начинот на организирање и спроведување на екстерното проверување на учениците во основните училишта, начинот на формирање и работење на училишната комисија, тајноста на материјалот за екстерно проверување, начинот и постапката на проверување на тестовите од училишната комисија, како и формата и содржината на извештајот - подзаконски акт од Законот за основно образование
2. Подготовка и донесување на Правилник за начинот на организирање и спроведување на екстерното проверување на учениците во средните училишта, начинот на формирање и работење на училишната комисија, тајноста на материјалот за екстерно проверување, начинот и постапката на проверување на тестовите од училишната комисија, како и формата и содржината на извештајот - подзаконски акт од Законот за средно образование
3. Подготовка и донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието, Законот за изменување и дополнување на Законот за Државниот испитен центар, Законот за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција и Законот за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука:

- Правилник за процедурите за тајноста на подготовката, печатењето, дистрибуцијата, чувањето и оценувањето на испитниот материјал за екстерното проверување на постигањата на учениците во основното и средното образование
- Упатство за вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставникот и стручниот соработник во основното училиште
- Упатство за вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставникот и стручниот соработник во средното училиште

4. Подготовка и донесување Концепција за гимназиско образование
5.Континуирано активност на работните групи за изработка на Национална Рамка за квалификации формирани во рамките на CARDS проектот за Доживотно учење – техничка поддршка на МОН
6.Изработка на нови наставни програми од страна на Биро за развој на образование за: предметите во гимназиско образование, уметничко образование, општообразовните предмети во стручно образование (вкупно 100 нови наставни програми), нови наставни програми за децата со посебни образовни потреби за основното и средното образование, нови наставни програми за основно музичко и балетско образование.

Институционално зајакнување
1. Отворање на три средни училишта – гимназии
2. Реконструкција и санација на 35 основни и средни училишта
3. Продолжување со изградба на 4 основни и едно средно училиште
4. Отпочнување со изградба на 4 основни и 3 средни училишта
5. Континуирана поддршка на основните училишта со преку Проектот Модернизација на образованието.
По завршување на прва фаза на грантови во износ од 6 милиони евра во која сите училишта добија грант, доделувањето на грантовите во втората фаза е на натпреварувачко ниво. Грантовите ќе бидат достапни на 246 основни училишта и се планира да се инвестира сума од 2,6 милиони евра за остварување на образовни цели. При ова училиштата ќе имаат на располагање да избираат меѓу обуки за наставници, набавка на добра и помали градежни работи. За обука на наставници ќе се инвестираат дополнителни 550 000 евра. Наставниците сами ќе избираат обука од каталог на акредитирани обучувачи.
6. Одржување обуки за вработените, учество во работни групи, учество на семинари, конференции, истражувања на национално, регионално и меѓународно ниво
7. Обезбедување Интернет конекција во сите училишта и студентски домови
8. Инсталирање на компонентата за човечки ресурси (HRM) и компонентата за ЕМИС во рамките на информатичкиот систем за образовен менаџмент во рамките на проектот Модернизација на образованието кое следи по испорачаната опрема
9. Обуки за кандидатите за директори на основни и средни училишта од страна на Државниот испитен центар
10. Продолжување на соработката со УСАИД во насока на реализација на проектот World learning и Спроведување на систем и програма за професионален развој на кадарот на Државниот просветен инспекторат (ДПИ)
11. Подобрување на контролата на квалитетот на работата на училиштата преку спроведување на интегрални евалвации согласно законот и програмата за работа (100 интегрални евалвации годишно) од страна на ДПИ
12. Подобрување на контролата на квалитетот во воспитно образовните установи, високообразовните установи, научните институти како и ученичките и студентските домови преку воспоставување на редовен систем на доставување на месечни извештаи
13.Учество во активностите/проектите на ЕТФ, ЦЕДЕФОП и други европски организации за регионална и меѓународна соработка со цел унапредување и споредливост на дејноста во основното и средното образование

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Легислативна рамка
1.Донесување на Закон за средно образование и транспонирање на директивата за Директивата на Советот 77/486/ЕЕЦ од 25 јули 1977, за образованието на децата на мигрантите
2.Подготовка на Национална Рамка на Квалификации
3.Континуирана изработка на 100 нови наставни програми за предметите во гимназиско образование, уметничко образование и општообразовните предмети во средното стручно образование од страна на БРО
4.Подготовка на упатства и инструменти за вршење на инспекциски надзори од страна на ДПИ
Институционални зајакнувања
1. Обука на претставниците на сите основни и средни училишта и општините за користење на опремата и апликациите за компонентата за човечки ресурси и ЕМИС
2. Изградба на 14 основни и 5 средни училишта
3. Продолжување на активностите на БРО во насока на стручно усовршување на наставниот кадар преку реализација на обуки за: описно, комбинирано и бројчано оценување на постигањата на учениците, реализација на новите наставни

програми од основното музичко и балетско образование, изборните предмети во основното образование, предметите во гимназиско и уметничко образование и општообразовните предмети во средното стручно образование, новите наставни програми за основното и за средно образование за деца со посебни образовни потреби
4. Отворање на интернет страница на ДПИ и објавување на резимеа од интегралните евалвации

**Стручно образование и обука**

Легислативна рамка

Беа донесени подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за стручно образование и обука.

Изготвена е Методологија за изработка на стандарди на занимања со поддршка на Проектот на Британски Совет – " Вештини за вработување"
Изготвени програмски документи за 4 образовни профили во стручното образование и обука.

Изготвени 897 стандардизирани годишни и полугодишни тестови за екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците за стручните предмети.

Започна процесот на подготовка на Нацрт Национална рамка на квалификации (НРК), во чиј составен дел се и стручните квалификации. Утврдена е методологија за креирање на описи на нивоа на НРК, дефинирање на описи по нивоа, процеси на квалитет и акредитација на провајдери во рамките на Проектот Техничка помош на Министерството за образование и обука за доживотно учење

Институционални зајакнувања

Со цел кадровско доекипирање на Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) беа вработени тројца нови советници.
Беше обезбеден простор за ЦСОО.
Реализирана обука на вработените од ЦСОО во рамките на Проектот Светско учење, УСАИД – Програма за човеков и институционален развој.

Обука во рамките на Проектот Вештини за работа, Британски совет на вработени од ЦСОО и социјални партнери на тема подготовка на Стандарди на занимања.

Реализирани активности за стручно усовршување на воспитно – образовниот кадар кој реализира практична настава во виртуелни училишни компании во училиштата од економско правна трговска струка обука на тема „Бизнис и претприемништво, со поддршка на проектот ЕКОНЕТ на КултурКонтакт од Австрија.
Организирани обуки за стручно за усовршување на воспитно – образовниот кадар од угостителско- туристичка струка во рамките на ТУР РЕГ од КултурКонтакт од Австрија.

Учество на ЦСОО во реализација на активности од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2009 година на Владата на Република Македонија, имплементирани од страна на Агенцијата за вработување, преку организирање обуки за занимања и вештини кои се дефицитарни на пазарот на трудот.

Изработен Извештај за анализата на работењето на ЦСОО во рамките на Проектот Светско учење, УСАИД – Програма за човечки и институционален развој од страна на тим експерти, со предлог приоритети за надминување на утврдените слабости.

**Краткорочни приоритети**

Активности во рамки на реализација на реформите во стручното образование и обука

1. Активности поддржани од Проектот Светско учење на УСАИД

- Изработка и имплементација на Програма за подигање на свеста за важноста што ја има стручното образование и обука во општествено - економскиот развој на Република Македонија и зголемување на угледот на Советот за стручно образование и обука и ЦСОО
- Изработка на петгодишна стратегија и акционен план за развој на ЦСОО
- Развој на систем на обезбедување на квалитетот
- Развивање на политики и стратегија за социјално партнерство и спроведување на активности за социјално партнерство
- Развивање на стратешко партнерство со институции на национално и интернационално ниво

2. Изработка на Концепција за стручно образование
3. Потпишување на Протокол помеѓу ЦСОО и социјалните партнери во рамки на проект на Британски совет за поддршка на ЦСОО
4. Подготовка на 14 модели на стандарди на занимања за 14 струки во рамки на проект поддржан од Британски Совет
5. Финализирање на евалвацијата на четиригодишно стручно образование
6. Континуирано следење на пазарот на трудот за занимања и потреба од вештини
7. Реформирање на стручното образование за занимања и стручното оспособување
8. Подготовка на стандарди за занимања
9. Подготовка на наставни планови и програми и други програмски документи согласно потребите во на пазарот на трудот
10. Изработка на стандардизирани прашања за екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците за стручните предмети
11. Подготовка на модуларни пакети за преквалификација, доквалификација и стекнување на квалификација во формалното образование
12. Подготовка на стандарди за опремата, просторните услови, стручен и друг кадар за спроведување на практична обука кај работодавачите
13. Посредување во професионален развој и ориентација на ученици
14. Развивање на систем на стручни квалификации
15. Учество во програмирање на ИПА проекти IV компонента, во рамки на Повеќегодишната оперативна програма за развој на човечките ресурси 2007-2013 мерка 2.1. Модернизација на системот на образование и обука, Приоритетна оска 2: Образование и обука - инвестирање во човечки капитал преку развиено образование и вештини

- Подготовка на финална верзија на образец за идентификување на операции
- Изработка на финална верзија на Твининг фишиња
- Селекција на долгорочен експерт од земја членка на ЕУ
- Изработка на детален работен план
- Подготовка на техничка спецификација за опрема
- Договор за набавка на опрема во стручните училишта

Институционални зајакнувања

1. Соодветно сместување на ЦСОО до изнаоѓање на трајно просторно решение
2. Техничко опремување на ЦСОО
3. Спроведување обуки за стручно усовршување на вработените во ЦСОО (Обука на вработените од ЦСОО во рамките на Проектот Светско учење, УСАИД – Програма за човеков и институционален развој
4. Кадровско зајакнување на ЦСОО со 6 нови вработувања
5. Организирање и реализирање на обуки за професионално усовршување на наставници
6. Одржување на веб - страната на ЦСОО

**Среднорочни приоритети**

Легислативна рамка

1. Донесување на Закон за измена и дополнување на Законот за стручно образование и обука со цел за прецизирање на одредени надлежностите на ЦСОО

Институционални зајакнувања

1. Трајно просторно решение за ЦСОО
2. Јакнење на капацитетите на ЦСОО
3. Техничко опремување на ЦСОО
4. Кадровско зајакнување на ЦСОО (6)
5. Одржување на WEB страната на ЦСОО

Реформи во СОО

1. Имплементација на Програмата за подигање на свеста за важноста на стручното образование и обука во социо - економскиот развој на Република Македонија и зголемување на угледот на Советот за стручно образование и обука и ЦСОО (поддржано од Проектот Светско учење, УСАИД – Програма за човеков и институционален развој )
2. Имплементација на Стратегијата за развој на ЦСОО
3. Интегрирање на обезбедување квалитет во организациската култура и регулатива на ЦСОО

4. Подготовка на стандарди за квалификации, наставни планови и програми, обука на наставници во стручното образование со траење од три години за стручно образование за занимања и до две години за стручно оспособување
5. Континуирано следење на пазарот на трудот за занимања и потреба од вештини
6. Развивање на систем на стручни квалификации
7. Соработка со социјалните партнери
8. Учество во имплементација на ИПА проектите IV компонента
9. Соработка со ЕТФ, ЦЕДЕФОП, и развивање на меѓународна соработка

**Образование на возрасни**
**Тековна состојба**
**Институционални зајакнувања**
Со Одлука на Владата на Република Македонија се формира Центар за образование на возрасните (ЦОВ).
Се конституира Управниот одбор и усвои: Статут, Годишната програма за работа на ЈУ ЦОВ, Правилник за систематизација на работни места и Годишниот финансиски план за 2009 година кој се усвои од Владата на Република Македонија. Управниот одбор избра директор на ЈУ ЦОВ.
Владата на Република Македонија формира Совет за образование на возрасните. Советот изготви нацрт стратегија со кој се одредуваат клучните приоритети и цели кои ќе бидат составен дел од стратегијата за образование на возрасни во контекст на доживотно учење. За членовите на Советот обезбедена е соодветна обука од страна на ЕУ Проектот за техничка помош за Доживотно учење на Министерството за образование и наука.
Извршено е опремување на ЈУ ЦОВ со: компјутери, компјутерска опрема, канцелариски мебел, останата техничка опрема, воспоставен е телекомуникациски систем и интернет, целосна реконструкција на објектот, систем за видео надзор и регистрација на работно време.

Согласно НПАА за 2009 година следеше кадровското екипирање на Центарот и беа работени 6 лица.
Спроведени се обуки на вработените во ЈУ ЦОВ од страна на Проектот за техничка помош за доживотно учење на Министерството за образование и наука. Обуките опфатија: управување со проектен циклус, искуства во областа на образованието на возрасните во земјите на ЕУ и Европска и Национална рамка на квалификации, вреднување на потребите за обука на вработените во Центарот, студиска посета во Германија во Реген, семинар на тема „Успешно преминување од училиште на работно место“ во Торино организирана од страна на ETF, семинар на тема „Неформално образование„ (воведничар и предавач од Центарот), учество на Конференицијa во Словенија на тема „Образование на возрасни и доживотно учење“, учество во регионалниот „Проект за заедничко учење во образованието на возрасните“ организирана од страна на Европската Фондација за обука.

**Краткорочни приоритети**
1. Со цел заокружување на легислативната рамка во областа на образование на возрасните се изготвија ќе бидат донесени следните подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за образование на возрасните во кој се вградени следните ЕУ мерки:, Council Resolution of 27 June 2002 on Lifelong Learning 32002Г0709(01) и Recommendation of the European Parliament and of the Council on key competences for Lifelong Learning (18.December 2006) 2006/962/EC.
1.
a. Правилник за содржината, формата и постапката на потпишувањето на договорот за вклучување во образованието на возрасните;
b. Правилник за стандардите за опрема и просторните услови за понудувачите на образованието на возрасните;
c. Правилник за називот, содржината и формата на сертификатите;
d. Правилник за содржината и формата на документацијата и евиденцијата од образованието на возрасните

2. Подготовка на Оперативен план за имплементација на Стратегијата за образование на возрасните
3. Усвојување на Стратегијата за образование на возрасните во контекст на доживотно учење со Оперативниот план од страна на надлежното министерство
4. Изработување на квантитативна и квалитативна анализа на пазарот на трудот согласно побарувачка на пазарот на трудот
5. Подготвување и имплементирање на програми за образование на возрасните, програми за описменување и програми за дооформување на задолжително образование - континуирано (за потребите на општина Арачиново и Шуто Оризари и по потреба за други општини 2010)
6. Верификување на програми за образование на возрасните
7. Организирање на кампања со цел подигнување на свеста на населението за можностите во областа на образованието на возрасните

8. Организирање на обуки за обучувачи и наставници за учење на далечина, обука за обучувачи, конференции и семинари на тема: Верификување на програми и лиценцирање на понудувачи на услуги. Конференции, работилници и семинари со понудувачите на услуги со цел нивно запознавање со нивните права и обврски
9. Учество во работните групи за изработка на национална рамка на квалификации
10. Издавање каталог на лиценцирани установи за образование на возрасни
11. Стручен надзор над работата на понудувачите на услуги
12. Воспоставување и јакнење на соработка со локалната
13. Воспоставување и јакнење на соработка со социјалните партнери и другите клучни заинтересирани страни, на национално и меѓународно ниво (потпишување на меморандум за соработка со граѓанскиот сектор, сродни институции од регионот)

**Институционални капацитети**

1. Дизајнирање на веб - страница на Центарот: информации за организацијата, структурата, надлежностите и активностите на Центарот и Советот, информации за образованието на возрасните во контекст на доживотното учење на национално и меѓународно ниво, линкови со најзначајните национални и меѓународни институции и организации, заинтересирани страни, база на податоци на законски и стручни документи од сферата на образованието на возрасните и др.
2. Континуирано ажурирање на веб страната со база на податоци на понудувачи на услуги, законска постапка за нивно лиценцирање, лиценцирани понудувачи на услуги
3. Подготовка и издавање на каталог на донесени програми за образование на возрасни
4. Кадровско доекипирање (15 нови вработувања за 2010 година) и доопремување на Центарот
5. Континуирано организирање и спроведување на обуки со цел зајакнување на компетенциите на вработените во ЈУ ЦОВ

**Среднорочни приоритети**
1. Континуирана имплементација на Стратегијата за образованието на возрасни
2. Континуирано подготвување на програми за образование на возрасните
3. Верификување на програми за образование на возрасни како дел од континуирана активност на ЦОВ
4. Јакнење на соработка со социјалните партнери и другите клучни заинтересирани страни на национално и меѓународно ниво

**Институционални зајакнувања**

1. Кадровско доекипирање (15 нови вработувања за 2011 година и 10 нови вработувања за 2012 година) и техничко доопремување на Центарот.
2. Континуирано организирање и спроведување на обуки со цел зајакнување на компетенциите на вработените
3. Приоритети поврзани со имплементација на ИПА Оперативна програма за компонента 4

- Обука, континуирана соработка и имплементација на тема: „Функционирање и менаџирање на образованието на возрасните во ЕУ земјите“(ИПА твининг проект 2010-2012)
- Обука, континуирана соработка и имплементација на тема: „Мобилност на работната сила во ЕУ“(ИПА твининг проект 2010-2012)
- Обука, континуирана соработка и имплементација на тема; „Обезбедување на квалитет во рамки на образованието на возрасните“(ИПА твининг проект 2010-2012)
- Обука, континуирана соработка и имплементација на тема: „Идентификување и анализа на пречките кои го отежнуваат пристапот до образованието на возрасните„(ИПА твининг проект 2010-2012)
- Обука, континуирана соработка и имплементација на тема: „Изработка на акционен план за справување со пречките кои го отежнуваат пристапот до образованието на возрасните“(ИПА твининг проект 2010-2012)
- Обука, континуирана соработка и имплементација на тема: „Ширење на информацијата и подигање на свесноста за политиките и програмите за образование на возрасните“(ИПА твининг проект 2010-2012)
- Обука, континуирана соработка и имплементација на тема: „Изработка на посебни акциони планови за одделенијата во ЦОВ, во согласност со Стратегијата за образование на возрасните на РМ“ (ИПА твининг проект 2010-2012)
- Обука, континуирана соработка и имплементација на тема: „Развивање и имплементирање на акционен план за засновање на стабилна врска на национално ниво помеѓу ЦОВ, социјалните партнери и другите чинители“ (ИПА твининг проект 2010-2012)
- Обука, континуирана соработка и имплементација на тема: „Идентификација, имплементација, мониторинг и евалвација на програмите за образование на возрасни“ (ИПА твининг проект 2010-2012)

- Обука, континуирана соработка и имплементација на тема: „Креирање на политики, истражување, развој, анализи и стратешко планирање“ (ИПА твининг проект 2010-2012)
- Обука, континуирана соработка и имплементација на тема: „Изработка и развој на индивидуални и колективни програми за образование на возрасни (формални и неформални)“ (ИПА твининг проект 2010-2012)
- Обука, континуирана соработка и имплементација на тема: „Личен развој и професионална ориентација на обучувачи и наставници“ (ИПА твининг проект 2010-2012)
- Развивање и тестирање на програми за образование на возрасните (ИПА твининг проект 2010-2012)
- Развивање и тестирање на програми за писменост и дооформување на основното образование на возрасните (ИПА твининг проект 2010-2012)
- Кампања со цел подигнување на свеста на населението за можностите во областа на образованието на возрасните (континуирана активност).
- Организирање на обуки за обучувачи и наставници, конференции и семинари со понудувачите на услуги (континуирана активност).

**Високо образование и Програми на заедницата во насока на реформите во системот на високото образование ТЕМПУС**, **Еразмус Мундус-Прозорец за надворешна соработка и Еразмус Мундус -Прозорец на Западен Балкан ТЕМПУС**

Легислативна рамка

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ број 26/09, 83/09 и 99/09), со кој се предвидоа неколку промени

- воведување на можноста за избор на наставни предмети не само во рамките на единицата во состав на универзитетот, туку и од единиците кои се во состав на другите универзитети, со цел да се создаде поширококо нормативно правна основа за мобилност и избор и креирање на профилот од страна на студентите,
- одредби со кои ќе се стимулира мобилноста на наставниот кадар и студентите преку студиски престои и
- дополнително ангажирање на редовните професори кои не повеќе од пет години се во пензија да можат да бидат ангажирани и да изведува студии во прв и втор циклус на високообразовните установи доколку не се пријави кандидат кој ги исполнува условите предвидени во конкурсот.

Во насока на имплементација на Законот за високо образование донесени се неколку подзаконски акти:

Институционални зајакнувања

Универзитетот за информатички технологии – Охрид е основан со Законот за основање на Универзитетот за информатички технологии („Службен весник на Република Македонија“ број 81/2008 и 48/2009 ) и започна со работа во студиската 2009/2010 година.. Во неговите рамки формирани се Факултетот за компјутерски науки и инженерство, Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност, Факултетот за машинска интелигенција и роботика, Факултетот за информатички системи, визуелизација дигитална, и мултимедијална техника и Факултетот за информациони теории и анализи, што се во состав на Универзитетот ќе се обучуваат кадри од областа на природно–математичките науки – информатика.

Владата на Република Македонија отвори и 43 дисперзирани наставни студии во рамките на постојните факултети.

**Краткорочни приоритети**:

Правна рамка

1. Донесување подзаконски акти во насока на имплементација на Законот за високо образование:

- Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност
- Правилник за организацијата, работата и начинот на одлучување за прашањата од надлежност на Агенцијата за евалвација
- Правилник за начинот и работата на Советот за развој и финансирање на високото образование
- Уредба за мерила и критериуми за финансирање на дејноста на високообразовните установи
- Правилник за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите
- Правилник за мерила и критериуми за кофинансирање на студиите на јавните високообразовни установи и за партиципациите на другите давачки на студентите на високообразовни установи

- Правилник за организација, работа, начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија

Институционални зајакнувања

1. Основање на Совет за високо образование со цел реализирање на Програмата за финансирање на дејноста во високото образование. Советот е составен од 15 члена од редот на наставно научните, уметничките и научните работници од јавните универзитети, претставници од организацијата на работодавците во Република Македонија, претставници од нестопанството и студентите
2. Основање на Агенција за евалвација, која го следи и оценува квалитетот во вршење на дејноста на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и одобрение за вршење на високообразовна дејност. Агенцијата е составена од 11 члена од кои пет члена од редот на професорите избрани од Интер - универзитетска конференција, четири члена именува Владата на Република Македонија, еден член именува најрепрезентативната организација на работодавачите и еден член од интер - универзитетскиот парламент на студентите
3. Отворање на нови дисперзирани студии со цел да зголемување на достапноста до високообразовните установи на кандидатите кои имаат желба за дооформување на своето образование

**Среднорочни приоритети**:

Правна рамка

1. Донесување Уредба за Националната рамка за високообразовни квалификации која ќе биде составен дел од НРК
2. Донесување на Програма за високообразовна дејност. Со Програмата за високообразовна дејност се утврдуваат целите, правците на развој, изворот и обемот на средствата потребни за финансирање на државните потреби и за остварување на развојот на дејноста на јавните високообразовни установи, насоките во кои ќе се развива мрежата на високообразовни установи.
3. Донесување на Правилник за методот на проектно финансирање на високото образование
4. Донесување на Правилник за методот и начинот на рангирање на високообразовни установи

Институционални зајакнувања

1. Континуирано привлекување на странски инвестиции во насока на отворање на високообразовни установи од реномирани странски универзитети со цел поголема конкурентност и достапност до високото образование.

Темпус

На конкурсот за Темпус 4 програмата кој заврши на 28 април 2009 година високообразовните институции од Република Македонија пријавија вкупно 58 проектни апликации. По завршувањето на селекцијата на 30 октомври 2009 година беа одобрени 10 проекти, од кои 1 од национален карактер и 9 од регионален карактер, во кои високообразовните институции од Република Македонија ќе соработуваат со високообразовните институции од земјите на Западен Балкан. Од овие вкупно 10 одобрени проекти 9 се од типот на Заеднички проекти и 1 од типот на Структурни проекти. Со ова се отвори буџетската алокација за Република Македонија од 3.5 милиони евра.

**Краткорочни приоритети**

1. Објавување на Трет конкурс во рамките на четвртата фаза од Темпус програмата во месец ноември/декември 2009 година
2. Поднесување на проектни апликации до средина на месец февруари 2010 година за третиот конкурс во рамките на четвртата фаза од Темпус

Еразмус Мундус-Прозорец за надворешна соработка

Програмата Еразмус Мундус - Прозорец за надворешна соработка за Република Македонија беше отворена со конкурс објавен во декември 2007 година. На вториот конкурс, кој заврши на 15 февруари 2009 година универзитетите од Република Македонија учествуваат во два проекти.

Проектот "Заедничка ЕУ- ЈИЕ мрежа" кој претставува партнерство од 8 ЕУ универзитети од земјите членки на ЕУ и 9 универзитети од регионот на Западен Балкан. Од Република Македонија во овој проект учествува Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во рамки на овој проект за Република Македонија се предвидени вкупно 30 мобилности на сите академски нивоа вклучувајќи и академски кадар.

Проектот Базилеус, добиен во рамки на првиот конкурс од 2007 година, на овој втор конкурс во 2008 година доби продолжување за реализација на проектните активности. Проектот претставува партнерство од 8 ЕУ Универзитети и 12 Универзитети од земјите на Западен Балкан. Во овој проект за Република Македонија се предвидени вкупно 50

мобилности кои ќе бидат реализирани на сите академски нивоа вклучувајќи и академски персонал помеѓу Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот "Св. Климент Охридски" и Универзитетот на Југоисточна Европа.

Овие проекти се финансирани преку Програмата Еразмус Мундус Прозорец за надворешна соработка на Европската Комисија и претставуваат проекти кои поддржува широк обем на мобилности.

Еразмус Мундус -Прозорец за Западен Балкан

Компонентата Прозорец на Западен Балкан од Еразмус Мундус програмата за Република Македонија беше отворена во 2007 година. За стипендија Еразмус Мундус Прозорец на Западен Балкан студентите можат да аплицираат само доколку претходно се прифатени како студенти на минимум два универзитети партнери во конзорциумот кој нуди Еразмус Мундус Заеднички Студии. На последниот конкурс кој заврши на 15 февруари 2009 година од Република Македонија 9 студенти се на главната листа за доделување на стипендии и 9 на резервна листа. За Република Македонија алоцирани се 1.5 милиони евра за Еразмус Мундус Прозорец на Западен Балкан за студентски стипендии.

**Краткорочни приоритети**:

1. Отворање Конкурсот за Еразмус Мундус-Прозорец за надворешна соработка за поднесување на апликации до 15 февруари 2010 година
2. Отворање Конкурс за Еразмус Мундус - Прозорец на Западен Балкан за поднесување на апликации до 15 февруари 2010 година

**Централно источна програма за размена во областа на универзитетските студии** CEEPUS **мрежи - Регионална соработка на земјите за побрза интеграција н регионот кон Европската Високообразовна област и зголемување на академската мобилност во насока на исполнување на целите на Болоњската декларација**

**Краткорочни приоритети**

1. Номинации на поднесените апликации за летниот семестар од студиската 2009/2010 година, по завршениот конкурс во октомври 2009 година
2. Објавување на конкурсот за партиципација во CEEPUS мрежи на високообразовни установи од Централна и Југоисточна Европа, за студиската 2010/2011 и поднесување на апликации до средина на јануари 2010 година
3. Евалвација на апликациите и избор на активни мрежи за претстојната студиска година 2010/2011 во април; што ќе биде и завршна година на CEEPUS II договорот
4. Учество на 16-тата Заедничка средба на CEEPUS министри, што ќе се одржи во март 2010 во Будва, Црна Гора

**Среднорочни приоритети**

1. Потпишување на CEEPUS III договорот, како преминување на Програмата во понапредна фаза наречена “ Од Размена до Истражување”, која ќе трае 5 години; на 16тата Заедничка средба на CEEPUS министри, што ќе се одржи во март 2010 во Будва, Црна Гора

**Млади**

Тековна состојба

Изработен и усвоен е Акционен план за имплементација на Националната стратегија за млади. Истиот воедно содржи индикатори преку кои ќе се следи степенот на имплементација на Акциониот план.

По неговото донесување се започна со спроведување на АП за имплементација на Националната стратегија за млади, со посебен акцент на следните приоритети:

Локална младинска работа реализација - Проект за креирање 10 Локални младински стратегии (ЛМС) во 10 поголеми општини во Република Македонија кој ќе трае до 31.12.2010 година. Се изработи Прирачник за креирање на локални младински стратегии.

Младинска партиципација – Реализиран проектот „Учество на младите во креирање на политики на локално ниво“, преку кој се постигнати зголемени знаења на засегнатите страни (претставниците од локалните самоуправи и здруженијата на граѓани) за важноста од партиципација на младите мажи и жени во локалниот живот.

АМС додели средства за првиот од трите Младински информативни центри преку кој директно ќе се работи на исполнување на специфични активности од приоритетите: Образование, Младинско информирање и здравство и превенција и Младинско вработување.

Во рамки на активностите за исполнување на една од целите на националната стратегија за млади Квалитет на живеење, се подобри спортската инфраструктура,до ноември 2009 година изградени и предадени на користење на Локалните Самоуправи се: 10 помошни фудбалски игралишта и 15 Спортски сали.

<u>Краткорочни приоритети</u>

1. Континуирана спроведување на активности и мерки од Акциониот план за имплементација на Националната стратегија за млади
2. Формирање посебна Комисија за млади во рамките на Собранието на Република Македонија
3. Креирање на Локални младински стратегии во десет поголеми општини
4. Креирање стратегија за младинско вработување со акционен план за нејзина имплементација
5. Спроведување на истражување за утврдување на состојбата и потребите на младите луѓе во Р.М.
6. Воспоставување механизми кои би го зголемиле младинското учество во донесување на одлуки во ЕЛС, во шест општини
7. Воспоставување уште два младински инфромативни центри
8. Подобрување на спортската инфраструктура и овозможување нејзино правилно одржување и користење преку изградба на повеќе видови на спортски објекти ( 40 фудбалски игралишта, 20 спортски сали, вештачка карпа за алпинизам, 50 тениски терени и др.), кои ќе бидат предадени на користење на Општините

<u>Среднорочни приоритети</u>

1. Подготовка на систем за мониторинг и евалвација на Стратегијата за младинско вработување
2. Кампања за поттикнување на свеста кај младите за претприемништво, организирање на обуки и обезбедување почетни грантови за подршка за започнување на сопствен бизнис
3. Подготовка и Усвојување на Закон за млади со кој ќе се уредат: општиот интерес и програми во областа на младите, основање, здружување и регистрација на младинските организации, активности и делокруг на работа, имот и финансирање, права и обврски, стручна работа и усовршување, младински настани, меѓународна младинска соработка, информирање и тела за развојот на младинската политика
4. Подготовка и усвојување на Закон за Совет за Млади со кој ќе се уредува формирањето на Совет за Млади, делокругот, постапката за избор на членовите и други прашања кои што се значајни за работата на Советот на млади
5. Подобрување на спортската инфраструктура и овозможување нејзино правилно одржување и користење преку изградба на повеќе видови на спортски објекти ( 50 тениски терени, 3 олимписки базени и др.), кои ќе бидат предадени на користење на Општините

**Програми на заедницата**
**Доживотно учење и Млади во акција**

Во текот на подготвителната фаза на Националната Агенција за европски програми и мобилност (НА), за учество на Република Македонија во програмите на Заедницата „Доживотно учење" и „Млади во акција", се изготви потребната документација: систематизација, Статут, работни програми за подготвителната фаза за Доживотно учење и Млади во акција 2010 година, буџети наменети за подготвителната фаза за двете програми и правилници за работа.
Во рамки на подготвителната фаза се реализираа се првите пилот проекти во двете програми, за кои постоеше огромен интерес од страна на крајните корисници.
РМ стекна право за полноправно учество во еТвининг акцијата и иницирање на партнерски проекти на нашите училишта со училишта од ЛЛП земјите кои учествуваат во Доживотно учење во рамките на оваа акција.
Во тек е реализацијата на акцискиот план кој е изготвен од страна на МОН и НА за унапредување на меѓусебната соработка, со крајна цел потпишување на Изјава за гаранција.

Во изминатиот период се извршија активности заради обезбедување на ефикасно функционирање и безбеден финансиски менаџмент на НА, преку :

- техничко опремување и поставување на ИТ инфраструктура на агенцијата, набавка на апликациски софтвер за финансиско и материјално работење, планирање на интеграцијата на сопствениот информатички систем со софтверските пакети препорачани од Европската Комисија
- организирани општи и специјализирани обуки за вработените, за менаџирање со програмите и финансиските аспекти на програмите
- учество на работни состаноци и посета на други Национални агенции на земји учеснички со цел размена на искуства и практики
- промоција и информирање за Националната Агенцијата и на програмите кои ќе ги управува и администрира, организирање презентации, инфо - денови, семинари

**Краткорочни приоритети**

1. Потпишување на договорот за подготвителната фаза во текот на јануари 2010 година со Генералниот Директорат за образование и култура на Европската Комисија

2. Обука на вработените и административно зајакнување на капацитетите на НАЕОПМ со цел имплементација на програмите и други подготвителни активности.

- општи : вештини за раководење со програмите, напредни јазични курсеви, градење на тимска работа, финансиско работење, проектно работење и тн.
- и специфични секторски обуки за програмите за новите акции кои се отвораат за 2010 година
- обуките ќе се одвиваат во земјата, во Брисел или во Национални агенции на други земји учеснички.

3. Подготовка и усвојување на Работна програма за целосно учество во 2011 година која ќе вклучува две подпрограми: за Доживотно учење и за Млади во акција со цел планирање на активностите и имплементирање на програмата:

- комуникација со линиските подпрограмски офицери во Брисел и организирање студиски посети на семинари и работни состаноци во други Национални агенции, посети на Конференции за евалвација
- посета на Извршната Агенција за образование, култура и аудиовизуелна политика на ЕК, задолжена за централизираните акции на програмите во Брисел
- организирање инфо денови,, работилници, контакт семинари за потенцијалните учесници
- организирање на Конференција за промоција на програмите
- подготовка на промотивни и информативни материјали, наменети за сите целни групи, брошури, постери, флаери, ЦД, ДВД, итн.

4.Зголемување на бројот на апликанти, квалитативно подобрување на примени апликации и зголемување на капацитетите за аплицирање

5. Креирање Веб портал кој ќе овозможува лесен пристап до Програмскиот водич, формуларите за апликации, информации за контакт лицата од Националната Агенција за поединечните програми, под - програми и акции, општи информации и информации за промотивните настани, резултати од аплицирањето, линкови до порталите на Европската унија за млади и за програмата Доживотно учење

6. Менаџирање на пилот проектите од двете програми Доживотно учење и Млади во акција

7. Подготовки на Националната Агенција за учество во Еуропас - преземањето на координирање на овој инструмент по примерот на Националните Агенции во земјите членки на ЕУ

8. Кадровско зајакнување на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, согласност потребите за успешна реализација на програмите 9. Потпишување на Изјава за гаранција од страна на Министерството за образование и наука со која оваа институција како надлежна за мониторинг и контрола на работата на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ќе ја потврди подготвеноста на НА за менаџирање на програмите и фондовите на ЕУ

10. Потпишување на Меморандумот за разбирање за програмите „Млади во Акција" и „Доживотно учење"

11.Плаќањето на влезен влог со цел обезбедување полноправно учество и користење на овие две програми

12. Добивање на акредитација на Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност за целосен децентрализиран менаџмент на европските образовни програми

**Среднорочни приоритети**

1. Континуирано организирање инфо денови, работилници, семинари наменети за потенцијалните учесници
2. Кадровско зајакнување на Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност
3. Целосно учество во програмите „Млади во Акција" и „Доживотно учење"
4. Менаџирање на проекти од програмите
5. Дисеминација и експлоатација на резултатите од реализираните проекти во рамките на акциите од секторските програми.

<u>Активности на МОН во рамки на мониторингот на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (НАЕОПМ)</u>

Формирана е работна група во МОН за следење на работата на НАЕОПМ. Назначени беа двајца претставници на МОН преку кои ќе се одвива понатамошната зајакната комуникација со Европска комисија и НАЕОПМ.

Краткорочни приоритети

- Потпишување договор меѓу МОН и НА за обврските и должностите на Агенцијата и МОН во насока на подобрување на комуникацијата и соработката
- Воспоставување на одржливи механизми за следење за контрола на НА,
- Зајакнување на капацитетите на МОН со вработување на двајца советници во Сектор ЕУ – Одделение за мониторинг и евалвација на ИПА и Одделение за имплементација и координација на ИПА
- Обука за советниците
- Подготовка на годишен акционен план за контрола над спроведувањето на програмите на НАЕОПМ
- Подготовка на извештај за работата на НАЕОПМ

Среднорочни приоритети
- Континуиран мониторинг на спроведувањето на програмите на НАЕОПМ
- Континуирана комуникација со Европската комисија
- Подготовка на извештаи за работата на НАЕОПМ

**Програма Европа за Граѓаните** (2007 – 2013)

На 31.03.2009 со размена на писма е склучен Меморандум за разбирање помеѓу Европската комисија и Република Македонија за учество во Програмата на Заедницата Европа за Граѓаните (2007 – 2013).
Во јуни 2009 беше платен влезен билет 15.000 евра за учество на Република Македонија во Програмата .

**Краткорочни приоритети**

- Превод, подготовка и печатење на Водичот за Програмата Европа за Граѓаните(2007 – 2013) на македонски и албански јазик.
- Подготовка на база на податоци на потенцијални учесници во Програмата од РМ
- Организирање и одржување Инфо денови за промоција на компонентите и пот - компонентите на Програмата
- Организирање посети и одржување презентации во општините во РМ за промоција на компонентите и пот - компонентите на Програмата
- Плаќање влезен билет

**Среднорочни приоритети**
- Ажурирање на база на податоци на потенцијални учесници во Програмата од РМ
- Организирање и одржување Инфо денови за промоција на компонентите и пот - компонентите на Програмата
- Организирање посети и одржување презентации во општините во РМ за промоција на компонентите и пот - компонентите на Програмата.
- Плаќање влезен билет

### 3.26.2 **КУЛТУРА**
**Соработка во областа на културата**
Министерството за култура ја подготви Стратегијата за развој на креативни индустрии и истата беше усвоена од страна на Владата на Република Македонија.

**Кратскорочни приоритети**
1. Објавување на брошура за развојот на креативните индустрии во Република Македонија во од страна на Британскиот Совет на РМ март 2010 година во контекст на имплементацијата
2. Иплементација на Национална стратегија за развој на Креативните индустрии

**Втора светска конференција за меѓурелигиозен и за меѓуцивилизациски дијалог на темата** “**Религијата и културата - нераскинлива врска меѓу народите**“(6 - 9 **мај** 2010 **год. во Охрид**)
По успешното одржување на Светската конференција за Меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог на тема: “Придонесот на верата и културата кон взаемна почит и соживот” во 2007 година во Охрид, Министерството за култура издаде публикација “Охридските пораки за мир и соживот“ во пет јазични изданија на македонски, албански, англиски, француски и руски јазик и ДВД - документарен филм. Формирани се национално Координативно и Оперативно тело за организирање на Втората светска конференција. Активностите ќе бидат поддржани страна на УНЕСКО во износ од 100.000 $. Првиот круг на покани за присуство се веќе испратени.

**Краткорочни приоритети**

1. Организирање на Втората светска конференција за меѓурелигиозен и за меѓуцивилизациски дијалог“ во периодот од 6 - 9 мај 2010 год. во Охрид

Активности за организација на конференцијата

- праќање втор круг на покани кои се во тек на комплетирање на контакт адресите на лицата што се потврдени од Координативното тело, до претставниците на дипломатско конзуларните тела во Македонија и до македонските учесници.
- покани за врвни новинари од светски познатите медиумски куќи со цел афирмирање на Втората светска конференција.
- наоѓање други донаторства и партнерства во реализацијата на Конференцијата -оперативни активности во функција на подготовки и реализација на Конференцијата

**Управување на Охридскиот регион како светско културно и природно наследство**

Формирани се Координативно тело и работни групи кои подготвија Нацрт - план за управување на Охридскиот регион како светско културно и природно наследство. Планот е доставен и до надлежните структури на УНЕСКО за првично разгледување.

**Краткорочни приоритети**

1. Одржување на втората работилница за дефинирање на Планот за управување на Охридскиот регион како светско културно и природно наследство каде ќе земат учество ресорните Министерства за култура и за животна средина и просторно планирање, а во соработка со Националната комисија за УНЕСКО и Регионалното биро на УНЕСКО во Венеција – БРЕСЦЕ. на 13 - 16 декември 2009 година во Охрид.

2. Доставување на План за управување со охридскиот регион како културно и природно наследство до УНЕСКО на усвојување (целокупните трошоци ги покрива Регионалното биро на УНЕСКО во Венеција преку свој партнер).

**Проект “Споделување на вкусовите - заедничка традиционална кујна на Турција и Македонија“**

соработка помеѓу Националните комисии за УНЕСКО на Турција и Македонија беше започната реализацијата на проектот “Споделување на вкусовите - заедничка традиционална кујна на Турција и Македонија“. На проектот работеше мешовит тим составен од стручни лица од двете земји кои реализираа истражувања на терен и во Македонија и во Турција во рамките на вториот дел од проектот, Скопје се реализираше Работилница на која координаторите на проектот ги изнесоа резултатите и постигнувањата во нивното истражување во двете земји.

краткорочен приоритет

1. публикување во посебна книга на македонски, турски и англиски јазик на изнесените презентации на експертите, во текот на 2010 година

**Проект “Антологија на европски народни песни**

Реализиран е проектот “Антологија на европски народни песни” за која Регионалното биро на УНЕСКО – БРЕСЦЕ партиципира со 50 % од трошоците. Антологијата е издадена во еден том на 5 странски јазици ( македонски, англиски, француски, германски и руски). Песните беа собрани и избрани со помош на Националните комисии за УНЕСКО, Министерствата за култура и Амбасадите од Европа.

1. Официјална промоција на Антологијата во Скопје во периодот декември 2009 / почеток на 2010

**Проект „Регионален центар на УНЕСКО за дигитализација на културното наследство на земјите од Југоисточна Европа“**

Формирана е работна група која работи на изготвување на Национална програма за дигитализација на културното наследство која ќе ја дефинира стратегијата за дигитализација на културното наследство и работата на Регионалниот центар.

Краткорочни приоритети

1.Подготовка и усвојување на Национална програма за дигитализација на културното наследство од страна на Министерството за култура и Управата за заштита на културно наследство

2. Организирање на регионална работилница во соработка со Регионалното биро на УНЕСКО - БРЕСЦЕ за дефинирање на Националната програма за дигитализација на културното наследство

3.Организирање Регионален семинар за дигитализација на културното наследство со финансиска партиципација на УНЕСКО, со цел размена на регионалните искуства во оваа област со цел основање на целосна електронска дата база на податоци на културното наследство, негова заштита, промоција и едукација. На семинарот ќе биде разгледана и Националната програма за дигитализација на културното наследство.

**Продолжување на Љубљанскиот процес како „Скопје процес“** - Регионалната програма за природното и за културното наследство на Југоисточна Европа - Имлементација на компонентата Б „Заедничкиот рехабилитационен проект план / Процена на архитектонското и археолошкото наследство“ и третата компонента на Регионалната програма за културно и природно наследство во Југоисточна Европа - Пилот проектот за локален развој (компонента Ц)

Во рамките на „Заедничкиот рехабилитационен проект план / Процена на архитектонското и археолошкото наследство“ (Компонента Б), заедничка активност на Советот на Европа и Европската комисија, се спроведуваа активности во насока на реализација на заложбите на тн.„ Љубљански процес-финансирање на рехабилитацијата на културното наследство во ЈИЕ“. Во тој контекст, за предложените културно историски споменици за рехабилитација од Р.Македонија (црквата Св Горѓи во Старо Нагоричане, Црквата Св. Богородица Перивлепта од Охрид и Златкова Кула во Кратово) беа формирани Советодавен одбор и Управувачки тела во кои членуваат експерти и претставници од релевантни институции кои работеа на изготвување на потребните документи за промоција на овие споменици, вклучувајчи и бизнис планови за нивна рехабилитација, со цел да се презентираат пред потенцијални инвеститори и донатори. За проектот „Конзервација и ревитализација на културно – туристичкиот локалитет св.Ѓорѓи во Старо Нагоричане“ во соработка со СЕП беше изготвено проектно фише за добивање финансиски средства од компонентата 1 на програмата ИПА.. За проектот „Реставрација и ревитализација на културниот локалитет Св. Богородица Перивлепта во Охрид“ беше изготвена успешна апликација (базирана на подготвениот бизнис план), за добивање средства од Амбасадорскиот фонд за заштита на културното наследство на Стејт Департментот на САД и беше добиен грант во висина од 650.000 УСД.

Овие три проекти т.е. нивните бизнис планови беа презентирани на „Промотивната конференција за проекти за обнова на културното наследство“ одржана на 28 септември 2009 год. во рамките на Европските денови на културно наследство.

Идни активности во рамки на продолжувањето на Љубљанскиот процес како „Скопје процес“
1.Продолжување на реализација на втората компонента во рамките на „Заедничкиот рехабилитационен проект план / Процена на архитектонското и археолошкото наследство“ (Компонента Б)

- барање донатори за реализација на третиот проект за рехабилитација „Златкова кула – Кратово“
- продолжување со изработка на проекти (бизнис планови) и нивна промоција за преостанатите 14 споменици од Листата на приоритетни интервенции изготвена во рамките на ЗРПП/ПААН (археолошките локалитети Вардарски Рид, Хераклеја Линкестис, Бања Банско, Црквиште-Мородвис и Епископската базилика и баптистериумот од Стоби; црквите Успение на Пресвета Богородица во с. Велушина, манастирот Св. Никола во с. Манастир и конаците во Лесновскиот манастир; Хусамедин-пашината џамија во Штип, Хајдар-Кади џамија во Битола, куќата на Рефик Сеља во Дебар, куќата на Кочо Тренчов во Велес, како и споменичките целини – селата Кичиница и Маловиште)
- ревидирање и дополнување на Листата на приоритетни интервенции и подготовка на Прелиминарни технички процени за новите споменици/локалитети на Листата

2. Продолжување на реализацијата третата компонента на Регионалната програма за културно и природно наследство во Југоисточна Европа - Пилот проектот за локален развој (компонента Ц), која ќе се одвива во неколку фази

- Дефинирање на оперативни рамки во регионот на Дебар и Река, во кои би се спровеле специфични активности за да се овозможи одржлив развој на пилот територијата кој како основа ќе го има културното и природното наследство.
- Продолжување со започнатата активност за дооформување на управувачка структура и потпишување на потребните документи за соработка на национално и локално ниво
- Завршување на дијагностичката фаза
- Промоција на пилот проектот и идентификација на дополнителни донатори

**Македонското претседателствување со Комитетот на Министри на Советот на Европа во текот на ноември** 2010
Организирање на министерска конференција за лансирање на новиот „Скопје процес – рехабилитација на културното наследство во рамките на македонското претседателствување со Комитетот на министри на Советот на Европа во ноември 2010 во насока на зајакнување на регионалниот развој“ (работен наслов на конференцијата). Конференцијата ќе биде проследена со изложба на плакати со артефакти.

**Учество во Програмата на Заедницата** – „**Култура**“ (2007 – 2013)
ККТ Македонија во текот на 2009 континуирано реализираше активности согласно работната програма за 2009 година.

Се реализираа 8 семинари – работилници за Програмата Култура 2007 – 2013 и еден неформален состанок на Културно контактните точки. Неформалниот состанок на иницијатива на ККТ Македонија во соработка со ККТ на 17 земји учеснички во програмата Култура, ЕК - Директорат за образование и култура, Извршната агенција за образование, култура и аудиовизуелна дејност и Делегацијата на ЕК во Скопје се реализираше за прв пат во земја кој не членка на ЕУ и не претседава со ЕУ.
Учество на редовните и неформалните состаноци на ККТ.
Од мај до ноември реализирани редовни индивидуални состаноци со културните оператори за Програмата Култура и за подготовка на апликациите.
Креиран е нов концепт на веб страната и нејзино редовно ажурирање.
Издадени и дистрибуирани 2 летоци и една брошура
Реализирани неколку медиумски кампањи за Програмата култура: печатени медиуми, ТВ и радио.
Се потпиша Грант Договорот за ККТ Македонија за 2009 година и процедурата за рефундирање на влезниот билет за 2009 година е во тек.
Во рамки на минатогодишниот повик одобрени се 5 проекти во кои се вклучени културни оператори од Република Македонија.

Краткотрочни и Среднорочни проритети

1. Финализирање на правната процедура со која ќе се регулира финансиската контрибуција на националните власти, за успешните проект кои се веќе одобрени од Европскиот Парламент со цел македонските културни оператори успешно да ги имплементираат проектите во рамки на Програмата Култура
2. Активна промоција на Програмата Култура пред локалните власти со цел подигање на свеста за активен партнер за ко-финасирање на проектите кои се имплементираат во рамки на Програмата (континуирана активност)
3. Реализирање на 12 инфо денови/семинари/работилници со цел да се помогне на културните оператори во РМ за нивно учество во Програмата и помош во процесот на наоѓање и градење на сериозни партнерства со операторите од ЕУ и вклучување во европските мрежи од областа на културата. (континуирана активност)
4. Заедничка промоција на програмите на заедницата управувани од Директоратот за образование и култура на ЕК и Извршната агенција за образование, култура и аудиовизуелна дејност со цел да се опфати поширока и разновдина целна група (континуирана активност)
5. Организирање три транснационални настани/семинари од ртана на ККТ Македонија во соработка со ККТ Франција, Шпанија, Словенија, Хрватска, Србија и меѓународни експерти
6. Учество на 5 транснационални настани организирани од страна на останатите ККТ
7. Редовно учество на формалните и неформалните состаноци на ККТ (континуирана активност)
8. Континуирана промоција и дисиминација на информации за Програмата и за резултатите од програмата/проектите Печатење на една брошура, два флаери и друг репрезентативен материјал (континуирана активност)
9. Спроведување на медиумски кампањи преку печатените и електрноските медиуми за промоција на Програмата Култура (континуирана активност)
10. Печатење на гласило двапати годишно со тековни информации за имплементација на Програмата на европско и национално ниво, вклучувајќи информации за европските мрежи, платформи и настани од областа на културната политика
11. Поодршка на имплементација на одобрените проекти преку публикување на успешните проекти, печатени медиуми и ТВ, веб страната на ККТ Македонија и преку семинарите/работилници организирани од страна на ККТ Македонија и на другите ККТ. (континуирана активност)
12. Редовно ажурирање на веб страната на ККТ и внесување на нови тематски содржини кои директно или индиректно се однесуваат на Програмата култура и на ЕУ фондовите и превод на англиски јазик (континуирана активност)
13. Континуирано обезбедување на техничка помош на апликантите при подготовка на проектните апликации со цел за зголемување на бројот на апликанти Повикот за 2010 (континуирана активност)
14. Ревидирање и одржување на база на податоци за културните оператори во РМ и нивно вмрежување со европските
15. Обука за ККТ Македонија во соработка со ККТ Норвешка
16. Зголемен број на проекти во кои РМ учествува во програмата Култура 2007-2013

**Програма МЕДИА** 2007 -2013

1. Учество во Програма МЕДИА 2007 -2013 по усогласување на националното законодавство со Директива за аудиовизуелни медиумски сервиси

Учеството на Република Македонија во МЕДИА Програмата зависи од усогласеноста на легислативата во аудиовизуелната област со правото на Европската Унија, односно со транспонирање на новата Директива за аудиовизуелни медиумски сервиси, кое е во надлежност на Министерството за транспорт и врски во националното законодавство. Министерството за транспорт и планира да започне со транспонирањето на новата Директива во декември 2010 година.

3.27 **ЖИВОТНА СРЕДИНА**

3.27.1 **ХОРИЗОНТАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Во април 2009 година донесена е **Националната Стратегија за инвестиции во животната средина**. Стратегијата за инвестиции во животната средина се однесува за периодот 2009 - 2013 година со што се изврши идентификување на состојбите и проблеми со инфраструктура во животната средина, како и приоритети, мерки и активности за реализирање на инвестиции во животната средина во делот на:постигнување на стандардите на ЕУ во областа на животната средина и исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, изградба или реконструкција на инфраструктурните системи за заштита на животната средина, помош во процесот на воспоставување на децентрализиран систем за управување со проекти, идентификување на човечки ресурси потребни за подготовка и реализација на инвестициони проекти на централно и локално ниво и зајакнување на нивните капацитети како и идентификување на можните извори на финансирање на инвестициони проекти.

**Национална Стратегија за одржлив развој** беше усвоена во декември 2009 година и ја дефинира политиката за постигнување одржлив развој во периодот од 2009 до 2030 година.

Во февруари 2009 година се донесе **Планот за институционален развој на капацитетите за управување со животна средина на национално и локално ниво** 2009-2014. Овој документ тргнува од генералните стратешки определби на Владата на Република Македонија содржани во стратегиски, плански и програмски документи, како и согласно стратешките определби содржани во документите во областа на животната средина. Со овој документот се утврдуваат функциите, како и се дава план за институционален развој на органите на државната управа и на органите на локалната самоуправа на среднорочен план заради обезбедување на услови за управување со животната средина за периодот од пет години (2009 – 2014).

Во првата половина на 2009 година донесени се следните подзаконските акти: Правилник за формата и содржината на елаборатот за заштита на животната средина, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на регистарот за одобрени елаборати („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/09). Исто така донесени се Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на Градот Скопје и градоначалникот на општините во Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/09) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/09)со кои се определија дејностите и активностите за кои се изработува елаборат и начинот и постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на Регистарот за одобрени елаборати. Со овие акти не се врши директно транспонирање на ЕУ мерки, но се подобрува системот на оценка на влијание врз животната средина од проекти кои се помали и не влегуваат во рамките на постапката за спроведување на оценка на влијанието врз животната средина, согласно ЕИА Директивата 31985L0337.

Донесен е и Правилникот за видовите и висината на трошоците за спроведување на постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина кои ги надоместува инвеститорот („Службен весник на Република Македонија" бр.116/09 ). МЖСПП во согласност со Министерството за здравство (МЗ), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) и Министерството за економија (МЕ), донесе Наредба за забрана за ставање во употреба на кеси за транспорт на стоки изработени од пластични маси во продавници, магацини, складови, деловни простории, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало на прехранбени производи и во продавници и киосци каде се врши трговија на мало на ситни производи за лична потрошувачка („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/09). Активности во врска со промоција на спроведувањето на Наредбата беа спроведени од страна на МЖСПП во соработка со НВО и трговците.

Во септември 2009 година беше финализиран третиот по ред Прогрес Мониторинг Извештај, подготвен во рамки на Прогрес Мониторинг - скрининг во областа на животната средина 2008/2009 и го претставува напредокот во однос на транспонирањето и имплементацијата на ЕУ *acquis* од областа на животната средина во Република Македонија за период од мај 2008 - април 2009 година. Во рамки на овој прогрес мониторинг се пополнуваа Табели за усогласеност и Имплементациони прашалници за 70 Директиви.

Во мај 2009 година започна да се спроведува четвртиот по ред Прогрес Мониторинг –Скрининг за следење на процесот на апроксимација на националното законодство од областа на животната средина со правото на ЕУ за 2009 година. Во рамки на овој прогрес мониторинг се пополнуваа Табели за усогласеност и Имплементациони прашалници за 13 Директиви и до крајот на 2009 година ќе се финализира четвртиот Прогрес Мониторинг Извештај.

Во 2009 година од **областа на хидрометеоролошките работи**, донесени се следните плански документи:

- Стратегија за развој и унапредување на хидрометеоролошката служба во Република Македонија (2009 – 2011) со која се предвидува модернизирање на набљудувачкиот хидрометеоролошки систем, валидизација на измерените појави и величини, нивна трансмисија до централниот систем и ставање на располагање на овие информации на прогностичкиот систем за прогноза и предупредување на временски непогоди, оценка на климатските промени и заштита на населението и материјалните добра од поплави;
- Програма за работа на Управата за хидрометеоролошки работи за 2009 - 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/09) со која се дефинираат активностите во метеоролошката мрежа, хидролошката мрежа, мрежата за следење на квалитетот на водите и воздухот и во радарскиот набљудувачки систем преку анализа на постојниот систем со неговите недостатоци и потребите за модернизација на мрежите.

Се склучи „Меморандум за соработка помеѓу Управата за хидрометеоролошки работи и Центарот за управување со кризи заради остварување на меѓусебна соработка, координација и комуникација во врска со работите од хидрометеоролошката дејност“.

Исто така, во декември 2009 година се подготвија следниве подзаконски акти, со кои се изврши делумно транспонирање на Директивите 32000L0060, 31992L0062, 31999L0030, 32002L0003 и 32000L0069:

- Правилник за постапките и начинот на набљудувања и мерења на квалитативните карактеристики на водите во мрежата на хидролошки станици, со кој ќе се дефинираат аналитичките методи за одредување на содржината на суспстанции во површинските и подземните води, а со цел да се дефинира морфолошкиот и хемискиот статус односно потенцијал на водите;
- Правилник за основите на прогностичкиот систем и постапките за прогноза на квалитетот на воздухот, водите и на почвата, со кој се утврдија можните прогностички модели кои можат да се користат, постапката на прогнозирање на епизоди со загадување на воздухот или ненадејни и вонредни загадувања на водите и
- Правилник за постапките и начинот на набљудувања и мерења на квалитативните карактеристики на воздухот, врнежите и почвата во мрежата на метеоролошки станици.

**Заштита и спасување**

Во делот на цивилната заштита, Република Македонија е во завршна фаза од потпишувањето на Меморандумот за разбирање со Европската комисија за членство во Механизмот за цивилна заштита на ЕУ. Со донесувањето на Националната Стратегија за заштита и спасување и Републичкиот План за заштита и спасување во 2009 година, донесени се сите стратешки документи предвидени во Законот за заштита и спасување, потребни за функционирање на системот за заштита и спасување. Во 2009 година беше донесен и Законот за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за соработка во заштитата од природни и други катастрофи („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/09), а со Босна и Херцеговина потпишани се и стандардни оперативни процедури за спроведување на договорот за соработка, ратификуван во 2008 година. Во март 2009 година потпишан е договор со Унгарија и постапката за негова ратификација е во тек.

Во декември 2009 година се донесе Законот за ратификација на Меморандумот за разбирање за институционалната рамка на Иницијативата за подготвеност и превенција од катастрофи на Југоисточна Европа.

Владата на Република Македонија на 09.06.2009 година донесе Одлука за воспоставување на Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од несреќи и катастрофи. По концептуализација и институционализација на Националната платформа, спроведена е и втората фаза од имплементацијата на Националната платформа - организација на органи и тела и воспоставување на локални, регионални структури и структура на ниво на месни и урбани заедници. Работната група за усогласување во домен на планирање, оспособување и управување со човечки ресурси при Националната платформа започна со анализа на национално, регионално и локално ниво од што ќе произлезе Стратегијата за управување со човечки ресурси и Програмата за обука на сите субјекти во системот за управување со кризи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

МЖСПП редовно врши собирање, обработување и соодветно чување на податоци и информации добиени преку мониторинг мрежата за сите медиуми во животната средина и областите - воздух, води, бучава, почва и отпад. МЖСПП доставува 75% од вкупно бараните податоци до Европската Агенцијата за животна средина каде фигурира со статус на набљудувач и е дел од работните групи во рамки на Агенцијата.

Во текот на 2009 година преземени се низа активности за подигање на свеста на јавноста преку одбележување на денови од еколошкиот календар, промоции, презентации, работилници, консултативни средби и емитување ТВ емисии со еколошки теми.

Во јануари 2009 беше изготвен извештај за остварената соработка со граѓанскиот сектор за 2008 година, а по однос на исполнувањето на целите на Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со граѓанскиот сектор.

Административните капацитети на централно и локално ниво се јакнеа со повеќе обуки за државните службеници на локалната власт и на полициските службеници за примена на прекршочните одредби од законите од областа на животната средина.

Согласно Законот за животна средина во 2009 година се формираа Комисија за полагање на стручен испит за експерти за оцена на влијание врз животна средина и Комисија за полагање на стручен испит за експерти стратешка оцена врз животната средина. Во рамки на работата на Комисиите спроведени се два испита за оцена на влијание врз животната средина и за стратешка оцена врз животната средина. Како резултат на спроведените испити формирана е листата на експерти за оцена на влијанието врз животната средина со 27 експерти за оцена на влијанието врз животната средина и листата на експерти за стратешка оценка на влијанието врз животната средина која има 5 експерти за стратешка оцена.

Спроведувањето на прекршочните постапки и постапките за посредување и понатаму ќе бидат редовни активности на Комисијата за прекршоци и Комисијата за посредување.

Во 2009 година продолжија и активностите од програмата ГЛОБЕ во која се вклучени и нови училишта, во рамките на која се одржаа обуки за обучувачи на тренери за спроведување на програмата и набавка на опрема за постојните и новите училишта за спроведување на програмата ГЛОБЕ. На денот на планетата Земја и денот на ГЛОБЕ програмата, 22 април 2009 година, во Скопје се одржа ГЛОБЕ саем, каде училиштата вклучени во ГЛОБЕ програмата се натпреваруваа со посебни проекти подготвени за целите на оваа програма.

Во 2009 година се донесоа ЛЕАП-и за повеќе општини (Брвеница, Новаци, Бутел, Пробиштип, Дебар, Зелениково, Валандово, Босилово, Чашка), а до крајот на 2009 година се очекува донесување и ЛЕАП за општина Охрид. Со тоа вкупниот број на општини со изготвен ЛЕАП заклучно со декември 2009 година изнесува 51 Дел од овие ЛЕАП-и се изготвија во рамки на проектот „Подготовка на ЛЕАП-и во Република Македонија", кој влезе во втората фаза на негова имплементација во која е планирано да се финансираат приоритетните проекти предвидени во изготвените ЛЕАП-и.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Во мај 2009 година беше презентиран Вториот Национален План за климатски промени пред телата на Рамковната Конвенција на ОН за климатски промени. На 22 септември 2009 година во Скопје се одржа завршна работилница во рамките на Проектот „Градење на локалната експретиза во развивањето на климатски проекти“, од Програмата финансирана од Владата на Кралството Норвешка, а имплементиран од Секретаријатот за европски прашања и МЖСПП. Во текот на 2009 година, продолжија тековните активности за билатералните соработки со Република Италија и Кралството Норвешка.

Република Македонија учествуваше на 15-та Конференција на страните кон Рамковната Конвенција за климатски промени и 5-тиот состанок на страните кон Протоколот од Кјото. Во таа насока, на иницијатива на МЖСПП, организирана беше тркалезна маса со учество на претставниците на допломатскиот кор за размена на знаења и искуства во делот на идните обврски на нашата држава во делот на климатските промени во процесот на евроинтеграциите. Исто така, Министерот за животна средина и просторно планирање учествуваше како панелист на дебатата која ја организираше Мисијата на Европската унија во Република Македонија, а националниот координатор за климатски промени учествуваше со своја презентација на Неделата посветена на климатските промени во Република Македонија.

Во тек е спроведување на повеќе проекти од областа на намалувањето и прилагодувањето кон климатските промени (Проект на СЗО за прилагодување на здравствениот систем кон климатските промени, Проектот за намалување на климатските промени преку воведување на мерки за енергетска ефикаснсот во зградите како дел од Програмата поддржана од Австриската Влада за енергетска ефикасност во зградите, Проектот за ефикасна индустрија-поддржан од Владата на Кралството Норвешка, како и проектите според механизмот за чист развој во рамките на билатералната Програма за соработка со Италијанското министерство за животна средина, територија и море).

Капацитетите на **Управата за хидрометеоролошки работи** во 2009 година се зајакнаа со вработување на 6 нови лица (метеоролози и хидролози).

Република Македонија продолжи да ја јакне билатералната соработка со земјите од регионот преку потпишување на Меморандум за разбирање и соработка во научно техничките области на метеорологијата и хидрологијата помеѓу Управата за хидрометеоролошки работи на Република Македонија и Републичкиот хидрометеоролошки завод на Република Србија на 16.07.2009 година и Меморандум за разбирање помеѓу Виртуелниот центар за климатски промени за Југоисточна Европа чиј домаќин е Републичкиот хидрометеоролошки завод на Република Србија и Управата за хидрометеоролошки работи на 16.07.2009.

**ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Во 2009 година институционалниот капацитет на Дирекцијата за заштита и спасување беше значително зајакнат преку реализирање на неколку јавни набавки. Се набавија униформи за силите за заштита и спасување, шатор за полска болница а пристигнаа и два од трите авиони за гасење на пожари на отворен простор и десет од дваесет и петте навални противпожарни возила.

Во рамките на Центарот за управување со кризи во текот на 2009 година направено е ажурирање на Регистарот на субјекти во системот за управување со кризи и лица за контакт и тоа: на национално ниво во јуни 2009, а на локално ниво во ноември 2009 година. Во тек е имплементација на првата фаза на проектот за единствениот Европски (телефонски) број за итни повици – Е-112 во Република Македонија (постапката се спроведува преку меѓународен оглас и за повеќе детали види поглавје 3.10 Информатичко општество и медиуми).

Во врска со Географскиот информациски систем (ГИС) во 2009 година заврши тест периодот на софтверската апликација за внесување на атрибутни и просторни податоци во гео-базата на податоци на Центарот за управување со кризи и беа изработени шифрарници на податоци кои ќе бидат смесетни во гео-базата.

За потребите на Стратегискиот план на Центарот за управување со кризи за период 2010 до 2012 изработена е:

- Програма за персоналот која опфаќа потпрограми, проекти и задачи кои се поврзани со организациската структура на ЦУК која ќе ги поддржи определените мисии и цели и ќе ги идентификува потребните човечки ресурси со потребните квалификации, способности и вештини;
- Програма за обука, едукација и оперативни активности која опфаќа потпрограми, проекти и задачи со кои се обезбедува постојаност и поврзаност помеѓу обуката и активностите за справување со појави кои предизвикуваат кризна состојбаа ќе започне и изработката на Програма за обука за вработените во ЦУК и на субјектите во системот за управување со кризи. Програмата за обука на вработените во ЦУК со генерички и специјализирани обуки за 2010 година е изработена во октомври 2009 година

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2010 година предвидено е подготовка и донесување на подзаконски акти со кои ќе се уредат формата, содржината, методологијата и начинот на изработка на Програма за мониторинг на животна средина и содржината на Стратегијата за мониторинг на животната средина. Исто така планирано е подготовка и донесување на подзаконски акт за формата, содржината, методологијата и начинот на изработка на извештајот за состојбата со животната средина во Република Македонија, подзаконски акт за содржина, форма, начин на водење и одржување на национален информативен систем, со кој ќе се утврдат методологиите кои се користат, обврските, начинот и роковите на доставување на податоците и информациите за животната средина до МЖСПП, начин на управување со тие податоци и нивно публикување до јавноста , како и подзаконските акти за формата, содржината, методологијата и начинот на водењето на Регистарот на испуштање и пренесување на загадувачи.

До крајот на 2010 година предвидено е донесување на Закон за ратификација на Протоколот за регистри на загадувачи и пренос на загадувачки материи кон Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашањата поврзани со животната средина (ПРТР) (Архус).

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Како краткорочни приоритети на **Управата за хидрометеоролошки работи**, во 2010 година предвидена е изработка на Националниот план за справување со опустинувањето и ублажувањето на ефектите од суши кон Конвенцијата на ООН за борба против опустинувањето во земјите што се соочуваат со сериозни суши и/или со опустинување, особено во Африка од 2002 година.

**ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Во наредниот период ќе се реализираат приоритетните цели поставени во Националната стратегија за заштита и спасување. Во таа насока ќе се изработи Акционен план за реализација на Стратегијата.

Во 2010 година се планира потпишување на Спогодба помеѓу Република Македонија и Европската заедница за учество на Република Македонија во Механизмот на Заедницата за цивилна заштита и Финансискиот инструмент за цивилна заштита. Исто така ќе продолжи процесот на потпишување билатерални договори за соработка во делот на заштитата и спасувањето со земјите од регионот и во 2010 година ќе се потпишат договори за соработка со Словенија, Хрватска и Бугарија.

Исто така ќе се донесе Стратегија за управување со човечки ресурси и Програмата за обука на субјектите во системот за управување со кризи.

Во овој период ќе се преземаат активности во однос на обврските на Република Македонија што произлегуваат како копретседавач со Европскиот регионален форум за намалување на ризици од катастрофи, а воспоставен на состанокот на Европските национални платформи и институции надлежни за рамката од Хјого одржан од 11-13.11.2009 година во Лондон.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Покрај зајакнување на капацитетите на централно ниво ќе се зајакнат и капацитетите на локално ниво за реализирање на обврските во надлежност на единиците на локална самоуправа согласно прописите од областа на животната средина. Ова ќе се направи преку обезбедување нови вработувања и реализирање обуки за спроведување на обврските од прописите од областа на животната средина, вклучувајќи ги и инспекторите за животна средина на локално ниво. Обуките ќе се однесуваат на:

1. спроведување на стратешка оценка на влијанието врз животната средина,
2. барањата на директивата за одговорност на штета врз животната средина, како и
3. спроведување на соодветните прописи за одговорност за штета наменета за инспекторите за животна средина.

Во наредниот период ќе се продолжи со подржување на реализирање проекти на ЕЛС за изградба на инфраструктурни објекти во областа на отпадот и водите, како и во други области финансирани преку годишната Програма за инвестирање во животната средина за 2010 година и преку буџетите на МЖСПП и Министерството за транспорт и врски (МТВ).

Во овој период ќе започне две годишен проект за поддршка на спроведувањето на стратешката оценка на влијанието врз животната средина, поддржан од Кралството Холандија.

Со цел формирање на Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина, во овој период ќе започнат активности за проценка на постојните мрежи (мониторинг станици) кои вршат мерења на квалитетот на медиумите (вода и воздух) и областите (бучава) на животната средина. Соодветно, државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина во почетокот ќе се состои од државна мрежа за мониторинг на квалитетот на воздухот, водите и бучавата и постепено ќе се надградува со други области и медиуми на животната средина.

Во овој период ќе продолжат активностите од програмата ГЛОБЕ во рамките на која се предвидува одржување на обуки за обучувачи на тренери за спроведување на програмата и набавка на опрема за училиштата за спроведување на програмата ГЛОБЕ.

Воедно, капацитетите на МЖСПП ќе се зајакнуваат преку спроведување на проектот „Зајакнување на капацитетите за управување во животната средина на централно и локално ниво“, кој се очекува да започне во 2010 година. Целта на проектот е зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво во управувањето во областа на животната средина, преку изготвување на регулативата од областа на животната средина и нејзино усогласување со ЕУ Директивите од областа на животната средина и имплементирање на законската регулатива, со посебен акцент на областа на квалитет на амбиентен воздух и областа на управување со отпад и соодветно на тоа аспектите опфатени со Индустриското спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ), како и со оценката на влијанието врз животната средина (ОВЖС). Проектот е финансиран од страна на Европската унија преку ИПА фондовите – Компонента 1 за 2008 година.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Во овој период ќе се продолжи со спроведувањето на повеќе проекти од областа на намалувањето и прилагодувањето кон климатските промени како што се: Проектот на СЗО за прилагодување на здравствениот систем кон климатските промени, Проектот за намалување на климатските промени преку подобрување на енергетската ефикаснсот во секторот згради како дел од Програмата поддржана од Австриската Влада за енергетска ефикасност во зградите, Проектот за почиста и поефикасна индустрија во Македонија од Владата на Кралството Норвешка, како и проектите според механизмот за чист

развој во рамките на билатералната Програма за соработка со Италијанското министерство за животна средина, територија и море.

Во овој период планирана е подготовка на проектни идеи и почетна реализација за некои од предлог проектите од Вториот Национален План за климатски промени во делот на енергетската ефикасност.

Ќе се изврши зајакнување на капацитетите на **Управата за хидрометеоролошки работи** со нови вработувања и со стручно оспособување и усовршување на вработените и зајакнување на потенцијалите на Управата за изготвување точни прогнози на времето и предупредувања, поточни климатски предвидувања и проценки и попрецизни хидролошки прогнози и проценки.

Воедно ќе се изврши санација и реконструкција на градежните објекти на главните метеоролошки станици во Република Македонија како што се: Охрид, Штип, Демир Капија, Гевгелија и Скопје-Петровец (аеролошка станица), изградба на нови метеоролошки станици или нивна дислокација: Струмица и Гевгелија, ќе се изврши набавка на автоматски метеоролошки станици, автоматски регистрирни инструменти за мерење на метеоролошките величини и метеоролошки куќички, набавка на софтвер за биометеоролошка прогноза, надградба на софтвер за метеоролошки податоци ќе се изврши опремување на метеоролошките станици со персонални системи и поврзување со Управата; изградба на нови хидролошки станици за површински води, набавка на автоматски регистрирни инструменти за мерење на нивото на површинските и подземните води на постојните станици, набавка на хидролошки прогностички модел, набавка на системски делови од софтверот ДЕМАС, набавка на софтвер за пресметување на протек, изведба, техничко и инструментално опремување на нови пиезометри за следење на нивоата на подземните водни тела (Овче поле, Струмичко и Гевгелиско поле); обезбедување на ХТЗ опрема за работниците вклучени во системот за заштита од град; набавка на теренски возила, техничко опремување на Управата (административно-техничко и информатичко опремување).

Република Македонија преку Управата за хидрометеоролошки работи ќе аплицира за асоцијативно членство во EUMETSAT (Европска метео-сателитска Агенција) и ECMWF (Европски центар за среднорочна временска прогноза), EUMETNET (Европска мрежа на метеоролошки и хидролошки мониторинг систем) и EUPOALARM (Европски систем за предупредување и најава на интензивни неповолни метеоролошки појави).

**ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Зајакнувањето на Дирекцијата за заштита и спасување ќе се врши преку континуирана обука на вработените и силите за заштита и спасување. За 2010 година предвидено е учество на компјутерски асистираната меѓународна вежба СЕЕСИМ 10 во Република Албанија и НАТО/ЕАДРЦЦ теренска вежба во Ерменија.

Ќе продолжи соработката со Меѓународниот фонд за деминирање и заштита на жртвите од мини во делот на обука на тимот за отстранување на неексплодирани убојни средства.

Во рамките на Иницијативата за подготвеност и превенција од катастрофи за Југоисточна Европа а согласно тренинг програмата усвоена на последниот состанок во Истанбул во ноември 2009 година предвидена е реализација на петнаесет курсеви и обуки од различни области.

На почетокот на 2010 ќе пристигнат и останатите петнаесет противпожарни возила и третиот авион за гасење на пожари на отворен простор со што значително ќе се подобри материјално-техничката опременост на силите за заштита и спасување. Воедно ќе се формираат декларирани тимови за меѓународни интервенции од различни области, која активност ќе продолжи и на среден рок.

Во 2010 година ќе продолжи спроведувањето на Акционата програма за чистење на канали и речни корита во Република Македонија.

Во овој период ќе се преземаат активности за тековно одржување на ГИС – Географски информациски систем во ЦУК. До крајот на 2010 година ќе се набават мапите/подлогите за изработка на веб-портал за приказ на селектиран сет од податоци за настани преку веб сајтот на ЦУК. Ќе продолжат активностите за изработка на шифрарниците и внесот на податоците во гео-базата на податоци, како и тековното одржување на ГИС-Географско информациски систем.

Во текот на 2010 година се очекува усвојување на Физибилити студијата за имплементација на новиот систем за јавно тревожење со цел изградба на модерен и функционален систем за рано предупредување и тревожење.

Во овој период ќе се изработи Програма за обука на вработените во ЦУК и на субјектите во системот за управување со кризи и ќе продолжи учеството на вработените во ЦУК и другите субјекти во системот за управување со кризи на меѓународни вежби, семинари и обуки.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 година предвидено е донесување на подзаконските акти за одговорност за штета во животната средина согласно Директивата за одговорност за штета во животната средина (32004L0035) со кој ќе се уредат професионалните активности со чие вршење може да настапи одговорност за еколошка штета, како и критериумите за определување на постоење на еколошка штета, како и случаите во кои по исклучок нема да настапи одговорноста за еколошка штета. Исто така ќе се утврдат мерките за ремедијација на сторената еколошка штета.

До крајот на 2012 година предвидено е да се донесе и подзаконскиот акт кој се однесува на воспоставување на информативниот систем за животна средина, со кој ќе се утврди начинот, постапката и образецот на доставување на податоците од мониторингот од правни и физички лица, вклучувајќи ги и јавните и државните органи кои со своите активности влијаат врз еден или повеќе медиуми и области на животната средина и /или користат природни богатства.

Воедно ќе започне постапката за изработка на Извештај за состојбата со животната средина што произлегува како обврска од Законот за животна средина и Директивата 31991L0692. Ќе се изработи и Преглед на состојбите со животната средина во соработка со Европската економска комисија на Обединетите Нации.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Во овој период се планира продолжување со процесот на транспонирање на Директивата за трговија со емисии 32003L0087, како и активности за создавање услови за нејзино полесно имплементирање во периодот после 2012 година кога завршува првиот период на обврски според Протоколот од Кјото. Предвидено е да се започне со изработка на подзаконските акти кои се однесуваат на климатските промени и механизмот за чист развој согласно Законот за животна средина, со кои ќе се уредат условите, начинот и постапката за изготвување на Националниот инвентар на антропогени емисии по извори и понори на стакленички гасови, како и постапката, начинот, формата и поблиските услови за утврдување на соодветноста, поднесувањето и одобрувањето на проектите за чист развој.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе продолжи имплементацијата на проектот „Зајакнување на капацитетите за управување во животната средина на централно и локално ниво“, финансиран во рамки на ИПА компонента 1 за 2008 година.

Исто така ќе се изврши зајакнување на капацитетите на Управата за животна средина (МЖСПП_УЖС) и Државниот инспекторат за животна средина (МЖСПП_ДИЖС), органи во состав на МЖСПП, преку нови вработувања, набавка на опрема за МЖСПП_ДИЖС и обуки во однос на спроведување прописите од областа на животна средина.

Преку проектот „Зајакнување на институционалните капацитети за апроксимација и имплементација на Европското законодавство во областа на животната средина, за областите вода и природа“, кој ќе се започне да се спроведува од 2011 и ќе трае до вториот квартал на 2013 година ќе се јакнат институционалните капацитети на централно и локално ниво за апроксимација и имплементација на Европското законодавство во областа на животната средина, за областите вода и природа, преку подготовка на подзаконски акти, воспоставување процедури за добивање податоци за биолошката разновидност и воспоставување систем за управување со биолошка разновидност, како и зајакнување на административните капацитети на управните тела на басенот на реката Вардар. Проектот е финансиран од страна на ЕУ во рамки на ИПА Компонента 1 за 2009 година.

Во овој период планирано е зајакнување на капацитетите на МЖСПП преку:

- нови вработувања,
- техничко опремување и обезбедување на обуки на вработените во надлежните институции за спроведување на законските обврски и прописите за одговорност за штета во животна средина,
- обуки за водење на националниот катастар на загадувачи во РМ, имплементација на Е-ПРТР и моделирање со податоци, користење на софтверска апликација од ПРТР
- обуки за информатичка технологија, и
- набавка на опрема за мониторинг, моделирање и за национален информативен систем.

Истовремено планирано е да се продолжи со зајакнувањето на капацитетите на ЕЛС за управување со животната средина на локално ниво, преку обезбедување на:

- нови вработувања,
- техничко опремување и
- обезбедување на обуки на вработените во надлежните институции на локално ниво за спроведување на законските обврски што произлегуваат од областа на животната средина.

Реализирањето на кампањи за подигнување на јавната свест во животната средина ќе продолжи континуирано во овој период, како и поттикнувањето на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Ќе се продолжи со одржување на Листата на експерти за оцена на влијанието врз животната средина и Листата на експерти за стратешка оценка на влијанието врз животната средина.

Со цел проценка на проектите од механизмот за чист развој од аспект на нивна усогласеност со одржливиот развој, во овој период ќе се донесат Национални критериуми за одржлив развој.

Во овој период ќе продолжи доставувањето податоци и соработката со Европската Агенција за животна средина, со цел да се обезбеди што е можно поголем процент на доставување на податоци за животната средина.

Ќе се формира Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина.

Во овој период ќе се продолжи со поддршката за реализирање проекти на ЕЛС за изградба на инфраструктурни објекти во областа на отпадот и водите, како и во други области финансирани преку годишните програми за инвестирање во животната средина и преку буџетот на МЖСПП и МТВ.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**
Планирана е промена на организационата структура на МЖСПП, со цел создавање организациска единица за климатски промени.

Зајакнување на потенцијалите на Управата за хидрометеоролошки работи за изготвување точни прогнози на времето и предупредувања, поточни климатски предвидувања и проценки и попрецизни хидролошки прогнози и проценки ќе продолжи. Ќе се преведат и усогласат упатствата од Светската метеоролошка организација за утврдување на критериуми за формирање и воспоставување и начин на работа на државната хидрометеоролошка мрежа на станици и за изградба, опремување, одржување, работа, заштита и развој на државната хидрометеоролошка мрежа на станици.

Во овој период ќе продолжи јакнењето на административниот капацитет со нови вработувања и ќе се продоложи со реализација на претходно превземените активности поврзани со санација, реконструкција на градежните објекти на главните метеоролошки станици во Република Македонија, автоматизирање на метеоролошките инструменти и размената на метеоролошките информации.

Ќе се превземат активности за обновување и модернизација на мрежата на хидролошки станици за површински и подземни води и опремување на истите со софистицирана опрема; набавка на резервни делови за постојните радарски системи, обнова на системите за испалување на противградните ракети, набавка на нов радарски систем за покривање на југоисточниот дел на државата, обнова на телекомуникацискиот систем; набавка на теренски возила, опремување на метеоролошките станици со персонални системи и поврзување со Управата, изработка на централна база на хидрометеоролошки податоци, изработка на бази на податоци поодделно за метеоролошки, хидролошки податоци и други податоци, изработка на централна база на хидрометеоролошки податоци како и техничко опремување на Управата (административно-техничко и информатичко опремување), акредитација на лабораторија за детерминирање на загадувачки материи и супстанции во водите, воздухот и почвата.

Исто така ќе се продолжи со спроведување обуки за потребите на вработените од областа на хидрологијата, метеорологијата, прогноза на времето, климатологијата, агрометеорологијата, вештачкото влијание на времето и заштита од град, следење на квалитетот на водите и воздухот.

**ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**
Во овој период ќе продолжи јакнењето на административниот капацитет со набавка на опрема и спроведување обуки за потребите на тимовите за брз одговор, Републичките сили за заштита и спасување, а ќе се обезбеди и учество на претставници на Дирекцијата за заштита и спасување на меѓународни вежби, семинари и обуки.

Ќе се продолжи со усовршување на постоечката законска и подзаконска регулатива, а ќе се работи и на донесување на нови прописи од делот на заштитата и спасувањето.

Воедно, ќе продолжат активностите за тековно одржување на ГИС – Географски информациски систем во ЦУК.

Во период од 2010-2012 година Центарот за управување со кризи ќе работи на Имплементација на Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од несреќи и катастрофи со спроведување на повеќе активности и тоа: конституирање на координативните совети на 7-те платформи по предметно надлежни министерства(национални комисии по одделни ризици при одделни платформи), организација и одржување на седници на телата на Националната платформа на РМ за намалување на ризици од несреќи и катастрофи, изготвување на стратешки документи на Националната платформа, воспоставување систем за раководење и командување на местото на настанот, кампања за доближување на Националната платформа до јавноста, изготвување на нови и ревизија на постојани стратегии, политики, легислатива, методологии и др.

### 3.27.2 **КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХОТ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2009 година продолжи усогласувањето на националното законодавство со ЕУ acquis преку донесувањето на следните подзаконски акти:

- Листа на зони и агломерации за квалитет на амбиентниот воздух ("Службен весник на Република Македонија" број 23/09), со кој се изврши понатамошно транспонирање на следните ЕУ директиви: 31999L0030, 32000L0069, 32002L0003 и 31996L0062;
- Правилник за деталната содржина и начинот на подготвување на Националниот план за заштита на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија" број 108/09), со кој се изврши понатамошно транспонирање на анекс IV на 31996L0062 и 32004D0224;
- Правилник за деталната содржина и начинот на подготвување на Програма за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија" број 108/09), со кој се изврши понатамошно транспонирање на анекс IV на 31996L0062 и 32004D0224;
- Правилник за деталната содржина и начинот на подготвување на Акционите планови за заштита на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија" број 108/09), со кој се изврши понатамошно транспонирање на анекс IV на 31996L0062 и 32004D0224;
- Правилник за методологија на мониторинг за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија" бр. 138/09) со кој се транспонирани следните ЕУ мерките: 31996L0062, 31999L0030, 32000L0069, 32002L0003, 32008L0050, 32004L0107, 32004D0224, 31997D 0101, 32001D0752;
- Правилникот за содржината и начинот на преносот на податоците и информациите за состојбите во управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија" бр. 138/09) се транспонирани ЕУ мерките: 31999L0030, 32000L0069, 32002L0003, 32004L0107, 32008L0050;
- Правилник за измеување на правилникот за квалитет на течни горива („Службен весник на Република Македонија" 81/2009), со што се обезбеди усогласување на стандардите за квалитет на горива со стандардите утврдени во ЕУ Директивите за течни горива: 31999L0032, 31998L0070, 32003L0030.

Почнувајќи од 01.07.2009 година влезе во сила дел од Правилникот за квалитет на течни горива кој се однесува на квалитетот на дизелските горива со што во Република Македонија можат да се употребуваат само дизелските горива во кои содржината на сулфурот од 50 mg/kg се намалува на 10 mg/kg, а содржината на сулфур во мазутот е дозволена на ниво од 1%. Во однос на квалитетот на бензините, од 01.07.2009, можат да се употребуваат само оние кои имаат содржина на бензен од 1%, аромати 35%, олефини 18% и сулфур 10 mg/kg.

Во текот на 2009 година во рамките на билатералната соработка на Министерство за економија и ГТЗ изработен е нов Правилник за квалитет на течните горива кој ќе го замени постоечкиот правилник и истиот е во финална фаза на подготовка при што се очекува Министерството за економија да го донесе до крајот на 2009 година. Новиот правилник е фокусиран на ажурирање и подобрување на транспонираните ЕУ мерки 31999L0032, 31998L0070, 32003L0030 кои се однесуваат на квалитетот на бензините, дизелите и биогоривата изработка и имплементирање на систем за редовна анализа и контрола на квалитетот на течните горива.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Заштитата на квалитетот на воздухот во Република Македонија е институционализирана со работата на повеќе органи и тела на државната управа и на јавниот сектор кои имаат директни и/или индиректни ингеренции во овој домен, утврдени

со Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07 и 159/08) и Законот за квалитет на амбиентниот воздух.

Носечките активности во делот на обезбедување на податоци од мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, како и инвентаризација на емисиите од стационарни извори ги врши Секторот-Македонски информативен центар за животна средина (МИЦЖС) во МЖСПП. Во рамките на Управата за животна средина (УЖС) функционира Одделение за мониторинг во чиј склоп работи Автоматскиот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух на МЖСПП. Поединечни мерења на емисиите во воздухот врши Централната лабораторија, одделение во состав на УЖС. Податоците од мониторинг мрежата и извршените мерења се доставуваат до МИЦЖС и соодветно се обработуваат.

Носечка улога во заштитата на воздухот се остварува од УЖС преку издавање и контрола на дозволите за усогласување со оперативен план кои се задолжителни за сите постојни инсталации кои се под режимот на интегрирани еколошки дозволи. Имено во УЖС функционира Секторот за индустриско загадување и управување со ризик, во кој постојат Одделение за ИСКЗ и Одделение за управување со ризик и хемикалии, како и Одделение за атмосфера. Воедно, Државниот инспекторат за животна средина врши редовен надзор над инсталации кои емитираат загадувачки супстанции во воздухот и кога е потребно издава задолженија за преземање на мерки со цел намалување на емисиите и нивно доведување во дозволените граници.

Во овој период започнаа активности во однос на формирање на Државната мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, како дел од Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина, се превземаа активности за формирање на работна група со претставници од релевантни институции со цел проценка на постојните мрежи (мониторинг станици) од МЖСПП, ИЈЗ и УХМР кои ќе се интегрираат во една државната мрежа за мониторинг на воздухот.

Воедно, како континуирана активност ќе се продолжи со редовно надополнување и подобрување на Катастарот на загадувачки супстанции во воздухот, а особено подобрување на електронската база на податоци преку надградба на софтверската апликација и системот за пребарување на податоци и на поединечните извори на емисија. Во 2009 година се подготвуваше CORINAIR инвентарот со податоци за 2008 година.

Претставници од Одделнието за аналитика и известување и Одделението за мониторинг од Македонскиот информативен центар за животна средина (МИЦЖС) учествуваа на повеќе работилници и семинари со цел транспонирање и имплементација на ЕУ мерките за подобрување на квалитетот на воздухот.

Во јуни 2009 година заврши проектот за Техничка и експертска помош финансиран од ЦИМ (Центар за Меѓународна миграција и развој) во соработка со ГТЗ (Германски Технички Завод) и БА (Федералниот сервис за работа) кој резултираше со добиени обуки од страна на германски експерт како техничка помош при одржување и сервисирање на мониторинг станиците во Република Македонија, калибрационата лабораторија при МЖСПП, опремување на просторија за сервис и одржување на инструментите од мониторинг станиците со што беше овозможено имплементирање на дел од барањата на ЕУ мерките за квалитет на воздух во техничка смисла.

Во 2009 година беше формирана работна група за подготовка на Национален план за заштита на квалитетот на амбиентниот воздух која одржа работен состанок со цел одредување на улогата на различни институции во изработката на истиот. Во работната група има претставници од МЕ, МФ, ЦУК, ИЈЗ, УХМР, Земјоделски факултет и претставници од индустрискиот сектор. Исто така беше формирана работна група за имплементација на барањата на протоколите на Конвенцијата за далекусежно прекугранично загадување на воздухот со преставници од МЕ, МНР, ИЈЗ, УХМР, МЗШВ и претставници од индустрискиот сектор.

Во рамките на Проектот за помош на земјите од Западен Балкан за ратификација и подготовка на имплементациони планови за три протоколи од Конвенцијата за прекуграничен пренос на аерозагадувањето на UNECE од 1979 година и тоа: Протоколот за тешки метали од 1998 година, Протоколот за перзистентни органски загадувачи (ПОПс) од 1998 година и Протоколот за намалување на закиселување, еутрофикацијата и приземен озон од 1999 година, до крајот на 2009 година ќе се подготви Национален акционен план во кој ќе се одредат акциите и одговорните институции за имплементација на последните три протоколи на LRTAP конвенцијата.

Во однос на Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите за управување со животната средина на централно и локално ниво” од програмата ИПА компонента 1 за 2008 година беше подготвено Твининг фише и истото беше испратено до 27 ЕУ земји членки. За заинтерсираните апликанти ќе се изведе евалуација по што во декември 2009 година ќе биде избран идниот Твининг партнер.

Во заштитата на квалитетот на воздухот покрај МЖСПП се вклучени и Министерството за здравство преку Институтот за јавно здравје кој продолжи со вршењето мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух од аспект на заштита на здравјето на луѓето и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Управа за хидрометеоролошки работи која континуирано вршеше мониторинг на квалитет на амбиентниот воздух преку сопствените мониторинг станици.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2010 година ќе се донесат повеќе подзаконски акти со кои ќе се утврдат: граничните вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи, кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (во натамошниот текст: гранични вредности за емисија) со што ќе се транспонираат следните ЕУ мерки: 32001L0080 и 31996L0061 31999L0013 и дел од 31994L0063; ќе се одредат количините на горните граници-плафоните на емисиите на загадувачките супстанции со цел утврдување на проекции за намалувањето на количините на емисиите на загадувачките супстанции на годишно ниво и граничните вредности на емисија, горните граници и цели на намалување на одделни видови на загадувачки супстанции, методите на мерење на емисиите, како и роковите за постигнување на граничните вредности на емисиите на загадувачките супстанции со што ќе се транспонираат ЕУ мерките: 32001L0081, 32001L0080, 31996L0061, 31999L0013, ISO и CEN стандарди од областа, како и ќе се дефинира формата, методологијата и начинот на водење и одржување на Катастарот на загадувачи на воздухот кој произлегува од Законот за квалитет на амбиентниот воздух. Во рамките на Твининг проектот од ИПА компонента 1 за 2008 година ќе се изработат подзаконски акти со кои ќе се дефинираат поблиските услови за вршење на определени видови стручни работи во поглед на опрема, уреди, инструменти и соодветни деловни простории кои треба да ги исполнуваат субјектите за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и притоа ќе се транспонираат ISO и CEN стандарди и ќе се дефинира формата и содржината на образецот за доставување на податоците и формата, содржината и начинот на водење на дневникот кој произлегува од Законот за квалитет на амбиентниот воздух.

Со цел целосно транспонирање на ЕУ мерката 32008L0050 ќе се извршат измени и дополнувања на Законот за квалитет на амбиентниот воздух и останатите подзаконски акти во согласност со барањата на оваа ЕУ мерка.

До крајот на 2010 година ќе се ратификуваат протоколите од LRTAP кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот односно ќе се донесат следните Закони за ратификација: Закон за ратификација на Протоколот за намалување на емисиите на сулфур или нивните прекугранични флуксеви за најмалку 30% од 1985 година; Закон за ратификација на Протоколот за контрола на емисиите од азотни оксиди или нивните прекугранични флуксеви од 1988 година; Закон за ратификација на Протоколот за контрола на емисиите од испарливи органски соединенија (VOC) или нивните прекугранични флуксеви од 1991 година; Закон за ратификација на Протоколот за понатамошно намалување на емисиите од сулфур од 1994 година; Закон за ратификација на Протоколот за долгорочно финансирање на Програмата за соработка за мониторинг и евалуација на далекусежното пренесување на загадувачите на воздухот во Европа (ЕМЕП); Закон за ратификација на Протоколот за тешки метали од 1998 година; Закон за ратификација на Протоколот за перзистентни органски загадувачи (ПОПс) од 1998 година; Закон за ратификација на Протоколот за намалување на закиселувањето, еутрофикацијата и приземниот озон од 1999 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од 01.01. 2010 година, врз основа на резултатите добиени од Твининг Проектот во Управата за животна средина во Одделението за атмосфера ќе започнат активности за воспоставување на Национален систем за инвентаризација со кој ќе се изврши инвентаризација на годишните емисии од сите загадувачки супстанци на национално ниво. Имено, инвентаризација ќе се изврши согласно номенклатурите и методологиите на CLRTAP, UNFCCC и Конвенцијата за заштита на озонската обвивка односно методологијата на EMEP/CORINAIR, инвентарот на стакленички гасови (GHG/IPCC од UNFCCC), инвентар на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка и инвентар на сите супстанции од национално значење. Истовремено, ќе се подобри капацитетот на МЖСПП преку вработување на нов кадар и спроведување на обуки.

Ќе се формира Државната мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, како дел од Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина и ќе се изработи Програма за работа на Државната мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух. Со формирањето на Државната мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух ќе се интегрираат постојните мрежи (мониторинг станици) за мониторинг на воздухот кои се управуваат од МЖСПП, Институтот за јавно здравје и Управата за хидрометеоролошки работи. Во овој период ќе се обезбеди и зајакнување на капацитетите на органите кои вршат мониторинг на воздухот преку вработување на нов кадар и спроведување на обуки.

Како континуирана активности на МЖСПП ќе се продолжи со редовно одржување на мониторинг мрежата за воздух на МЖСПП. Во 2010 година ќе се набави една автоматска мониторинг станица во насока на подобрување на мониторинг мрежата на МЖСПП од аспект на собирање на податоци од рурални области. Воедно ќе се извршат и дополнителни-индикативни мерења за одредување на квалитетот на амбиентниот воздух таму каде нема мониторинг станици.

Во текот на 2010 година ќе се изработи Национален план за редукција на емисиите со кој ќе се имплементира дел од директивата 32001L0081. Исто така ќе се подготви и Национален план за заштита на амбиентниот воздух кој произлегува од Законот за квалитет на амбиентниот воздух со кој ќе се дефинираат идните мерки за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и за минимизирање или целосно отстранување на негативните ефекти врз квалитетот на амбиентниот воздух согласно определите зони и агломерации во Република Македонија. Изработката на Националниот план за редукција на емисиите и Националниот план за заштита на амбиентниот воздух е планирана во втората фаза на Проектот за помош на земјите од Западен Балкан за ратификација и подготовка на имплементациони планови за три протоколи од Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот и тоа: Протоколот за тешки метали од 1998 година, Протоколот за перзистентни органски загадувачи (ПОПс) од 1998 година и Протоколот за намалување на закиселувањето, еутрофикацијата и приземниот озон од 1999 година. Во рамките на овој проект во текот на 2010 година се планира и утврдување на проекциите за редукција на количините на загадувачките супстанции во воздухот за период 2010-2020 година. Исто така, се планира да започне и подготовката на прелиминарниот инвентар за тешки метали.

Во рамките на Твининг проектот од програмата ИПА 2008 "Зајакнување на капацитетите за управување на животната средина на централно и локално ниво", ќе се зајакнат капацитетите на администрацијата на локално и централно ниво преку подготвка, усвојување на акционен план за обуки и имлементација на приоритетни обуки и тоа за: спроведување на мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух со примена на процедури за контрола на квалитетот, обработка на податоците добиени од мониторингот, моделирање и нивна примена за оценка на квалитетот на воздухот, сервисирање и одржување на мониторинг станиците за воздух, управување со квалитетот и емисиите во воздухот како и извршување на активностите за преземање на мерки за подобрување на квалитетот на воздухот и подготвка на акциони планови и програми за подобрување и заштита на квалитетот на амбиентниот воздух. Во рамките на проектот ќе се подготви и спецификација за набавка на нови автоматски метеоролошки станици во УХМР, набавка на автоматска мониторинг станица за квалитет на воздух и софтвер за управување со податоци за воздух со што ќе се реализираат дел од барањата на ЕУ мерката 32007L0002 и ќе се овозможи ефективно управување со податоци за квалитет на воздух за централно и локално ниво. Набавките ќе се направат преку договор за набавка наведен во Проектното фише за животна средина во програмата ИПА 2008.

Воедно, како континуирана активност ќе продолжи со редовно надополнување и подобрување на Катастарот на загадувачки супстанции во воздухот, а особено подобрување на електронската база на податоци преку надоградба на софтверската апликација и системот за пребарување на податоци и на поединечните извори на емисија, а воедно ќе се извршат дополнителни мерења за одредување на квалитетот на амбиентниот воздух таму каде нема мониторинг станици. CORINAIR инвентарот со податоци за 2008 година ќе се подготви во првиот квартал на 2010 година и податоците ќе се доставаат до ЕЕА и до УНЕЦЕ.

Во рамките на редовните кампањи кои ги спроведува МЖСПП, ќе се опфатат и активности кои ќе бидат насочени кон подигнување на јавната свест за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух. Ваков тип на активности се планирани и во рамките на компонентата 2 од Твининг проектот "Зајакнување на капацитетите за управување на животната средина на централно и локално ниво".

Во овој период ќе се воспостави систем за следење на квалитетот на течните горива кое ќе се врши врз основа годишна програма за контрола на квалитетот на течните горива пуштени на пазарот во Република Македонија

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во предвидениот период ќе се донесат повеќе подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за квалитет на амбиентниот воздух и со нив ќе се изврши понатамошно транспонирање на релевантните ЕУ мерки од оваа област.

Утврдувањето на начинот и мерките за превенција и спречување на загадувањето на амбиентниот воздух од објектите и инсталациите за кои не е предвидено издавање на интегрирани еколошки дозволи, произлегува од Законот за квалитет на амбиенетен воздух. Определување на согорувачките капацитети кои треба да ги преземат мерките за заштита на амбиентниот воздух од загадување, преку намалување на емисиите на одделните загадувачки супстанции во воздухот ќе се изврши преку имплементирање на барањата на протоколите кон Конвенцијата на УНЕЦЕ од 1979 година за

далекусежно прекугранично загадување на воздухот и транспонирање на ЕУ мерките 32001L0080, 31996L0061, 32008L0001. Ќе се подготви подзаконски акт за утврдување на методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори согласно процедурите во кој се применуваат ИСО и ЦЕН стандардите од областа. Ќе се подготви на упатство за имплементациони планови и програми согласно ЕУ мерките 32001L0080, 31996L0061, 32008L0001, 32001L0081, 31999L0013, ISO, CEN стандардите, и упатствата на Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот. Врз основа на оценката на квалитетот на воздухот во определени зони и агломерации, каде е потребно, ќе се донесат построги гранични и целни вредности за квалитет за одредени подрачја на предлог на Советот на општината или на Советот на градот Скопје. Ова е предвидено во Законот за квалитет на амбиентниот воздухот и е во согласност со ЕУ мерката 31996L0062 и насоките на СЗО. Дефинирањето на гранични вредности за емисија и видовите на загадувачки супстанции во отпадни гасови од подвижни извори на загадување ќе се изврши со транспонирање на следните ЕУ мерките 31970L0220, 31972L0306, 31988L0077, 31994L0063, 31996L0096, 31997L0068, 1997L0088, 1997L0020, 31998L0070, 31998L0077, 32002L0088.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во наредниот период ќе продолжи зајакнувањето на капацитетите на МЖСПП преку: нови вработувања и обезбедување на обуки за извршување на активностите за преземање на мерки за подобрување на квалитетот на воздухот и за спроведување на мониторингот. Ќе се изврши техничко подобрување на капацитетот на МЖСПП за спроведување на мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух и за обработка на податоците добиени од мониторингот. Дел од обуките ќе се спроведат во рамките на Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите за управување на животната средина на централно и локално ниво“. Ќе се продолжи со зајакнување на мрежата за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух преку редовно одржување на постојните мониторинг станици и проширување на мрежата со воспоставување на нови автоматски мониторинг станици. Согласно Твининг работниот план и Акциониот план за обуки ќе се реализираат обуки за локалното ниво.

Воедно, како континуирана активност ќе продолжи редовното надополнување и подобрување на Катастарот на загадувачки супстанции во воздухот, со цел добивање на податоците за емисиите во воздухот од поголем број на деловни субјекти.

Зајакнувањето на капацитетите на администрацијата со цел подобрување во управувањето со квалитетот на воздухот ќе биде една од активностите на кои ќе се посвети особено внимание и во овој период. Во овие активности се опфатени нови вработувања и обука на вработените во Министерството за економија во Одделението за течни и цврсти горива при Секторот за енергетика (бројот на вработување и обуките во Министерството за економија се дадени во поглавјето 3.15).

Во рамки на Проектот за помош на земјите од Западен Балкан за ратификација и подготовка на имплементациони планови за три протоколи од Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот во првата половина од 2011 година се планира да се заврши со изработката на прелиминарниот инвентар за тешки метали и да се одржи завршна работилница на проектот со цел подигнување на јавната свест за исполнување на барањата на последните три протоколи на Конвенцијата.

Ќе се започне со преземање на мерки за акредитирање на независна лабораторија која ќе го следи и испитува квалитетот на горивата согласно Законот за безбедност на производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.33/2006 и 63/2007). Спроведувањето на програмата ќе преставува основа за подготвување на месечни и годишни извештаи за количините на течни горива и нивниот квалитет кои се употребуваат во Република Македонија. Извештаите ќе бидат доставувани до Министерството за економија и МЖСПП, со цел понатамошна обработка на податоците.

### 3.27.3 **УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Политиката за управување со отпад во Република Македонија е дефинирана со Националниот план за управување со отпад 2009-2015, чиј составен дел е Планот за управување со медицински отпад и студиите за изводливост, а кој беше усвоен од Владата на Република Македонија во 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр 77/09 ).

Во декември 2009 година се донесе Закон за управување со пакување и отпад од пакување со кој се транспонираат следните ЕУ мерки: 31994L0062, 32004L0012, 31997D0129, 31999D0177, 32001D1712 и 32005D0270. За Законот за управување со пакување и отпад од пакување за прв пат во областа на животна средина беше спроведена процедура за проценка на влијанието на регулативата – ПВР (Regulatory Impact Assesment - RIA). За таа цел се формираше работна група за спроведување на ПВР со претставници од повеќе државни органи и се одржаа работни средби со релевантните

засегнати страни. Во рамки на овие активности од страна на Амбасадата на Велика Британија преку фондот GOFRE се ангажираа странски експерти и истите го подготвија Извештајот за ПВР за овој Закон.

Во 2009 година продолжи транспонирањето на релевантното ЕУ acquis од оваа област преку донесување на:

- Правилник за условите што треба да ги исполнува депониите („Службен весник на Република Македонија бр. 78/09) со што се изврши понатамошно транспонирање на 31999L0031.
- Правилник за мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите, сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористени возила, нивните компоненти и материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на потврдата за преземање на возилото за уништување, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденцијата (Службен весник на Република Македонија бр. 108/09) со што се изврши транспонирање на ЕУ мерките: 32000L0053, 32002D0151 и 32005D0673.
- Правилник за количеството на биоразградливи состојки на отпадот што смее да се депонира („Службен весник на Република Македонија бр. 108/09) со што се изврши транспонирање на ЕУ мерката 31999L0031.
- Правилник за формата и содржината на барањето за добивање дозвола, како и формата и содржината на дозволата за оператор на инсталацијата за горење или согорување на отпад („Службен весник на Република Македонија бр. 108/09) со што се транспонираше ЕУ мерката 32000L0076.
- Правилник за условите во поглед на техничките средства и опремата за вршење на дејноста отстранување на отпад, како и условите и начинот за обука и тренинг програма на вработените („Службен весник на Република Македонија" бр. 108/09) со што се транспонираше ЕУ мерката 31999L0031.
- Правилник за начинот на постапување со отпадот од титаниум диоксид, начинот на вршење мониторинг и формата, содржината и начинот на доставување податоци („Службен весник на Република Македонија бр. 108/09) со што се изврши транспонирање на ЕУ мерките: 31978L0176, 31982L0883 и 31992L0112.
- Правилник за граничните вредности на емисии при горење и согорување на отпад и условите и начинот на работа на инсталациите за горење и согорување („Службен весник на Република Македонија бр. 123/09) со што се изврши транспонирање на ЕУ мерката 32000L0076.

Исто така се донесоа следните правилници од областа на управувањето со отпад кои не транспонираат ЕУ мерки:

- Правилник за содржината и начинот на водење, чување и одржување на евиденцијата во регистарот на отпад („Службен весник на Република Македонија " бр. 39/09)
- Правилник за висината на трошоците кога инспекцискиот надзор е извршен на барање на правно или физичко лице и начинот на нивната наплата („Службен весник на Република Македонија бр. 101/09)
- Правилник за начинот на постапување со отпадните гуми, како и условите кои треба да ги исполнуваат правните и физички лица кои увезуваат употребувани гуми („Службен весник на Република Македонија бр. 108/09)
- Правилник за програмата и начинот на полагање на стурчниот испит за вршење на работите на управител со отпад, образецот за уверението за управител со отпад , како и висината и начинот на плаќање на надоместокот за полагање на стручниот испит („Службен весник на Република Македонија " бр. 137/09)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за управување со отпад, Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), Управата за животна средина и Државниот инспекторат за животна средина се одговорни органи на национално ниво за негово спроведување. Свои одговорности имаат и Министерството за здравство (Државен санитарен и здравствен инспекторат) во однос на контролата на медицинскиот отпад,, Министерството за економија и Државниот пазарен инспекторат при Министерството за економија. Надлежноста на Државниот пазарен инспекторат е уредена со Законот за државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија" бр.24/07 и 81/07) и овој Инспекторат врши инспекциски надзор над примената на законите, прописите и актите од страна на трговските друштва, други правни и физички лица кои вршат дејност и граѓаните, а кои се однесуваат на економските активности кои се вршат на територијата на Република Македонија. Државниот пазарен инспекторат врши инспекциски надзор во делот на прометот со производи и пакувања, означувањето на производите и пакувањата и информирањето на потрошувачите.

Единиците на локалната самоуправа, овластените инспектори за животна средина и комуналните инспектори се надлежни и одговорни за управувањето со комунален и друг вид на неопасен отпад и јавната чистота на локално ниво. Во Управата за животна средина функционира Одделение за отпад и почви како одговорна организациона единица за следење и реализација на стратешките документи од областа на управувањето со отпад, издавање на дозволи и лиценци за постапување со отпадот, водење на регистри и катастри, како и други стручни работи од областа на управувањето со отпад.

Во 2009 година во рамки на Меморандумот за соработка помеѓу МЖСПП и USAID беа организирани и одржани 2 јавни дебати за Предлог Законот за управување со пакување и отпад од пакување.

Согласно Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08 и 143/08) во април 2009 се формираше Комисија за полагање на стручен испит за вршење на работите на управител со отпад, која спроведе испит за управител со отпад и додели 10 уверенија за управител со отпад.

Во 2009 година се формираше Комисија за координирање и поддршка на активностите на Единиците за локална самоуправа (ЕЛС) за воспоставување на регионален систем за управување со отпад. Оваа комисија има за цел обезбедување на институционална и стручна поддршка во воспоставувањето на регионален систем за управување со отпад. Комисијата има надлежности во однос на активностите за постепено преминување од депонирање отпад на несанитарни комунални депонии и диви депонии во депонирање на отпад на регионални комунални депонии кои ќе опслужуваат минимум 200.000 жители. Комисијата е составена од претставници на МЖСПП, Министерство за транспорт и врски, ЕЛС и други органи кои имаат надлежности во оваа област.

Претставници на МЖСПП присуствуваа на повеќе семинари и студиски патувања во врска со управувањето на отпадот. Воедно беше одржана TAIEX обука за размена на искуствата за воспоставување на интегриран регионален систем во управувањето со отпадот.

Во 2009 година во рамки на акцијата на МЖСПП на територијата на Република Македонија се дистрибуираа 2.000 контејнери и 20.000 канти за собирање на отпадоците.

Во врска со постапката за преговарање на доставените барања за добивање на дозволи за усогласување со оперативен план на постојните депонии во Република Македонија, до МЖСПП во 2009 година пристигнаа барања од 3 општини (Велес, Кавадарци и Штип) за добивање на дозволи за усогласување со оперативен план на постојните депонии и постапката за преговарање е во тек.

Во врска со ажурирањето и надополнување на базата на Катастарот на создавачи на отпад и надградување на софтверот за апликација на податоци во катастарот за отпад, во 2009 година тече втората фаза од процесот. Имено електронската база се пополнува и ажурира со податоците добиени од дистрибуираните прашалници до идентификуваните субјекти, се врши валидизирање на податоците и мерења по потреба.

Заврши проектот „Подобрен систем за управување со комунален отпад во Република Македонија“. Проектот се реализираше преку билатерална соработка помеѓу Шведската Агенција за животна средина (SEPA) и МЖСПП, финансиран од SIDA. Вредноста на проектот беше 155.000 евра со период на реализација од 01.01.2008 до 30.11.2009. Како пилот општини се избраа општина Гостивар и општина Борланг, Шведска. Беа реализирани едно студиско патување во Шведска на претставници од МЖСПП, ЈКП Комуналец - Гостивар и Општина Гостивар и 5 работилници со претставници на сите општини во Република Македонија. Се подготви експертска компаративна студија за управување со отпад помеѓу двете пилот општини и водич за изготвување на план за управување со отпад наменат за општините во Република Македонија.

Во 2009 година заврши проектот за Изработка на предфизибилити студии за интегрирано управување со отпад во Југоисточниот регион и регионот на Полог, кој беше реализиран во периодот од 01.01.2008 до 31.07.2009, со финансиска поддршка на Норвешката влада во износ од 200.000 евра. Регионалниот центар за заштита на животната средина како имплементатор на проектот изработи пред-физибилити студија за интегрирано управување со отпад за Полог и Струмички регион и истите ги достави до МЖСПП.

Започна проект за изработка на План со физибилити студија за воспоставување на систем за управување со отпад од електрична и електронска опрема и управување со отпадни батерии и акумулатори во Република Македонија.

За проектот „Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за имплементација и примена на законодавството од областа на управување со отпад и ИСКЗ“, во рамки на ИПА Компонента 1 за 2008, МЖСПП подготви Проектна задача, а во тек е тендерска постапка и евалуација на понуди на фирмите.

Со цел реализација на Проектот за Воспоставување на финансиски интегриран самоодржлив систем за управување со отпад во рамки на ИПА Компонента 3 - Мерка 3.2 од Оперативната програма за регионален развој 2007-2009, МЖСПП одржа средба со релевантните претставници на ЕЛС и Советите на планските региони, во функција на нивно детално информирање со процедурите за искористување на ИПА фондовите, за воспоставување на интегриран системи за

управување со отпад на регионално ниво и начините на финансирање на проекти, како и потребата од формирање на регионални тела за управување со отпад како крајни корисници на инвестициските проекти и очекуваните резултати од ИПА фондовите. Владата на Република Македонија донесе одлука за избор на Источен и Североисточен плански регион за имплементација на интегриран самоодржлив систем за управување со отпад.

Во ноември 2009 година, врз основа на Одлука на Владата на Република Македонија, започнаа подготвителни активности за објавување на јавен повик за конкурентен дијалог за издавање на концесии за регионално управување со отпад и се подготвуваат регионите и документацијата потребна за јавниот повик. Оваа активност ќе биде спроведена во неколку фази. Првата фаза чини 50.000 евра и е финансирана од Италијанската Влада, а имплементирачка агенција е РЕЦ.

Во рамки на имплементацијата на проектот за елиминација на ПХБ и опремата која содржи ПХБ, со цел идентификација на ПХБ-опремата и маслата беа земени примероци од 500 трансформатори. Истите беа квалитативно анализирани и беа разгледани можните опции за третман на трансформаторите контаминирани со ПХБ. За таа цел беше одржан воведен состанок на кој претставниците од засегнатите инсталации го дадоа своето мислење по опциите за третман. Беше изготвен елаборат за процена на влијание врз животната средина на времено складиште на ПХБ опрема и технички стандарди што треба да ги исполнува и беа дефинирани критериумите и карактеристиките на технологијата за третман на ПХБ отпад во Република Македонија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2010 година ќе се донесе Закон за управување со отпадни батерии и акумулатори со кој ќе се транспонираат барањата на ЕУ мерката 32006L0066.

До крајот на 2010 година ќе се донесе Правилник за управување со руднички отпад, со што ќе се транспонира ЕУ мерката 32006L0021.

Врз основа на Законот за управување со пакување и отпад од пакување до крајот на 2010 година ќе се донесат следниве подзаконски акти:
- Листа со илустративни примери за пакување, со која ќе се транспонираат ЕУ мерките 31994L0062 и 32004L0012;
- Правилник за начинот на нумерирање и кратенките на кои се заснова системот за идентификација и означување на материјалите од кои е произведено пакувањето, како и формата и содржината на ознаката за постапување со пакувањето, со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 31997D0129;
- Правилник за формата и содржината на образецот за водење на евиденцијата на производители , начинот на водењето на евиденцијата, како и формата и содржината на образецот на потврдата, со кој ќе се транспонираат ЕУ мерките 31994L0062 и 32004L0012;
- Правилник за формата и содржината на образецот на годишниот извештај, формата и содржината на образецот на производствената спецификација , формата и содржината на образецот на евиденцијата , како и начинот на кој се води евиденција, со кој ќе се транспонираат ЕУ мерките 31994L0062 и 32004L0012;
- Правилник за условите, како и видовите на пакување кои служат како показатели дека пакувањето е со долг животен век, со кој ќе се транспонираат ЕУ мерките 31994L0062 и 32004L0012;
- Правилник за начинот на водење, формата и поблиската содржина на базата на податоци и информативниот систем за пакување и отпад од пакување, со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 32005D0270.

Врз основа на Законот за управување со отпад до крајот на 2010 година ќе се донесе Програма за управување со непрописни депонии.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Најзначајните активности во овој период ќе бидат посветени кон зајакнување и реорганизација на капацитетот на ЕЛС со цел управување со отпадот на локално ниво. Согласно Планот за институционален развој на капацитетите за управување со животна средина на национално и локално ниво (2009-2014), во секоја поголема општина ќе се формира посебно одделение кое ќе ги врши сите функции на ЕЛС во управувањето со отпадот.

Во делот на зголемување на нивото на инвестиции и воспоставување на систем за интегрирано управување со отпад се предвидува изработка на физибилити студии, студии за концесии и останата техничка документација за изградба на регионални депонии.

Во овој период ќе продолжи постапката за преговарање со останатите барања за добивање на дозволи за усогласување со оперативен план на постојните депонии во Република Македонија.

Согласно насоките од Стратегијата за управување со отпад, Одделението за отпад и почви како организациона единица во Управата за животна средина ќе се трансформира во Сектор за управување со отпад со три посебни организациони единици во состав и тоа: Одделение за планирање и мониторинг, Одделението за постапување со отпад и Одделение за постапување со посебните текови на отпад.

Формираниот Сектор за управување со отпад и Секторот за ЕУ ќе се зајакнува со вработување на нови државни службеници и обуки. Истовремено ќе се зајакне и капацитетот на Државниот инспекторат за животна средина со цел зголемување на степенот на спроведување на законодавството со вработување на нови државни службеници. Ќе се зајакне и капацитетот на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија за вршење на инспекцискиот надзор во областа на управување со посебните текови на отпад. Ќе се спроведат 4 обуки за управување со отпадот на локално ниво за претстсвниците на ЕЛС и 4 обуки за управување со отпад од пакувања на правни и физички лица на централно и локално ниво.

За утврдување на политиките во управување со посебните текови на отпад вклучувајќи го и биоразградливиот отпад со цел воспоставување на системи за интегрирано управување со отпад ќе се преземат следните активности:

1. Во рамки на Проектот за изработка на План со физибилити студија за воспоставување на систем за управување со отпад од електрична и електронска опрема и управување со отпадни батерии и акумулатори во Република Македонија, ќе се работи на изготвување на:
   - Анализа на состојбата со управувањето со електричен и електронски отпад, како и отпад од батерии и акумулатори
   - Анализа на правната рамка во делот на управувањето со електричен и електронски отпад, како и отпад од батерии и акумулатори
   - План со физибилити студија за воспоставување на систем за управување со отпад од електрична и електронска опрема и управување со отпадни батерии и акумулатори во Република Македонија

2. Ќе се започне со изработка на Студија за изводливост и план за постапување и намалување на количините на биоразградлив отпад на депонии и Студија за изводливост за управување со опасен отпад.

Издавањето дозволи за постапување со отпад согласно пристигнатите барања ќе продолжи, како и активностите за ажурирање и надополнување на базата на Катастарот на создавачи на отпад и надградување на софтверот за апликација на податоци во катастарот за отпад (втората фаза од процесот), односно електронската база ќе се пополнува и ажурира со податоците добиени од дистрибуираните прашалници до идентификуваните субјекти, валидизирање на податоците и мерења по потреба.

Во 2010 година ќе се спроведува проект за проектирање и изведба на објект за термичка обработка на посебен отпад.

Преку Програмата за инвестирање во животната средина ќе продолжат активностите за изработка на физибилити студии и техничка документација за регионални депонии.

За 2010 година ќе се обезбеди поддршка за ЕЛС во РМ во висина од 20.000.000,00 денари за реализација на проекти од областа на управување со отпад.

Ќе започнат активности за основање организациона единица за управување со комунален цврст отпад за избран регион.

До крајот на 2010 година ќе се изведе проектирање и изведба на автоклави со дробење за стерилизација на медицинскиот отпад за ЈЗУ Клиники, Болници, Здравствени домови и ИЈЗ (Институт за јавно здравје на РМ) и ЦЈЗ (Центри за јавно здравје) со интегриран пристап на обезбедување на прописна амбалажа за селектирање, пакување и означување на медицински отпад.

Во рамки на Проектот „Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за имплементација и примена на законодавството од областа на управување со отпад и ИСКЗ“ – ИПА компонента 1 за 2008, ќе се извршат проценки на институционални капацитети за управување со отпад и механизмите за координација на управувањето со отпад на централно и локално ниво.

Со цел реализација на Проектот „Воспоставување на финансиски интегриран самоодржлив систем за управување со отпад“ во рамки на ИПА компонента 3 - Мерка 3.2 од Оперативната програма за регионален развој (ОПРР) 2007-2009, во 2010 година ќе се формираат регионални тела за управување со отпад.

Во рамките на проектот за елиминација на ПХБ и опремата која содржи ПХБ ќе се избере технологијата за третман на ПХБ-опрема. Исто така, планиран е старт на изградбата на привременото складиште на ПХБ-отпад. Ќе се подготвува прирачник за еколошки прифатливо управување со ПХБ-опрема и отпад и организација на обука во оваа област.

Во овој период ќе се реализираат неколку студиски патувања и работилници во рамките на TAIEX помошта кои се однесуваат на управување со употребувани батерии и акумулатори и отпад од електрична и електронска опрема.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период ќе се изврши понатамошно усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ во делот на посебните текови на отпад со изготвување и донесување на Закон за управување со отпад од електрична и електронска опрема со којшто ќе се транспонираат ЕУ мерките: 32002L0096 и 32002L0095.

Исто така ќе се утврдат условите за извоз, увоз и транзит на отпад поодделни видови на отпад, методите на надзор над извозот, увозот и транзитот на отпадот, како и формата и содржината на образецот на дозволата за извоз, увоз и транзит на отпад со што ќе се изврши транспонирање на ЕУ мерката 32006R1013.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
За утврдување на политиките во управување со посебните текови на отпад, во овој период ќе се изработат следните документи:
- Студија за изводливост и план за постапување и намалување на количините на биоразградлив отпад на депонии
- Студија за изводливост за управување со опасен отпад
- План со физибилити студија за поставување на систем за управување со употребувани возила и поврзан систем за заверка и регистрација и уништување
- Студија за изводливост и план за управување со отпад од азбест
- Студија за изводливост и план за управување со инертен отпад

Ќе се комплетира ажурирањето и надополнување на базата на Катастарот на создавачи на отпад и надградување на софтверот за апликација на податоци во катастарот за отпад.

Ќе продолжи поддршката на ЕЛС за изработка на планови и програми за управување со отпад и за нивна имплементација, како и за обуки за управување со отпад на локално ниво.

Контролата и издавањето на дозволи за постапување со отпад согласно пристигнатите барања и состојбата на терен ќе продолжи и во овој период.

Ќе се основа организациона единица за управување со комунален цврст отпад за избран регион. Исто така ќе се изработи и донесе Упатство за управување со отпад на локално ниво.

Во 2011 година ќе се формира регулаторно тело за комунални работи со цел обезбедување на одржливост на новите комунални инфраструктурни објекти во Република Македонија.
До крајот на 2012 ќе биде изграден објектот за термичка обработка на посебниот отпад, а исто така ќе продолжи изградбата на регионални депонии за комунален отпад.

Во рамки на Проектот „Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за имплементација и примена на законодавството од областа на управување со отпад и ИСКЗ“, во рамки на ИПА - Компонента 1 за 2008 ќе се реализираат активности за поддршка на регионалните тела за управување со отпад и за хармонизација на приоритетно законодавство со ЕУ мерки.

Ќе се реализираат активности во рамки на Проектот за Воспоставување на финансиски интегриран самоодржлив систем за управување со отпад во рамки на ИПА Компонента 3 - Мерка 3.2 од Оперативната програма за регионален развој (ОПРР) 2007-2009.

Поддршката за ЕЛС во Република Македонија за реализација на проекти од областа на интегрирано управување со отпад, пред се во делот на изработка на физибилити студии, техничка документација и изградба на регионални депонии за управување со отпад и понатаму ќе се обезбедува преку годишната Програма за инвестирање во животната средина и програмите на МЖСПП во рамките на Буџетот на Република Македонија.

Во рамките на проектот за елиминација на ПХБ и опремата која содржи ПХБ ќе се направи распоред по кој ќе се врши деконтаминација на ПХБ-опремата. Планирано е спроведување на обука на невладиниот сектор на полето на подигање на јавната свест. Ќе се организира обука на професионалниците за ракување со отпадната ПХБ-опрема во сите фази од нејзиниот животен циклус. Како последна фаза од проектот во 2012 година се предвидува конечен третман на претходно идентификуваната ПХБ-опрема.

### 3.27.4 **КВАЛИТЕТ НА ВОД**АТА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2009 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за водите („Службен весник на Република Македонија" бр.87/2008 и 6/09). Измените се однесуваат на делот на користење на средствата од надоместокот за вода, при што се избриша членот за придонесот на води и членот кој се однесува на обврзници за плаќање на придонесот за води.

Во рамки на проектот „Советување при спроведување на Рамковната директива за води на Европската унија во Република Македонија", што се спроведува со поддршка на Германското друштво за техничка соработка – ГТЗ се подготвија и донесоа следните правилници кои ја транспонираат Рамковната директива за води 32000L0060:

- Правилник за содржината и начинот на подготвување на информациите и на картографските прикази за активностите за мониторинг на водите, на подеталните програми и планови за управување со водите на речните сливови и потсливовите („Службен Весник на Република Македонија" бр. 148/2009).
- Правилник за методологијата за проценката на речните сливови („Службен Весник на Република Македонија" бр. 148/2009).
- Правилник за содржината и начинот на подготвување на Програмата на мерки („Службен Весник на Република Македонија" бр. 148/2009).
- Правилник за методологијата за поблиската содржина, начинот и постапката за изготвување, ревидирање и ажурирање на Водостопанска основа на Република Македонија („Службен Весник на Република Македонија" бр. 148/2009).
- Правилник за содржината и начинот на подготвување на плановите за управување со речните сливови („Службен Весник на Република Македонија" бр. 148/2009).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежности во управувањето со водите, согласно Законот за води од 1998 година има Управата за водостопанство орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, која ќе биде надлежна до крајот на 2009 година.

Во декември 2009 година се формираше Националниот совет за води кој е советодавен орган во утврдувањето на политиката за води и е составен од претставници на следните институции: МЖСПП, Министерство за здравство, Министерство за економија, Министерство за транспорт и врски, Министерство за земјоделство, ЗЕЛС, МАНУ, НВО и претставник од Советот за управување со Вардарскиот речен слив.

Исто така започнаа активности за подготовка на План за постепено пренесување на надлежностите во управувањето со водите од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) со Програма за институционален развој, при што од страна на МЖСПП е формирана работна група со цел преземање на одговорностите, стручниот кадар и документацијата на Управата за водостопанство при МЗШВ од страна на МЖСПП. Работната група ќе учествува во изработката на Планот за постепено пренесување на работите во областа на управувањето со водите и воедно во рамки на МЗШВ ќе се формира работна група За олеснување на овој процес, од страна на Светска банка ангажирани се двајца експерти (еден надворешен и еден внатрешен).

Во 2009 година отпочна изработката на Националната стратегија за води. Имено, тендерската процедура за избор на изработувач на Стратегијата заврши, а изработката на Стратегијата ќе биде делумно финансиски поддржана од Република Словенија.

Во рамки на проектот „Советување при спроведување на Рамковната Директива за води на Европската Унија во Република Македонија" беа одржани повеќе работилници и работни мисии од страна на странски експерти со цел

спроведување на обука и трансфер на знаења во делот на имплементација на ЕУ Рамковната директива за води на државните службеници кои работат во областа води во Република Македонија.

Во 2009 година започнаа активности за потпишување на Конвенцијата за заштита и употреба на меѓународните водни ресурси и меѓународните езера (UNECE Water convention – Конвенција за води). Од страна на Секретаријатот на конвенцијата во октомври 2009 година се одржа работилница која беа презентирани основните права и обврски што би произлегле за една државна потписничка на Конвенцијата за води.

Воедно, поддржано е спроведување на неколку проекти од областа на водите и тоа:

- Проект „Пречистување на отпадни води загадени со шестовалентен хром во Јегуновце", а предвидени средства во буџетот за 2010 година во вредност 5.5000.000,00 денари.
- Проект „Изградба на пречистителна станица во општина Сарај" предвидени средства во буџетот за 2010 година во вредност 20.000.000,00 денари.
- Изработка на Проектна документација за подобрување на хидролошкиот режим на река Вардар низ Скопје и изградба на каскадните прегради по реката Вардар и решавање на проблемот со фекални води во градот Скопје предвидени средства во буџетот за 2010 година во вредност 20.000.000,00 денари.
- Изработка на Националната стратегија за води за која се потребни средства од 8.000.000,00 денари.

Заврши проектот „Мониторинг на реките во Република Македонија - II фаза" финансирана од Швајцарската Влада во рамки на кој се реализираше реконструкција, доградба и осовременување на мониторинг системот на реките во Република Македонија со цел перманентно следење на квалитативно-квантитативните податоци за состојбата со водата во истите.

Во рамки на проектот „Водоснабдување и пречистување на води во град Берово", финансиран од Швајцарската Влада, се реализираа следниве активности: Рехабилитација на водоводната мрежа, изградба на нов колектор од Берово до новата пречистителна станица и реализација на првата фаза од Пречистителната станица за Берово и околните села. Главниот колектор е завршен и се монтира опремата,додека полињата за мил ќе се градат во пролет поради временските услови.

Во 2009 година заврши Проектот за изработка на Физибилити студија за изградба на пречистителна станица во Скопје, финансиран од Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA) во рамките на кој е изработена Физибилити студија за пречистителна станица во Скопје со Студија за оцена на влијанието врз животната средина.

Во рамки на проектот за третман на отпадни води - Прилеп кој се реализираше преку ЕУ програмата КАРДС се изработи студија на изводливост (физибилити студија), анализа на оцена за влијанието врз животната средина (ОВЖС) и анализа на трошоци и приходи (кост бенефит анализа), како и финансиски анализи.Со ова е завршена целокупната КАРДС програма финансирана од ЕУ. Вториот проект е финансиран од ЕУ-ИПА компонента 1 односно Подготовката на главниот проект и тендерската документација, додека Изградбата на пречистителната станица за отпадни води и надградба на канализационата мрежа Прилеп е донација во вредност од 6.091.200 евра од ЕУ-ИПА компонента 3 и домашно кофинансирање во вредност од 12.500.000 евра. Тендерската процедура за избор на консултант за изработка на техничка документација беше објавена и завршена во септември 2009 год. Идни активности кои треба да се реализираат во последниот квартал 2010 год. до крај на 2012 год е изградбата да се одвива според FIDIC жолтата книга и предвидено време за изградба на станицата е околу 18 месеци додека реконструкцијата и надградбата на канализационата мрежа ќе се одвива според FIDIC црвената книга а времетраењето за изградба ќе трае 22 месеци. Тендерската постапка за изградбата се очекува да започне во почетокот на 2010 година.

Преговорите со Швајцарската амбасада во Република Македонија за заокружување на финансиската конструкција за изградба на пречистителна станица во општина Гевгелија се во финална фаза.

Во 2009 година започна првата фаза од Проектот за изградба на пречистителна станица за отпадни води во Волково, општина Ѓорче Петров - Скопје.

До Европската агенција за животна средина (ЕЕА) испратени се годишни податоци за квалитет на реките, езерата и подземните води во Република Македонија и податоци за количина и користењето на водите и квалитетот на отпадните води. Податоците беа испратени во бараниот формат согласно методологијата пропишана од ЕЕА и во бараниот термин.

Во 2009 година се распиша тендер за избор на изготвувач на катастарот на загадувачи на водите во Република Македонија. Истиот се однесува на ажурирање, надополнување и надградба на постоечката софтверска база од постоечкиот катастар на загадувачи на водите во Република Македонија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период е планирано да се изработи Националната Стратегија за води, ќе се донесе Планот за постепено пренесување на надлежностите во управувањето со водите од МЗШВ во МЖСПП со програма за институционален развој. Ќе продолжат активностите за пристапување кон потпишување на Конвенцијата за заштита и употреба на меѓународните водни ресурси и меѓународните езера (Конвенцијата за води на UNECE).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе се зајакне Секторот за води во Управата за животна средина, особено со зголемување на бројот на вработувања и обезбедување на обуки за подготовка на планските документи и за имплементација на следните ЕУ мерки: 32000L0060, 31991L0271, 31975L0440, 31991L0676 и 31976L0160.

Со цел формирање на тела за управување со водите по речни сливови како организациони единици во МЖСПП за постигнување на интегриран пристап во користењето на водите, Секторот за води ќе се реорганизира во насока на формирање посебни одделенија за секој речен слив во Република Македонија. Неговите капацитети ќе се зајакнат со нови вработувања и спроведување на обуки. Исто така ќе се зајакне и Институтот за јавно здравје на РМ со нови вработувања.

Во овој период ќе се формираат Советите на Сливовите за сите сливни подрачја.

Со цел формирање на Државната мрежа за мониторинг на водите, како дел од Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина, во овој период ќе започнат активности за проценка на постојните мрежи (мониторинг станици) кои вршат мерења на водите. Со формирањето на Државната мрежа за мониторинг на квалитетот и квантитетот на водите ќе се интегрираат постојните мрежи (мониторинг станици) за мониторинг на водите кои се управуваат од Институтот за јавно здравје на РМ, Управата за хидрометеоролошки работи и Хидробиолошкиот завод во Охрид. Врз основа на овие активности ќе се формира Државната мрежа за мониторинг на водите, како дел од Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина.

Во овој период ќе започне да се спроведува реконструкција и изградба на пречистителни станици и други објекти финансирано од домашни буџетски средства. Исто така ќе започнат да се реализираат други проекти од животна средина преку користење на домашни буџетски средства со цел изработка на техничка документација (физибилити студии) за системи за третман на отпадни води, финансии и економски анализи, студии за оценка на влијанието врз животната средина (ОВЖС) и главни проекти. Во овој период ќе се започнат активности за заштита на квалитетот на водите на река Вардар од отпадните води кои се вливаат од територијата на општините Сарај, Ѓорче Петров и градот Скопје, заштита на бунарското подрачје Нерези – Лепенец и естетско уредување на коритото на река Вардар со изградба на каскади.

Ќе продолжи спроведувањето на проектот „Интегрирано управување со еко системот во сливот на Преспанско Езеро во Албанија, Македонија и Грција", поддржан од ГЕФ и УНДП, чии резултати ќе се реализираат до крајот на 2012 година.

Во рамки на овие активности се предвидува да започне проектирање и изградба на пречистителна станица за отпадни води во населеното место Волково, општина Ѓорче Петров и општините Сарај (Грчец, Глумово, Шишево, Долна Матка, Горна Матка, Крушопек и Лаки). Исто така се предивидува изработка на проектната документација за подобрување на хидролошкиот режим на реката Вардар низ Скопје и изградба на каскадни прегради по река Вардар и решавање на проблемот со фекални води во град Скопје

Пречистителната станица на отпадни води кои се загадени со шестовалентен хром во Силмак , Јегуновце ќе продолжи со својата работа и во периодот од 2010 – 2012 со поддршка на МЖСПП.

Ќе се поддржи доизградбата на водоснабдителен систем Желино и ќе започнат активности за изградба на пречистителна станица во Гевгелија.

Проектот „Изградба на ХС Злетовица", што е донација на Јапонската Влада, во овој период ќе заврши со што ќе се реализираат следниве активности: Изградба на ХС Злетовица - (А+Б) фаза Брана Кнежево, изградба на пристапен пат и зафат од Кучешка река и наводнување.

Во овој период ќе биде спроведена обука за подготовка на План за управување со речен слив за 40 лица на државно и локално ниво инволвирани во управувањето со водите и истата ќе биде обезбедена преку TAIEX програмата. Воедно ќе се спроведат обуки кои ќе бидат насочени кон подигнување на капацитетите на администрација за имплементирање на Законот за водите.

Ќе се продолжи со континуирано годишно доставување на обработени податоци за квалитет на водите во Република Македонија до Европската агенција за животна средина – ЕЕА.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период е планирано да започне ревидирањето на Водостопанската Основа на Република Македонија и изработка на Планови за управување со речните сливови во Република Македонија за некои подсливови.

Законот за водите создава правна основа за донесување голем број подзаконски акти. Со донесувањето на подзаконските акти ќе се уредат условите со кои се дозволува отстапување од целите за квалитет на водната животна средина, посебните услови за индиректно и директно испуштање на отпадните води, како и ќе се определат водните тела за вода наменета за консумирање од страна на човекот. Ќе се определат заштитните зони за вода наменета за консумирање од страна на човекот и зоните за капење, кои ќе бидат прикажани на картографскиот приказ, како и ќе се утврди формата и содржината на регистарот на заштитните зони на водни тела наменети за консумирање од страна на човекот и вклучувајќи ги и заштитните зони на вода за капење и начинот на нивното управување. Ќе се регулира изготвувањето на елаборат на границите на заштитните зони за води наменети за консумирање од страна на човекот и заштитните мерки, ажурирајќи на листата на зони за капење, заштитните зони за водни тела означени како води за рекреација, вклучувајќи ги и водите за капење, начинот на означување и користење на зоните за капење. Со правилниците ќе се регулираат критериумите, методологијата и референтните методи, условите, начинот и постапката на мониторинг на водите, начинот на информирање на јавноста за квалитетот на вода за капење, начинот и постапка за пренос на податоците од мониторингот за квалитетот на водата капење и консумирање од страна на човекот. Истовремено, ќе се определат критериумите за избор на мерни места за мониторинг на водите, условите, начинот и постапката за воспоставување и работење на државната и локалната мрежа за мониторинг на водите. Ќе се уреди начинот на обработката на земјиштето и вршење на други работни активности во заштитните зони што можат неповолно да влијаат врз состојбата на водното тело. Со правилник ќе се утврди методологијата и начинот на определување на референтните мерни методи и параметри и мониторинг на квалитетот и квантитетот на водните тела прогласени за чувствителни зони во однос на испуштените урбани отпадни води.

Ќе се донесат и подзаконски акти со кои ќе се утврдат карактеристиките и критериумите за определување на добрата состојба на водата, хемиската состојба, еколошкиот потенцијал на водата на површинските води, условите за определување на вештачките и силно изменетите површински водни тела како и рокот за постигнување на добрата состојба на површинската вода. Ќе се утврдат критериумите и карактеристиките на добрата квантитативна и хемиска состојба на подземните води, како и потребните мерки за спречување и ограничување да се постигне добрата состојба на подземните води. Ќе се дефинира класификацијата и категоризацијата на водите, како и рокот за постигнување на целите на квалитетот на водите и минимум стандардите за квалитетот на води, граничните вредности на испуштање на опасни супстанци и ќе се определат границите на подрачјето на речните сливови. Ќе се направи и листа на загадувачките материи и супстанци, условите за инсталирање и работи на постројките кои работат со опасни материи и супстанци и начинот на нивно тестирање пред нивно пуштање во работа. Дел од подзаконските акти ќе бидат изработени во рамките на Проектот за зајакнување на институционалните капацитети на секторот вода од МЖСПП и МЗ_ДСЗИ, МЗ_ДХ, МЗ_ИЈЗ, и УХМР во Република Македонија, што ќе се спроведува во рамки на проектот ИПА - Компонента 1 од 2009 година. Со подзаконските акти кои ќе се подготват со овој Проект во целост ќе се транспонираат барањата на Рамковната директива за води 2000/60/ЕЗ, Директива за одведување и третман на отпадни води – 1991/271/ЕЗ, Директивата за вода за пиење – 1975/440/ЕЗ, Директива за заштита на водите од загадување предизвикано од нитратите од земјоделски извори – 1991/676/ЕЗ и Директивата за квалитет на водата за капење – 1976/160/ЕЗ.

Дел од подзаконските акти кои ќе се донесат во овој период ќе ги уредат формата на образецот за барањето на добивање дозвола за испуштање на вода, потребната документација која се приложува кон барањето, како и формата и содржината на образецот на дозволата на испуштање на водата, што преставува дел од националното законодавство, но кои ќе бидат компатибилни со ЕУ директивите.

Ќе се донесат и одлуки врз основа на Законот за води, со кои ќе се определи листата на водните тела наменети за рекреација односно капење и забраната или ограничувањето на вршењето активности кои влијаат врз квалитетот на водите во зоните за капење.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе започнат активностите на Проектот за зајакнување на институционалните капацитети на секторот вода во Република Македонија, во рамки на ИПА компонента 1 од 2009 година. Со овој Проект се планира подготовка на подзаконски акти со кои во целост ќе бидат транспонирани барањата на ЕУ Рамковната Директива за води 2000/60/ЕЗ и на директивите ќерки

и ќе се спроведат обуки кои ќе бидат насочени кон подигнување на капацитетите на администрација за имплементирање на Законот за водите. Проектното фише е веќе одобрено и во најкус можен рок треба да се започне изготвувањето на проектните задачи (TOR).

Со цел изградба на системи за третман на отпадни води, ќе се изработат физибилити студии за третман на отпадни води и ќе продолжи изградбата на колекторски системи и пречистителни станици во земјата, како и реализација на проекти за заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите.

Редовно ќе се одржува и надградува мониторинг мрежата за водните тела во Република Македонија. Во текот на овој период ќе се надополни, ажурира и надгради софтверската апликација на катастарот на загадувачи на водите.

Исто така ќе започнат активности неопходни за изработка на Планови за управување со речниот слив, како и изработка на пилот план за речен слив што е приток на речниот басен на реката Вардар (сливното подрачје на реката Треска), а во рамки на проектот за „Зајакнување на институционалните капацитети за апроксимација и имплементација на законодавство во областа на управување со водите – ИПА компонента 1 од 2009 година. Со овој проект се предвидува и воспоставување на регистар за заштитени подрачја за речниот слив на реката Вардар. Ќе се изврши надградба и воспоставување на нови пиезометри со цел функционирање на мониторинг мрежата на подземните води.

Во овој период ќе продолжат да се реконструираат и да се изградат пречистителни станици и други објекти финансирани со домашни буџетски средства. Исто така ќе се реализираат други проекти од животна средина преку користење на домашни буџетски средства и ќе се изработи следново: техничка документација за системи за третман на отпадни води, финансии и економски анализи, студии за ОВЖС и главни проекти. Во овој период ќе се изврши заштита на водите на река Вардар со изградба на пречистителни станици со кои ќе се прочистуваат отпадните води кои се вливаат од територијата на општина Сарај, Ѓорче Петров (Грчец, Глумово, Шишево, Долна Матка, Горна Матка, Крушопек и Лаки). Ќе се изврши заштита на бунарското подрачје Нерези – Лепенец и естетско уредување на коритото на река Вардар со изградба на каскади во централното градско подрачје на град Скопје.

Во рамки на Проектот „Урбан водоснабдителен и санитарен систем – Берово“ ќе се изгради дополнителен резервоар и нов колектор од Берово до новата пречистителна станица и ќе се рехабилитира водоводната мрежа.

Ќе се продолжи со континуираното годишно доставување на обработени податоци за квалитет на водите во Република Македонија до Европската агенција за животна средина – ЕЕА.

Во овој период ќе заврши проектот „Интегрирано управување со еко системот во сливот на Преспанско Езеро во Албанија, Македонија и Грција“, поддржан од ГЕФ и УНДП со што ќе се постигне интегрирано управување со меѓународните извори на вода со цел постигнување на еколошки, економски и социјално одржлив развој. Ќе се реализираат активности во доменот на заштита на реките и шумите во сливот, изведба на пречистителни станици, заштита на крајбрежјето, развој за еко-туризам, поддршка на Просторен план и намалување на загадувањето на Езерото и неговите притоки.

Во овој период ќе заврши проектот „Еколошка санација и енергетска рационализација на геотермалниот систем Геотерма во Кочани“, донација на Австриската Влада со што ќе се постигне еколошка санација и рационализација на геотермалниот систем Геотерма во Кочани. Помошта е во стручни консултантски совети и техничка помош со што ќе се подобри заштитата на овој природен ресурс во Кочани.

Исто така ќе заврши проектот „Комунални води (загуби на вода и консолидација на секторот за отпадни води)“, донација на Австриската влада, со што ќе се постигне регулирање на загубата на води преку консолидација на секторот за отпадни води.

Во овој период ќе започнат активностите на проектот за „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и реконструкција и надградба на дел од канализациона мрежа-Прилеп“, финансиран од ЕУ Програмата ИПА – Компонента 3. Со проектот е предвидена изградба на пречистителна станица за отпадни води и реконструкција и надградба на дел од канализационата мрежа во Прилеп. Средствата се обезбедени преку ИПА Компонента 3, ИПА компонента 1-PPF и национално кофинансирање.

### 3.27.5 **ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2009 година се донесе Законот за ловството ("Службен весник на Република Македонија" бр.26/09) во кој се транспонираат ЕУ мерките: 31991R3245 и 31979L0409. Со Законот се регулира одгледувањето, заштитата, ловот и користењето на дивечот и неговите делови.

Исто така оваа година е донесен Законот за прогласување на локалитетот Алшар за споменик на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр.83/09) како ново заштитено подрачје со кое се проширува мрежата на заштитени подрачја во земјата.

Согласно Законот за заштита на природата во рамки на постапката за прогласување на заштитени подрачја донесени се следниве одлуки : Одлука за прифатливост на предлогот за повторно прогласување на интегралната целина Острово за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата, Одлука за прифатливост на предлогот за повторно прогласување на Преспанското Езеро за заштитено подрачје во категоријата споменик на природа, Одлука за прифатливост на предлогот за повторно прогласување на Дојранското Езеро за заштитено подрачје во категоријата споменик на природа, Одлука за прифатливост на предлогот за повторно прогласување на локалитетот Локви-Големо Коњари за заштитено подрачје во категоријата строг природен резерват, Одлука за прифатливост на предлогот за прогласување на локалитетот Моноспитовско Блато за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата, Одлука за прифатливост на предлогот за повторно прогласување на Кањонот Матка за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата, Одлука за прифатливост на предлогот за повторно прогласување на дел од планината Галичица за заштитено подрачје во категоријата национален парк и Одлука за прифатливост на предлогот за потребата од прогласување на интегрална целина Раткова Скала на Осоговските Планини за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата. Во контекст на горе наведеното одржани се јавни расправи во организација на МЖСПП и со учество на засегнатите страни и релевантни институции.

Во 2009 година донесени се: Правилник за издавање дозвола за собирање на засегнати и заштитени диви видови растенија, габи и животни и нивни делови („Службен весник на Република Македонија" бр. 101/09), Правилник за издавање дозвола за спроведување на научно истражување во природата („Службен весник на Република Македонија" бр.102/09) и Наредба за изменување и дополнување на Наредбата за забрана за собирање заради користење и трговија на автохтони самоникни габи-смрчки од родовите morchella, verpa и pitchoverpa ("Службен весник на Република Македонија" бр.56/09).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Активностите за заштита на природата во поглед на водење и креирање на политиката за заштита на природата, заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, управувањето со биолошката и пределската разновидност и природното наследство, ги врши Секторот за природа во Управата за животна средина. Секторот за природа има три одделенија – Одделение за заштита на природното наследство, Одделение за уредување на просторот во заштитените подрачја и геодиверзитет и Одделение за биодиверзитет. Инспекцискиот надзор во природата го врши Државниот инспекторат за животна средина преку државни инспектори за заштита на природата кои вршат надзор над примената на мерките за заштита на природата. Секторот за природа во 2009 година се зајакна со едно вработување.

Согласно Законот за заштита на природата формиран е Национален совет за заштита на природата во кој членуваат претставници од МАНУ, ЗЕЛС, Факултети/ Научни институции и НВО. Советот има надлежности по однос на стручни прашања од обласна на заштита на природата

Во овој период извршена е ревалоризација на природните вредности на планините Галичица и Јабланица. Заради покренување постапка за прогласување на заштитено подрачје, извршена е просторна идентификација на границата на Националниот парк Галичица, на споменикот на природата-интегралната целина Острово и на идниот нов национален парк Шар Планина. Изготвена е Студија за природните вредности на планината Јабланица и студија за природните вредности на Водно. Реализиран е мониторинг на балканскиот рис во Националниот парк Галичица и отворени се едукативни пешачки патеки.

Извршено е ново проширување на Националниот парк Пелистер од преспанска страна и извршена е просторна идентификација на новата граница. На барање на УНЕСКО извршена е просторна идентификација на границата на природното и културното наследство на Охридскиот регион и подготвен е Закон за управување со светското природни и културно наследство во Охридскиот регион кој е во постапка меѓу ресорска консултација.

Во Националниот парк Пелистер извршен е мониторинг на преспанската пастрмка. За овој глобално загрозен вид издадена е публикација.

Преку проектот за зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во Република Македонија, одржани се четири работилници за изготвување планови за управување за СП Кањон Матка и строг природен резерват (СПР) Тиквеш. Исто така е реализирана студиска посета во заштитените подрачја на Република Хрватска.

Преку проектот за „Заштита на живеалиштата на глобално загрозени видови на лилјаци во пештерите Голубарник, Момичек и Орле, во споменикот на природата Белешничка Река“, одржани се обуки на претставници од невладини организации и локално население кои се однесуваат на определување на загрозените пештерски лилјаци со користење на уреди (детектори), се со цел да се постигне зајакнување на капацитетите на невладините организации и локалната самоуправа за заштита на биодиверзитетот.

Во рамките на Проектот: „Развој на Национална еколошка мрежа во Република Македонија (МАК-НЕН)“ одржана е иницијална работилница за еколошки мрежи со сите засегнати страни. Издадена е публикацијата: Основни поставки на еколошките мрежи и изготвена е студија за кафеавата мечка.

Одржана е TAIEX Работилница за спроведување на Директивата на ЕУ за зачувување на диви птици (31979L0409) и Директивата на ЕУ за зачувување на природните живеалишта и на дивата фауна и флора (31992L0043).

Со цел зајакнување на институционалните капацитетите, одржани се регионални работилници за имплементација на Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви растителни и животински видови и нивни делови (CITES), Конвенцијата за билошката разновидност и за активности поврзани со реализирање на регионален Акционен план за Натура 2000 во Југоисточна Европа.

Во тековниот период заврши Проектот за цивилно-воена соработка за промоција на прекугранична заштита на природата по должината на Европскиот зелен појас, финансиран од Светската унија за заштита на природата (IUCN) и притоа одржани се работилници за зајакнување на капацитетите на МЖСПП, МВР -Гранична полиција, Националниот парк Маврово, локална самоуправа и невладини организации, за заштита на миграторните диви видови. Во проектот учествуваше МЖСПП во соработка со НВО Движење на Екологисти на Македонија и IUCN.

Во тековниот период заврши Проектот за поддршка на организациите за заштита на животната средина во мониторингот и одржливите пракси на користење на земјиштето за заштита на природата преку користење на методи за далечинско набљудување, помеѓу МЖСПП и НВО Балканска фондација за одржлив развој-Скопје, финансиран од Фламанска Влада , одржани се обуки за претставници од МЖСПП и националните паркови Пелистер и Маврово, со цел изградба на капацитети за употреба на земјиштето и растителната покривка на парковите, користејќи методи на глобални информациски системи.

Во тековниот период заврши Проектот за заштита на балканскиот рис, помеѓу НВО Македонско Еколошко Друштво, НВО Кора – Швајцарија, НВО Euronatur - Германија и НВО PPNA - Албанија и притоа со цел зајакнување на инстиутуционалните капацитети, одржана е работилница за изготвување на стратегија за заштита на балканскиот рис.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2010 година ќе се донесат измени и дополнувања на Законот за заштита на природата со што ќе се изврши понатамошно транспонирање на следните ЕУ мерки: 31979L0409, 31992L0043, 31997R0338, 31999L0022.

Согласно обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на природата ќе се донесат: Закон за прогласување на локалитетот Плоче-Литотелми за строг природен резерват, Закон за прогласување на локалитетот Локви-Големо Коњаре за споменик на природа, Закон за прогласување на локалитетот Острово за споменик на природа, Закон за прогласување на дел од планината Галичица за Национален парк, Закон за прогласување на локалитетот Вевчански Извори за споменик на природа, Закон за прогласување на Дојранско Езеро за споменик на природата, Закон за прогласување на Преспанско Езеро за споменик на природа, Закон за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк, Закон за прогласување на Кањонот Матка за споменик на природа, Закон за прогласување на Водно за заштитено подрачје, Закон за прогласување на Езерани на Преспанското Езеро за заштитено подрачје, Закон за прогласување на интегрална целина Раткова Скала, на Осоговските планини за заштитено подрачје и Закон за заштита и управување со светското природно и културно наследство во охридскиот регион.

Ќе се донесат подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за заштита на природата со кои ќе се определи: формата и содржината на образецот за барање за издавање на дозвола и сертификат за промет со засегнати и заштитени диви

видови растенија, габи, животни и нивни делови, видот, формата и содржината на образецот на дозволата и на сертификатот, како и потребната документација која се приложува кон барањето (ЕУ мерки: 31997R0338; 32001R1808); начинот и постапката за издавање на дозвола, како и видот на дозволата и сертификатот за промет со засегнати и заштитени диви видови растенија, животни и нивни делови кои се употребуваат при прометот, како и определување на гранични премини преку кои може да се врши прометот (ЕУ мерка: 31997R0338); начинот на постапување при промет со засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови од страна на царинските органи, другите надлежни органи и служби на граничните премини, научните и стручни институции како и на овластените депозитари на конфискуваните примероци при недозволен промет (ЕУ мерка: 31997R0338) и ќе се определат строго заштитените диви видови и заштитените диви видови (ЕУ мерки: 31979L0409; 31992L0043).

Во овој период исто така ќе се донесат подзаконски акти кои произлегуваат како обврска од Законот за заштита на природата со кои ќе се пропишат: податоците кои се запишуваат во катастарот на заштитени подрачја, регистарот на природно наследство и во евиденција на промет и други активности со заштитени видови, начинот на водење и формата на образецот како и за начинот и можностите за користење на запишаните податоци; видовите и висината на трошоците за издавање на дозволи и сертификати за вклучување во меѓународната трговија на засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови, и за утврдување на висината на надоместоците кои се наплатуваат во заштитените подрачја, односно од заштитата на природата, како и начинот на нивната наплата. Во овие подзаконски акти не се директно транспонирани ЕУ мерки но придонесуваат кон заштита на природата.

Ќе се започне со изработка на Национална стратегија за заштита на природата со Акционен план, чија цел ќе биде да се заштити и зачува природата на Република Македонија во изворна состојба и да се обезбеди нејзина одржлива употреба, спроведувајќи ги при тоа принципите и механизмите на одржлив развој.

Ќе се донесе втор Акционен план за заштита на биолошката разновидност, заради спроведување на мерките и активностите кои произлегуваат од Стратегијата за заштита биолошката разновидност и Конвенцијата за биолошка разновидност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2010 година ќе се зајакнат капацитетите на Министерството за животна средина и просторно планирање, Јавните установи национален парк Пелистер, Маврово и Галичица и на останатите субјекти за управување со заштитени подрачја преку одржување обуки и работилници. Капацитетите на Секторот природа при Управата за животна средина ќе се зајакнат со нови вработувања.

Ќе се спроведат обуки за зајакнување на капацитетите за: водење на катастар на заштитени подрачја и регистар на природно наследство; изработка и спроведување на планови за управување со заштитени подрачја; развивање на институционални капацитети за ефикасно воспоставување, планирање и управување со системот на заштитени подрачја; имплементација на ЕУ Регулативата за меѓународна трговија со загрозени диви видови; изготвување на инвентар за Натура 2000 подрачја; прибирање и обработка на податоци за заштитените подрачја во ГИС форма и обука за водење на централна електронска база со податоци за издадени дозволи за диви видови вклучени во меѓународна трговија

Ќе се надополни централната електронска база за издадени дозволи за диви видови, вклучени во меѓународна трговија и нејзино поврзување на EXIM системот, кој го координира Царинска управа, заради имплементација на Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви растителни и животински видови и нивни делови (CITES).

Ќе се донесе Акционен план со активности за воспоставување на Натура 2000 мрежа во Република Македонија. Ќе се започне со идентификација на типови живеалишта и диви видови од европско значење, согласно ЕУ директивата за хабитати (31992L0043), заради изготвување Листа со места од важност за ЕУ. Ќе се започне со идентификација на посебно заштитените области согласно Директивата на ЕУ за дивите птици (31979L0409).

Ќе се изврши ревалоризација на строгиот природен резерват Тиквеш, споменикот на природа Кањон Матка и Охридско Езеро и за истите ќе се изготват студии за природните вредности. Исто така ќе се изготват студии за природните вредности на заштитеното подрачје Водно, за интегрална целина Раткова Скала, на Осоговските Планини и за заштитеното подрачје Моноспитовско Блато.

Во рамките на проектот „Поддршка на Национален парк Галичица'' ќе се подобри управувањето со Националниот парк Галичица со што ќе се даде придонес за заштита на биолошката разновидност во преспанскиот регион. Во рамките на проектот ќе биде изготвен План за управување со Националниот парк Галичица.

Ќе се донесат планови за управување со споменикот на природа Маркови Кули и споменикот на природа Кањон Матка. Ќе се донесе План за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион, како обврска која произлегува од УНЕСКО.

Ќе започне изготвување на Национална програма и методологија за мониторинг на природа и биодиверзитет и ќе се започне со изготвувањето на националните индикатори за природа и биодиверзитет.

Ќе започне со изготвување на национална листа на загрозени диви видови (црвена листа) со која ќе се утврди категоријата на нивната засегнатост и Црвена Книга на Република Македонија, во која ќе бидат дадени описите, распространувањето, мерките за подобрување на состојбата на засегнатите видови и другите карактеристики на видовите, што претставува обврска од Законот за заштита на природата.

Во рамките на проектот „Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја на Македонија" (ГЕФ/УНДП/МЖСПП), ќе се спроведуваат обуки за зајакнување на капацитетите на институциите кои управуваат со заштитените подрачја со цел зајакнување на националните системи од аспект на сеопфатно познавање на проблематиката и примената на соодветни технологии; поддршка и развој на порепрезентативна мрежа на заштитени подрачја; зајакнување на алатките за поддршка на процесот на одлучување неопходни за обезбедување на законскиот статус на заштитените подрачја во рамките на мрежата и нивно проширување и локално тестирање на алатките за носење одлуки во процесот на повторно прогласување на две пилот заштитени подрачја. Проектот е насочен на две пилот заштитени подрачја, споменик на природата Кањон Матка и строгиот природен резерват Тиквеш.

Во рамките на проектот: „Развој на Национална еколошка мрежа во Република Македонија (МАК-НЕН)'' ќе се изврши идентификација и означување на карта на еколошки коридори , кои ќе ги поврзат постоечките клучни подрачја и заштитни зони од национално значење, што ќе обезбеди еколошка поврзаност. Ќе се изготви План за управување со еколошките коридори за крупните ѕверови, ќе се организира работилница за сите засегнати страни за дискусија на картатата и планот и ќе се изготват промотивни материјали за реализација на кампања.

Во рамките на проектот „Заштита на живеалиштата на глобално загрозени видови лилјаци во пештерите Голубарник, Момичек и Орле, во споменик на природата Белешничка Река" ќе се изготви упатство за спроведување на режим за заштита на пештерите како природни живеалишта и три глобално загрозени видови пештерски лилјаци и ќе се промовира кодекс за заштита на лилјаците, согласно критериумите на UNEP/EUROBATS.

Ќе се зајакне соработката на МЖСПП со субјектите за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, научните и стручни институции, останатите засегнати страни (фармери, сопствениците на земијште, ловци и риболовци), невладин сектор инволвирани во заштита на природата, преку организирање на состаноци и обуки за претставници на субјектите за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, научните и стручни институции, и за фармерите, сопствениците на земјиштето, ловци и риболовци.

Ќе се зголеми оперативноста на Националниот совет за заштита на природата и на националните комитети за заштита на природата и биодиверзитет, преку одржување на редовни состаноци.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Согласно обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на природата ќе се донесат Закон за прогласување на локалитетот Моноспитовско Блато за споменик на природата, Закон за прогласување на Тиквеш за заштитено подрачје, Закон за прогласување на планината Јабланица за национален парк, Закон за прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата, Закон за прогласување на Маврово за национален парк, Закон за прогласување на Колешински Водопад за споменик на природа, Закон за прогласување на Катлановско Блато за споменик на природа, Закон за прогласување на Белчишко Блато за споменик на природа, Закон за прогласување на Белешничка Река за споменик на природа.

Во предвидениот период ќе се донесат подзаконски акти во кои ќе се транспонираат релевантните ЕУ мерки од оваа област. Ќе се изготви Листа на меѓународно засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови чиј промет се регулира со сертификат (ЕУ мерка: 32001R1808), Листа на диви видови растенија, габи, животни и нивните делови кои се прогласени за засегнати и/или заштитени на ниво на Европската унија или во други Европски земји чиј промет се регулира со дозвола (ЕУ мерки: 31979L0409; 31992L0043; 31997R0338), ќе се определи начинот и постапката под кои може да се врши ограничено и на селективна основа земање, чување и на друг начин користење на одредени

строго заштитени диви видови во мали популации, во услови на строг надзор (ЕУ мерки: 31979L0409; 31992L0043), ќе се определат мерките и активностите за заштита, начинот и обемот на користење на заштитените диви видови (ЕУ мерки: 31979L0409; 31992L0043); ќе се утврди еколошка мрежа во чиј состав влегуваат еколошки значајните подрачја, системот на еколошките коридори и меѓународно еколошки значајните подрачја, како и начинот на нивно управување на територијата на Република Македонија (ЕУ мерки: 31979L0409; 31992L0043; 31997D0266); ќе се утврдат мерките за заштита и начините на градење и одржување на премините (ЕУ мерка: 31979L0409; 31992L0043); ќе се утврди методологија за мониторинг на состојбата со природата (ЕУ мерки: 31979L0409; 31992L0043).

Во овој период ќе се донесат неколку подзаконски акти кои ќе го уредат управувањето со типовите живеалишта во кои ќе се транспонираат ЕУ мерките: 31979L0409; 31992L0043.

Ќе се донесе Национална Стратегија за заштита на природата со Акционен план согласно Законот за заштита на природата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се подобрат капацитетите на Секторот за природа преку вработување на нов стручен кадар. Заради унапредување на управувањето со системот на заштитени подрачја во Република Македонија ќе се определат субјекти за управување со прогласените заштитени подрачја и ќе се зајакнат нивните капацитети преку спроведување на обуки и едукации.

Согласно Акционен план ќе се комплетира инвентар за определените типови живеалишта и видови од европско значење, согласно барањата на ЕУ директивата за хабитати(31992L0043) и ЕУ директивата за диви птици(31979L0409). Ќе се изготви Листа со потенцијални подрачја од Република Македонија кои ќе се предложат до Европската Комисија за нивно вклучување во Натура 2000 мрежата.

Истовремено ќе се започнат активности за воспоставување на електронски бази на податоци, катастар на заштитени подрачја, регистар на природно наследство, евиденција на промет со заштитени видови, како и воспоставување континуиран мониторинг врз основа на соодветна методологија и организирање на мрежа на институции за мониторинг како и одредување на начин на прибирање/доставување на податоци.

Врз основа на електронската база ќе се воспостави и ќе се одржува Катастар и карта на заштитени подрачја со што ќе се евидентираат утврдените заштитените подрачја, како и нови кои ќе се идентификуваат во иднина. Ќе се добијат материјали, публикации и сумарен извештај за катастарот и картите.

Ќе се спроведат обуки за: утврдување методологија за вршење мониторинг на природата и биодиверзитетот, водење на база на податоци за природното наследство, (за подигнување на јавната свест за значењето на еколошката мрежа Натура 2000, за спроведување на мерките на ЕУ за заштита на природата и за управување со податоци за биодиверзитетот.

Со цел зголемување на процентот на заштитени подрачја на национално ниво ќе се изврши ревалоризација на објектите на природата: Белчишко Блато, Национален парк Маврово, Колешински Водопад, Катлановско Блато, Белешничка Река, и за истите објекти на природата ќе се изготват студии за природните вредности.

Ќе се изработат планови за управување со: Национален парк Маврово, споменик на природа Преспанско Езеро, споменик на природа Дојранско Езеро, заштитеното подрачје Езерани на Преспанско Езеро, идниот нов Национален парк Шар Планина, заштитенте подрачја Тиквеш, Водно и Раткова Скала на Осоговските Планини.

Ќе се идентификуваат и означат на карта на значајните шумски области во Република Македонија и ќе се изготви листа на значајни шумски области. Ќе се утврдат рефугијални региони на шумска вегетација со што ќе се создадат услови за заштита на значајни елементи од биолошката разновидност

Ќе се донесе Национална програма и методологија за мониторинг на природата и биодиверзитет и ќе се донесат национални индикатори за природа и биодиверзитет.

Исто така, ќе се донесе Национална листа на загрозени диви видови со која ќе се утврди категоријата на нивната засегнатост и ќе се изработи Црвена книга на Република Македонија.

Во рамки на проектот:„Развој на Национална еколошка мрежа во Република Македонија (МАК-НЕН)'' сите изработени материјали и резултати ќе се промовираат преку кампања. Ќе се промовираат следниве материјали: публикација - Основни поставки на еколошките мрежи, Студија за кафеавата мечка, карта на еколошки коридори, План за управување

со еколошките коридори за крупните ѕверови, постер за кафеавата мечка и промотивен материјал за поврзаноста на еколошката мрежа со различните сектори.

Во рамки на ИПА проектот Компонента 1 „Зајакнување на националните административните капацитети за заштита и мониторинг на биодиверзитетот и природното наследство ќе се зајакнат институционалните капацитети за начините на собирање на податоците за биодиверзитетот и воспоставување на информативен систем за управување со податоците за биодиверзитет.

Во рамките на проектот „Заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив еко-туризам во Национален Парк Маврово" ќе се подобрат животните услови на жителите на Националниот Парк Маврово преку стратегија на партиципативно управување со природните ресурси и заштита на животната средина насочена кон одржливо управување на природните и амбиентални вредности од областа и промоција на иницијативи на локален развој. Во рамките на проектот ќе биде изготвен План за управување со Националниот парк Маврово.

Ќе се зајакне соработката на МЖСПП со субјектите за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, научните и стручни институции, невладин сектор и останатите засегнати страни (фармери, сопствениците на земјиште, ловци и риболовци), инволвирани во заштита на природата преку организирање на состаноци и обуки за претставници на субјектите за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, научните и стручни институции, и за фармерите, сопствениците на земјиштето, ловци и риболовци.

### 3.27.6 **КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно временскиот распоред за поднесување на барање за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, во текот на 2009 година во МЖСПП се доставени вкупно 10 нови барања за добивање А дозвола за усогласување со оперативен план и 3 барања за добивање Б дозвола за усогласување со оперативен план, со што вкупната бројка на доставени барања изнесува 101. Со ова повеќе од 90 % од инсталациите имаат поднесено барања за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план. Издадена е една А интегрирана еколошка дозвола за Швис-Метод с. Чегране Гостивар, една А дозвола за усогласување со оперативен план за ФЗЦ "11 Октомври" - Куманово и една Б дозвола за усогласување со оперативен план на "МАКАЉБ" Компани - Скопје. Во фаза на издавање се 10 А - интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план, а во фаза на разгледување се 22 барања за добивање интегрирана еколошка дозвола. Дозволите за усогласување со оперативен план ја утврдуваат динамиката за постигнување на стандардите со цел добивање на интегрирана еколошка дозвола. Со цел изготвување на база на издадени дозволи, се води регистар на издадени А и Б интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план. Изготвени се Национални референтни документи (водичи) за Најдобри достапни техники за цементен клинкер, преработка на метали, производство на обоени метали, производство на челик, керамика, мониторинг, интензивно одгледување на живина и третман на отпадни води и гасови, кои претставуваат упатства за применување на најдобри достапни техники.

Во делот на спречување на хавариите со присуство на опасни супстанции, се донесе Правилник за содржината на внатрешните и надворешните планови за вонредни состојби, како и начинот на нивното одобрување („Службен весник на Република" бр. 50/2009) со што се транспонира Директивата 31996L0082.

Во делот на еколошко етикетирање, во 2009 година се донесе Правилник за критериумите за туристичко сместување и Правилник за детергенти за рачно миење на садови („Службен весник на Република" бр. 2/2009).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во МЖСПП/Управа за животна средина во Секторот за Индустриско загадување и управување со ризик, Одделението за интегрирано спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ), врши спроведување на постапката за издавање А дозвола за усогласување со оперативен план и А интегрирани еколошки дозволи, како и за Б дозволи за усогласување и Б интегрирани еколошки дозволи за инсталации што се наоѓаат во заштитени подрачја. Бројот на вработените во одделението за ИСКЗ се зголеми за еден нов државен службеник, а истовремено е учествувано на неколку работилници и конференции од областа на животната средина меѓу кои и од областа на индустриското загадување и управување со ризик.

Одделението за хемикалии и индустриски несреќи е надлежно за издавање на дозволи за увоз/извоз на одредени групи на хемикалии и преземање активности за спречување и контрола на индустриските несреќи. Ова одделение е одговорно за

процесот на ратификација и имплементација на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриските несреќи, како и ги води работите што се поврзани со имплементација на Директивата 31996L0082. Во текот на 2009 година земено е учество на обуки за интегриран пристап во системот за превенција на индустриски несреќи и студиска посета за транспонирање, имплементација и практична апликација на Директивата 31996L0082. Исто така, вработени во Одделението учествуваа на состанок на Бирото и Работната група за имплементација на Конвенцијата за прекугранични последици од индустриски несреќи, во Женева во јули 2009, како и на обука во рамки на Секретаријатот на UNECE Конвенцијата која се одржа во Чешка.

Во рамките на Секторот за Индустриско загадување и управување со ризик постои и Одделението за управување со ризик и атмосфера кое е надлежно за управувањето со идентификуваните жешки точки во Република Македонија, како и за преземање мерки за имплементација на обврските кои произлегуваат од Конвенцијата за климатски промени, протоколот од Кјото и Директивата за големи постројки за согорување 32001L0080 и Директивата за растворувачи 31999L0013. Ова одделение исто така е надлежно за евиденција на испуштањата на гасови во атмосферата кои се следат согласно Конвенцијата за климатски промени.

Одговорно за промовирање и спроведување на еколошкото означување и на EMAS е Одделението за стандарди во Секторот за ЕУ. Преку ова одделение се остварува соработка со Министерството за економија за спроведување на индустриска политика 2009 – 2020 година, каде составен дел е и еколошкото означување и EMAS-от, со учество во интерсекторската работна група за спроведување на индустриска политика 2009 – 2020 година. Согласно Законот за животна средина во 2009 година беше формирана Комисија за доделување на еколошка ознака и истата е составена од претставници на МЖСПП, МЕ, Институт за стандардизација, МЗ, Стопанска комора на РМ, организација на потрошувачи, технолошко – металуршки факултет и хотелската асоцијација на Македонија ХОТАМ.

Во рамки на проектот „Развој за решавање на старото индустриско загадување во ОХИС - Скопје " помеѓу МЖСПП и Владата на Република Чешка, а финансиран од Чешката Агенција за животна средина, кој заврши во 2009 година беше подготвена физибилити студија за одредување на загадувањето со Линдан и други ПОПс хемикалии во ОХИС Скопје.

Заврши Проектот за Развој на Мрежа на пиезометри за земање на примероци за хемиско испитување на почва и подземни води од околината на Рафинеријата ОКТА Скопје, при што се изградени пиезометри. Проектот беше финасиран од страна на МЖСПП во висина од 4.000.000.00 денари.

Во делот на санација на индустриски жешки точки се реализира проектот „Одржлива ремедијација и управување со загадувањето на рудниците Бучим и Лојане". Проектот е дел од регионалната програма "Зајакнување на капацитетите на земјите од Западен Балкан во процесот на интегриран пристап кон еколошките жаришта", финансиран од Холандска Влада со 15.000.000,00 долари, по 2.000.000,00 долари за секоја држава, а имплементиран преку УНДП, во соработка со министерствата за животна средина на сите држави од Западен Балкан (Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Македонија, Албанија и Косово). Во рамки на проектот се одржаа 2 работилници за засегнатите страни, како и се реализираше студиско патување во Република Словачка, и Регионален експертски состанок во Црна Гора. Воедно се изработија изведбени проекти за решавање на загадувањето во рудникот Бучим и Лојане и започната е нивна изведба.

Во однос на решавање на индустриското загадување во ОХИС - Скопје од Линдан и други перзистентни органски загадувачи (POPs хемикалии), Министерството за животна средина, почва и море на Италија, во рамките на Меморандумот за разбирање со Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, финансира проект за изработка на детална студија и изводлив дизајн на применливи технологии за санација на загаденоста со линдан и другите ПОПс хемикалии во ОХИС Скопје, во висина од 250.000,00 ЕУР. Изработката на студијата започна во октомври 2009 и ќе трае девет месеци.

Врз основа на проектот „Заштита на реката Вардар од загадувањето со шестовалентен хром" финансиран од Европската Унија во 2003-2004 година, од почетокот на 2005 година започна континуирано да работи пречистителната станица за намалување на загадувањето на почвата подземната и површинската вода со шестовалентен хром во околината на во СИЛМАК Јегуновце.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Законот за животна средина, а во врска со спроведувањето на постапката за добивање А интегрирана еколошка дозвола, во овој период се планира заокружување на правната рамка со донесување на подзаконски акти од областа на ИСКЗ. Во овој период ќе се започне со ревизија на Законот за животна средина, во поглавјето за интегрирани еколошки дозволи, со цел да се изврши усогласување со новата политика на ЕУ во делот на интегрирано спречување на загадување

и надминување на одредени процедурални прашања поврзани со издавањето на дозволите, како и да се прошири правната основа за донесување на неколку подзаконски акти. Ќе се донесе Уредба за висината на надоместокот кој го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за кои се издава А интегрирана еколошка дозвола. Ќе се пропишат супстанциите, како и нивните емисии од инсталацијата за кои задолжително се води сметка при пропишувањето на граничните вредности во А-интегрираната еколошка дозвола, со што ќе се изврши транспонирање на Анекс III од Директивата за ИСКЗ (31996L0061). Воедно, ќе се изработи правилник за начинот на спроведување на прекуграничните консултации во постапката за издавање на интегрираните еколошки дозволи. Во овој период ќе започне изработка на национални референтни документи (водичи) за најдобрите достапни техники, кои ќе преставуваат упатства за применување на најдобрите достапни техники во А-интегрираните еколошки дозволи за секој индустриски сектор посебно.

Во овој период ќе продолжи разгледувањето на добиените барања за добивање интегрирана еколошка дозвола и дозвола за усогласување со оперативен план и изработка на нацрт дозволи за истите. Истовремено ќе се изработуваат дозволите и ќе се спроведуваат сите процедури согласно постапката за добивање на интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план. Ќе започнат да се спроведуваат и преговори со инсталации со цел утврдување на условите во дозволите.

Ќе се донесе Закон за ратификација на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриските несреќи и со овој закон ќе се обезбеди стратешки интегриран пристап во управувањето со индустриските несреќи.

Ќе се изработи Правилник за опасните супстанции, гранични вредности (прагови) за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна, со што се транспонира Анексот I од SEVESO II Директивата 31996L0082 и 32003L0105

Планирано е да се донесат подзаконски акти за содржината на извештајот за мерките за спречување на хаварии, како и за содржината на информациите за мерките за безбедност, со што ќе се транспонира директивата 31996L0082.

Во областа на еколошкото означување, ќе се донесе Правилник за критериумите за доделување на еколошка ознака за бои и лакови (се транспонира ЕУ 32002D0739 и 32007D0457), Правилник за критериумите за доделување на еколошка ознака за текстил (ЕУ мерка 31999D0178 и 32007D0457) и Правилник за критериумите за доделување на еколошка ознака за мебел (ЕУ мерки 32000R1980) кои се пред донесување (се планира да бидат донесени до март 2010 година) .

За следниве три нови критериуми за доделување на еколошка ознака ќе бидат изработени студии: за санитарна хартија (ЕУ мерка 32008D0277); обувки (ЕУ мерка 32008D0063); сапуни и шампони (ЕУ мерка 32007D0506). Тендерската процедура за нивна изработка е завршена, потпишани се договори со најповолниот понудувач, нивното изготвување е во тек и ќе заврши во крајот на 2010 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2010 година ќе се зајакне Одделението за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, Одделението за хемикалии и индустриски несреќи и Одделението за атмосфера и управување со ризик, сите во Секторот за индустриско загадување и управување со ризик во рамки на Управата за животна средина, со нови вработувања и со спроведување на обуки. Во овој контекст, а во врска со имплементација на ИПА Компонента 1 планиран е проект за зајакнување на централните и локалните административни капаците за управување со отпад поврзани со аспектите на ИСКЗ и ОВЖС, кој се планира да започне во 2010 година. Со цел почитување на постапката за ИСКЗ согласно законските прописи, како и почитување на одредбите кои се однесуваат на информирање на јавноста согласно прописите за животна средина, ќе се зајакнува соработката помеѓу Управата за животна средина и Државниот инспекторат за животна средина во министерството, како и ќе се зголеми соработката на министерството со индустријата со одржување на почести состаноци и спроведување на обуки.

Во овој период се предвидува обука во делот на изготвување и пишување на интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план на централно ниво за А интегрирани еколошки дозволи и на локално ниво за Б интегрирани еколошки дозволи.

Ќе се формира Научно-техничка комисија за најдобрите достапни техники заради определување за најдобри достапни техники во А-интегрираните еколошки дозволи. Комисијата ќе се формира од истакнати експерти во областа на техниката, економијата и животната средина. Комисијата ќе работи согласно претходно дефинирана Програма за работа.

Во делот на индустриски несреќи, ќе се спроведува обука за идентификација на опасните активности (донација обезбедена од Програмата за помош на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриски несреќи) и обука за

евалуација на извештајот за мерки за безбедност. Во овој дел, ќе се одржи TAIEX работилница за изработка и евалуација на извештај за мерките за спречување на хавариите и индустриските несреќи, како и официјално ќе се етаблира Регистар на инсталации кои аплицираат, складираат опасни супстанции. Во однос на имплементацијата на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриски несреќи ќе се назначи официјална институција/лице за контакт за системот за известување при индустриски несреќи.

Ќе се зајакне со нови вработувања Одделението за стандарди во Секторот за ЕУ при МЖСПП, како и со спроведување на обуки поврзани со донесување на стандарди во областа на животната средина. Воедно ќе се реализираат промоции на производи или вршители на услуги на кои им е доделена еколошка ознака.

Во поглед на EMAS ќе се оствари обука за воспоставување на EMAS во Република Македонија.

Ќе продолжи континуираното работење на пречистителната станица во СИЛМАК -Јегуновце за намалување на загадувањето на почвата подземната и површинската вода со шестовалентен хром во околината на Јегуновце.

Во овој период ќе се изработи детална студија и изводлив дизајн на применливи технологии за санација на загаденоста со линдан и другите ПОПс хемикалии во ОХИС Скопје.

Ќе продолжат активностите за реализација на проектот „Одржлива ремедијација и управување со загадувањето на рудниците Бучим и Лојане“, со што ќе се решаваат две од значајните историски загадувања во Република Македонија. Имено ќе се воведе систем за интегрирано управување со води во рудникот Бучим со спречување на испуштање на загадените води надвор од подрачјето на рудникот Бучим и рекултивација на хидројаловиштето. Во делот за Лојане ќе се врши санација на хидројаловиштето и старата индустриска депонија. Истовремено во рамките на проектот ќе се спроведува обука за зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво.

Во рамки на Проектот за развој на програмата за санација на индустриското/историското загадување на животната средина на територијата околу рафинеријата ОКТА Скопје ќе се вршат хемиски анализи за испитување на загадената почва околу рафинеријата ОКТА. Врз основа на добиените резултати ќе се изготви Студија за проценка на историското загадување во територијата на рафинеријата ОКТА.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се направи анализа на промените во ЕУ законодавството поврзано со интегрираното спречување и контрола на загадувањето, со цел негово транспонирање во законодавството на Република Македонија. Особено ќе се земе во предвид новиот приод кон намалување на регулативата и интегрирање на законските и процесните решенија, заради поедноставување на постапката на контрола и надзор над инсталациите.

Врз основа на изготвените физибилити студиите со финансиски барања за елиминација на 4 најприоритетни жешки точки што се изработија во рамките на проектот CARDS 2006, во овој период се очекува да се започне со конкретна реализација на изработените планови за санација со цел нивна елиминација, како и да се најдат потребните финансиски средства за нивна санација.

Во овој период ќе се изработат национални референтни документи (водичи) за најдобрите достапни техники, кои ќе преставуваат упатства за применување на најдобрите достапни техники во А-интегрираните еколошки дозволи за секој индустриски сектор посебно.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе се продолжи со зајакнување на капацитетите на Секторот за индустриско загадување и управување со ризик со нови вработувања, како и зајакнување на капацитетите на единиците на локалната самоуправа. Ќе се спроведат обуки за спроведување на постапката за издавање на интегрирани еколошки дозволи, управување со индустриски несреќи како и обука за решавање на жешките точки во централно и локално ниво.
Ќе се зајакне одделението за стандарди со цел обезбедување на услови за промовирање и имплементирање на еколошкото означување и EMAS, како и промовирање на ISO стандардите и другите ЕУ стандарди, преку нови вработувања и спроведување на обуки.

Ќе се изготви Национален план за интегриран пристап во системот за превенција на индустриски несреќи, кој понатаму би бил дел од Националниот план за спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции.

Ќе се дефинира Регистар на инсталации кои аплицираат, складираат опасни супстанции кај кои постои можност да предизвикаат прекугранични последици, согласно барањата на ЕУ мерката 31996L0082.

Континуирано ќе се реализира постапката за издавање дозволи за усогласување со оперативен план, која ќе треба да се заокружи во овој период.

Ќе продолжи континуираното работење на пречистителната станица во СИЛМАК -Јегуновце за намалување на загадувањето на почвата подземната и површинската вода со шестовалентен хром во околината на Јегуновце.

3.27.7 **ХЕМИКАЛИИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Донесен е Правилникот за начинот на класификација и означување на опасните хемикалии („Службен весник на Република Македонија" бр. 85/09) и Правилникот за начинот на означувањето и начинот на пакувањето на опасните хемикалии („Службен весник на Република Македонија" бр 87/09) со кои се транспонираа одредби од Регулативата за класификација, означување и пакување на штетните хемикалии (32008R1272).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2009 година продолжи ажурирањето на Националната листа на нови и веќе класифицирани супстанции ставени во промет на територија на Република Македонија.

Во рамките на Бирото за лекови при Министерството за здравство во 2009 година беше формиран сектор за хемикалии, со цел зајакнување на институционалните капацитети во делот на управувањето со хемикалиите. Согласно систематизацијата, се предвидува овој сектор да брои 10 вработени во 2 одделенија: одделение за управување со хемикалии и одделение за управни постапки за хемикалии и регулатива.

Во 2009 година отпочна постапка на формирање на база на податоци на сите правни лица кои вршат промет со опасни хемикалии, правни лица кои произведуваат хемикалии и правни лица кои се оператори и вршат промет со хемикалии /прекурзори. Базата со податоците се надградува тековно.

Заради подобрување на интерсекторската соработка за спроведување на Законот за хемикалии, Владата на Република Македонија во декември 2009 година го формираше интерсекторското тело за хемикалии составено од претставници на Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за финанасии-Царинска управа, Министерството за транспорт и врски и претставник на Здружението за хемиската индустрија.

Во рамки на Центарот за Информирање за труење од хемикалии, кој брои 2 вработени, во тек е постапка за формирање на софтвер база на хемикалии кои најчесто предизвикуваат труење кај луѓето, намерно или инцидентно.

Во рамки на проектот „Управување со ризикот на хемикалии во Република Македонија 2007-2010", во 2009 година беа одржани обуки за транспонирање на ЕУ acquis во националното законодавство на засегнатите страни кои работат на проблематиката за управување со хемикалиите. Во рамките на проектот се изработија два правилници кои ја транспонираа Регулативата за класификација, означување и пакување на штетните хемикалии (32008R1272), која воспоставува глобален хармонизиран систем, со цел заштита на здравјето на луѓето и животната средина. Исто така се одржа регионална работилница во Србија со претставниците од МЗ_БЛ, МЖСПП, Центарот за информирање за труење од хемикалии и Фармацевтски факултет-Скопје за имплементацијата на оваа регулатива. Преку активностите од проектот, релевантните институции засегнати со проблемот со хемикалиите се запознаа со обврските кои произлегуваат од REACH и се дадоа насоки како индустријата треба да се справи со новата законска обврска.

Во месец март 2009 година се одржа TAIEX работилница која се однесуваше на имплементирање на REACH регулативата, на која учествуваа претставници од МЗ_БЛ, МЖСПП, индустријата, консултантски куќи.

Во областа на стратешкото управување со хемикалиите во рамките на МЖСПП подготвен е нацрт-национален хемиски профил. Профилот дава конкретни информации за постоечката институционална и правна рамка во областа на управувањето со хемикалиите во Република Македонија. Исто така, во документот се разработени извештаи за индустриските хемикалии со акцент на опасни хемикалии и се дефинирани како "жешки точки", агро-хемикалиите и влијанието на хемикалиите врз здравјето на луѓето. Во рамките на проектот дефинирана е и т.н. долга листа на

приоритети во управувањето со хемикалиите. Започнати се активности за подготовка на нацрт-методологија за изработка “cost-benefit“ анализа на селектираните приоритети од листата.

На полето на управувањето со супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка изготвен е Нацрт-национален план за елиминација на хидрохлорофлуорокарбонати (HCFCs). Планот дава детален извештај за состојбата со потрошувачката на HCFCs во Република Македонија, како и предвидувања за потрошувачката на HCFCs во периодот до 2012 година, нивните алтернативи, а пак во вториот дел содржи јасни насоки за постепена елиминација на HCFCs (заклучно со 2040 година) преку имплементација на правни инструменти и имплементација на конкретни проекти.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2010 година се планира донесување на Закон за изменување и дополнување на законот за хемикалии усогласен со REACH регулативата (32006R1907). Исто така ќе се изврши транспонирање на Директивите 32004L0009 и 32004L0010 за добра лабораториска пракса.

Во 2010 година ќе се донесе Закон за ратификација на Ротердамската конвенција со што ќе се уреди процедура за претходно добивање на согласност за одредени опасни хемикалии и пестициди во меѓународниот промет, а кои се предмет на уредување на оваа Конвенција.

Во првата половина на 2010 година ќе се подготви Правилник за управување со супстанците кои ја осиромашуваат озонската обвивка со кој ќе се транспонира ЕУ-мерката 32000R2037. До крајот на 2010 година Владата на Република Македонија ќе усвои Национален план за елиминација на HCFCs.

Активностите за усогласување со релевантните ЕУ мерки во делот на производите за заштита на растенија се предвидени во поглавје 3.12, подрачје 6 Фитосанитарна политика, додека активностите за заштитата на работниците при работа со опасни хемикалии се предвидени во поглавје 3.19, подрачје 2 Безбедност и здравје при работа.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во првата половина на 2010 година ќе се формира Агенција за лекови со трансформација на Бирото за лекови и ќе се зајакнат нејзините капацитети.

Во Агенцијата за лекови ќе се формира REACH help desk што е обврска од REACH регулативата. На овој начин ќе се овозможи поврзување (умрежување) на REACH help desk–от во Агенција за лекови со веќе постоечките help desk -ови регистрирани во ЕУ и со одговорната институција на ниво на ЕУ - Европската Агенција за хемикалии (ECHA) со седиште во Хелсинки.

Во 2010 година ќе продолжи регистрацијата на сите правни и физички лица кои работат со хемикалии. Во 2010 година ќе отпочне формирање на регистар на хемикалии ставени во промет во РМ, кој ќе ја опфати и Националната листа на нови и веќе класифицирани супстанции ставени во промет на територија на Република Македонија.

Исто така во 2010 година ќе се работи на воспоставување лабораториски капацитети за идентификација на опасните материи и нивното влијание врз здравјето на населението и одредени популациони групи, а во рамките на Институтот за јавно здравје на Република Македонија.

Во рамки на проектот „Управување со ризикот на хемикалии во Република Македонија 2007-2010“, предвидено е одржување на обуки за вработените во МЗ, МЖСПП, МЗШВ, научните институции, како и за правните лица кои произведуваат хемикалии и/или пуштаат хемикалии во промет, другите корисници на хемикалии, со цел запознавање со управувањето со ризикот од хемикалии согласно обврските кои произлегуваат од REACH Регулативата, обука за класификација, означување и пакување на хемикалии, обука за улогата на Reach help desk, обука за изготвување на Упатство за безбедносен лист за хемикалии и препарати. Воедно ќе се реализира студиска посета на Бирото за лекови на Словенија и студиска посета на национален центар за информирање за труење од хемикалии на земја членка на ЕУ.

Во рамки на проектот „Воведување на безбедното управување со хемикалиите во Националното развојно планирање согласно милениумските развојни цели“, финансиран од Фондот за брз старт на стратешкиот пристап во управувањето со хемикалиите на меѓународно ниво (SAICM) ќе се подготви кратка финална листа на приоритети во управувањето со хемикалиите и акциони планови за имплементација за стратешкото управување со хемикалии во Република Македонија. Акционите планови ќе ги дадат конкретните насоки усогласени со глобалниот акционен план (дел од SAICM-иницијативата). Планирано е до крајот на 2010 година Владата на Република Македонија да усвои Национален документ

за имплементација на проектот за Стратешки приод во меѓународното управување со хемкикалии (Strategy Approach International Chemicals Management - SAICM). Во овој период ќе се дефинира нацрт-методологија за изработка “cost-benefit“ анализа на селектираните приоритети од листата на приоритети наведени во SAICM проектот, а кои се однесуваат на Република Македонија.

Ќе продолжи шестата фаза од имплементацијата на проект „Институционална поддршка-реализација од проектот за заштита на озонска обвивка. Активностите на проектот се насочени кон координација на активностите за редукција и елиминација на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка. Во 2010 година се заокружува последната фаза од проектот „План за комплетна елиминација на хлорофлуорокарбонати (CFCs) во Република Македонија“ преку воспоставување на еден цврст систем за собирање, прочистување и рециклирање на CFCs и правна рамка за финална елиминација на CFCs. Во последната фаза ќе биде спроведен мониторинг на националната шема за собирање, прочистување и рециклирање на ладилните флуиди. Повеќе информации за овие проекти може да се најдат во подрачје 3.27.3 Управување со отпад.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе продолжи транспонирањето на ЕУ acquis во националното законодавство во делот на хемикалиите врз основа на измените во Законот за хемикалии. Исто така ќе се донесе Упатство за изготвување на безбедносен лист (material safety data sheet) и подкзаконски акт со кој ќе се воведат REACH рестрикции.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

И во овој период ќе продолжи зајакнувањето на институционалните капацитети на надлежните институции од подрачјето хемикалии преку нови вработувања и обуки, а со особено со акцент на новите обврски од Законот за хемикалии и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

По донесувањето на Правилникот за добра лабораториска пракса, ќе се овластат лаборатории за контрола на хемикалиите и истите ќе се екипираат. Овие лаборатории ќе ги спроведуваат начините на тестирањето на физичко – хемиските, токсичните и еко токсичните својства на хемикалиите.

Во овој период ќе се спроведе обука на инспекторите за хемикалии за спроведување на новото законодавство и обука на претставниците на индустријата за имплементација на Упатството за безбедносен лист за хемикалии и препарати. Воедно ќе се преземат активности за јакнење на јавната свест за опасните хемикалии.

Во овој период проектот „Институционална поддршка-реализација на шестта фаза од проектот за заштита на озонска обвивка“ ќе продолжи со активности за координација на имплементацијата на Националната програма за елиминација на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка во Македонија со посебен акцент на мониторингот на увозот, извозот и потрошувачката на супстанциите што осиромашуваат озонската обвивка во земјата.

Ќе продолжи имплементација на Националниот план за елиминација на HCFCs преку спроведување на активности за постепена елиминација на HCFCs (подготовки за замрзнување на потрошувачката на HCFCs во земјата).

Ќе се подготви план за стартување на Проект за интегриран пристап во управување со хемикалиите со акцент на мобилизација и активно вклучување на сите засегнати чинители во процесот на управување со хемикалии заради воспоставување на силен интегриран систем.

Во овој период ќе започне со имплементација на проект за ажурирање на Националниот имплементационен план за редукција и елиминација на перзистентни органски загадувачи (POPs).

Ќе се подготви и стартува имплементацијата на проект за ажурирање на Националниот имплементационен план за редукција и елиминација на POPs. Имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на Стокхолската конвенција за POPs, ќе се ажурира Националниот имплементационен план за редукција и елиминација на POPs, посебно во делот на акциониот план со дополнување на активности за редукција и елиминација на новите POPs-хемикалии. Во тој контекст планирано е ажурирање на извештајот за состојбата со POPs во Република Македонија и акционите планови за редукција и елиминација на POPs.

### 3.27.8 **ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИ ОРГАНИЗМИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2009, согласно Законот за Генетски модифицирани организми („Службен весник на Република Македонија", бр.35/08), Владата на Република Македонија донесе Одлука за формирање на Комисија за управување со генетски модифицирани организми и Одлука за формирање Научен Комитет за генетски модифицирани организми („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/09).

Исто така во 2009 година се донесоа следните подзаконски акти:

- Уредба за утврдување на подрачјата со површини на кои не може да се ослободува генетски модифициран репродуктивен материјал во животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.114/09)
- Правилник за содржина на информации неопходни за спроведување на оценување на ризик како резултат на намерно ослободување на ГМО соодветни за карактер на внесен организам и животна средина(„Службен весник на Република Македонија" бр. 148/09) со кој се изврши понатамошно транспонирање на ЕУ мерката 2001L0018.

Во рамки на УНЕП/ГЕФ Проектот „Јакнење на капацитетите за ефективна партиципација во Клириншката Куќа за биосигурност" изготвена е работна верзија на Прв национален Извештај за имплементација на Картагенски Протокол за биосигурност во Република Македонија од страна на МЖСПП и истиот е доставен на мислење до сите релевантни инстутуции.

До крајот на 2009 се планира да се донесе и Правилникот за итни мерки во кој се транспонирани одредби од Директивата 32001L0018.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

МЖСПП е надлежен државен орган за креирање и спроведување на политиката во обласа генетски модифицирани организми. Управата за животна средина, орган во состав на МЖСПП има надлежност за вршење на стручните и управни работи во областа генетски модифицирани организми. Од аспект на административна рамка во Управата за животна средина -Сектор за природа во моментот се определени две работни места во кои треба да ги вршат работите поврзани со ГМО.

Во рамки на УНЕП /ГЕФ Проектот Јакнење на капацитетите за ефективна партиципација во Клириншката Куќа за биосигурност чија основна цел е воспоставување и одржување на Клириншката Куќа за биосигурност како обврска која произлегува од ратификуваниот Картагенски Протокол за биосигурност при Конвенцијата за биолошка разновидност одржани се две национални работилници подржани со странски експерти за информатичка технологија и Картагенски Протокол за биосигурност, како и три средби на националната работна група ( Task Force).

Во тек се активности за поставување на ХЕРМЕС апликација која треба да послужи за креирање и одржување на базата на податоци на Клириншката Куќа за биосигурност .

Дирекцијата за храна, орган во состав на Министерството за здравство е надлежен орган во однос на постапувањето на ГМО во храната. Врз основа на Правилникот за посебните барања за безбедност на храната која содржи или е произведена од генетски модифицирани организми, Дирекцијата за храна зема мостри од храна за анализа на присуство на генетски модифицирани организми преку нејзините државните инспектори за храна во рамките на официјалните контроли. Земените мостри потоа се испраќаат на анализа во овластена лабораторијата при Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Свети Кирил и Методиј", Скопје.

Воедно, надлежности во управувањето со ГМО има и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во делот на постапката за пуштање на ГМО производи на пазар.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во наредниот период ќе продолжи подготовката и донесувањето на подзаконските акти кои го уредуваат ограниченото користење на ГМО. Имено, со цел да се уреди процедурата за нотификација за ограничено користење на ГМО со подзаконски акти ќе се утврди формата и содржината на нотификацијата за ограничено користење на ГМО, како и информациите што се потребни да ги достави корисникот при поднесувањето на нотификацијата до МЖСПП кога нотификацијата се поднесува за простор во кој ќе се користат ГМО за првпат одделно за секоја класа на ограничено користење како и основните принципи содржината, обемот и методологијата за процена соодветна за карактер на внесениот ГМО и животната средина согласно кој се врши проценката на ризикот врз животната средина. Со донесувањето на овие правни акти ќе се изврши понатамошно транспонирање на ЕУ директивите 32001L0018 и 31998L0081.

Исто така со подзаконски акти ќе се уреди содржина на објава за податоци за местото каде може да се изврши увид во податоците во нотификацијата и ќе се уреди методологијата на елементите на проценката, параметрите, минимум критериуми и барања коишто треба да бидат земени во предвид при вршење на проценката, постапката за вршење на проценката, како и ограничувањата и мерките за безбедност, вклучително и други технички услови за секоја класа одделно доколку е неопходно за обезбедување на заштита на здравјето на луѓето и животната средина согласно видот на организмот, а ќе се транспонираат ЕУ директивите 32001L0018 и 31998L0081.

Воедно, во изготвувањето на подзаконските акти идентификувана е потреба од вклучување на странски експерти во областа на ГМО.

Од аспект на управување со ГМО, а во согласност со усвоениот План за институционален развој на капацитетите за управување со животна средина на национално и локално ниво 2009-2014 ќе се формира ново одделение за ГМО во кое ќе се определат работни места за вршење на следните работни задачи: спроведување на постапката за нотификација преку издавање на дозволи (дозвола за користење на простор за ГМО, дозвола за ограничено користење на ГМО, дозвола за намерно ослободување на ГМО во животна средина, дозвола за пуштање на ГМО производи на пазар, дозвола за извоз на ГМО и ГМО производи, дозвола за увоз на ГМО и ГМО производи, дозвола за транзит на ГМО и ГМО производи), воспоставување и водење на Регистарот за ГМО, учество на јавноста во донесувањето на одлуки поврзани со ГМО и пристап до информации, раководење во случај на ризик и водење на евиденција на плановите за итни случаи и проценката на ризикот, подготвување на извештаи, вршење на стручни и административно технички работи за потребите на Комисијата за управување со ГМО и Научниот комитет за ГМО, операционализирање на веќе воспоставената Клириншка куќа за биосигурност и имплементирање на барањата што
произлегуваат од Картагенскиот протокол кон Конвенцијата за биолошка разновидност.

Во рамки на УНЕП/ГЕФ Проектот „Јакнење на капацитетите за ефективна партиципација во Клириншката Куќа за биосигурност“ изготвена е работна верзија на Прв национален Извештај за имплементација на Картагенски Протокол за биосигурност во Република Македонија .По добивање на мислењата и инкорпорираните забелешки националниот Извештај за имплементација на Картагенски Протокол за биосигурност ќе биде испратен до Секретаријатот на Конвенцијата за биолошка разновидност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Како предуслов за ефикасно следење и управување со генетски модифицираните организми неопходно е да се формира посебно одделение за ГМО во рамки на МЖСПП да се вработат лица кои ќе бидат одговорни за следење на состојбата со ГМО при ограничено користење, намерно ослободување во животна средина, пуштање на пазар итн.

Заради разгледување на прашањата од областа на ГМО, давања на мислења и предлози потребно е да отпочне со работа и редовно да се состанува Научниот Комитет за генетски модифицирани организми.
Во насока за воспоставување на ефикасен систем за контрола на ГМО ќе се разгледа потребата од формирање /назначување соодветна(и) лабораторија(ии) и за детекција и присуство на ГМО и производи кои содржат ГМО во Република Македонија.

Во овој период ќе се реализира завршна презентација наменета за пошироката јавност и невладиниот сектор за ГМО и Клириншката Куќа за биосигурност во рамки на УНЕП/ГЕФ проектот „Јакнење на капацитетите за ефективна партиципација во Клириншката Куќа за биосигурност“. На истата ќе се промовира веб портал за Клириншката Куќа за биосигурност на Република Македонија и ќе се дистрибуира печатен материјал за значењето и нејзината примена. Со завршувањето на проектот ќе се воспостави Клириншката куќа за биосигурност со база на податоци.

Дирекцијата за храна ќе ги зајакне капацитетите на одделението за храна од ГМО во однос на кадровско доекипирање и спроведување на обуки од областа на ГМО храна. Исто така се планира набавка на опрема за контрола на ГМО храна, оформување на регистер на сите производители и трговци кои се одговорни за пуштање на храна која содржи или е произведена од ГМО како и зајакнување на соработката меѓу сите релевантни институции од областа на ГМО. Сите овие активности подетално се разработени во Поглавјето 3.12 Безбедност на храна.

Воедно, во овој период ќе се спроведат јавни кампањи и повеќе настани кои ќе имаат за цел да ја подигнат јавната свест за употребата на ГМО.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се обезбеди целосна транспозиција на Директивата 32001L0018 преку донесување подзаконски акти во врска со регулирањето на пуштањето на пазар производи кои содржат ГМО.

Со подзаконски акти ќе се дефинираат: содржината на информациите за пуштање на ГМО производ на пазар, содржината и начинот на изготвување на извештајот за процена од ГМО производ, висината на трошоците за издавање на дозволата за пуштање на ГМО производ на пазар, определување на ГМО што се забранети намерно да се ослободуваат во животната средина и/или да се пуштат како ГМО производи на пазар.

Во овој период ќе се уреди начинот и постапката за учество на јавноста во издавањето на дозволите за ГМО и ГМО производ; начинот и постапката за размена на информации за настанатата несреќа, превземените мерки и нивната ефикасност и анализа на несреќата, вклучувајќи и препораки за ограничување на ефектите и избегнување на слични несреќи во иднина. Ќе се определат информациите кои можат да изостанат од нотификација за пуштање на ГМО производ на пазар; информациите и податоците што се доставуваат во прилог на нотификацијата за извоз на ГМО и ГМО производ; ќе се определи формата и содржината на дозволата за извоз на ГМО и/или ГМО производи. До крајот на 2012 ќе се донесе подзаконски акт со кој ќе се уреди формата, содржината, методологијата и начинот на водење на регистарот на ГМО.

Во овој период ќе се воспостави и води Регистарот за ГМО, како и ќе се обезбедат услови за учество на јавноста во донесувањето на одлуки. Стручните тела, односно Комисијата за управување со ГМО и Научниот комитет за ГМО ќе продолжат редовно да се состануваат и даваат конструктивни предлози.

Во овој период ќе се спроведат јавни кампањи кои ќе имаат за цел да ја подигнат јавната свест за употребата на ГМО и да ја зголемат одговорноста на правните лица кои ќе бидат вклучени во постапувањето со ГМО и ГМО производи.

Во овој период ќе се формира ат Државна /и лабораторија /и за испитување на ГМО и производи.

### 3.27.9 **БУЧАВА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2009 година се донесе Правилник за начинот, условите и постапката за воспоставување и работење на мрежите, методологијата и начинот за мониторинг, како и условите начинот и постапката на доставување на информациите и податоците од мониторингот на состојбата во областа на бучавата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 123/09).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежен орган за подрачјето бучава, особено за спроведување на Законот за заштита од бучава во животната средина, примената на законот и прописите донесени врз основа на овој закон е Министерство за животна средина и просторно планирање. Во Управата за животната средина, Сектор за животна средина се предвидени работни места со работни задачи поврзани со заштита од бучавата. Инспекциски надзор на примената на законот и прописите донесени врз основа на законот го врши Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на Министерство за животна средина и просторно планирање, како и инспекторите за животна средина на Единиците на локалната самоуправа. Одделни надлежности во управувањето со бучавата имаат и Државниот санитарен и здравствен инспекторат орган во состав на Министерството за здравство во однос на контрола на бучавата од здравствен аспект, Министерството за економија во однос на контрола на бучавата која се создава од производи и Единиците на локалната самоуправа во однос на бучавата која се создава од угостителски, занаетчиски и туристички дејности.

Во однос на мониторингот на бучава, во Министерство за животна средина просторно планирање се собираат и обработуваат податоци од мерења на комуналната бучава кои ги вршат Институтот за јавно здравје и 10 Центри за јавно здравје, од кои само 3 центри (Скопје, Битола и Куманово) собираат и обработуваат податоци, како и мерењата направени од страна на централната лабораторија при Министерство за животна средина и просторно планирање, а кои се однесуваат на различните типови на бучава создадена од различни категории на предизвикувачи на бучава (индустрија, аеродроми, угостителско-туристички капацитети и други активности).

Во тек е формирање на работно тело за воспоставување на државен мониторинг за животна средина (кое го опфаќа и мониторингот на бучавата) согласно Законот за животна средина.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2010 година ќе се донесат подзаконските акти за: начинот на соработката на органите надлежни за изработка на акциони планови за бучава со органите надлежни за изработка на акционите планови од соседната држава; начинот на соработката на органите надлежни за изработка на стратешки карти за бучава со органите надлежни за изработка на стратешките карти од соседната држава; поблиската содржина на акционите планови за бучава, начинот на изработката и начинот на собирање на податоци за изработка на акционите планови за бучава, како и начинот на нивното собирање, чување и евидентирање; поблиската содржина на стратешките карти на бучава, начинот на изработката и начинот на собирање на податоци за изработка на стратешките карти за бучава, како и начинот на нивното собирање, чување и евидентирање и агломерациите, главните патишта, главните железнички пруги и главните аеродроми за кои треба да се подготвуваат стратешки карти за бучава. Во овие правни акти ќе се изврши транспонирање на одделни одредби од Директивата 32002L0049.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2010 година со нови вработувања и обуки ќе се зајакнат капацитетите на Управата за животна средина – Секторот за животна средина и Секторот Македонски информативен центар за животна средина со цел спроведување на законот и подзаконските акти. Воедно ќе се формира ново одделение за бучава во животната средина во рамки на Управата за животна средина.

Истовремено, ќе се зајакнат и капацитетите на единиците на локалната самоуправа за управување со бучавата на локално ниво преку вработувања и спроведување на обуки.

Заради обезбедување на интегриран систем на мониторинг на бучавата ќе започнат активности со цел спроведување на анализа на сите мониторинг станици за бучава што постојат во Република Македонија заради воспоставување на Државна мрежа за мониторинг на бучавата и донесување на Програма за работа на истата. За таа цел ќе се формира работно тело за изработка на формирање на Државна мрежа за бучава. Врз основа на податоците од постојните станици за мониторинг на бучавата, ќе започнат активности за определување на агломерациите и подрачјата за кои треба да се изработат Стратешки карти за бучава и акциони планови.

Предвидено е да се спроведат обуки на вработените во Министерство за животна средина и просторно планирање, Институтот за јавно здравје и Центрите за јавно здравје за воспоставување и спроведување на мониторинг на бучавата, во кои ќе бидат вклучени вработените во Единиците за локална самоуправа.

Заради спроведување на редовен мониторинг во овој период ќе се воспостави Државната мрежа за мониторинг на бучавата и ќе се донесе Програма за работа на државната мрежа за мониторинг на бучавата.

Во овој период ќе се реализира студиско патување и работилница за управување со бучавата во животната средина во рамките на TAIEX помошта.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период се очекува да бидат донесени подзаконските акти со кои ќе се заокружи правната рамка во подрачјето бучава и ќе се обезбеди целосно усогласување со ЕУ acquis.

Имено, со подзаконски акти ќе се утврдат поблиските видови на посебни извори на бучава, како и условите за заштита од бучавата предизвикана од патен, железнички, воздушен и воден сообраќај, како и поблиските видови на посебни извори на бучава со кои ќе се изврши транспонирање на следните ЕУ мерки: 31984L0372, 1989L0629 и,31998L0020. Ќе се утврдат условите кои треба да ги исполнуваат постројките, опремата, инсталациите и уредите кои се употребуваат на отворен простор во поглед на емитираната бучава и стандардите за заштита од бучава при што ќе се изврши транспонирање на директивите 32000L0014 и 32005L0088. Исто така, ќе се утврдат поблиските видови на посебни извори на бучава, како и условите кои треба да ги исполнуваат уредите, средствата и апаратите за домаќинство во поглед на стандардите за заштита од бучава, со што ќе се изврши транспонирање на Директивата 32005L0032, земајќи ги во предвид одредбите од Директивата 31986L0594.

До крајот на 2012 година ќе започнат активности за воспоставување ГИС на податоците од бучавата во животната средина се со цел целосно спроведување на барањата од INSPIRE Директивата која обезбедува законска рамка за имплементација на Европските инфраструктурни просторни податоци и ќе биде една од главните компоненти од Европскиот информативен систем за животна средина (SEEIS).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период, ќе се започнат активности за воспоставување на Информативниот систем за состојбата на бучавата во животната средина како дел од севкупниот информативен систем за животна средина во Република Македонија, кој ќе ги опфаќа податоците добиени од мониторингот на бучавата, податоците од стратешките карти и акционите планови и други релевантни податоци добиени со поединечни мерења на бучава.

Ќе започнат активности за воспоставување и одржување катастар на создавачи на бучава во животната средина и воспоставување на карта на создавачи на бучава. Воедно ќе се донесе Програма за работа на Државната мрежа за мониторинг на бучавата во животната средина.

Воедно, се планира набавка на инструмент за мерење на бучавата и вибрации со цел проширување на мониторинг мрежата за следење и мерење на нивоата на бучава и спроведување обуки за негово користење за вработените во Централната лабораторија за животна средина во Управата за животна средина како и други инструменти за бучава со кои ќе се овозможи воспоставување на мониторинг на бучавата како и нанесување на бучавата на стратешка карта.

Во овој период ќе започнат конкретни активности за изработка на стратешки карти и акционите планови за бучава.

3.27.10 **ШУМАРСТВО**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2009 година се донесе Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09). Со овој Закон се уредува планирањето, управувањето, стопанисувањето (одгледувањето, заштитата и користењето), чувањето на шумите како природно богатство и шумското земјиште, остварувањето на општокорисните функции на шумите, правото и обврските на користење на шумите, финансирањето како и други прашања од значење за шумите и шумското земјиште по принципот на биолошка, економска, социјална и еколошка прифатливост. Воедно во законот се даде правна основа за идно усогласување на националното законодавство за ЕУ мерките: 32006R1737 и 32003R2152.

Донесена е Програма за проширена репродукција на шумите за 2009 година („Службен весник на Република Македонија” бр.3/09 и 46/09). Со Програмата се обезбедија средства од Буџетот на Република Македонија со кои се финансира повеќе активности, како што се: пошумување на голини и ерозивни земјишта, нега на шумски култури со прореди, мелиорација на деградирани дабови шуми, санирање на опожарени шумски површини и нивна вештачка обнова и спречување на ширењето на масовното сушење на шумите и шумските култури, обезбедување на шумски садници за приватно пошумување и за акцијата „Ден на дрвото – засади ја својата иднина“ и заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во 2009 година се преземаа активности за јакнење на капацитетите на МЗШВ – Секторот за шумарство и ловство и при тоа се реализираа 2 нови вработувања. Исто така се реализираа обуки на тема „Развој, сертификација и маркетинг на недрвни шумски производи“ во Гевгелија, јануари 2009, „Рекреациони користи на шумата“ во Битола, март 2009, „Шумарството поврзано со ЕУ политиките и меѓународните договори“ во Скопје, април 2009 година и работилница на тема „Конфликт помеѓу Секторот шумарство и Секторот животна средина“ во Скопје, ноември 2009 на национално ниво во рамките на ФОПЕР 1 проектот, кој заврши во јуни 2009 година. ФОПЕР 2 проектот започна во јуни 2009 и ќе трае до 2012 година со следниве компоненти: мастер студии, докторски студии и проектни истражувања во областа на шумарската политика и економика, чии потписници се Шумарски факултет – Скопје, МЗШВ и Европскиот шумарски институт.

МЗШВ односно_Државен инспекторат за шумарство и ловство при МЗШВ (ДИШЛ) врши надзор над спроведувањето на законските прописи од областа на шумарството и ловството и од областа на здравје на растенијата. Се реализираше едно вработување, а во тек е постапка за вработување на 8 нови државни службеници.

Во МЗШВ – Шумска полиција, во чија надлежност е чувањето на шумите во државна и приватна сопственост, во текот на 2009 година се реализираа 25 нови вработувања.

Во рамките на акцијата „Ден на дрвото – засади ја својата иднина“ во март 2009 година беа засадени 2.000.000 садници на површина од околу 1000 ха, а во ноември 2009 година беа засадени 7.500.000 садници на површина од околу 3.500 ха.

До крајот на 2009 година се пошумија 2500 ха и се изврши мелиорација на деградирани шуми и шикари на површина од 450 ха.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

За спроведување на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија, ќе се донесе нов Акционен план за период 2010 - 2012 година. Исто така ќе се донесе Програма за проширена репродукција на шумите за 2010 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе се преземат активности за реализирање на нови вработувања и јакнење на капацитети врз основа на новата систематизација на МЗШВ и на ДИШЛ, за одржување на професионални обуки за вработените, набавка на опрема (возила, теренски возила, компјутерска опрема, соодветни софтвери и сл.). Исто така ќе се спроведат обуки и студиски посети кои се однесуваат на зајакнување на капацитетот на ДИШЛ, како и работилници наменети за зајакнување на капацитетите на администрацијата вклучена во заштита на шумите и ловството.

Како еден од инструментите за креирање и спроведување на политиката за шумарство во Република Македонија во овој период ќе се изработат студии за заштита на шумски подрачја ризични од ерозија и за развој на шумската патна мрежа во Република Македонија. Ќе се преземат активности за пошумување на голини и ерозивни земјишта на површина од 2.300 ха во пет реони по долината на реката Вардар.

Со цел добивање квалитетни информации во областа шумарство, во овој период ќе се набави ГИС софтвер и хардвер и ќе се одржи обука на вработените за негово користење со цел формирање на информатичка мрежа и воведување на ГИС технологија.

Во рамките на проектот „Зајакнување на готовноста за заштита на националните шуми од пожар“ ќе се преземат активности за зајакнување на националните административни и оперативни тела, кои се одговорни за управување со шумските пожари и развој на инфраструктурата за координација на стратешките планови за управување со пожари, бази на постоечките структури за управување со шумите, вклучувајќи го и предвидувањето за појавата на шумски пожари. Воедно, ќе се спроведат активности насочени кон обезбедување на превенција, следење, откривање, сузбивање и безбедност од шумски пожари, едукација и воспоставување на информативен систем за заштита од шумски пожари. Во овие активности фокусот ќе биде ставен на администрациите на МЗШВ, ДИШЛ и ЈП „Македонски шуми“.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

До јуни 2011 година се предвидува да биде донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, со цел да се постигне целосно усогласување со Директивата 31999L0105 за маркетинг на шумски репродуктивен материјал.

Врз основа на Законот за шумите ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се уреди мониторинг над шумските екосистеми и мониторинг над шумските пожари и со кои ќе се транспонира Регулативата 32006R1737 за имплементација на Регулативата (ЕЗ) 32003R2152 за мониторинг на шумите и интеракциите со животната средина во Заедницата (Forest Focus).

Изработката на годишни Програми за проширена репродукција на шумите ќе продолжи и во овој период.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел јакнење на капацитетите на надлежните институции се планира зголемување на бројот на човечките ресурси и обезбедување на професионални обуки за вработените.

Во овој период ќе се изврши набавка на опрема (возила, теренски возила, компјутерска опрема, соодветни софтвери и сл.) во ДИШЛ.

Со цел добивање квалитетни информации во областа шумарство, во овој период ќе се работи континуирано на набавка на ГИС софтвер и хардвер и обука на вработените за негово користење со цел формирање на информатичка мрежа и воведување на ГИС технологија.

Во овој период ќе заврши проектот „Зајакнување на готовноста за заштита на националните шуми од пожар“ со што ќе се постигне значително подобрување на капацитетите на административни и оперативни тела, кои се одговорни за управување со шумските пожари и ќе се подобрат капацитетите за развој на инфраструктурата за координација на стратешките планови за управување со пожари.

## 3.28 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЗДРАВЈЕТО

### 3.28.1 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во областа на **заштита на потрошувачите**, во 2009 година се реализираа активностите од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2009 - 2010 година во која покрај Министерството за економија свои активности реализираа и други надлежни министерства: Министерството за здравство - Дирекција за храна и Државен санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за транспорт и врски и Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието. Финансирањето на активностите е од сопствени буџетски средства на институциите.
Невладиниот сектор беше вклучен во реализирањето на најголемиот број на активностите од Програмата.

Од буџетските средства на Министерството за економија беше спроведена директна финансиска подршка на здруженијата на потрошувачите на национално и локално ниво за изготвена програма (проект) за информирање, советување и едукација на потрошувачите.

Финансиска поддршка на здруженијата на потрошувачите е предвидена во Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2009-2010 година и се спроведува согласно Законот за изменување и дополнување на законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 77/07) и Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/07). Министерството за економија спроведе постапка по пат на Јавен повик и за реализатор на проектот беше избрана “Организација на потрошувачите на Македонија“ како конзорциум на Организација на потрошувачите Штип, Организација на потрошувачите Битола, Организација на потрошувачите Кочани , Организација на потрошувачите Охрид, Организација на потрошувачите Тетово. На 15 октомври 2009 година Министерството за економија склучи Договор за доделување на финансиски средства во износ од 710.000 денари (11.600 ЕУР) со реализаторот на проектот. Министерството за економија на 20 октомври 2009 година, електронски достави англиската верзија на Договорот до Европската Комисија.

Во рамките на реализацијата на активностите од Програмата за заштита на потрошувачите за 2009 година, од Министерството за економија на Организацијата на потрошувачите на Македонија и беа доделени финансиски средства согласно склучениот Договор за јавна набавка на консултански услуги-организирање и имплементација на регионални семинари во 5 општини и Договор за јавна набавка на консултански услуги-организирање и имплементација на медиумска кампања за подигање на јавната свест на потрошувачите за нивните права согласно Законот за индустриска сопственост.

За членство на Организацијата на потрошувачите на Македонија во Европска потрошувачка организација – BEUC, со Решение од Министерството за економија се исплатија 65.000 денари (1.060 ЕУР) и 14.000 денари (228 ЕУР) за членство во Светска потрошувачка организација – Consumers International согласно Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2009-2010 година.

Извршен е реизбор на стариот состав на Советот за заштита на потрошувачите на Владата на Република Македонија поради истекот на мандатот од четири години. Новиот Совет е формиран во јуни 2009 година (“Службен весник на Република Македонија” бр.70/09),
Согласно Законот за заштита на потрошувачи при договори за потрошувачки кредити од јануари 2008 заклучно со 01.12.2009 издадени се 5 дозволи за давање на потрошувачки кредити на трговски друштва. ( 3 дозволи во 2008 и 2 дозволи во 2009 година ). Одобрени се вкупно 6149 кредити во стока и пари ( 518 во пари и 5.915 во стока).
На ВЕБ страницата на Министерството за економија, посебно место е дадено на информациите кои се однесуваат на заштитата на потрошувачите, со што е дадена можноста за дирекна комуникација со потрошувачите.

Во 2009 година донесени се повеќе закони и подзаконски акти по кои надзор врши **Државниот пазарен инспекторат**: Закон за индустриска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/09), Закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/09), Закон за изменување и дополнување на Законот за метрологија („Службен весник на Република Македонија“ бр.120/09), Закон за изменување и дополнување на Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/09) и Правилник за изменување на Правилникот за квалитетот на течните горива („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/09).

Во областа на **безбедноста на храната** донесени се:

- Програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија за 2009 година (“Службен весник на Република Македонија”бр. 26/09). Донесувањето на Програмата е предвидено со Законот за безбедност на храна, како

годишна активност за мониторирање на одредени контаминенти во прехранбени производи кои се произведени и ставени во промет во Република Македонија, а која ќе обезбеди донесување на целни мониторинг програми за одделни видови производи;

- Правилник за општите и посебните барања за безбедност кои треба да ги исполнуваат производите и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната. 32004R1935; 32006R2023; 31984L0500; 31993L0010; 32002L0072; 31978L0142; 31993L0011; 32004L0014; 32005R1895; 32009R0450; 31985L0572; 31982L0711.

За периодот од 01.01.2009 год до 31.10 2009 год. евидентирани се 60 претставки од потрошувачи во областа на безбедноста на храната.

Воспоставена е база на податоци за поднесените претставки/ жалби во одделението за заштита на потрошувачи која постојано се ажурира. Податоците се користат за анализирање на ризиците и опасностите на кои укажуваат потрошувачите и се доставуваат до Секторот за инспекција со цел постапување по истите.

Воспоставен е линк со порталот за заштита на потрошувачи на земјите на Западен Балкан (West Balkan Consumer Protection Network).

На ВЕБ страницата на Министерството за економија и Министерството за здравство, во делот што го користи Дирекцијата за храна, отворен е простор за потрошувачите во кој се објавени Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2009 - 2010 година, совети за потрошувачите и потрошувачките права.

Во финална фаза на подготовка е предлог- законот за надзор на пазарот, во кој се транспонирани дел од Глава I, Глава III и Глава IV од Регулативата 765/2008. Во овој предлог-закон се дефинирани надлежностите на инспекциските органи од повеќе државни институции и Царинската управа на Република Македонија кои вршат надзор на пазарот над индустриските производи.

Министерството за економија на 17 ноември 2009 година, електронски достави англиска верзија на предлог-законот за надзор на пазарот со кореспондентна табела до Европската Комисија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Одделението за заштита на потрошувачите** во рамките на Секторот за внатрешен пазар при Министерството за економија брои 3 (три) лица.

Во **Државниот пазарен инспекторат** формирани се три нови одделенија, Одделение за прекршоци, Одделение за безбедност на производи и Одделение за човечки ресурси. Во Одделението за прекршоци има 4(четири) вработувања со прераспоредување и истовремено е извршена техничка опременост за поефикасно извршување на активностите. Одделението за безбедност на производи вкупно има 10 (десет) лица од кои 5(пет) се нововработени во 2009 година со технички профил. Во ова одделение следи натамошно кадровско, стручно и техничко опремување.

Во **Дирекцијата за храна - Одделението за заштита на потрошувачи** работи едно лице и зајакнати се инспекциските служби со 4 (четири) нови инспектори за надзор на пазарот со храна.

Кадровскиот капацитет на **Државен санитарен и здравствен инспекторат** е зајакнат со три нови вработувања, а во тек е процедура за уште 2 (две ) вработувања.

**Министерство за финансии**, Секторот за финансиски систем е надлежно за подготовка на прописите кои се однесуваат на заштита на потрошувачите кај финансиските услуги. Секторот за финансиски систем брои 18(осумнаесет) лица.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2010 година е предвидено да се зголеми финансиската подршка на здруженијата на потрошувачите на национално и локално ниво од буџетските средства на Министерството за економија, за изготвени програми (проекти) за информирање, советување и едукација на потрошувачите.

Во втората половина на 2010 година ќе се изврши измена и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите со имплементирање на Директивата 32005L 0029 за нечесно пазарно однесување од страна на деловните субјекти на внатрешниот пазар, со цел поголема информираност на потрошувачите заради правилен избор при купувањето на производите, како и заштита на потрошувачите од нечесно пазарно однесување при вршење на промет на производи.

Со Директивата 31998L 0027 која се однесува за наредби со кои се заштитуваат интересите на потрошувачите ќе се воведе инструмент колективна заштита на потрошувачите како ефективен механизам на заштита на заедничките интереси на потрошувачите и постапките пред надлежните судови.

Изготвување на Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2011 – 2012 година со учество на институциите вклучени во Програмата и нејзино донесување кон крајот на 2010 година.

Натамошна стручна едукација на вработените од инспекциските служби преку семинари, работилници и слично.

Во јуни 2010 година ќе се транспонира Директивата 32002L0065 со донесување на Закон за продажба на финансиски услуги на далечина. Цел на Законот е да ја зајакне продажбата односно користењето на финансиски услуги на далечина и да обезбеди заштита на потрошувачите кога истите користат финансиски услуги на далечина.

Со донесување на Закон за надзор на пазарот во 2010 година ќе се формира Координативно тело за надзор на пазарот кое ќе го следи исполнувањето на барањата за обезбедување на висок степен на заштита на јавните интереси, заштита на здравјето и безбедноста на работното место, заштита на потрошувачите и заштита на животната средина.

Координативното тело ќе го сочинуваат државни органи за надзор на пазарот (инспекциски органи) и тоа: Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот трудов инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за животна средина, Агенцијата за електронски комуникации, инспекциските органи од областа на транспортот и врски и други инспекциски органи кои се надлежни за надзор на пазарот регулирани во други прописи.

Координацијата на Координативното тело се планира да ја врши Државниот пазарен инспекторат.
За ефикасно вршење на координативната функција на Координативното тело ќе се подготви Национална програма за надзор на пазарот за период од 2 години и истата во втората половина на 2010 година ќе биде усвоена од Владата на Република Македонија. **Види Поглавје** 01.

Државниот пазарен инспекторат ќе поднесе апликација во Европската Комисија за примена на RAPEX системот.

Во 2010 година Министерството за економија и Министерството за здравство ќе ја транспонираат новата Директивата за играчки 2009/48/EC од 18 јуни 2009 година во Правилник за детски играчки согласно Законот за безбедност на производи.

Во 2010 година ќе се реализираат активностите од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2009 – 2010 година и тоа:

1 . **Министерството за економија**:

- Одржување на регионални семинари во седум општини со активно учество на невладиниот сектор за заштита на потрошувачите заради спроведување и следење на имплементацијата на измените и дополнувањата на Законот за заштита на потрошувачите, посебно по однос на поплаките и пријавите по кои постапуваат државните инспекциски органи.
- Одржување на работна средба за согледување на состојбите на пазарот со непрехранбени производи преку системот RAPEX во надлежност на Државниот пазарен инспекторат, а во соработка со други инспекциски органи надлежни за надзор на непрехранбени производи, за навремено информирање на потрошувачите доколку на пазарот се појави опасен производ кој влијае на безбедноста и здравјето на потрошувачите и негово повлекување од пазарот;
- Одржување на работна средба за областа на рекламирањето на производите и услугите на пазарот, со посебен акцент на нечесно рекламирање со што директно се предизвикува штета на економските интереси на потрошувачите, а индиректно на чесната конкуренција, со претставници на Агенцијата за електронски комуникации, Советот за радиодифузија, Државен пазарен инспекторат, стопанските комори и Организацијата на потрошувачите на Македонија;
- Подготовка и печатење на брошури, флаери и друг рекламен материјал заради подигање на јавната свест на потрошувачите за заштита на нивните права во однос на користење пиратски и фалсификувани производи со кои се повредуваат правата од индустриска сопственост, авторското право и сродните права.

2. **Министерство за здравство**
**Дирекција за храна**

- Заради транспарентност во работењето ќе се организираат семинари во пет општини на кои ќе се презентираат активностите на одделението за заштита на потрошувачите во Дирекцијата за храна, со Стопанските комори и организациите на потрошувачите;
- Заради информирање на потрошувачите за безбедноста и квалитетот на одделни видови храна ќе се изготват и печатат публикации;
- За согледување на состојбите со воведување на задолжителниот безбедносен HACCP систем во пет општини, а со цел подигање на свеста на сите субјекти во ланецот на храната ќе се одржат работни средби во пет општини во соработка со стопанските комори и организациите на потрошувачите;
- Заради согледување на состојбата на пазарот со прехранбените производи, утврдени со инспекцискиот надзор ќе се одржи работна средба на која ќе се презентираат извршените контроли и превземените мерки и активности, со споредбени показатели од предходните две години;

По однос на усогласување на законодавството на инспекциските служби, надлежни за спроведување на потрошувачката политика во областа на безбедноста на храната /Поглавје 3.12/

- **Измени** и дополнување на Правилникот за посебните барања за безбедност на храна за посебна нутритивна употреба ("Службен весник на Република Македонија" бр.3/07) 31989L0398; 32001L0015; 31996L0084; 31999L0041;
- **Измени** и дополнување на Правилникот за посебните барања за безбедност на храна на житна основа за доенчиња и мали деца ("Службен весник на Република Македонија"бр.118/05), 31996L0005; 31998L0036; 31999L0039; 32009R0041;
- **Измени** и дополнување на Правилникот за посебните барања за безбедност на млечната храна за доенчиња и мали деца ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/06) 32001R0466; 31996L0004; 32003L0005; 32006L0125;
- **Измени** и дополнување на Правилникот за адитивите што можат да се употребуваат во производство на храна усогласени со следните ЕУ мерки: 31989L0107; 31994L0035; 31994L0036; 31995L0002; 31978L0663; 31996L0077; 31981L0712; 31995L0031; 31995L0045; 32002D0247; 31998L0344; 31998L0388; 31996R2232; 32003R2065; 31999D0217; 32004R0882, 32004R1925, 32007R0884, 32002L0046, 32006R1925, 31989L0398, 31996L0008, 31992L0021, 32001L0015, 32006L0125, 32006L0141.

Со цел преземање мерки во врска со ограничувања на рекламирањето на храна и тутунски производи ќе следи рекламирање на храна и тутунски производи во пишаните и електронските медиуми.

Ќе се продолжи со ажурирање на базата податоци за поднесени жалби од потрошувачите со цел анализирање на ризиците и опасностите на кои укажуваат потрошувачите.
Ќе се ажурираат податоци, совети, информации на ВЕБ страницата на Министерството за економија и Министерството за здравство.

**Државен санитарен и здравствен инспекторат**
Ќе продолжи понатамошна имплементација на Законот за заштита на правата на пациентите(("Службен весник на Република Македонија" бр. 82/08) преку одржување на средби, размена на искуства со земјите од регионот, како и земји членки на ЕУ.

3. **Министерство за транспорт и врски**
- Имплементација на Законот за домување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 99/09) и Стратегија за домување на Република Македонија (2007-2012) преку одржување на стручни советувања и трибини во девет општини, во соработка со локалната самоуправа, Министерството за економија, бизнис заедницата и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

4. **Министерство за образование и наука**
**Биро за развој на образованието**
- Реализација на концептот за деветгодишно основно воспитание и образование;
- Едукација на младата популација од областа на заштитата на потрошувачите преку организирање на едукативни работилници во јавните детски градинки –предучилишни установи и основни училишта во рамките на наставните планови каде е застапен и предметот Вештини за живеење и темата -Ученикот како потршувач;
- Формирање и опремување на канцеларии за заштита на потрошувачите во основните училишта со едукативен материјал за исхрана,флаери/ инфотеки, билтени, прирачници, закони, програми и слично кои ќе се користат од страна на наставниците и учениците;
- Изработка на ВЕБ страната со содржини од областа на заштитата на потрошувачите за училиштата од средното образование( законски прописи, текстови, совети,насоки и слично), како и организирање на училиштата заради

информирање, користење и поврзување со ВЕБ страницата со цел да се едуцираат и учениците од средните училишта и да работат на заеднички проекти од оваа област.

**Институционална рамка**

На краток рок ќе се работи на кадровско и административно зајакнување на надлежните институции заради понатамошно спроведувањето на потрошувачката политика.

Ќе се зајкне капацитетот на **Одделението за заштита на потрошувачите во Министерството за економија** .

Во **Државниот пазарен инспекторат** претстои екипирање на новоформираното Одделение за човечки ресурси и е предвидено вработување на нови лица секоја наредна година.

Ќе се зајакне Одделението за заштита на потрошувачи во **Дирекцијата за храна**

Во 2010 година се планира измена на Правилникот за организација и систематизација на работните места во **Министерство за здравство** со што се планира и формирање на одделение за заштита на правата на пациентите и потрошувачите.

Во **Државен санитарен и здравствен инспекторат** планирано е зајакнување на административниот капацитет со нови вработувања.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**Правна рамка**

На среден рок предвидена е реализација на активностите од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2011 – 2012 година од страна на институциите вклучени со свои активности во Програмата.

Министерството за економија позначајно ќе ја зголеми финансиската подршка на здруженијата на потрошувачите на национално и локално ниво од сопствените буџетски средства, за изготвена програма (проект) за информирање, советување и едукација на потрошувачите од страна на здруженијата на потрошувачите.

Кон крајот на 2011 година ќе се донесе нова хоризонтална Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2012 - 2013 година.

Ќе се применува RAPEX системот од страна на Државниот пазарен инспекторат во соработка со останатите државни органи надлежни за надзор на пазарот во рамки на Националата програма за надзор на пазарот и нивните посебни годишни програми кога сомнителен производ ќе биде пријавен во системот дека претставува сериозна опасност на пазарот.

**Институционална рамка**

Ќе се зајкне административниот капацитет на **одделението за заштита на потрошувачите во Министерството за економија**.

**Во Државниот пазарен инспекторат** предвидени се нови вработувања во текот на 2011 година.

Ќе се зајакне одделението за заштита на потрошувачи **во Дирекција за храна** .

Понатамошно зајакнување на административните капацитети на **Државниот санитарен и здравствен инспекторат** со нови вработувања во 2011 година.

### 3.28.2 **ЈАВНО ЗДРАВЈЕ**

**<u>ТЕКОВНА СОСТОЈБА</u>**

Во областа на јавното здравје Министерството за здравство продолжува со имплементација на тековните процеси за модернизација на здравствените установи, медицинската опрема и инвестициите во информатичката технологија. Процесот на воведување на електронската здравствена картичка е во тек, како и активностите за воспоставување на интегрален здравствен информационен систем, а во функција на имплементација на новиот Закон за евиденции во здравството, за целосна автоматска обработка на податоците.

Формиран е Комитет за унапредување на здравствениот систем на Република Македонија, кој претставува форум каде номинираните претставници (stakeholders) на клучните целни групи во здравството водат отворен процес на консултации за реформите во здравството. Комитетот работи преку 5 поткомитети: за добро управување, за укажување на здравствена заштита, за финансирање, за права на пациенти и за фармација. Завршена е подготовката на Зелената книга, а по завршувањето на фазата на јавни консултации ќе се изработи т.н. Бела Книга со препораки за решавање на определени прашања. Законодавството на ЕУ и практиките во земјите-членки , како и соработката со Европскиот центар за заразни билести (ECDC) што го поддржува овој процес е уште еден начин на приближување на националнот законодавство и пракса кон тоа на ЕУ и земјите-членки. Овој процес воспоставува континуитет во унапредувањето на здравствениот систем во согласност со европското законодавство во соодветните подрачја, како и со препораките на Светската здравствена организација и Советот на Европа.

Инвестициониот процес во здравството продолжува преку имплементација на проектот за реконструкција и доградба на објектите на јавните здравствени установи. , како и имплементација на проектот за изградба на 17 здравствени објекти - амбуланти во оддалечени селски подрачја каде досега не постоеле здравствени објекти, заради подобрување на достапноста и квалитетот на здравствените услуги, како и безбедноста на пациентите.

1. **Законот за јавно здравје** е во постапка за донесување. Со него ќе се уреди спроведувањето на основните функции и задачи на јавното здравје, системот на јавно здравје, јавно здравствените вонредни околности и финансирањето на јавното здравје. На овој начин ќе се реформира системот за јавно здравје за подобар одговор на потребите на населението и примената на Мегународниот здравствен правилник (IHR).

2. Со измените на **Законот за здравствено осигурување** (**Службен весник на РМ број** 67/09), на сите граѓани државјани на Република Македонија им се обезбедува здравствено осигурување со целосен пакет на здравствени услуги. Владата преку буџетот, во Фондот за здравствено осигурување, ги осигурува и оние категории на граѓани кои досега по ниту еден основ не биле осигурани (лицата кои не се вработени, кои немаат имот и не се евидентирани во Агенцијата за вработување, лица кои не се корисници на парична помош, лица со над 64-годишна возраст кои не се приматели на пензии, лица кои боледуваат од специфични заразни заболувања а не се здравствено осигурани, како и останатите социјални случаи, лица без постојано место на живеење, старите лица, бездомниците и други ранливи групи) .На овој начин, досега околу 3000 граѓани кои досега не беа осигурани го оствариле правото на здравствена осигурување, со што се постига потполн опфат на населението со здравствена заштита.

3. Со измените на Законот за здравствена заштита (Службен весник на РМ број 67/09) Републичкиот завод за здравствена заштита, односно постојните заводи за здравствена заштита се трансформираа во Институт за јавно здравје (ИЈЗ) на Република Македонија, односно Центри за јавно здравје. Нивната работа поконкретно ќе се дефинира со Законот за јавно здравје.

ИЈЗ е номиниран како Развоен центар за јавно-здравствени услуги и исистеми на Југоисточна Европа, од страна на Здравствената мрежа на Југо Источна Европа и е координатор на регионален проект на земјите во ЈИЕ за воспоставување на индикатори за следење на политиките за управување со незаразни болести со посебен акцент на малигните болести, демографските промени во регионот и областа на итни и вонредни состојби. Во рамките на проект во оваа мрежа исто така раководен од ИЈЗ, спроведена е и евалуација на политиките и службите за јавно Здравство во регионот со предлог излезни решенија кои се доставени до Министрите за здравство.

4. Во интерес на обезбедување на правичен пристап до сите основни здравствени услуги и целни превентивни мерки за целото население, а пред се за вулнерабилните групи, се редизајнира основниот пакет на здравствени услуги во рамките на задолжителното здравствено осигурување

За одделни категории на население се обезбедува покриеност со основните здравствени услуги преку имплементација на 16 вертикални национални здравствени програми финансирани секоја година од страна на Буџетот на Република Македонија.

Капацитетот на ДСЗИ е зголемен со уште три лица,а се довршува постапката за вработување на уште две . Извршено е целосно мрежно електронско поврзување на сите подрачни одделенија на ДСЗИ во Република Македонија. Во текот на годината континуирано се вршени обуки на инспекторите во областите на правата на пациентите, заразните и незаразните болести и подготвени се инструкции а работа за одделни области.

**КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ**
**ПРАВНА РАМКА**

Со последните измени на Законот за заштита против пушењето ( Службен весник на РМ број 36/95,70/03,29/04,37/05,103/08,140/08) се имплементира ЕУ мерката 32001L0033 за рекламирањето и спонзорирањето за тутунските производи. Законот предвидува целосна забрана за пушењето на јавните места од 01 јануари 2010 година, како и високи казни за прекршувањето на забраната.

Донесен е Правилник за сликите од штетното дејство на тутунот ( Службен весник на РМ број 94/09, 135/09) со кој се пропишуваат сликите како дополнително предупредување од кои е јасно видливо штетното дејство на пушењето. Правилникот ќе се применува од 24 јануари 2010 година.

Со Правилникот во целост се транспонира ЕУ мерката 32003D0641 за употреба на фотографии во боја или други илустрации на тутунски пакувања како предупредувања за здравјето.
Во тек е кампања на Владата против пушењето, поставени се билборди со пораки за шететните последици од пушењето, а на сите национални телевизиски канали се емитуваат спотови за штетноста на пушењето.

**ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

Правна рамка

Со последните измени на Законот за заштита на населението од заразни болести (Службен весник на Република Македонија 99/09) се изврши дополнување на листата на заразни болести кои подлежат на обврската за задолжително пријавување согласно ЕУ мерката 22000D0096. Со Законот се воспостави и обврската за унифицирано пријавување на заразните болести со што се имплементира ЕУ мерката 32000D0057 .
Продолжува имплементацијата на јавно здравствените програми финансирани преку буџетот на Република Македонија. Средствата за програмата за задолжителна имунизација се зголемени .

Извршена е замена на опремата за одржување на ладен ланец за вакцини.
Во тек е воведувањето на новата вакцина за HPV кај девојчиња на возраст од 12 години, а се спроведува и кампања за запознавање на населението со новата ваккцина.
Епидемијата на заушки во почетокот на 2009 откри слабости во имунизациските програми против заразни болести во средината на 1990 кои беа одстранети преку спроведување на вонредна имунизација на над 60 000 средношколци на возраст од 15 до 19 години, во согласност со препораките на ECDC и СЗО.

Во однос на Состојба со вирусот А (Х1Н1) До 08.11.2009 година број на позитивни лица за вирусот А (Х1Н1) е 107 лице.

**Институционален капацитет**

Согласно епидемиолошката состојба во земјата, континуирано се имплементираат активности од оперативниот план за пандемска инфлуенца.

120 здравствени работници од Центрите за јавно здравје ( епидемиолози и техничари) се обучени за начинот на пријавување на заразните болести според системот за рано откривање и предупредување.

Беа одржани 14 работилници за пандемски грип со кој беа опфатени околу 800 здравствени работници ( матични лекари, инфектолози, епидемиолози, инспектори)

Голем број на национални експерти кои работат во областа на епидемиологијата на покана од ECDC посетуваа обуки за шесте главни групи на болести кои се предмет на работа на ECDC: инфекции на респираторниот тракт, сексуално преносливи болести, ХИВ и болести кои се пренесуваат преку крв, болести кои се пренесуваат преку храна и вода и зоонози, болести кои се пренесуваат преку вектори,болести кои се превенираат со вакцинација и инфекции поврзани со здравствената заштита и антимикробна резистенција

ХИВ/СИДА

РМ спроведува значајни активности во превенцијата и контролата на ХИВ/СИДА преку буџетски финансираниот програм, како и преку активностите на програмот финансиран од ГФТАМ, со цел на проектот е одржување на ниска ХИВ преваленца, особено кај лицата кои инјектираат droги (ЛИД), сексуалните работнички (СР), мажите кои имаат секс со мажи (МСМ) и затворениците. Се спроведоа следните активности: се проширири мрежата на постоечките на 11 центри за намалување на штети со цел да се опфатат 2,300 нови клиенти/корисници на услуги, се воспоставија 2 нови програми за намалување на штети во Тетово и Гевгелија кои ќе опфатат 255 нови клиенти, се вклучија1,400 нови клиенти во програмата со супституциона терапија, опфатени се 200 сексуални работнички и 6000 нивни клиенти во Скопје, проширени се услугите за 528 нови сексуални работнички и 3,600 нивни клиенти во Гостивар, Битола и Струмица, проширена е постоечката програма со цел да се опфатат 510 нови мажи кои имаат секс со мажи (МСМ) со превентивни активности за

ХИВ/СИДА, воспоставени се две нови теренски канцеларии кои ќе работат со МСМ во Струмица и Битола со цел да се опфатат 390 нови МСМ, проширени се целните интервенции помеѓу затвореници со цел да се опфатат 2250 затвореници ,воспоставена е Служба за превенција и третман од злоупотреба на дроги во истражниот затвор Шуто Оризари во Скопје, со цел да се опфати 50 нови затвореници, продолжена е работата на 13 центри за доброволно и доверливо советување и тестирање (ДДСТ) со цел да се опфатат 7,000 луѓе и 3,500 луѓе преку теренско ДДСТ, обезбедена е АРВ (антиретровирална) терапија за 25 луѓе кои живеат со ХИВ/СИДА, се врши дистрибуција на кондоми вклучувајќи дистрибуција помеѓу ЛИД, СР и нивните клиенти, МСМ, VCT. 313 377 кондоми се дистрибуирани помеѓу ЛИД, СР и нивните клиенти, МСМ, VCT, вкупно 1148 професионалци беа обучени да работат на програмите поддржани со грант на Глобалниот фонд.

ТУБЕРКУЛОЗА

Активностите утврдени со Стратегијата за контрола на туберкулозата 2008-2012 се спроведуваат преку Годишната Програма за контрола на туберкулозата финансирана од Буџетот на Република Македонија и комплементарните активности кои се спроведуваат преку грантот од Глобален Фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија-компонента туберкулоза.

Во изминатиот период спроведено е активно пронаоѓање на случаи со туберкулоза преку флуорографија на населението, спроведена е проценка на потребите на мрежата на лаборатории, во 4 градови со најголем број на случаи на туберкулоза се спроведуваат ДОТ активности, на 150 социјално загрозени пациенти им се дистрибуирани пакети со храна и хигиенски производи во тек на континуираната фаза на лекување, спроведена е кампања за намалување на стигмата од болеста, набавени се педијатриски форми на антитуберкулозни лекови, спроведени се обки на здравствени и социјални работници.

Во тесна соработка со невладините организации спроведени се едукации на заболени од туберкулоза и членови на нивни семејства, спроведена е и врсничка едукација во средните училишта, како и едукација за туберкулоза за ранливи групи (интравенски корисници на дроги, роми, лица кои живеат со ХИВ/СИДА, затвореници)

**НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

Донесена е Национална Стратегија за контрола и превенција на незаразни болести .

Континуирано се врши имплементација на годишната Програма за обезбедување на трошоците за болните кои се третираат со дијализа, за обезбедување на лекови за трансплантирани болни и за обезбедување на цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија; Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства, како и на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија во рамки на која се врши и тироиден скрининг на новородени деца, Здравје за сите и Систематски прегледи, годишната Програма за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената и неосигурени лица, Програмата за рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката во Република Македонија.

Малигни неоплазми

Програмата за рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката во Република Македонија за 2009 година ја реализираат 19 радиолошки кабинети. Оваа Програма се одвива континуирано трета година по ред.

Министерството за здравство формираше Комисија за подготовка на Акционен план за скрининг на карциномот на дојката кај женската популација во Република Македонија која подготвува акционен план за скрининг на карциномот на дојка во Република Македонија во согласност со Европскиот водич за обезбедување на квалитет во дијагностицирањето на карциномот на дојка и Препораката на Советот за скрининг на канцер 2003/878.

Институтот за јавно здравје подготвува методологија за имплементација на новиот Закон за евиденции во обласа на здравството во оваа област, конкретно за индивидуална евиденција и надградба на софтверска апликација за регистар на малигна неоплазма, како и воведување на новите индивидуална евиденции и регистар за скрининг на малигни неоплазми: откривање на предканцерозни промени на грлото на матката, откривање на рак на дојка и колоректален карцином.

Институтот за јавно здравје изработи студии за малигните неоплазми генерално, како и за скрининг на малигни неоплазми на грлото на матката и дојка.

**Сексуално и репродуктивно здравје**

Во рамки на проектот "Подобрување на националниот одговор во однос на сексуалното и репродуктивносто здравје и права во Република Македонија" во склоп на Центрите за јавно здравје е отворија 7 советувалишта за сексуално и репродуктивно здравје кои обезбедуваат совети за сексуалното и репродуктивното здравје и бесплатни контрацептивни средства.

Во тек е подготовка на Стратегија за сексуално и репродуктивно здравје, стандарди за безбеден абортус, квалитет на услуга и нега, прирачници за советување за сексуално и репродуктивно здравје, брошури за СПИ, контрацепција, постери лифлети и друг информативен материјал./

До крајот на 2009 година ќе се изврши и обука на здравствени работници од Центрите за сексуално и репродуктивно здравје кои дополнително би се вклучиле во работата на советувалиштата, како и на 30 превентивни тимови ( 60 лица) чија задача ќе биде советување на терен ( во руралните средини , кај вулнерабилни и маргинализирани групи)
Министерството за здравство формираше Комитет за безбедно мајчинство  за подобрување на квалитетот на перинаталната грижа.

Институтот за јавно здравје во рамките на проектот Градење на капацитети за децентрализирано планирање, буџетирање и преку имплементацијата на превентивните програми за здравје на мајки и деца во рамки на проектот "Зајакнување на здравствениот систем во следните области – Следење и програми за адолесцентно здравје и градење капацитети за развој и имплементација на ефикасни докажани стратегии за мајка и дете на локално ниво на општина" финансиски подржан од УНИЦЕФ, спроведе програма за јакнење на капацитети на локално ниво од 8 општини.
Извршена е едукација на 8 тимови од локална заедница за Здрави општини – раководење и менаџмент за јавно здравство, за децентрализација на јавно - здравствените услуги и градење капацитети за развој и имплементација на ефикасни докажани стратегии на локално ниво на општина, во соработка со Медицинскиот факултет, CDC и UNICEF. Изготвени се и одбранети локалните стратешки планови и проекти на национална работилница одржана во соработка со Минситерство за здравство, Министерство за локална самоуправа и ЗЕЛС.

**Зависности**

а).Дроги:

Продолжува реализацијата на целите од Националната стратегија за дроги преку специфичните мерки за превенција, за лекување на зависници од дрога, намалување на штетите од користење и третман на корисници на дрога во системот на социјална помош..(види Поглавје 24-борба против дроги)
Воспоставен е уште еден центар за лекување и третман на зависности во Скопје. Континуирано се имплементира годишната програма за лекување на зависности финансирана од буџетот на РМ, како и активности од проектот за борба против ХИВ/СИДА поддржан со грант од Глобален Фонд (види:Глава 24)

б)Злоупотреба на алкохолот:

Во соработка со Министерството за економија спроведени се мерки за ограничување на возраста и времето за продажа во малопродажбата заради контрола и намалување на злоупотребата на алкохолот и истото континуирано се имплементира .

**Повреди и насилство**

Превенцијата на повреди и насилство е приоритет на Владата на Република Македонија, односно Министерството за здравство и активности за нивна превенција се вклучени во сите усвоени стратешки документи. Во Институтот за јавно здравје е формирано Одделение за контрола и превенција на повреди и насилство,.

Постигнат е значителен прогрес во имплементацијата на Препораката на Европскиот Совет за превенција на повреди и промоција на безбедноста (2007/Ц 164/01).

Во тек е развивање методологија за имплементација на новиот Закон за евиденции во здравството, конкретно за сообраќајна траума, несреќа-повреда на работа и насилство. Изготвен е предлог за развивање софтверска апликација за регистар за сообраќајна траума, согласно постоечката национална легислатива, а во контекст на препораките на Светската организација и Препораката на Европскиот Совет, во рамките на интегралниот здравствен информационен систем.

МЗ активно учествува во развојот на Стратегијата за рамена на податоци за повреди 2010-2015 на Европската Комисија, во подготовка на методологија за собирање податоци за насилство врз жените 2009 (во соработка со УНИФЕМ), како и во подготовка на методологија за собирање податоци за семејно насилство 2009 (во соработка со УНФПА).

Формирано е национално кординативно тело за имплементација на Стратегијата за превенција на семејно насилство со претставници од Министерство за здравство и други релевантни владини и не-владини организации. Подготвен е протокол за третман на жртви на семејно насилство во соработка со другите релевантни министерства и НВО, со цел да се спречи секундарната виктимизација на жртвите на семејно насилство.
Постигнат е значителен напредок во едукација на студенти, здравствени и други професионалци за превенција на повреди и насилство и промоција на безбедност: повреди и насилство внесени се во курикулумот за додипломски студии на Медицински факултет (за сите студиски програми) и Стоматолошки факултет, како и во курикулум на постдипломски студии по јавно здравство, а организирани и одржани се 3 работилници за WHO TEACH VIP за професионалци и едукатори од релевантни сектори и институции 2008-2009 (во соработка со СЗО и со Универзитетот Св. Кирил и Методиј-Скопје.

**Ментално здравје**

Заради продолжување на тенденцијата за деинституционализација и ресоцијализација на лицата со проблеми во менталното здравје отворен е 1 нов Центар за ментално здравје на Универзитетската клиниката за психијатрија.

**Здравје и животна средина**

Република Македонија го поднесе II-от извештај кон Рамковната Конвенција за климатски промени (извештај за ранливост) во кој целосно е вклучен и сегментот- здравство.( www.unfccc.org.mk)

Со активностите на Институтот за јавно здравје изготвени се критериуми и параметри за евалуација на политиките во секторите за спроведување на здравствено еколошкиот план со посебен осврт на ризиците по здравјето на децата.

Спроведени се обуки на здравствените професионалци за детекција на ризиците по здравјето на децата од загадување на животната средина. Одржани се работилници и изготвени се неколку Предлог Акциони планови на локалните заедници за управување со здравствено еколошките ризици. Нацрт Здравствено Еколошки Акционен план усвоен од Владата во 1999 е ревидиран и е во фаза на јавна расправа. Во истиот посебен акцент се дава на ризиците по здравјето на децата.

**Храна и исхрана**

Донесен е вториот Акциски план за храна и исхрана за периодот 2009-2014 кој утврдува специфични групи на активности насочени кон намалување на преваленцата на незаразни заболувања поврзани со исхраната, намалување на трендот на гојазност кај деца и адолесценти, намалување на преваленца на болести заради дефицит на микронутриенси и намалување на инциденцата на болести поврзани со храната.

**БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ТКИВА И ОРГАНИ**

Правна рамка

Продолжува процесот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на ЕУ. Донесени се следните подзаконски акти: Правилник за добрата клиничка пракса при употребата на крв и крвни компоненети (Сл.весник на РМ 80/09),Правилник за информациите кои му се даваат на дарителот на крв и кои се бараат од него, образецот и содржината на писмената согласност на дарителот на крв за дарување на крв(Службен весник на РМ број 128/09),Правилник за видот на тестирањето на крв и крвни компоненти пред тие да бидат дистрибуирани до единициата за трансфузиона медицина на здравствената установа за која се наменети (Сл. весник на РМ 15/09),Правилник за начинот на чување на сите лични, медицински и генетички податоци за дарителот на крв содржани во медицинското досие (Службен весник на РМ број 15/09), Правилник за поблиските услоби по однос на квалитетот и безбедноста на крвта и крвните компоненти ( Службен весник на РМ број 126/09), Правилник за поблиските услови, како и постапката за проценка и тестирање на дарителот на крв или крвни копмпоненти во согласност со начелата на Добрата трансфузиона пракса( Сл.весник на РМ бр.128/09), Правилник за системот за идентификација на секое поединечно дарување на крв и крвни компоненти ( Сл. весник на РМ 80/09). Со наведените подзаконски акти се врши натамошно хармонизирање со ЕУ мерките 32002L0098 и 32004L0033.

Административен капацитет

Во Установата за трансфузиона медицина формиран е Комитет за планирање на потребите за крв и крвни копоненти со цел за планирањена годишните потреби од крв.

Во тек е трансформацијата на фрагментираниот систем за трансфузиологија, базиран воглавно на болнички единици, во еден национално координиран систем кој ќе обезбеди адекватно снабдување со крв и крвни компоненти со споредлив квалитет и безбедност на национално и регионално ниво.

Завршена е теренската проценка за утврдување на состојбата по однос на простор, опрема и кадар. Проценката укажува на потреба од реновирање на просторот согласно стандардите за работа и набавка на опрема за унифицирано работење.

Вработените во службите за трансфузиологија посетуваа обуки во областите на добрата трансфузиона пракса и клиничка употребна на крвта.

Заводот за трансфузиологија изврши модернизација на опремата за транспорт и контрола на крвта.

Се планира до крајот на годината да се завршат административните постапки за формирање на Институтот за трансфузиона медицина.

**ТКИВА И КЛЕТКИ**

Правна рамка

Донесен е Закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на човековите права и достоинство на човекот во однос на примената на биологијата и медицината и двата Дополнителни протоколи во однос на забраната за клонирање на човечки суштества и трансплантација на органи и ткива од човечко потекло (Службен весник на РМ бр.55/2009) .

Институционални капацитети

Во рамки на меѓународниот проект за трансплантација поддржан од IPTA (International Pediatric Transplantation Association), во 2008 година на Универзитетската клиника за детска хирургија во Скопје од страна на IPTA и е доделен статус на акредитиран центар за трансплантација на црн дроб кај деца.
Универзитетската Клиника за детска хирургија и Медицинскиот факултет во Скопје во соработка со Клиниката Сент Лук од Католичкиот Универзитет - Лувен од Белгија и склучија договор за соработка, кој опфати помеѓу другото и обука на македонскиот медицински тим од различни специјалности. Паралелно со обуката, беа подобрени и просторните и технички услови на Клиниката.
Се очекува првата трансплантација на црн дроб на Клиниката за детска хирургија во Скопје да се изврши на почетокот на 2010 год.
Во октомври 2009 година на Клиниката за детска хирургија се изврши и првата трансплантација на бубрег од жив донор (од родител на дете) како дел од проектот за трансплантација на бубрези кај деца. Проектот се спроведува во координација со Башкент Универзитетската болница – Анкара, Турција.
Формирана е и Националната фондација за трансплантација како непрофитабилна и политички независна организација- www.ntf.com.mk. Целта на фондацијата е едукација на медицински кадар и на јавноста за подигање на свеста за донирање на органи, поддршка на медицински истражувања од областа на трансплантација на органи , поддршка на семејства и пациенти на кои им е неопходна трансплантација или веќе имаат извршено трансплантација, техничка поддршка при набавка на инструменти и потрошен материјал неопходни во процесот на трансплантација .

**<u>КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ</u>**

**<u>ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ</u>**

Се планира довршување на постапките за донесување на подзаконскиот акт за дефиниција на случај со кој ќе се имплементира ЕУ мерката 32002D0253 , како и на подзаконските акти за имплементација на Законот за заштита на населението од заразни болести: Правилник за имунизација и Правилник за здравствените прегледи на лицата што прележале цревен тифус,бациларна дизентерија или салмонелоза.
Се планира и спроведување на обуки за здравствените работници за пријавување на заразни болести. како и продолжување на соработката со Европскиот центар за контрола на болести (ECDC) и СЗО.

**<u>ХИВ/СИДА</u>**

Во 2010 ќе продолжат активностите кои се спроведуваат со Програмата за ХИВ/СИДА финансирана од буџетот на РМ, како и активностите кои се спроведуваат преку проектот финансиран од ГФТАМ, а по завршување на започнатите студии во рами на проектот ќе се добијат и резултатите од следењето и проценката на програмата за превенција и контрола на ХИВ.

**<u>Туберкулоза</u>**

Активностите утврдени со Стратегијата за контрола на туберкулозата 2008-2012 континуирано ќе се спроведуваат преку Годишната Програма за контрола на туберкулозата финансирана од Буџетот на Република Македонија и комплементарните активности кои се спроведуваат преку грантот од Глобален Фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија-компонента туберкулоза .

**<u>НЕЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА</u>**

**<u>Малигни неоплазми</u>**

<u>1.канцер на дојка</u>

Во 2010 година се планира да се воведе нова програма за скрининг на малигните заболувања: карциномот на дојката, колоректален канцер и канцер на рак на матка согласно Препораката на Советот за скрининг на канцер 2003/878. Ќе се подготви и акциски план за скринингот на рак на дојка во согласност со Европскиот водич за обезбедување на квалитет во скринингот и дијагностицирањето на карциномот на дојка ..

<u>2.канцер на дебело црево</u>

Преку програмата за превенција на малигни болести се планира во 2010 година да започне скринингот за канцер на дебело црево кој би се извел на популацијата без симптоми на болеста на возраст од 50 до 74 години од 4 градови од Република Македонија (Скопје,Тетово, Битола и Штип). Скринингот би се изведувал со тестот за детекција на окултно крварење ( fecal occult blood test – FOBT) од страна на матичните лекари, а сите пациенти кај кои ќе биде добиен позитивен наод ќе бидат упатени на колоноскопски преглед за утврдување на причината на крварењето.
Дополнително, колоноскопија и/или генетско тестирање ќе биде понудено кај сите пациенти/фамилии со покачен ризик за заболувањето. Оваа активност ќе се изведува преку Регистарот за КРК и центрите за советување кои ќе се формираат специјално за оваа намена во клиничките болници во секој од градовите.
Се планира спроведување на кампања за промоција на скринингот .

<u>3. Канцер на репродуктивни органи кај жената</u>

Во рамки на Програмата за превенција на малигни болести се планира продолжување на активностите од Годишната Програма за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената.

**Сексуално и репродуктивно здравје**

Се планира усвојување на Националната стратегија за сексуално и репродуктивно здравје, како и на стандардите за безбеден абортус, квалитет на услуга и нега. Се планира и отварање на уште 10 советувалишта за сексуално и репродуктивно здравје во склоп на подрачните единици на центрите за јавно здравје.
Заради обезбедување на континуитет и одржливост на работата на советувалиштата потребно е вработување на лекари кои би работеле во советувалиштата.

**Зависности**

а).Дроги:
Континуирано ќе се спроведуваат активностите утврдени со Националната стратегија за дроги преку специфичните мерки за превенција, за лекување на зависници од дрога, намалување на штетите од користење и третман на корисници на дрога во системот на социјална помош..(види Поглавје 24-борба против дроги)
Континуирано ќе се имплементира и годишната програма за лекување на зависности финансирана од буџетот на РМ, како и активности од проектот за борба против ХИВ/СИДА поддржан со грант од Глобален Фонд .

б)Злоупотреба на алкохолот:
Ќе продолжи имплементацијата на мерките за ограничување на возраста и времето за продажа во малопродажбата заради контрола и намалување на злоупотребата на алкохолот.

**Ментално здравје**

Потребно е и доекипирање на центрите со психолог и работен терапевт.
Заради имплементација и управување со отпочнатите реформи во болничкиот сектор неопходно е кадровско зајакнување на Секторот за секундарна и болничка здравствена заштита во МЗ .

**Повреди и насилство**

Се планира да се усвои методологијата за имплементација на новиот Закон за евиденции во здравството, конкретно за сообраќајна траума, несреќа-повреда на работа и насилство.
Се планира да усвои и методологија за собирање податоци за насилство врз жените како и методологија за собирање податоци за семејно насилство .

Континуирано ќе се имплементира Стратегијата за превенција на семејно насилство ( во сегментот јавно здравје) преку едукација на здравствени и други професионалци за препознавање, евидентирање, пријавување и поддршка на жртви на семјно насилство, како и за воспоставување систем за следење на семејно насилство.

**Храна и исхрана**

Се планира отпочнување на активностите утврдени во АП за храна и исхрана 2009-2014

**Здравје и животна средина**

Се планира донесување на Акциски план за заштита на населението од топлотни бранови, Стратегија за климатски промени и здравје и Националниот здравствен еколошки план со посебен акцент на ризиците по здравјето на децата. Институтот за јавно здравје ке отпочне со редовна евалуација на ефикасноста на политиките во сите сектори кои имаат директно или индиректно влијание врз загадувањето на животната средина и здравјето , пред се на децата

**БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ**

Правна рамка
Се очекува завршување на хармонизацијата на домашното законодавство со законодавството на ЕУ преку донесување на правилниците за известување за несаканите дејства на употребената крв и крвни компоненти, евиденцијата за секоја употребена единица на крв/крвна компонента и начинот на означување со кои ќе се доврши процесот на хармонизацијата со ЕУ мерките 32002L0098, 32004L0033, 32005L0061, 32005L0062.

Административни капацитети
Се очекува да отпочне имплементацијата на ИПА проектот за безбедна крв со вредност од околу 1,1, милион евра, преку спроведување на тендерските постапки за обезбедување на експерти кои ќе спроведуваат обуки, и кои ќе учествуваат во подготовката на водичите и прирачниците, како и на тендерската постапка за набавка на опрема.

Се планира и зајакнување на капацитетот на одделението за имплементација на ИПА проекти во Секторот за европски интеграции во МЗ.

**ТКИВА И КЛЕТКИ**

Правна рамка

Се планира да отпочне постапката за промена и дополнување на постоечкиот закон за трансплантација.
Министерството за здравство ќе формира Координативно тело/Совет за трансплантација ,а во исто време ќе отпочне и имплементирањето на соодветниот закон

Институционална рамка

Во 2010 год. продолжува проектот за трансплантација на црн дроб, каде при првата трансplanатција пристига тим од болницата Сент Лук од Брисел да ја продолжат едукацијата, а во исто време и имплементацијата на соодветниот проект.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

Континуирано ќе се спроведуваат активностите од годишните превентивни програми кои се финансираат од буџетот на Република Македонија. Се планира воведување на петтовалентна и шествалентна вакцина.

**НЕЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**

**Малигни неоплазми**

За 2011 година Министерството за здравство планира да воведе скрининг во пилот градови каде има јавно здравствени установи кои во моментот се во можност да ги исполнат критериумите за скрининг, како и почеток на реализирање на активностите кои ќе произлезат од Акциониот план за скрининг на ракот на дојката
Се планира и обука на 19 тима во некој од центрите за скрининг во ЕУ во текот на 2010
Се планира продололжување на активностите од годишната програма за превенција на малигните заболувања.

**Ментално здравје**

Ќе продолжи имплементацијата на Стратегијата за унапредување на менталното здравје во Република Македонија

**Насилство и здравје**

Во 2010 и 2011 ќе продолжат едукациите на здравствените професионалци согласно предвиденото во Стратегијата за превенција на семејно насилство, со примена на TEACH VIP курикулумот од СЗО.

**БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ**

Се планира спроведување на активностите –обуки за зајакнување на капацитетот на вработените во службата (обуки во областите на добрата клиничка пракса за употреба на крв, тестирање, означување, систем за идентификација и др.), набавка на унифицирана опрема, надградба и воедначување на постапките ( подготовка на водичи за за безбедност на крв, прирачници и упатства за здравствените работници вклучени во различните процедури - собирање, преработка и тестирање на крв и крвни компоненти ).

**ТКИВА И ОРГАНИ**

Се планира довршување на постапката за промена и дополнување на постоечкиот закон за трансплантација.

### 3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА

### 3.29.1 ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА ЦАРИНА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во март 2009 година донесени се измени и дополнувања на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон кои имаат за цел операционализација на Царинскиот закон во делот на воведување на концептот на Овластен економски оператор. Воведувањето на концептот на Овластен економски оператор е во насока на усогласување на националното законодавство со Acquis communautaire, односно усогласување со измените на Царинскиот закон на Европската унија, Регулатива на ЕУ 648/2005 и 1875/06.

Во март 2009 година, Владата на Република Македонија донесе акционен план за пренесување на надлежностите за управување со акцизите од Управата за Јавни приходи на Царинската управа.
Со цел за создавање на правна рамказа пренесување на надлежностите за ,наплата и администрирање на акцизите на Царинската управа, направени се измени и дополнувања на следниве закони: Законот за акцизите, Законот за даночна постапка , Законот за Управата за јавни приходи и Законот за Царинска управа. Исто така, донесен е Правилник за изменување на Правилникот за спроведување на Законот за акцизите. Во исто време во Царинската управа се врши внатрешна реорганизација со цел за навремено превземање на оваа надлежност.
Целосната наплата и администрирање на акцизите од страна на Царинската управа, ќе отпочне на 01.01.2010 година.

Со измените на Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка од 01.01.2009 година укинати се надоместоците за царинска придружба и за складирање во склад на царинскиот орган. Со примената на овие измени се намалуваат трошоците за спроведување на царинската постапка.

Заради континуирано усвојување и применување на регулативите на ЕУ кои се однесуваат на распоредување на стока според комбинираната номенклатура, согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Европските заедници од една страна и Република Македонија, од друга страна, во ноември 2009 година извршено е дополнување на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за рспоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура (Службен весник на Република Македонија бр.114 од 14 септември 2009).

Во септември 2009 година стапи во сила Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и прклучни возила (патна такса) (Службен весник на Република Македонија бр.118/2009). Со стапувањето на сила на оваа одлука Царинската управа веќе не наплатува патна такса од странски возила кои што вршат превоз на патници и стока на територијата на Република Македонија.

Царинската управа на Република Македонија во текот на 2009 година, реализираше активности кон понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ во делот на царинското работење.

Реализирани активности со кои се воспоставени услови за усогласување на законодавството во обласга на транзитот:

- Од страна на Владата на Република Македонија формиран е меѓуресорски Комитет за воведување на царинските постапки на ЕУ во Република Македонија и работни групи за усогласување на националното со транзитното законодавство на ЕУ, како и за информатичко поврзување со системите на ЕУ.
- Владата на Република Македонија ја определи Царинската управа за надлежен орган за поставување и одржување на комуникациски јазол со Европската комисија и државите членки на ЕУ - Заедничка комуникациска мрежа и Заеднички систематски интерфејс (CCN/CSI). Со ова е исполнето едно од барањата за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит помеѓу Европската заедница и ЕФТА државите, поврзување на електронскиот систем на Република Македонија за обработка на царински декларации со соодветните системи на земјите членки на Европската унија и Европската Комисија, како и со Новиот компјутеризиран систем на ЕУ (NCTS).
- Се подготвуваат измени и дополнувања на дел од регулативата (пред сè во Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон), а во врска со воведувањето на електронска декларација во транзитната постапка.
- Во рамки на програмата ИПА 2007 ангажирани се консултанти од ЕУ со кои ќе се направат сите подготовки за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, како и на разработка на интерни процедури за воспоставување на транзитна постапка усогласена со Acquis поддржана со соодветна техничка поддршка.

По донесувањето на Законот за ратификација на Меѓународната конвенција за поедноставување и усогласување на царинските постапки (Ревидирана Кјото Конвенција) на Светската царинска организација (СЦО) во декември 2008 година, во јули 2009 година Република Македонија пристапи кон Конвенцијата и согласно превземените обврски во наредниот период ќе биде развиен систем за усогласување со стандардите на конвенцијата.Ова значи усогласување со Acquis и прифаќање на инструментите на СЦО[33] во поглед на олеснувањето на трговијата. Поставена е правна рамка за обезбедување соодветен баланс помеѓу контролата и прибирањето на приходи од една страна и олеснувањето на трговијата од друга страна. Со пристапувањето кон ова Конвенција извршено е усогласување со Одлуката н а Советот (231/2003) односно 22003A0403(01).

Со цел да се обезбеди еднообразна примена на активностите и процедурите кои ги применуваат царинските службеници при спроведување на царинската постапка, Царинската управа во текот на 2009 ги донесе следните позначајни интерни упатства:

- Упатство за работа со системот за видео надзор, снимање и трансмисија на Царинска управа на Република Македонија со кое се пропишува начинот на работа, селективниот надзор базиран на анализа на ризк, овластувања и пристапот кон системот, како и начинот на издвање и користење на снимениот материјал.
- Упатство за користење на царински пломби со кое се пропишува видот, начинот и постапката на издавање и употреба и водење евиденција за царинските пломби предвидени во Законот за Царинска управа.
- Упатство за начинот и постапката за издавање под закуп на деловен и рекламен простор на граничните премини на Република Македонија за патен сообраќај, а над кои право на управување, уредување и одржување има Царинската управа на Република Македонија.
- Упатство за работа на Одделението за разузнавање, со кое се уредува начинот на работата на Одделението за разузнавање при прибирањето податоци и информации кои се од значење за спречување или откривање на царински прекршоци и кривични дела.
- Упатство за работа на Одделението за кординација и комуникација на Царинската управа.
- Упатство за централна листа на осомничени со кое се уредува начинот на подготовка и користење на Централна листа на осомничени во Царинската управа, надлежноста и одговорноста на организационите единици во Царинската управа и на царинските службеници во подготовката и користењето на оваа листа.
- Упатство за прием, обработка и постапување со повиците од отворената телефонска линија 197, со кое се уредуваат надлежностите за администрирање на системот.
- Упатство за работа при детектирање на зголемено ниво на јонизирачко зрачење, со кое се уредува употребата на специјална опрема и процесите и надлежностите за поставување во предметни ситуации.
- Упатство за постапување при детектирање на опасна и штетна материја, кое има за цел заштита на вработените и други лица, како и животната средина при откривање на опасни и штетни материи.
- Упатство за користење на радиокомуникацискиот систем на Царинската управа со кое е уредена употребата на радиокомуникацискиот систем.
- Упатство за вршење на теренска контрола на трговските друштва со кое се поставени процедури за планирање,спроведување и поготовка на записник за теренска контрола на трговски друштва.
- Упатството за поготвување и извршување на финансиски план, планот за набавки и планот за инвестиции беше ревидирано во април 2009 година со цел вклучување на новоформираниот Сектор за административни и технички работи.
- Упатство за работно време заради дефинирање на почетокот и крајот на работното време и отстапувањата, контролата со новиот софтвер за контрола на работното време и влезот во работните простории на Царинската управа, надлежностите за надзор на користењето на работното време. Исто така ревидирани се и приклучени се одредбите од Упатството за остварување на прекувремена работа.
- Упатството за вршење на службени патувања во поглед на вклучување на податоци од GPR за користење на службени возила за службени патувања.
- Ревидирано е Упатството за поставување со одземени и стоки отстапени во корист на државата, со цел елиминирање на потешкотиите утврдени со досегашната имплементација.
- Упатство за ротирање и прераспоредување на царински службеници, со кое се дефинираат целите,видовите и начинот на ротирање и прераспоредување на царинските во циклуси и поединечно, со цел транспарентно намалување на изложеноста на евентуална злоупотреба на службената должност.
- Упатство за евидентирање и движење на основните средства со цел за поефикасно и поекономично користење на материјалните ресурси.
- Упатство за начинот и постапката за приведување ,задржување и распит на физичко лице.

[33] Светска царинска организација

- Измена на Упатство за преференцијални договори А3. Извршените измени се во согласност со настанатите измени на протоколите за потекло на стока кои нашата земја ги има склучено со други земји.
- Упатство за вршење на селективни контроли во царинското работење, со кое се уредува селективниот пристап, базиран врз анализа на ризик, при спроведување на царинските контроли од страна на организационите единици на Царинската управа на Република Македонија, со користење на техники за управување со ризик.
- Царинската управа донесе Упатство за поставување и следење на минимални квантитативни цели за спречување нелегална трговија и за олеснување на трговијата.
- Упатство за работа со информатори, со кое се уредуваат мерките за безбедна работа со лицата што даваат информации (информатори) и нивна заштита, стандардниот пристап при нивната идентификација, припрема и управување со цел обезбедување на постојан проток на квалитетни информации, како и процедурите за прибирање и чување на информации од информаторите и условите за давање надомест.
- Упатство за спроведување на царинска постапка при привремен увоз на стока за ловниот туризам, со кое се уредува начинот и условите за одобрување на привремен увоз на стока за потребите на ловни животни наменети за лов на животни.
- Упатство за работа со моторни чамци на службата за мобилни тимови на Цраинската управа, со кое се уредуваат обврските и одговорностите на царинските службеници со цел безбедно ракување со средството, негово пристигнување или закотвување и контролните постапки за другите пловни средства.
- Упатство за примена на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

На 17.03.2009 година Европската комисија преку Објава (Сл. Весник на ЕУ Бр. C62/20 од 17.03.2009 година) ја објави информативната матрица за времето на примена на преференцијалните договори кои овозможуваат дијагонална кумулација на потекло помеѓу Заедницата, земјите на Западен Балкан и Турција. На 1 јули 2009 година стапи на сила изменетиот Протокол 2 од Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Турција, со што се овозможува вклучување на Турција во системот на САП+ кумулација на потекло на стоки. Со ова е заокружена правната рамка со која стоките произведени во Република Македонија со суровини и репроматеријали од Турција се ослободуваат од плаќање царини при извоз во земјите членки на ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Царинската управа на Република Македонија е надлежна за примена на Законот за Царинска управа, Царинскиот закон, Законот за царинска тарифа и други закони со кои се уредува увозот, извозот и транзитот на стока, како и извршување на други дејности коишто со други закони и' се дадени во нејзина надлежност.

Царинската управа во рамките на своите стратешки приоритети презеде активностите за натамошно јакнење на институционалниот капацитет, особено во делот на олеснувањето и намалувањето на трошоците на транспортот и трговијата, превенцијата и борбата против корупцијата и нелегалната трговија, заштитата на правата од интелектуална сопственост, уредување на работните процеси и воведување на нови стандарди .

Со цел согледување и анализа на отстапувањата во однос на Ревидираните царински упатства на Европската Комисија (EC Revised Customs Blueprints) во поглед на клучните индикатори, Царинската управа презема мерки и активности за исполнувањето на клучните индикатори. Царинската управа е целосно посветена на нивно спроведување преку квартално спроведување на алализа на отстапувањата, по што со редовно ажурирање и анализа на напредокот се утврдува потребата од дополнителни мерки за нивна реализација.

- Врз основа на препораките од втората ИТ Мониторинг мисија од страна на претставници на DG TAXUD во Царинската управа, а со цел утврдување на исполнувањето на условите за спроведување на законодавството на ЕУ на земјите кандидати, спроведени се дел од активностите: ажурирана е Стратегијата на Царинската управа за ИКТ чии основни цели на идниот развој се модернизација на работењето и воспоставување на безхартиена околина (електронска декларација) и интероперабилност и интерконекција со системите на ЕУ; изработена е техничка спецификација и спроведена е набавка на хардверска поддршка на новиот информациски систем за обработка на царински декларации. Обезбеден е буџет за набавка, а опремата е испорачана и ставена во функција; преку поддршка со средства од програмата ИПА 2008 обезбедена е поддршка за изработка на софтвер за поврзување на новиот систем за обработка на царински декларации со системите на ЕУ. во рамките на програмата ИПА 2007.

Во јули и септември 2009 година, започна имплементацијата на трите компоненти од проектот за модернизација на Царинската Управа во рамки на ИПА 2007 (1) Техничка помош за понатамошно усогласување на законодавството со Acquis, посебно во областа на транзитот, 2) Техничка помош за зајакнување на граничните контроли и 3) Техничка помош

за унапредување на царинскиот ИТ систем), со што ќе се придонесе кон унапредување на ИКТ системот, царинското законодавство и граничната контрола.

Во февруари 2009 година е потпишана Финансиската спогодба за имплементација на средствата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), Компонента 1 - Помош за транзиција и институционална надградба за 2008 година. Царинската управа, согласно Project Fiche 2008, за проектот Interoperability of the Customs Administration of the Republic of Macedonia IT System with the EU Customs IT Systems – NCTS and CCN/CSI ќе користи средства за поддршка во процесот на исполнување на барањата на ЕУ за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит, вклучувајќи поддршка за имплементација на Новиот царински транзитен систем (NCTS) и поврзување со заедничката комуникациска мрежа и зедничкиот системски интерфејс - Common Communication Network and Common System Interfaca CCN/CSI. Имплементацијата на проектот предвидува Република Македонија да се оспособи за исполнување на барањата на ЕУ за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит, воведување и целосна опертивност на NCTS.

Во рамките на програмирањето за користењето на средства од програмата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), Компонента 1 - Помош за транзиција и институционална надградба за 2009 година, одобрено е Проектно фише за Имплементација на Интегриран тарифен систем на Европската заедница (Community Integrated Tariff Environment – CITE). Проектот предвидува интерконекција со: Интегрирана Царинска Тарифа - (TARIC), Европската задолжителна тарифна информација -European Binding Tariff Information (EBTI), Квоти - Quota, Надзор - Surveillance, и Европскиот царински попис на хемиски супстанци European Customs Inventory of Chemical Substances (ECICS) . Реализацијата ќе се одвива преку 3 компоненти: 1) поддршка во управувањето за имплементација на ITE, 2) развој на ITE и 3) набавка на потребната опрема.

Во почетокот на јануари започна тест фазата на примената на Интегрираниот информационен систем за архивирање на документи и управување со работните процеси. Овој пилот проект има за цел да воспостави систем на управување со документи( еДМС) во Царинската управа и материјално финансиското работење. Врз основа на пропишаните методологии, процедури и регулативи, работата со документите во Интегрираниот информационен систем (ИИС) опфаќа:
- прием на документи
- формирање на предмети во Царинска управа,
- обработка на предмети и документи
- верификација на предметите и документите,
- проследување на документите и
- архивирање на документите во дигитална форма.

Во ноември 2009 година Царинската управа поднесе Проектно фише во рамките на процесот на програмирањето на средства од програмата ИПА 2010 – Зајакнување на капацитетите на Царинската управа за ефикасна имплементација на акцизното и царинското законодавство, поткрепена со соодветни контролни механизми и ИКТ системи. Проектното фише претставува продолжение на проектите ИПА 2007, ИПА 2008 и ИПА 2009.

Во рамки на подготовките за добивањето на акредитација на Република Македонија за самостојно управување со ИПА фондовите, претставници на Министерството за финансии извршија ревизија на подготвеноста на Царинската управа за техничка имплементација на ИПА Проектите. Заклучоците од оваа ревизија се дека во голема мера се исполнети барањата на Европската комисија, што беше потврдено и од страна на ревизијата од страна на Европската Комисија, одржана во март 2009 година.

Во август 2009 година, со ратификување на Меморандум за разбирање, Република Македонија и официјално пристапи кон Програмата CUSTOMS 2013 на Европската заедница („Сл.весник на Р.М." бр. 98/09).

Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти – EXIM е во функција од ноември 2008 година. Преку посебен интернет портал, администриран од Царинската управа,, економските оператори можат од своите компјутери од било кое место во Република Македонија (со обезбеден дигитален сертификат) да бараат и да добијат 66 различни увозни и извозни дозволи и тарифни квоти од 16 владини институции (Царинска, управа, МВР – Биро за јавна безбедност, Министерство за економија, Биро за метрологија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за ветеринарство, Управа за семе и саден материјал, Фитосанитарна управа, Државен инспекторат за земјоделство, Биро за лекови, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Дирекција за храна, Управа за заштита на културно наследство и Дирекција за радијациона сигурност). Меѓуресорските надлежности во користењето и одржувањето на EXIM се уредени со Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот едношалтерски систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при увоз, извоз и транзит на стоки, како и со интерни процедури на партиципирачките државни органи и институции (како на пример Упатство за користење на EXIM во Царинската управа).

Во рамки на Проектот eGov, финансиран од USAID, Царинската управа склучи Меморандум за разбирање и соработка за развој на нови функционалности и интегрирање на Едношалтерскиот систем за издавање на лиценци за увоз и извоз и квоти - EXIM со други информатички системи.

Врз основа на заклучоците од ЦЕФТА комитетите, во септември 2009 година Царинската управа на Република Макеоднија, на претставници на Договорните страни на ЦЕФТА 2006 договорот во Скопје изврши детална презентација на овој систем и начинот и процедурите врз чија основа е подготвен. Во декември 2009 година, Царинската управа во соработка со Европската економска комисија во рамките на Организацијата на обединетите нации организираше меѓународна конференција, на која, меѓу другото, беше промовиран EXIM системот, како меѓународно признат модел за развој на електронски едношалтерски систем за издавање увозни и извозни дозволи.

Воведен е Системот за видеонадзор, снимање и фотографирање на подрачјето на кое Царинската управа ги извршува своите функции, во реално време. Тој обезбедува поддршка на активностите на Царинската управа за откривање и спречување недозволена трговија и шверц на стока, заштита на здравјето на луѓето и животната околина, сузбивање на злоупотребата на службените овластувања и несовесно вршење на службените должности, забрзувањето на трговијата и транспортот и ефикасно отстранување на евентуалните застои, како и за обезбедување на вработените и имотот на Царинската управа.

Царинската управа на подрачјето на граничните и внатрешните царински испостави постави систем за автоматско препознавање на регистарски таблички на 132 коловозни ленти. Негова основна намена е контрола на протокот на возила, откривање и спречување на недозволена трговија и шверц на стока. Воспоставена е база на снимените регистарски таблички и софтвер за следење на раздолжување на транзитот.

Со цел обезбедување на поголема сигурност на пратките и соодветен царински надзор, Царинската управа набави и воведе во употреба нов вид на царински сигурносни пломби со единствени сериски броеви и електронска евиденција на начинот на нивно издавање, употреба и раздолжување. Со овие царински пломби се заменуваат досегашните (парче олово кое со клешта со жиг се притиснува на парче жица) кои не обезбедуваа евиденција на издавањето и употребата и лесно се злоупотребуваа. Исто така, и корисниците на поедноставени постапки, кои имаат одобрение за употреба на царински безбедносни пломби од посебен вид, обезбедија нови сигурносни пломби со уникатни сериски броеви. .

Во август 2009 година Царинската управа ангажираше агенција која има задача да ја оцени царинската лабораторија и да донесе план за нејзина стандардизација. Лабораториската опрема, која е набавена минатата година, е монтирана во просториите на Хемискиот институт при Природно-математичкиот факултет од Скопје. Потпишан е Договор за деловно-техничка соработка, според кој, царинската лабораторија ќе работи во просториите на Институтот, а анализите ги врши заеднички стручен тим составен од научно истражувачкиот кадар од Институтот и вработените во Службата за царинска лабораторија при Царинска управа. Царинската управа донесе Упатство со кое се уредува начинот на земање мостри, доставување на анализа, испитување, постапување по спроведената анализа и утврдување на трошоците за испитување. Целта е контрола на правилното тарифирање и наплата на увозните давачки.

Извршен е дополнителен развој на софтверската апликација MIS (Management Information System) и подобрување на нејзините функционалности, апликацијата Border - со изработка на автоматско затварање и обработка на заклучоци за евиденција на стока за NATO/KFOR силите како и некои функции околу евиденција на граничните премини. Инсталирана е и нова верзија на апликацијата за размена на разузнавачки податоци (SEMS).

Во август 2009 година се потпиша Договор помеѓу Царинската управа на Република Македонија и Царинската управа на Србија за усогласен сет на податоци кои се разменуваат по електронски пат преку користење на системот SEED (System Electronic Exchange of Data), Проект раководен од TACTA (Technical Assistance to Customs and Tax Administrations). Вака потпишаниот договор преку размената на податоци ќе придонесе за поефикасна имплементација на царинското законодавство и борба против граничните незаконски активности. Со царината на Република Србија, како и со царината на Косово, завршена е тест фазата, се утврдвуаат деталите околу размената со Албанија, а иницирани се активности за електронско поврзвување со други соседни држави.

Во функција е апликацијата TRIPS, наменета за обработка на разузнавачки информации, заплени, прекршоци, претреси и податоци од претреси. Спроведени се почетните обуки за администратори и корисници на апликацијата и извршено е иницијалното тестирање.

Во јуни 2009 година Царинската управа стави во функција електронска национална база на податоци за царинска вредност, како дел од системот за анализа на ризик. Воспоставувањето на оваа база е во согласност со насоките на СЦО за борба против измами во рамки на Договорот на Светската трговска организација за царинска вредност. Царинската управа подготви Инструкција за користење на националната база на податоци за вредност, со што е уреден начинот на нејзино администрирање и употреба.

Со цел натамошно јакнење на капацитетот за борба против царински измами, во јуни 2009 година е воспоставен електронски систем за размена на разузнавачки информации и пораки помеѓу Одделението за разузнавање и граничните испостави. Администрирањето и употребата се уредени со Оперативна инструкција за користење на систем на електронска размена на разузнавачки пораки.

Царинската управа продожи со учество во научно-истражувачкиот проект RACWEB финансиран и под покровителство на FP6 програмата (Европска Комисија D6 - информатичко општество). Целта на проектот е зголемување на ефикасноста и транспарентноста при утврдувањето на ризиците во царинските постапки, преку дефинирање и усвојување на техники и развој на напредни WEB базирани информатички сервиси, во царинските администрации на Европската унија и земјите од Западен Балкан. Проектот е во фаза на интеграција, поставување и тестирање на изготвеното решение/алатка и заокружување на научно истражувачките сознанија при користење на наведените техники.

Во рамки на Втората фаза од проектот за усогласување со Рамката на стандарди за обезбедување и олеснување на трговијата на СЦО, во јули 2009 година во Република Македонија престојуваше Мисија на СЦО која имаше за цел да го оцени развојот на Царинската управа од јуни 2007 наваму и да подготви препораки за натамошно усогласување со Рамката на стандарди. Претставниците на Мисијата остварија средби и со бизнис заедницата и нивните асоцијации. Мисијата се оствари во форма на работилница фокусирана на стратешко планирање во четири области: контролата базирана на анализа на ризик, интегрираното гранично управување, олеснувањето на трговијата, етиката и интегритетот на вработените. Миисјата даде препораки да се продолжи со преземените активности и преку мерки да се унапредуваат посочените четири области, врз основа на стандардите на ЕУ и СЦО.

Економскиот факултет во Скопје и СЦО потпишаа Меморандум за соработка, а со поддршка од Владата на Република Македонија, до СЦО е доставена иницијативата за отварање на регионален тренинг центар. Во мај 2009 година Директорите на Царинските управи на Европскиот регион во рамките на Светската царинска организација, едногласно го прифатија предлогот за отварање на Регионален тренинг центар (РТЦ) на Светската царинска организација со седиште во Република Македонија. На состанокот одржан на 26-27 јуни 2009 година Советот на Светската царинска организација донесе Одлука за воспоставување на Регионален тренинг центар на СЦО во Република Македонија. Царинската управа и Економскиот факултет во Скопје на 16 јули 2009 година склучија Меморандум за деловно-техничка соработка со кој се уредуваат принципите и меѓусебните интереси за воспоставување и работа на Регионален тренинг центар на СЦО. Регионалниот тренинг центар е официјално отворен на 28 септември 2009 година во присуство на Генералниот секретар на СЦО. Во тек е подготовка на елаборат за организацијата и работата на Центарот.

Царинската управа на Република Македонија ја доби првата награда на Светската царинска организација "Yolanda Benitez WCO Trophy 2009 Combating Counterfeiting and Piracy“ за достигнување во борбата против фалсификување и пиратерија, во конкуренција на 30 светски царински служби од 174 администрации членки на Светската царинска организација.

Врз основа на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за финансии и Министерството за внатрешни работи, Царинската управа и Бирото за јавна безбедност (органи во состав на министерствата) потпишаа Протокол за соработка, со цел преземање на непосредни заеднички активности за заштитата на државните граници на Република Македонија, зајакнување на активностите за борба против корупција, спречување и откривање на организиран и други видови на криминал, создавање на услови за олеснување и забрзување на движењето на стока и патници, преку усогласено и координирано делување за поефикасно користење на расположивите материјални, технички, човечки и финансиски ресурси.
Потпишан е Меморандум за воспоставување на советодавна врска и соработка и Меморандум за формирање на Советодавно тело помеѓу Царинската управа, Стопанската комора на Република Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Стопанска комора на Северозападна Македонија, МАКАМТРАНС Асоцијација на независни синдикати на камионски транспотери, СИЗ на "Македонија сообраќај" А.М.Е.Р.И.Т, Групацијата на меѓународни шпедитери и логистички оператори и Американската стопанска комора.
Целта на потпишаните меморандуми е зајакнување на соработката со бизнис заедницата со цел за зголеување на безбедноста и олеснување на меѓународната трговија. Унапредување на партенството помеѓу Царинската управа и бизнис заедницата преку формирање на Советодавно тело е стандард на Конвенцијата за поедноставување и усогласување на царинските постапки (Ревидирана Кјото конвенција).

Во текот на 2009 година преку реализацијата на Националната стратегија за интегрирано гранично управување и Акцискиот план, Царинската управа даде значителен придонес кон нејзина целосна реализација, а посебно во подобрувањето на работењето на Националниот координативен центар за гранично управување.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2010 година, активностите на Царинската управа на Република Македонија ќе бидат концентрирани на понатамошна хармонизација на законодавството и зајакнување на административниот капацитет за негова имплементација во насока на олеснување на трговијата, забрзување на царинските постапки, како и борба против прекуграничниот криминал,

Поединечните активности и динамиката на нивната реализација се во целосна зависност од анализата на експертите кои работат на трите проекти во рамки на Програмата ИПА 2007 Хармонизација на законодавството, јакнење на граничните контроли и ИКТ капацитетите на Царинската управа на Република Македонија.

Во смисла на намалување на давачките и примена на регулаторната гилотина во собраниска процедура се измени и дополнувања на Законот за административни такси со кои се предвидува елиминирање на административните такси за издавање на царински декларации и уверение за движење ЕУР-1.

Во 2010 година во областа на усогласување на законодавството, Царинската управа предвиде активности кои треба да имаат за резултат подготовка за воведувањето и имплементацијата на Модернизираниот царински закон на ЕУ – MCC (EC No 450/2008) донесен од Европскиот парламент и Совет, а ќе зависи од почетокот на имплементацијата на „ Регулативата за примена на Модерницираниот царински закон на ЕУ“.

Активности кои ќе се реализираат во овој период со цел комплетна хармонизација на царинското законодавство се: Проценка на состојбата во областа на царинското законодавство што ќе резултира со прецизна студија, со детална споредба на актуелната состојба на националното царинско законодавство со барањата на законодавството на ЕУ во областа на царината и создавање на акционен план кој што ќе ги идентификува неопходните мерки кои што допрва треба да се преземат или усогласат, Подготовка на листа на нацрт закони, хармонизирани со законите на ЕУ кои што треба да се воведат во националната законска рамка; Дефинирање на процедури и стандарди кои што треба да се воведат во согласност со најдобрите искуства на ЕУ и ревидираната Кјото конвенција; Подготовка на Програма за обуки развиена за вработените во Царинската управа, во врска со новововедената легислатива, која ќе вклучува најмалку две релевантни студиски посети на одбрани институции на земји членки на ЕУ; Целосно запознавање на менаџерите на Царинската управа со стандардите на ЕУ во областа на царината, на теоретска и практична основа, преку ментори и тренери; Подигнување на јавната свест за новата улога на Царинската управа во согласност со стандардите на ЕУ; Организирање на најмалку две конференции или работилници со учество на јавноста и релевантните заинтересирани страни со потенцирање на новата улога на Царинската управа со стандардите на ЕУ.

Промените на информатичко комуникациската технологија во Царинската управа се поврзани со изготвување на измени на царинските прописи кои се потребни за усогласување на транзитната постапка, планирани за реализација во рамки на IPA 2007.

Во рамките на програмата ИПА 2007, во соработка со европски консултанти во текот на 2010 е планирано изготвување на двете клучни стратегии по однос на интероперабилноста и интерконекциите со Еевропските системи и посебно по однос на ИКТ развојот. Овие стратегии ќе овозможат исполнување на потребние услови за прситапување на Република Македонија кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка .

Царинската управа во правец на подобрување на примената на Ревидираните царински упатства на ЕУ, ќе користи техничка помош од царински експерти од ЕУ во рамки на Регионалната повеќе - корисничка програма ИПА 2009 за Царинските блупринти на Европската Комисија. Цел на проектот е проценка на оперативните капацитетити на царинските управи од Западен Балкан и Турција, идентификување на областите за кои е потребна понатамошна поддршка преку техничка и финансиска помош, како и давање на поддршка во управувањето со процесите на модернизација и усогласување со законодавството на ЕУ.

Во соработка со други надлежни министерства ќе се изврши анализа на Законот за технолошко-индустриски развојни зони.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Успешната реализација на активностите предвидени со трите проекти во рамки на Програмата ИПА 2007 Хармонизација на законодавството, Јакнење на капацитетите за контрола на граничните премини и Јакнење на ИКТ капацитетите на Царинската управа на Република Македонија.

Царинската управа својот напредок во насока на зајакнувањето на своите институционални капацитети ќе го реализира низ натамошно следење и усвојување на Европските стандарди и acquis, најдобрите пракси на земјите членки на ЕУ и релевантните меѓународни прописи и стандарди, како и усовршувањето на законодавството и системот на целосната администрација на акцизите од страна на Царинската управа што ќе започне да се применува од 01.01.2010 година.

Царинската управа со другите надлежни институции ќе учествува во реализацијата на Стратегијата за интелектуалната сопственост на Репулика Македонија 2009-2012 и Акцискиот план за нејзина имплементација.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Царинската управа на Република Македонија ги презема неопходните активности за усогласување на националното царинско законодавство со Модернизираниот царински закон на ЕУ – MCC (EC No 450/2008) донесен од Европскиот парламент и Совет, а неговата примена ќе зависи од почетокот на имплементацијата на „Регулативата за примена на Модернизираниот царински закон на ЕУ“.

Во делот за транзит во Царинскиот закон ќе бидат подготвени измени применливи на денот на приемот на Република Македонија во Конвенцијата за општа транзитна постапка, потпишана во Интерлакен во мај 1987. Усогласување на македонското царинско законодавство со Конвенцијата ќе биде предмет на контрола и набљудување организирано од депозитарот на Конвенцијата (Комисија на ЕУ). Овие предлог измени треба да се презентираат од страна на Царинската Управа пред мисиите за набљудување испратени во Република Македонија од депозитарот на Конвенцијата (Комисија на ЕУ) и заедничките комитети на ЕУ и ЕФТА за општа транзитна постапка.

Согласно Одлуката на Владата на Република Македонија од јуни 2009 година, со која се формираше меѓуресорски комитет за воведување на царинските постапки на ЕУ во Република Македонија и работни групи за усогласување на националното со транзитното законодавство на ЕУ, како и за поврзување со царинските информатички системи на ЕУ, Царинската управа е определена за координатор, а учествуваат дваесетина државни органи и институции, кои во периодот што следи ќе ги координираат активностите на органите и институциите кои ги претставуваат своите ресори, со цел идентификување на потребните измени, дополнувања или нови законски и подзаконски акти, како и подготовка на истите.

Активностите за промена на законодавството и информатичката структура за непречена имплементација на Новиот заеднички транзитен систем ќе се реализираат во рамките на програмата ИПА 2008, преку користење на техничка помош за воведување на Новиот компјутерски транзитен систем - NCTS преку „Проектот за интероперабилност на ИТ сситемот на Царинската управа со царинските системи на ЕУ “.

Во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2009, ќе се обезбеди имплементација на Интегрираното тарифно опкружување преку реализација на Проектот за воведување на Интегрирано тарифно опкружување-ITE. Имплементацијата на Проектот ќе овозможи и законско усогласување во однос на Интегрираниот тарифен концепт на Заедницата-TARIC (31987R2658). и неговите измени и дополнувања.

Заштитата на правата на интелектуална сопственост, ќе биде поддржана со нови одредби во Законот за царински мерки за заштита на права на интелектуална сопственост, во делот на отповикување на барањата за преземање на царински дејства поради неисполнување на обврски од страна на носител на право/застапник и во делот на надомест на трошоци за складирање и уништување на фалсификувана стока, од страна на увозник на стока. Промената ќе биде проследена со соодветни измени на Правилникот за спроведување на Законот за царински мерки за заштита на права на интелектуална сопственост.
Временскиот рок за донесување на овие законски измени е 2011, во зависност од донесувањето на новата регулатива од страна на ЕУ.

Царинската управа и понатаму ќе спроведува анализи на одредбите на целокупното европско законодавство од областа на царините, со цел постепено усогласување со истото, се до постигнување на целосна хармонизација.

Овие одредби, особено се однесуваат на: правилата за потекло на стоките - усвојување на правилата за непреференцијално потекло на стоките и на правилата што ги применува Европската унија во поглед на окупираните

територии и правилата за примена на GSP; специјални правила и документи кои се применуваат на царинските стоки кои се движат помеѓу земјите членки; специјални правила за размена на различни видови на информации за спроведување на царинските прописи помеѓу земјите членки, или помеѓу земјите членки и Комисијата; специјални правила кои се дел на спроведувањето на Заедничката земјоделска политика.

Пред влезот во Европската унија, ќе се направи проверка на мрежата на билатерални договори за меѓусебна помош и соработка, кои се однесуваат пред се на трансферот на надлежностите од националните на европските институции.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Царинската управа својот напредок во насока на зајакнувањето на своите институционални капацитети ќе го реализира низ натамошно следење и усвојување на Европските стандарди и acquis, најдобрите пракси на земјите членки на ЕУ и релевантните меѓународни прописи и стандарди, како и усовршувањето на законодавството и системот на целосната администрација на акцизите од страна на Царинската управа што ќе започне да се применува од 01.01.2010 година. Во овој дел ќе следува понатамошно усогласување со Acquis, особено со директивата 2008/118/ЕС и регулативата 2009/684/ЕС, како ио со одлуката 1152/2003/ЕС со која е дадена правна рамка за развој на ЕМЦС (Контролен систем за движење на акцизите).

3.29.2 **АДМИНИСТРАТИВЕН И ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Приоритетите на Царинската управа на Република Македонија содржани во Стратегијата на Царинската управа на Република Македонија во 2009-2011 се преточени во пет стратешки цели:

- Правна рамка – хармонизирање со европската регулатива
- Ефикасна наплата на увозни давачки и спроведување на мерките на трговската политика
- Заштита на граѓаните и борба против организираниот криминал
- Ефективна примена на ИКТ технологии
- Осовременување на царинската служба и засилување на соработката

Склучен е договор за воведување на нов информатички систем за обработка на царински декларации (СОЦД)., Системот ќе се инсталира модуларно, а во целост ќе започне да се применува во јуни 2011 година. Истиот претставува дел од процесот на модернизација на царинското работење како и остварувањето на заложбите за создавање на услови за забрзување на протокот на стоки, исполнување на високи информатичко телекомуникациски стандарди и создавање на можност за поврзување со Европската комисија и Земјите членки на Европската Унија. Приоритетите и стандардите на новиот СОЦД пред сè се насочени кон ЕУ системите преку: квалитетни софтверски решенија кои ќе ги поддржуваат основите на национално поставеното царинско работење со целосно прифаќање на законодавството и стандардите во ИКТ работењето на ЕУ, како и компатибилно е-влада решение, но истовремено конфигурацијата и системот да се целосно и директно насочени кон ИКТ системите на ЕУ

Преку користење на информациска и комуникациска технологија вложени се напори да се унапреди соработката и да се овозможи сигурна размена на информации помеѓу царинските служби, помеѓу царината и соодветните државни институции и помеѓу царината и економските оператори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Новиот СОЦД ќе доведе до значителни промени на економскиот амбиент бидејќи, покрај другото, воведува задолжителна електронска царинска декларација (наместо досегашната хартиена) и масовна примена на електронскиот потпис, како и единствено администрирање на електронска база на царинската тарифа и мерките на трговската политика од страна на Царинската управа. Во фаза на подготовка се нацрт верзии на измени и дополнувања на Царинскиот закон, Законот за царинска тарифа, Уредбата за спроведување на Царинскиот закон и на други подзаконски акти, прилагодување на организационата поставеност и запознавање на економските оператори со новините.

.По однос на интерконекциите со ЕУ системите, преку IPA 2007, IPA 2008 и IPA 2009 подготвена е ИКТ компонентата и тоа преку подготовка на NCTS и ITE проектите, како и изготвување на ИКТ стратешките документи и пред се IIS стратегијата (имплементација на интероперабилноста).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Од особена важност е да се воспостави новиот царински ИКТ систем кој преку употреба на модерна технологија, ќе може електронски да разменува информации и да обезбеди поврзување со трговијата. Согласно стратегискиот план во периодот 2009-2011 ќе се зајакнат активностите во поглед на зголемување на административниот капацитет за примена

на царинското законодавство и подготовка на земјата за членство во ЕУ. Во таа насока ќе се превземаат активности на усвојување на Acquis communautaire, приближување на националното законодавство кон законодавството на ЕУ и градење на капацитети за ефикасна контрола на надворешните граници.

Царинската управа при градењето на своите капацитети, како насока интензивно ги анализира Ревидираните царински упатства (Customs Blueprints) на Европската комисија подготвени во 2007 година, со цел исполнување на европските стандарди на работење на царинските служби.
Примената на царинските Блупринти е во насока на подобрување на оперативните капацитети на царинската служба, со воспоставување на мерливи стандарди за достигнување во секоја царинска функција.
Воедно истите се и одредница според која се мерат недостатоците во административниот капацитет, но и понатамошните подобрувања. Блупринтите претставуваат заеднички стандард за ЕУ земјите и земјите кандидати, со посебно значење за Царинската управа во координирање и определување на потребите од ЕУ асистенција.

Царинската управа започна со активности за имплементација на Рамката на стандарди за олеснување и безбедност на меѓународната трговија на Светската царинска организација, како платформа за подобрување на способноста на царинската служба да открива и да се справува со високо ризични пратки и зголемување на нејзината ефикасност при спроведувањето на царинењето на стоката и нејзиното пуштање во слободен промет.

За спроведување на стабилна имплементација на Рамката, Светската царинска организација препорачува фазен пристап. Рамката ќе се применува на разни нивоа во согласност со капацитетот на администрацијата и законските овластувања. За да го поддржи овој процес СЦО и помога на Царинската управа во утврдување на нејзините потреби за јакнење на капацитетите. Овие иницијативи за градење на капацитетите се спроведоа во форма на работилница во јули 2009 од страна на експерти од СЦО.

Воспоставувањето на ISO 9001:2000 стандард - Систем за управување со квалитет, е тесно поврзан со деловното планирање и потребите на корисниците на услугите во надлежност на Царинската управа. Исполнувањето на условите по ISO 9001 е започнат процес во Царинската управа, кој треба да има своја завршница со сертификација од страна на акредитационо тело. Самостојно започнат процес, бидејќи се состои од активности кои Царинската управа ги реализира во рамките на своето работење: воспоставува процедури кои ги покриваат клучните процеси во областа на царинското работење; контролни процеси за осигурување на ефикасност; чување на потребни податоци; подобрување на услугите со корективни активности каде е потребно; редовна контрола врз поединечни процеси и создава услови за постојан развој.

Царинската управа во 2010 година ќе продолжи со засилени активности во борбата против недозволена трговија и криумчарење на стока, при што ќе се даде посебен акцент на примената на постоечката опрема за видео надзор.

Со цел да се изврши усогласување со потребите за понатамошен развој на царинското работење, како и усвоените други законски решенија кои го засегаат царинското работење, во текот на 2010 година ќе се пристапи кон подготовка на нов текст на Законот за Царинска управа, како и актите кои се потребни за негова примена.

Програмата за техничка соработка со Царинската управа на Кралството Холандија е предвидена за периодот 2010-2012 година и се однесува на следниве области: увоз заради облагородување, контрола на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, заштита на право од интелектуална сопственост, царинска лабораторија и соработка помеѓу Царинската управа и Управата за јавни приходи. Нејзината реализација, преку обуки и подготовка на соодветни упатства, врз основа на добрата пракса и стандарди во овие области ќе придонесе кон засилување на капацитеите за оперативна примена на овие области од царинското работење.

Во рамки на тековниот „Проект за поддршка на имплементацијата на Стратегијата за царински реформи", кој се имплементира во текот на 2010 година, (програма ИПА 2007) со опфатени се 3 проекти: (1) Усогласување на царинското законодавство во Република Македонија со законодавството на ЕУ; (2) Зајакнување на граничните контроли - и (3) Унапредување на царинскиот ИТ систем.

**Проектот за натамошно усогласување на националното царинско законодавството со она на ЕУ** преку примена на најдобри пракси и постапки во неговото спроведување, има за цел воспоставување на модерен царински систем, според стандардите на ЕУ. Проектот предвидува: анализа на отстапувањата на националното царинското законодавство и царинските постапки со оние на ЕУ, изготвување на акциски план и подготовка на текстови на правни акти, нивна измена или дополнување.

Паралелно со овој процес ќе се подготват нови поефикасни царински постапки согласно стандардите на ЕУ, а ќе се изработи и план за обука и менторство на царинските службеници и претставници на други државни инситутиции и стопански субјекти, за воведување на новините во царинското работење. При реализацијата на проектот, во предвид ќе бидат земени и потребите од координација и подршка на неколку веќе започнати проекти во рамките на програмата ИПА, како и остварувањето на приоритетните стратешки цели на Царинската управа, воспоставувањето на нов електронски систем за обработка на царински декларации, како и подготовка на транзитното законодавство и постапки.

**Проектот за зајакнување на граничните контроли** има за цел да ги зајакне капацитетите на Царинската управа во борбата против измамите, прекуграничниот криминал, корупцијата и борбата против нелегалната трговија. Проектот предвидува ревизија на старите и воведување на нови, модерни техники за спроведување на царинското закодавство (технологија и алатки од типот на анализа на ризик), заштита на државната граница и олеснување на прометот со стоки преку граничните премини. Во спроведувањето на проектот посебна грижа ќе се води за воспоставување на координација со другите институции за имплеметнација на новите постапки. Акцент ќе биде ставен на практичната примена на Едношалтерскиот ситем и контролата при единствено застанување. Проектните активности претставуваат поддршка на заложбата за забрзување на граничните постапки и зголемување на ефикасноста во откривање на царински прекршоци, и подршка за натамошен развој на Интегрираното гранично управување во Република Македонија.

Преку блиски и координирани активности со Проектот за техничка подршка за подобрување на царинскиот ИТ систем, кој исто така се реализира во рамките на Програмата ИПА 2007, како и други проекти кои се во фаза на имплементација и планирање, овие два проекта значително ќе придонесат кон јакнење на административите капацитети за исполнување на стандардите на ЕУ

Во рамките на одобрените средства од фондовите на Програмата IPA за 2008 година, во текот на 2010 година се очекува да се започне со подготвителни активности за реализацијана „Проектот за поддршка на имплементацијата на Стратегијата за царински реформи“, во траење од 18 месеци. Проектот содржи 3 под-компоненти: (1) Поддршка во управувањето за воведување на Новиот компјутеризиран транзитен систем –NCTS; (2) Воведување на NCTS преку две под-компоненти (Подобрување на националната апликација за транзит и развој на софтвер) и (3) Воведување на заедничка мрежа за комуникација и заеднички систем за поврзување (Common Communication Network and Common System Interface-CCN/CSI).

По завршувањето на првата фаза на воведувањето на „Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти - EXIM“, со помош на проектите на Агенцијата за помош на САД (USAID), по склучениот Меморандум за соработка во текот на 2010 година, ќе продолжат активностите за воведување на нови функционални можности, зголемување на понудата на услуги, како иинтгрирање на системот со новиот СОЦД. Ќе се разгледа можноста за поврзување на EXIM системот со други системи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Развојот на административниот капацитет Царинската управа го темели на потребата од воспоставување одржлив систем што ќе функционира и ќе се контролира самостојно, ќе ја одржува и збогатува институционалната меморија и ќе обезбеди постојано надградување на сопственото административен капацитет. Тоа пред сè опфаќа:

- соодветен Правилник за организација на работа,
- дефинирање на работните процеси и донесување пишани процедури,
- поставување систем за управување со ризиците,
- јакнење на внатрешната ревизија,
- развивање на менаџерските способности,
- развој на капацитетот за управување со човечки ресурси,
- развој на стратешкото планирање,
- поставување и одржување систем за ефикасно користење на финансиските и материјалните ресурси,
- воведување системски решенија за јакнење на интегритетот на вработените, спречување корупција и судир на интереси,
- компјутеризација на работните процеси,
- зголемување на транспарентноста

Царинската управа ќе продолжи со активностите за подобрување на системот за управување со ризик и ќе работи на воведување на критериуми и стандарди за работа и ефикасна размена на податоци. Се очекува процесот на извлекување на ризични профили да биде автоматизиран со воведување на Систем за централизирано-електронско администрирање на сите оперативни активности во Царинската управа заради анализа на ризик, статистика и разузнавање.

Ќе се развијат планови за унапредување на капацитетот за спроведување на контроли после царинење (post clearance audit) со што ќе се намалат контролите при царинење.

Царинската управа ќе изврши реформи на системот на обуки и ќе го прилагоди кон новите барања и потреби преку применување на современи методи и техники кои ќе обезбедат поголема ефикасност и подобри образовни резултати, како и економичност на процесот (електронско и далечинско учење).

Во 2010 година, Царинската управа ќе ја користи техничка помош преку учество во Програмата ЕУ Customs 2013. Учеството во оваа Програма преку заеднички активности од области на царинското работење помеѓу Царинската управа на Република Македонија и царинските служби на ЕУ, придонесува за подобрување на оперативните капацитети на Царинската управа.

Царинската управа ќе продолжи да ја користи Програмата на Генералниот директорат за Проширување TAIEX, која нуди краткотрајна техничка помош за приближување, имплементација и спроведување на националните со европските правни акти, по потреба, посебно во оние делови кои не се опфатени со пружената техничка помош, како и за одредени делови за правилно разбирање, примена и исполнување на дадените стандарди на Ревидираните царински упатства на Европската комисија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Современите методи на царинење на стоката, со воведување на поедноставувања и премин кон безхартиено работење, бараат дополнителни напори и активности од страна на царинската служба за ефикасна наплата на давачките и спроведување на мерките на трговска политика. За таа цел предвидено е воведување нов, ЕУ компатибилен Систем за обработка на царински декларации; на интегрираната царинска и статистичка номенклатура на Европската унија (TARIC); засилување на механизмите на надзор преку примена на воведениот видео мониторинг на граничните премини и внатрешните царински испостави; воведување на нов систем за прибирање на акцизите на целата територија на Република Македонија, унапредување на системите за управување со ризик; модернизација на граничните премини со цел подобра имплементација на интегрирано гранично управување и унапредување на соработката со другите државни институции и инспекциски служби.

Имајќи ги во предвид започнатите активности за поддршка на реформите и модернизацијата на царинското работење преку инструментот за претпристапна помош на Европската Унија - IPA, во 2009 година одобрено е Проектното фише во рамки на ИПА 2009, за зајакнување на капацитетите на Царинската управа преку поддршка на имплементацијата на Интегрирано тарифно опкружување (ITE). Преку негова имплементација ќе се овозможи усогласување и исполнување на барањата за Интегриран тарифен концепт на Заедницата-TARIC, Европска задолжителна тарифна информација-EBDI, квоти, надзор, Европски царински попис на хемиски супстанци-ECICS. Интегрираниот тарифен систем на Европската унија-CITE (Community Integrated Tariff Environment). Во рамките на овој Проект, со траење од 18 месеци, се предвидуваат 3 компоненти,: (1) Поддршка во управувањето со Проектот за воведување на Интегрирано тарифно опкружување-ITE; (2) Развој на Интегрирано тарифно опкружување и (3) Набавка на потребната опрема.

Од ИКТ аспект, на среднорочен план предвидена е целосна интерконекција со ЕУ системите, (CCN/CSI и NCTS) и продолжување на процедурите за интерконекција со другите ЕУ системи. Притоа заложба на Царинската управа, преку постојано прилагодување на Стратегијата за ИКТ, ќе биде и прифаќање на приоритетите по однос на новите европски системи Автоматизиран систем за увоз (ICS), Автоматизиран систем за извоз (ECS), Контролен систем за управување и контрола на акцизи на ниво на заедницата (EMCS), како и обезбедување на правни и технички предуслови по однос на сигурноста на ИКТ системот, поддршка на безхартиените решенија, имплементација на електронската размена на податоци, поставување на систем за управување со ризик, пред се дефинирани со Регулативата 32005R0648.

Во рамките на Регионален тренинг центар на СЦО за обука и стручно оспособување на царинските службеници од регионот на земјите кои членуваат во CEFTA 2006, предвидено е воведување на специјалистички студии и семинари за царинските службеници, како и заедничко учество во развојни проекти.

Во 2011 година ќе се постигна целосна примена на Системот за електронско учење (Е-учење) на Светската царинска организација и на Европската комисија – DG TAXUD и достапност до што поголем број на корисници. Преку интранет страната на Царинската управа, сите вработени во Царинската управа имаат пристап до платформата, а заради правилно спроведување на програмите ќе се формираат целни групи со назначени обучувачи.

Во ноември 2009 година Царинската управа аплицираше за користење на средства од програмата ИПА 2010, преку доставуање на Проект за зајакнување на капацитетите на Царинската управа за ефикасна имплементација на акцизното и царинското законодавство, поткрепена со соодветни контролни механизми и ИТ системи;Проектното фише претставува продолжение на проектите ИПА 2007, ИПА 2008 и ИПА 2009

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2011 година со воспоставувањето на новиот Систем за обработка на царински декларации, како еден од приоритетите на Царинската управа на Република Македонија, согласно заложбите за обезбедување на квалитетна информатичка поддршка на обработка на царинските декларации при увоз, извоз и транзи, како и согласно функционалните и техничките барања во врска со евроинтергативните процеси, ќе се реализираат потребните услови по однос на интероперабилноста и интерконекциите со европските царински системи.

Царинската управа ќе работи на целосна интерконекција со ЕУ системите, усогласување на националното царинско законодавство со ЕУ законодавството, конкретно со Модернизираниот царински закон на ЕУ и Одлуката за е-Царина на ЕУ која е основа за модернизација во областа на технологијата и процедурите на царинските служби во ЕУ, усвојувањето на најдобрите пракси во работењето, со цел да допринесе кон конкурентноста на домашната економија.

## 3.30 **НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ**

### 3.30.1 **ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Република Македонија во 2009 година продолжи да ја спроведува трговската политика во согласност со превземените меѓународни обврски кои произлегуваат од членството во Светската трговска организација (СТО), од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, ЦЕФТА, и другите спогодби за слободна трговија со кои се преземени обврски за повластен трговски режим.

Република Македонија продолжи да го имплементира *Договорот за изменување и пристапување кон Централно Европскиот Договор за слободна трговија - ЦЕФТА 2006*. Во 2009 година беа одржани преговори за либерализација во трговијата со земјоделско прехранбени производи. До сега Република Македонија договори целосна либерализација во трговијата со овие производи со Република Албанија. Со Република Молдавија беше договорена целосна либерализација, освен за виното каде е договорена билатерална квота, а со Република Хрватска продолжуваат преговорите за натамошна либерализација. Имплементацијата на овие измени во Анекс 3 кон *Протоколот за измена на Договорот за изменување и пристапување кон Централно Европскиот Договор за слободна трговија - ЦЕФТА 2006* ќе започне откога измените на Анексот ќе бидат потпишани и ратификувани од сите членки на ЦЕФТА 2006.

Во 2009 година се одржа седницата на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА 2006 на која се усвоени Министерските заклучоци со резимето на активностите на трите Поткомитети на ЦЕФТА 2006. Во документите е заклучено да се интензивира натамошната соработка преку спроведување на приоритетите на Програмата на следниот претседавач, да се заврши процесот на либерализација, да се изнајдат начини за надминување на разликите во областа на инфраструктурата на квалитетот, информирање околу активностите и законодавството за санитарните и фито- санитарни мерки, како и обезбедување непречена примена на дијагоналната кумулација помеѓу потписничките.

Дијагоналната кумулација на потеклото помеѓу Македонија, Турција и ЕУ започна да се применува од 7 јули 2009 година со стапување во сила на измените на Протоколот 2 - *Дефиниција на поимот „производи со потекло“ и методите на управна соработка по Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Турција.*

Во 2009 година се одржа Мешовита Комисија по Договорот за слободна трговија со Украина при што се договори либерализација на трговијата со земјоделско прехранбените производи за кои сега има квота.

Исто така со ЕФТА државите се одржа Мешовит Комитет на кој се договори натамошна либерализација на меѓусебната трговија.

Како членка на СТО, делегација на Република Македонија учествуваше на Седмата Министерска конференција, во Женева 30/11-2/12/2009 година, на тема “*Мултилатералниот трговски систем на СТО и сегашната светска економска состојба*“.

Во врска со тековната рунда на мултилатерални трговски преговори во СТО - *Развојна агенда од Доха* (Doha Development Agenda), Република Македонија се залага за посебен и различен третман (special and differential treatment) на многу неодамна пристапени членки (very Recently Acceeded Members) од кои нема да се бара да преземаат натамошни обврски за намалување, како што се земјоделството и NAMA. Во другите области за кои се водат преговори, како земја кандидат за членство во ЕУ, Република Македонија продолжи да ги координира и усогласува своите ставови со ставовите на ЕУ.
Во октомври 2009 година, Република Македонија ја започна постапката за ратификација на *Протоколот за изменување на ТРИПС Спогодбата на СТО* (TRIPS – Trade-Related Aspects of Intellectual Property Rights). Со донесување на новиот Закон за индустриска сопственост (Службен весник на РМ бр. 21/2009) се изврши усогласување со *Протоколот за изменување на ТРИПС Спогодбата (Protocol Amending the TRIPS Agreement)*. Со одредбите на Законот, кои се однесуваат на издавање на присилна лиценца, се овозможува Република Македонија, како членка на СТО, да се вклучи во меѓународните односи за решавање на проблемите во јавното здравство со кои се соочуваат најмалку развиените земји и земјите во развој.

Во областа на режимот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, во 2009 година, се применуваше *Одлуката за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба* (Службен весник на Република Македонија бр. 148/08). Листата на стоки и технологии со двојна употреба целосно е преземена од регулативата 31334R2000, Анекс 1.

Во третиот квартал на 2009 година се донесе Закон за Македонска банка за поддршка на развојот (Службен весник на РМ бр. 105/2009). Со Законот се дефинирани улогата, функциите и статусот на Македонска банка, како државна развојна и извозна банка.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежни институции во Република Македонија за спроведување на трговската политика се Министерството за економија, Министерството за финансии, Македонска Банка за поддршка на развојот и Царинската управа на РМ.

Со цел за јакнење на административните капацитети и обучување на државните службеници во областа на трговската политика, во текот на 2009 година, вработените од Министерството за економија, Сектор за меѓународна трговска соработка – Одделение за СТО учествуваа на редовни семинари и работилници кои ги организира Светската трговска организација: регионален семинар за заштитните мерки (Regional seminar on Trade Remedies and Subsidy Disciplines), регионален семинар за трговија со услуги за економии во транзиција, работилница за ТБТ и регионална обука за трговски преговарачки вештини.

Во рамките на Секторот за меѓународна трговска соработка постои и Одделение за надворешно трговски режим, надлежно за работите од областа на контрола на извозот на стоки со двојна употреба. Во текот на 2009 година вработените учествуваа на семинари и работилници за издавање на дозволи за извоз, за анализа на трансфер на стратешки стоки (ASCOT), контрола на извозот на оружје на земјите во регионот.

2. **КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Република Македонија ќе продолжи со усогласување на законодавството на ЕУ во областа на заедничката трговска политика.

Основен закон во областа на трговската политика, со кои се уредуваат условите за вршење на трговија во земјата и странство е Законот за трговија (Службен весник на РМ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08 и 20/09). До крајот на 2010 година ќе се изврши изменување и дополнување на Законот за трговија. Ваквата обврска произлегува од Акцискиот план за сообразност со членовите 28-30 од Договорот за основање на ЕЗ, кој е донесен од Владата на РМ во август 2009 година. Измените и дополнувањата на Законот за трговија се со цел да се отстранат одредбите кои содржат мерки со еквивалентен ефект на квантитативни ограничувања во трговијата со што ќе се овозможи слободно движење на стоките меѓу Република Македонија и ЕУ и ќе се поедностави постапката за издавање на дозволи.

Во 2010 година ќе се изврши измена на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба (Службен весник на РМ бр. 82/05 и 84/07) со цел да се изврши прифаќање на новата ЕУ регулатива за контрола на извозот, трансферот, брокерингот и транзитот на стоки со двојна употреба (30428R2009 која стапи на сила на 27/08/2009 година). За подобрување на функционалноста на системот за контрола на стоки со двојна употреба - имплементација на ТРАКЕР системот, потребно е зајакнување на административниот капацитет за што во 2010 година е предвидена обука на вработените кои се вклучени во процесот на издавање на дозволи, како и обука на лицата од IT секторите за одржување на овој систем.

Република Македонија ќе продолжи да го имплементира Договорот за изменување и пристапување кон Централно Европскиот Договор за слободна трговија - ЦЕФТА 2006. Во 2010 година ќе се применува договорената либерализација на трговијата со земјоделско прехранбени производи со Република Албанија, Република Молдавија и со Република Хрватска.

Исто така во 2010 година ќе се имплементираа либерализацијата на трговијата постигната со ЕФТА државите и со Украина по Договорот за слободна трговија.

3. **СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ** (**ПЕРИОД** 2011 – 2012 **ГОДИНА**)

Транспонирањето на Директивите 37998L0029 и 31984L0568, како и Одлуките 32001D0076 32001D0077 кои се однесуваат на заедничките принципи и критетиуми на земјите членки на ЕУ во сферата на осигурување на извозот е планирано на крајот на 2011 година. Паралелно со ова, се планира зајакнување на административниот и техничкиот капацитет на Македонска банка за поддршка на развојот.

3.30.2 **БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Министерството за економија - Секторот за меѓународна трговска соработка и Министерството за финансии - Секторот за финансиски систем, во главно се надлежни за билатералните договори со трети земји.

Република Македонија има склучено повеќе договори за трговско- економска соработка со други држави, кои ќе треба да се усогласат со обврските што произлегуваат од членството во ЕУ. Договорот за економска соработка со Унгарија и со Романија е парафиран и се очекува негово потпишување. Во тек се активности за склучување на Договори за економска

соработка со Хрватска и Чешка. Исто така се водат преговори за склучување на Договори за економска соработка со Република Црна Гора и Косово.

Во 2009 година се потпиша Договорот за економска соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија.

Република Македонија досега има склучено 32 билатерален договор за поттикнување и заемна заштита на инвестиции од кои 29 се стапени на сила, а за 3 договори се чека известување од другата страна дека интерните процедури во нивните земји се завршени. Од сите склучени договори, 16 се склучени со земји членки на ЕУ.

Во текот на 2009 година е ратификуван Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестиции меѓу Република Македонија и Република Словачка (Службен Весник на Република Македонија бр. 150/09).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Република Македонија ќе продолжи со активностите за анализирање на договорите за трговска и економска соработка, со цел нивно усогласување со законодавството на ЕУ. Во таа насока предвидено е да се утврди временска рамка на усогласување на постоечките договори со законодавството на ЕУ.

Во текот на 2010 година ќе се потпишат договори за економска соработка со Унгарија, Романија, Хрватска и Чешка Република согласно обврските што произлегуваат од нивното членството и пристапување во ЕУ.

Со цел зајакнување на економската соработка во регионот во 2010 година ќе се потпишат Договори за економска соработка со Република Црна Гора и Косово

Во текот на 2010 година се предвидува усогласување и парафирање договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестиции меѓу Република Македонија и Велика Британија, Црна Гора, Катар и Литванија. Постапката за усогласување и парафирање на овие договори беше отпочната во 2009 година, но сеуште не е завршена бидејќи се чека соодветните држави да ја прифатат македноската иницијатива за склучување на овој договор. Покрај ова, во текот на 2010 година се очекува дека ќе се усогласи и парафира договорот меѓу Република Македонија и Обединети Арапски Емирати, како и договорот меѓу Република Македонија и Косово.

### 3.30.3 **РАЗВОЈНА И ХУМАНИТАРНА ПОМОШ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во текот на 2009 не е регистрирана развојна помош на Република Македонија спрема трети земји.

Одделението за развојна и хуманитарна помош, во Секторот за економски мултилатерални односи - Директорат за економска дипломатија во Министерството за надворешни работи е надлежно за следење и креирање на политиката во делот на развојната и хуманитарната помош.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во делот на хуманитарната помош предвидено е прифаќање на Регулативата 31996R1257 за хуманитарна помош.. Исто така се планира прифаќање на Европскиот консензус за хуманитарна помош од декември 2007 година.

Предвидено е формирање на меѓу-ресорско тело со цел изнаоѓање на најсоодветен институционален модел за регулирање на делот на развојна помош. Во таа насока предвидено е донесување на Закон за спроведување на развојната политика, усогласен со законодавството на ЕУ од оваа област. Покрај донесувањето на Законот, потребно е да се дефинираат јасни критериуми за определување на потесен круг на земји со кои Република Македонија би воспоставила долгорочна соработка. Дополнително, ќе биде утврдена методологија за пресметување на дадената помош, а ќе се воведе и механизам за обединување на податоците за доделената развојна помош. Истотака ќе биде подготвена и Стратегија за давање развојна помош..
Воедно, планирано е да се воспостави соработка на невладиниот сектор и со другите земји членки или специјализирани агенции од другите земји за спроведување на трилатерални развојни проекти.

Планирано е зајакнување на постоечките административни капацитети со нови вработувања.

## 3.31 НАДВОРЕШНА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА

### 3.31.1 ЕБОП

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка за учество на РМ во ЕБОП ја сочинуваат Законот за одбрана, Законот за полиција, Законот за упатување лица во меѓународни мисии и меѓународни организации, како и подзаконските акти: Деловник за работа на меѓуресорската комисија и Правилник за упатување лица во краткорочни меѓународни мисии.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Институционалната рамка ја сочинуваат (1) Одделението за ЗНБП во рамките на Директоратот за Европска унија во Министерството за надворешни работи, екипирано со 4 извршители и раководител (2) Одделението за ЕБОП во Министерството за одбрана, екипирано со 2 извршители и раководител и (3) Одделението за планирање имплементација и обука за НАТО активности во склоп на Секторот за соработка со НАТО и класифицирани информации во Министерството за внатрешни работи, екипирано со 3 извршители и раководител.

Формирана е Меѓуресорска комисија за спроведување на политиката за упатување лица од РМ во меѓународни мисии и меѓународни организации.

Република Македонија продолжи со свој придонес кон воената мисија на ЕУ во БиХ Алтеа. Во моментов придонесува со медицински тим за ROLE 1 медицинска поддршка на кампот во Бутмир, едно лице помошник правен советник во Командата на ЕУФОР, и еден подофицер за превентивна медицина во Командата на ЕУФОР, со вкупно учество на 12 лица.

Во рамките на веќе декларираниот придонес кон воените капацитети на ЕУ и искажаниот интерес за вклучување на Република Македонија во Концептот на ЕУ за Борбени групи, на Координативната конференција за Борбените групи, одржана во октомври 2008 се објави намерата на Република Македонија за учество во ЕУ БГ II/2012, во која учествуваат Германија, Австрија, Чешка, Ирска и Хрватска.

ГШ на АРМ во текот на јуни 2009 година пополни и достави формулар за „понудени капацитети" за конкретниот придонес на РМ во ЕУ БГ II/2012.
Во текот на 2009 година беше усогласено Писмото на намери за соработка во Борбените Групи на ЕУ. Истото веќе е потпишано од СР Германија, земја лидер во ЕУ/БГ 02/2012 и Австрија, земја логистичар, а следи потпишување со Хрватска, Чешка, Ирска и Македонија.

Република Македонија учествува во Тренинг програмата за ЕБОП наменета за земјите од Процесот за стабилизација и асоцијација, иницирана од страна на Австрија, СР Германија, Словенија и Унгарија. Оваа година заврши третиот, последен циклус, на кој РМ учествуваше со претставници од повеќе институции. Република Македонија ја поддржува иницијативата од Австрија, за продолжување на ЕБОП програмата за обука наменета за ПСА земјите на уште три години, за што ќе се одлучува на претстојниот состанок на Управувачкото тело на 26 и 27 ноември 2009 година во Виена.

Република Македонија учествуваше во вежбите на ЕУ за кризно управување CME 08 и CME 09.

Република Македонија во 2008 изрази интерес за учество во полициската мисија на ЕУ во Авганистан (EUPOL AFGHANISTAN), за што официјално го извести ГС/ВП за ЗНБП на ЕУ.

Во насока на учество на Република Македонија во развојот на цивилните капацитети на ЕУ за управување со кризи, во 2006 декларирани се вкупно 51 лица во рамките на пет области: полиција 15, владеење на правото 16, јавна администрација 8, цивилна заштита 8 и мониторинг 4.

МВР спроведува континуирана обука за полициски офицери за учество во цивилни мировни операции и во моментов располага со 15 полициски службеници со сертификат од ООН.

Во МВР отпочнати се активности за формирање на база на кандидати за учество во мисии предводени од ЕУ, ОН и НАТО.

**Политички дијалог**

Република Македонија редовно учествува на неформалните состаноци на министрите за одбрана во Тројка формат, како и на ниво на министри за надворешни работи и на состаноците на Воениот комитет на ЕУ.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Меморандумот за разбирање за учество во ЕУ БГ II/2012 ќе биде усогласен и потпишан во текот на 2010 година.

Во 2010 година е планирано потпишување на Писмото за намери од страна на министрите за одбрана на Чешка, Ирска, Хрватска и Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Се планира кадровско доекипирање на Одделението за ЕБОП во Министерството за одбрана.

Република Македонија ќе го продолжи сегашниот придонес во операцијата на ЕУ во БиХ, Алтеа и во 2010 година.

Ќе се продолжи со активностите за планирање и подготовка на декларираните сили на Република Македонија за учество во ЕУ БГ II/2012. Република Македонија ќе биде домаќин на следниот состанок за ЕУ БГ II/2012 кој е предвидено да се одржи во јануари 2010 година во Скопје.

Република Македонија, со свои претставници ќе продолжи да учествува во новиот циклус на Програмата за обука за ЕБОП наменета за земјите од ПСА во 2009 година, доколку биде донесена одлука за продолжување на програмата.

Ќе бидат преземени активности за обезбедување на учество во програмите за обука на Генералниот секретаријат на Советот на ЕУ наменети за ЕБОП.

Со цел зајакнување на капацитетите за учество во мировни мисии, ќе биде извршена обука и подготовка на полициски персонал .

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Правно регулирање на учеството на Република Македонија во ЕУ БГ II/2012, со донесување Одлука на Влада/Собрание за учеството на РМ во ЕУ БГ II/2012.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Континуирано планирање и подготовка на декларираните сили на Република Македонија за учество во ЕУ БГ II/2012.

### 3.31.2 **ЗНБП**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Правната рамка, којашто ја сочинуваат Уставот на Република Македонија, Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за надворешни работи, Законот за одбрана, Закон за класифицирани информации, Законот за меѓународни рестриктивни мерки, Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема и други закони, не претрпе поголеми измени, Во процедура на усвојување во Собранието на Република Македонија е измената и дополнувањето на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Институционалната рамка ја сочинуваат Одделението за ЗНБП во рамките на Директоратот за Европска унија во Министерството за надворешни работи, екипирано со 4 извршители и Раководител и Одделението за контрола на оружјето во рамките на Директоратот за мултилатерала во Министерството за надворешни работи, екипирано со 2 извршители.

Важен сегмент во институционалната рамка се Мисијата на Република Македонија при Европските заедници во Брисел, каде што еден дипломат е задолжен за тековно следење на ЗНБП, како и постојаните мисии на Република Македонија во Виена, Женева, Стразбур и Њујорк, кои се вклучени во процесот на придружување кон заеднички позиции, изјави и декларации на Европската унија.

Во Министерството за надворешни работи и во Мисијата на Република Македонија при ЕЗ во Брисел, инсталираната Асоцијативна комуникациска мрежа за размена на класифицирани информации по електронски пат (ACN) до степен “интерно“ меѓу Република Македонија и ЕУ, продолжува да функционира без потешкотии.

Продолжуваат активностите за воспоставување на регистри и подрегистри за класифицирани информации во министерствата и другите институции на државата. Воедно се преземаат активности и за формирање на подрегистри во сите организациони единици коишто се под Бирото за јавна безбедност при МВР низ Република Македонија.

**Политички дијалог**
Република Македонија продолжи да одржува редовен политички дијалог со ЕУ на билатерална основа (Совет за стабилизација и асоцијација, Комитет за стабилизација и асоцијација и Заеднички парламентарен комитет) и во мултилатерални рамки (Политичкиот форум ЕУ-Западен Балкан, учество на неформалните состаноци на министрите за надворешни работи на земјите-членки на ЕУ, учество на состаноците на ЕУ со медитеранските земји, прашања од агендата на ОН итн.). Република Македонија продолжи да се придружува кон заедничките позиции, декларации и изјави на ЕУ, било врз основа на добиена покана од ЕУ, било унилатерално. Заедничките позиции и списокот на декларации и изјави на ЕУ кон кои се придружила Република Македонија се објавуваат во Службен весник на Република Македонија.

Во 2009 година продолжи праксата на учество на Република Македонија во редовните консултации на ЕУ со земјите-кандидати за актуелни прашања од агендата на Обединетите нации.

**Соработка со меѓународни организации**
Република Македонија е членка на ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и други меѓународни организации и е активен учесник во регионалните иницијативи.

**Контрола на оружјето** (**непролиферација на оружје за масовно уништување**; **извоз на конвенционално оружје**; **мало и лесно оружје**; **производи и технологии со двојна намена**)
Република Македонија го подготви Четвртиот национален извештај во однос на Кодексот на ЕУ за однесување при извоз на оружје, како и и Извештајот за спроведување на Акциониот план на ОН за спречување, борба и искоренување на недозволената трговија на мало и лесно оружје во сите негови аспекти и ги достави до Европската комисија и Советот на ЕУ.

За планирање, следење и анализирање на состојбата со контрола на мало и лесно оружје и координирање на активностите на надлежните институции, формираната Национална комисија за мало и лесно оружје, продолжува со извршување на своите активности.

**Инструменти за спроведување на ЗНБП** (**спроведување санкции и рестриктивни мерки**)
Република Македонија редовно се придружува кон заедничките позиции на Европската унија, со кои се воведуваат рестриктивни мерки и санкции против држави, ентитети и лица. Со придружувањето кон заедничките позиции на ЕУ, Република Македонија презема обврска за усогласување на националната политика со онаа на Европската унија согласно националното законодавство. По донесувањето на одлуката на владата, спроведувањето на рестриктивните мерки се реализира од страна на надлежните министерства и институции, согласно нивните надлежности, а врз основа на Законот за меѓународни рестриктивни мерки.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Република Македонија ќе продолжи да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ и да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ, во рамките на Политичкиот форум ЕУ-Западен Балкан и другите форми на мултилатерални консултации. Во 2010 година таа ќе продолжи со придружување/прифаќање на правните акти на ЕУ во доменот на ЗНБП. Во оваа смисла, Република Македонија ќе пристапи кон потребните активности за прифаќање од страна на Република Македонија на Заедничката позиција на Советот на Европската унија бр. 2008/944/CFSP од 8.12.2008 за дефинирање на заедничките правила за контрола на извозот на воена технологија и опрема. Во 2010 година е предвидена и измена и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема, со цел подобар опфат на посредувањето, транзитот, offset програмите и нематеријалните трансфери. Измената и дополнувањето на овој Закон ќе овозможи меѓу другото и подобра примена на Заедничката позиција на Советот 2003/468/CFSP од 23.06.2003 за контрола на посредувањето во трговијата со оружје, кон којашто Република Македонија унилатерално се придружи во 2005 година.

Со цел поефикасна примена на меѓународните рестриктивни мерки, во 2010 година ќе бидат преземени повеќе активности со цел зајакнување на нивната примена. Во таа смисла, се предвидува започнување на активности за измена и дополнување на Законот за меѓународни рестриктивни мерки.

Република Македонија ќе продолжи со својот активен ангажман во меѓународните организации (ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и др.), како најефикасен начин за заштита на светскиот мир и безбедност од глобалните закани на денешнината - тероризмот, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, организираниот криминал, загадувањето на човековата околина, како и справувањето со економските и социјални проблеми и непочитување на човековите права.

Во 2010 година ќе продолжат и активностите за склучување на билатерални спогодби за взаемна заштита на класифицирани информации со земји-членки на Европската унија.

Во 2010 година Република Македонија ќе отпочне со прелиминарни активности за членство во Групата на нуклеарни снабдувачи (Nuclear Suppliers Group), како и со подготовките за членство во Аранжманот Васенар.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Воведување на електронското деловодство во регистрите и во подрегистрите на ДБКИ основани од други државни органи.

ДБКИ ќе продолжи со обука на лицата кои работат со класифицирани информации, вклучително и преку соработка со земји-членки на ЕУ.

По кадровското зајакнување на Одделението за Заедничка надворешна и безбедносна политика и на Одделението за контрола на оружјето во Министерството за надворешни работи во 2009 година, во 2010 година ќе бидат преземени активности за обука на извршителите во овие одделенија.

Со цел зајакнување на капацитетите за примена на меѓународните рестриктивни мерки, предвидено е одржување на TAIEX регионален семинар, наменет за министерствата, институциите и органите на државната управа кои се задолежени за нивна имплементација согласно Законот за меѓународни рестриктивни мерки.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се донесат измени и дополнувања на Законот за меѓународни рестриктивни мерки.

Донесување на Правилник за образецот на одобрението за внесување оружје и Европскиот документ за оружје. (МВР)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се спроведува континуирана обука за Заедничката надворешна и безбедносна политика.на извршителите во министерствата и институциите вклучени во имплементацијата на оваа политика на ЕУ.

Континуирана едукација на корисниците на класифицирани информации во државните и приватните институции.

Продолжување на издавање на безбедносни сертификати на правни лица, како и подигнување на степенот на класификација на заштитната врска меѓу ДБКИ и регистрите во мисиите на РМ при НАТО и ЕЗ во Брисел и и во Командата на НАТО во Монс до степен строго доверливо.

3.32 **ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Процесот на зајакнување на финансиската контрола во Република Македонија е отпочнат и се спроведува преку развој и примена на принципите на децентрализирана одговорност на раководството и воспоставување функционално независна внатрешна ревизија, односно развој на сите три компоненти на јавна внатрешна финансиска контрола: финансиско управување и контрола, внатрешната ревизија и нивното хармонизирање. Целта на овој процес е изградба на систем кој ќе гарантира разумно користење на јавните средства.

Усогласувањата со барањата на acquis по однос на финансиската контрола ја подразбира потребата од глобален пристап кон развој на модерни системи за внатрешна контрола во јавниот сектор, кој што води кон доследна комбинација на раководната одговорност и функционално независната внатрешна ревизија. Во оваа насока во Министерството за финансии во тек се активностите за имплементација на кохерентно законодавство кое ќе се спроведува во целата област на внатрешната контрола, покривајќи ги сите важни аспекти на раководната одговорност, независната внатрешна ревизија, централната хармонизација на внатрешната ревизија и финансиското управување и контрола, како и спречување на измами.

3.32.1 **ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која го уредува системот на јавна внатрешна финансиска контрола и надворешната ревизија во Република Македонија е следната:

- Закон за јавна внатрешна финансиска контрола (“Службен весник на РМ”, бр. 90/09);
- Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор („Службен весник на РМ”, бр. 130/07);
- Правилник за формата, содржината и начинот за доставување на изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли („Службен весник на РМ”, бр. 8/08)
- Прирачник за внатрешна ревизија објавен на интернет страницата на Министерството за финансии;
- Закон за државната ревизија (“Службен весник на РМ” бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04, 70/06 и 133/07)
- Програма за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен државен ревизор објавена на WEB страната на Државниот завод за ревизија;
- Кодекс на етика на INTOSAI - објавен на WEB страната на Државниот завод за ревизија;
- Меморандум за меѓусебна соработка меѓу ДЗР и МФ во областа на системот на финансиско управување и контрола, внатрешната ревизија во јавниот сектор и државната ревизија, 2006
- Меморандум за соработка помеѓу ДЗР и IPA Ревизорското тело, август 2007;
- Протокол за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси помеѓу 11 надлежни институции во РМ, декември 2007 година.

Правната рамка која го уредува системот на јавна внатрешна финансиска контрола и надворешната ревизија во Република Македонија во 2009 година беше дополнета со новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола (“Службен весник на РМ”, бр. 90/09) со што се реализира препораката на Европската комисија за интегрирање на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Со донесувањето на овој закон, престанаа да важат Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (“Службен весник на РМ”, бр. 22/07) и Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор (“Службен весник на РМ”, бр. 69/04 и 22/07) ;

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Министерството за финансии до крајот на 2009 година ќе изготви Стратегија за развој на јавната внатрешна финансиска контрола за 2010 и 2012 година, која ќе биде донесена во почетокот на 2010 година од Владата на Република Македонија.

До крајот на март 2010 година ќе бидат донесени и Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор и Правилникот за формата и содржината на извештаите и изјавата од Годишниот финансиски извештај.

Со Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор ќе бидат уредени целите, задачите, принципите и активностите на финансиската инспекција во јавниот сектор.

1.1 **ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на РМ", бр. 90/09), Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор и Правилникот за формата, содржината и начинот за доставување на изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли кои се донесени врз основа на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на РМ", бр. 22/07), претставуваат правна рамка за системот на финансиско управување и контрола, кои ќе важат до донесување на подзаконските акти согласно новиот закон.
Функционирањето на овој систем е регулирано и со други закони и подзаконски акти, меѓу кои позначајни се: Законот за буџети, Законот за извршување на буџетите, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, регулативата за трезорското работење и друго.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со влегувањето во сила на новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија" бр.90/09) на 31 јули 2009 година отпочна процесот на воспоставување на единици за финансиски прашања одговорни за финансиското управување и контрола кај субјектите: буџетски корисници од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт), фондовите, општините и градот Скопје.
Раководителот на субјектот е одговорен за воспоставување, имплементација и развој на стабилно финансиско управување и контрола во субјектот заради ефикасно, ефективно и економично користење на расположливите средства.
Од вкупно 65 институции од извршната и законодавната власт прва линија буџетски корисници и 38 институции од судската власт на централно ниво до Централната единица за хармонизација во Министерството за финансии 15 институции имаат доставено известување дека е започната постапката за промена на актите за организација и систематизација за основање на посебна организациона единица за финансиски прашања. Од овие институции на централно ниво, 2 институции ја завршија постапката за основање посебна организациона единица за финансиски прашања.
Од вкупно 85 единици на локална самоуправа вклучително и Градот Скопје до Централната единица за хармонизација во Министерството за финансии 20 единици на локална самоуправа имаат доставено известување дека е започната постапката за измена на актите за организација и систематизација заради основање на посебна организациона единица за финансиски прашања.

За зајакнување на институционалните капацитети за финансиско управување и контрола во субјектите во 2009 е донесен Акциониот план за основање и екипирање на единиците за финансиски прашања и вработување на 130 нови извршители во 65 субјекти на централно ниво.

Во втората половина на 2009 година започна реализацијата на новиот МАТРА проект за зајакнување и имплементација на јавната внатрешна финансиска контрола на централно ниво, финансиран од Кралството Холандија. МАТРА проектот, е планирано да заврши до крајот на 2010 година, односно до отпочнувањето на новиот проект финансиран од ИПА 2008.
Во Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола основано е Одделение за хармонизација на финансиското управување и контрола кое е кадровски екипирано со 4 извршители.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на март 2010 година ќе биде заокружена правната рамка со донесување на следните подзаконски акти согласно новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола:

- Правилникот за начинот за давање на овластувања;
- Правилникот за начинот на извршување на работите од надлежност на единицата за финансиски прашања ;
- Правилникот за стандардите за внатрешна контрола.;
- Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси и
- Прирачникот за финансиско управување и контрола

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии**

Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии ќе биде спроведено со зголемување на капацитетите на Одделението за хармонизација на финансиско управување и контрола со вработување на 3 извршители и основање на Комитетот за финансиско управување и контрола како советодавно тело на министерот за финансии.

Во 2010 година во рамки на МАТРА проектот ќе бидат зајакнати капацитетите на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола кој треба да биде носител на промените во процесот на имплементација на децентрализираниот систем на раководење и управување со јавните средства уредени со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Заради тоа, за вработените во Одделението за хармонизацијана финансиското управување и контрола, во рамки на МАТРА проектот,

ќе бидат спроведени обуки за вештини за иницирање, стимулирање и обезбедување помош и насоки за вработените во субјектите од јавниот сектор во оваа област.

Спроведените обуки на вработените во Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола ќе придонесат за подобрување на квалитетот на стратешките и годишните планови на субјектите во процесот на поставувањето на јасни цели, прегледност на очекувањата (активностите), начинот за остварување на тие очекувања и начините за мерење на успешноста на работењето преку индикатори, воспоставени според SMART начелото.

**Зајакнување на институционалните капацитети за финансиско управување и контрола во субјектите од јавниот сектор**

Во 2010 година кај буџетските корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт, фондовите, општините и Градот Скопје ќе продолжи започнатиот процес за основање и екипирање на единиците (сектори или одделенија) за финансиски прашања кои ќе бидат одговорни за процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола, чиј раководител директно одговара на раководителот на субјектот и највисокиот раководен државен службеник.

Во 2010 година ќе бидат преземени мерки за зајакнување на капацитетите за финансиско управување и контрола кај буџетските корисници од прва линија со вработување на 133 лица, од кои 2 лица во законодавната власт , 88 лица во извршната власт, 38 лица во судската власт и 5 лица во фондовите.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Зајакнувањето на капацитетите за имплементацијата на системот за финансиско управување и контрола на централно ниво ќе се реализира со имплементацијата на Матра проектот „Зајакнување и имплементација на системот на јавната внатрешна финансиска контрола на централно ниво" кој започна во мај 2009 година и ќе трае до крајот на 2010 година во чии рамки ќе бидат спроведени обуки за раководителите на единиците за финансиски прашања и други вработени за имплементација на новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола односно обуки за: воспоставување и функционирање на единицата за финансиски прашања, за управување со ризик, дидактички вештини, за пишување интерни акти, за вештини да се стане партнер на раководството, студиска посета во Хаг на вработени од Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола и друго.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во почеток на 2011 година, во рамки на IPA 2008, ќе започне со реализација Твининг проект за зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола на централно и локално ниво финансиран од ЕУ во чии рамки ќе бидат спроведени почетна и напредна обука за финансиско управување и контрола и обука за изготвување на планови за воспоставување на финансиско управување и контрола.

Во 2011 година ќе бидат преземени мерки за зајакнување на капацитетите за финансиско управување и контрола кај буџетските корисници од прва линија со вработување на 25 лица.

1.2 **ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на РМ", бр. 90/09), Правилникот за начинот за извршување на внатрешната ревизија (Службен весник на Република Македонија 72/03), Правилникот за основните елементи на упатството за работа, повелбата, годишниот план и програмата за внатрешна ревизија (Службен весник на Република Македонија бр.38/05), Правилникот за формата, содржината и начинот за доставување на изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли ("Службен весник на РМ", бр. 08/08), и Прирачникот за внатрешна ревизија објавен на интернет страницата на Министерството за финансии претставуваат правна рамка за извршување на внатрешната ревизија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Функцијата на внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија ја извршуваат единици за внатрешна ревизија основани во субјектите од јавниот сектор на централно и локално ниво, а хармонизацијата на внатрешната ревизија ја спроведува Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија во рамките на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола. Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија е кадровски екипирано со 5 (пет) извршители.

Во институциите од централно ниво основани се 50 единици за внатрешна ревизија (во 15 министерства, 4 фондови и 31 институција на централна власт) и назначени се 87 внатрешни ревизори, а 7 институции имаат склучено договори за вршење на внатрешна ревизија од единица за внатрешна ревизија од друг субјект од јавниот сектор.

На локално ниво во 40 единици на локална самоуправа назначени се 35 внатрешни ревизори, а 20 единица на локална самоуправа имаат склучено договори за вршење на внатрешна ревизија од друга единица за внатрешна ревизија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

До јули 2010 година ќе бидат донесени следните подзаконски акти на новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола:

- Правилникот за стандардите за професионално извршување на внатрешната ревизија и Етичкиот кодекс на внатрешните ревизори,
- Правилникот за Повелбата за внатрешна ревизија;
- Правилникот за постапката за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор,
- Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и
- Дополнување на Прирачникот за внатрешна ревизија

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии**

Заради обезбедување на услови за навремено и ефикасно извршување на зголемениот обем на активности на регулирање, развој и унапредување на внатрешната ревизија во јавниот сектор, бројот на вработени во Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија во 2010 година ќе се зголеми за 1 извршител - раководител на одделението.

Административните капацитети на Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија во 2010 година ќе бидат зајакнати и со спроведување обука за внатрешна ревизија.

**Зајакнување на институционалните капацитети за внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор**

Зајакнувањето на внатрешна ревизија во јавниот сектор во Република Македонија во 2010 година ќе биде спроведено со вработување на 76 внатрешни ревизори во 46 институции од централно ниво.

Во рамки на МАТРА во 2010 година ќе биде спроведена почетна обука за внатрешна ревизија – "Обука за вештини да се стане партнер на раководството" и обука за дидактички вештини за внатрешните ревизори од централно ниво.

Процесот на основање на единици за внатрешна ревизија и склучување на договори за вршење на внатрешна ревизија во општините ќе продолжи и во 2010 година. Во 2010 година во сите општини со буџет над 50 милиони денари ќе бидат основани единици за внатрешна ревизија, а општините со буџет под 50 милиони денари ќе склучат договори за спроведување на внатрешна ревизија од единица за внатрешна ревизија од друг субјект од јавниот сектор.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во почетокот на 2011 година, во рамки на IPA 2008, ќе започне со реализација твининг проект за зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола на централно и локално ниво финансиран од ЕУ.

Зајакнувањето на внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија во 2011 и 2012 година ќе биде спроведено со вработување на 56 внатрешни ревизори во 33 институции од централно ниво.

### 1.3 **ДРЖАВНА** (**НАДВОРЕШНА**) **РЕВИЗИЈА**

Државниот завод за ревизија (ДЗР) е врховна ревизорска институција (ВРИ), основана со Законот за државната ревизија донесен во 1997 година, со цел да се обезбеди законско, наменско, економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства. ДЗР спроведува ревизии и изготвува извештаи кои ги објавува на WEB страната, а до Собранието на Република Македонија поднесува годишен извештај за работењето и извршените ревизии.

Работата на Државниот завод за ревизија е регулирана со Законот за државната ревизија кој е во согласност со принципите на ЛИМА Декларацијата и МЕКСИКО Декларацијата за независност на врховните ревизорски институции.

Врз основа на активностите на твининг проектот со Холандскиот суд за ревизија и направената оценка (peer review) за работењето од страна на Германската ВРИ, во Државниот завод за ревизија продолжија активностите за подобрување на оперативната и финансиската независност и обезбедување квалитет во работењето.

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во декември 2008 заврши со реализација тригодишниот Твининг проектот за развој на ДЗР со Холандскиот суд за ревизија кој ги даде очекуваните резултати, Соработката со Холандскиот суд за ревизија продолжува и во периодот 2009-2010 преку Министерството за надворешни работи на Холандија (програма MATRA). Програмата е насочена кон подобрување на организацијата и административниот капацитет на ДЗР, како и на зајакнување на ревизорските вештини, IT ревизијата и комуникацијата со надлежните страни.

ДЗР и Собранието на РМ определија лица за контакт за зајакнување на меѓусебната соработка. Со цел запознавање со функционирањето на соработката на Холандскиот суд за ревизија и Парламентот во Холандија, во 2009 се реализира студиска посета на Хаг на делегација од ДЗР и Комисијата за финансирање и буџет во Собранието на РМ.
Заради користење на добрите практики на ЕУ, Државниот завод за ревизија во 2009 година учествуваше во координирана паралелна ревизија на успешност на ЕУРОСАИ за климатските промени заедно со Врховните ревизорски институции (ВРИ) од Европа во координација на ВРИ на Полска. По спроведените ревизии и изготвени национални извештаи, изготвен е Заеднички конечен извештај во кој што ќе биде презентирано искуството на учесниците, поуките и ефектот од заедничката активност.

Со цел подобрување во спроведувањето на препораките во извештаите на ДЗР, во септември 2007 година со измени и дополнувања на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 116/2007) формиран е Ревизорски комитет како постојано стручно тело кое ќе ги разгледува ревизорските извештаи и извештаите на другите органи на државната управа за преземените мерки за надминување на утврдените неправилности во ревизорските извештаи на ДЗР. Исто така, со цел зајакнување на системот на следење на исполнување на препораките на ДЗР, во 2009 година беа спроведени последователни ревизии (follow up audit) кај четири субјекти од јавниот сектор.

Во 2009 година усвоени се следите акти и методолошки упатства:

- Стратегијата за развој на ДЗР за периодот 2010 – 2014, која ги содржи и Стратегијата за управување со човечките ресурси на ДЗР и Стратегија за комуникација на ДЗР за релевантниот период и ИТ Стратегија;
- Детални методолошки упатства за спроведување ревизија од различни аспекти;
- Годишен план за професионална едукација на државните ревизори;
- Исто така, во 2009 година реализирани се повеќе почетни и напредни обуки за вработените во ДЗР за IT ревизија, пишување ревизорски извештаи, контрола на обезбедување на квалитет и примена на модерни техники за раководење, како и пилот ревизии за финансиска ревизија во соработка со Холандскиот суд за ревизија.

Бројот на извршители во ДЗР во 2009 изнесува 116 (вклучувајќи ги и 25 вработени во Ревизорското тело)

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ ПРАВНА РАМКА**

До крајот на јуни 2010 година ќе биде донесен нов Закон за државната ревизија со кој ќе се обезбеди јакнење на оперативните капацитети и функционалната и финансиската независност на ДЗР согласно препораките на ЛИМА Декларацијата, Декларацијата од Мексико за независност, Прашката декларација и добрите практики на земјите членки на ЕУ и Европската комисија. Со овој закон ќе се регулира само работењето на државната ревизија. Работењето на Ревизорското тело ќе биде регулирано со посебен закон. Новиот Закон за државната ревизија ќе обезбеди соодветен професионален развој на државните ревизори и поефикасно следење на спроведувањето на препораките во ревизорските извештаи.

Со цел успешно следење на реализацијата на препораките од ревизорските извештаи на ДЗР во 2010 година ќе биде потпишан Меморандум за соработка на ДЗР со Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија. Истиот ќе обезбеди Комисијата за финансирање и буџет редовно да ги разгледува и дискутира сите позначајни ревизорски извештаи на ДЗР и донесува соодветни заклучоци. Со ова ќе биде зголемена соработката со оваа комисија и ќе се подобри спроведувањето на препораките од извештаите на ДЗР.

**ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Јакнењето на институционалните капацитети на ДЗР во 2010 година ќе се обезбеди со 5 нови вработувања со што бројот на извршители во ДЗР ќе биде 96.

За јакнење на капацитетите на ДЗР во 2010 година ќе бидат донесени:

- Нов Правилник за внатрешна организација и работа на ДЗР и Правилник за систематизација на работните места во ДЗР согласно новиот Закон за државната ревизија и Законот за државни службеници;
- Воведување на функција и инструменти за обезбедување квалитет на ревизиите, согласно донесеното Упатството за обезбедување квалитет во вршењето ревизии;
- Спроведување на пилот финансиски ревизии, ревизии за успешност и IT ревизија во соработка со Холандскиот суд за ревизија;
- Развивање на систем за следење на препораките;
- Донесување насоки за воведување на систем за управување со процесот за ревизија (АМС) и систем за управување со документи (ДМС)

Во 2010 година ќе бидат спроведени повеќе обуки за различни аспекти на државната ревизија.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Соработката со Холандскиот суд за ревизија ќе продолжи во периодот 2009 – 2010 година, во рамките на Проектот за соработка меѓу ДЗР и Холандскиот суд за ревизија за зајакнување на развојот на ДЗР како компетентен надворешен ревизор, поддржан од MATRA програмата.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ ПРАВНА РАМКА**

Заради постигнување на целосна независност на ДЗР, Министерството за финансии ќе изготви Предлог за пристапување за измени на Уставот на РМ, со цел дефинирање на ДЗР како уставна категорија.

**ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Јакнењето на оперативните и функционалните капацитети на ДЗР во периодот 2011-2012, ќе се реализира преку:

- Зголемување на бројот на вработени за 10 извршители со што вкупниот број на извршители ќе биде 106;
- Имплементација на системот за управување со процесот на ревизија (Audit Management System) и на системот за управување со документи (Document Management System);
- Обуки за различни аспекти на државната ревизија;
- Унапредување на соработката со Собранието на РМ.

3.32.2 **ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ**

2.1 **ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Заштитата на финансиските интереси на ЕУ е регулирана со:

- Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија “ бр.90/09).
- Рамковна Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските Заедници за правилата за соработка во врска со финансиската помош  ЕЗ за Република Македонија во рамките на спроведување на помошта според ИПА (Службен весник на Република Македонија “ бр.18/2008).
- Финансиска Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските Заедници во однос на третата компонента од ИПА - повеќегодишна програма за Регионален Развој
- Уредба за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од ИПА (Службен весник на Република Македонија “ бр.132/2008, 119/2009).
- Уредба за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на целосно децентрализирано управување со петтата компонента од ИПА (  Службен весник на Република Македонија“  бр. 144/2008, 123/2009).
- Прирачниците за внатрешни постапки на Националниот Координатор за Авторизација (НАО), Национален Фонд (НФ) и Секторот за централно финансирање и склучување на договори (CFCD) , ресорните министерства и институциите корисннички
- Договорот за имплементација  на ИПА проектите помеѓу НАО/НФ  и CFCD,
- Оперативните Договори помеѓу CFCD и ресорните министерства
- Меморандумот за Соработка за заштита, откривање, известување и истрага на нерегуларности во врска со имплементација на ИПА помошта во Република Македонија потпишан помеѓу NAO и AFCOS
- Прирачник за внатрешни постапки на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој
- Договор помеѓу Националниот фонд и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој за имплементација на проектите од ИПАРД според целосно децентрализираниот систем за управување

Со новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, регулирана е обврската за раководителите на субјектите од јавниот сектор  да го спречуваат ризикот од неправилности и измами и да преземаат активности против неправилностите и измамите; да именуваат лице задолжено за неправилности кое ќе ги прима извештаите за неправилностите и измамите и самостојно ќе презема дејствија за спречување на неправилностите и измамите.

Внатрешните ревизори, лицата вклучени во финансиското управување и контрола и другите вработени имаат обврска за сомневањата за измами или за соодветните наоди за неправилности едновремено да ги известуваат раководителот на субјектот и лицето задолжено за неправилности.

На внатрешните ревизори, лицата вклучени во финансиското управување и контрола, како и другите вработени кои известуваат за било каква нерегуларност загарантирана им е заштитата на идентитетот и правата од работен однос согласно националното законодавство.

Во Министерството за финансии  е формирано самостојно Одделение за внатрешна ревизија на ЕУ–IPA фондовите со 3 извршители.

Одделението за внатрешна ревизија на ЕУ–IPA фондовите  во 2010 година ќе се зголеми за 3 извршители.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во функција на заштита на финансиските интереси на Европските заедници, Министерството за финансии - Управата за финансиска полиција ги координира активностите за потребите на OLAF. Одделението за координација на спречување на измами во Управата за финансиска полиција (AFCOS) е национална, средишна контакт точка во Република Македонија чија улога е помагање и поддршка на OLAF[34] во спречување на измамите. Одделението за координација на спречување на измами (AFCOS) дејствува како координативно тело кое има за задача да разменува информации со службениците на OLAF во областа на спречување на измами, корупција и било какви други нелегални активности (неправилности).

Во рамките на своите активности Одделението за координација на спречување на измами има оперативна независност, но истовремено развива координациски активности во одржување на меѓуинституционална соработка.

Во Одделението за координација на спречување на измами во Управата за финансиска полиција работат 3 вработени од кои еден раководител и двајца инспектори со искуство во државната управа во спречувањето на неправилности/измами, познавање на институциите и политиката на ЕУ.

Националниот Координатор за Авторизација (NAO), во системот на децентрализирано управување со ЕУ средствата има целосна одговорност за известување за секоја нерегуларност или сомневање за нерегуларност која е предмет на административна и судска постапка поврзана со користење на ЕУ фондовите. Секоја институција корисник на ЕУ фондовите има номинирано службеник за нерегуларности, кои што се одговорни за известување на секоја нерегуларност до NAO. NAO ги сумира сите извештаи за нерегуларности и ги доставува до OLAF, Европска Комисија и копија до AFCOS (Одделението за координација на спречување на измами во Управата за финансиска полиција). Формата на извештаите за нерегуларности како и пополнување на истите е регулирано согласно Водичот за пополнување на стандардна форма за известување на нерергуларности во врска со ИПА, издадено од OLAF. Водичот за пополнување на стандарната форма за нерегуларности во врска со ИПА е дистрибуирано од страна на NAO до оперативната структура (CFCD , ИПАРД Агенција и институциите корисници на ИПА). Исто така во рамките на проектот за „Изградба на капацитетите на ДИС структурата во Република Македонија„ финансирани од КАРДС, се реализирани обуки за нерегуларности каде што се опфатени сите институции инволвирани во имплементација на ИПА проектите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во првиот квартал од 2010 година Владата на Република Македонија ќе донесе Уредба за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата и содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите.

Одделението за координација на спречување на измами (AFCOS) ќе развива поддршка од тела и институции надвор од својата матична институција, кои директно или индиректно се вклучени во заштитата на финансиските интереси на ЕУ, а истовремено ќе предлага мерки законодавното и административното опкружување да ги зајакнуваат тие активности.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Заради потребата од специфични знаења во областа на „заштита на финансиските интереси на ЕУ" ќе бидат спроведени обуки за зајакнување на административните капацитети на вработените во Одделението за координација на спречување на неправилности и измами во Управата за финансиска полиција.

Во текот на 2010 година во рамките на Twinning Light проектот, финансирано од Националната програма за транзициона помош и институционална надградба од 2007 година ( прва компонента од ИПА) , планирани се да се спроведуваат обуки за управување со неправилности во однос на користење на средствата од првите четири компоненти од ИПА. Исто така, во рамките на проектот за Поддршка за подготовка за ИПАРД, во првиот квартал на 2010 година ќе се реализира обука за идентификување на нерегуларности и измами како и презентирање на практично искуство, наменета за целата ИПАРД структура.

2.2 **КОНТРОЛА НА ЕУ ФОНДОВИТЕ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка за ревизија на ЕУ фондовите во Република Македонија е регулирана со:

- Законот за изменување и дополнување на Законот за државна ревизија („Службен весник на Република Македонија "број 133/07)

[34] OLAF е специјализирана управа на Европската Комисија задолжена за спречување на измами. Мисијата на OLAF е за заштита на интересите на ЕУ во смисла на спречување на измами, корупција и било какви други нелегални активности (неправилности), вклучувајќи и неправилности и измами внатре во Европската Комисија. Делувањето на OLAF има правна основа во членот 280 од Договорот за основање на Европската Заедница.

- Рамковната Спогодба помеѓу Република Македонија и Европската Комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската Комисија за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош. (IPA) („Службен весник на Република Македонија “број 18/08)
- Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските заедници за правилата за соработка во однос на финансиската помош од ЕК на Република Македонија и спроведување на помошта според компонента V (IPARD) од Инструментот за претпристапна помош. („Службен весник на Република Македонија “број 165/08).

Во месец ноември 2007 донесени се измени и дополнувања на Законот за државна ревизија („Службен весник на Република Македонија “ број 133/07) со кој во ДЗР е формирано Ревизорско тело за пред-пристапни фондови на Европската унија во Република Македонија (во понатамошниот текст: Ревизорско тело).
Ревизорското тело е функционално независно од структурите во системот на управување со пред-пристапните фондови на Европската Унија во Република Македонија и од организационите облици на Државниот завод за ревизија, а соработката со Државниот завод за ревизија се остварува согласно Меморандумот за разбирање и соработка потпишан во август 2007 година. Ревизорското тело врши ревизија на правилна имплементација на IPA во Република Македонија со цел верификација на ефективното функционирање на системите за раководење и контрола на пред-пристапните фондови и на веродостојноста на сметководствените информации доставени до Европската Комисија, согласно меѓународните ревизорски стандарди.

Ревизорското тело секоја година, донесува Годишен план за работа, кој е независен и самостоен од Годишниот план за работа на ДЗР. Годишниот план за работа се доставува до Националниот координатор за авторизација и до Европската Комисија до крајот на тековната година за наредната година.
Ревизорското тело секоја година донесува Годишен извештај за ревизорска активност по ИПА компонента и Годишно ревизорско мислење по ИПА компонента. Ревизорските извештаи и мислења се доставуваат до Европската Комисија (ГД за проширување, ГД за Регионален развој, ГД за развој на човечки ресурси и вработувања и ГД за рурален развој), Националниот координатор за акредитација и Националниот координатор за авторизација и истите не се составен дел на годишниот извештај за извршени ревизии на ДЗР.

Во рамки на проектот за “Техничка помош за јакнење на капацитетите на Ревизорското тело”, одобрен од Европската Комисија започнат во март 2008, завршен во март 2009, подготвени се следните документи:
- Стратегија за ревизија на Ревизорското тело 2009-2011 година,
- Годишен план за ревизија по IPA компоненти за 2009 година
- Прирачник за ревизија на IPA – општ дел
- Прирачници за ревизија на IPA по компоненти (I – V)
- Workload analysis

Во текот на 2009 година од страна на Ревизорското тело реализирани се работни средби и консултативни состаноци со одговорните Генерални Директорати од Европската Комисија во Брисел за имплементација на IPA во Република Македонија, како и со претставници на Европскиот суд на ревизори во Луксембург со цел зајакнување на меѓусебната соработка во областа на ревизијата на европските фондови. Истовремено спроведени се повеќе професионални обуки за вработените во Ревизорското тело за ревидирање на IPA фондовите, при што се користени искуствата на експерти од Европската Комисија и Европскиот суд на ревизори во Луксембург.

Во текот на 2009 година од страна на Европската Комисија донесени се Одлука за пренос на надлежностите за децентрализирано управување со Програмата за развој на човечки ресурси во рамките на IPA во Република Македонија и Одлука за пренос на надлежностите за управување врз Република Македонија за оперативната програма Регионален развој, со што Ревизорското тело започна со ревизија на ефективното функционирање на системите за управување и контрола со IPA.

Во Ревизорското тело во 2009 година, согласно Workload analisys, бројот на извршители изнесува 25, а во тек е постапка за вработување на нови 6 извршители.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Ревизорското тело во текот на 2010 година ќе продолжи со континуирана реализација на активностите неопходни за добивање на позитивно мислење од страна на Европската Комисија за неговата подготвеност за ревидирање на IPA системот во Република Македонија, за IPA компонента I – Помош во период на транзиција и институционална надградба, компонента II – Прекугранична соработка и компонента V - Рурален развој, а кои опфаќаат:
- понатамошно зајакнување на институционалните капацитети согласно workload analysis

- обезбедување на соодветни работни услови и
- континуирана едукација и професионално усовршување на вработените за ревизија на ИПА фондовите

Во 2010 Ревизорското тело ќе ја продолжи соработката со Европскиот суд на ревизори преку учество на претставници на Ревизорското тело на специјализирани обуки за ревизија на ЕУ фондовите.

До март 2010 година, како предуслов за целосна имплементација на IPA се очекува регулирање на Ревизорското тело со посебен закон, со цел зајакнување на неговата функционална и финансиска независност согласно добиените мислења и препораки од Европската Комисија (Генерален Директорат за проширување и Генерален Директорат за земјоделство и рурален развој).

**ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**
Во 2010 година согласно Workload analisys ќе се реализираат 5 нови вработувања со што бројот на извршители на Ревизорското тело ќе ја достигне бројката од 36 извршители.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во периодот 2011-2012 година, ќе бидат ревидирани и ажурирани прирачниците за ревизија на IPA и изготвени други методолошки упатства за вршење на ревизија во надлежност на Ревизорското тело.
Во 2011 и 2012 година ќе бидат реализирани 6 нови вработувања со што бројот на извршители во Ревизорското Тело ќе достигне бројката од 42 извршители.

2.3 **ЗАШТИТА НА ЕВРОТО ОД ФАЛСИФИКУВАЊЕ**
**ПРАВНА РАМКА**
Правната рамка за заштитата од фалсификување во Република Македонија е утврдена со следните правни акти:

- Кривичен законик на Република Македонија[35] („Службен весник на Република Македонија"бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03,19/04 и 85/05); Кривичниот законик е усогласен со Рамковната одлука на Советот (32000Ф0383 од 29.05.2000 година) односно извршено е заострување на казнената политика за фалсификување на еврото.
- Закон за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.15/97, 44/02, 74/04 и 15/05);
- Закон за Полиција („Службен весник на Република Македонија" бр.114/06);
- Правилник за содржината и начинот на водење на евиденциите на Полицијата и формата и содржината на образецот на евиденции во Полицијата („Службен весник на Република Македонија".бр.78/07) во кој е регулирано начинот на водење на регистарот за откриени фалсификувани пари (евро и други странски валути);
- Меѓународна конвенција за сузбивање на фалсификувањето од 1929 ратификувана во РМ во март 2005 година.
- Закон за Народна Банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија"бр.03/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06).

Заштитата на еврото од фалсификување во Република Македонија се спроведува во Министерството за внатрешни работи.
Во Министерството за внатрешни работи оваа заштита се спроведува во два оддела и тоа: Одделот за организиран криминал - единица за борба против перење пари и економски организиран криминал[36] и Одделот за криминалистичка техника.

ОДДЕЛ ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ - ЕДИНИЦА ЗА БОРБА ПРОТИВ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ЕКОНОМСКИ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

Одделот за организиран криминал - единица за борба против перење пари и економски организиран криминал, како составен дел на Бирото за јавна безбедност надлежна е за заштита на еврото од фалсификување.

ОДДЕЛОТ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКА ТЕХНИКА

---

[35] Фалсификувањето на пари е регулирано и казниво според глава 25 од Кривичниот законик како кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Во членот 268 е регулирано дека: „тој кој што ќе направи лажни пари со намера да ги пушти во оптек како вистински или тој кој што ќе преиначи вистински пари со намера да ги пушти во оптек или тој кој што такви лажни пари ќе пушти во оптек ќе се казни со затвор од една до десет години". Со истата казна ќе се казни и „тој кој што прибавува лажни пари со намера да ги пушти во оптек како вистински". Доколку поради ваквите дела дошло до растројство во стопанството на земјата сторителот ќе се казни со најмалку пет години затвор, а со парична казна или со затвор до три години ќе се казни „тој кој што лажни пари ќе ги прими како вистински, ќе ги пушти во оптек или тој кој што знаел дека се направени лажни пари кои се пуштени во оптек и тоа нема да го пријави". Во сите случаи лажните пари се одземаат.

[36] Одделот за организиран криминал е надлежен за спречување на вршење кривични дела, откривање и фаќање на организирани групи сторители на кривични дела и нивно предавање на надлежните органи

Одделението за испитување на спорни документи во Одделот за криминалистичка техника при Министерството за внатрешни работи спроведува форензичното вештачење на фалсификувани евра. Тоа спроведува:

- контрола на оригиналноста на банкнотите,
- изготвува наоди и мислење за неоригиналните банкноти,
- изработува фото документација на фалсификуваните банкноти и
- води регистер на фалсификувани банкноти по номинална вредност, сериски број и бројот на плочата на која се фалсификувани.

Имајќи предвид дека техничка анализа и централното собирање и обработка на информации за фалсификувани денари ја спроведува Народната Банка на Република Македонија, а за фалсификувани евра и останати странски валути Министерството за внатрешни работи, може да се заклучи дека во Република Македонија не постои единствена национална централна канцеларија одговорна за фалсификувани пари согласно член 12 од Женевската Конвенција од 1929 година и Регулативата 1338/2001.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Со цел подобрување на заштитата на еврото, денарот и останатите странски валути во Република Македонија како и усогласување со Одлуката на Советот од 06.12.2001 година за заштита на еврото од фалсификување (32001Д0887) ќе бидат преземени следните активности:

Со измена и дополна на актот за систематизација на работните места во рамките на полицијата ќе биде основана организациона единица како Централна канцеларија за фалсификувани пари како единствена институција во земјата одговорна за откривање, докажување и документирање на кривичното дело фалсификување на пари и регистрација и форензично вештачење на сите видови фалсификувани пари (вклучувајќи ги и еврата).

Со цел зајакнување на кадровските капацитети на Централната канцеларија за фалсификувани пари во Министерството за внатрешни работи соодветно ќе бидат вработени 5 нови лица во 2010 година.

## 3.33 **ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ**

Главниот акцент во поглавјето на финансиските и буџетските одредби е ставен на обезбедување на систем на сопствени средства и воспоставување на соодветен капацитет, кој ќе овозможи навремен и прецизен буџет, прибирање, плаќање и контрола на сопствените средства, кои Република Македонија ќе ги уплатува во буџетот на Европската унија од денот на нејзиното пристапување. Правната легислатива во ова поглавје е задолжителна и не бара транспонирање во националното законодавство. Меѓутоа со оглед на тоа што подрачјето на сопствени средства во поглед на нивниот опфат е поврзано со националното законодавство за царини, даноци, статистика и финансиски надзор, Република Македонија паралелно со процесот на воспоставување на потребниот капацитет на системот на сопствени средства ќе обезбеди и усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија.
Министерството за финансии со оглед на надлежноста ќе биде главно тело задолжено за воспоставување на системот на сопствени средства, во кое ќе биде вклучено и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот завод за статистика, Управата за јавни приходи и Царинската управа, кои се идентифицирани како клучни субјекти кои ќе бидат вклучени во системот на сопствени средства.

ТЕКОВНА СОСТОЈБА
ПРАВНА РАМКА
Определбата на Република Македонија за членство во Европската Унија и во меѓународните институции, претставуваше силен поттик за темелно и целосно доградување на законодавно - институционалниот систем на јавните финансии.
Законот за буџети и соодветните измени на законот, претставува системски закон со кој се уредува системот на јавни финансии во Република Македонија. Со овој закон се уредуваат целите, начелата, планирањето и извршувањето, како и структурата на буџетот и истите целосно се усогласени со начелата и правилата на Европската заедница и меѓународните стандарди. Со последните измени и дополнувања на законот направени во 2009 година, се утврдува:

- Современа постапка за менаџирање со буџетските средства со која почнувајќи од 2011 година се дава можност за буџетските корисници доколку не ги искористат одобрените средства во програмите и потпрограмите на развојниот дел на буџетот во тековната година, да ги пренесуваат во висина од 50% како одобрени средства за наредната фискална година. Начинот на користење на овие средства е регулирано со издавање на согласност за повеќе годишна јавна набавка, постапка која е целосно усогласена со Законот за јавни набавки.
- Во одредбите со кои се регулирани функциите на Трезорот, направени се дополнувања со кои се проширува опфатноста на надлежностите на Трезорот и тоа во насока на создавање на законски основ за: задолжување на сметки во рамки на трезорска главна книга врз основа на договорни овластувања и во случај на исправка на грешка од страна на трезорот, за управување со ликвидноста на сметките во рамки на трезорската главна книга како и запирање со извршување на одредени плаќања на буџетските корисници и единки корисници на централната власт во случај на констатирани нарушувања на финансиската дисциплина и во услови на нарушување на проектираната ликвидност на Трезорската сметка. Овие дополнувања се извршени како резултат на согледувањата во досегашната пракса од основањето на Трезорот (2002 година) и истите се со цел да овозможат поголема ефикасност на истиот.

Во делот на националните сметки базична е Регулативата на Советот на ЕУ 2223/96. За потребите од пресметување на бруто националниот доход, Државниот завод за статистика ги користи податоците за бруто домашниот производ по пазарни цени и податоците за нето примарниот доход од странство, кои се опфатени од Народна Банка на Република Македонија. Пресметувањето на БНД не е целосно хармонизирано со ЕСА 95 стандардите. Имплементирањето на методологијата е во тек.

Со Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон, донесен во јануари 2008 година („Сл.весник на РМ бр.04/08") се пропиша нов начин на присилната наплата на царинскиот долг врз основа на Законот за даночна постапка, односно се воспостави правна рамка Царинската управа дополнително настанатиот царински долг кој не е наплатен да го наплатува, покрај со блокирање на сметките во деловните банки, и со заплена на имот и парични средства на царинските должници. Во оваа насока Царинската управа веќе донесе интерни процедури - Упатство за присилна наплата на царинскиот долг, а во завршна фаза е неговото целосно имплементирање.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерот за финансии е одговорен за подготвување на Буџетот на Република Македонија и за неговото доставување до Владата на Република Македонија.
Буџетот на Република Македонија и буџетите на општините се однесуваат за период од една фискална година, односно од 1 јануари до 31 декември. Основа за подготвување на буџетите се стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, среднорочната Фискалната стратегија, предлог стратешките планови на буџетските корисници, како и приоритетите на општините.

Буџетот се состои од планираните приходи и другите приливи и планираните расходи и други одливи на основниот буџет, буџетот на самофинансирачките активности, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на фондовите и општините.

Согласно Законот за буџетите, буџетски корисници се корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт, фондовите, корисниците на буџетите на општините и корисниците основани со закон на кои им е доверено вршење на јавни овластувања.

Буџетите ги содржат одобрените средства по буџетски корисници и утврдени намени кои се однесуваат на финансирање на тековните, капиталните и другите расходи на буџетските корисници и нивните единки корисници за реализација на активностите претставени преку програми и потпрограми.

Буџетските корисници не смеат да преземаат обврски кои доспеваат во тековната година или да направат расходи над одобрените средства со Буџетот на Република Македонија и буџетот на општината. Неискористените одобрени средства со буџетот престануваат да важат на 31 декември во тековната фискална година освен ако поинаку не е уредено со Законот за буџетите ( ,,Службен весник на РМ" , бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008).

Одобрените средства во програмите и потпрограмите на развојниот дел на основниот буџет кои нема да се искористат во текот на фискалната година, во износ од 50% се пренесуваат како одобрени средства за првото полугодие од наредната фискална година.

Буџетските корисници од извршната власт и фондовите, како и градоначалникот на општината подготвуваат Предлог - план на програми за развој усогласен со насоките од циркуларот и истиот го доставуваат на одобрување до Владата на Република Македонија најдоцна до 15 јули во тековната година, односно до Советот на општината најдоцна до 20 октомври во тековната година.
Владата на Република Македонија која е надлежна за утврдување на приоритетите на финансирање на Предлог програмите за развој истите ги одобрува најдоцна до 15 август во тековната година, а Советот на општината најдоцна до 15 ноември во тековната година.
Средствата од фондовите на Европската Унија како и националното кофинансирање се прикажуваат во буџетот и истите се составен дел од програмите за развој на одделните буџетски корисници. Согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година, при ненавремен трансфер на средствата од ЕУ наменети за финансирање на проектите од пооделните компоненти од ИПА, потребните средства ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија. При тоа при извршување на Буџетот на Република Македонија приоритет во исплатата на средства ќе има финансирањето на проектите од пооделните компоненти од ИПА.
Со цел потранспарентно прикажување на јавните финансии во текот на 2009 година се подготви нова Економска класификација на јавните приходи и расходи. Истовремено со измените и дополнувањата на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа се изврши регулирање на задолжувањето на општините целосно усогласено со Законот за јавен долг, како и воведување на можноста за позајмици на општините, со цел зајакнување на фискалниот капацитетот и успешно финализирање на процесот на децентрализација во Република Македонија.
За ефикасно и ефективно управување со јавните финансиски средства е задолжен Трезорот како организациона единица при Министерството за финансии, како особено значаен сегмент од вкупното функционирање на државата.
Министерството за финансии е надлежно за управување со средствата добиени од Буџетот на Европската унија, согласно одредбите и правилата на Европската унија за финансирање и склучување на договори.

Во 2008 година се изврши измена на организационата структура на Царинската управа во делот на финансии и сметководство, а со цел рационално, ефективно и ефикасно планирање и извршување на буџетот на Царинската управа и поголема контрола во спроведувањето на постапката и реализацијата на договорите за јавни набавки.

Во 2008 година особено се интензивирани активностите за натамошно јакнење на институционалниот капацитет на царината за олеснување и намалување на трошоците на транспортот и трговијата, како и за постигнување мерливи резултати во борбата против корупцијата и нелегалната трговија, заштитата на правата од интелектуална сопственост. Помошта од ЕУ и на друга билателарна и мултилатерална основа, имаше значителен придонес во натамошното градење на институционалниот капацитет на царината.

Царинската управа започна со активности за имплементација на Рамката на стандарди за олеснување и безбедност на меѓународната трговија на Светската царинска организација, како платформа за подобрување на способноста на царинската служба да открива и да се справува со високо ризични пратки.

Како стандард од СЦО Рамката на стандардите покрај воведувањето на овластени економски оператори и примената на модерна технологија за контрола на товарот, која ќе овозможи висок степен на ефикасност на царинската служба при контрола на товарот и забрзување на протокот на стока, е и воспоставување на модерен информационо комуникациски систем.

Во таа насока на со практична демонстрација на граничниот премин Табановце на (македонско - српската граница), официјално беа ставени во функција и секојдневно работење мобилните рентгенски системи за инспекција на возила со голема димензија и контејнери. Истовремено, активно започна со работа и реализација на планот на царинските експерти ангажирани од страна на реномираната консултантска куќа Crown Agents.

Со воведувањето на современата опрема се воспоставени светски стандарди за забрзување и олеснување на прометот со стока, брза и квалитетна контрола на товарните превозни средства во поглед на содржината и видот на стоката која се пренесува, откривање на недозволена трговија и криумчарење на забранета стока и акцизна стока, како и откривање на непријавена стока од било кој вид со цел да се придонесе за зголемување на наплатата на увозните давачки, заштита од увоз и транзит на недозволена стока, забрзување на протокот, заштита на границите и безбедност на граѓаните.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Поаѓајќи од Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија утврдено е дека не постојат значајни разлики во македонското законодавство со законодавството на ЕУ во поглед на основните принципи и институции надлежни за имплементација на системот на сопствени средства. При тоа продолжувањето на процесот на усогласување на полето на царините, оданочувањето, статистиката и финансиската контрола ќе обезбеди Република Македонија среднорочно да нема тешкотии во исполнувањето на обврската за воспоставување на системот на сопствени средства. Министерството за финансии во процесот на унапредувањето на планирањето и извршувањето на финансиските и буџетските одредби ќе се насочи кон реализирање на следните приоритети:

1. Подготовка на Правилник за организациска класификација, со кој ќе се уреди структурата на шифри за класифицирање на буџетски корисници и нивно подредување во хиерархиска организациона структура.
2. Утврдување на листа на буџетски корисници
3. Унапредување на постојните индикатори и развивање на нови, со цел зголемување на успешноста при реализацијата на буџетските програми;
4. Ревидирање на интерните процедури за начинот на подготовка на буџетот, и нивно дополнување со процедурите за преносот на неискористените средства од претходната во наредната фискална година и процедурите за ефикасно искористување на средствата од ЕУ фондовите;
5. Имплементација на системот за процесирање на царинските декларации (СОЦД),кој ќе ги има следните карактеристики:
   - Компатибилност на царинските постапки и режими со ЕУ побарувањата
   - Ќе ги покрие системите за: Увоз, Извоз, Транзит, Контролен Извозен/Увозен и подсистемите: ТАРИМ/ТАРИК, Управување со наплата и гаранции, Управување со ризик, Царински Авторизации
   - Решение на националниот домен, како и на екстерниот домен, на национално ниво, за бизнис заедницата и владините институции.

Во август 2008 година усвоен е нов Акционен план за спречување на корупцијата во Царинската управа на Република Македонија. Целта е унапредување на системот за превентивно делување и сузбивање на корупција во Царинската управа. Истиот е подготвен согласно препораките од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, законските одредби и регулативата која е на сила во Царинската управа на Република Македонија, како и законските обврски и принципи што произлегуваат од меѓународните конвенции.

Во рамките на надлежните институции Царинска Управа, Управа за јавни приходи и Државен завод за статистика во наредниот период ќе се спроведуваат реформи во насока на унифицирање на системот на прибирање на "Традиционални сопствени ресурси", кои главно се однесуваат на царините, даночните обврски во земјоделието, обврски од ДДВ и од обврските од бруто националниот доход кои секоја земја членка на ЕУ., ќе треба да ги уплатува во ЕУ буџетот:

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Спроведување на потребни обуки на вработените во овие организациони единици, поврзани со примената на новите сметководствени стандарди, примена на методологијата ЕСА-95, стратешко планирање, обуки сврзани со новите софтверски решенија и менаџирањето со претпристапните фондови од ЕУ и обуки сврзани со унапредување на моделот на финансирање на единиците на локалната самоуправа.

СТРАНСКА ПОМОШ

За реализација на обуките потребна е странска помош особено за примена на методологијата ЕСА-95 и за планирање на повеќегодишен Буџет на РМ, согласно стандардите на ЕУ, како и ангажирање на консултант за истата намена.

СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

ПРАВНА РАМКА

Во наредниот среднорочен период Министерството за финансии како надлежен орган за управување со јавните финансии, своите активности ќе ги насочи кон:

1. Доизградба на административниот капацитет на надлежните институции за соодветна контрола, прибирање и обезбедување на финансиски извори неопходни за финансирање на Буџетот на Европската унија,
2. Воспоставување на надлежно тело за координација и управување со сопствени средства како и оддел за контрола и надзор на овие средства,
3. Развој и унапредување на буџетскиот процес во функција на повеќегодишното планирање и подготвување на повеќегодишен буџет
4. Примена на методологијата ЕСА-95.
5. Имплементација на нов софтвер и хардвер кој на единствен начин ќе обезбеди подготовка, планирање и извршување на буџетот со цел ефикасно управување на буџетските средства и точно планирање на ликвидноста
6. Одржување на информативниот систем за подготовка на буџетот

Во наредниот среднорочен период Државниот завод за статистика ќе изврши целосна хармонизација на методологијата за пресметувањето на Бруто Националниот Доход со ЕСА 95 стандардите.

ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Со цел унапредување на процесот на планирање на Буџетот, планирано е зајакнување на административниот капацитет на Секторот Буџет и фондови со нови вработувања во одделенијата сврзани со подготовка на Буџетот на Република Македонија, буџетски анализи, одделение за развојно буџетирање, и одделението за планирање на плати и вработувања на буџетските корисници, како и зајакнување на административниот капацитет на Секторот за трезор во одделение за фискална статистика и анализа и одделение за управување со ликвидноста.

Изработка на анализа за одредување на институциите и секторите кои ќе го сочинуваат системот за следење и пресметување на сопствени ресурси.

Продолжување со спроведување на потребни обуки на вработените во овие организациони единици, поврзани со примената на новите сметководствени стандарди, методологијата ЕСА-95, унапредување на стратешкото планирање, обуки сврзани со новите софтверски решенија и сврзани со менаџирањето на претпристапните фондови од ЕУ, обуки сврзани со унапредување на моделот на финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Доделување на функцијата за следење и пресметување на контрубуцијата на Р.М. во Буџетот на ЕУ со што ќе се обезбеди координациска единица со надлежност на системот на сопствени средства.

СТРАНСКА ПОМОШ

Потребна е странска помош за реализација на обука за планирање на повеќегодишен Буџет на РМ, согласно стандардите на ЕУ, како и ангажирање на консултант за истата намена, за реализација на обука ,,Унапредување на процесот на планирање и извршување на Буџетот на Република Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа и за реализација на обука на административниот капацитет на надлежните институции за соодветна контрола, прибирање и обезбедување на финансиски извори неопходни за финансирање на Буџетот на Европската унија.

IV **АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ**

4.1 **ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА - РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во насока на јакнење на административните капацитети, преку обезбедување континуирана обука на сите државни службеници во 2009 година отпочна спроведувањето на Стратегијата за обуки на државни службеници за 2009-2011 година. Агенцијата за државни службеници во јуни и декември 2009 година известуваше за нејзиното спроведување и за реализираните обуки согласно Годишната програма за генерички обуки за 2009 година.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници („Службен весник на РМ"бр.114/2009) се утврди нова обврска за органите опфатени со овој закон, два пати годишно да доставуваат извештаи до АДС за спроведените специјализирани обуки. За операционализација на оваа одредба АДС во ноември 2009 донесе и Правилник за содржината и формата на полугодишен извештај за спроведени специјализирани обуки за државните службеници („Службен весник на РМ" бр.142/2009).

Владата во јули 2009 година со одлука обезбеди простор за Единицата за поддршка на обуките (ЕПО) во Скопје за обука на државните службеници.

Се развиваа процедури за планирање, координација и известување за обуките и во февруари 2009 година се спроведе обука за членовите на воспоставениот Совет за обука за управувањето и координацијата на системот за обуки согласно Националниот систем за обуки.

Продолжи кадровското зајакнување на одделенија за човечки ресурси со стручен и компетентен кадар и обука на вработените во ОЧР.

Во координација од страна на АДС, во септември 2009 се воспостави Мрежата на одделенијата за управување со човечки ресурси и ќе се работи во насока на развивање на нејзините активности.

Генералниот секретаријат во соработка со АДС и СЕП подготви Анализа за екипираноста (квантитативна и квалитативна) на постојните сектори/одделнија за управување со човечки ресурси во државната служба.

И понатаму се работеше на зајакнување на капацитетите на администрацијата за соработка со граѓанскиот сектор.

Продолжи да се унапредува системот за стратешко планирање на локално ниво и се изготви Прирачник за стратегиско планирање на локалниот развој на општините.

Со воспоставувањето на правната рамка за Проценка на влијанието на Регулативата, оваа алатка станува задолжителна во процесот на подготвување на законите од јануари 2009 година. Примената на РИА беше тестирана во две фази, во подготовка на Законот за судски такси и Законот за отпад од пакување. Темелено на искуството од практичната примена на РИА беа направени извесни измени на Методологијата и обрасците на РИА (Службен весник на РМ Бр. 66/2009). Со цел да се подобрат капацитетите за имплементација, серија на обуки и консултации беа организирани во периодот август - октомври 2009 со сите 15 министерства. Обуките имаа за цел да го поттикнат разбирањето за важноста од примена на РИА и да ги зајакнат вештините во нивната секојдневна примена. Обуките беа наменети за раководителите на сектри (88) и пишувачите на закони.

Во насока на поддршка на целокупниот процес за целосна примена на РИА, изготвен е Прирачник за практична примена на Проценката на влијанието на регулативата и истиот е промовиран пред државната служба, деловната заедница и граѓанскиот сектор. Еден од значајните аспекти на прирачникот и Методологијата на РИА е и воспоставување на системски дијалог преку консултации со сите релевантни актери, граѓанскиот сектор, деловната заедница и стручната јавност во подготовката на законите. На овој начин се потткнуваат принципите на транспарентност, добро управување, легитимноста и партнерството во подготовката на законите.

СЕП во 2009 година во рамките на ИПА 2007 Training Facility, организираше 27 работилници за зајакнување и поддршка на ИПА структурите.

И понатаму се унапредуваше системот за ЕУ обука преку градење систем на мониторинг на институционалната компонента на НПАА, подготовка на проценка на потреби од обуки (TNA) и обука на членовите на РГ за подготовка на НПАА и градењето на капацитетите за децентрализирано управување со ЕУ помош.

Формираните сектори за ЕУ во министерствата се зајакнува преку нови вработувања, континуирани обуки и унапредување на работата на мрежата на секторите за ЕУ.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во рамките на ИПА 2007 Генералниот секретаријат ќе продолжи со јакнење на капацитетите на Одделението за реформа на јавна администрација и државните службеници вклучени во процесот на реформата.

Согласно Акцискиот план за дисперзија на инструментот Граѓански дневник поблиску до граѓаните, во 2010 година Граѓански дневник ќе воведат 8 нови институции (агенции, фондови, Централниот регистар, Службен весник), државните универзитети и јавните здравствени установи.

Агенцијата за државни службеници и во 2010 ќе продолжи со обезбедување на континуирана генеричка обука на сите државни службеници.
Имено, во 2010 година ќе се спроведува Стратегијата за обуки на државни службеници за 2009-2011 година, согласно Акцискиот план на Стратегијата. АДС два пати годишно ќе известува за нејзината имплементација и за реализираните обуки согласно Годишната програма за генерички обуки (ГПО) за 2010 година. Во тој контекст, Советот за обуки веќе ја верификуваше нацрт-програмата со вградените забелешки. Се предвидува усвојување на ГПО за генерички обуки за 2011 година до крајот на декември.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници („Службен весник на РМ“ бр.114/2009) утврдена е нова обврска за органите опфатени со овој закон, два пати годишно да доставуваат извештаи до АДС за спроведените специјализирани обуки. За операционализација на оваа одредба АДС веќе донесе и Правилник за содржината и формата на полугодишен извештај за спроведени специјализирани обуки за државните службеници. Агенцијата два пати годишно ќе известува за спроведување на Програмата. Првиот извештај за специјализирани обуки Агенцијата ќе го подготви до крајот на јуни 2010.

Во 2010 се очекува да се реализира адаптацијата на просторот (градежни и др. работи) и ИТ опремувањето на Единицата за поддршка на обуките (ЕПО) во Скопје за обука на државните службеници и истата да биде ставена во фунција.

И понатаму ќе се зајакнуваат капацитетите на АДС со цел поуспешна хоризонтална координација на процесите за управување со човечки ресурси во државната служба. Ќе продолжи кадровско зајакнување на секторите/одделенијата за управување со човечки ресурси со стручен и компетентен кадар и ќе се обезбеди обука на вработените во ОЧР.

Ќе отпочне реализацијата на пилот-проектот во рамките на Јакнење на административните капацитети во државната служба - СПФРЕ, поддржан од Британската Амбасада. Станува збор за имплементација на Стандардите за управување со човечки ресурси, алатка која има за цел да го подобри квалитетот на работењето на организационите единици одговорни за управување со човечките ресурси во државната служба.

Мрежата за управување со човечките ресурси, која што беше формирана во септември 2009 година, за надминување на недостатоците во секторите/одделенијата согласно Акцискиот план за управување со човечките ресурси во органите на државната служба во Република Македонија усвоен од Владата на РМ јули 2009 година, во 2010 година ќе ги реализира следните цели: (1) Воспоставување на електронска база на контакт податоци на одделенијата за човечки ресурси во органите на државната служба; (2) Утврдување на функциите на ОЧР и нивно целосно и соодветно функционирање;
(3) Стандардизирање на работните места во ОЧР и пополнување на предвидените работни места во ОЧР; (4) Обука на државните службеници во ОЧР (5) Воведување на стандарди за управување со човечки ресурси и (6) Воспоставување на електронски регистар за управување со човечки ресурси.

Планирано е да отпочне пилот-проект за размена на службеници меѓу земјите – членки на РеСПА и воспоставување можна соработка во една или повеќе заеднички активности (обуки на високо ниво и/или публикации) со УНДП (преку Заедницата на практичари за РЈА и Регионалниот центар за Реформа на јавната администрација).
Ќе се работи и на воспоставување на единици за истражување на специфични теми, чиј резултат ќе биде презентиран на Годишната конференција на Заедницата на практичари, што ќе се одржи на крајот на 2010 година. Се очекува Програма за работа на РеСПА, во чие креирање АДС даде значаен инпут, да биде усвоена во првиот квартал од 2010 година.

Во однос на ИПА - предпристапната помош наменета за АДС во 2010 планирани се активности во ИПА 2007, ИПА 2008 и ИПА 2009.
Во 2010-та година, СЕП планира обуки во рамките на ИПА facility за поддршка и јакнење на ИПА структурите .

Во наредниот период ќе се унапредува и зајакнува структурата и капацитетите на СЕП преку Пополнување на работните места - среден и висок раководен кадар, Обуки за среден и висок раководен кадар, Воведување на системите ISO 9001: 2008 за квалитет во управувањето и ISO 14001:2005 за управување со животната средина.

Во наредниот период ќе се унапредува и јакне структурата и капацитетот на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор преку измена и усвојување на систематизацијата за опис на работните места и доекипирање и обука на кадарот со цел постигнување на негова максимална функционалност

Во рамки на активностите за подобрување на РИА, ќе се спроведат две обуки наменети за државната администрација за подобрување меѓуресорската и меѓуинституционалната соработка, за зајакнување на свеста за значењето на РИА во анализа на директивите во процесот на хармонизирање на законодавството на РМ со законодавството на ЕУ и за важноста на консултативниот процес.

Република Македонија како земја - кандидат за членство во ЕУ јасно ја дефинираше својата определба за преземање на обврските кои произлегуваат од членството во ЕУ. Преговорите, како обемен потфат кој се одвива со брза динамика, наложуваат целосна подготвеност на државните органи и институции и на структурите воспоставени за координација и водење на преговори пред отпочнувањето на самиот процес на преговарање. Ќе продолжат активностите за јакнењат капацитетите на администрацијата и одговорните лица кои ќе бидат непосредно вклучени во процесот на преговори.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во периодот 2010-2012 Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија преку спроведување на обуки ќе продолжи со јакнењето на капацитетите за стратешко планирање и креирање на политики.

Со цел јакнење на капацитетите на Одделението за соработка со невладини организации, при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија во периодот 2010-2011 година, предвидено е спроведување на обуки за вработените во одделението, преку ИПА 2007 и ИПА 2008.

На среднорочен план се предвидува развој на Стратегија за обука 2012-2014 година, врз основа на анализа на имплементацијата на Стратегијата за обука на државните службеници 2009-2011година и предлагање на активности за понатамошен развој на системот за обука во наредниот тригодишен период и развивање на систем за селекција на надворешни и внатрешни обучувачи и експерти и јакнење на капацитетите на АДС, особено на Секторот за обука за развивање курикулуми за обуки.

АДС ќе продолжи да известува за реализираните генерички и специјализирани обуки.

Се планира надградба на Регистарот за државни службеници.

Во рамки на ИПА 2010 планирано е усвојување на Стратегија за управување со човечки ресурси, со Акциски планови за нејзина имплементација.

Секретаријатот за европски прашања, во рамките на проектот ,,Градење капацитети за ЕУ интеграција (СПФРЕ)“, предвидвидува поддршка на тимовите за преговори во насока на нивно оспособување за поефикасно и поефективно справување со претстојниот процес.
Целите на оваа поддршка се насочени кон поддршка преку советувања на работните групи за подготовка на НПАА и на преговарачките позиции на Република Македонија за преговори со ЕУ, во насока на што поуспешно менаџирање на претстојниот процес на преговори за пристапување кон ЕУ.
Активностите ќе опфатат: (1) развојни насоки во подготовка на процесот на преговори, (2) стекнување и одржување контрола во процесот на преговори, за секоја фаза (вклучително и процесот на донесување на одлуки во рамки на европските институции по однос на отворањето и затворањето на поглавјата и системот на одредници за отворање и затворање на поглавја); (3) комуникација и следење на деталите во процес на преговори, дата база на знаење и (4) успешно менаџирање на процес на преговори (управување и водење на процесот на скрининг и процесот на креирање на предлог националните позиции за сите поглавја, концептот на дерогации, транзициски периоди за примена на сегменти од европската легислатива и заштитни клаузули).
Преговарачките тимови, преку практични примери и пренесување на искуства на земји кој го поминале овој процес треба да се стекнат со знаења и вештини како најдобро се управува со процес на преговори, а со тоа да дадат директен придонес за што поуспешно водење на идните ЕУ пристапни преговори.
Овие активности ќе резултураат со препораки и насоки за преговори. Препораките треба да бидат практичен водич кој во иднина ќе им овозможи на тимовите за преговори кои ќе произлезат од работните групи да ги подобрат нивните професионални перформанси за што поефикасно преговарање со ЕУ.

## 4.2 ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

До средината на 2010 година 2012 Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија планира да продолжи со понатамошно јакнење на капацитетите за стратешко планирање и креирање на политики преку спроведување на твининг: „Градење на капацитетите на Генераленииот секретаријат (Сектор за стратегија, планирање и следење и Сектор за анализа на политиките и координација) за зајакнување на капацитетите на Владата за стратешко планирање и следење и креирање на политики и координација".

Во насока на унапредување на капацитетот за подигање на општото ниво на квалитетот на текстовите на прописите, Секретаријатот за законодавство во текот на 2010 година има предвидено низа активности.

До крајот на 2010-та година Секретаријатот за законодавство планира обуки за нова кореспондентна табела за ЕУ која е планирана да се одржи во два циклуса со учество на 300 државни службеници.

Министерството за информатичко општество во текот на 2010 година планира Унапредување на информатичкиот систем преку подобрување на капацитетот на ИТ кадрите.

Во 2009 година воспоставена е веб страна за Реформа на јавната администрација rja.gov.mk која содржи податоци и документи поврзани со активностите на Одделението за реформа на јавната администрација во Генералниот секретаријат и процесот на реформа на јавната администрација.
Со финансиска поддршка на ОБСЕ, продолжи да се јакнат капацитетите на Одделението за реформа на јавната администрација преку обука на теми од областа на јавната администрација, како и студиска посета во Министерството за јавна управа на Словенија. Проектот се заокружи со организирање на 4 форуми на високообразовни установи на кои се презентираа досегашните искуства во процесот на реформа на јавната администрација, слабостите и потребите од нови методологии во процесот на модернизација на јавната администрација во Република Македонија.
Со цел унапредување на транспарентното работење и јавната одговорност на администрацијата, Владата усвои Акциски план за дисперзија на инструментот Граѓански дневник поблиску до граѓаните.

V **ПОДГОТОВКА НА МАКЕДОНСКАТА ВЕРЗИЈА НА А**CQUIS

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Целите и функцијата на процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire се опфатени со:
- Национална стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската унија, 2004 година
- Нацрт-стратешкиот план на Секретаријатот за европски прашања 2009-2011
- Стратешкиот план за подготовка на македонската верзија на acquis communautaire и превод на македонското законодавство, донесен во мај 2006 година.

Процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire детално е утврден и со:
- · Техничко упатство за процесот на преведување на правните акти на Европската унија
- · Прирачник за преведување на правните акти на Европската унија
- · Одлука за образување на техничките комитети вклучени во процесот на подготовка на националната верзија на acquis communautiare
- · Деловник за работа на техничките комитети за стручна и правна ревизија
- · Деловник за работа на Техничкиот комитет за верификација на терминологијата и на националната верзија на правото на Европската унија.
- Упатство за постапување при превод на правни акти и други документи од страна на Секретаријатот за европски прашања-Сектор за подготовка на националната верзија на acquis commuanutaire.

До средината на декември на 2009 година преведени се вкупно 4.320 **мерки** или 52.523 **страници** од Службениот весник на Европската унија од кои стручно и правно ревидирани се 1.494 мерки или 19.683 **страници** од Службениот весник на Европската унија

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Подготовката на националната верзија на acquis communautaire (правото на Европската унија) се заснова на моделот на мрежа надворешни соработници со едно централно тело, Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire во рамките на Секретаријатот за европски прашања, задолжено за координација и следење на процесот.
Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire при Секретаријатот за европски прашања е надлежен за спроведување на процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire. Во рамките на Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire има две одделенија:

*Одделение за ревизија и терминологија* задолжено за утврдување на критериумите за конзистентност при преведување на правните акти на Европската унија, градење на терминологија, спроведување на контрола врз процесот на преведување како на правните акти на Европската унија, така и на македонското законодавство.

*Одделение за координација на процесот на преведување* задолжено за изработка на план за преведување, следење и координирање на процесот на преведување преку централизирани бази на податоци.

Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire има вкупно 8 вработени државни службеници и 3 лица ангажирани на определен период.

Учесници во процесот на подготовката на националната верзија на acquis communautaire и преводот на македонското законодавство покрај вработените во Секторот се и агенциите за преведување и техничките комитети задолжени за стручна и правна ревизија на преводите.
Моментално, Секторот соработува со 20 агенции за преведување со кои има склучено три годишни договори (2009-2011). Тие располагаат со 154 преведувачи. Агенциите за преведување вршат превод и лекторирање на правните акти, технички го уредуваат текстот на актот, и доставуваат преводна меморија (користејќи ги машинските алатки за преведување Традос или Вордфаст).

Техничките комитети се задолжени за стручна и правна ревизија на преводите на правните акти на Европската унија. На 02.01.2008 година со Одлука на Владата на Република Македонија бр. 19-8348/1 се формирани вкупно 20 Технички комитети од различни области. Во составот на техничките комитети вклучени се претставници од министерствата кои се директно задолжени за транспонирање на правните акти од соодветната област во македонското законодавство, како и правник од соодветното министерство или од Секретаријатот за законодавство. Со цел да се обезбеди повеќестрана ревизија на преводот, во составот на Техничкиот комитет влегуваат и професори и претставници од јавниот сектор.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2010 година, планирано е да се реализираат активностите во насока на зајакнување на структурата на подготовката на националната верзија на правото на Европската унија, одржување на базите на податоци кои се во функција на поддршка и следење на процесот, како и проширување на активностите на полето на исполнување на барањата во доменот на јазикот.

Планирано е активно продолжување на работата на техничките комитети за стручна и правна ревизија на преводите на правните акти на Европската унија како и подобрување на квалитетот на стручната и правна ревизијата и зголемување на вкупниот број на ревидирани страници од Службениот весник на Европската унија.

Во 2010 година планирано е потпишување на анекси на договорите за извршување на преведувачки услуги (2009-2011) со агенциите за преведување кои вршат превод и лекторирање на правните акти, технички го уредуваат текстот на актот и доставуваат преводна меморија (користејќи ги машинските алатки за преведување Традос или Вордфаст) со цел нивно усогласување со одобрените средства за превод за 2010 година
.
Во текот на 2010 година се планира јазична, стручна и правна ревизија на примарното законодавство на Европската унија.
Во функција на следење и поддршка на целиот процес на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија неопходно е постојано одржување на базите на податоци: Регистарот за следење на процесот на преведување, терминолошката база на податоци и ЦЦ Виста базата на Европската унија.
Изработката на македонска верзија на Евровок е една од обврските кои Секторот за подготовка на националната верзија на правото на Европската унија треба да ја реализира во тесна соработка со службата за преведување на Собранието на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со цел успешна реализација на поставените краткорочни приоритети, неопходно е до крајот на 2010 година да се изврши потребното кадровско и техничко зајакнување на Секторот за подготовка на националната верзија на acquis.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во периодот 2011 – 2012 година планирано е да се продолжи со реализацијата на активностите во насока на зајакнување на структурата на подготовката на националната верзија на правото на Европската унија, одржување на базите на податоци кои се функција на поддршка и следење на процесот, како и проширување на активностите на полето на исполнување на барањата во доменот на јазикот.
За периодот 2011 – 2012 година планирано е да продолжи со процесот на преведување, стручно и правно ревидирање на дополнителни 30 000 страници од Службениот весник на Европската унија.
По преземените чекори за подобрување на работата на техничките комитети се очекува засилување на динамиката на стручна и правна ревизија, односно квантитативно и квалитативно зајакнување на работата и структурата на техничките комитети. Во тој контекст, се очекува и зголемување на бројот на верифицирани национални верзии на правото на Европската унија.
Во функција на следење и поддршка на целиот процес на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија неопходно е постојано одржување на базите на податоци: Регистарот за следење на процесот на преведување, терминолошката база на податоци и ЦЦ Виста базата на Европската унија.
Во наведениот период, се планира да се завршат активностите поврзани со изработката на македонска верзија на Евровок.
Со засилување на динамиката на процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија, се наметнува и потребата од подигнување на нивото на информираност за значењето на квалитетна македонска верзија на правото на Европската унија и нејзиното влијание врз граѓаните. Оттука, неопходно е, во наведениот период да се пристапи кон осмислување и отпочнување на информативна кампања за процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2011 и 2012 година предвидени се редовни обуки кои Секторот за подготовка на националната верзија на acquis ги спроведува, како за мрежата на преведувачи, така и за сите членови на техничките комитети, а кои имаат за цел размена на информации и искуство помеѓу сите учесници во процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија.

## VI **ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА**

Членството на Република Македонија во Европската унија е еден од најважните стратешки приоритети на Владата на Република Македонија и ја има поддршката од сите општествени групи. Сите политички партии во Република Македонија членството во ЕУ го имаат зацртано во своите програми. Бизнис секторот, најголемиот дел од невладините организации и граѓанските асоцијации го поддржуваат зачленувањето во ЕУ. Процентот на граѓани на Република Македонија кои го поддржуваат членството во ЕУ постојано се движи над 90 %.

Информирањето и комуникацијата со јавноста за европската интеграција се важен сегмент за приближувањето на Унијата до граѓаните посебно ако се има предвид искуството на некои земји-членки дека поддршката за пристапување во ЕУ опаѓа непосредно пред зачленувањето. Оттука произлегува потребата за реализација на комуникациски проекти како за целокупната јавност така и за специфични целни групи со цел да се зголеми знаењето кај населението за придобивките и обврските од членството и да се задржи високата поддршка. Комуникацијата како непосреден начин на презентирање на процесот на европска интеграција пред граѓаните е од суштинско значење за создавање на свеста кај луѓето дека се дел од процесот на донесување одлуки и дека приближувањето кон ЕУ не значи само норматива туку и вредности, заеднички вредности кои не обединуваат. Токму затоа се гледа потребата од засилена комуникација и со граѓаните на земјите членки на Европската унија. Неопходно е да се зголеми знаењето на граѓаните на ЕУ за Република Македонија и за процесот на нејзино интегрирање како и за вредностите кои ни се заеднички. Исто така, во овој процес значајно место треба да земе и процесот на навремено запознавање на европските институции со тековните процеси и реформи. Со тоа се создава подобра слика и углед во тие институции.

Во насока на заложбите на Република Македонија за интензивирање на процесот на интегрирање на земјата во Европската унија Владата усвои Стратегијата за информирање и комуникација со јавноста во процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ 2007-2010, во која се зацртани следниве општи цели:

- Да се продолжи со процесот на приближување на граѓаните на Република Македонија до секојдневните димензии на функционирањето на ЕУ преку зголемување на свеста и разбирање на политиката и процесот на интеграција
- Да се зголеми свеста кај локалните заедници;
- Да се изгради доверба и увереност во капацитетите на македонските институции вклучени во процесот на европска интеграција;
- Да се изгради верба во институциите на ЕУ;
- Да се осигури дека специфичните сектори како што се бизнис, земјоделскиот или правосудниот сектор го разбираат процесот и целосно се вклучени и подготвени;
- Да се осигури дека земјите-членки на ЕУ се свесни за подготвеноста на Република Македонија за интеграција и да се добие нивната поддршка.

За да се остварат овие цели Владата на Република Македонија континуирано реализира неколку комуникациски проекти кои придонесуваат за информирање и едукација на населението и на повеќе општествени групи за темите поврзани со процесот на интеграција како и со обврските кои произлегуваат од членството. Меѓу позначајните проекти спаѓаат:

- ***„Учиме за Европската унија“*** – проект кој придонесува за подобрување на знаењето за процесот европска интеграција кај учениците и студентите од сите образовни институции во Република Македонија, како главен услов во спроведувањето на стратешките определби на Република Македонија за влез во Унијата и се спроведува четврта година по ред;
- ***„Одиме локално“*** – проект кој придонесува за зајакнување на свеста кај клучните субјекти на локално ниво – градоначалниците, советниците, локалните НВО дека работејќи локално придонесуваат за напредокот на национално ниво, но истовремено да се мобилизира и зајакне учеството на граѓаните, граѓанскиот и бизнис секторот во креирањето на одлуките поврзани со европската иднина на Република Македонија на локално ниво и се спроведува четврта година по ред;
- ***„МК-ЕУ инфо центар“*** – проект кој придонесува за зголемување на информираноста на граѓаните за процесите во ЕУ и за процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ. Центарот претставува простор каде секој може да добие релевантни податоци за Унијата и за реформскиот процес на патот на Македонија кон ЕУ. Граѓаните имаат на располагање интернет пристап до страниците на ЕУ и на Владата на Република Македонија. МК-ЕУ инфо центарот располага со богат фонд на стручна литература од ЕУ областа.

Во процесот на информирање и комуникација со јавноста се користат и други алатки како што се редовни прес-конференции, брифинзи, билтени, брошури на теми поврзани со процесот на пристапување во ЕУ, дебати, конференции, публикации и кампањи.

Владата на Република Македонија ќе спроведува и проекти за промоција на процесот на европска интеграција во земјите-членки на ЕУ, со цел да се стекне нивната поддршка за зачленувањето на Република Македонија во ЕУ.